**Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје**

**Филозофски факултет**

**Институт за Историја**

# *Филип V и македонскиот експанзионизам*

*- докторски труд -*

Кандидат:

м-р. Стефан Пановски

Ментор:

доц. д-р. Војислав Саракински

Скопје, ноември 2014

## УВОД

Според времетраењето на своето владеење, но уште повеќе и според историските околности во кои живеел и што во одредена мера и самиот ги обликувал, Филип V несомнено зазема едно од главните места меѓу македонските владетели, заедно со Филип II и Александар III. Но, ако со владеењето на Филип II се поврзува консолидацијата на македонското кралство и нејзиното издигнување во најголема сила на Балканот, а со владеењето на Александар III целосното искористување на потенцијалот што го наследил од својот татко и создавањето на огромната држава што се протегала до Индија, владеењето на Филип V се поврзува со војните против Рим и падот на македонското кралство. Веќе ова е сосема доволна причина на Филип V да му се посвети исто толку внимание како и на неговиот славен претходник и неговиот син. Во крајна линија, значењето на Филип V, и споредбата со Филип II било установено уште во антиката, за што сведочи и едно од сибилските пророштва:

αὐχοῦντες βασιλεῦσι Μακεδόνες Ἀργεάδῃσιν,
ὑμῖν κοιρανέων ἀγαθὸν καὶ πῆμα Φίλιππος.
ἤτοι ὁ μὲν πρότερος πόλεσιν λαοῖσί τ' ἄνακτας
θήσει· ὁ δ' ὁπλότερος τιμὴν ἀπὸ πᾶσαν ὀλέσσει,
δμηθεὶς ἑσπερίοισιν ὑπ' ἀνδράσιν ἠῴοις τε

(Paus., vii.8.9)

Иако од објавувањето на извонредната монографија за Филип од страна на Ф. Волбанк во 1940 г., сликата за Филип полека се менува, а историчарите сè повеќе критички ги согледуваат приказите на Полибиј и Ливиј, верувам дека проблемите и прашањата поврзани со владеењето на овој крал ни приближно не се разрешени. Токму поради тоа верував дека не е излишно повторно преиспитување на одредени аспекти од владеењето на Филип. Меѓутоа, тоа не значи дека со овој труд претендирам да го заменам делото на Ф. Волбанк. Напротив, од белешките веднаш ќе може да се забележи во колкава мера се потпирам токму на ова дело и во колкава мера структурата на овој труд се темели на структурата на Волбанк. Па сепак, во изминативе 70 години постигнат е значаен напредок во нашето разбирање не само на Филип, туку и на Полибиј - главниот извор за неговото владеење, но исто така и за политичката ситуација во хеленистичкиот свет и за природата на римското ширење на истокот. Верувам дека овој напредок во нашите сфаќања и познавања за овој период се доволна причина за еден нов труд посветен на Филип.

Веднаш мора да истакнам дека овој труд, ниту тематски, ниту хронолошки не претставува политичка биографија на Филип. Од хронолошки аспект, трудот е ограничен на првата половина од владеењето на Филип, додека пак од тематски, на неговата надворешна политика. Одлуката за ваквото ограничување произлегува од почетната фаза од истражувањето на владеењето на Филип, кога увидов дека значителен дел од проблемите за кои верував дека се разрешени во задоволителна мера, всушност бараат повторно и темелно преиспитување. Случајно или не, овие проблеми главно се однесуваа на првата половина од владеењето на Филип. Ова веројатно се должи како на фактот што за втората половина од владеењето на Филип изворите не се толку исцрпни како за првата, што е резултат на сè пофрагментарната состојба на подоцнежните книги од Историјата на Полибиј; така и на драстично променетата позиција на Филип по II Македонска војна, кога во голема мера ја изгубил слободата за маневрирање и развивање на целосно независна политика и постојано морал да води сметка за односот на Рим. Токму поради тоа, беше одлучено овој труд да се ограничи на првата половина од владеењето на Филип, кога тој имал потполна слобода да развие сопствена надворешна политика. Од друга страна, трудот е ограничен на надворешната политика на Филип од две причини. Пред сè, зашто главните проблеми за кои верувам дека е потребно да се преиспитаат се однесуваат токму на надворешната политика, односно амбициите на (во тоа време младиот) крал. Ова се должи на фактот што наративните извори главно се фокусирани токму на надворешната политика, додека пак за внатрешната состојба во кралството, одвај и да располагаме со било какви податоци. Иако епиграфските, нумизматичките и археолошките извори овозможуваат повремено да се согледа по некој изолиран аспект од внатрешната состојба и начинот на кој функционирала државата во овој период, тоа ни приближно не е доволно за да се изгради една кохерентна слика за внатрешната состојба во времето на Филип V; а токму поради тоа, тешко е, ако не и невозможно, да се процени и протолкува внатрешната политика на Филип. Дури и тоа малку што го знаеме, главно се однесува на втората половина од владеењето на Филип, кога по катастрофата во II Македонска војна било неопходно повторно да се обнови и зајакне македонското кралство однатре.

Со оглед на ваквото хронолошко и тематско ограничување, фокусот е на три главни настани што доминираат во првата половина од владеењето на Филип – Сојузничката војна, I Македонска војна и источната политика на Филип, при што повеќе внимание е посветено на причините и (можните)

мотиви на Филип, додека пак нарацијата на настаните, односно хронолошките проблеми главно се во втор план, освен во оние случаи каде изгледаше дека воспоставувањето на хронолошката рамка е од суштествено значење за толкување и сфаќање на постапките на Филип. Главниот проблем што се провлекува низ целиот труд е прашањето за природата на надворешната политика на Филип; или поконкретно, дали во првите дваесет години од неговото владеење има доволно елементи на континуитет и доследност за да може да се прифати дека тој навистина постојано бил воден од идејата за нови освојувања односно, дали главна особина на неговата политика е доследно спроведување на експанзионистичка политика. Токму поради тоа, верувам дека беше неопходно при анализата на секој од овие настани да се посвети внимание не само на конкретните постапки на Филип, туку исто толку и на општата политичка состојба, не само во Македонија, туку и во источниот Медитеран, на јадранското крајбрежје, и се разбира во Хелада. Ако на моменти може да изгледа дека дури и премногу внимание е посветено на состојбите надвор од Македонија, што навидум може и да немаат директна врска со Филип, се надевам дека доволно е во своја одбрана да го земам толкувањето на Полибиј, кој уште одамна увидел дека делувањето на еден државник е збир од неговиот карактер, но и карактерот на неговите соработници и комплексноста на историските околности (ix.22-26).

Иако не станува збор за биографија, централното место во овој труд несомнено го зазема Филип V, што истовремено и ја олеснува и ја усложнува работата. Ја олеснува, зашто централниот проблем не само што е очигледен, туку и претставува јадро, односно обединувачки елемент за целокупната нарација, а со тоа и претставува водич за историчарот и го заштитува од опасноста да западне во непотребни дигресии или проблеми што и не се релевантни за конкретната историска личност. Од друга страна пак, истовремено и ја усложнува работата зашто како централна тема, било која историска личност е многу покомплексен и позагадочен предмет за иследување одошто некој историски настан или процес. Сосема јасно, ова се должи пред сè на фактот што кај човекот, чие делување и претставува срж на историјата, не постои апсолутно објективен логички критериум, кој би бил еднакво применлив врз сите луѓе. Со други зборови, тоа што е логично, или пак оправдано, било од стратешки, економски или било кој друг критериум за еден современ историчар, не значи дека било истоветно сфатено и од историската личност што е предмет на иследувањето.

Проблемот е до толку поголем кога се однесува на антиката, зашто со неколку исклучоци, за личностите од овој период едноставно не располагаме со доволно материјал за да може да се изгради психолошки профил, што барем делумно би ја олеснил работата на историчарот при обидот да се сфати една историска личност, односно неговите цели и мотиви. Зашто, уште најголемиот антички биограф убаво забележал дека „дури и најбележитите остварувања не секогаш јасно укажуваат на доблест или на нискост; често се случува нешто сосем мало – еден збор, или пак шега – да го отслика карактерот на човека поубаво од одошто бој со илјадници мртви, најголема војска, или опсада на град.“ (Plut., *Alex*., 1). А токму таков вид на извор недостига за да може подобро да се запознаеме со историските личности од антиката. Навистина, за Филип се зачувани низа анекдоти и прикази на неговите постапки во разни ситуации, што овозможува барем некаков базичен увид во неговиот карактер. Меѓутоа, не само што тоа не е доволно, туку згора на тоа, секогаш мора да се има предвид дека најголем дел од овие прикази потекнуваат од перата на автори што биле крајно непријателски настроени кон македонскиот крал и затоа мора да се земат со голема доза на резерва.

Уште во предговорот на биографијата посветена на Филип, Ф. Волбанк истакнува дека со оглед на тоа што постојано се јавува нов материјал што се однесува на овој период, неговото дело не треба и не може да се земе како последен збор за прашањата и проблемите што се однесуваат на владеењето на овој крал. Речиси е непотребно да се каже дека истото важи и за овој труд – можеме само да се надеваме дека некои идни нови откритија дополнително ќе го осветлат и разјаснат периодот во кој живеел и делувал Филип, а со тоа и ќе ни овозможи појасно да ја сфатиме и неговата политика. Но, можеби може да се оди и чекор понатаму во предупредувањето. Со оглед на ограниченоста на изворите, а уште повеќе и со оглед на тоа што предметот на иследување е една историска личност, еден ваков труд, секако вклучувајќи го и овој, во најдобар случај може да претставува само прв или уводен збор во проблематиката. Најмногу што може да се надева историчарот е да даде анализа на историските околности и главните историски процеси, и претпоставка за местото, односно улогата на личноста во нив; односно да се обиде да даде што е можно подобра слика за сцената и за актерите – завршната оцена, понатамошната анализа и впечатоците од драмата мора да му ги препушти на читателот.

За крај уште едно предупредување. Без разлика на искрените обиди на секој историчар, апсолутната објективност попрво претставува недостижен идеал, одошто реалност. Секој историчар, без разлика како ќе му приде на

проблемот што го истражува, порано или подоцна, ако ништо друго, секако почнува да создава барем потсвесен субјективен став и суд за предметот на истражување. Дали, и во колквава мера ова ќе влијае врз анализата и заклучоците, секако зависи од индивидуалната способност на историчарот да им одолее на сопствените ставови, или ако може дури и премногу смело да кажам, на сопствените чувства. Ова е до толку посериозна опасност кога станува збор за пишувањето на биографија, кога сакал или не, историчарот секако гради лична импресија за личноста што е главен предмет на иследувањето. Со оглед на тоа што и во овој труд главниот предмет е една историска личност, непотребно е да се каже дека споменатите опасности и ограничувања имаа значајна улога во понудената реконструкција и анализа. Одговорот на прашањето во колкава мера понудените одговори се издржани и оправдани, повторно му го препуштам на читателот.

# НАСЛЕДСТВО

Во јули 217 г. ст.е., во текот на воената кампања против Ајтолскиот сојуз, Филип V си дал краток одмор за да ги проследи Немејските игри. Ваквата одлука е сосема разбирлива. И покрај сите предизвици и проблеми со кои се соочил во првите години од своето владеење, иако мошне млад, Филип V се покажал како мошне умешен заповедник, способен да одговори на задачите. Но, токму додека уживал во натпреварите и (веројатно) ги осмислувал своите идни чекори во војната против Ајтолците, пристигнал гласник кој носел важни вести – Ханибал им нанел катастрофален пораз на Римјаните кај Трасименското езеро. Во прв момент Филип одлучил да ја сподели оваа вест само со Деметриј од Фарос, кој веќе две години бил еден од неговите најблиски советници. Поведен од неговите совети, Филип одлучил да ја приведе кон крај војната со Ајтолците за да може целосно да се посвети на состојбите на запад и обидите да се освои илирското крајбрежје.

На кратко, вака гласи приказот на мегалополскиот историограф Полибиј,[1] нашиот најважен извор за овој клучен период од хеленистичката историја. Одлуката на Филип V да се сврти кон запад, несомнено е од огромно значење за понатамошниот тек не само на историјата на античка Македонија, туку и на хеленистичкиот свет воопшто. Меѓутоа, прашањето што се поставува е дали описот на Полибиј за околностите во кои е донесена оваа одлука и за мотивите што се криеле зад неа може да се прифати? За да се одговори на ова прашање, неопходно е претходно да се разгледаат неколку проблеми: македонската позиција во Хелада и воопшто на Балканот во изминатите неколку децении; природата на римското присуство во Илирија; развојот на настаните во Сојузничката војна; и дотогашните односи меѓу Македонија и Рим.

[1] Polyb., v.101.6-102.3.

# I

## Македонската позиција пред владеењето на Филип V

Во одредена смисла, последните две децении од историјата на Македонија пред доаѓањето на Филип V на власт, наликувале на децениите пред доаѓањето на Александар III на власт. Имено, минувајќи низ години на сериозна криза во последниот период од владеењето на Деметриј II, за момент се чинело дека кралството целосно ќе пропадне. Државата била спасена благодарение на мудрото и вешто владеење на Антигон Досон, кој успеал не само да ги надмине сите опасности што се надвиснале над Македонија, туку и да ја зацврсти нејзината позиција на клучните граници и да го возобнови македонското присуство во Хелада. За несреќа на Македонија, набрзо по неговиот најголем успех кај Селасија Досон умрел, така што задачата да го сочува неговото дело паднала на плеќите на младиот Филип. Меѓутоа, наскоро се покажало дека иако македонската позиција била возобновена и зацврстена, сепак во основа таа била многу покревка одошто би можело да се заклучи на прв поглед. Главната причина за ваквата состојба е фактот што голем дел од предизвиците со кои се соочиле Деметриј II и Досон не се изродиле одненадеж, па сосема разбирливо не би ни можело да бидат целосно надминати во текот на краткотрајното владеење на Антигон Досон. Поради тоа, целосното решавање на овие проблеми му припаднало на Филип. Опасностите за Македонија доаѓале од три односно две страни – од север и од југ.

*Исток и запад.* Имено, уште од времето на краткотрајната авантура на Антигон Гоната во Мала Азија и договорот со Антиох I, македонските владетели, барем колку што може да се заклучи од изворите, немале посериозни проблеми на источната граница, која минувала некаде во Тракија.[1] Ситуацијата пак на западната граница била многу посериозна. Уште Антигон Гоната морал да издржи две инвазии од страна на епирските владетели Пир и Александар. Навистина, во останатиот дел од своето владеење тој немал посериозни проблеми со Епир, но ситуацијата серизоно се влошила во времето на Деметриј II, кога заради заштита на епирската монархија тој морал да се впушти во војна против Ајтолскиот и Ахајскиот сојуз. Крајниот резултат од оваа војна бил поразителен за Македонија, а во исто време паднала и епирската монархија. Притисната од надворешните непријатели, младата република прво

[1] *v.* WALBANK 1988: 251; ДЕЛЕВ 2004: 276; WILL 1979: 109; GRAINGER 2007: 171.

се приклучила на Ајтолците, а набрзо и на Илирите на Теута. По завршувањето на I Римско-илирска војна, кога илирското влијание било ограничено на север, Епир бил ослободен од надворешните притисоци.[1] Меѓутоа, настаните од изминатите години покажале дека новоформираната република не е во состојба сама да излезе на крај со притисокот од соседите, а токму во тоа се криела потенцијалната опасност за Македонија. Доколку Епир падне под контрола или влијание на држава што е непријателски настроена кон Македонија (како што за момент и се случило кога републиката побарала помош од Ајтолците), тогаш нејзината западна граница би се нашла во сериозна опасност. За среќа на Македонија, овој проблем привремено бил решен со вклучувањето на Епир во новоформираната Хеленска симахија на чело со Антигон Досон. Сè додека Македонија била во состојба да ги заштити интересите на Епир, опасноста од запад била минимална.

*Север*. Неспоредливо посериозна била ситуацијата на северната граница, што уште од времето на Аргеадите претставувала најсериозен проблем за Македонија. Навистина, по страотната навала на Келтите во 279 г. ст.е., кога Македонија била прегазена, се чини дека речиси половина век состојбата на север била прилично мирна. Впрочем во текот на целокупното владеење на Антигон Гоната, нема ниту една индикација дека тој се соочил со некаква криза на север.[2] Навистина, овој *argumentum e silentio*, со оглед на тажната состојба со изворите за овој период (особено за 50-те години од III век), нема голема тежина, особено што современите научници сè уште спорат за тоа кој е основачот на Антигонеја во Пајонија. Според Плиниј, овој град по течението на Аксиј, се наоѓал меѓу Стоби и Европ.[3] Функцијата на градот несомнено била да ги заштитува приодите од Пајонија кон Македонија.[4] Очигледно основачот на овој град оценил дека притисокот е доволно сериозен за да се зацврсти одбраната на северната граница. Доколку градот навистина е основан во времето на Антигон Гоната, тоа би бил единствен показател за проблемите на север. Меѓутоа, како што споменав, кој точно е основачот на градот не може да се докаже. Одговорот е условен од тоа кога Пајонија повторно била припоена кон Македонија, дали во времето на Гоната[5] или Досон,[1] проблем што не може

[1] За собитијата во Епир во овој период *v.* WALBANK 1988: 321ff., 332ff; HAMMOND 1967: 591ff; CABANES 1976: 93ff., 198ff.
[2] За информацијата зачувана кај Атенај (viii.340f) *v.* PAPAZOGLU 1969: 111 n.42.
[3] Plin., *NH*, iv.34. Главната литература за овој град е собрана кај COHEN 1996: 92ff; PAPAZOGLOU 1988: 323ff; HAMMOND 1972: 172ff.
[4] COHEN 1996: 92.
[5] HAMMOND 1972: 174; TARN 1913: 320f; WALBANK 1988: 268.

да се разреши со сигурност. Во секој случај, дури и градот да бил основан во времето на Гоната, тоа не мора да значи дека на северната граница дошло до посериозни проблеми – основањето на градот би можело да се сфати и како заштитна мерка по повторното освојување на јужна Пајонија. Така, барем врз основа на расположливите извори, би можело да се претпостави дека Гоната не се соочил со толку спектакуларна криза како онаа во времето на Птолемај Кераун и подоцна во времето на Деметриј II.

Меѓутоа, ситуацијата драстично се сменила во времето на неговиот наследник Деметриј II, кој последните години од своето владеење ги минал во постојани борби против Дарданците на север.[2] Состојбата била толку критична, што тој не бил во можност да испрати помош во Епир, иако токму заради оваа држава и се впуштил во војна против Ајтолците и Ахајците. Кризата кулминирала со тешкиот пораз што Деметриј II го претрпел непосредно пред својата смрт.[3] Катастрофата била одбегната благодарение на вештиот Антигон Досон, кој како регент на малиот Филип V, успеал да го одбие дарданскиот налет и да ја освои јужна Пајонија. Поразот што им го нанел на Дарданците очигледно бил сериозен, зашто до крајот на неговото владеење тие повеќе не му задавале никакви проблеми.[4] Па сепак, иако несомнено импресивен, успехот на Досон не смее да се преценува. Секако, не можело да стане збор ниту за покорување ниту за трајно смирување на Дарданците. Поради тоа, задачата да се изнајде потраен и поцврст одговор за дарданскиот проблем, му припаднала на Филип V. Згора на тоа, опасноста од север не била ограничена само на Дарданците. Јасен показател за ова е фактот што само три дена по освојувањето на Спарта, Досон морал забрзано да се повлече во Македонија за да ги одбие Илирите кои навалиле со голема војска.[5] Иако тој успеал да им нанесе тежок пораз, фактот што Илирите воопшто и ја нападнале Македонија и покрај неодамнешната демонстрација на возобновена воена моќ, недвосмислено покажува колку била ранлива северната граница.

---

1 PAPAZOGLU 1969: 113f; LE BOHEC 1993: 152ff.
2 *v*. PAPAZOGLU 1969: 112.
3 Trog., *Prol.*, xxviii. Аргументите на научниците кои врз основа на овој извор се обидуваат да докажат дека Деметриј II загинал во битката против Дарданците ми се чинат неубедливи (DE SANCTIS 1916: 297 n.89; TARN 1913: 201 n.111; *cf.* PAPAZOGLU 1969: 112). Сè што дознаваме од изворот е дека Деметриј бил поразен и наскоро умрел (Just., xxviii.3.10; *cf.* T. Liv., xxxi.28.1-2). Затоа не гледам причина да се мисли дека тој загинал во битка (*cf. HCP I*: 238).
4 PAPAZOGLU 1969: 113f; LE BOHEC 1993: 104f.
5 Plut., *Cleom.*, 30; Polyb., ii.70.1. *v*. PAPAZOGLU 1969: 114; LE BOHEC 1993: 466f.

*Хелада*. Од аспект на непосредна закана, северната граница на Македонија несомнено од секогаш имала најголема важност за македонските владетели. Во таа смисла, значењето на Хелада било неспоредливо помало. Па сепак, во текот на целиот период на владеење, Антигонидите вложувале најмногу напор и средства токму во Хелада. Ваквиот однос кон Хелада не може да се објасни со освојувачки, односно економски мотиви. Од овој апект, хеленските полиси и сојузи немале многу што да понудат; и во поглед на економските и во поглед на природните ресурси, Македонија далеку ги надминувала хеленските. Но, и покрај тоа, Антигонидите се труделе со сите сили да ги задржат, а повремено и прошират своите позиции во Хелада.[1] Одговорот за ваквите постојани обиди за контрола може да се објасни пред сѐ со веќе традиционалната политика кон Хелените, започната уште од Филип II; за еден македонски владетел едноставно било незамисливо да се откаже од претензиите кон Хелада, што се темелеле на големата победа кај Хајронеја.[2] Се разбира, ова само по себе не е доволно за да се објасни и во крајна линија оправда, постојаното трошење на човечки и материјални ресурси заради заштита на интересите во Хелада.

Всушност, по смртта на Александар III и новонастанатата политичка ситуација во времето на дијадосите и првите епигони, значењето на Хелада како дел од одбранбениот систем осмислен уште од Филип II несомнено се зголемило. Секој евентуален напад од некоја од новите монархии против Македонија можел да започне токму од Хелада. Ова станало сосема јасно кога прво Касандар, нешто подоцна и Деметриј Полиоркет, а на крајот и Антигон Гоната успеале да завладеат со Македонија тргнувајќи токму од Хелада. Згора на тоа и воените капацитети пред сѐ на Ајтолскиот сојуз не смееле да се потценат. Се разбира, сами за себе Ајтолците не претставувале закана за сигурноста на Македонија. Меѓутоа, евентуалното слабеење или пак зафатеност на македонските сили на друг фронт можело да доведе до интервенција на Ајтолците, што можела да има сериозни последици за македонскиот одбранбен систем. Дека ваквата можност била реалност, најдобро покажуваат настаните од последните месеци од владеењето на Деметриј II и почетокот на владеењето на Антигон Досон, кога Ајтолците успеале привремено да ја нарушат македонската контрола во Тесалија. Гледано од тој аспект, политиката на Антигонидите кон Хелада не само што не изненадува, туку во голема мера може и да се оправда.

---

[1] За политиката на Антигонидите кон Хелада, *v.* BELOCH 1902; BRISCOE 1978; WALBANK 1981: 90ff.; ERRINGTON 1990: ch.5 *passim*.

[2] Ова прашање јасно е образложено од BRISCOE 1978: 147.

Иако во основа имале слична крајна цел, би било погрешно да се мисли дека сите Антигониди воделе една генерално идентична политика кон Хелада. Ниту пак цела Хелада имала исто значење за македонските владетели. Доколку јаземеме безбедноста на Македонија како примарен критериум за политиката на Антигонидите, тогаш Хелада би можела да се подели на три главни одбранбени зони: северна зона, што ги опфаќала Тесалија и Евбоја; централна зона, составена од средна Хелада, Бојотија и Атика; и јужна, составена од Коринтскиот теснец и Пелопонес. Разбирливо, во зависност од околностите, секој од претходниците на Филип V водел различна политика кон овие области. Исклучок претставуваат Тесалија и Евбоја кои биле од непроценливо значење за безбедноста на Македонија. Со оглед на огромното значење на Тесалија како тампон зона за заштита на јужна Македонија, воопшто не изненадува што Антигонидите секогаш се труделе цврсто да ја контролираат оваа област и особено Деметријада, најсеверниот од „оковите на Хелада“. Во таа смисла, тие доследно ја продолжувале политиката на Филип II.[1] Иако Евбоја ја немала истата вредност од аспект на заштита на Македонија, сепак била од непроценливо значење како единствен приод кон јужна Хелада, зашто со ширењето на Ајтолскиот сојуз, копнените приоди кон централните области од Хелада им биле недостапни на македонските владетели. Поради тоа, ако тие сакале да ги задржат позициите во јужна Хелада, неопходно било да ја задржат и контролата над Евбоја, а особено Халкида, вториот од „оковите на Хелада“.

Што се однесува до остатокот на Хелада, кога Антигон Гоната конечно се зацврстил на македонскиот престол, пред себе имал неколку примери за тоа на каква основа да ги постави односите со Хелените јужно од Тесалија. Прв пример бил методот на Филип II,[2] заснован на големата победа кај Хајронеја и Коринтскиот мир, што би можел да се окарактеризира како метод на принудна соработка. Основна одлика на овој пристап е што Филип II се обидел да ги регулира односите со сите Хелени истовремено, преку нивното вклучување во Коринтскиот мир. Иако фактот дека волјата на Филип II била апсолутна бил очигледен, сепак бил доволно завиен во дипломатски јазик при што барем се создавал привид на меѓусебна соработка. Иако во прво време овој пристап бил прифатен и од Александар III, кон крајот на своето владеење тој недвосмислено покажал дека во неговата огромна империја, Хелените не се ништо повеќе од

[1] За значењето на Тесалија како дел од одбранбениот систем и политиката на Филип II, Errington 1990: 59ff.
[2] За методите применети од Филип II и Александар III напишани се бројни студии. Во оваа прилика ги издвојувам Ellis 1994; Buckler & Beck, 2008: chs. 16, 18; Griffith 1979: 604ff. (за Филип); Bosworth 1988: 187ff.; Hammond 1988: 56ff.; Worthington 2004 (за Александар).

поданици кои мора да ги извршуваат неговите наредби. Ваквата политика била одржлива само додека Македонија можела да ја задржи неоспорната воена надмоќ над Хелада. Меѓутоа, веднаш по неговата смрт во Хелада започнала Ламиската војна. Иако на крајот Антипатар и Кратер успеале да ги совладаат Хелените, сепак победата била извојувана многу потешко одошто би можело да се претпостави.[1] Од една страна, било очигледно дека системот осмислен од Филип II веќе не функционира, а од друга, дека односот на Александар III веќе не може да се поткрепи со апсолутна воена надмоќ, особено што и Антипатар и Кратер веќе биле свртени кон Азија и претстојната војна со Пердика. Во таа ситуација, Антипатар одлучил да преговара со секој полис посебно без свикување на некакво општо собрание. Тој се обидел да ја контролира Хелада со поставување на власт на промакедонските групации во градовите.[2] Меѓутоа, со смртта на Антипатар и проширувањето на војните меѓу дијадосите во Европа, веќе и овој систем не можел да се одржи, особено што дел од дијадосите се обидувале токму со помош на Хелените да ја освојат Македонија. Такви биле на пример Антигон Еднооксиот и Деметриј Полиоркет, кои се обиделе да го оживеат системот на Филип II[3] - проект што не вродил со траен успех.

Политиката на Антигон Гоната во Хелада била условена од два фактори: моменталната слабост на Македонија и систематското ширење на лагидското влијание во Егејот. Тој правилно проценил дека, како последица од келтската навала и хаосот што завладеал во следните години, за возобнување воениот и економски потенцијал, неопходен е период на мир и стабилност. Поради тоа, неговата политика во Хелада главно била дефанзивна и ограничена на задржување на постоечките поседи. Од друга страна, поради засиленото лагидско присуство во Егејот тој бил принуден да ги засили македонските позиции во Атика, дел од Кикладите и Мегара. Но, дури и по големата победа во Хремонидовата војна, тој не се обидел да ја прошири македонската власт во Хелада. Бидејќи сите расположливи сили морал да ги ангажира во борбата со Лагидите, тој не бил во состојба да ја контролира ситуацијата во средна Хелада и Пелопонес.

Имено, како резултат на пасивноста на Гоната, Ајтолците биле во фаза на постојано ширење во средна Хелада, па наскоро сите копнени премини од Македонија кон средна Хелада се нашле во нивни раце. Станало јасно дека Ајтолскиот сојуз постепено прераснува во сериозна закана за македонските позиции во Хелада. Впрочем, не само што Ајтолците биле единствени што

[1] За Ламиската војна, HAMMOND 1988: 107ff.
[2] За организацијата на Хелада по Ламиската војна MARTIN 2005; HUGHES 2008: ch.3.
[3] *v.* FERGUSON 1948; AGER 1996: no.14.

останале непоразени во Ламиската војна,[1] туку веднаш по заминувањето на Кратер и Антипатар во Азија, дури и ја нападнале Тесалија.[2] Иако на крајот Полиперхонт успеал да ги порази Ајтолците и Тесалците, овој напад бил мрачен предвесник за тоа што ќе следува. Ајтолската експанзија посебно зела замав откако Ајтолците успеале да го одбијат келтскиот напад на Делфи, со што нивното влијание и углед биле драстично зголемени.[3] За да може целосно да се посвети на заканата од Лагидите, Антигон Гоната бил подготвен да го толерира ширењето на Ајтолскиот сојуз, со кој во текот на целото свое владеење останал во релативно добри односи. Впрочем, кога Коринт ќе падне во рацете на Ахајците, тој дури и ќе склучи сојуз со Ајтолците.[4]

Слична била неговата политика и на Пелопонес. Со исклучок на Тројsен, се чини дека Антигон не контролирал ниту еден град јужно од Коринт, а неговите интервенции главно биле ограничени на подржување на промакедонските групации во градовите. Незаинтересираноста на Гоната за состојбите на Пелопонес најдобро се согледува од фактот што во ниту еден момент тој не се обидел да ја освои Арсиноја-Метана, единственото лагидско упориште во регионот. Како последица на неговата неактивност, на Пелопонес дошло до јакнење на Ахајскиот сојуз, особено откако се приклучил и Сикион, предводен од Арат Постариот.[5] За разлика од средна Хелада, каде цената за неговата попустливост ќе ја платат неговите наследници, на Пелопонес веќе Гоната го почуствувал резултатот. Имено, во 243 г. ст.е., Коринт, третиот од „оковите на Хелада“ и главното упориште на Антигонидите во Хелада, паднал во рацете на Арат; веднаш потоа била освоена и Мегара, а под притисок на Ахајците се нашла и Атина. Во само еден налет, Гоната ги загубил речиси сите позиции за кои толку жестоко се борел против Лагидите. Па сепак, овој удар не смее да се преценува. Навистина, загубата на Коринт претставувала сериозен удар, но во основа не го нарушувала неговиот одбранбен систем.[6] Ахајскиот сојуз едноставно немал капацитет директно да ја загрози Македонија. Може да се заклучи дека иако на почетокот на своето владеење Гоната се обидел да ја следи политиката на својот дедо и да ја контролира Хелада со поставување на гарнизони, за што во еден период му биле потребни приближно 20.000-25.000

---

[1] За Ајтолија во последните децении од IV век, MENDELS 1984; GRAINGER 1999: 54ff.
[2] Diod., xviii.38. *cf.* WESTLAKE 1949.
[3] За експанзијата на Ајтолскиот сојуз до војната со Деметриј II, SCHOLTEN 2000: 29ff.; GRAINGER 1999: 87ff.
[4] WALBANK 1988: 310ff.
[5] FREEMAN 1893: 276ff.; WALBANK 1933: 29ff.
[6] *cf.* ERRINGTON 1990: 173.

војници,[1] во последниот период попрво се потпирал на давање поддршка на промакедонските групации, особено на Пелопонес.[2]

И покрај сите недостатоци и проблеми што подоцна се манифестирале како резултат на ваквата политика, би можело да се заклучи дека во дадениот историски миг, политиката на Антигон Гоната била сосема оправдана. Со исклучок на Хремонидовата војна, во период од речиси триесет години Македонија била поштедена од долготрајна војна во која би морале да се ангажираат сите човечки и економски потенцијали на државата. Но, речиси веднаш по смртта на стариот владетел, дошло до радикален пресврт на македонската политика кон Хелада. Колку овој пресврт се должел на историските прилики, а колку на личните цели и планови на Деметриј II, не може да се каже, иако се чини дека главната причина за македонската интервенција било ослабнувањето на Епир и опасноста од ајтолска експанзија во регионот. Во секој случај, најверојатно веќе во 239/8 г. ст.е.[3] избувнала војната меѓу Македонија и Ајтолскиот и Ахајскиот сојуз, позната како Војната на Деметриј. И покрај почетните успеси, вклучувајќи го и привременото освојување на Бојотија, поради кризата на северната граница, Деметриј II на крајот доживеал целосен неуспех.[4] Како последица на поразот во оваа војна и смртта на Деметриј II во 229 г. ст.е., македонското влијание и присуство во Хелада, со неколку исклучоци, било речиси целосно искоренето. Неодамна освоената Бојотија повторно била загубена, а истовремено и последните остатоци од македонско влијание на Пелопонес биле елиминирани.

Користејќи го поволниот момент, во 229 г. ст.е. дури и Атина успеала да се избори за независност; но наспроти очекувањата на Арат Постариот, Атињаните одбиле да се приклучат кон Ахајскиот сојуз и одлучиле да останат настрана од судирите во овој период. Имајќи ги предвид само ахајските интереси, Полибиј сосема очекувано жестоко ги напаѓа Атињаните за ваквиот однос, како и за одлуката да не му се испрати помош на сојузот во времето кога Ахајците се нашле под жесток притисок од Клеомен III.[5] Меѓутоа, нема сомнеж дека во дадениот миг ваквата политика на Атина била мошне мудра и во крајна линија ќе ја поштеди од големите несреќи што ќе ги снајдат Хелените во текот

[1] За гарнизоните на Гоната во Хелада, Gabbert 1997: ch.5.
[2] Така, по 255 г. ст.е., тој ги повлекол сите гарнизони од Атика, со исклучок на оние во Мунихија и Пиреј.
[3] Grainger 1999: 218f., цени дека непријателствата започнале дури во 237/6 г. ст.е. Меѓутоа неговите аргументи не се убедливи. Поради тоа, ја следам традиционалната хронологија.
[4] За текот на воените дејствија *v.* Walbank 1933: ch.3; Id. 1988: 324ff; Scholten 2000: ch.4; Grainger 1999: ch.12.
[5] Polyb., v.106.6-8. *cf.* Plut., *Arat.*, 41.3.

на Сојузничката и I Римско-македонска војна.[1] Од друга страна, ваквиот однос на Атина и одговарал и на Македонија. Несомнено, загубата на Атика претставувала удар за македонските позиции во Хелада. Меѓутоа, доследната неутралност на Атина била показател дека дамнешниот предводник на Хелените и непријател на Македонија, и покрај блиските врски со Лагидите,[2] барем во тој момент не претставува никаква закана. Во ситуација кога македонските владетели ќе бидат долгорочно ангажирани на Пелопонес и во постојана војна со Ајтолскиот сојуз, независна, но неутрална Атина веројатно повеќе им одговарала одошто Атина под македонска власт, при што на сите ангажмани би морале да трошат средства и за нејзината заштита. Според тоа, иако ослободувањето на Атина во 229 г. ст.е. бил очигледен показател за кризата и немоќта на Македонија, долгорочно не станувало збор за ненадоместлива загуба, особено што стратешки важниот остров Андрос останал во македонски раце.

Неспоредливо посериозна била ситуацијата во Тесалија, каде смртта на Деметриј II веднаш била искористена од Ајтолците. Имено, поттикнати од веста за смртта на Деметриј II и најверојатно подржани од Ајтолците,[3] кон крајот на летото 229 г. ст.е.[4] дел од Тесалците дигнале бунт против Македонија, а наскоро голем дел од областа се нашол во склоп на Ајтолскиот сојуз.[5] За разлика од загубите во централна и јужна Хелада, загубата на Тесалија претставувала огромна и непосредна опасност за Македонија. Губењето на Атина, Бојотија и влијанието на Пелопонес несомнено сериозно го нарушиле угледот на Македонија и истовремено претставувале сериозен удар за веќе традиционалната политика на Македонија кон Хелените. Но, овие загуби не биле ниту ненадоместливи, ниту пак претставувале непосредна закана за Македонија. Напротив, загубата на Тесалија потенцијално претставувала животна опасност за безбедноста на Македонија, зашто со тоа одбранбениот систем осмислен уште од Филип II бил нарушен, а јужната граница на државата била изложена на удар на Ајтолскиот сојуз.

За среќа на Македонија, на местото на Деметриј II дошол способниот Антигон Досон, кој се покажал дораснат на предизвикот и за кусо време ја возобновил македонската позиција во Хелада. Откако ги средил приликите против Дарданците на северната граница, во 228 г. ст.е. Досон се свртел кон

---

[1] За политиката на Атина во периодот 229-200 г. ст.е. *v.* HABICHT 1997: ch.7.
[2] За односите меѓу Атина и Лагидите во овој период *v.* HABICHT 1992: 74ff.
[3] *contra* GRAINGER 1999: 245.
[4] Овде ја прифаќам хронологијата на SCHOLTEN 2000: 167.
[5] Детално за овој бунт кај SCHOLTEN 2000: 165ff.

Ајтолците и разбунтуваните Тесалци. Преземајќи една храбра и ризична акција, тој најверојатно заобиколувајќи ја Тесалија, преку Евбоја се истоварил во средна Хелада и навлегол во Фокида и Дорида, каде им нанел тежок пораз на ајтолските сили. Благодарение на оваа победа Тесалија била вратена под македонска контрола.[1] Значењето на оваа, за жал слабо засведочена[2] победа не смее да се потцени. Од една страна, можеме да претпоставиме дека таа претставувала сериозен психолошки удар за Ајтолците, со оглед на тоа што овој пораз бил првиот сериозен удар што го претрпеле во директен судар со македонската војска во близина на срцето на сојузот;[3] од друга, по овој успех било сосема очигледно дека Македонија ја надминала сериозната криза од последните неколку години и дека е воено подготвена повторно да ги брани своите интереси во Хелада. Дали бил постигнат и формален договор не е сосема јасно,[4] а во крајна линија и не е толку важно; сè до крајот на владеењето на Досон, и покрај повремените изливи на непријателско држење, Ајтолците ќе останат неутрални.

Благодарение на овој успех, Досон не само што ја вратил речиси цела Тесалија под своја власт, туку го засилил и своето влијание во средна Хелада, при што се здобил со упоришта во Опунтиска Локрида, а источна Фокида и Бојотија биле отргнати од Ајтолскиот сојуз. Па сепак, и покрај овие успеси, кон Ајтолскиот сојуз тој генерално ја следел политиката на својот истоименик, а не на својот претходник. Така, веројатно проценувајќи дека понатамошните придобивки не биле доволна награда за продолжување на војната, не само што не се обидел да навлезе во централните области од Ајтолија, туку им ја оставил и Фтиотидска Ахаја. Ј. Шолтен секако е во право кога вели дека при донесувањето на овие одлуки Досон бил воден од идејата да не го предизвикува дополнително и онака поразениот непријател и да не го доведе до очај што би резултирало со продолжување на војната.[5] Со оглед на моменталната ситуација одлуката на Досон можеби би можела да се оцени како исправна. Впрочем, како

---

[1] Тука ја следам реконструкцијата на SCHOLTEN 2000: 172f., кој претпоставува дека Досон директно удрил против Ајтолија, и како резултат на одлучувачката победа успеал да ја воспостави македонската контрола над Тесалија. *contra* WALBANK 1989: 190ff. и LE BOHEC 1993: 154ff., кои победата на Досон ја сместуваат во Тесалија, по што следувал неговиот упад во средна Хелада.

[2] Битката е спомената единствено кај Front., *Strat.*, ii.6.5. Иако Фронтин не ја кажува годината на битката, со оглед на тоа што единствен период кога Досон и Ајтолците биле во војна е 229-8 г. ст.е., современите историчари со право ја датираат во овој период.

[3] *cf.* SCHOLTEN 2000: 178.

[4] Повеќето научници вклучувајќи ги BELOCH 1927: 414; *HCP I*, 241; LE BOHEC 1993: 157; SCHOLTEN 2000: 178ff. (иако неговите аргументи воопшто не се уверливи) сметаат дека формален договор бил постигнат. Од друга страна, FINE 1940: 145 иако го остава прашањето отворено, сепак заклучува дека непријателствата прекинале во 228 г. ст.е.

[5] SCHOLTEN 2000: 180.

што беше споменато, со тоа тој само ја продолжувал поликата на попустливост кон Ајтолија на Антигон Гоната. Меѓутоа може со право да се запрашаме колку одлуката Фтиотидска Ахаја, низ која минувале главните патишта кон централна Ајтолија, била разумна. Навистина, било очигледно дека преку Евбоја тој може да ги заобиколи ајтолските линии,[1] но нема сомневање дека со оваа отстапка, не само што ја зголемил безбедноста на централна Ајтолија, туку и го изложувал остатокот на Тесалија на удар на сојузот. Исправна или не, Досон ја испуштил можноста за воспоставување на македонска контрола врз цела Тесалија, а цената од оваа одлука ќе ја плати Филип V.

Доколку во однос кон средна Хелада и посебно Ајтолија, Досон ја следел поликата на Гоната, тогаш неговиот однос кон Пелопонес претставувал нова етапа во антигонидската политика кон Хелада. По кратката авантура во Карија, која и не вродила со некои долготрајни резултати, вниманието на Досон било свртено кон Пелопонес и војната меѓу Ахајскиот сојуз и Клеомен III од Спарта. По загубата на Коринт во 243 г. ст.е., македонското влијание на Пелопонес било во постојано опаѓање, што ќе кулминира со загубата на последните приврзаници во Аргос и Мегалопол, кога овие градови, во текот на Војната на Деметриј ќе се приклучат кон Ахајскиот сојуз. На врвот на својата моќ и слава, за момент се чинело дека наскоро Ахајскиот сојуз ќе го опфати сиот Пелопонес. Но, само неколку години подоцна, не само што станало јасно дека таквата можност е неостварлива, туку и опстанокот на сојузот бил доведен во прашање. Предизвикот дошол од Спарта, предводена од талентираниот Клеомен III, кој ја презел иницијативата и им нанел неколку сериозни порази на Ахајците.[2]

Неочекувано потиснати од Клеомен III, при што нивните повици за помош кон Ајтолците и Атињаните не вродиле со плод, Арат Постариот и Ахајците биле принудени да се свртат кон Македонија. Очекувано, главниот услов за интервенција што го поставил Досон бил враќањето на Коринт под македонска контрола. Значењето на Коринт било сосема очигледно, па воопшто и не изненадува што Ахајците во прв момент се двоумеле дали да ги прифатат условите на Досон. Но, кога во 224 г. ст.е. Коринт паднал во рацете на Клеомен III не само што главната пречка за македонска интервенција била отстранета, туку станало јасно дека без итна помош од надвор Ахајскиот сојуз најверојатно

---

[1] SCHOLTEN 2000: 180. Меѓутоа се стекнува впечаток дека Шолтен не ја зема предвид вредноста на Фтиотида во случај на војна меѓу Македонија и Ајтолија, при што контролата на оваа област би била несомнено значајна.

[2] За развојот на настаните на Пелопонес до вмешувањето на Досон *v.* WALBANK 1933: ch.4; CARTLEDGE & SPAWFORTH 2005: 46ff.

нема да ја преживее војната со Спарта.[1] Досон целосно ги исполнил очекувањата и во 222 г. ст.е. кај Селасија извојувал блескава победа над Клеомен III. Со тоа, антигонидските позиции на Пелопонес биле посилни од кога и да е. Но, многу поважна од минливиот успех против Спарта, била одлуката на Досон за формирање на воен сојуз со голем дел од Хелените. Во таа смисла, политиката на Досон кон Хелада претставувала целосно свртување и напуштање на традиционалната политика на Гоната и обид за навраќање кон политката на Филип II, се разбира, колку што дозволувале моменталните услови.

Освен Ахајскиот сојуз, кон новата Хеленска симахија на чело со Антигон Досон, создадена во 224/3 или 223/2 г. ст.е.,[2] се приклучиле голем дел од тогашните хеленски којнони - Ахајскиот, Епирскиот, Фокидскиот, Бојотскиот, Акарнанскиот и Тесалскиот.[3] На прв поглед оваа Симахија му овозможувала на Досон, барем посредна контрола врз голем дел од Хелада – далеку поголем одошто контролирале претходните Антигониди. Од тој аспект, создавањето на Симахијата претставувало голем политички и воен успех за Досон. Меѓутоа организацијата[4] и составот на Симахијата со себе повлекувале низа недостатоци, што долгорочно можеле да се одразат негативно врз Македонија. Внатрешната контрадикторност во самата организација била тоа што од една страна, Симахијата била структуирана за дејствување пред сè во случај на војна, така што немало услови таа да прерасне во некаква постојана мирнодопска организација; додека пак од друга, членките на Симахијата имале премногу слобода во водењето на сопствената надворешна политика, за организацијата да може да дејствува ефикасно. Така, за Македонија да може да ја задржи водечката улога во Симахијата, и воопшто да го сочува нејзиното постоење, морала постојано да ја докажува својата способност да ги заштити интересите на членките, кои пак од своја страна имале полна слобода во водењето на сопствена надворешна политика. Ова значело дека македонските владетели би можеле да бидат принудени да се вклучат во некој судир и да ги трошат сопствените средства во интерес на некоја од членките. Што е уште поважно,

---

[1] За преговорите меѓу Досон и Арат *v.* LE BOHEC 1993: 364ff.
[2] Речиси сите современи историчари основањето на симахијата го датираат во 224 г. ст.е., меѓутоа ERRINGTON, 1990: 289-90 n.17, дава два интересни аргументи за датирање на симахијата во 223/2 г. ст.е. што не треба да се игнорираат. Ваквото датирање го прифаќа и GRAINGER 1999: 251.
[3] Polyb., iv.9.4. Тесалскиот којнон најверојатно бил преоснован од Антигон Досон (ERRINGTON, 1990: 289 n.6); според тоа, тој секако само номинално фигурирал како независна членка на симахијата.
[4] За организацијата на Симахијата *v.* WILL 1979: 389ff.; WALBANK 1940: 16ff.; ID. 1988: 351ff.; LE BOHEC 1993: 393ff.

иако непосредниот повод за создавањето на Симахијата била војната со Клеомен III, нема сомневање дека поголемиот дел од којноните се приклучиле заради заштита од секогаш агресивните Ајтолци.[1] Ова значело дека порано или подоцна патиштата на Симахијата, или барем на некоја од членките ќе се вкрстат со оние на Ајтолскиот сојуз и Македонија би била вовлечена во нов и непријатен судир со секогаш незгодните Ајтолци.

Според тоа, ваквата активна политика на Досон во Хелада претставувала јасен прекин со политиката на Гоната, при што било очигледно дека од сега, доколку сакал да ја задржи водечката позиција, македонскиот владетел морал главнината од своето внимание и енергија да ги посветува на секогаш нестабилните состојби и односи меѓу Хелените. Колку ваквиот пристап долгорочно бил мудар и можел да вроди со плод во споредба со цврстиот, но далеку попасивен однос на Гоната, тешко е да се оцени. Прво неочекуваната смрт на Досон, а потоа и тектонските поместувања во хеленистичкиот свет, и особено појавата на Рим во источниот Медитеран едноставно оневозможиле Симахијата вистински да профункционира. Па сепак, доколку се земе предвид неполната деценија од формирањето на Симахијата до избувнувањето на I Римско-македонска војна, би можело да се каже дека Македонија имала многу помала корист од оваа организација, одошто на пример Ахајскиот сојуз. Но сите овие недостатоци и проблеми биле дел од иднината. Во дадениот момент, Симахијата ја извршила својата функција извонредно – Клеомен III бил тешко поразен, со што и спартанската закана на Пелопонес била отстранета. Уште поважно, благодарение на мудрата и одмерена политика на Антигон Досон, иако предводена од Македонија, Симахијата не била доживувана како уште едно македонско орудие за контрола на Хелените.[2] Меѓутоа, за да се задржи благонаклоноста на Хелените, неопходно било наследникот на Досон освен воени, да има и префинети дипломатски способности, а како што ќе покажат настаните токму дипломатијата ќе биде една од слабостите на Филип V.

Веднаш по победата кај Селасија и влегувањето во Спарта, Антигон Досон морал итно да се повлече во Македонија за да одбие еден сериозен илирски напад на северната граница. Иако повторно успешен, исцрпен од постојаниот напор Досон се разболел и наскоро умрел. На својот наследник му оставил неспоредливо поцврста и посилна држава од онаа што ја наследил од

[1] *cf.* WALBANK 1988: 353. Според GRAINGER 1999: 249: главниот мотив на Досон за создавање на Симахијата бил стравот од Ајтолците; слично и WALBANK 1984: 473. Но, *v.* LE BOHEC 1993: 398ff.
[2] Особено е индикативна скулптуралната група во Олимпија при што персонифицираната Хелада ги крунисува Антигон Досон и Филип V (Paus., vi.16.3). Детално за почестите што Досон ги добил во Хелада, *v.* LE BOHEC 1993: 454ff.

Деметриј II. Северната граница била привремено стабилизирана, а македонската позиција во Хелада била поцврста и посигурна уште од времето на дијадосите. Но, заради краткото владеење тој не успеал ниту еден од проблемите целосно да ги реши – на север Дарданците биле поразени и привремено смирени, но тоа не претставувало трајно решение и било само прашање на време кога тие повторно ќе почнат да вршат притисок на северната граница; во Хелада, неодамна основаната Хеленска симахија ветувала светла иднина, но само под услов доколку Филип V бил подготвен да ги продолжи добрите односи во прв ред со Ахајскиот сојуз и воено да интервенира во корист на членките; но најсериозниот проблем останувало прашањето како Ајтолскиот сојуз ќе го прифати основањето на Симахијата и какви чекори ќе превземе како одговор. Првите години од владеењето на младиот Филип V ќе минат во обиди за решавање токму на овие проблеми.

## II

## Сојузничката војна[1]

*Старателите на Филип.* Антигон Досон умрел најдоцна есента 221 г. ст.е.[2] Во својот тестамент поднел официјален извештај за своите дела, и што е уште поважно, петмина од своите соработници поставил на најважните државни позиции за да ја водат раката на сѐ уште малолетниот Филип V: Апел, Леонтиј, Мегалеа, Таврион и Александар.[3] Леонтиј бил поставен за заповедник на пелтастите, Мегалеа за управник на кралската канцеларија,[4] Таврион за заповедник на македонските сили на Пелопонес[5] (каде Досон поставил три македонски гарнизони),[6] а Александар за заповедник на кралските телохранители.[7] Која била функцијата на Апел, кој се наметнува како централна фигура меѓу советниците не е сосема јасно. Полибиј единствено вели Ἀπελλῆς ἐν τοῖς ἐπιτρόποις ἀπελέλειπτο. Со оглед на тоа што токму Апел се појавува како главен советник на Филип V во раниот период од неговото владеење очигледно

---

[1] Општ преглед, со извори и библиографија, на настаните од доаѓањето на Филип V на македонскиот престол, па сѐ до крајот на Сојузничката војна кај WILL 1982: 69ff. Најдетален преглед и анализа на собитијата кај СИВКИНА 2007, која за жал не го консултирала важниот труд за Ајтолскиот сојуз на Ј. Шолтен.

[2] WALBANK 1988: 362; LE BOHEC 1993: 467. Н. Хамонд пак претпоставува дека Досон умрел во јули 221 г. ст.е. (HAMMOND 1988: 369). *contra* BENGTSON 1971: 57: кој смртта на Досон ја датира во 222 г. ст.е. Меѓутоа ваквото датирање се темели на неговото погрешно датирање на смртта на Деметриј II во 230 г. ст.е., кој несомнено умрел во 229 г. ст.е. *v. HCP I*: 238; *HCP II*: 633f.

[3] Polyb., iv.87.6-7.

[4] ἐπὶ τοῦ γραμματείου, т.е. бил задолжен за кралската кореспонденција. *v.* BELOCH 1925: 386f.

[5] Според WALBANK 1984: 476, Таврион имал слични овластувања на оние на Антипатар по 334 г. с.т.е. Меѓутоа, како што истакнува HAMMOND 1988: 369 n.1 суштествената разлика е во тоа што Антипатар, во својство на заменик на отсутниот Александар имал пошироки овластувања од Таврион кој одговарал пред дворот во Пела. Би можело да се додаде дека наспроти неспоредливо побројните и подетални одредби во Коринтскиот договор, со што била ограничена и надворешната и внатрешната слобода на полисите, Хеленската симахија била чисто воена организација. Според тоа и Таврион би имал многу помали обврски и овластувања. Дека овластувањата на Таврион биле ограничени на контрола и команда на македонските упоришта и трупи на Пелопонес би можело да се заклучи и од Polyb., iv.6.4: каде вели παραλαβὼν Ταυρίωνα τὸν ἐπὶ τῶν ἐν Πελοποννήσῳ βασιλικῶν πραγμάτων ὑπ᾽ Ἀντιγόνου καταλελειμμένον; и iv.87.1: τὸν Ταυρίωνα τὸν ἐπὶ τῶν ἐν Πελοποννήσῳ τεταγμένον διέβαλλεν. Во крајна линија, овластувањата на Таврион очигледно се географски ограничени на Пелопонес, додека пак сите членки на Симахијата со исклучок на Ахајскиот сојуз се наоѓале во средна и северна Хелада. *cf. HCP I*: 454; СИВКИНА 2001.

[6] Акрокоринт, Хераја и Орхомен. *v.* WALBANK 1940: 17 n.2.

[7] ἐπὶ τῆς θεραπείας. Како што истакнува Ф. Волбанк (*HCP I*: 536), θεραπεία е технички израз за кралскиот двор, што пак значело дека меѓу другото е заповедник и на кралските деца, кои биле телохранители на кралот. На друго место Полибиј (v.69.6) несомнено го користи зборот во значење телохранители.

е дека тој мора да имал некоја поконкретна и поважна функција од едноставно член на заштитниците, но која била таа за жал не може да се утврди.

Иако Полибиј нè уверува дека уште од самиот почеток дошло до поделби меѓу највисоките функционери, барем за иницијалниот период од владеењето на Филип V нема такви показатели. Меѓутоа, слабоста на ваквата распределба на должностите од страна на Досон било тоа што во случај на некоја надворешна криза, што секако можела да се очекува со оглед на тоа што Македонија била особено ранлива во периодот на предавање на власта на малолетен крал, немало личност со доволно ингеренции за да може да се справи со ситуацијата. Дали Досон не очекувал развој на таква криза со оглед на тоа што останувало уште малку време додека Филип да ја земе власта во свои раце, или пак од страв дека токму таквата криза би можела некому да му послужи како повод за да го елиминира младиот владетел во последен момент не е јасно.

Во секој случај, како по обичај, смртта на еден способен владетел бил сигнал за соседите да се обидат да искористат ситуацијата. Јустин споменува дека презирајќи ја младоста на младиот крал, Дарданците и останатите соседи ја нападнале Македонија.[1] Кои биле останатите соседи што ѝ се заканувале на Македонија за жал не е јасно. На крајот, Дарданците биле поразени дури следната година, кога Филип V лично ја презел командата над војската.[2]

*Месенското прашање*. Додека Филип бил зафатен со преземањето на власта и одбивањето на дарданскиот напад, на југ дошло до развој на сериозни проблеми што наскоро ќе кулминираат со избувнување на Сојузничката војна.[3] Сосема очекувано, предизвикот дошол од страна на Ајтолскиот сојуз. Какви и да биле непосредните и долгорочните цели што го воделе Досон при создавањето на Хеленската симахија, неизбежно било Ајтолците да се почуствуваат загрозени од овој нов воен сојуз. Пред сè, престројувањето на голем дел од Хелените како резултат на создавањето на Симахијата значело дека Ајтолскиот сојуз се нашол во речиси целосна политичка изолација. Згара на тоа, фактот што речиси сите нивни соседи сега биле дел од Симахијата, значел и

[1] Just., xxix.1.10.
[2] Just., xxix.1.11.
[3] Една од најдобрите и најисцрпни анализи за настаните што претходеле на Сојузничката војна останува онаа на FINE 1940. *cf.* СИВКИНА 2007: 49ff; SCHOLTEN 2000: 200ff. И покрај неколку провокативни заклучоци, деталната анализа на GRAINGER 1999: ch.13 до толку е оптоварена со обидите на авторот да ја минимизира и оправда одговорноста на Ајтолците, а сета вина да се префрли на Арат Постариот што е речиси неупотреблива.

ограничување на можноста од преземање државни, но и приватни разбојнички упади што биле толку карактеристични за Ајтолскиот сојуз. Дополнителна причина за загриженост бил и фактот што Птолемај III кој подолго време го подржувал Ајтолскиот сојуз,[1] но и Клеомен III во борбата против Македонија, умрел,[2] со што и понатамошната помош од Александрија била доведена во прашање. Ваквиот развој на ситуацијата водел кон единствен очигледен заклучок дека порано или подоцна Ајтолците ќе бидат принудени сами да водат војна против Хеленската симахија, што никако не би можело да им се допаѓа на водачите на сојузот. Поради тоа, користејќи ја смртта на Антигон Досон, тие решиле да преземат две мерки за да го спречат ваквото црно сценарио: во прв ред да се зацврстат врските со Елида, Месенија и евентуално Спарта - старите сојузници на Пелопонес; да се внесе раздор меѓу членките на Симахијата и да се поколеба нивната волја да се судрат со Ајтолскиот сојуз. Како што ќе видиме, и двете мерки ќе вродат со плод.

Со таа цел, уште во 221 г. ст.е. Ајтолците, презирајќи ја младоста на Филип, исто како и Дарданците, презеле низа разбојнички походи во Епир, Акарнанија и Пелопонес.[3] Меѓу другото, заробиле и еден македонски воен брод, а посадата ја продале во ропство. Истовремено презеле и ограничени напади во Бојотија и Фокида, а не е сосема исклучено дека повторно пробале да се вмешаат во Тесалија.[4]

На Пелопонес пак, операциите биле водени од Доримах, кој бил испратен од сојузот во Фигалеја.[5] Од тука тој започнал со напади врз Месенија, со цел да се стави притисок врз проахајската струја чие влијание во тој момент било во нагорна линија.[6] Иако на крајот тој бил принуден да ја напушти Месенија, би можело да се претпостави дека во основа, пасивноста на Ахајскиот сојуз и на македонските сили бил охрабрувачки сигнал. До крајот на годината, Ајтолците успеале привремено да го освојат градот Кларij, кој најверојатно се наоѓал меѓу Фигалеја и Мегалопол,[7] но местото наскоро било освоено од ахајскиот стратег Тимоксен и Таврион.

---

[1] Лагидската помош во војната против Антигон Досон се споменува во *P.Haun.*, 6.1.18. *cf.* SCHOLTEN 2000: 178. За други сведоштва за блискоста меѓу Ајтолскиот сојуз и Птолемј III SCHOLTEN 2000: 137f.
[2] Птолемај IV дошол на власт меѓу 5 и 16 февруари 221 г. ст.е. (Polyb., v.34.1; *HCP I*: ad loc.).
[3] Polyb., iv.5.1-6.4. *cf. HCP I*: ad loc.
[4] Анализа на изворите за овие напади кај SCHOLTEN 2000: 202f.
[5] Polyb., iv.3.5-4. *cf. HCP I*: ad loc. За упадите на Ајтолците на Пелопонес *v.* СИВКИНА 2007: 90ff.
[6] WALBANK 1940: 24.
[7] *HCP I*: 454.

Пролетта 220 г. ст.е., голема ајтолска војска на чело со Доримах и Скопас повторно навлегла на Пелопонес и почнала да врши притисок врз Месенија.[1] Месенците веднаш побарале помош од Ахајците, кои токму во тој период одржувале сојузно собрание. Ахајскиот стратег Тимоксен, чиј мандат бил на истекување се колебал што да се преземе. Во таа ситуација, лукавиот Арат Постариот ја презел функцијата на стратег пет дена пред предвиденото, започнал со мобилизација на ахасјките сили и по дополнителни консултации најверојатно склучил сојуз со Месенците,[2] а нивното барање за вклучување во Хеленската симахија го препратил до останатите членки. На крајот, на Скопас и Доримах им испратил ултиматум да ја напуштат Месенија и да не навлегуваат на ахајска територија.[3]

Веројатно изненадени од цврстиот став што го зазеле Ахајците, Скопас и Доримах почнале да се повлекуваат, при тоа избирајќи таков пат за да се избегнат македонските сили. Додека главнината носејќи го пленот со себе успеала да се повлече без проблеми, дел од војската што ја штител отстапницата бил нападнат од Арат близу Кафија, но благодарение на стратешките грешки на ахајскиот стратег, Ахајците претрпеле тежок пораз.[4] Во настанатата ситуација, Ахајците одлучиле да испратат пратеништва до Филип и останатите членови на Симахијата за да побараат помош во борбата против Ајтолскиот сојуз; а истовремено и покрај поразот кај Кафија, ветиле дека ќе испратат помош на Месенија доколку Ајтолците повторно ја нападнат и почнале со мобилизација на 10.000 пешадинци и 1.000 коњаници.[5] Од своја страна, се чини дека во дадениот момент Филип сè уште не бил сигурен каков став да заземе. Од една страна, тој го прифатил барањето Месенија да биде примена во Симахијата, но

---

[1] Polyb., iv.6.7-12.

[2] Иако Ахајско-месенскиот сојуз не е засведочен, од текот на настаните се чини сосема веројатен. *v.* FINE 1940: 160 n.141.

[3] Polyb., iv.7.1-10: 9.1-7.

[4] Polyb., iv.9.10-13.5. Иако Полибиј се обидува вината за оваа битка да им ја префрли на Ајтолците, од текот на настаните и маневрите преземени од двете страни очигледно е дека Арат е тој што барал начин да се судри со Скопас. *v. HCP I*: ad loc; GRAINGER 1999: 262.

[5] Polyb., iv.15.5-7. Со оглед на тоа што во оваа војска биле вброени и контингентите од Месенија и Спарта, WALBANK 1940: n.2 истакнува дека вкупниот број е несоодветен и сведочи или за моменталната слабост на Ахајскиот сојуз поради внатрешни социјални проблеми, или пак за тоа дека тие се надевале на помош од Филип. Меѓутоа, со оглед на дотогашниот пред сè разбојнички карактер на ајтолските налети на Пелопонес, бројката од 11.000 војници и не е толку мала, особено што не било многу веројатно дека Ајтолците би форсирале масовна битка. Како дополнение на овие 11.000, Арат секако сметал и на поддршката од Таврион кој дотогаш постојано помагал во ахајските потфати. Можеби најважно, собирајќи релативно помала ахајска војска, Арат веројатно се надевал дека ќе ги принуди Спарта и Месенија отворено да се вклучат во војната против Ајтолците, наместо само да се потпираат на помош од Ахајците.

од друга исто така бил подготвен да мине преку претходните напади на Ајтолците и да го зачува мирот.[1]

*Кон војна*. Како одговор на ваквите мерки на Арат, Ајтолците на вонредно собрание[2] донеле одлука да останат во мир со сите страни, вклучувајќи го и Ахајскиот сојуз, под услов да се откаже од сојузот со Месенија.[3] Според Ф. Волбанк, со ваквата одлука Ајтолците се надевале дека ќе внесат раздор меѓу Ахајците и нивните сојузници и ќе го ограничат судирот само на двата сојузи.[4] Ваквата претпоставка е несомнено исправна, меѓутоа, се чини дека одлуката исто така е сведоштво за тоа дека во моментот имало несогласувања и меѓу самите Ајтолци за тоа што понатаму да се преземе. Впрочем и походот на Пелопонес што кулминирал со битката кај Кафија, иако несомнено политички мотивиран, веројатно уште повеќе за цел имал да ја пополни сојузната каса, со оглед на тоа што ајтолската економија секогаш зависела од вакви разбојнички походи. Според тоа, би можело да се заклучи дека и покрај сите агресивни чекори, Ајтолците сè уште немале намера да ја предизвикаат Симахијата.[5]

Така, со оглед на прогласите на Филип V од една и Ајтолскиот сојуз од друга страна, барем за момент се чинело дека постои доволно волја и кај двете страни за да се избегне ескалација на непријателствата. Меѓутоа, токму тогаш Доримах и Скопас – предводниците на воинствената странка во Ајтолија – го презеле конечниот чекор по кој немало враќање назад. Имено, кон крајот на летото 220 г. ст.е., Доримах и Скопас, овој пат придружувани и од Агелај, на своја рака[6] презеле уште еден поход на Пелопонес. Цел на овој поход била Кинајта, што Ајтолците со помош на нивните приврзаници од градот успеале да го освојат, по што следел масакр на населението, при што и приврзаниците на Ајтолија не биле поштедени. Потоа, тие се обиделе да го освојат и Клејтор, но овој напад не успеал. Откако Елидците одбиле да ја прифатат Кинајта како поклон, со помош на илирскиот династ Скердилаида, Ајтолците се повлекле.[7] Без разлика што овој напад претставувал приватен потфат, освојувањето на аркадската Кинајта и обидот да се принуди Клејтор да го раскине сојузот со

---

[1] Polyb., iv.16.1-5. *cf*. WALBANK 1940: 28.
[2] За вонредниот карактер на собранието *v*. LARSEN 1952: 5f; HOLLEAUX 1905: 363.
[3] Polyb., iv.15.8-11.
[4] WALBANK 1940: 27f.
[5] За превирањата меѓу Ајтолците и можните предводници на групата што се надевала дека војната може да се избегне *v*. SCHOLTEN 2000: 204ff.
[6] Полибиј (iv.17.1) инсистира дека овој поход бил преземен со знаење на сојузниот стратег Артистон; за приватниот карактер на овој поход *v*. SCHOLTEN 2000: 205: 290ff.
[7] Polyb., iv.18-19.6. За мотивите за напад на Кинајта, *v*. FINE 1940: 163f.

Ахајците и да се придружи на Ајтолија, претставувале очигледна провокација што Арат не можел да ја игнорира.[1]

Со оглед на очигледната слабост на Ахајскиот сојуз, Арат го презел единствениот чекор што му преостанувал – побарал помош од Филип и останатите членки на Симахијата. Без разлика што од претходниот одговор на Филип е јасно дека тој се надевал дека ќе избегне судир со Ајтолците, последниот напад на Скопас и Доримах во суштина му ги затворил сите опции освен војна. Прв знак на македонската активност е најмувањето на илирскиот династ Деметриј од Фарос, кој бил најмен од Таврион да ги пресретне Ајтолците. Меѓутоа, освен неколку напади на ајтолскиот брег, Деметриј не успеал да постигне ништо позначајно.

Наскоро и Филип пристигнал во Коринт, каде ги свикал членките на Симахијата. Уште пред пристигнувањето на делегатите од останатите членки, Филип бил известен за нов развој на настаните во Спарта, каде дошло до отворена борба меѓу промакедонските и проајтолските елементи. Кога слушнале за приближувањето на Филип, проајтолските ефори наредиле мобилизација на младината, на што се спротиставил Адејмант. Но, додека се обидувал да ги разубеди сограѓаните, тој бил убиен, а по него следеле и други граѓани.[2] Со оглед на целата ситуација, во дадениот момент Филип ги прифатил оправдувањата од ефорите и се задоволил со тоа Спартанците да ги обноват заклетвите на верност кон него.[3] Во секој случај, овој инцидент јасно покажува дека ајтолските акции на Пелопонес во изминатите две години полека почнувале да вродуваат со плод.

По враќањето во Коринт, таму веќе биле собрани делегатите од членките на Симахијата. Откако сите членки ги набројале злоделата што ги претрпеле од Ајтолците, едногласно било решено да се објави војна на Ајтолскиот сојуз. Освен тоа бил издаден и проглас во кој биле изложени целите на сојузниците: враќање на сите градови и области што Ајтолците ги освоиле по смртта на Деметриј II; ослободување на сите градови што принудно биле вклучени во Ајтолскиот сојуз; и ослободување на Делфи и Амфиктионијата од ајтолското влијание.[4] Формулирањето на ваков план несомнено било со цел да се обезбеди целосната соработка од сите членки на Симахијата, при што секоја можела да се

[1] *cf.* GRAINGER 1999: 264f.
[2] Polyb., iv.22.4-12.
[3] Polyb., iv.23-24. Ваквата одлука на Филип, Полибиј ја припишува на мудрите совети на Арат. Меѓутоа, се чини дека HAMMOND 1988: 373 n.1 е во право кога истакнува дека во тој момент Арат воопшто не ни бил дел на кралскиот совет и дека станува збор за одлука донесена лично од Филип, како демострација на неговата лична политика. *contra* WALBANK 1940: 31.
[4] Polyb., iv.25.

надева на добивка во случај на победа.[1] Во целата ситуација, посебно е интересна третата цел на сојузниците. Зашто, како што вели Ј. Шолтен, можноста во суштина да се објави света војна против Ајтолците е јасен показател за тоа колку во периодот меѓу 277 и 220 г. ст.е., опаднал угледот на овој сојуз.[2] За Филип пак, истата одредба имала и политичка и лична цел. Од политички аспект, по евентуалната победа над Ајтолците контролата над Делфиската амфиктионија повторно би била во македонски раце, со што освен Симахијата, Филип би имал уште еден важен исntрумент за контрола и наметнување на својата волја во Хелада.[3] На личен план пак, со објавувањето на света војна со цел да се ослободи Делфи, Филип V во основа го имитирал неговиот славен истоименик и идол, чие вмешување во Хелада речиси век и половина порано започнало токму со вмешувањето во III Света војна. Во тој контекст, посебно се интересни тетрадрахмите од критскиот град Полиренија, каде на аверсот маладиот Филип V без брада, е прикажан како Аполон.[4] Според Ф. Волбанк, оваа серија монети е емитирана во чест на штотуку склучениот сојуз меѓу градот и Филип V,[5] што несомнено е точно. Меѓутоа, фактот што Филип е прикажан како Аполон секако не е случајност и би требало да се поврзе токму со намерата да се ослободи Делфи.

И покрај ваквиот цврст став заземен од Симахијата, се чини дека Филип сè уште се надевал дека војната може да се избегне. Имено, тој им испратил копија од прогласот на Ајтолците и им порачал дека сè уште има време за да се постигне спогодба. Во прв момент Ајтолците се сложиле да се сретнат со Филип во Рион, но потоа го известиле дека не може да преземат никакви мерки пред одржувањето на сојузното собрание.[6] Според Полибиј, Ајтолците уште од почетокот немале никаква намера да се сретнат со Филип. Меѓутоа, Ј. Шолтен веројатно е во право кога во целиот случај гледа уште еден доказ за подвоеноста меѓу Ајтолците, при што во првиот момент странката што се надевала дека може да се сочува мирот, успеала да ја наметне својата волја; но, набрзо странката на Доримах и Скопас успеала да надвладее и да ги избегне преговорите со Филип. Кога набргу потоа токму Скопас бил избран за сојузен стратег за 220/19 г. ст.е. победата на провоената странка била комплетна.[7] Од

[1] За територијалните придобивки за секоја од членките во случај на победа, *v.* WALBANK 1940: 32.
[2] SCHOLTEN 2000: 206.
[3] *cf.* WALBANK 1940: 32.
[4] HILL 1906: no.78.
[5] WALBANK 1940: 33 n.6.
[6] Polyb., iv.26.3-6.
[7] SCHOLTEN 2000: 206f. Меѓутоа, мислењето на Шолтен дека изговорот на Ајтолците е основан со оглед на тоа што само главното ајтолско собрание имало право да објавува

друга страна, М. Оло претпоставува дека понудата на Филип била искрена и тој навистина се надевал дека ќе може да ја избегне војната.[1] Ваквиот заклучок е критикуван од Ф. Волбанк, според кого, главната цел на Филип била или да ја префрли одговорноста за војната врз Ајтолците, или пак да добие на време и да спречи избувнување на непријателства до следната пролет.[2] Меѓутоа, ниту првата, ниту втората претпоставка не се многу веројатни. Од една страна, било сосема јасно дека токму ајтолските акции и провокации од последните две години се главна причина за избувнување на војната; од друга, со оглед на тоа што се ближела есента, веќе не ни останувало многу време за поголеми воени акции. Според тоа, мислам дека претпоставката на М. Оло е сосема оправдана. Впрочем, со оглед на дотогашното држење на Филип во првиот одговор на ајтолската агресија, како и на проајтолското однесување на Спарта, нема никаква причина за да се сомневаме во неговата искрена намера во последен момент да се спречи војната.

Како што споменав претходно, со оглед на новонастанатата политичка ситуација по формирањето на Хеленската симахија и победата над Клеомен III, би можело да се каже дека избувнувањето на војна со Ајтолија било само прашање на време. Меѓутоа, исто толку важен фактор за тоа што војната избила токму во тој момент, несомнено биле сплетките и обидите на Арат да го истисне ајтолското влијание од Месенија и да ја приврзе оваа област пред сѐ кон Ахајскиот сојуз.[3] Затоа, и покрај сите неуспеси и кризи во изминатите две години, Арат можел да биде сосема задоволен од развојот на ситуацијата. Тој успеал да ја мобилизира Симахијата за војна, што фактички била започната во корист на Ахајскиот сојуз.[4] Така, ајтолско-ахајското непријателство и борба за влијание на Пелопонес го вовлекле младиот Филип во војна во која било јасно дека токму Македонија ќе мора да го понесе главниот товар. Настаните од 221 и 220 г. ст.е., во суштина го ставиле Филип пред свршен чин. Се разбира, тој имал можност да го остави Ахајскиот сојуз да се обиде сам да излезе на крај со Ајтолците. Меѓутоа, со оглед на постојаната манифестација на воена слабост и неспособност на Ахајците, било јасно дека тие сами не ќе можат да излезат на крај со Ајтолија; а евентуалниот распад на Ахајскиот сојуз, без никаков сомнеж истовремено би значел и распад на Хеленската симахија, а тоа било нешто што Филип никако не смеел да го дозволи. Според тоа, за да ги зачува политичките

војна, не е сосема убедлив. Со оглед на тежината на ситуацијата, Ајтолците секако можеле да свикаат уште едно вонредно собрание како тоа неколку месеци претходно.

[1] HOLLEAUX 1921: 149 n.1.

[2] *HCP I*: 474.

[3] FINE 1940: 164f.

[4] WALBANK 1933: 119.

придобивки стекнати од Антигон Досон, тој бил принуден да се впушти во војна заради заштита на Ахајците.[1]

По неуспехот да се сретне со Ајтолците кај Рион, Филип се вратил во Ајгиј, каде присуствувал на сојузното собрание, кое веднаш ја ратификувало објавата на војна, а биле и обновени и потврдени односите и обврските што постоеле меѓу Ахајскиот сојуз и Антигон Досон.[2] Зимата 220/19 г. ст.е., Филип ја минал во Македонија, каде ја подготвувал војската за претстојниот судир. Меѓу другото, се сретнал и со Скердилаида и за цена од 20 таланти годишно, успеал да го придобие на своја страна.

Исто колку и Арат, а можеби и повеќе, и Скопас и Доримах, кои веќе некое време се обидувале да ја испровоцираат Симахијата,[3] мора да биле задоволни од развојот на ситуацијата. Згора на тоа, целосниот ефект од нивните акции во 220 г. ст.е. сега станал очигледен, зашто првите пукнатини во Симахијата сега веќе биле јасни. Имено, иако сите членки гласале за војна, со исклучок на Ахаја и Акарнанија, се чини дека останатите и не биле посебно расположени активно да се вклучат во борбите со Ајтолците и да се изложат на нивните злогласни напади. Така, иако гласале за војна, Епирците истовремено им ветиле на ајтолските пратеници дека ќе останат неутрални.[4] Месенците пак, поради кои и ескалирала целата ситуација, објавиле дека сè додека Фигалеја е во ајтолски раце, тие не можат да се вклучат во војната.[5] Фактот пак што ниту фокидските, ниту бојотските сили не се споменуваат во текот на војната е показател дека на некој начин и тие биле неутрализирани. Така, уште пред да започнат воените дејствија, можноста од целосно изолирање на Ајтолија пропаднала. Да бидат работите уште полоши, во Спарта дошло до преврат и новите басилеи Агесиопол и Ликург, влегле во сојуз со Ајтолија и веднаш ја нападнале Арголида, при што зазеле неколку градови.[6] Истовремено и Елида

---

[1] Grainger 1999: 266, истакнува дека и Филип имал свои причини за започнување на војната, што е несомнено точно. Впрочем никој не би ни рекол дека Филип ги мобилизирал сите македонски ресурси од чисто алтруистички причини. Меѓутоа, тоа не го менува фактот дека од сите негови постапки во 221 односно 220 г. ст.е. може да се заклучи дека барем во дадениот момент, тој навистина се обидувал да го избегне судирот со опасните Ајтолци.
[2] Polyb., iv.26.8. Овие обврски подразбирале право на македонскиот крал да го свикува сојузното собрание, годишното обновување на заклетвите на лојалност од страна на Ахајците и забраната за донесување на било каква мерка спротивна на сојузот со Македонија (*HCP I*: 475).
[3] *v.* Scholten 2000: 205.
[4] Polyb., iv.30.6-7. Меѓутоа, мора да се истакне дека во овој случај можеби станува збор за лична нетрпеливост на Полибиј и неразбирање на ситуацијата на северо-запад. Сосема е можно дека Епирците одолговлекувале сè додека не пристигне Филип со главнината од војската, *v. HCP I*: 477; Cabanes 1976: 244.
[5] Polyb., iv.31.1.
[6] Polyb., iv.34-36.5.

застанала на страната на Ајтолија,[1] со што наеднаш Ахајскиот сојуз бил тој што се нашол опкружен со непријатели на Пелопонес.[2] Така, полека повторно се создавала ситуација слична на онаа од времето на војната со Клеомен III, а на Филип веројатно му станувало сè појасно дека не само што ќе треба да го понесе товарот на војната, туку и да ја спасува Ахаја од нова катастрофа.

*Крит*. Всушност судирот меѓу двете завојувани страни започнал на еден споредн фронт. Имено, Кносос и Гортина[3] се обидувале да воспостават заедничка контрола врз Крит, а на ваквиот обид успешно се спротиставувала коалицијата од градови предводени од Литос. Меѓутоа, благодарение на сојузот со Ајтолија, Кносос добил засилување од 1000 војници, го задушил бунтот во Гортина и успеал да го порази Литос.[4] Поради ова, останатите градови што се противеле на Кносос, предводени од Полиренија и Лапа, побарале помош од Симахијата.[5] Нивните пратеници најверојатно биле сослушани на истото собрание кога била објавена војна на Ајтолија.[6] Било одлучено овие градови да бидат примени во Симахијата и веднаш им била испратена помош од 700 војници и благодарение на овие сили текот на војната се сменил во корист на сојузниците на Филип, иако во меѓувреме и Родос застанал на страната на Кносос.[7] Подоцна, овие сојузници ќе бидат во можност да му испратат на Филип Филип 500 војници,[8] а веројатно на сојузниците им било дозволено и да собираат наемници од Крит.[9] Иако војната на Крит понатаму ќе продолжи без поголемо влијание врз настаните во копнена Хелада, ваквиот развој секако претставувал успех за Филип.

Проахајските извори и оваа одлука сосема очекувано му ја припишуваат на советите на Арат.[10] Меѓутоа, Филип едноставно го продолжувал тоа што неговите претходници – Деметриј II и Антигон Досон – го започнале.[11] Згора на тоа, на секој добар стратег би му била јасна опасноста што би произлегла од евентуалното обединување на Крит во една сила што е во сојуз со Ајтолците, при што на удар несомнено би се нашле бреговите на јужен Пелопонес. Според

[1] Polyb., iv.36.6.
[2] *cf.* Polyb., iv.36.7-9. WALBANK 1933: 127.
[3] За сојузот меѓу Гортина и Кносос *v.* Polyb., iv.53.4; *HCP I*: ad loc. *cf. Syll.*3, 527.
[4] Polyb., iv.53.7-54.3; *HCP I*: ad loc.
[5] Polyb., iv.55.1.
[6] *HCP I*: 510.
[7] Polyb., iv.55.2-3. За текот на војната *v.* BRULÉ 1978: 34ff.
[8] Polyb., iv.55.5.
[9] *SEG* xi.380; WALBANK 1984: 476.
[10] Polyb., vii.14.34; Plut., *Arat.*, 48.3.
[11] Деметриј II склучил сојуз со Гортина и нејзините сојузници (*IC* IV, 167); а Досон со Елевтерна (*IC* IV Eleuthernai 20) и Хиерапитна (*IC* III Hyerapitna 1A).

тоа, без разлика на тоа што го велат Полибиј и Плутарх, кои се чини секогаш сакаат секоја мудра одлука што ја донел Филип да му ја припишат на Арат, нема причина да се сомневаме дека главниот збор при донесувањето на оваа одлука го имал токму младиот крал.

*Првите судири.*[1] Истовремено со настаните на Крит, завојуваните страни страни се подготвувале за почетокот на бојната сезона во 219 г. ст.е. Доколку Арат, кој во суштина го вовлекол Филип во судир со Ајтолија се надевал дека младиот крал пред сè ќе ја води војната заради интересите на Ахаја, тогаш го чекало големо и горчливо изненадување. Имено, 219 г. ст.е. се покажала како катастрофална за Ахајците и нивната позиција на Пелопонес. На југот од Пелопонес, Ликург започнал успешна кампања против Ахајците и го зазел Атенајонот на границата со Мегалопол.[2] Потоа група од 1200 Ајтолци предводени од Александар и Доримах ја нападнале Агејра во централна Ахаја, а нападот пропаднал само благодарение на алчноста и невнимателноста на напаѓачите.[3] Меѓутоа, најсериозна била ситуацијата на западната граница на Ахаја, каде Елидците предводени од ајтолскиот заповедник Еврипида им нанеле пораз на Ахајците и зазеле две тврдини.[4] Ахајската војска и политичкиот политичкиот врв се покажале до тој степен неспособни, што Дима, Фара и Тритаја – сите три града биле меѓу основачите на којнонот - одбиле да го дадат годишниот сојузен придонес и започнале да собираат сопствена војска од наемници.[5] Како што заклучува Ф. Волбанк, Ахајскиот којнон бил уште поблиску до целосен распад одошто во 225 г. ст.е.[6] Па сепак, и покрај бараната помош од Филип, кралот воопшто не се ни појавил на Пелопонес.

Како и секој совесен македонски владетел, уште зимата 220-219 г. ст.е. Филип презел акции за осигурување на северната граница,[7] како подготовка за неговото отсуство од Македонија. На почетокот на бојната сезона, кратко време се задржал во Тесалија.[8] Бидејќи Полибиј не кажува зошто точно Филип бил во Тесалија, причините за овој краток престој може само да се насетат. Ф. Волбанк своевремено овој престој го поврзувал со првото од двете познати писма на Филип до Лариса.[9] Иако К. Хабихт докажа дека првото писмо мора да се датира

---

[1] Детално за судирите во 219 г. ст.е. *v*. Сивкина 2007: 168ff.
[2] Polyb., iv.60.3.
[3] Polyb., iv.57.2-58.
[4] Polyb., iv.59.-60.3.
[5] Polyb., iv.60.4.
[6] Walbank 1940: 38.
[7] Polyb., iv.29.1.
[8] Polyb., iv.61.1.
[9] Walbank 1940: 38.

датира во 217, а не во 220 г. ст.е.,[1] сосема е веројатно дека Ф. Волбанк не бил далеку од вистината. Имено, за заштитата на Македонија, Тесалија била речиси исто толку важна како и северната граница. Во ситуација кога Филип веќе имал намера да преземе поход во западниот дел од централна Хелада, секако се чинело исправно барем на кратко да се посвети внимание на состојбата и одбраната на Тесалија, особено што Фтиотида и понатаму била под ајтолска контрола. Натамошниот тек на настаните од истата бојна сезона ќе покаже дека ако ова навистина била намерата на Филип, неговата постапка била сосема оправдана, но и крајно неефикасна.

Во секој случај, по краткото застанување во Тесалија, на чело на војска од 16.000 војници, преку Тимфаја[2] Филип се префрлил во Епир, каде му се придружила целата епирска војска, како и 300 Ахајци и 500 Критјани. На чело на оваа значителна сила, Филип се префрлил во Амбракија, каде 40 дена го опсадувал Амбрак.[3] Додека го опсадувал градот Филип добил вест дека главнината од ајтолската војска предводена од Скопас, најверојатно преку преминот Петра,[4] се пробил во Пиерија каде откако ја уништил жетвата и собрал плен, го нападнал светиот град Дион при што без никакво воздржување биле уништувани и светите и световните градби.[5] Меѓутоа, дури ни оваа вест не го одвратила Филип од продолжување на опсадата на Амбрак. По освојувањето, градот им бил препуштен на Епирците.[6] По овој успех, се упатил кон Акарнанија, каде му се придружил и акарнански одред од 2200 војници. Филип успеал да освои повеќе тврдини, а близу Фојтија уништил еден одред од 500 Ајтолци. Иако некаде во ова време примил порака од Ахајците во која се барала итна помош, тој продолжил со спроведување на својот план. Минувајќи ја

---

[1] Habicht 2006 [1970], 67ff.
[2] Walbank 1940: 38.
[3] За кампањата на Филип во западна Хелада *v.* Walbank 1940: 38ff; Cabanes 1976: 242ff; Сивкина 2006: 98ff. За топографијата *v.* Woodhouse 1897: 145ff, 159ff.
[4] Hammond 1988: 375. *contra HCP I*: 516: каде Ф. Волбанк претпоставува дека Скопас се пробил преку Темпе. Меѓутоа аргументот на Хамонд дека Скопас секако се обидел да го одмине утврдениот премин кај Темпе за да постигне целосно стратешко изненадување ми се чини поверојатен.
[5] Polyb., iv.62.
[6] Според Полибиј (iv.61), Филип е виновен за тоа што дозволил Епирците да го убедат да мине толку време во опсадувањето на Амбрак. Меѓутоа зад ваквата критика секако стои огорченоста на ахајскиот историограф кој веројатно не можел да му прости на Филип што своите, и потребите на останатите сојузници ги ставил пред оние на Ахајскиот сојуз. Најдобар показател дека станувало за лична одлука на Филип кој бил воден од сопствените стратешки замисли е фактот што дури и пустошењето на Пиерија и Дион не го одвратиле од неговите намери. Тешко дека Епирците би можеле со било што да го убедат Филип да остане во Амбракија додека Пиерија се наоѓала на удар на Ајтолците. *cf. HCP I*: 516. Па сепак, доколку се земе предвид однесувањето на Епир во текот на Војната на Деметриј, подоцнежната војна меѓу Антиох и Рим и III Римско-македонска војна, сомнежот дека и во овој случај тие се обидувале да играат двојна игра не може целосно да се отфрли.

реката Ахелој, го освоил и важното пристаниште Ојниада. Но, во тој момент неговата кампања била прекината од неочекуваните вести дека Дарданците се подготвуваат да упаднат во Македонија. Кога по враќањето во Пела сфатил дека од дарданскиот упад нема ништо, заминал за Тесалија каде го минал остатокот од летото.

Меѓу научниците нема согласност за тоа кои биле намерите на Филип, па според тоа и како да се оцени неговата прва кампања како крал на Македонија. Првиот проблем што секогаш се начнува при анализата на оваа кампања е присуството на римската војска во Илирија. Впрочем токму во овој период, при враќањето во Македонија кај него пристигнал Деметриј од Фарос, кој успеал да им се измолкне на Римјаните. Иако идејата за значењето на Рим при конципирањето на кампањата од 219 г. ст.е., во екстремна форма е претставена од В. Тарн и М. Оло[1] и со право е отфрлена како претерување,[2] римскиот фактор се провлекува и во подоцнежните дела.[3] За односите меѓу Македонија и Рим пред I Римско-македонска војна подетално ќе стане збор понатаму. Во оваа прилика доволно е само да споменам дека до тој момент немало ниту еден инцидент што би упатувал на тоа дека меѓу Македонија и Рим имало затегнати односи, дури и дали постоеле какви било односи воопшто. Според тоа не е многу веројатно дека војната меѓу Деметриј од Фарос и Рим претставувал значаен фактор при конципирањето на планот за 219 г. ст.е. Во крајна линија, доколку Филип стравувал од евентуален напад од Римјаните тој не би повел со себе 16.000 Македонци, прилично голема бројка со оглед на вообичаеното ангажирање на македонски трупи во изминатите години. Всушност и покрај присуството на римска војска во Дималон, Полибиј е експлицитен дека Филип ја прекинал својата кампања дури кога разбрал за претстојниот напад од Дарданците.[4] Според тоа, нема никаква причина да се верува дека Рим имал значајна улога во планот на Филип за дејствување за 219 г. ст.е.[5]

Според А. Ферабино, уште од самиот почеток планот на Филип бил да се пробие до Пелопонес, но во таквата намера бил спречен од жестината на ајтолскиот отпор.[6] Меѓутоа, од прегледот на Полибиј чие дело за овој период е комплетно, сосема е јасно дека ваквата претпоставка е неприфатлива.[7]

---

[1] Tarn 1928:765; Holleaux 1921: 140ff.
[2] *pace* Fine 1936: 35ff.
[3] *e.g.* Fine 1936: 35ff.; Walbank 1940: 41; Hammond 1988: 375f.
[4] Polyb., iv.66.1-3.
[5] Сивкина 2006: 99.
[6] Ferrabino 1921: 156.
[7] Walbank 1933: 131 n.1; Сивкина 2006: 99f.

Според Н. Сифкина, причината за ваквиот потфат на Филип во првата бојна сезона било неискуството на младиот крал, поради што тој истовремено сакал да се докаже и како способен заповедник што меѓу Македонците отсекогаш било мошне ценето, но истовремено и да избегне преземање на некој посериозен ризик. Истовремено тој сакал да се прикаже како хегемон на сите сојузници, а не само како орудие во рацете на Арат. Таа оди до таму, што дури и претпоставува дека веста за претстојниот напад на Дарданците била излажирана, како изговор за Филип да не им притекне во помош на Ахајците.[1] Како што ќе видиме, што се однесува до односот на Филип кон сојузниците, нејзината претпоставка е во голема мера оправдана; но, останатите апекти на нејзината теорија се неприфатливи. Мислењето дека тој истовремено барал начин да се покаже како способен заповедник а при тоа да избегнува поголеми ризици е само по себе контрадикторно – како може да се стекне слава на способен заповедник без преземање на ризици? Всушност, изборот на Филип да дејствува во западна Хелада, на границите на Ајтолија е далеку поризичен одошто би бил да се префрли на Пелопонес и да ги брани интересите на Ахајците против поделените ајтолски напаѓачки колони. Дека желбата да се покаже како способен заповедник не била од првенствено значење за Филип покажува и фактот што тој не се обидел да го спречи или казни повлекувањето на Скопас од неговиот пљачкашки поход во Пиерија, со што фактички бил првиот македонски владетел уште од времето на Кераун кој дозволил Македонија да биде изложена на надворешен напад. Очигледно тој оценил дека, во дадениот момент, спроведувањето на неговиот оперативен план е поважно од казнувањето на Скопас. Исто така, мислењето дека претстојниот дардански напад претставувала лажирана вест што му послужила како изговор на Филип не само што се противи на тоа што го соопштува Полибиј, туку и на хронологијата на настаните. Имено, доколку имало некакви сомнежи дека Филип во оваа ситуација лукаво ги изиграл Ахајците, Полибиј кој одвај чека прилика да го оцрни македонскиот владетел, тоа несомнено би го споменал. Згора на тоа, првиот повик за помош од Ахајците дошол уште пред Филип да замине итно за Македонија, кога тој се уште се наоѓал во областа околу Стратос и реката Ахелој, по што навистина се придвижил на југ, но се задржал кај Ојниада. Доколку Филип барал изговор да не им помогне на Ахајците, тогаш зошто лажната вест за придвижувањето на Дарданците не била искористена

[1] Сивкина 2007: 187f.

порано? Како што заклучува Ф. Волбанк, и покрај повиците за помош од Ахаја, Филип бил одлучен да го спроведе сопствениот план.[1]

Многу пологично и поверојатно изгледа објаснувањето на Ф. Волбанк, според кого Филип се обидувал да си пробие западен, а со тоа и алтернативен приод кон Пелопонес, при тоа подготвувајќи и терен за употреба на флотата за следната бојна сезона; со што истовремено и би го зголемил и зацврстил македонското влијание во регионот.[2] Па сепак, и покрај сите предности, според Н. Сифкина, и овој предлог мора да се отфрли и тоа од две главни причини – прво, затоа што Филип, со исклучок на Ојниада, никаде не поставил македонски гарнизони и второ, затоа што на крајот сепак не се префрлил на Пелопонес за да им помогне на Ахајците.[3] Меѓутоа, тоа што Н. Сифкина го превидува е дека Ф. Волбанк никаде не истакнува дека Филип имал намера да се префрли на Пелопонес, туку само дека сакал да пробие алтернативен пат до Пелопонес – идејата дека крајната цел на Филип била да се префрли на Пелопонес во истата бојна сезона е всушност на Полибиј. Разликата е суштествена и во основа целосно ја неутрализира втората забелешка на Н. Сифкина. Но и покрај тоа, мора да се признае дека теоријата на Ф. Волбанк, онака како што е искажана не дава доволно објаснување за целите на Филип. Тоа нè доведува истовремено и до првата забелешка на Н. Сифкина и до прашањето на односот на Филип кон западните сојузници.

Како што веќе беше истакнато, со исклучок на Ахајците и Акарнанците, останатите сојузници, вклучувајќи го и Епир, иако гласале за војна, зазеле двосмислен став кон Ајтолците. Овој факт никако не можел да мине незабележано кај Филип. Според тоа, преземањето на еден поход во западна Хелада, не само што нудел одредени стратешки погодности, како што е пробивање на алтернативен приод кон Пелопонес, истовремено бил неопходен и од политички причини, во прв ред заради Епир и Акарнанија. Евентуалната неутралност, или пак уште полошо, минувањето на ајтолска страна на Епир – како што се случило во времето на Војната на Деметриј II – би ја изложило западната граница на Македонија на постојан удар, а тоа било нешто што ниту еден македонски владетел доколку е во можност не би смеел да го дозволи. Заради тоа, барем што се однесува до Епир, Филип морал да постигне неколку цели – да ги импресионира Епирците со својата воена моќ и способност да ги одбрани од ајтолските напади, целосно да ги инволвира во војната со Ајтолија и по можност да ја придобие нивната благонаклоност. Колку Епирците биле

[1] WALBANK 1940: 39.
[2] WALBANK 1940: 39, 41f. *cf.* HAMMOND 1988: 374.
[3] СИВКИНА 2006: 100.

импресионирани од воената моќ на Филип може само да се шпекулира; меѓутоа, останатите цели несомнено биле постигнати – со предавањето на Амбрак во нивни раце, ако ништо друго Филип секако ја здобил нивната благодарност. Што е уште поважно, со учеството на епирските сили во кампањата на Филип, тие биле ставени пред свршен чин – каква игра и да се обидувале претходно да играат, сега веќе било сосема очигледно дека тие отворено се дел од анти-ајтолскиот табор. Впрочем, ваквата промена на состојбата не им останала незабележана и на Ајтолците. Имено, есента истата година, предводени од Доримах, Ајтолците навлегле во срцето на Молосија и меѓу другото ги ограбиле и запалиле и Пасарон и Додона, вклучувајќи го и светилиштето на Ѕевс.[1]

Од друга страна, иако Акарнанците од самиот почеток отворено истапувале против Ајтолија, поради својата положба, тие биле изолирани, а доколку Филип се посветел на состојбите на Пелопонес не би ни имало голема можност да им се испрати помош. Поради тоа, уште од самиот почеток било неопходно Филип да ја демонстрира својата грижа за единствениот сојузник кој, освен Ахајците, уште од самиот почеток давал недвосмислена подршка во војната со Ајтолија. Така со своето присуство Филип не само што ја поштедил Акарнанија од разурнувачки налет на Ајтолците, туку и со уништувањето на повеќе тврдини, го намалил притисокот врз неа. Згора на тоа, со освојувањето на Амбрак, сега Филип не само што го контролирал Амбракискиот залив, туку воспоставил и непречени комуникации со Акарнанија. Сфатено во овој контекст, и одлуката да не се поставуваат македонски гарнизони во регионот станува мошне разбирлива. Пред сè, новите гарнизони претставувале дополнително исцрпување на секогаш кревката благајна на Филип и биле поставувани само кога било неопходно. Што е уште поважно, со тоа Филип докажувал пред сојузниците дека неговата првенствена грижа е нивната заштита, а не зголемувањето на македонското присуство и контрола во регионот.[2] Според тоа, западната кампања на Филип иако стратешки само делумно вродила со плод,[3] од политички аспект се покажала како целосен успех.

[1] Polyb., iv.67.1-5; Diod., xxvi.7. *cf.* HAMMOND 1967: 576, 604.
[2] Овој аспект е убаво забележан од СИВКИНА 2007.
[3] HAMMOND 1988: 376 истакнува дека испуштањето на есенските месеци за дополнително опкружување на Ајтолија претставувало значителна загуба за Филип.

*Зимската кампања.*[1] Со оглед на настаните од изминатата година и двете страни имале причини да бидат и задоволни, но и да стравуваат за натамошниот тек на војната. Како што споменав, и покрај ограничениот стратешки успех, Филип барем можел да биде задоволен од политичките резултати од неговата западна кампања. Меѓутоа, какви и да биле успесите таму, тие никако не би можеле да ја надополнат евентуалната загуба на Ахајскиот сојуз. Зашто без разлика на сè, токму македонско-ахајскиот сојуз послужил како основа за создавање на Хеленската симахија; а и покрај сосема очигледната воена немоќ на Ахајците, тие неспорно биле најважната хеленска членка во Симахијата. Според тоа, евентуалното растурање на Ахајскиот сојуз, во суштина би претставувало и растурање на Симахијата. Затоа, било сосема јасно дека ако сака победа, Филип ќе мора што е можно побрзо да им помогне на своите најважни сојузници.

Од друга страна, во одредена смисла и Ајтолците се наоѓале во слична ситуација.[2] Навистина, налетот во Македонија несомнено донел голем плен, секогаш толку потребен за Ајтолија; а што е уште поважно нивната политика на Пелопонес вродила со плод и веќе никако не можело да стане збор за целосно изолирање на Ајтолците. Згора на тоа, здруженото дејствување на Ајтолија, Спарта и Елида се покажало како преголем залак за Ахајците, па секако постоела можност дека уште една успешна бојна сезона на Пелопонес би можела да доведе до целосно уништување на Ахајскиот сојуз, со што стратешката позиција на Ајтолија повеќекратно би се подобрила. Од друга страна пак, дејствувањето на Филип во западна Хелада несомнено претставувало непријатно изненадување и посредна опасност за самиот центар на Ајтолија. Доколку Филип бил оставен непречено да продолжи да се зацврстува во западна Хелада, постоела голема веројатност дека со тек на време тој ќе се обиде да навлезе и во внатрешноста на Ајтолија. Доколку се случело такво нешто, тогаш сите успеси постигнати на Пелопонес не би имале никакво значење. Затоа било поважно од кога и да е, тежиштето на воените дејствија да се префрли на Пелопонес.

Според тоа, било јасно дека и Филип и Ахајците и Ајтолците, секој од свои причини, во следната бојна сезона ќе се концентрираат на Пелопонес. Со цел да се продолжи притисокот врз Ахајскиот сојуз, зимата 219 г. ст.е., на чело на одред од нешто повеќе од 2.000 војници, Еврипида одлучил да го нападне

---

[1] Детално за зимската кампања *v.* Сивкина 2007: 192ff; Walbank 1940: 42ff; Thompson 1989: 145ff. За топографијата *v.* одличната анализа кај Pritchett 1989: ch.1.
[2] Tarn 1928: 766 не е далеку од вистината кога заклучува дека "the first round had gone to Aetolia".

Сикион. Во тој момент претходницата од неговата војска се судрила со еден одред од Критјани, чие присуство во околината несомнено претставувало голем изненадување за Еврипида. Меѓутоа, главното изненадување допрва следело. Имено, не станувало збор за самостоен одред, туку за дел од силите на Филип. Очигледно, сакајќи летната бојна сезона да ја искористи за понатамошно навлегување кон Ајтолија, Филип одлучил да ја среди ситуацијата на Пелопонес во една зимска, а со самото тоа и изненадувачка, кампања. Затоа, молскавично и без знаење на било кој, на чело на мала војска од околу 6.000 војници,[1] преку Евбоја се префрлил во Коринт,[2] и откако наредил ахајските засилувања да го дочекаат кај Кафија, се упатил кон Флијунт. Така без да знаат за меѓусебните намери и Филип и Еврипида се движеле еден кон друг. По првичниот судир на претходниците, Еврипида се обидел да се повлече, но прогонуван од Филип бил принуден на битка и тешко поразен. Еврипида со неколку коњаници успеал да побегне кон Псофида, но неговата војска била целосно разбиена.[3] Изненадувањето на кое Филип се надевал во целост успеало.[4]

Решен во целост да го исторισти овој успех, откако ги дочекал ахајските засилувања кај Кафија, Филип ја нападнал Псофида, што се наоѓала на непристапно и речиси неосвоиво место. И покрај првичното двоумење поради теренот, успеал во еден налет да го заземе градот. По неколку дневен престој, градот им бил предаден на Ахајците.[5] Освојувањето на овој град било до толку позначајно зашто сè додека бил во рацете на Елидците, претставувал истовремено закана и за западна Ахаја и за Аркадија. Филип продолжил со походот низ Елида, при што освоените тврдини им ги предавал на Ахајците. По неколку дена стигнал до Олимпија каде му принел жртва на Ѕевс, по што го продолжил пљачкањето на Елида. По успешното завршување на походот, повторно се вратил во Олимпија, а од таму се упатил кон Фара. Токму во тој период дошло и до првите ескалации во односите меѓу Арат и македонските советници на Филип, при што некои Ахајци биле избркани од своите места од Апел, а нивниот дел од пленот им бил одземен. Филип успеал да ја смири

---

[1] Одредот бил составен од 3.000 халкаспиди, 2.000 пелтасти, 300 Критјани и околу 400 коњаници од кралската гарда (Polyb., iv.67.6-7). Изразот халкаспиди очигледно се однесува на регуларната македонска фаланга, додека пак зад поимот пелтасти сега се кријат хипаспистите од времето на Александар III. За организацијата на македонската војска во времето на Антигонидите *v.* HATZOPOULOS 2001. *cf.* JUHEL & SECUNDA 2009.
[2] За итинерарот на Филип од Македонија до Коринт, *v.* LARSEN 1965.
[3] Polyb., iv.67.6-69.
[4] Polyb., iv.69.9: τοῖς δὲ Πελοποννησίοις πᾶσι παράδοξον ἐφάνη τὸ γεγονός· ἅμα γὰρ ἤκουον τὴν παρουσίαν καὶ τὴν νίκην τοῦ βασιλέως.
[5] Polyb., iv.70-72.

ситуацијата и за момент бурата била одмината. Но, подетално за овој проблем понатаму.

Наместо кон Фара, Филип неочекувано се свртел на југ и откако го распродал пленот од кампањата во Елида, се упатил кон Трифилија. Тука за само шест дена успеал да освои три тврдини каде биле групирани непријателските сили. Овој успех ги поттикнал и жителите на Фигалеја да го избркаат ајтолскиот гарнизон и да му се придружат на Филип. Благодарение на тоа, и Месенија конечно отворено се вклучила во војната.[1] Од Трифилија, која била освоена за шест дена, Филип заминал за Мегалопол, што предизвикало паника меѓу Спартанците, кои одненадеж се нашле на удар на македонската војска. Меѓутоа, сфаќајќи дека доволно е постигнато и дека е време за неговите македонски трупи да се одморат, Филип ја распуштил војската, при што Македонците заминале дома, а тој со својот двор се сместил во Аргос.[2]

Наместо да им ја предаде Трифилија на Ахајците, Филип ја ставил под непосредна македонска контрола, а за заповедник (епимелет) го поставил Акарнанецот Ладик. Според Ф. Волбанк, целиот поход во Трифилија и одлуката областа да се стави директно под македонска власт била резултат на тоа што Апел и неговиот кружок успеале да го надвладеат влијанието на Арат.[3] Како што споменав, проблемот со Арат, Апел и останатите советници ќе биде разгледан понатаму. Во оваа прилика доволно е да се истакне дека стратешките и економски критериуми се сосема доволни за да може да се објаснат однесувањето и одлуките на Филип во дадените околности. Одлуката наместо кон Фара, Филип да се упати кон Трифилија, наместо да се објаснува со некакви задкулисни интриги, многу полесно може да се сфати како едноставно воено лукавство. Додека непријателите очекувале Филип да се повлече кон западна Ахаја, тој сосема неочекувано се свртел на југ и повторно ги затекнал непријателите изненадени и несоодветно подготвени. Со оглед на огромното стратешко значење на Трифилија пак во војната на Пелопонес, воопшто и не изненадува што Филип одлучил да ја стави под директна македонска контрола. Имено, со освојувањето на Трифилија тој во суштина забил клин меѓу Елида и Спарта, со што евентуалните заеднички операции против Ахаја биле оневозможени. Со оглед на постојано демонстрираната воена неспособност на Ахајците, претставувало сериозен ризик оваа важна област да се остави во нивни раце. Навистина, на прв поглед ваквата одлука, споредена со однесувањето во Елида, можеби би можела да се земе како показател дека

---

[1] Polyb., v.4.5.
[2] Polyb., iv.77-82.1.
[3] WALBANK 1940: 45, 47.

дошло до промена во односот на Филип кон Ахајците. Меѓутоа, секогаш мора да се има предвид дека Филип, како и останатите Антигониди, постојано бил исправен пред еден сериозен предизвик кога станувало збор за воспоставувањето на гарнизони. Имено, тој имал две можности – или да остави гарнизон од македонски војници, при што се лишувал од своите драгоцени домашни војници, или пак да остави гарнизон од платеници, при што дополнително ја оптоварувал својата благајна. Во случајот на Елида, ваквите жртви очигледно не биле исплатливи; особено што предавањето на овие градови во рацете на Ахајците секако се сфаќало и како великодушен чин од благонаклонет хегемон и сојузник. Во случајот пак на Трифилија, поради стратешката важност на обласга, било неопходно Филип ништо да не препушти на случајот и да ја стави под сопствена контрола. Впрочем, дека и во овој случај интересите на Ахаја не биле сосема занемарени говори и фактот што и Фигалеја, од каде и почнала ескалацијата на судирите меѓу Ахаја и Ајтолија, најверојатно им била предадена на Ахајците.[1] Според тоа, разликите во одлуките во Елида и Трифилија нема потреба да се толкуваат како резултат на смената на влијание во дворот на Филип. Попрво станува збор за постојан став на еден крал кој не ги губел од вид пред сè интересите на Македонија, и дејствувал соодветно на тоа.

Во крајна линија, интересите токму на западна Ахаја повторно избиле во преден план кога кон крајот на зимата Филип уште еднаш навлегол во Елида. Во нападот било освоено и стратешки важното утврдување Тејхос Лариса, што го предал на Дима. Походот завршил со пљачкање на северна Елида, со што Филип успеал да ја пополни својата каса.[2]

*Поморската кампања.* Доколку летната кампања во западна Хелада оставила место за сомнеж, тогаш со оваа зимска кампања Филип несомнено стекнал углед на способен и извонредно брз и непредвидлив заповедник. Оние што очекувале дека ќе се судрат со младо и неискусно момче, несомнено биле длабоко разочарани и изненадени. Дури и Полибиј кој нема многу зборови на пофалба за Филип, мора да признае дека тој поседувал значителни способности на одличен заповедник, кој непосредно ја водел водел војската со примери на лична храброст.[3] Од практичен аспект, со оваа зимска кампања, не само што безбедноста на Ахаја била подобрена, туку и македонското влијание и контрола

---

[1] *cf.* Paus., viii.30.5. Head 1911: 418: каде се наведени примероци од монети од Фигалеја, која во тоа време емитирала монети на Ахајскиот сојуз.
[2] Polyb., iv.83.
[3] Polyb., v.18.7-8.

на Пелопонес биле значително зголемени. Згора на тоа, со постигнувањето на овие цели во текот на зимата, Филип ја оставал целата бојна сезона од 218 г.ст.е. отворена за продолжување на офанзивата против Ајтолија.

Меѓутоа, и покрај сите успеси било јасно дека војната претставувала претерано оптоварување на кралската благајна. Поради тоа, Филип бил принуден да најде начин Ахаја да покрие барем дел од трошоците за македонската војска која во основа војувала заради заштита на Ахајскиот сојуз. Првиот обид, на собранието во Ајгиј, да ја добие финансиската подршка од Ахајците пропаднала, бидејќи новоизбраниот стратег Епарат не можел да собере доволно силна подршка за предлогот, додека пак во тој момент Арат не сакал да го подржи Филип. Правилно сфаќајќи ја ситуацијата, Филип побарал собранието да биде префрлено од Ајгиј во Сикион, каде на приватна средба, успеал да го одоброволи Арат; по што било одлучено Ахајскиот сојуз веднаш да му исплати на Филип 50 таланти, да му испрати 10.000 медимни жито, а за секој месец минат на Пелопонес дополнително да му исплаќа по 17 таланти.[1]

Набрзо по постигнувањето на овој договор, Филип на своите *philoi* им ја соопштил одлуката да преземе поморска офанзива против непријателите. Според него, единствено ваквиот пристап би му овозможил постојано да врши притисок врз сите противници, кои поради меѓусебната географска изолираност и мобилноста на неговата флота не би можеле да си помагаат меѓусебе.[2] Ваквата промена во политиката на Филип, генерално се толкува како резултат на зголеменото влијание на Деметриј од Фарос.[3] Меѓутоа, влијанието на Деметриј, како и она на Арат, но и воопшто на сите советници што Полибиј ги набројува, најверојатно е преувеличано во изворите.[4] Колку тој навистина влијаел врз младиот крал никогаш нема да може со сигурност да се утврди, така што ова толкување на современите научници не е ништо повеќе од една спекулација, што се разбира и не значи дека не може да е точно. Сепак при оценувањето на оваа одлука на Филип ми се чини дека во предвид мора да се земат неколку фактори што често се занемаруваат. Прво, за разлика од Аргеадите, кај Антигонидите имало силна традиција на поморска активност и тоа уште од времето кога Антигон Еднookиот и Деметриј Полиоркет се бореле за обединување на целото кралство на Александар III, а ваквата традиција била продолжена и од нивните наследници. Впрочем двете најголеми поморски победи во времето на епигоните ги извојувал токму Антигон Гоната, дедото на

---

[1] Polyb., v.1.6-12. *cf.* GRIFFITH 1935: 305f.
[2] Polyb., v.2.1-3.
[3] *e.g.* FERRABINO 1921: 195ff; WALBANK 1940: 50f; ERRINGTON 1967: 52.
[4] *cf.* O' NEIL 2003: 515ff.

Филип V. Второ, уште од времето на Гоната, Антигонидите имале обичај да ја користат флотата и во амфибиски потфати, ако ништо друго, барем за постојан транспорт на војската од Македонија, преку Евбоја, во јужна Хелада. Заради постигнување на тактичко изненадување, флотата најверојатно била искористена и од Деметриј II, доколку битката кај Филакија навистина се одиграла на Пелопонес.[1] Додека пак, доколку претходно споменатата реконструкција на Ј. Шолтен е точна, токму во таква улога флотата била искористена точно една деценија порано, во текот на војната на Антигон Досон со Ајтолскиот сојуз. Дека ваквата употреба на флотата, односно копнените сили не била ништо невообичаено кај Антигонидите, сведочи и Полибиј, кој за македонската војска вели πρός τε γὰρ τοὺς ἐν γῇ κινδύνους ἐκ παρατάξεως γενναιότατοι πρός τε τὰς κατὰ θάλατταν ἐκ τοῦ καιροῦ χρείας ἑτοιμότατοι κτλ.[2]

На крајот, токму кампањата во западна Хелада претходната година е можеби најцврст аргумент дека Филип уште од претходно планирал да ја употреби флотата во војната против Ајтолците. Имено, уште Ф. Валбанк точно упатил на важноста на Ојниада, која била освоена пред пребегнувањето на Деметриј, за преземање на поморски акции во Амбракискиот и Коринтскиот залив.[3] Според тоа, иако не е невозможно, сепак мислам дека нема никаква потреба од советот на Деметриј од Фарос, за Филип да може да ја сфати тактичката предност што би му ја донела евентуалната поморска кампања. Доколку е тоа така, а кампањата била планирана уште од 219 г. ст.е., тогаш зошто Филип почнал да ги подготвува фалангитите за поморски операции дури пролетта 218 г. ст.е.? Претпоставувам дека одговорот на ова прашање се крие во договорот со Скердилаида и II Илирска војна. Имено, како што беше споменато претходно, уште во 220 г. ст.е. Филип постигнал договор за соработка со Скердилаида, кој најверојатно и бил примен во Хеленската симахија. Со оглед на тоа што по кариската експедиција на Досон флотата најверојатно била занемарена,[4] на почетокот на Сојузничката војна Филип не располагал со доволно бројна флота за дејствување во Јонското море и за таа цел планирал да ја искористи мобилната флота на Скердилаида. Меѓутоа, поради избивањето на II Илирска војна, односно присуството на римските сили во Илирија, Скердилаида очигледно не можел да го исполни својот дел од договорот. Поради тоа, до почетокот на 218 г. ст.е., на Филип му станало јасно дека доколку сака да започне поморска офанзива против Ајтолија и нејзините сојузници,

[1] *v.* BELOCH 1927: 529.
[2] Polyb., v.2.5.
[3] WALBANK 1940: 40, 42; ID. 1982: 225.
[4] WALBANK 1982: 225.

евентуалната помош од Скердилаида нема да биде доволна, па затоа ќе мора да ги искористи сопствените војници како поморци.

Во секој случај, на почетокот на јуни, флотата[1] била подготвена и Филип, водејќи војска од околу 7.200 војници, од Коринт испловил кон Патра.[2] Иако ваквото движење нaговестувало напад на Елида, Филип неочекувано се упатил кон Кефаленија, каде според договореното му се придружиле и одредите од Месенија, Епир и Акарнанија, додека поради внатрешни немири, Скердилаида успеал да му испрати само 15 бродови.[3] Иако Македонците успеале да ги пробијат ѕидините на Пала, загубите при обидот да се освои градот биле значителни и на крајот Филип одлучил да се повлече.[4]

*Термон.*[5] Токму тогаш пристигнала веста дека Доримах, со половина од ајтолската војска повторно навлегол во Тесалија; а истовремено и Месенците побарале помош од Филип против Ликург од Спарта, кој навлегол во Месенија. Меѓу советниците на Филип дошло до дискусија што да се преземе. Леонтиј од една страна се залагал за тоа да се мине на Пелопонес и да се помогне на Месенија, додека Арат се залагал да се искористи отсуството на половината од ајтолската војска и да се навлезе подлабоко во Ајтолија. На крајот, Филип го прифатил вториот предлог и му порачал на Епарат да испрати ахајска помош во Месенија, по што се истоварил во Лимнаја во Акарнанија.[6]

Откако му се придружила акрнанската војска, во приквечерието Филип го започнал напредувањето и во забрзан марш стигнал во Термон во вечерните часови следниот ден. Така во еден импресивен марш, за околу 28 часа, трупите на Филип минале 80 километри,[7] и тоа низ непријателска територија.[8] Во таа прилика Филип им дозволил на војниците да им се препуштат на страстите и Термон бил целосно ограбен и разурнат, при што не биле поштедени ни светите објекти. Сосема очекувано, Полибиј во еден долг екскурс го обвинува и осудува Филип за ваквата барбарска, и според него, непродуктивна одлука; при што вината во одредена мера му ја префрла на Деметриј од Фарос и неговото

[1] Флотата била составена од ахајски и македонски бродови, што е уште еден показател дека во тоа време подготвеноста на македонската флота била на многу ниско ниво.
[2] Polyb., v.2.11.
[3] Polyb., v.4.3-4.
[4] Polyb., v.4.6-13. Според Полибиј, главната причина за неуспехот била саботажата од Леонтиј, но како што ќе биде наскоро покажано, ваквиот приказ е резултат на пропагандата на Филип V и Арат.
[5] За топографијата во походот на Термон *v.* WOODHOUSE 1897: 228 ff; *HCP I*: 543ff.
[6] Polyb., v.5. Нешто подетално за мотивите на Леонтиј ќе стане зборр понатаму.
[7] HAMMOND 1988: 379.
[8] Polyb., v.6-8.

влијание врз младиот крал.[1] Канонадата на Полибиј секако е инспирирана од неговата незаситна желба во секоја прилика да го оцрни кралот, а поткрепена од временската дистанца што му овозможува на еден квази-моралист да суди како што му одговара, без воопшто да води сметка за моменталните прилики и мотиви што го воделе Филип. Ваквата мисла, се разбира во многу поразумни мерки, одекнува и кај некои од современите историчари.[2]

Меѓутоа, во оваа прилика нема никаква потреба воопшто да се следи Полибиј. Пред сѐ, како што истакнува Н. Хамонд, македонската војска не би се задоволила со ништо помалку од комплетно спроведување на *lex talionis*.[3] Впрочем, воопшто не е случајно што во оваа прилика македонските војници по ѕидовите испишувале стих на поетот Самос, кој бил дел од опкружувањето на Филип,[4] што гласел ὁρᾷς τὸ δῖον οὗ βέλος διέπτατο.[5] Се рабира, би било наивно да се помисли дека Филип го презел овој ризичен потфат само за да ја задоволи желбата на Македонците за одмазда. Напротив, уништувањето на Термон како

---

[1] Polyb., v.9-12. Интересно е тоа што и покрај сите обиди, во оваа прилика Полибиј не може целосно да го ослободи од вина ниту Арат. Впрочем, како што заклучува WALBANK 1940: 55, Арат всушност имал многу повеќе причини и мотиви да ги мрази и да им се одмазди на Ајтолците отколку што имал Деметриј од Фарос.

[2] WALBANK 1940: 55 истакнува дека кој и да бил одговорен за одлуката, во крајна линија таа била сосема прифатлива за еден потомок на Пир. Потрезевен и би можело да се каже во одредена мера точен е заклучокот на TARN 1928: 767 кој истакнува дека ова дело е прво сведоштво за повременото губење на котрола кај Филип. Во некоја рака ова е точно, како што Филип ќе докаже во повеќе прилики во иднина, меѓутоа само доколку се прифати дека станувало збор за импулсивен и непромислен чин, а уништувањето на Термон најверојатно не спаѓа во таа категорија.

[3] HAMMOND 1988: 379 n.2.

[4] *v. HCP I*: 547.

[5] Polyb., v.9.4. Стихот е адаптација на Eurip., *Supp.*, 860: ὁρᾶις τὸ λάβρον οὗ βέλος διέπτατο. За очигледната популарност на стихот говори и фактот што негова варијација се среќава и на еден натпис од Епир, што гласи Ἀρὰ τῷ Διὶ οὗ βέλο[ς] διίπτατ[αι] (*v.* COOK 1946: 112; *cf.* HAMMOND 1967: 194). Додека основното подбивно значење на стихот е сосема јасно, меѓу научниците има несогласување околу тоа што е секундарната порака. Имено, според HAMMOND 1988: 379 и CABANES 1976: 246f. *dion* истовремено алудирал и на Дион, но и на Ѕевс, односно Додона, двете светилишта што претходната година биле уништени од Ајтолците. Од друга страна, според DOW & EDSON 1937: 156 (што е прифатено и од WALBANK 1940: 55 n.1) освен очигледната алузија на Дион, стихот истовремено покажува дека Филип ја презел и улогата на Ѕевс. Што се однесува до првото мислење, натписот од Јанина секако докажува дека стихот бил популарен и во Епир. Меѓутоа, Полибиј јасно кажува дека уништувањето на Термон е одмазда за ајтолското уништување на Дион, при што не ја споменува и Додона. Од друга страна, се сомневам дека обичниот македонски војник многу бил загрижен за тоа дали зад *dion* во основа се крие улогата на Филип. Уништувањето на Термон било одбележано и на една бронзена серија на монети од с. 217 г. ст.е., со приказ на Ѕевс на аверсот и Пан на реверсот. Фактот што овој приказ се среќава само на бронзените монети, недвосмислено покажува дека без разлика како Епирците го сфаќале стихот на Самос, во пропагандни цели уништувањето на Термон Филип пред сѐ го истакнал пред своите Македонци. Можеби досетливоста и мајсторијата во стихот е токму тоа што секој можел да го сфати онака како што сака – за Епирците секако бил асоцијација на Додона, за Македонците на Дион и божествената правда, а за Филип, доколку сакал да си ласка на себе, за неговата улога на спроведувач на вољата на Ѕевс.

акт на одмазда веројатно било од секундарно значење во споредба со психолошките, стратешките и економските ефекти што Филип сакал да ги постигне. Како што заклучува Ј. Шолтен, со овој молскавичен напад, Филип ги лишил Ајтолците од двете нивни најголеми драгоцености – чувството на територијална сигурност на јадрото на Ајтолија и материјалните средства што со децении биле собирани во Термон;[1] а токму можноста од стекнување на огромен плен за полнење на касата, што дополнително била оптоварена со новата поморска програма, веројатно играла значителна улога во одлуката да се нападне градот. На лично ниво, успехот во Термон истовремено бил и сведоштво за исправноста и ефикасноста на новиот правец на водење на војната, што како што споменав најверојатно бил инициран од Филип, наспроти традиционалната и неимагинативна политика на неговите советници.

Што се однесува пак до долгорочните цели на Филип, тешко е да се каже каков бил ефектот што сакал да го постигне со уништувањето на Термон. В. Тарн на пример, смета дека со овој импулсивен чин, Филип си ги затворил вратите за евентуално постигнување на мировен договор.[2] Главната забелешка на ваквата претпоставка од страна на Ф. Волбанк е во тоа што тој се сомнева дека Филип воопшто и посакувал мир во тој момент.[3] Во основа, ми се чини дека и двете мислења се погрешни. Обидите на Филип до последен момент да ја избегне војната, како и неговата подготвеност на преговори и во 218 и во 217 г. ст.е. секако сведочат за неговата желба што е можно побрзо да ја заврши војната со Ајтолија. Што се однесува пак до мислењето на В. Тарн, многу е тешко да се претпостави реакцијата на еден народ соочен со ваква катастрофа.[4] Во конкретниов случај, подготвеноста на Ајтолците за преговори уште во 218 г. ст.е., и прифаќањето на мирот веќе следната година, напротив, сведочи за тоа дека уништувањето на Термон претставувало голем психолошки удар што ја поткопал нивната волја за продолжување на војната. Дали тоа уште од самиот почеток била една од целите на Филип, или пак станувало збор за спореден и непланиран ефект во никој случај не може да се докаже.

Молскавичниот напад на Термон бил сведоштво за одважноста и непредвидливоста на Филип како стратег, и извонредната дисциплина и издржливост на македонската војска. Ризичното повлекување пак кон Лимнаја[5]

---

[1] SCHOLTEN 2000: 223.
[2] TARN 1928: 767.
[3] WALBANK 1940: 55.
[4] Така на пример, добро е познато како соочени со улични борби во Париз, Французите во 1940 побрзале да го прогласат Париз за отворен град и покрај инсистирањето на В. Черчил дека уличните борби во огромниот град ќе ја исцрпат германската војска. Една година подоцна, соочени со слична судбина, Русите ќе решат ако треба да го жртвуваат сето културно и историско наследство, но во никој случај да не го предадат Ленинград.

Лимнаја[1] ги покажало неговите извонредни способности во употребата на лесната пешадија, што е можеби и неговиот најпрепознатлив и најголем квалитет. Свесен дека неговата војска натоварена со огромен плен може да настрада од неочекуван напад од Ајтолците, се осигурал главнината на неговата војска да биде соодветно обезбедена на крилата.[2] Благодарение на тоа, ајтолскиот напад, што во прв ред создал неред во заштитницата на Филип, со леснотија бил одбиен кога во битката се вклучиле пелтастите и Илирите. Повлекувањето понатаму минало без поголеми потешкотии, при што Филип успеал да заземе и уништи неколку попатни утврдувања. Дури кај Стратос бил повторно сочен со нов напад од прилично бројниот гарнизон во градот. И во овој случај во почетокот исходот од битката бил несигурен, но кога Филип ги вклучил и Илирите како засилување на платениците од заштитницата, Ајтолците се повлекле; по што без проблеми стигнал до Лимнаја.

Од Лимнаја, флотата заминала за Коринт, и откако му се приклучила и ахајската војска, за седум дена, Филип навлегол во Лаконија.[3] Мислејќи дека Филип сѐ уште се наоѓа во Ајтолија, Спартанците биле шокирани и испаничени кога го виделе кралот на чело на војската во Лаконија.[4] Дел од Лаконија бил опустошен, а обидот на Ликург да го изненади Филип, бил одбиен со веќе испробаниот рецепт при што први во напад минале платениците, подоцна подржани од пелтастите, додека Илирите се подготвувале да го нападнат крилото на Спартанците.[5] Иако ноќта по овој успех ја минал близу Спарта, Филип не го нападнал градот и потоа се повлекол кон Тегеја каде го распродал насобраниот плен. В. Тарн веројатно претерува кога овој напад го карактеризира само како предупредување до Спарта,[6] зашто е јасно дека акцијата имала ограничени цели. Освен постојаната потреба да се пополнува касата со нов плен, нападот на Лаконија веројатно бил преземен со цел да се зацврсти моралот на Месенија која претходно се нашла на удар на Спарта, и

---

[1] Polyb., v.13-14.7.
[2] TARN 1930: 26: истакнува дека во оваа прилика Филип така ја распоредил војската за што е можно повеќе да ги заштити Македонците, при што бил подготвен да ги жртвува платениците. *cf.* WALBANK 1940: 56. Меѓутоа, ваквата анализа не е сосема точна и е неправедна кон Филип како заповедник подготвен смислено да жртвува дел од војската. Имено, точно е дека отстапницата, составена од Акарнанци и платеници го примила првиот удар од Ајтолците. Меѓутоа исто така треба да се истакне дека одлучувачкиот налет бил изведен од дел од пелтастите и Илирите. Според тоа, мислам дека при распоредувањето на силите тој пред сѐ бил воден од вооружувањето и соодветноста на силите за конкретната задача, а не од фактот дека во заштитницата намерно ги оставил платениците само затоа што нивните животи немале иста вредност како на Македонците.
[3] Polyb., v.18-24.6. *v.* THOMPSON 1989: 142ff.
[4] Polyb., v.18.
[5] Polyb., v.22.-23.6.
[6] TARN 1928: 767.

што е уште поважно дополнително да се поткопа моралот на противниците со брзи и сосема неочекувани напади, во што целосно успеал. Дури и Полибиј морал да признае, дека спротивно на неговите години, Филип покажал извонредна смелост и енергичност, со што ги ставил противниците во состојба на постојана збунетост и беспомошност.[1]

Според Ф. Волбанк, и покрај спектакуларноста на овие напади, сепак генералниот неуспех на политиката на Филип бил очигледен, при што постојан проблем бил недостатокот од финансии.[2] Иако ваквиот заклучок не е погрешен, сепак не смее да се потцени ефектот од акциите на Филип. Всушност, трите последователни кампањи во Елида и Трифилија, Ајтолија и Лаконија иако од аспект на територијална експанзија не смениле многу, од корен го смениле односот на силите и уште поважно, го поткопале моралот на неговите противници. Навистина, понудата до Елида да склучи мир во првите месеци од 218 г. ст.е. била одбиена, а Елидците дури и постигнале некои успеси во западна Ахаја во текот на бојната сезона. Меѓутоа, неуспесите на Ликург во Месенија и против Тегеја, како и неуспешниот поход на Доримах во Тесалија, како и уништувањето на Термон и пустошењето на Лаконија јасно наговестувале дека Ајтолците и нивните сојузници полека ја губат војната. Неполна година претходно, Ахајскиот сојуз бил на работ на пропаст, а сега Ајтолците биле тие што го доживеале најстрашниот удар во последните децении. Освојувањето на Трифилија пак значело крај на евентуалните обиди за заедничко дејствување на Елида и Спарта, а бркањето на ајтолскиот гарнизон од Фигалеја и вклучувањето на Месенија во војната дефинитивно ја поставиле Симахијата во доминантна позиција на Пелопонес.

Затоа, воопшто и не изненадува што барем за момент, веќе истата година Ајтолците размислувале за мир. Имено, по враќањето од Спарта, во Коринт Филип бил пречекан од делегати од Родос и Хиос кои се понудиле да посредуваат во постигнување на мир со Ајтолија. Филип веднаш го прифатил предлогот и било договорено примирје на 30 дена и бил одреден датумот за преговорите што требало да се одржат во Рион. Според Полибиј, иако ја прифатил иницијативата од Родос и Хиос, Филип во суштина воопшто не планирал да склучи мир со Ајтолија, туку само се преправал пред пратениците.[3] Доколку се земе предвид дотогашното однесување на Филип, сосема е јасно дека и овој пат станува збор за обид на Полибиј да го оцрни кралот. Нема ниту

[1] Polyb., v.18.7-8.
[2] Walbank 1940: 58.
[3] Polyb., v.24.11. Верзијата на Полибиј, без никаков коментар ја пренесува Ager 1996: 146.

еден показател за тоа дека Филип играл двојна игра. Напротив, од приказот на Полибиј сосема е очигледно дека Ајтолците се тие што се откажале од преговорите. Згора на тоа, пред прекинот на преговорите, Филип веќе ги повикал сите сојузници да испратат делегации во Патра заради консултации околу претстојните преговори.[1] Во тој момент Филип никако не можел да знае дека Ајтолците ќе ги прекинат преговорите. Според тоа, доколку од самиот почеток немал намера да склопи мир, зошто воопшто би ги повикувал сојузниците при што самиот ќе се изложел на непријатности и осрамотување. Според тоа, ценам дека во тој момент Филип навистина бил подготвен да склучи мир со Ајтолија.[2] Меѓутоа, новостите што пристигнале за неприликите што го снашле Филип со неговите советници ги охрабриле Ајтолците и обидот за постигнување на мир пропаднал.[3]

[1] Polyb., v.28.3.
[2] *pace* HOLLEAUX 1921: 149 n.1. *contra* WALBANK 1940: 60.
[3] Polyb., v.24.11-12: 28.1-4.

## III

## Судбината на старата гарда[1]

Станувало збор за судирот меѓу Филип и дел од неговите советници, што кулминирал со убиството на Апел, Леонтиј и Мегалеја. Според Полибиј, уште при поделбата на функциите пред смртта на Антигон Досон, дошло до формирање на два табори меѓу новоназначените советници на Филип. Апел, подржан од Леонтиј и Мегалеја, се обидувал да ги отстрани Александар и Таврион и лично да ја преземе контролата врз сите државни работи.[2] Ваквото тврдење, само по себе не е неверојатно и во суштина сосема се совпаѓа во сликата што ја имаме за состојбите на кралските дворови на хеленистичките монарси. Ова е всушност важен аспект во приказната и не треба да се заборави при анализата на целата афера.

За жал, за понатамошните борби за влијание и контрола меѓу дворјаните не знеме ништо повеќе. Имено, од почетокот на Сојузничката војна, главната улога ја презема Арат, при што мотивите на странката на Апел секогаш се толкуваат само преку интересите и погледите на Ахаја.[3] Сосема е јасно дека еден ваков субјективен приказ на настаните не може во целост да ни овозможи да проникнеме во вистинската ситуација и мотивите на двете страни. Меѓутоа, ако ништо друго тогаш со сигурност може да се заклучи дека сликата за односот меѓу Филип и Арат што ни ја дава Полибиј е несомнено преувеличана и во основа не соодветствува на реалните состојби. Мотивите на Арат за ваквото искривување се сосема очигледни – обидувајќи се да се претстави себе си како близок и влијателен соработник на Антигон Досон и Филип V, тој пред сè сакал да ја намали штетата врз неговиот углед поради фактот што воопшто му овозможил на Досон повторно да ги наметне македонската контрола и влијание на Пелопонес.

И покрај сите обиди на Полибиј, односно Арат, да ги прикаже односите меѓу Досон и ахајскиот државник како срдечни и искрени, сосема е јасно дека станува збор за една пропагандна слика наменета за Ахајците, што нема никаква поткрепа. Најречит доказ дека станува за едно комплетно искривување сведочи фактот што дури и Плутарх не поверувал во тоа. Напротив, сликата што тој ја дава, а ја презел од Филарх, покажува дека Арат немал апсолутно никакво

[1] За тоа што следи, генерално ја следам одличната анализа на Errington 1967.

[2] Polyb., iv.87.8-10.

[3] Иако Мемоарите на Арат завршувале со настаните с. 220 г. ст.е., односно пред настаните опишани во IV книга на Полибиј (*v.* Walbank 1933: 6ff.), во Ахаја имало богата проаратовска традиција, што Полибиј и Плутарх несомнено ја користеле (Errington 1967: 20 n.9).

влијание и контрола врз клучните одлуки на Досон.[1] Склучувањето на македонско-ахајскиот сојуз и создавањето на Хеленската симахија, не подразбирало и добри и срдечни односи меѓу Досон и Арат; тие веројатно останале сомничави и полни со недоверба еден кон друг.[2]

За жал, како што заклучува Р. Ерингтон, скептицизмот што Плутарх го покажал кон сликата за односот меѓу Досон и Арат, не го задржал и при приказот на односите меѓу Арат и Филип.[3] Така, според него, пред својата смрт Досон го испратил Филип на Пелопонес со задача пред сѐ да се зближи со Арат и токму преку него да ги води работите на Пелопонес.[4] Приказот очигледно е заснован на аратовската пропаганда и воопшто не одговара на подоцнежниот развој на настаните.[5] Всушност, мотивите зад одлуката да го испрати Филип на Пелопонес се многу поедноставни. Со оглед на тоа што Досон знаел дека се наоѓа на смртна постела, идеата најверојатно била Филип да стекне искуство и да се запознае од прва рака со состојбите на Пелопонес,[6] односно да се подготви за улогата на хегемон на Симахијата.[7] Нормално, тоа подразбирало дека ќе стапи во контакт и со Арат, како и со други водечки ахајски државници, но тоа во никој случај не значи дека главната цел за испраќањето на Филип на Пелопонес биле само Арат и Ахајците.[8]

Според тоа, при обидот за донесување на заклучок околу целата афера, секогаш треба да се води сметка пред сѐ за тоа дека уште од самиот почеток на владеењето на Филип имало борба за превласт меѓу неговите најблиски соработници, но и за претерано пристрасниот приказ на Полибиј за важноста и влијанието на Арат на македонскиот двор. Второво е особено важно, затоа што целата афера, каде централна улога секако играле интересите и односите меѓу водечките луѓе во Македонија, е всушност прикажана како судир меѓу бранителот на ахајските интереси Арат и нечесниот и љубоморен Апел, кој сакал да ја уништи независноста на Ахаја.

Според тоа, првиот инцидент што претставувал увод во целата афера, според Полибиј се случил во текот на зимската кампања во Олимпија, кога Апел им дозволил на македонските војници да ги истераат Ахајците од нивните шатори и да им го одземат делот од пленот. Кога овие се побуниле, тој наредил да бидат казнети. Ахајците му се пожалиле на Арат, кој пак отишол кај Филип.

---

[1] Plut., *Arat.*, 45. *cf.* 38.4-5; *Cleom.*, 15.1., 16.3-5.
[2] Детално за односите меѓу Досон и Арат *v.* GRUEN 1972.
[3] ERRINGTON 1967: 21.
[4] Plut., *Arat.*, 46.
[5] ERRINGTON 1967: 21.
[6] TARN 1928: 763.
[7] WALBANK 1984: 473.
[8] ERRINGTON 1967: 21.

Обидувајќи се да го задржи редот во војската, Филип му ветил на Арат дека таквите постапки веќе нема да се повторат, но истовремено не презел ништо против Апел.[1] Очигледно е дека значењето на целиот настан, кој во основа и немал никаква врска со заговорот на Апел, е преувеличано кај Полибиј. Според ахајскиот историограф – односно проаратовската традиција – ова бил првиот чекор на Апел во неговиот обид да ја потчини Ахаја и да ја доведе во ситуација слична на онаа на Тесалија.[2] Дали навистина Апел имал таков план веќе не може да се каже. Меѓутоа, постапката на Апел и Македонците е сосема разбирлива без воопшто да се помислува на постоење на такви долгорочни планови. Што се однесува до Апел, можеме да претпоставиме дека како и повеќето македонски првенци од тоа време, сосема добро се сеќавал на тоа како на предавнички начин Арат успеал да го изгони гарнизонот на Гоната од Коринт.[3] Исто така, веројатно знаел дека од двата главни хеленски којнони, Ахајскиот е тој што традиционално бил непријателски настроен против Македонија, уште од времето на Хремонидовата војна. Според тоа, сосема е разбирливо што Апел веројатно ги презирал и Арат и Ахајците и ја користел секоја можност за нивно понижување. Македонските војници пак од друга страна, од сосема различни причини имале исто толку мотиви да ги презираат Ахајците. Зашто токму поради нивната постојана демонстрација на воена неспособност сега тие биле принудени во зимски услови да војуваат на Пелопонес, далеку од своите домови; згора на тоа, наспроти околу 6.000 македонски војници, во кампањата учествувале околу 4.000 Ахајци, иако станувало збор за одбрана токму на нивната земја.[4] Според тоа, сосема е веројатно дека станувало збор за спонтан излив на незадоволство на македонските војници кон нивните сојузници; однесување што Апел можеби го охрабрил, а можеби и не, но во секој случај не го спречил. Всушност, случката е многу поважна за Арат и неговите постојани обиди да ја оправда сопствената одлука да го повика Досон на Пелопонес, а Ахаја да ја приклони кон Македонија. Прво, го истакнувал сопственото значење и влијание кај Филип и второ ја истакнувал независноста на Ахајците кои биле сојузници, а не поданици на Македонија.[5]

---

[1] Polyb., iv.76.
[2] Polyb., iv.76.1.
[3] Дури и Полибиј признава дека освојувањето на Коринт во суштина претставувало чин на ἀδικία (Polyb., ii.50.9).
[4] *cf.* WALBANK 1933: 134.
[5] Дека работите не биле баш такви како што Арат би сакал да веруваме, во основа дознаваме од Полибиј, кој на крајот на целата случка кажува дека Филип му наредил на Апел да не им издава наредби на Ахајците без претходна консултација со сојузниот

Следниот инцидент уследил наскоро потоа, кога кон крајот на февруари 218 г. ст.е.,[1] на изборите на нов сојузен стратег, Тимоксен – кандидатот на Арат бил поразен од Епарат од Фара кој бил подржан од Филип и Апел.[2] На настанот повторно му е придодаден карактер на напад против Арат и неговиот син, но и на ахајската независност, што секако имплицирало дека Ахаја во тоа време била целосно независна, со што повторно се наоѓало оправдување за одлуката на Арат да го повика Досон.[3] Меѓутоа, мотивите на Апел и Филип најверојатно биле многу попрактични и воопшто не претставувале напад лично на Арат, ниту пак обид да се потчини Ахаја. Напротив, се чини дека токму обидот да се задржи целоста на Ахајскиот сојуз бил главниот мотив за подржување на Епарат. Пред сè, мора да се има предвид дека Филип и Апел можеле да го подржат Епарат, но секако не можеле да принудат половина од Ахајскиот сојуз да гласа за него. Всушност, токму Арат и неговиот син во текот на нивните последователни стратегии во 220 и 219 г. ст.е., со својата сосема очигледна воена неспособност го довеле Ахајскиот сојуз на работ на пропаст. Затоа воопшто и не изненадува што значителен дел од Ахајците, особено од западниот дел, што и го примил главниот удар во изминатата бојна сезона, биле против Арат и неговите приврзаници. Според тоа, Н. Хамонд можеби и не е далеку од вистината кога се сомнева дека Апел воопшто и влијаел врз претстојните избори.[4] Но дури и да вмешале прсти, што земајќи ја целата ситуација во предвид сепак се чини поверојатно, можеме да претпоставиме дека на Апел и Филип и не им бил потребен голем труд за да го наметнат Епарат како главен кандидат. Што се однесува пак до Епарат, неговото потекло сосема јасно укажува на мотивите на Апел и Филип да застанат зад неговата кандидатура. Имено подржувајќи кандидат од Фара, Филип јасно покажувал дека е свесен и води сметка за интересите и потребите на градовите од западна Ахаја; а доколку се покаже како поспособен од Арат до толку подобро. Како што ќе се покаже, колку и да звучи нејверојатно, Епарат ќе се покаже уште понеспособен дури и од Арат и неговиот син; но тоа е веќе друг проблем и нема директна поврзаност со мотивите на Филип. Во секој случај, застанувањето зад Епарат немало антиахајски карактер – Филип едноставно се обидувал од една страна да најде поспособен стратег, што со оглед на неуспесите на двајцата

---

стратег (Polyb., iv.76.9). Меѓутоа, ова индиректно покажува дека до тој момент Апел навистина можел да им заповеда на Ахајците според сопствена проценка.

[1] *v. HCP I*: 535.

[2] Polyb., iv.82.2-8.

[3] Errington 1967: 23.

[4] Hammond 1988: 381 n.3.

Арати воопшто и не изненадува, а од друга да покаже поддршка за западниот дел од Ахаја што бил најзагрозен во војната.[1]

Веќе следниот настан, доколку му веруваме на Полибиј, претставувал директен напад против Арат.[2] Во текот на зимската кампања, Филип го заробил Амфидам – елидскиот стратег. Со ветување дека ќе успее своите сограѓани да ги убеди да склучат мир, Амфидам бил ослободен и се вратил во Елида. Кога не успеал да го исполни ветувањето, бил осомничен меѓу своите сограѓани и пребегнал кај Филип. Во меѓувреме, Апел го обвинил Арат дека на претходна средба со Амфидам успеал да го убеди да не се труди премногу да го исполни ветувањето, зашто зголемувањето на македонското присуство би било погубно за Пелопонес. Во прв момент Арат не можел да го оспори обвинениeто, но по пребегнувањето на Амфидам, го довел пред Филип и овој потврдил дека Арат немал никаква улога во целата случка. Со тоа, според Полибиј, угледот на Апел и неговото влијание кај кралот опаднале, додека напротив значењето на Арат повторно било во нагорна линија. Заклучокот на Полибиј несомнено е претеран – ниту значењето на Арат драстично пораснало, ниту пак влијанието на Апел драстично опаднало.[3] Со оглед на тоа што Арат имал можност да разговара со Амфидам пред да го донесе пред Филип, сомнежот за неговата вина не може целосно да се отфрли,[4] но тоа и не е толку важно. Многу поважно е да се сфати контекстот во кој е извршен овој напад врз Арат. Имено, првичното обвинение на Апел им претходи на изборите за нов стратег, иако истрагата е спроведена подоцна,[5] а токму тоа е клучот за правилно разбирање на целата ситуација. Според тоа, овој напад врз личноста на Арат, а несомнено станувало збор за напад, мора да се поврзе со претстојните избори. Личната нетрпеливост на Апел кон Арат веројатно била само дополнување – главниот мотив бил да се дискредитира политиката на Арат пред Ахајците и Филип. Во таа смисла, нападот на Апел претставувал мајсторски маневар. Од една страна, со отвореното негирање на обвинувањата – како што на крајот и ќе биде приморан да направи – Арат го губел углед кај Ахајците и само ја потврдувал сликата за себе како најобичен потрчко на македонските кралеви; од друга, доколку не се обидел да ги негира, веднаш би побудил сомнежи кај Филип за неговата лојалност и искреност во односите со Македонија. Така Апел го ставил

[1] ERRINNGTON 1967: 24. *cf.* TARN 1928: 766. *contra* WALBANK 1940: 47f. кој ја пренесува верзијата на Полибиј без дополнителен коментар со што имплицитно и ја прифаќа нејзината издржаност.
[2] Polyb., iv.84.-86.
[3] WALBANK 1940: 49; ERRINGTON 1967: 25.
[4] ERRINGTON 1967: 24.
[5] ERRINGTON 1967: 25.

ахајскиот државник во крајно незавидна положба - што и одберел Арат, секако губел, а со оглед на тоа што не успеал целосно да ја разјасни својата улога пред изборите, тој ја изгубил и довербата на дел од Ахајците и довербата на Филип.

Со овој инцидент на некој начин завршува првата фаза од „заговорот“ на Апел, при што главна улога имале најважниот советник на Филип и ахајскиот стратег. И покрај сите обиди на Полибиј, односно проаратовската традиција, сосема е очигледно дека Апел целосно го надмудрил Арат и во основа го нарушил неговиот углед и кај Ахајците и кај Филип. Навистина, тој успеал да го сопре понатамошното тормозење на ахајските војници, но не успеал да го убеди Филип да го казни Апел, што веројатно не минало премногу добро меѓу неговите сограѓани. На изборите пак, иако со мала разлика, сепак не успеал да провлече својот кандидат за стратег на којнонот. На крајот иако успеал да го отфрли обвинението на Апел за неговата улога во аферата со Амфидам, не успеал да го направи тоа доволно брзо за да ја обезбеди поддршката на Филип пред изборите за нов стратег.

Па сепак, до крајот на годината и Апел и неговите главни соработници биле мртви. Очигледно нешто тргнало во трагично погрешен правец. Што точно се случувало во македонскиот двор и кои биле мотивите што на крајот го довеле Филип до одлуката да отстрани дел од најблиските соработници, веројатно никогаш нема да дознаеме. Следниот чекор на Апел за кој известува Полибиј е неговиот обид да ги отстрани од нивните позиции Таврион и Александар.[1] Се чини дека Полибиј тука е поблиску до вистината, со оглед на тоа што меѓусебните борби меѓу македонските првенци веројатно се многу поважни за конечната судбина на Апел и неговата група. За жал, со оглед на тоа што и покрај сите обиди да се прикаже спротивното, Арат не бил дел од најтесниот круг на Филип, Полибиј не можел подетално да даде приказ на нивните односи. Во секој случај, обидот на Апел очигледно не успеал, со оглед на тоа што има сведоштва дека и Таврион и Александар продолжиле да му служат на Филип во следните години. Колку овој неуспех на Апел бил причина за опаѓањето на неговото влијание врз младиот крал не може да се каже, но веројатно не е случајно што набргу тој ќе биде испратен на Халкида, со што фактички и ќе ја загуби можноста директно да влијае врз одлуките на Филип.

Првиот знак за загриженост кај Апел најверојатно бил неуспехот на неговиот кандидат Епарат да добие доволно поддршка за предлогот Ахајскиот сојуз финансиски да го издржува Филип и неговата војска додека се на Пелопонес. Иако ги изгубил изборите, Арат сè уште имал бројна групација на

[1] Polyb., iv.87.1-4.

приврзаници, а во ситуација кога требало да се донесе една, за Ахајците толку непопуларна мерка, јасно било дека на Филип ќе му биде потребна сета поддршка што може да ја добие. Тоа што е важно е дека во таа ситуација Филип за прв пат бил подготвен да го жртвува Апел за да го одоброволи Арат и да ја добие неговата согласност за предлогот. Затоа во таа прилика, доколку е Полибиј во право, пред ахајскиот државник Филип го обвинил Апел за неговите неодмнешни неуспеси и проблеми.[1] Ова секако бил прв знак дека Апел полека ја губи подлогата.

Ваквиот развој бил потврден кога Филип одлучил да го испрати Апел во Халкида. Според Полибиј, ваквата одлука била идеја на самиот Апел, кој претходно се договорил со Леонтиј и Мегалеа да ги саботираат плановите на кралот. Какви и да биле договорите меѓу советниците на Филип, со оглед на стратешкото значење на Халкида, очигледно е дека Апел не можел туку така по сопствена иницијатива да се назначи за управник на градот. Очигледно Полибиј тука греши, а информацијата веројатно е резултат на проаратовската традиција, или пак на подоцнежната пропаганда на Филип, во обидот дополнително да се оцрни несреќниот Апел. Одлуката тој да биде испратен на Халкида веројатно била донесена од самиот Филип. Паралелата со одлуката на Александар да го остави Парменион во Екбатана е сосема на место. И Апел и Парменион, со оглед на моменталните услови, добиле извонредно важна позиција, но истовремено биле отстранети од најблискиот круг на кралот.[2]

Најдобар показател за тоа дека станува збор за подоцнежен пропаганден обид дополнително да се оцрни Апел, е мотивот за заминување во Халкида што Полибиј му го припишува. Имено, според него, Апел заминал за Халкида со цел да ги попречи логистичките линии на кралот, а со тоа и да го доведе во ситуација да не може да ги спроведе своите оперативни планови. Апел бил толку успешен во својата замисла што во еден момент Филип бил принуден да продава дури и дел од личното богатство.[3] На ваквото толкување може да се стават неколку мошне важни забелешки со што ќе стане јасно дека целата епизода е исконтруирана од противниците на Апел. Пред сè, тука би можело да се постави прашањето како Апел мислел да ја изведе целата операција, а при тоа неговите дејствија да му останат непознати на Филип. Харпал можеби и можел да се надева дека ќе мине неоткриено од Александар со оглед на огромната одалеченост на која се наоѓал кралот во тоа време; Апел од друга страна бил во непосредна близина на Филип. Секако тој не можел да се надева

[1] Polyb., v.1.9.
[2] *cf.* ERRINGTON 1967: 29.
[3] Polyb., v.2.8-10.

дека истовремено ќе успее целосно да ги наруши логистичките линии на Филип, но и дека ваквата ситуација, и неговата лична одговорност нема да бидат забележани од кралот; особено што и тој имал непријатели меѓу најблиските соработници на Филип кои во секој случај би се обиделе да ги искористат ваквите постапки против него. Но, дури и да дозволиме дека Апел ги преценил својата моќ и способности, на толкувањето на Полибиј може да му се стават уште две многу поважни забелешки. Прво, како што Р. Eрингтон убаво забележал, веќе договорот Ахајците да ја издржуваат војската на Филип додека е на Пелопонес е јасен показател дека македонскиот крал се соочувал со сериозни финансиски проблеми. Тоа што е важно е дека овој договор е постигнат уште пред Апел да замине за Халкида. Дали ова докажува дека системот за снабдување и депоата на Халкида биле несоодветно подготвени уште пред доаѓањето на Апел, како што мисли Р. Eрингтон,[1] или пак едноставно дека Филип едноставно во ниту еден момент немал доволно средства за спроведување на своите амбициозни планови и не е толку важно. Тоа што е важно е дека со оглед на постојаната оскудица со која се соочувал Филип, одлуката на Апел да замине на Халкида, со што ја жртвувал својата позиција покрај кралот, за да предизвика проблем што веќе и онака очигледно постоел, во најдобар случај делува крајно неуверливо, и многу повеќе личи на пропаганда пласирана по неговата смрт за тој и останатите жртви дополнително да бидат оцрнети. Втората забелешка пак се однесува на тоа дека Полибиј и противниците на Апел се обиделе да ја прикажат неговата позиција и можности како многу поголеми одошто реално биле. Имено, со исклучок на Леонтиј, ниту еден од заговорниците не располагал со директна контрола над дел од војската. Што е уште поважно, одржувањето на успешни логистички линии било условено и од контролата на Тесалија, Фокида и Коринт. Се чини дека Фокида, без разлика на природата на македонското присуство во обласга, во тоа време сè уште имала статус на член на Симахијата.[2] Коринт пак, како што веќе неколку пати беше споменато, бил под контрола на Таврион кој очигледно бил противник на Апел. Што се однесува до Тесалија, тука биле назначени Хрисогон и Петрај, обајцата несомено лојални функционери, при што Хрисогон веројатно бил и близок до Александар - уште еден од противниците на Апел.[3] Според тоа, со оглед на мошне ограничените можности, воопшто не е веројатно дека Апел заминал на Халкида со цел да ги саботира плановите на Филип. Причините поради кои Филип го испратил Апел во Халкида веројатно

[1] ERRINGTON 1967: 28f.
[2] За Фокида во овој период *v.* LARSEN 1965.
[3] Детално за овој аспект од приказот на Полибиј, *v.* LARSEN 1965: 125ff.

никогаш нема да ги дознаеме. Можеби едноставно само за да го отстрани од своето најблиско опкружување, што воопшто не значи и дека ја загубил довербата во него. Напротив, како што истакнува Р. Ерингтон, со оглед на значењето на Халкида, речиси е неверојатно дека најважната функција во градот би му била препуштена на некој чија лојалност била сомнителна.[1] Или можеби го испратил за да се обиде да ја подобри ефикасноста на логистичките линии, што потоа мошне перверзно било искористено против него. На крајот тоа и не е до толку важно. Тоа што е важно е дека ваквото назначување, наспроти тоа што го тврди Полибиј, воопшто и не било идеја на Апел, а со тоа и неговото дејствување таму не било насочено против кралот.

Што се однесува до недостатокот на средства со кој се соочувал Филип, Р. Ерингтон е делумно во право кога вели дека нема показатели дека проблемот бил до толку сериозен што би го спречил Филип во спроведувањето на неговите планови.[2] Меѓутоа, ова не значи дека Филип навистина и не се соочувал со вакви проблеми и во крајна линија нема потреба да се сомневаме во фактот дека на крајот бил принуден да продаде дел од сопствениот имот. Сепак, нема потреба ваквата ситуација да се поврзува со активностите на Апел на Халкида. Имено, како што беше споменато неколку пати, се чини дека во текот на Сојузничката војна Филип постојано се соочувал со недостаток од средства. Уште еден фактор што дополнително влијаел врз финансиските проблеми на Филип, а се чини дека е запоставен од современите научници, е состојбата во Тесалија. Како што беше споменато, значителен дел од втората половина од бојната сезона 219 г. ст.е., Филип го минал во Тесалија. Очигледно успешниот ајтолски налет во Тесалија и Пиерија оставил длабок впечаток и тој решил да не дозволи истото да се повтори. И навистина, кога во 218 г. ст.е Доримах се обидел да навлезе во Тесалија, се соочил со сериозен отпор од Хрисогон и Петрај, кои биле подготвени за битка, па тој не се ни осудил да се спушти во рамницата.[3] Овој податок несомнено докажува дека Филип немал намера повторно да дозволи Ајтолците да ги пустошат Тесалија и Македонија, поради што одбраната на Тесалија во меѓувреме била засилена. Овие засилувања несомнено значеле дополнително оптоварување на македонската благајна. Според тоа, доколку се земе предвид постојаниот проблем на Филип за наоѓање доволно средства, дополнителното оптоварување на благајната предизвикано со зацврстувањето на одбраната на Тесалија и трошоците што произлегувале од неговата поморска кампања, воопшто и нема потреба од дејствувањето на Апел

[1] ERRINGTON 1967: 29.
[2] ERRINGTON 1967: 29.
[3] Polyb., v.17.5-6.

во Халкида за да се објаснат финансиските неприлики на кралот во 218 г. ст.е. Напротив, од сè што досега беше кажано, се добива впечаток дека присуството на Апел во Халкида, по неговото убиство било искористено против него.

Но, како што вели Полибиј, Апел не бил единствениот заговорник со задача да ги саботира плановите на Филип. Со оглед на тоа што единствено Леонтиј имал команда над дел од војската, сосема очекувано, по заминувањето на Апел за Халкида, тој ја презел главната улога. Повторно според Полибиј, Леонтиј не морал долго да чека на можност да му наштети на Филип. Имено, обидот за освојување на Пала пропаднал токму поради саботажата на Леонтиј при што пелтастите не успеале да извршат пробој во разрушениот дел од ѕидините.[1] Сепак и овој пат лесно е да се прозре верзијата на Полибиј. Пред сè, доколку Филип навистина забележал дека Леонтиј и дел од заповедниците навистина го саботирале нападот, тој не би дозволил тоа да мине неказнето, а такво нешто очигледно не се случило. Напротив, кампањата во Ајтолија и Лаконија, каде пелтастите на Леонтиј ги добивале најважните задачи и се бореле извонредно[2] се јасни показатели дека тој ја уживал довербата на кралот. Најважниот показател дека повторно станува збор за обид да се оцрнат „заговорниците“ е тоа што до последниот миг, Леонтиј ја имал довербата и лојалноста на пелтастите, што не би било можно доколку тие се сомневале дека тој ги жртвувал нивните животи заради спроведување на сопствените планови. Впрочем, воопшто и не изненадува што обвинението за прв пат се споменува дури неколку месеци подоцна, во текот на судењето на Мегалеа.[3] Како и во случајот на Апел, се добива впечаток дека по нивното убиство, Филип бил решен до крај не само да ги оцрни туку и сите свои неволји и неуспеси да им ги припише на предавничките советници.

Според Полибиј, уште во две прилики Леонтиј се обидел да го одврати Филип од неговите планови. Првиот случај бил веднаш по неуспехот кај Пала, а вториот во текот на походот на Термон. Имено, откако пристигнала веста за Спартанскиот напад на Месенија, се поставило прашањето кон каде да се упати Филип – дали кон Месенија или пак кон Ајтолија. Првиот предлог бил бранет од Леонтиј, а вториот бил предложен од Арат. Според Полибиј, намерата на Леонтиј била да го принуди Филип да војува на Пелопонес, а со тоа и да го зацврсти и прошири македонското влијание на полуостровот. Имено, поради етесиските ветрови, тој не би можел повторно да плови на север и би бил

[1] Polyb., v.4.10-12.
[2] *cf.* HAMMOND 1988: 281 n.3.
[3] ERRINGTON 1967: 30.

принуден да се посвети на настаните на Пелопонес.[1] Советот на Леонтиј повторно бил отфрлен во текот на походот на Термон, кога тој се обидел да го убеди Филип да им даде одмор на премордените војници. Полибиј и во овој случај инсистира дека Леонтиј бил воден од злоба и дека намерата му била да им даде време на Ајтолците да ги соберат своите сили за да го спречат Филип. Се разбира, ситуацијата повторно била спасена од Арат, кој го убедил кралот да продолжи со маршот.[2]

И во двата случаи лесно е да се препознае малициозноста и проаратовското толкување на настаните. Што се однесува до првиот случај, објаснувањето на Полибиј дека Филип не би можел да плови на север поради етесиските ветрови е крајно неубедливо со оглед на тоа што пловењето на север не било невозможно цело лето, и како што вели Н. Хамонд, нема никаква смисла кога станува збор за бродови со весла.[3] Уште поневеројатно звучи дека Леонтиј со задоволство би ги препуштил Тесалија и Епир на ајтолските напади.[4] Што се однесува пак до вториот случај, очигледно е дека станувало збор за процена на еден заповедник кој бил загрижен за истоштеноста на војниците пред јуришот на Термон и во тоа нема апсолутно никаква потреба да се гледа било каков предавнички чин. Исто толку веројатно делува и претпоставката на Ф. Волбанк дека целта на Леонтиј со овој предлог можеби била да се испровоцираат Ајтолците на масовна битка,[5] при што македонската тактичка супериорност би дошла до полн израз. Зашто и покрај несомнено длабокиот психолошки и финансиски удар, ајтолските човечки загуби биле минимални.

Во начинот на кој Полибиј ги пренесува двете случки лесно е да се издвојат две пропагандни струи – онаа на Арат и онаа на Филип V. Од една страна, Арат повторно се појавува како способен и совесен бранител на хеленските интереси, чие влијание го спречило понатамошното зголемување на македонската контрола на Пелопонес. Од друга страна пак, Филип можел да го прикаже „заговорникот“ Леонтиј како предавник кој на секој чекор се обидувал да ги попречи неговите планови. Што се однесува пак до целите на Леонтиј, и тие се прилично јасни. Без разлика дали тој дејствувал во договор со Апел, што не значи и дека станувало збор за некаков заговор, очигледно е дека тој се трудел да ја продолжи внимателната политика на Досон, без непотребно ризикување на животите на војниците да се зацврсти пред сè македонската

[1] Polyb., v.5.5-8.
[2] Polyb., v.7.1-5.
[3] HAMMOND 1988: 381 n.3; ERRINGTON 1967: 31. *cf.* Hdt., vii.138.
[4] Polyb., v.5.7.
[5] WALBANK 1940: 56.

позиција на Пелопонес. Разбирливо, ваквите совети подоцна биле прикажани во сосема спротивно светло за да се оправда елиминацијата на овие советници на Филип. Впрочем, во ситуација кога главните политички противници биле елиминирани, јасно е дека секакви обвинувања можеле да се подигнат против нив.

Во отфрлањето на плановите на Леонтиј, Р. Ерингтон гледа доказ за намалувањето на неговото влијание кај кралот.[1] Не сум сосема убеден дека ваквото гледиште е неопходно. Едноставно станувало збор за стратешко разидување како да се продолжи кампањата; едното дефанзивно и без многу имагинација, а другото дрско и ризично. Со оглед на тоа што Филип несомнено во првите години се обидувал да се докаже како самостоен и способен заповедник, воопшто и не изненадува што го прифатил вториот правец. И Александар III во секоја можност ги отфрлал мислењето и предлозите на Парменион, што не значи дека стариот заповедник ги загубил влијанието и угледот. Напротив, можеби токму фактот што старите заповедници на нивните претходници сè уште имале толкаво влијание и углед и биле меѓу главните причини за нивното отстранување. Колкава била улогата на Арат во целата ситуација тешко е да се процени. Сосема е веројатно дека неговите политички цели едноставно се поклопувале со стратешките цели на Филип, без при тоа да мора да се претпостави дека тој имал одлучувачко влијание врз младиот крал.

Како што може да се забележи, сите инциденти што Полибиј ги наведува до овој момент може да се објаснат без претпоставување дека постоел некаков заговор против Филип, а верзиите што тој ги пренесува да се сфатат како пропаганда создадена по елиминацијата на „заговорниците“. Но, тоа што е неспорно е дека настаните земале забрзан тек и наскоро дел од советниците на Филип ќе бидат елиминирани.

Пресметката со советниците всушност започнува со судењето на Кринон и Мегалеа. Имено, по прославата организирана од Филип во чест на успехот кај Термон, Кринон и Мегалеа го пресретнале и го нападнале Арат. Кога разбрал што се случило, уште истата вечер Филип ги повикал Кринон и Мегалеа и жестоко ги прекорил. Меѓутоа, овие не само што не се повлекле, туку инсистирале дека на крајот ќе најдат начин да му наплатат на Арат. Навреден од ваквиот однос, Филип му дал поддршка на Арат и веднаш наредил Кринон и Мегалеа да бидат притворени, се додека не платат по 20 таланти како казна. Во овој момент, очигледно погрешно проценувајќи го односот на силите, Леонтиј придружуван од дел од пелтастите се обидел да изврши притисок врз Филип, но

[1] ERRINGTON 1967: 31.

без успех. По пристигнувањето на флотата во Левкада, Филип одржал судење пред своите пријатели, при што како обвинител истапил Арат. Пријателите ја потврдиле одлуката на Филип и Кринон бил задржан во притвор, додека Мегалеја бил ослободен, бидејќи Леонтиј, повторно непромислено, истапил како негов гарант, со што и самиот се изложил удар.[1]

Општите рамки на приказот на Полибиј се чинат сосема веројатни. Од тоа што го знаеме за македонските симпосиони, особено од времето на Александар III, воопшто не делува изненадувачки доколку по прекумерната конзумација на вино, страстите во еден момент преовладале и целата ситуација излегла од контрола. Веројатно налутени и навредени од тоа што се чинело дека Филип го претпочита мислењето на Арат наспроти тоа на старите советници и на растечкото влијание на Деметриј од Фарос, дел од Македонците очигледно си дозволиле да им се препуштат на фрустрациите. Доволно е само да се потсети на злогласната кавга меѓу Александар III и Атал во текот на симпосионот на Филип II, за да стане јасно колку неразумно знаеле повремено да постапат македонските првенци. Кога би било ова сè што може да се каже, тогаш не би имало никаква причина да се сомневаме во мотивите и постапките на Филип во целата ситуација. Меѓутоа, тоа што создава сомнеж е обвинителниот говор на Арат. Имено, меѓу другото, тој ги обвинил Леонтиј и неговите соработници за сите нивни погрешни и сомнителни постапки, вклучувајќи и некаков масакр во Аргос (што не се споменува на ниту едно друго место), за договорот со Апел и за саботажата во Пала.[2] Зошто Арат воопшто ги споменал, и во основа главниот напад го насочил кон Леонтиј и Апел, кои и не биле обвинети, при што главните обвинувања што ги навел воопшто и не биле релевантни за конкретниот случај?[3] Очигледно настанот бил искористен за да се нападнат главните цели – Леонтиј и Апел. Затоа и не изненадува што обвинетите не можеле да понудат никаква одбрана – што би можеле да кажат за да отфрлат само сомнежи и гласини всушност насочени кон други лица.

Меѓутоа, главното прашање во целиот случај е дали Арат делувал самостојно или во договор со Филип. Со оглед на тоа што современите научници воопшто и не го поставуваат ова прашање, се добива впечаток дека ја прифаќаат верзијата на Полибиј, односно дека Арат делувал по сопствена

[1] Polyb., v.15.-16. *cf.* *HCP I*: ad loc.
[2] Polyb., v.16.6.
[3] *cf.* ERRINGTON 1967: 32.

процена.[1] Ми се чини дека две околности индиректно упатуваат на тоа дека и Филип всушност бил замешан во целиот случај. Прво, мора да се има на ум дека судењето било одржано пред пријателите на кралот. Иако веројатно повеќето биле избрани од самиот Филип, несомнено некои од нив биле стари соработници на Досон, а со оглед на нивното искуствово и углед веројатно имале значително влијание.[2] Дури и да дозволиме дека некои од нив биле непријателски настроени кон Апел, Леонтиј и нивната групација, барем дел секако биле и нивни приврзаници. Во таква ситуација, ми се чини неверојатно дека Арат, колку и да бил лукав и вешт во сплеткарење, би си дозволил да изнесе вакви нечуени и скандалозни обвинувања против дел од најстарите советници на Филип и соработници на Досон, ако претходно не ја добил согласноста и подршката од кралот, што пак нѐ доведува до втората сомнителна околност. Имено, веќе следното утро по инцидентот, Филип му ветил на Арат дека ќе се погрижи целата ситуација да биде решена во негова корист и задоволство.[3] Прво, доколку немал намера да влијае на крајната одлука на прилателите, Филип никако не можел да му даде такво ветување на Арат. Второ, само половина година претходно, Филип не презел никакви мерки против Апел, кога биле навредени и нападнати ахајските војници, што од државен аспект било многу посериозен проблем одошто личната расправија меѓу Кринон, Мегалеа и Арат; така што, доколку сакал, Филип и во овој случај несомнено можел да ги заштити Кринон и Мегалеа. Дури и да дозволиме дека и во овој случај Арат го преувеличува сопственото значење и влијание што го уживал кај кралот, што е сосема веројатно, фактот што Филип одлучил да ги жртвува Кринон и Мегалеа, недвосмислено покажува дека тие, ако ништо друго, го загубиле влијанието кај него, а најверојатно веќе и го предизвикале неговото непријателство.

Обидите на некои современи научници да ја оправдаат постапката на кралот не ми делуваат сосема убедливи. Така, според Н. Хамонд, станувало збор за бунтовно и недисциплинирано однесување на војската, што Филип, како врховен заповедник морал да го санкционира.[4] Иако може да се каже дека станувало збор за недисциплина во дел од војската, сосема е очигледно дека

---

[1] *e.g.* WALBANK 1940: 57 кој смета дека масакрот во Аргос бил споменат за да се здобијат симпатиите на Филип, со што имплицитно прифаќа дека обвиненијата биле обмислени исклучиво од Арат.
[2] ERRINGTON 1967: 32: претпоставува дека повеќето од нив сѐ уште биле наследени од Досон. Напротив, Ф. Волбанк смета дека мнозинството веќе биле избраници на Филип (*HCP I*: 551).
[3] Polyb., v.16.1: τῇ δ' ἐπαύριον ἀνακαλεσάμενος τὸν Ἄρατον παρεκάλει θαρρεῖν, ὅτι ποιήσ-εται τὴν ἐνδεχομένην ἐπιστροφὴν τοῦ πράγματος.
[4] HAMMOND 1988: 381.

првенствено станувало збор за обид на Мегалеа и Кринон лично да се пресметаат со Арат, при што подржувачите и на двете страни се вклучиле во целата збрка дури подоцна. Доколку Филип навистина го протолкувал целиот настан како пример за недисциплина во војската, тоа повторно само докажува дека веќе бил решен да ги казни Кринон и Мегалеа. Впрочем изгонувањето на Ахајците од нивните шатори и одземањето на дел од нивниот плен неколку месеци претходно, што несомнено е многу појасен случај на воена недисциплина, Филип одлучил да го игнорира. Според Ф. Волбанк, главниот престап на Кринон и Мегалеа се состоел во тоа што тие одбиле да ги послушааат наредбите на кралот, што претставувало сериозна навреда на кралското достоинство и македонските закони.[1] Ваквото толкување можеби и би можело со резерва да се прифати доколку тоа што го пренесува Полибиј е точно. Меѓутоа, од неговиот приказ очигледно е дека ниту Арат, ниту советниците на Филип не биле присутни на оваа расправија. Според тоа, се поставува прашањето од каде дознал што точно се случило таа вечер во шаторот на кралот. Единствениот одговор што ми се чини веројатен е дека станува збор за верзија што самиот Филип му ја пренел на Арат и што воопшто подоцна била искористена во пропагандни цели. Меѓутоа, дури и да дозволиме дека расправијата течела така како што пренесува Полибиј, со оглед на дамнешното право на Македонците слободно да говорат пред кралот,[2] и доколку се земе предвид експлозивноста на ситуацијата предизвикана од прекумерната конзумација на вино, барем следниот ден, кога страстите се смириле, Филип секако можел да изрече помала казна. Затоа, Р. Еррингтон е во право кога вели дека со легалистички приод не може до крај да се објасни епилогот на целата случка.[3] Впрочем дури и Ф. Волбанк на крајот мора да признае дека смртната казна никако не соодветствува на престапот.[4] Всушност, дури и кауцијата од 20 таланти по човек е несомнено претерана и очигледно е изречена токму со цел Кринон и Мегалеја да не можат да ја платат.[5] За жал, овој Кринон со исклучок на конкретниов инцидент никаде не се споменува, така што не може да се каже каква била неговата позиција во македонската политичка елита, доколку

[1] *HCP I*: 550.
[2] Дека ова право на Македонците сè уште се почитувало е очигледно од Polyb., v.27.6.
[3] ERRINGTON 1967: 32 n.51.
[4] *HCP I*: 550.
[5] Дека станува збор за апсурдна сума најдобро говори фактот што годишната сума што македонските кралеви ја добивале од директниот земјишен данок изнесувала 200 таланти (Plut., *Aem. Paul.*, 20.6). Доколку износот што го дава Плутарх е точен, тогаш од Мегалеја и Кринон се очекувало да исплатат една петина од вкупната сума што цела Македонија годишно ја плаќала. За споредба само ќе потсетам на фактот дека според договорот, Ахаја за издржување на војската на Филип месечно му исплаќала по 17 таланти.

воопшто и бил дел од неа. Фактот што никој не се понудил како гарант за него веројатно говори во прилог на тоа дека тој сепак не бил меѓу највлијателните личности на дворот на Филип. Од друга страна, притворањето на Мегалеа несомнено претставувало сериозен удар за Леонтиј и нивната групација, кој во отсуство на Апел го загубил најважниот и највлијателен соработник – еден од советниците назначени од Досон. Поради тоа, воопшто и не изненадува што Леонтиј и покрај сиот ризик, одлучил лично да се изложи на удар и да гарантира за Мегалеа, што со оглед на обвиненијата искажани на судењето, можеби и била главната цел на Филип.

Од сè што беше кажано, следниов заклучок се чини најверојатен. Целиот инцидент започнал спонтано кога Кринон и Мегалеа, во момент на опиеност попуштиле пред сопствените страсти и фрустрации и решиле да се пресметаат со Арат. Непосредно по големиот успех кај Термон, што несомнено го издигнал угледот и популарноста на Филип како заповедник, тој оценил дека дошол мигот да се пресмета со старата гарда, чие присуство и спротиставување претставувале постојана иритација. Искористувајќи го Арат како орудие, тој решил да ја започне пресметката преку осудувањето на Кринон и Мегалеа, кои со сопствената непромисленост се изложиле не неговиот напад.

На следниот инцидент предизвикан од „заговорниците“ не морало долго да се чека. Имено, по враќањето во Коринт од походот во Лаконија, кралската агема и пелтастите се побуниле поради распределбата на пленот, при што влегле и во објектите каде се наоѓале дел од кралските пријатели, па дури и насилно се пробиле во кралските одаи. На крајот, Филип им се обратил на војниците, ветил општа амнестија и со тоа успеал да воспостави контрола над војската.[1] Сосема очекувано, главната вина за овој инцидент Полибиј, односно проахајската традиција што ја следи, повторно ја фрла врз Леонтиј, Мегалеа и Птолемај, кој можеби бил заповедник на агемата. Всушност, со оглед на тоа што Филип веќе го распродал плен во Тегеја,[2] сосема е веројатно дека станувало за искрен израз на револт и незадоволство токму на најистакнатиот дел од војската, а во периодот по елиминацијата на советниците, и овој инцидент бил вклучен во листата на предавнички престапи.[3] Сепак, еден елемент во целиот приказ не смее да се занемари. Без разлика дали биле поттикнувачи или не, Леонтиј и Птолемај не успеале, или пак воопшто и не се потрудиле да ги смират

[1] Polyb., v.25.
[2] Polyb., v.24.10.
[3] Errington 1967: 33. *cf.* Hammond 1988: 382 n.1, кој истакнува дека со поттикнувањето на бунтот Леонтиј и Птолемај се изложувале на критика и евентуална казна.

војниците, што пак покажува дека јазот и оттуѓеноста со Филип веќе биле длабоки.

Ако ништо друго, овој инцидент веројатно му докажал на Филип дека не може во целост да се потпре на лојалноста на војската при пресметката со политичките непријатели, што можеби го поттикнало да ја забрза нивната елиминација. Набрзо по овој инцидент, во Коринт се појавил и главниот „заговорник“ Апел. Според Полибиј, доаѓањето на Апел се должело на повиците од Леонтиј кој ја барал неговата помош во спроведувањето на „заговорот“.[1] Меѓутоа, како што беше претходно посочено, Апел најверојатно бил испратен во Халкида од Филип, така што и неговото отповикување секако било наредба од кралот. Очигледно Филип сакал да ги држи близу до себе своите непријатели, пред да го зададе смртоносниот удар. Со пристигнувањето на Апел, сцената била подготвена за последниот чин.

Наспроти ентузијазмот со кој Апел бил пречекан од војската, Филип се однесувал мошне ладно и резервирано кон него, што несомнено покажува дека веќе во тоа време му пресудил на несреќниот советник.[2] Имено, Апел не бил присутен ниту при опсадата на Пала, ниту на прославата во Лимнаја, ниту пак при нередите во Коринт. Дури и да не успеал во целост да ја исполни задачата и да ги одржи логистичките линии на задоволително ниво, како што мисли Н. Хамонд,[3] тој со ниту една постапка не дал причина за сомнеж во неговата лојалност. Наскоро, тој го придружувал Филип при експедицијата во Фокида, чија цел не е позната.[4] Според Н. Хамонд, Филип веројатно го повел Апел со себе бидејќи овој бил вклучен во евентуалните преговори.[5] Со оглед на тоа што не ја знаеме вистинската причина за експедицијата во Фокида, ваквото објаснување не може ниту да се потврди ниту да се отфрли со сигурност. Па сепак, со оглед на настаните што уследиле, објаснувањето дека главната цел на Филип била да ги одвои неговите главни жртви ми се чини многу поверојатно.[6] По враќањето од Фокида, Филип се сместил во Сикион, во куќата на Арат, што секако бил уште еден злокобен предзнак. Тука тој разбрал дека конечно му се укажала прилика да го отстрани Леонтиј, кој со оглед на тоа што командувал со пелтастите, секако бил најголема пречка за елиминацијата на старите соработници. Имено, тогаш дознал дека Мегалеа побегнал од Коринт во Теба.

---

[1] Polyb., v.26.1-6.
[2] Polyb., v.26.7-10. Според малициозниот приказ на Полибиј, топлиот пречек на војската се должел на убедувањата и манипулациите на Леонтиј, Мегалеа и Птолемај. Дури тоа и да е точно, нема потреба во постапката да се гледа било што предавничко.
[3] HAMMOND 1988: 382.
[4] *v.* WALBANK 1940: 59f.
[5] HAMMOND 1988: 382.
[6] ERRINGTON 1967: 34.

Според Полибиј, разочаран и уплашен од очигледниот неуспех на Апел да го воспостави своето влијание кај Филип, Мегалеа се решил да побегне.[1] Дали Мегалеа навистина се уплашил поради неговата вмешаност во наводниот заговор, или едноставно го насетил текот на настаните и се обидел да се спаси, не може да се утврди.[2]

Тоа што е поважно е дека со неговото бекство, на удар се нашол Леонтиј кој бил негов гарант. Меѓутоа, свесен дека престапот за кој сега се теретел Леонтиј во никој случај не е дволна причина за да го елиминира, Филип фактички решил да му ја одземе командата над пелтастите, кои под заповедништво на Таврион биле испратени во Трифилија. Дури тогаш, кралот се осмелил да го затвори Леонтиј. Очигледно растревожени од тоа што се случило, пелтастите испратиле делегација кај кралот со барање доколку Леонтиј се терети за некој друг престап да не биде суден без нивно присуство; доколку пак станува збор само за исплата на 20 таланти што тој сега законски ги должел, тогаш тие биле подготвени да го спасат својот заповедник од незгодата. Наивноста и лојалноста на пелтастите само го забрзала крајот на Леонтиј: τὸν μὲν οὖν Λεόντιον ὁ βασιλεὺς παροξυνθεὶς θᾶττον ἢ προέθετο διὰ τὴν τῶν πελταστῶν.[3]

Со смртта на Леонтиј, фактички била запечатена судбината на останатите „заговорници“. Со оглед на тоа што бекството на Мегалеа не било доволна причина за негова елиминација без судење, мошне згодно, во вистински момент биле „откриени“ неговите предавнички писма во кои ги охрабрувал Ајтолците да ја продолжат војната. По него бил испратен Александар, но пред да биде фатен, Мегалеа се самоубил. Веднаш по него и Апел кој бил затворен, како главен осомничен во предавничкиот заговор, заедно со својот син во Коринт, умрел.[4] Нешто подоцна, во Деметријада и Птолемај бил осуден и убиен.[5] Така завршил опасниот „заговор“ на дел од соработниците на Филип што биле назначени од Досон.

Непотребно е да се истакне дека текот на собитијата, барем така како што се прикажани од Полибиј, е крајно сомнителен. Се разбира, ова не се

[1] Polyb., v.26.13-14: 27.4.
[2] *cf.* ERRINGTON 1967: 34.
[3] Polyb., v.27.6-8.
[4] Polyb., v.28.4-8. Полибиј не кажува дали Апел се самоубил или бил убиен; и двете можности се еднакво возможни.
[5] Polyb., v.29.6. Полибиј вели дека Птолемај бил суден ἐν τοῖς Μακεδόσιν. Меѓутоа, како што забележува Ф. Волбанк, војската од Коринт директно заминала за Македонија; така што поверојатно е дека и Птолемај бил суден пред пријателите на кралот, при што Филип можел да ја осигура пресудата (*HCP I*: 552).

однесува на самата фактографија, туку на толкувањата што тој ги дава. До самиот крај нема никаква индикација за тоа што била крајната цел на „заговорниците“; очигледно не станувало збор за отстранување на младиот крал – дури ни Филип во пропагандата создадена по чистката не се осмелил да наговести вакво нешто. Ниту пак Арат би можел да биде крајната цел. И покрај сите обиди на Полибиј, односно Арат, на овој државник да му се придаде клучна улога во целиот случај, очигледно е дека неговото значење се зголемувало, или пак намалувало зависно од тоа какви биле моменталните цели и идеи на Филип. Како личен непријател на Апел тој веројатно со задоволство ја играл улогата што му ја доделил Филип, но во ниту еден момент, тој не прераснал во нешто повеќе од орудие во рацете на младиот крал. Напротив, по завршувањето на чистката, неговата вредност се намалила, а со тоа и неговото влијание кај кралот. Неговите вештини во задкулисните игри и сплеткарења веројатно добро му послужиле на Филип, но тоа е сè – од моментот кога целата афера завршува, Арат е оттурнат на маргините, без никакво влијание врз понатамошниот тек на настаните.[1] Дека „ахајското прашање“ немало никакво значење во целиот случај може да се заклучи и од тоа што Таврион, главниот соработник на Филип во целата чистка, е исто толку презрен од Полибиј,[2] колку и Апел; што пак покажува дека неговиот однос кон Ахајскиот сојуз не се разликувал суштествено од оној на Апел.[3]

Од друга страна, токму разликите во стратешкиот приод на Филип и соработниците од една страна и Апел и неговата групација од друга, често се земаат како клучен фактор во целиот случај. При тоа посебно се истакнуваат разликите по прашањето за поморската програма на Филип во 218 г. ст.е.[4] Иако не се сомневам дека токму по ова прашање разидувањето било особено остро, сепак не делува доволно убедливо дека ова би можело да биде главната причина за елиминацијата на главните соработници. Антигонидите имале долгогодишна традиција и во основа успеси во преземањето на поморски потфати, а според тоа, иако арената за дејствување била новина, употребата на флотата сама за себе не претставувала ништо ново. Ниту пак во целиот случај евентуалната љубомора кон Деметриј од Фарос би можела да се земе како значаен фактор, со оглед на тоа што се чини дека во овој период поморската политика пред сè била бранета од Таврион.[5] Значењето на поморската кампања

[1] *cf.* ERRINGTON 1967: 35f.
[2] Polyb., ix.23.9.
[3] ERRINGTON 1967: 26.
[4] *cf.* WALBANK 1940: 51; ERRINGTON 1967: 27.
[5] ERRINGTON 1967: 27.

од 218 г. ст.е. е всушност во спектакуларниот успех што кулминирал со освојувањето на Термон, што до тој степен го издигнал угледот на Филип, што овој се почувствувал доволно моќен за да се пресмета со советниците. Според тоа, поморската кампања попрво била средство, но никако и причина за конечниот расплет.

Иако потиснати на маргините и само попатно споменати, ми се чини дека токму личната нетрпеливост меѓу македонските првенци е веројатното решение за причините за оваа немилосрдна пресметка.[1] Како што вели Полибиј, Апел бил решен да ги отстрани Таврион и Александар, кои биле негови непријатели. Зошто, и во какви околности Филип одлучил да застане на страната на Таврион и Александар и да се пресмета со Апел, Леонтиј и останатите, останува непознато, особено бидејќи не знаеме ништо за возраста, потеклото и меѓусебните врски меѓу овие првенци.

Со оглед на тоа што за целиот случај имаме само еден извор, сериозно оптоварен и со ахајска и со профилиповска пропаганда, не изненадува што веројатно никогаш не ќе може со сигурност да се утврди што точно се случувало на македонскиот двор во тој момент и какви биле целите и мотивите на двете страни. Во секој случај, тоа што се чини дека би можело барем внимателно да се заклучи е дека Таврион, а веројатно и Александар ги споделувале стратешките планови на Филип и биле подготвени да се впуштат во поризични и одважни потфати; наспроти групата на Апел и Леонтиј кои очигледно заговарале повнимателен и порезервиран пристап, при тоа обидувајќи се вниманието и енергијата на кралот да ги насочат главно кон Пелопонес. Токму ова, ми се чини е најважниот аспект од целата случка и тоа не како евентуална причина, туку попрво заради последиците. Со отстранувањето на групата на Апел, Филип фактички раскрстувал со наследството на Антигон Досон, и во таа смисла паралелата со Парменион повторно се чини на место. Зашто отстранувањето на стариот советник кој се чини постојано му приговарал на Александар, и чие влијание веројатно му сметало на младиот крал, коинцидира токму со отварањето на новата фаза во походот кон исток, откако задачата наследена од Филип II веќе била исполнета. На сличен начин, отстранувањето на Апел и останатите, кои се чини тежнееле кон продолжување на внимателната политика на Досон, без преземање на поголеми ризици, за мошне краток период претходи на завршувањето на Сојузничката војна, и почетокот на новите и возбудливи, но мошне ризични потфати на младиот крал. Се разбира, ова не значи дека нивната елиминација била неопходен предуслов за идните

---

[1] *расе* HAMMOND 1988: 383.

планови на младите владетели, но сепак мислам дека сличностите во двата случаи заслужуваат да бидат споменати.

Ова е до толку поважно во случајот на Филип V, кој и покрај сите успеси и спектакуларни кампањи и понатаму морал да води сметка за мислењата на неговите советници. Интересно би било да се спекулира каков би бил односот на Филип кон Илирија и Рим доколку старите советници сѐ уште биле живи – дали би се обиделе целосно да го спречат младиот крал во неговите намери, или ако ништо друго да ги ограничат неговите амбиции. Во секој случај, елиминацијата на Апел и останатите е можеби и најважниот настан, барем на личен план, во текот на Сојузничката војна, што ќе му овозможи на Филип од сега непречено и без приговори да ја води државата.

## IV
## Миротво Навпакт

*Крајот на војната.* Како што споменав, токму вестите дека Филип се соочува со сериозна криза на сопствениот двор ги мотивирале Ајтолците да ги прекинат преговорите и да ја продолжат војната. Со оглед на тоа што станувало збор за највидните луѓе во државата, логично било да се претпостави дека Филип за одреден период ќе биде преокупиран со овој проблем. Но, доколку ајтолските надежи почивале токму на тоа, тогаш ги очекувало разочарување. Колку и да била сериозна во дадениот миг, кризата била разрешена брзо и сурово, и не оставила позначајни последици врз понатамошниот тек на воените дејствија; особено што во моментот кога биле прекинати преговорите, бојната сезона веќе била измината.

Во текот на зимата, иницијативата ја презеле Ајтолците, кои заедно со Елида повторно навалиле на западна Ахаја, при што сосема очекувано, Ахајците уште еднаш ја демонстрирале сета своја воена неспособност и сојузот повторно се нашол на работ на распад.[1] Ситуацијата почнала да се менува кога во мај 217 г. ст.е., на чело на сојузот повторно дошол Арат, кој успеал да ги реорганизира сојузните сили и на чело на војска од приближно 11.000 војници, зел поактивно учество во одбраната на Пелопонес. Така, со помош од Таврион и македонскиот одред, не само што Аркадија, Аргос и Месенија биле заштитени од нови ајтолски походи, туку на Ајтолците им бил нанесен и пораз во западна Ахаја.[2] Истовремено продолжиле и спорадичните борби и походи меѓу Ајтолците, Акарнанците и Епирците.[3] Успех постигнал и Александар, заповедникот во Фокида, кој заробил избран одред од ајтолски војници, кои наивно се понадевале дека ќе успеат да го освојат Фанотеј.[4] Иако сама за себе оваа случка е од ефемерно значење, сепак е важна зашто од овој настан дознаваме дека иако планот на Филип за Фокида од претходната година пропаднал, во меѓувреме источна Фокида сепак се нашла под македонска контрола.[5]

---

[1] Polyb., v.30.
[2] Polyb., v.91-94.
[3] Polyb., v.96.1-3.
[4] Polyb., v.96.4-8. За ова утврдување *v.* E. KIRSTEN *RE* XVIII.3 (1949), s.v. Panopeus, cols.640-7.
[5] Дека не станува збор за случајно присуство на македонски одреди во Фокида сведочи и Полибиј, кој Александар го нарекува ὁ τεταγμένος ἐπὶ τῆς Φωκίδος ὑπὸ Φιλίππου. *cf.* *HCP I*: 558f., 625. Фокида ќе остане под македонска власт до 198 г. ст.е.

Како што истакнува Н. Хамонд, обрачот околу Ајтолија полека се стегал, а Елида и Спарта ја губеле волјата за понатамошна борба.[1] Иако е неспорно дека дека полека но сигурно, Ајтолците ја губеле војната, истовремено мора да се истакне дека работите не стоеле многу подобро ни кај сојузниците, чија немоќ била сосема очигледна, поради што тие целосно зависеле од евентуалната помош од Филип. Како што заклучува Ф. Волбанк, 217 г. ст.е. и кај двете страни била година на немоќ и преземање единствено на помали потфати.[2] Понатамошниот тек, и евентуалното завршување на војната зависеле исклучиво од следните операции на Филип.

Имено, за разлика од претходните години, Филип не само што не го искористил зимскиот период за преземање на активности, туку не се појавил во Хелада ниту на почетокот на следната бојна сезона. Колку ова се должело на неодамнешната пресметка со Апел и неговиот круг, а колку на состојбите на северната граница за која немаме никакви извори, не може да се каже. Тоа што е сепак јасно е дека на северната граница дошло до сериозни случувања што, разбирливо му го одвлекле вниманието на Филип од боиштето во Хелада. Имено, пролетта 217 г. ст.е., Филип прво презел поход на север, што бил крунисан со голем успех кога успеал да ја освои Билаѕора.[3] Со овој успех на некој начин конечно било заокружено делумното постигнување на Антигон Досон, кој своевремено го одбил нападот од Дарданија и навлегол во јужна, но не и северна Пајонија. Имено, со оглед на својата поволна стратешка позиција,[4] Билаѕора претставувала брана за евентуалните нови напади од Дарданија.[5] Дали нападот на Филип бил предизвикан од некакво придвижување на Дарданците, или пак тој едноставно не сакал да му се повтори ситуацијата од 219 г. ст.е., кога морал да ги прекине операциите во Хелада, заради гласините за претстоен напад од Дарданија, за жал не може да се каже.

Во секој случај, откако на овој начин северната граница на Македонија била дополнително зацврстена, Филип не губејќи време веднаш се свртел кон Хелада, и по само шест дена пристигнал во Лариса.[6] Од таму, во надеж дека ќе

---

[1] HAMMOND 1988: 387.
[2] WALBANK 1940: 62.
[3] Polyb., v.97.1-2.
[4] За Билаѕора *v.* МИКУЛЧИЌ 1976.
[5] HAMMOND 1988: 385 n.1, верува дека Билаѕора во овој период не била под дарданска контрола, што го поткрепува со фактот што тоа не е споменато кај Полибиј. Сепак, со оглед на интензивните борби меѓу Македонија и Дарданија од времето на Деметриј II, не гледам можност овој град да бил независен се до освојувањето на Филип. Згора на тоа, иако Полибиј не назначува дека градот бил под дарданска контрола, неговите коментари за одличната стратешка позиција на градот недвосмислено се во контекст на одбраната на Македонија од Дарданците. *cf.* PAPAZOGLU 1969: 115f.
[6] Polyb., v.97.3-4.

ги најде непријателите неподготвени, Филип со забрзан марш се упатил кон Мелитеја, но планот не успеал, зашто не само што изненадувањето се чини пропаднало, туку и скалите биле прекратки.[1] Без разлика на евентуалните загуби во овој потфат,[2] постигнувањето на главната цел во кампањата на Филип сè уште било остварливо. Имено, се чини дека целта при нападот на Мелитеја била да се отсече Фтиотидска Теба од Ајтолија, како предуслов за освојување на овој град.[3] Но, откако не успеал да ја освои Мелитеја на препад, не губејќи време Филип веднаш се упатил кон Фтиотидска Теба и по петнаесет дневна опсада, откако Македонците успеале да ги поткопаат ѕидините, градот се предал. Сето население било продадено во ропство, а градот бил преоснован како Филипопол.[4] Иако подоцна во својата кариера Филип во неколку наврати ќе се покаже исклуително суров кон освоените градови, се чини дека во оваа прилика ваквиот однос бил оправдан, не само поради големата стратешка важност на градот, туку и поради фактот што жителите најверојатно биле третирани како предавници кои одлучиле да преминат на страната на Ајтолците.[5]

Без сомнение освојувањето на Фтиотидска Теба претставувал најголемиот успех што Филип го постигнал во текот на Сојузничката војна. Навистина, сензационалниот поход на Термон несомнено бил неочекуван и претставувал сериозен економски и особено морален удар за Ајтолија; но при тоа ниту била пресретната главнината од ајтолската војска, ниту пак уништувањето на градот довело до значајни стратешки поместувања. Походите пак на Пелопонес, колку и да сведочат за обдареноста на младиот крал, исто така не биле доволни за да предизвикаат некаков клучен пресврт во распоредот на силите и стратешката ситуација. Напротив, со оглед на тоа што градот во основа доминирал во околината и претставувал одлична отскочна даска за ајтолските напади во Тесалија и Македонија,[6] овој успех конечно му донел на

[1] Polyb., 97.5-6. Неуспехот кај Мелитеја истиот автор нешто подетално, и со суштествени разлики го раскажува и во ix.18.5-9. За разликите во двата прикази *v. HCP I*: 626; NIESSE 1899, 457 n.2. Овде е прифатена подеталната верзија раскажана во деветата книга (*cf. HCP II*: 145. HAMMOND 1988: 386 n.1 од друга страна ја претпочита првата верзија).
[2] Polyb., ix.18.9. споменува дека Филип претрпел големи загуби во овој напад, што воопшто не се споменува во првата верзија. Со оглед на тоа што ниту еден одред воопшто не ни влегол во градот, а веројатно многу брзо станало јасно дека скалилата се прекратки, не сум сосема убеден во верзијата на Полибиј.
[3] WALBANK 1940: 63; HAMMOND 1988: 386 n.1.
[4] Polyb., v.99-100.
[5] *cf.* HAMMOND 1988: 386 n.2. Во таа смисла, индикативен е и молкот на Полибиј, кој во оваа прилика не дава никаков коментар за постапката на Филип. Со оглед на непријателскиот однос кон кралот, доколку оваа постапка на Филип предизвикала коментари меѓу современиците, Полибиј тоа бездруго би го споменал.
[6] Polyb., v.99.3-5.

Филип опипливи предности. Не само што сега одбраната на Тесалија била значително зацврстена, туку освојувањето на градот претставувало и увод во конечното освојување на ајтолските поседи во Тесалија.[1] Така, за момент изгледало дека како што освојувањето на Билаѕора претставувало заокружување на тоа што Досон го оставил незавршено на север, така и освојувањето на Фтиотидска Теба претставувало увод во конечното изгонување на Ајтолците од Тесалија, односно исполнување на тоа што од низа причини, Досон не успеал да го доврши на југ.

*Преговори и мир.* Но, доколку тоа била конечната цел на Филип, тој не успеал да ја постигне, бидејќи во меѓувреме дознал за бунтот на Скердилаида и запленувањето на неколку македонски бродови од илирискиот династ. Соочен со овој предизвик, Филип веднаш се дал во потера по Скердилаида, но не успеал да стигне на време.[2] Во тој период пристигнало уште едно пратеништво од неутрални држави во обид да издејствува мировен договор. Откако и овој пат пратениците ја добиле согласноста од Филип да се обидат да издејствуваат мировен договор, тие се упатиле во Ајтолија.[3] Подучен од случувањата во изминатата година, кога и покрај договореното примирје Ајтолците одлучиле да ја искористат моменталната криза во македонскиот врв, Филип продолжил со подготовките за нова поморска кампања. Лесните бродови биле пренесени преку Истам, додека пак катафрактите биле испратени околу Пелопонес, со задача да се укотват во Ајгиј и Патра. Тој пак се упатил кон Аргос, за да присуствува на Немејските игри.[4]

Според Полибиј, додека ги следел гимнастичките натпревари, на Филип му било јавено дека Ханибал извојувал голема победа кај Трасименското езеро. Тој веста ја споделил само со Деметриј од Фарос, кој го убедил младиот крал веднаш да ја заврши војната во Хелада и сета своја енергија да ја сврти кон запад, односно Италија. Прифаќајќи го советот на Деметриј со ентузијазам,

[1] WALBANK 1984: 480.
[2] Polyb., v.101.1-3. Подетално за односите меѓу Филип и Скердилаида ќе стане збор понатаму.
[3] Polyb., v.100.9-11. Полибиј го обвинува Филип за неискреност, бидејќи, според него, во тој момент кралот не бил искрено заинтересиран за мир. Обвинувањето е прифатено и од WALBANK 1940: 64. Сепак, од сѐ што беше до сега кажано, мислам дека и овој пат намерите на Филип се свесно искривени и прикажани во негативно светло од Полибиј, под чие влијание за жал потпаѓаат и повеќето современи историчари. При тоа, мора да се води сметка за фактот што за Полибиј е апсолутно неопходно да докаже дека Филип немал ни најмала желба за постигнување на мир со Ајтолија; зашто доколку се покаже дека младиот крал навистина бил искрен во своите намери, тогаш паѓа целата теорија на Полибиј за значењето на битката кај Трасименското езеро во одлуката на Филип да се сврти кон запад, во чие објаснување тој вложува толку труд. *cf.* AGER 1996: 145ff. no.53.
[4] Polyb., v.101.4-6.

Филип без да го исчекува резултатот од пратеништвото на неутралните сили, веднаш го испратил Клеоник од Навпакт, со намера директно да преговара со Ајтолците. За да не изгледа пак, дека премногу тежнее кон мир, ги продолжил операциите на границата со Елида, а кога започнале прелиминарните преговори, успеал да го заземе и Закинт.[1]

Завојуваните страни конечно се сретнале на ајтолска територија, кај градот Навпакт, при што собраната војска на Ајтолците се појавила ненаоружана. На предлог на Филип, основата за мировниот договор бил *uti possidetis*, што веднаш било прифатено од Ајтолците.[2] Посебен белег на преговорите им дал говорот на Агелај, на кој и Полибиј му придава посебно значење.[3] Значењето и воопшто, автентичноста на овој говор веќе подолго време е предмет на дискусии меѓу современите историчари. Меѓутоа, бидејќи овој говор повеќе се однесува на западните планови на Филип, одошто на Сојузничката војна, анализата ја оставам за следното поглавје.

Ахајскиот историограф на мајсторски начин и мошне сликовито, можеби и премногу сликовито, ја доловува историската важност на одлуката што Филип ја донел во тој момент. Сепак, повеќе елементи од приказот делуваат мошне сомнително и мора подетално да бидат проанализирани пред да може безрезервно да се прифати приказот на Полибиј. За да не дојде до непотребно повторување, прашањето за значењето на битката кај Трасименското езеро во одлуката на Филип да склучи мир, ќе биде проанализирано детално во следното поглавје каде во целина ќе бидат прикажани македонско-римските односи пред почетокот на I Македонска војна. Меѓутоа, како основа за тоа што ќе биде кажано во следното поглавје, во оваа прилика мора да се истакне дека текот на војната, и моменталната ситуација, несомнено оделе во прилог на постигнување на мир, без при тоа да мора да се земаат предвид евентуалните освојувачки амбиции на Филип кон запад.

Од воен аспект, и покрај сите успешни потфати и победи на кралот, војната несомено западнала во пат позиција. Филип и неговите Македонци очигледно биле надмоќни и при евентуална масовна битка би имале огромна предност; но проблемот бил што Филип никако не можел да ги принуди Ајтолците на такво нешто. Навистина, благодарение на поморската кампања од 218 г. ст.е., веќе и јадрото на Ајтолија се нашло на удар, но тоа во никој случај не значело дека Филип е во можност и да ја освои оваа територија; особено што во текот на целата војна се чини дека тој се соочувал со постојан недостиг од

[1] Polyb., v.101.7-102.
[2] Polyb., v.103.
[3] Polyb., v.104.

финансиски средства. Од друга страна, и покрај сите свои успеси, тој никако не можел да ги спречи разурнувачки брзите продори на ајтолската војска, при што особено страдале неговите сојузници, а токму слабоста на сојузниците била слабата страна во стратешката позиција на Филип, кој секогаш морал, ако ништо друго, да ги има на ум потребите на членките на Симахијата. Како што веќе видовме, и во 219 и во 218 г. ст.е., тој одлучил да не ги жртвува своите стратешки цели заради помагање на сојузниците, а во прв ред Ахајскиот сојуз. Меѓутоа, прашањето што сериозно се наметнувало е до кога би можела да се одржи таквата состојба, пред сојузниците сами да почнат да вршат притисок врз Филип заради прекинување на војната.

Според тоа, воопшто не изненадува што Филип ги иницирал преговорите токму во мигот кога го постигнал и првиот навистина значаен стратешки успех во војната, односно освојувањето на Фтиотидска Теба. Да се бараат директни преговори пред постигнувањето на некој ваков успех, би значело да се признае неможноста на Македонија да го скроти и да му нанесе сериозен удар на Ајтолскиот сојуз. Меѓутоа, со оглед на успехот кај Теба, можноста од ново истоварување во Ајтолија, и фактот што за момент Ахајскиот сојуз покажал нешто поголема иницијатива и цврстина, сосема е разбирливо што Филип одлучил да ја искористи моменталната предност за да се извлече од оваа заморна ситуација. Како што заклучува Р. Ерингтон: Philip recognized a dead end when he saw one, and nothing more was to be gained by pursuing the Aitolian war further. Both sides had wounds to lick, especially in Thessaly, which had had been much fought over.[1]

Многу потешко е да се донесе правилна оцена за резултатите од војната. Од воен аспект, македонската војска уште еднаш ја докажала својата тактичка надмоќ во однос на Хелените, што од друга страна тешко можело да дојде до израз против ајтолскиот начин на војување.[2] Така што иако се чини дека војната влегувала во фаза каде Филип постојано ја имал иницијативата, а Ајтолците полека биле принудувани на одбрана, сепак во никој случај не може да стане збор за некаква неспорна воена победа на Македонија; додека пак приказот на Полибиј дека Ајтолците биле подготвени на речиси секакви отстапки само за да ја завршат војната[3] несомнено е претерување и ни малку не

[1] Errington 2008: 184. Истоштеноста на Тесалија најдобро е засведочена во двете писма на Филип до Лариса, каде ги убедува водачите на градот да примат нови граѓани бидејќи градот останал без доволно граѓани, поради што земјата останала необработена (*Syll.*[3] 543).
[2] *раce* Hammond 1988: 388.
[3] Polyb., v.103.2-3.

соодветствува на состојбите на теренот.[1] Напротив, брзото издигнување на воената странка во Ајтолија по мирот во Навпакт покажува дека голем дел од сојузот се залагал за продолжување на војната.[2] Мислењето пак на Н. Хамонд,[3] дека со мирот во Навпакт бил зауздан Ајтолскиот сојуз е исто толку сомнително. Ситуацијата едноставно се вратила како пред почетокот на војната, при што ниту едно суштинско прашање не било разрешено.

Од политички аспект, доколку се земат во предвид целите што сојузниците ги објавиле во 220 г. ст.е., мирот во Навпакт е целосно промашување - ниту една од зацртаните цели не била исполнета. За „ослободување“ на Делфи никако не можело да стане збор - Ајтолците и понатаму непречено доминирале во Делфиската амфиктионија. Дури и враќањето на териториите што Македонија ги загубила од Ајтолците во претходната деценија се покажало како извонредно тешка задача, за што сведочи и отпорот со кој се соочил Филип и кај Мелитеја и кај Фтиотидска Теба.

Сојузниците пак на Филип извлекле мошне мала полза од целата војна, па и покрај некои мали територијални придобивки,[4] се чини дека цената што морале да ја платат била превисока. Во целина, војната ги покажала сите недостатоци и слабости на Симахијата создадена од Досон. Не само што ниту една од членките не покажала поголема иницијатива во преземање на независни акции против непријателот, туку најчесто тие биле неспособни да се погрижат за сопствената безбедност и во целост се потпирале на помошта од Филип, што пак било очигледно трошење на македонските ресурси на споредни боишта. Ова особено важи за Ахајците, кои наместо како втора најзначајна сила во Симахијата, ако ништо друго со својата активност да вршат постојан притисок над Ајтолија, постојано ја покажувале својата воена неспособност и немоќ, при што во неколку наврати и опстанокот на сојузот бил доведен во прашање. За среќа на Симахијата, се чини дека во овие години ситуацијата на северната македонска граница главно била мирна, па Филип, за разлика од својот татко, бил во можност долготрајно да се посвети на состојбите во Хелада. Според тоа, Џ. Грејнџер веројатно е во право кога постепеното изумирање на Симахијата како значајна воена и политичка сила во Хелада го поврзува токму со настаните и резултатите од Сојузничката војна.[5]

---

[1] Убедлива критика на сликата што ја дава Полибиј кај Scholten 2000: 226f.

[2] Scholten 2000: 226f.

[3] Hammond 1988: 388.

[4] *v.* Walbank 1940: 66.

[5] Grainger 1999: 295. *contra* Hammond 1988: 390f. кој крајот на војната го гледа како на период кога доаѓа до издигнување на угледот на Симахијата. Ми се чини дека во овој случај тој го меша издигнувањето на Филип V, што е неспорно и добро засведочено, со

Навистина, од друга страна, Македонија извлекла одредена корист од целата војна, со оглед на тоа што Трифилија, Фтиотидска Теба и Закинт сега биле под македонска власт, а и контролата над Пелопонес несомнено била зацврстена. Меѓутоа, од временска дистанца, може да се постави прашањето колку ваквата политика на постојано воено присуство на Пелопонес, навистина било корисно за Македонија. Од една страна, тоа значело дополнително оптоварување на воените и финансиски ресурси на државата, но (можеме да претпоставиме) на долги патеки и причина за постепен развој на презир кај сојузниците кои морале да ги трпат македонските посади. Во споредба, политиката на Гоната на немешање јужно од Коринт делува далеку поразумна и поекономична, особено што Пелопонес не бил од суштествена важност за безбедноста на Македонија. Според тоа, сите напори што Македонците морале да ги истрпат во оваа војна, биле крунисани со успеси од сомнителна вредност. Се разбира, за ова никако не може да се обвини младиот Филип кој во основа само ја продолжувал политиката на својот претходник – ако некој веќе мора да се обвини затоа што неповратно ја вмешал Македонија во состојбите на Пелопонес тоа е секако Антигон Досон.

Од друга страна пак, забележливо е дека главнината од успесите биле постигнати на запад; со освојувањето и утврдувањето на Ојнијада, на Фигалеја, на Трифилија и на Закинт, Филип во основа ја претворил Македонија во сериозна сила на која мора да се смета на запад.[1] Дали овие придобивки се резултат на моменталните цели на Филип во дадените околности, односно се мотивирани само од стратешката ситуација во војната, или пак можеби би можеле да се земат како знак и предвесник на новата политика што кралот ќе ја отпочне наскоро по завршувањето на Сојузничката војна, за жал не може да се каже. Доколку примерите на Трифилија и Фигалеја може со голема доза на сигурност да се земат како непосредни цели во моменталната ситуација, тогаш примерите на Ојнијада и Закин се далеку посомнителни. Со нивната контрола Филип несомнено дополнително ја омеѓувал Ајтолија и истовремено си го олеснувал алтернативниот пристап кон Пелопонес, што од друга страна не мора да значи дека кај него полека веќе не се создавала идејата за порешително и поагресивно присуство во овие области. Ми се чини дека ова особено важи во случајот на Закинт, што како што веќе беше споменато, бил освоен кога преговорите веќе започнувале, така што неговата важност веројатно лежи надвор од целите на Филип во Сојузничката војна.

---

издигнување на Симахијата, за што нема било какви индикации што не се однесуваат на македонскиот крал.

[1] Greainger 1999: 295.

Иако се покажале како мошне жилав и непријатен противник за Македонија, и Ајтолците во основа не минале ништо подобро од членките на Симахијата. Ј. Шолтен несомнено е во право кога инсистира дека Ајтолците ниту биле поразени, ниту пак се однесувале како поразена страна во војната.[1] Меѓутоа, исто толку е точно и дека тие претрпеле низа сериозни удари, од кои не можеле веднаш да се опорават. Разурнувањето на Термон несомнено претставувало извонреден психолошки шок, но и сериозна економска загуба. Падот пак на Фтиотидска Теба значел дека цела Тесалија полека повторно минува во рацете на Македонија, со што се затварале и опциите на Ајтолија за поинтензивно мешање на север.[2] Згора на тоа, благодарение на поморската кампања на Филип, ниту еден дел од Ајтолија веќе не бил безбеден, а се чини дека Ајтолците и не биле баш навикнати и самите постојано да бидат жртви на сопствениот метод на војување.[3] Дополнителна причина за загриженост можеби бил и фактот што со падот на Фтиотидска Теба, македонското навлегување во Фокида, и активната поморска кампања на Филип, полека и Делфи, односно ајтолската контрола на амфиктионијата во скоро време би можеле да бидат доведени во прашање.[4] Навистина, доколку тргнеме од целите што сојузниците ги објавиле во 220 г. ст.е., чие целосно постигнување во основа би значело уништување на Ајтолскиот сојуз, веројатно би можеле да се сложиме со Џ. Грејнџер, кој истакнува дека во основа Ајтолскиот сојуз во основа водел мошне успешна војна.[5] Несомнено, во споредба со загубите на Ахаја, Епир и Тесалија, Ајтолија минала мошне подобро. Меѓутоа, Македонија – главниот противник на Ајтолците не претрпела речиси никакви загуби со исклучок на финансиските потешкотии со кои се соочувал Филип.[6] Од друга страна, мислам дека нема потреба првичниот проглас на сојузниците да биде сфатен како нешто повеќе од пропагандно средство на почетокот на војната, што реално немало никакво значење при формирањето на оперативните планови и цели на Филип; така што не може да се земе како сериозен критериум при завршната оцена на успесите и неуспесите на Македонија во оваа војна. Згора на тоа,

---

[1] SCHOLTEN 2000: 226.
[2] Шолтен веројатно е во право кога претпоставува дека токму падот на Фтиотидска Теба претставувал сериозна причина мировната страна во сојузот да ја преземе контролата барем за момент (SCHOLTEN 2000: 227).
[3] *cf.* SCHOLTEN 2000: 227: кој истакнува дека Агелај, кој на почетокот на војната се наоѓа меѓу водачите што ќе ја ескалираат ситуацијата, сега се наоѓа на чело на мировната страна најверојатно не само поради загубата на Фтиотидска Теба, туку уште повеќе бидејќи воените дејствија полека се приближувале и кон Навпактија, што било посебно загрижувачко за овој државник од Навпакт.
[4] *cf.* HAMMOND 1988: 387.
[5] GRAINGER 1999: 295.
[6] GRAINGER 1999: 295.

своите успеси Ајтолија главно ги постигнала на сметка на сопствените сојузници на Пелопонес кои се потешко го чувствувале товарот на војната.[1] Според тоа, кога ќе се земат сите фактори во предвид, нема сомневање дека македонската надмоќ над Ајтолија повторно била демонстрирана – што е особено важно како контраст на слабоста демонстрирана во времето на војната против Деметриј II - а оваа тешка и неисплатлива војна била сериозна лекција за Ајтолците во иднина да бидат далеку повнимателни во односот кон Македонија.[2]

Нема сомневање дека од целата војна, само еден извлекол значителна полза и со право би можел да се нарече победник, а тоа е Филип V – младиот крал на Македонија.[3] Прво и најважно, тој се докажал како извонредно способен и одважен стратег. Една од главните причини за агресивниот и провокативен однос на Ајтолија несомнено бил презирот кон младиот младиот крал.[4] Но, кампањите во западна Хелада, а особено на Пелопонес и разурнувањето на Термон покажале дека и покрај својата младост, или можеби токму поради неа, не само што станувало збор за талентиран војсководач, туку и за стратег подготвен на одважни, а понекогаш дури и ризични кампањи, што во секој случај го правело мошне непредвидлив и опасен противник. Расчистувањето пак со групацијата на Апел недвосмислено покажало дека кралот нема намера да ја трпи тешката рака на старите советници и има намера самиот да одлучува за судбината на своето кралство. Поедноставно кажано, благодарение на пресметката со старите советници, Филип станал неоспорен господар на сопствениот двор, со што ја избегнал судбината на толку многу млади владетели низ историјата кои поради своето неискуство паднале како жртви на дворските советници.

Од друга страна, влегувајќи во војна со омразениот сојуз на Ајтолците, Филип несомнено ги стекнал симпатиите на членките на Симахијата, а можеби и на некои од неутралните држави. Полибиј истакнува дека по завршувањето на Сојузничката војна, Филип бил сметан за „миленикот на Хелените“.[5] Навистина, како што истакнува М. Оло, во овој случај под Хелени Полибиј ги подразбира членките на Симахијата;[6] но, епиграфските извори сепак сведочат за популарноста на Филип во Хелада во овој период.[7] Затоа и не е случајно што

---

[1] GRAINGER 1999: 295.
[2] GRAINGER 1999: 296.
[3] *cf.* WALBANK 1984: 481; *pace* HOLLEAUX 1921: 164f.
[4] Polyb., iv.3.3; v.18.6; *cf.* iv.5.3; 22.5.
[5] Polyb., vii.11.8.
[6] HOLLEAUX 1921: 164 n.7. За слична употреба на поимот Хелени кај Полибиј, v.106.7.
[7] DOW & EDSON 1937: 137f., no.7; *IG* IV$^2$ 1.590.

токму тогаш, Филип бил избран за *prostates* на новоформираниот којнон на дел од градовите на Крит.[1]

* * * * *

Со приличното успешно завршување на Сојузничката војна, Филип се докажал како крал способен да се грижи за интересите на Македонија и со тоа ја зацврстил својата власт. Меѓутоа, тука не завршува огромното значење на мирот во Навпакт за Филип. Како што истакнува Ф. Волбанк, овој мир претставува крај на една епоха во неговото владеење.[2] Во оваа смисла, мирот во Навпакт претставува исполнување на неговата должност за зачувување и зацврстување на тоа што го наследил од Антигон Досон. Но, истовремено не треба да се заборави дека Сојузничката војна не е судир што Филип го посакувал, туку судир во кој бил вовлечен поради ривалството меѓу Ајтолскиот и Ахајскиот сојуз и недостатоците на Хеленската симахија. Како што ќе покажат случувањата во следните две децении, Хелада не била арената каде младиот и талентиран Филип имал намера да ја бара славата. Во одредена смисла, тоа што претставува балканската кампања на Александар III пред походот во Азија, тоа е Сојузничката војна за Филип V.

Во таа смисла, мирот во Навпакт би можел да се сфати и како почеток на една нова етапа од владеењето на Филип. Откако на овој начин раскрстил со наследството на Досон, а истовремено и се докажал како способен и одважен стратег, дошло времето Филип конечно да почне да си го гради сопствениот пат, без да биде пригушуван од старите соработници. Дошло времето конечно самиот да ја избере арената каде ќе се докаже како достоен истоименик и наследник на легендарниот владетел што толку многу сакал да го подражава. Впрочем, со оглед на младоста на кралот ова воопшто и не изненадува. Веднаш фрлен во виорот на војната и предизвиците од Ајатолскиот сојуз, барем почетокот на неговото владеење ветувал дека во него има потенцијал да се мери со Филип II и Александар III. Веќе три години тој успешно ги водел своите

---

[1] Polyb., vii.11.9; Trog., *Prol.*, 29. Меѓутоа, мора да се истакне дека Полибиј ја преувеличува важноста на овој избор. Пред сè ништо не потврдува дека Филип имал непосредна и активна контрола над овој сојуз, односно дека назначувањето не е попрво почесно, слично со назначувањето на Птолемај III за хегемон на Ахајскиот сојуз во 243 г. ст.е., и на Атал од страна на Ајтолскиот сојуз во 210 г. ст.е. (*cf.* WALBANK 1940: 67 n.5) Меѓутоа, дури и да дозволиме дека Филип имал непосредна контрола над сојузот, овој сојуз не го опфаќал целиот остров – како што може да се добие впечаток од приказот на Полибиј; одредени градови останале под лагидска контрола, додека пак некои други останале во блиски врски со Родос (*v. HCP II*: 58f.).

[2] WALBANK 1940: 67.

Македонци низ бројни предизвици и победи. На само дваест годишна возраст, тој веќе бил докажан заповедник кој успеал да го разниша најмоќниот противник на Македонија во Хелада. На негови години, ниту Филип II ниту Александар сѐ уште се немале ни искачено на македонскиот престол.

Првите спектакуларни успеси Филип II ги постигнал против Илирите на Бардилис. Сосема случајно, токму во моментот кога завршила Сојузничката војна и Филип V се соочил со предизвик од Илирите на Скердилаида. Дали и неговиот потфат против Илирите, како и оној на неговиот славен истоименик, ќе претставува увод во нова златна ера на македонското кралство, или пак ќе го исправи пред непредвидени и опасни предизвици, ќе покажат настаните од следните две години, кога во суштина ќе се решава и судбината на кралството. Но, пред да можеме да се зафатиме со ова прашање, прво мора да се вратиме две децении наназад и вниманието да го насочиме кон јадранскиот брег, каде дошло до случувања што иако во тоа време минале главно незабележано, всушност претставуваат почеток на еден процес што на крајот од корен ќе ја измени политичката слика во источниот Медитеран. Се разбира, станува збор за првото преминување на римската војска на Балканот и војните против Илирите.

# ОБЛАКОТ ОД ЗАПАД

# I. Epiploke

229 г. ст.е. била критична година кога низа настани го условиле понатамошниот тек на историјата на јужниот Балкан. Како што веќе беше споменато, Македонија минувала низ тешка криза по смртта на Деметриј II, а Досон имал полни раце работа за да го стабилизира и зацврсти кралството. Епир пак, по внатрешните превирања и падот на монархијата веќе не бил во состојба да води самостојна политика. Најголеми добитници од целата ситуација биле Ајтолскиот сојуз кој успеал да освои некои територии на сметка на Епир, и Илирите на Агрон кои не само што две години по ред презеле спектакуларни напади што по многу нешта наликувале на оние на Бардилис век и половина претходно, туку и ги принудиле Епир и Акарнанија на сојуз. За момент се чинело дека на маргините на хеленскиот свет полека се создава нова сила што ќе игра важна улога во следните години. Јасно е дека сите овие настани биле од огромно значење и дека на јужниот Балкан на повидок било ново престројување на силите. Меѓутоа, сето ова бледнее во споредба со едно друго случување, што иако во дадениот момент не оставило посилен впечаток врз современиците, во суштина претставува настан од огромно историско значење што во основа ќе го смени текот на историјата на хеленистичките монархии. Се разбира, станува збор за првата интервенција на Рим на источниот брег на Јадранското море и војната против Илирите.

*Пристигнувањето на Рим.* До I Илирска војна, контактите на Рим со истокот биле минимални, се разбира со исклучок на големата војна против Пир. Повремено се среќава по некој римски, или многу поверојатно италски, трговец; се споменуваат одредени пратеништва и договори меѓу Рим и некои хеленистички држави, чија историчност во повеќето случаи е крајно сомнителна и во основа тоа е сè. Очигледно до времето на I Илирска војна Рим не покажувал никаков интерес за случувањата на исток, во хеленистичкиот свет.[1] Затоа одлучноста и жестината на римската интервенција на прв поглед може да изгледаат изненадувачки.[2]

Имено, прилично доцна во бојната сезона за 229 г. ст.е., римската војска од 20.000 пешадија, 2.000 коњица и 200 бродови, предводена од двајцата консули, за прв пат ќе биде испратена источно од Апенинскиот полуостров, при што целта биле Илирите предводени од Теута.[3] Од големината на војската очигледно е дека Римјаните

---

[1] За контактите меѓу Рим и хеленистичките држави пред I Илирска војна, *v.* HOLLEAUX 1928: 822ff.; ERRINGTON 1989: 81ff.; ECKSTEIN 2008: 29ff.; BADIAN 1958: 43f.; WALBANK 1963: 2f.

[2] За изворите за I Илирска војна *v.* WILL 1979: 356; ERRINGTON 1989: 86 n.7.

[3] За I Римско-илирска војна, *v.* ERRINGTON 1989: 85ff.; WILL 1979: 354ff.; КАБАН 1996: 191ff.; ECKSTEIN 2008: 30ff.; HOLLEAUX 1928: 831ff.

предвидувале жестока и тешка борба. На нивно пријатно изненадување, се покажало дека Илирите ни приближно не се дораснати на римската војска. Дејствијата започнале со пристигнувањето на консулот Фулвиј на Коркира, што Деметриј од Фарос – намесникот на Теута – веднаш го предал на Римјаните. По пристигнувањето на целата војска, консулите се упатиле кон Аполонија, а од таму продолжиле кон Епидамнос од чија околина биле истерани Илирите. Дури тогаш војската се упатила кон Иса, каде била собрана главнината од силите на Теута. Откако била крената опсадата на градот, Теута се повлекла во Ризон, а војната во суштина завршила; Фулвиј со главнината од војската се вратил во Италија, а Постумиј останал за да се подготви договорот со Теута. Во текот на целата кампања, што одвај и да заслужува да се нарече војна, Римјаните наишле на пожесток отпор само при обидот да освојат некои соседни градови по крајбрежјето, како на пример Нутрија, каде претрпеле сериозни загуби.[1] По По завршувањето на војната, Римјаните испратиле пратеништво кај Ајтолците, Ахајците, во Коринт и во Атина.[2]

Меѓу современите историчари нема согласност за причините што довеле до римската интервенција во Илирија. Во одредена мера ова е условено и од фактот што Полибиј и Апијан - двата главни извори за војната – даваат различни верзии за текот на настаните што не може да се усогласат.[3] Иако генерално секогаш предност му се дава на Полибиј, некои историчари ја претпочитаат верзијата сочувана кај Апијан, при тоа истакнувајќи ги слабостите во приказот на мегалополскиот историограф.[4] Сепак, чини дека без разлика која традиција би ја претпочитале, обете покажуваат пристрасност кон Рим и во оваа прилика воопшто и нема потреба да се навлегува во овој проблем. Во суштина, без разлика кој фактор би се издвоил како главна причина за римската интервенција, јасно е дека истоварувањето на римската војска во Илирија, пред сè претставува реакција на илирската експанзија на југ, кон Епир и Акарнанија. Несомнено, во целата ситуација значајна улога играле економските интереси пред сè на италските и хеленските трговци од јужна Италија и Сицилија; односно Сенатот, кој веќе некое време ги игнорирал поплаките од трговците, конечно станал свесен за проблемот со илирските гусари.[5] Исто така, одредена улога можеби играл и фактот

---

[1] Polyb., ii.11.13. Нутрија не се споменува на ниту едно друго место. Кај Касиј Дион (fg.49) формата е *Aturios*. *v. HCP I*: ad loc.

[2] Polyb., ii.12.4-8.

[3] Вулич 1934: 46ff. се обидува да ги сведе различните прикази на еден заеднички извор, но неговата аргументација не е многу убедлива. Детална анализа во *HCP I*: 153ff.

[4] Petzold 1971; Derow 1973. Нивните аргументи не се прифатени од сите. Така на пример Eckstein 2008: 36 цени дека оваа традиција не може да се прифати бидејќи е обременета со римска пропаганда.

[5] Економскиот фактор како клучна причина е истакнат од Eckstein 2008: 35ff. *cf.* Gruen 1984: 362ff. Сенатот несомнено бил посебно изиритиран од односот на Илирите кон италските трговци што ги затекнале во близината на Фојника (Errington 1989: 86). Мислењето на Badian 1952: 75f., дека всушност станувало збор за италски бродови што се обидувале да ја пробијат

што во тој момент, немало ниту едно боиште каде би можела да се искористи римската војска, па Сенатот се одлучил да ја искористи Илирија како погодно подрачје за еден нов потфат каде консулите би можеле да се стекнат со плен и слава.[1] Но, како што веќе споменав, и покрај овие дополнителни мотиви, римската интервенција најверојатно претставувала превентивен чекор преземен против еден сосед, чија воена сила била во издигнување и во изминатите две години недвосмислено била демострирана во борбите против Епир, а потоа и против Ајтолците и Ахајците.[2]

По завршувањето на војната, Римјаните во основа ја поделиле власта во Илирија на неколку чинители, меѓу кои најмоќен бил Деметриј од Фарос.[3] Неколку градови и области биле отцепени од илирското кралство;[4] главнината од кралството му било оставено на Пинес; некои градови и биле оставени на Теута, „надвор од Илирија"; а некои области му биле доделени на Деметриј од Фарос;[5] исто така се споменува и исплаќање на некаков *phoros*, иако најверојатно не станува збор за постојан данок, туку за исплата на воена одштета;[6] на крајот, на Илирите им се забранувало да пловат јужно од Лисос со повеќе од две невооружени лемби.

Како што може да се забележи овој судир сам за себе не претставувал ништо исклучително – на пријатно изненадување на Римјаните, Илирите пружиле само млак и спорадичен отпор со неколку исклучоци; а откако задачата била извршена, легиите се вратиле во Италија. Па сепак, значењето на оваа војна никако не смее да се потцени. Од аспект на Рим, без разлика колку Сенатот во тој миг бил незаинтересиран за случувањата на исток, војната со Илирите фактички претставувала отворање на едно ново подрачје каде во иднина би можело по потреба да се дејствува. Но, до такво

---

блокадата, колку и да делува привлечно, воопшто не може да се поткрепи со ниту еден извор и треба да се занемари. За илирското гусарство, *v.* Dell 1967; Кабан 1996: 185ff.; Šašel Kos 2002.

[1] Желбата за нови освојувања како клучен фактор е особено истакната од Harris 1979: 195ff. Меѓутоа ваквото еднострано толкување при што постојано се инсистира на римската воинственост и желба за освојувања, најблаго кажано е проблематично и не случајно често критикувано. *cf.* критиката кај Eckstein 2008: 36f., кој сепак не е до крај убедлив. Клучен аргумент дека Рим во ова време не бил заинтересиран за освојувачки војни на истокот не е коментарот на Полибиј (на што се почива критиката кај Екстин), туку собитијата што уследиле по завршувањето на војната, кога станало јасно дека Римјаните немаат намера, барем во тој момент, да се зацврстат и задржат на источниот брег на Јадранското море.

[2] Errington 1989: 88; de Souza 1999: 79f.; Badian 1952: 75ff., иако мора да се истакне дека Бадијан го преувеличува значењето и улогата на пратеништвото на Корунканиите.

[3] Античките извори очигледно не се добро известени за одредбите од мировниот договор со оглед на тоа што Полибиј од една страна воопшто не го споменува Пинес, додека пак Апијан од друга воопшто не ја споменува Теута како фактор во целата распределба.

[4] Коркира, Епидамнос, Аполонија, Иса, како и Партините и Атинтаните.

[5] Крајбрежното подрачје околу Фарос и Иса, со исклучлок на Иса. Според Полибиј (ii.11.17) Деметриј под своја власт го добил најголемиот дел од Илирите, што со мала резерва е прифатено и од Кабан 1996: 197. Многу поскептичен, е Derow 2005: 53, кој мисли дека станува збор за конструкција на Полибиј, со цел да се истакне подоцнежната неблагодарност на Деметриј кон Рим. Сепак, неговото мислење дека тој воопшто не бил награден од Рим за својата соработка ми се чини како непотребно одење во другата крајност.

[6] Badian 1952: 78.; *HCP I*: 165.

дејствување, зависно од околностите, можеби би дошло, а можеби не. Суштественото значење на овој судир е во тоа што, како што веќе Полибиј мошне внимателно забележал, тоа претставува *epiploke* – поврзување на истокот и Рим;[1] на некој начин, токму со оваа римска интервенција е остварен предусловот за сите подоцнежни односи меѓу Рим и хеленистичките монархии. Од оваа причина, значењето на I Илирска војна никако не смее да се потцени. Сепак, сето ова лежело во иднината, при што немало ништо што би можело да покаже во каков правец ќе се движат односите меѓу Рим и хеленистичките монархии.

По повлекувањето на легиите во 228 г. ст.е., речиси цела деценија Илирите ќе бидат оставени сами да се грижат за сопствените работи, без било какво мешање на Рим. Дури во 221-0 г. ст.е., Римјаните повторно на кратко ќе интервенираат, овој пат против Хистрите.[2] Меѓутоа, колку што може да се заклучи од сочуваните фрагменти, се чини дека оваа војна попрво треба да се сфати како продолжување, односно завршна операција од римското дејствување во Кисалпинска Галија, па иако се чини дека и тука Деметриј од Фарос имал вмешано прсти, сепак акцијата немала никакво влијание врз состојбите во Илирија.[3]

Дури во 219 г. ст.е. ќе дојде до нова римска интервенција во Илирија, овој пат против поранешниот штитеник Деметриј од Фарос, кој деценијата од I Илирска војна ја искористил за зацврстување и проширување на сопствената власт; издигнување што започнало кога Деметриј (не се знае точно кога) се оженил со Тритеута и го презел регентството над Пинес, со што фактички ја презел контролата над Аридеите.[4] За жал не знаеме повеќе за активностите на Деметриј во Илирија во оваа деценија.[5] Од друга страна, тој во одредена смисла ја продолжува политиката на Агрон и ги зацврстува односите со Антигон Досон; а во 220 г. ст.е. го презема злогласниот поморски поход заедно со Скердилаида на Пелопонес, што потоа ќе го продолжи на Кикладите.

Но, веќе следната година римската војска повторно интервенира во Илирија.[6] По седумдневна опада паднал Димале, едно од двете главни упоришта на Деметриј од Фарос. Со падот на Димале, речиси сиот отпор против Рим престанува, а по кратка опсада паѓа и Фарос, каде Деметриј ја стационирал главнината од своите сили. По

[1] Polyb., ii.12.7. *cf. HCP I*: ad loc.
[2] За жал за оваа војна речиси и да нема никакви преостанати извори. Судирот попатно се споменува кај Liv., *Per.*, 20; *cf.* Liv., 21.16.4; Eutrop., 3.7.1; Oros., 4.13.16; App., *Ill.*, 8; Dio ~ Zon. viii.20., каде по грешка наместо Хистри, Дион зборува за поход на Истар, односно Дунав.
[3] Детална анализа на изворите и можниот контекст за оваа војна кај Dell 1970.
[4] Dio, xii. fg.53.
[5] *cf.* Кабан 1996: 204f.; Eckstein 2008: 58ff.; Holleaux 1928: 844ff., кој сепак ја преценува опасноста, односно значењето на соработката меѓу Деметриј и Антигонидите.
[6] За изворите за II Илирска војна, *v.* Errington 1989:91 n.10.

падот на Фарос, Деметриј пребегнува кај Филип V.[1] Доколку првиот конфликт меѓу Рим и Илирите одвај и да заслужува да се нарече војна, тогаш пресметката со Деметриј од Фарос, попрво би можела да се нарече туристичка прошетка за римските легии.

Кои биле причините што го навеле Сенатот токму во овој миг да интервенира против Деметриј од Фарос, со оглед на тоа што не знаеме речиси ништо за неговите активности во изминатата деценија, не може со сигурност да се каже. Во секој случај, ниту неговите блиски односи со Антигонидите, ниту пак походот јужно од Лисос не биле главна причина за римската интервенција; зашто Скердилаида, кој исто така учествувал во походот од 220 г. ст.е., а токму непосредно пред римската интервенција склучил сојуз со Филип, воопшто не бил погоден од пресметката на Рим со Деметриј. Како што истакнува Р. Ерингтон, главна одлика на мирот од 228 г. ст.е. е поделба на власта, односно моќта во Илирија, а токму оваа одлика фактички била речиси целосно неутрализирана како резултат на амбициозната политика на Деметриј од Фарос.[2] Затоа, и покрај бројните несогласувања меѓу современите историчари, претпоставката дека Рим, во предвечерието на II Пунска војна, сакал да си ја обезбеди задднината со тоа што ќе се пресмета со поранешниот сојузник што сè поагресивно и отворено ја демонстрирал својата независност, при тоа воопшто не водејќи сметка за интересите на Рим, се чини сосема издржана.[3] Во секој случај, и овој пат римската интервенција не не довела до радикална промена на состојбите во Илирија, барем што се однесува до римското присуство. Откако го казниле неблагодарниот сојузник, легиите повторно си заминале.

*Римскиот протекторат.*[4] Во крајна линија, прашањето за мотивите на Рим при интервенциите во Илирија и не е од суштествена важност за оваа тема; се разбира, освен доколку не се докаже дека барем на индиректен начин тие биле насочени кон Македонија. Но, за тоа прашање понатаму. Многу поважен проблем, што колку што е важен за одгатнувањето на римските цели и мотиви во Илирија и на Балканот, исто толку е значаен и при анализата на мотивите на Филип во периодот 217-215 г. ст.е., е прашањето за природата на римското присуство во Илирија, односно организацијата на Илирија по I Илирска војна.

Имено, веќе долго време, голем дел од современите научници зборуваат за „римскиот протекторат“ во Илирија, благодарение на огромното влијание на М. Оло,

---

[1] За II Илирска војна *v.* Errington 1989:92ff.; Кабан 1996: 205f.; *HCP I*: 330f.; Holleaux 1928: 848ff.; Will 1982: 77ff.
[2] Errington 1989: 90f.
[3] *HCP I*: 325; Petzold 1971: 212f. Ова мислење, само попатно изложено од Ф. Волбанк, детално е образложено од Eckstein 1994. *cf.* Id. 2008: 62ff.
[4] За тоа што следува главно ги следам Eckstein 2008: 42ff. и Badian 1952.

кој прв го окарактеризирал римското присуство во Илирија како протекторат.[1] Што е уште поважно, според оваа теорија, римскиот протекторат претставувал непрекината територија од „околу 120 милји во должина и од 20 до 40 милји во длабочина, приближно по линијата од Лисос на север до Фојника на југ“.[2] Доколку ова е навистина така, тогаш овој римски протекторат несомнено имал огромна улога при конципирањето на западната политика на Филип V.

Меѓутоа, иако поимот сè уште се употребува од повеќе современи историчари,[3] А. Екстин несомнено е во право кога истакнува дека овој поим позајмен од колонијалниот речник од XIX век е мошне несоодветен и создава сосема погрешна слика за реалните состојби во Илирија.[4] Главните носители на власта не ја загубиле способноста за водење на независна надворешна политика, ниту пак биле обременети со римска контрола при водењето на внатрешната политика.[5] Ниту пак би можело да се зборува за „јасно дефинирана територија“, што се подразбира во случаите кога станува збор за протекторат. Имено, од изворите може да се заклучи дека Рим стапил во некаков вид на дипломатски односи само со шест субјекти: Коркира, Аполонија, Епидамнос, Иса, Атинтаните и Партините.[6] Ова е посебно важно, зашто дури и да дозволиме дека овие шест заедници потпаднале под римска власт (иако дури и тоа не е точно), само еден преглед на картата јасно покажува дека во никој случај не може да стане збор за „непрекината и јасно утврдена територија“,[7] што е уште еден показател за за тоа колку е несоодветна употребата на поимот протекторат во овој случај.

---

[1] Holleaux 1928: 835ff.

[2] Walbank 1940: 12. *v.* и картата 14 во *CAH* VII. Под влијание на трудот на Е. Бадиан подоцна и Ф. Волбанк ќе заземе еден многу повнимателен став при анализата на римското присуство, при тоа сепак задржувајќи го поимот протекторат (*HCP I*: 162).

[3] За неколку наведени примери *v.* Eckstein 2008: 54 n.102.

[4] Eckstein 2008: 51. *contra* Кабан 1996: 198 кој истакнува дека изборот на М. Оло, иако бара дообјаснување е сосема соодветен, зашто воспоставување на протекторат подразбира задржување на домашните институции. Меѓутоа, според современите теоретичари, под протекторат се подразбира јасно дефиниран политички простор што ја загубил сувереноста, а внатрешната управа ја препуштил на некоја империјална сила. Ваквата дефиниција е во очигледна спротивност со сфаќањето на П. Кабан. Меѓутоа, дури и да дозволиме дека може да постојат разидувања во поглед на внатрешната управа во еден протекторат, тоа што е недвосмислено јасно е дека кој и да е субјект што потпаднал под протекторат, секако го загубил капацитетот за водење на сопствена односно независна надворешна политика. Од примерите пак на Деметриј од Фарос и Скердилаида, јасно е дека ова не било случај и во Илирија по 228 г. ст.е.

[5] Colin 1905: 26 претпоставува дека во илирските градови имало и римски службеници. За критика на ова мислење *v.* Larsen 1935: 198 n.28. Дури и М. Оло, не ја прифаќа идејата дека во Илирија биле присутни римски „набљудувачи“ (Holleaux 1928: 837).

[6] Badian 1952: 78.

[7] Коркира е одалечена околу 160 km. од Аполонија на север, која пак е одалечена околу 96 km. од Епидамнос; Иса пак се наоѓа околу 400 km. на север од Епидамнос. *cf.* Eckstein 2008: 52. Детална анализа на географските одлики на регионот за кој станува збор кај Hammond 1968, што сепак мора да се користи со огромна внимателност, не само затоа што авторот ја прифаќа теоријата за римски протекторат (а дури оди о чекор понатаму истакнувајќи дека протекторат е само еуфемизам за целосната римска доминација во Илирија), туку и поради неговата крајно

Веќе Е. Бадиан ги согледал слабостите на теоријата за постоењето на римскиот протекторат, и ја изложил на детална критика.[1] Така, тој прв го посочил тоа што веќе беше споменато; имено дека со сигурност може да се тврди дека Рим воспоставил официјални односи само со Коркира, Аполонија, Епидамнос, Иса, Атинтаните и Партините. Земајќи го предвид овој факт кој веднаш фрла сомнеж врз теоријата за римски протекторат, но и од сопственото сфаќање за значењето на домашната институција *clientela*,[2] при конципирањето на римската надворешна политика, Е. Бадиан доаѓа до заклучок дека во основа сите претходно споменати заедници всушност станале римски клиенти. Со тоа, иако се отфрла идејата за римски протекторат, во основа се прифаќа идејата за создавање на една јасна хиерархиска состојба во Илирија, на чело со Рим. Меѓутоа, проблемот е што во изворите никаде не се споменува воспоставувањето на клиентски односи; напротив постојано се среќава само поимот *amicitia-philia*. Оваа тешкотија Е. Бадиан се обидел да ја одмине со тоа што заклучил дека всушност *amicitia* претставува „учтива“ форма, еуфемизам зад кој била прикриена вистинската состојба на *clientela*.[3] Меѓутоа, како што истакнуваат повеќе историчари, ваквата пракса на еуфемизми е непозната во Рим – кога станувало збор за воспоставување на клиентски односи Римјаните биле сосема директни и недвосмислени.[4] Затоа, како што истакнува А. Екстин, во ситуација кога нема ниту еден показател дека станува збор за еуфемизми или задскриени-учтиви форми, најдобро би било поимот *amicitia-philia* што толку често се среќава во изворите, да се сфати во буквална смисла.[5]

На прв поглед, барем делумно ова е во спротивност со изворите каде се споменува дека, на пример Партините, οἱ παρὰ τῶν Παρθίνων ἧκον ἐπιτρέποντες τὰ καθ᾽ αὑτούς κτλ.,[6] што во основа би значело дека според римскиот правен речник тие станале *dediticii*. Меѓутоа, значењето на овој чекор преземен од Партините не смее да се прецени, зашто како што истакнува Ј. Ларсен, овие воопшто и не разбирале што точно тоа значи.[7] Најсликовит показател за тоа колку римската терминологија била несфатлива, е примерот со Ајтолците, кои своевремено биле првите римски сојузници на Балканот. Имено, кога станало очигледно дека по повлекувањето на Антиох III,

---

проблематична претпоставка дека треба да се прави разлика меѓу *Atintani* во Илирија и *Atintanes* во Епир.

[1] Badian 1952: 78ff.

[2] Овој приод детално е образложен кај Badian 1958.

[3] Badian 1958: 7 n.1; 12f.

[4] Burton 2003; Eckstein 2008: 44f. *cf*. Ferrary 1988: 118, кој истакнува дека иако на Полибиј му е позната праксата на патронажа на римска фамилија врз некоја држава, тој никогаш не споменува државна (колективна) патронажа на Римската република.

[5] Eckstein 2008: 45.

[6] Polyb., ii.11.11.

[7] Larsen 1935: 198.

сами не би можеле да ја продолжат војната против Рим и сојузниците, οἱ δ' Αἰτωλοὶ καὶ πλείω λόγον ποιησάμενοι περὶ τῶν ὑποπιπτόντων ἔκριναν ἐπιτρέπειν τὰ ὅλα Μανίῳ, δόντες αὑτοὺς εἰς τὴν Ῥωμαίων πίστιν, οὐκ εἰδότες τίνα δύναμιν ἔχει τοῦτο, τῷ δὲ τῆς πίστεως ὀνόματι πλανηθέντες, ὡς ἂν διὰ τοῦτο τελειοτέρου σφίσιν ἐλέους ὑπάρξοντος.[1] Меѓутоа кога сфатиле, дека ова *deditio* всушност претставува безусловна капитулација, а не продолжување на преговорите, разгневените Ајтолци одлучиле да ја продолжат војната.[2] Сепак ова недоразбирање не може да се објасни само со ајтолското непознавање на римската правна терминологија, туку попрво со дотогашната римска пракса на благо постапување со оние што се предале *in fidem*. Имено, бројни примери од овој период покажуваат дека актот на *deditio* не значел по автоматизам и покорување.[3] Напротив, од случајот на Хераклеја на Латмос, може да се заклучи дека предавањето *in fidem* (εἰς τὴν ἡμετέρα[μ] [πίστιμ]), може всушност да резултира со давање слобода.[4] Суштината на целиот проблем е добро сублимирана од Џ. Бриско кој заклучува: What is made clear is that *deditio* meant handing over all power of decision to Rome. A reasonable response could be expected - that was the nature *fides Romana* - but could not be assumed in advance, and the act of *deditio* precluded formal negotiations about terms.[5] Значи ајтолската одлука, колку што се должела на погрешно сфаќање на целиот процес – во смисла дека со *deditio*, всушност веќе нема никаква можност за понатамошни преговори; исто толку веројатно била резултат на нивната проценка дека со *deditio* би биле благо третирани од Рим, како и многу заедници претходно. Откако им станало јасно дека се излажале во својата проценка, одлучиле да ја продолжат борбата.

Според сè што беше кажано, фактот што Атинтаните се предале на милоста на Рим, не мора да значи и дека Атинтанија потпаднала под непосредна римска контрола. Се разбира истото важи и во случајот на останатите споменати заедници што воспоставиле односи со Рим. Напротив, од изворите дознаваме дека тие склучиле *philia* со Рим, иако очигледно некои од нив претходно се предале со *deditio*.[6] Впрочем,

---

[1] Polyb., xx.9.10-11. *cf.* Liv., xxxvi.27.8. haec una uia omnibus ad salutem uisa est, ut in fidem se permitterent Romanorum; ita enim et illis uiolandi.

[2] Polyb., xx.9-10; Liv., xxxvi.27.-29.1. За детална анализа на процедурата и целиот тек на преговорите *v. HCP III*: 77ff.; BRISCOE 1981: 259ff.

[3] *e.g.* случајот со Мамертинците (Polyb., i.10.1-2; *cf.* LARSEN 1958: 248); Сагунт (Polyb., iii.15.5; *cf.* LARSEN 1958: 248; *HCP II*: 631, 635; BADIAN 1958: 49ff., 293; но *v.* ASTIN 1967, кој се сомнева дека воопшто и имало *deditio* во овој случај); некои иберски заедници (Polyb., x.40.2., 40.10; Liv., xxvii.19.2; *cf. HCP II*: ad loc.).

[4] SHERK 1969: no.35. *cf.* BADIAN 1958: 88.

[5] BRISCOE 1981: 260. Детална анализа во *HCP III*: 79ff.; ECKSTEIN 1995.

[6] *e.g.* Коркира: οἱ δὲ Κερκυραῖοι τὴν παρουσίαν τῶν Ῥωμαίων ἀσμένως ἰδόντες, τήν τε φρουρὰν παρέδοσαν τῶν Ἰλλυριῶν μετὰ τῆς τοῦ Δημητρίου γνώμης, αὐτοί τε σφᾶς ὁμοθυμαδὸν ἔδωκαν παρακληθέντες εἰς τὴν τῶν Ῥωμαίων πίστιν, μίαν ταύτην ὑπολαβόντες ἀσφάλειαν αὐτοῖς

постоеле повеќе начини преку кои Рим склучувал *amicitia* со други заедници.[1] Целата процедура најверојатно е опишана кај Апијан, на еден по малку невешт начин. Имено, тој прво споменува дека во текот на I Илирска војна некои заедници им се покориле на Римјаните,[2] за веќе во следната глава да истакне дека Коркира и Аполонија биле слободни.[3] А. Екстин несомнено е во право кога истакнува дека тука всушност станува збор за опис на целиот процес, од изразувањето на *deditio*, до прогласувањето на засегнатите заедници за слободни и *amici*.[4] Зашто станувало збор за заедници што своеволно се предале на Рим, а во такви случаи тие често биле прголасувани за слободни и *amici*.[5] Од друга страна, иако Апијан ги споменува само Коркира и Аполонија, Ф. Волбанк секако е во право кога претпоставува дека истото важело и за останатите заедници.[6]

Тоа што е важно да се истакне во овој случај е дека *amicitia* подразбирала израз на благонаклоност, без при тоа неопходно да подразбира и било какви меѓусебни обврски.[7] Поедноставно кажано, откако Римјаните ги исполниле своите стратешки цели во војната, склучиле пријателство со неколку заедници, без при тоа да се обврзат на било какви долготрајни ангажмани, и тоа е сè.[8] Според се што беше кажано и според изворите што ги имаме на располагање, „минималистичкиот" приод на К. Пецолд, се чини најоправдан. Според него, по завршувањето на I Илирска војна, засегнатите заедници останале слободни. Немало ниту протекторат, ниту пак создавање на еден клиентски, односно хиерархиски систем. Новината е во тоа што од сега, свесни за неспорната надмоќ на Рим, заедниците во Илирија, иако не биле обврзани со каков било формален договор, во своето дејствување секогаш воделе сметка за можните интереси на надмоќниот сосед. Поедноставно кажано, иако слободни и независни (барем од формален аспект), водени од импулсот за

ὑπάρχειν εἰς τὸν μέλλοντα χρόνον πρὸς τὴν Ἰλλυριῶν παρανομίαν. Ῥωμαῖοι δὲ προσδεξάμενοι τοὺς Κερκυραίους εἰς τὴν φιλίαν ἔπλεον ἐπὶ τῆς Ἀπολλωνίας, ἔχοντες εἰς τὰ κατάλοιπα τῶν πραγμάτων ἡγεμόνα τὸν Δημήτριον (Polyb., ii.11.5-6; *cf.* *HCP I*: ad loc.).

[1] HEUSS 1933: 26ff.

[2] App., *Ill.*, 7: οἱ δὲ ἀπεκρίναντο Κέρκυραν μὲν καὶ Φάρον καὶ Ἴσσαν καὶ Ἐπίδαμνον καὶ Ἰλλυριῶν τοὺς Ἀτιντανοὺς ἤδη Ῥωμαίων ὑπηκόους εἶναι κτλ.

[3] App., *Ill.*,8.

[4] ECKSTEIN 2008: 55.

[5] За примери каде доброволното *deditio* е проследено со прогласување на засегнатата страна за *amicus v.* HEUSS 1933: 79ff.

[6] *HCP I*: 161.

[7] Детална расправа за неформалниот карактер на *amicitia* кај GRUEN 1984: ch.2. Неформалниот карактер на овој поим, колку што ми е познато, прв го истакнува MATTHAEI 1907: 185ff.

[8] DE SANCTIS 1916: 301, верува дека Рим склучил сојуз со Иса, Епидамнос и Аполонија, а Коркира добила статус на *civitas sina foedere libera et immunis*. Меѓутоа, како што истакнува Ф. Волбанк, во изворите нема ниту еден показател дека Рим склучил *foedera* со било која страна, освен со Пинес (*HCP I*: 161).

самоодржување, за главен фактор во своите политички цели и замисли го земале Рим.[1]

Ваквиот начин на индиректна контрола, преку низа неформални (и секако нееднакви) пријателства, бил сосема соодветен и задоволителен за Рим во овој момент. Соодветноста на *amicitia* во оваа прилично анархична состојба произлегува токму од недефинираноста на овој поим.[2] Зашто, од една страна, овие склучени пријателства не го обврзувале Рим да интервенира во илирските работи, но поради недефинираноста на поимот, исто така оставале отворена врата и за евентуална интервенција доколку Римјаните оцениле дека такво нешто е неопходно – како што и направиле во 219 г. ст.е. кога интервенирале против Деметриј од Фарос. Според тоа, наместо протекторат, или пак воспоставување на формална хиерархија што се темели на *clientela*, целата ситуација по I Илирска војна најдобро би било да се окарактеризира како неформална хиерахија, што се темели на двосмислената и нејасна *amicitia*. Дека Рим бил во состојба и преку *amicitia* да влијае на состојбите во Илирија, или поточно во оние неколку заедници што воопшто и биле *amici*, покажува и забелешката на Полибиј, кој во една прилика споменува заедници што биле τὰς κατὰ τὴν Ἰλλυρίδα πόλεις τὰς ὑπὸ Ῥωμαίους ταττομένας.[3] Меѓутоа, како што истакнува истакнува А. Екстин, иста фразеологија се среќава и при описот на картагинската хегемонија во западниот дел од Сикилија,[4] што исто така била мошне индиректна, а градовите што биле под заштита на Картагина немале ниту картагински гарнизони, ниту пак картагински наместници;[5] и со право претпоставува дека можеби нешто слично се случувало и во Илирија.[6]

*Фарос и римскиот империјализам.* Решението што беше образложено на претходниве страни, сосема разбирливо, не само што не е прифатено од сите современи историчари, туку дури и би можело да се каже дека е застапувано само од малкумина од нив. Напротив, повеќето од нив во I Илирска војна гледаат како на прв и одлучен чекор на римската експанизја на исток, при тоа пристапувајќи му на ова прашање од различни аспекти.

---

[1] PETZOLD 1971: 214f., 220f.; GRUEN 1984: 367f.; ECKSTEIN 2008: 54ff.
[2] ERRINGTON 1989: 81, *amicitia was a global term for relationships which extended from the level of polite and distant friendliness to something approaching a recognition of common interests, in which case the relationship might conceivably be defined by a treaty. Amicitia could mean much or little etc...*
[3] Polyb., iii.16.3.
[4] Diod., xv.15.1.
[5] За состојбата на Сикилија и картагинската власт во западниот дел *v.* WHITTAKER 1978; *cf.* LEWIS 1994.
[6] ECKSTEIN 2008: 55.

Дел од нив тргнуваат од претпоставката дека римското општество, со длабоко вкоренет милитаризам уште од самите почетоци, одсекогаш било наклонето, да не речам предодредено, кон постојано водење на освојувачки војни и империјализам.[1] Меѓутоа, ова прашање секако претставува проблем сам за себе што не би можело, ниту пак има потреба, во оваа прилика детално да биде разгледан. Во оваа прилика доволно е да се истакнат само две работи. Прво, иако овој империјалистички пристап има бројни приврзаници, исто така има и такви кои не ја прифаќаат оваа теза, барем не во екстремната форма промовирана од В. Харис.[2] На другата крајност пак, има историчари кои во Рим би сакале да видат еден повеќе или помалку пасивен субјект, што поради низа причини и случајности, неволно бил втурнат во низа војни што на крајот ќе резултираат со преобразбата на Средоземјето во Римско море.[3] Речиси е непотребно да се истакне дека во својата екстремна форма, обете теории се во основа погрешни.[4] Се разбира, освен овие две теории има и бројни други обиди за разрешување на ова прашање, што се чини има посебна привлечност за проучувачите на историјата на Римската република.[5] Во оваа прилика доволно е само да се истакне дека иако римскиот милитаризам е неспорен и сосема очигледен, во основа Рим не водел ништо поагресивна политика од останатите држави во тој период.[6] Или со други други зборови, ако Рим може да се окарактеризира како империјалистичка држава, истото би морало да важи и за големите, па дури и помалите хеленистички држави во тоа време.[7] Како што е најчесто случајот, во сите овие теории и пристапи има делови што се повеќе или помалку веројатни, а вистината е некаде на средина. Тоа што е важно во конкретниов случај е дека ниту една теорија не е доволно убедлива, за да може мотивите на Рим за секој конфликт во кој се впуштил *a priori* да се прифатат, според некоја генерална парадигма. Поедноставно кажано, без обременетост од современите теории, секој конфликт, вклучувајќи ја и I Илирска војна, треба да се анализиираат како засебни проблеми, при тоа секогаш тргнувајќи од изворите и доказите, а не од заклучоците на современите историчари. Дали од тоа може да се извлече генерална парадигма за однесувањето на Рим, односно конципирањето на надворешната политика, во овој случај е неважно.

---

[1] Најважното и највлијателно дело во кое детално е образложен овој пристап секако е она на Harris 1979. *cf.* Veyne 1975; Ferrary 1988; Derow 2003.
[2] *e.g.* приказите на Sherwin-White 1980; и особено на North 1981, кој попрво се задржува на недостатоците и проблемите во методолошкиот пристап на В. Харис.
[3] Најистакнат поборник на оваа теза секако е Gruen 1984.
[4] За критика на заклучоците на Груен *v.* Rich 1985; Gabba 1987.
[5] *e.g.* Errington 1972, кој во основа повторно ја промовира старата теорија на Т. Момзен за дефанзивен империјализам. (*cf.* Seager 1975; Oost 1975). Иако мора да се истакне дека овој труд се појавува пред влијателните дела на В. Харис и Е. Груен.
[6] Овој пристап е детално разработен од Eckstein 2006: chs.6-7.
[7] *v.* Eckstein 2006: ch.4.

Токму поради тоа, многу поважни се критиките на оние кои во Илирските војни исто така гледаат прв чекор во намерното ширење на Рим на исток, но при тоа исто така тргнуваат од изворите. Разбирливо, и во овој случај главното прашање се однесува токму на природата на римското присуство во Илирија по I Илирска војна. Главен застапник на теоријата дека по војната Рим фактички воспоставил директна контрола, односно дека некои заедници во Илирија и долж брегот станале римски поданици е П. Дероу. Неговиот главен аргумент за ваквиот заклучок е еден натпис од Фарос,[1] на кој се споменува обновување на поранешен сојуз меѓу Рим и Фарос. Истакнувајќи дека одредбите за меѓусебните обврски се само формалност, тој заклучува дека со договорот Фарос фактички станал римски поданик. Врз основа пак на овој натпис, тој во продолжение претпоставува дека вакви договори Рим склучил со повеќе заедници, односно дека сите тие, ако ја запоставиме формалната страна, всушност станале римски поданици.[2] Доколку ова е навистина така, тогаш не само идејата за протекторат, туку и мислењето на Н. Хамонд дека поимот протекторат е само еуфемизам за директната римска власт во Илирија[3] би биле сосема прифатливи.

Меѓутоа, подеталната анализа покажува дека предложената реконструкција на П. Дероу не само што не е сосема убедлива, туку и тргнува од погрешни претпоставки и толкувања.[4] Пред сѐ, мора да се напомене дека фразата што се среќава на натписот е *symmakhia kai philia*;[5] очигледен превод на латинската фраза *amicitia et societas*. Меѓутоа како што истакнува А. Екстин, иако под оваа фраза понекогаш се крие официјален сојуз, многу почесто е само културен израз за неформално пријателство. Дека најверојатно станува збор токму за пријателство, а не сојуз, говори и тоа што ова се споменува само попатно на натписот. Или со други зборови, ако станува збор за официјален договор, односно сојуз, би се очекувало овој факт да биде понагласен на натписот. Ваквиот заклучок се чини се потврдува и од фактот што при првото споменување на Римјаните на натписот, тие се окарактеризирани само како *philoi*, т.е. *amici*.[6] Затоа, се чини дека А. Екстин сосема оправдано заклучува дека всушност станува збор за повторно воспоставување на *amicitia*, по првичното *deditio*, без при тоа да се инсистира на официјален договор;[7] во одредена смисла, станува збор за постапка слична на онаа што веќе претходно беше забележана во случаите со шестте заедници

[1] Robert 1960: 507ff.; Bousquet 1961; *SEG* 41.545.
[2] Derow 1991.
[3] Hammond 1989: 23.
[4] Анализата на П. Дероу детално и убедливо е побиена од Eckstein 1999, чии заклучоци ги следам.
[5] A 8-9: καὶ τὴν συμμα-/[χίαν καὶ φιλίαν.
[6] A 3-4: [ἐπειδὴ Ῥωμαίων ἡ σύγκλ]ητος καὶ ὁ δῆμος φί-/[λοι ὑπάρχοντες καὶ εὔνους] τῇ πόλει τῇ Φαρίων.
[7] Eckstein 1999: 399f.

по I Илирска војна, иако во овој случај станува збор за возобновување на претходна состојба, што се разбира не е случај и со претходно споменатите заедници.

Се разбира, иако овој аргумент фрла одреден сомнеж врз тезата на П. Дероу, во никој случај не е доволен сам за себе за нејзино отфрлање. Клучниот аргумент всушност се крие во фактот што станува збор за обвновување на *amicitia*.[1] Имено, врз основа на формата на буквите, натписот не може поточно да се датира; може да станува збор за натпис од крајот на III век ст.е., но и од средината на II век ст.е., односно во период од околу 70 години.[2] Според тоа, датирањето зависи од собитијата во Илирија во период од седумдесетина години, во чиј контекст содржината на натписот најмногу би одговарала.[3] Тоа што со сигурност го дознаваме од натписот е дека Фарос тешко настрадал во некој судир во кој бил вмешан и Рим, и бара помош за обновување од својата метропола Парос. Со оглед на тоа што Фарос безусловно се предава на Рим, најверојатно е дека токму римската војска е одговорна за уништувањето на градот.

Тргнувајќи од ова, доколку се бара настан во II век ст.е., тогаш има неколку можности. Се разбира, прво што веднаш паѓа на ум е III Македонска војна, во која кон крајот се вклучил и илирскиот владетел Гентиј.[4] Проблемот е во тоа што во нашите реалтивно потполни извори за III Македонска војна, не се споменуваат дејствија во близината на Фарос.[5] Уште помалку веројатна е претпоставката дека уништувањето би требало да се поврзе со мистериозниот Балај.[6] Како што истакнува А. Екстин, во изворите не се споменува било каква поврзаност меѓу Рим и Балај.[7] Теоријата станува

[1] Robert 1960: 517, 537, 539; *BE* 76 (1963): 144; Eckstein 1999: 399f.; Bousquet 1961: 592, иако решението што тој го нуди како дополнување за редовите 8-9, не може да се прифати бидејќи е предолго за оштетеното место.
[2] Robert 1960: 539ff. своевремено се изјаснил за датирање на натписот во II ст.е. Неспорно Л. Робер бил најголемиот познавач на хеленистичката епиграфика и неговиот суд за датирање на кој било натпис мора сериозно да се земе предвид, и воопшто не изненадува што повеќе историчари го прифаќаат неговото датирање. Меѓутоа, во овој случај Л. Робер немал можност лично да го испита натписот и работел само според расположливите фотографии. Од друга страна, П. Дероу, кој и претходно претпочитал датирање кон крајот на III век ст.е. (Derow 1984: 234), подоцна имал можност лично да го анализира натписот и неговите заклучоци, барем што се однесува до датирањето мора да се прифатат (Derow 1991: 263ff.). Според тоа, иако од една страна датирање на натписот во II век ст.е., како што предлагал Л. Робер, не може да се исклучи; исто така не може да се исклучи ни датирање кон крајот на III век ст.е. како што предлага П. Дероу. Затоа, и во овој случај главен критериум е историскиот контекст во кој најдобро би се вклопил натписот. Впрочем и Л. Робер на крајот се чини дека прифатил дека натписот не може поточно да се датира (*BE* 89 (1976): 485).
[3] Непотребно е да се истакне колку ваквиот пристап е незадоволителен, а заклучоците само провизорни; но во недостаток од цврсти аргументи за појасно датирање врз основа на епиграфски докази, тоа е и единствениот можен пристап.
[4] Овој контекст го прифаќа Hammond 1988: 607f.; Robert 1960: 540, иако го остава како можност сепак е многу порезервиран.
[5] Eckstein 1999: 416. За III Македонска војна со собрани извори *v.* Will 1982: 270ff. За извори за дејствувањето на Аникиј Гал *v.* *MRR I*: 428; за Гентиј *v.* Domić-Kunić 1993: 227ff.
[6] Robert 1960: 540.
[7] Eckstein 1999: 416 n.94.

уште помалку веројатна ако се прифати мислењето на М. Шашел Кос, дека Балај всушност бил современик на Плеурат или пак Гентиј.[1] Според А. Екстин, доколку се бара настан од II век ст.е., најверојатен кандидат е судирот меѓу Рим и Далматите во 156-5 г. ст.е, со оглед на тоа што изворите за овој конфликт се мошне фрагментарни, па би можело да се претпостави евентуално предавање на Фарос, што случајно не се споменува во сочуваните извори.[2]

Во одредена мера, сите овие претпоставки се наметнати поради проценката на Л. Робер дека натписот мора да се датира во II век ст.е., а како што веќе беше споменато, овој суд веќе не може да се прифати и може да се земе предвид и крајот на III век ст.е. Во тој случај, состојбата по II Илирска војна делува мошне привлечно како контекст во кој би можел временски да се смести натписот. Имено, од Полибиј дознаваме дека по пребегнувањето на Деметриј од Фарос кај Филип, градот бил освоен на јуриш и целосно разрушен.[3] Од друга страна, фактот што Фарос подоцна емитира монети како слободен град,[4] и се споменува во договорот меѓу Филип и Ханибал,[5] сведочи дека набрзо бил обновен. Токму поради тоа, ако веќе се бара контекст за овој натпис во III век ст.е., состојбата по II Илирска војна, несомнено најдобро одговара.[6] Впрочем не само што се однесува до III век ст.е., туку и воопшто од целиот период од околу седумдесет години, состојбата по II Илирска војна најдобро одговара за датирање на натписот.

Па сепак, мора да се истакне дека датирањето на натписот на крајот од II Илирска војна, не значи дека мора да се прифати и аргументацијата на П. Дероу за неговото значење. Имено, при датирањето на натписот, Л. Робер го отфрлил III век и состојбата по II Илирска војна, не само врз основа на епиграфските, туку и врз основа на историските критериуми. Имено, според него, натписот не би можел да се датира по завршувањето на II Илирска војна, бидејќи на него се споменува *symakhia*, односно *foedera sociale*, а Рим во тоа време немал обичај да склучува официјални договори со

---

[1] ŠAŠEL KOS 2007: 137.
[2] ECKSTEIN 1999: 416f. За изворите *v. MRR I*: 447f.
[3] Polyb., iii.19.12. *cf.* App., *Ill.*, 8, кој исто така го споменува уништувањето на Фарос. Меѓутоа неговата верзија несомнено е конфузна и во основа погрешна, со оглед на тоа што тој споменува дека Деметриј се вратил во Илирија, бил заробен и убиен од Римјаните.
[4] DE SANCTIS 1916: 325 n.150; HEAD 1911: 318.
[5] Polyb., vii.9.13.
[6] *cf.* ROBERT 1960: 537f. (иако на крајот тој ја отфрла можноста за датирање на натписот во III век ст.е.). *contra* BRACCESI 1971: 205ff., 322ff., кој претпочита натписот да го поврзе со настаните од I Македонска војна, кога Рим не би бил во можност да му помогне на Фарос, кој бил под притисок на Филип. Меѓутоа, пред 213/2 г. ст.е., кога Филип ќе го освои Лисос, тешко е да се замисли дека тој би бил во можност да го загрози Фарос. Од друга страна, по вклучувањето на Ајтолците во војната, со што тежиштето на дејствијата повторно се префрла во Хелада, исто така е малку веројатно дека Филип бил во можност да испрати доволно војска толку далеку на север за да може да го загрози Фарос.

заедниците источно од Јадранското море и воопшто на истокот.[1] Иако обидите на П. Дероу[2] да го поткопа овој аргумент на Л. Робер имаат одредена тежина, во основа не се доволни за да се побие неговата претпоставка;[3] но истовремено мора да се признае дека сам за себе аргументот и онака не е доволен за да се отфрли датирањето во III век. Зашто иако генерално Рим не склучувал официјални договори во овој период, нема никаква гаранција дека Фарос на пример не би можел да биде исклучок од правилото.

Многу поинтересен е следниот аргумент на Л. Робер, според кого II Илирска војна е на крајот неприфатлива како контекст за датирање на натписот, зашто станува збор за обновување на сојуз, што би морало да значи дека првичниот сојуз бил постигнат во 229 г. ст.е. Меѓутоа, во 229 г. ст.е. Фарос бил дел од територијата што му била доделена на Деметриј, така што градот не можел како самостојна заедница да склучи сојуз со Рим.[4] Според тоа, Рим и Фарос не би можеле да обновуваат било какви односи во 219 г. ст.е., кога градот претходно не ни бил во можност слободно да делува. И во овој случај, контра аргументите на П. Дероу делуваат убедливо. Имено, тој го критикува Л. Робер зашто воопшто не зел предвид одредени информации сочувани кај Апијан што покажуваат дека Фарос никогаш не претставувал дел од владението на Деметриј.[5] Меѓутоа, и П. Дероу всушност превидел информации од клучно значење што покажуваат дека Фарос не само што бил дел од владението на Деметриј, туку претставувал и негов центар. Токму ова со право е истакнато од А. Екстин кој го потенцира значењето на една информација кај Полибиј, кој вели *μόνως γὰρ οὕτως ἐπέπειστο τὴν ἐν τῷ Φάρῳ δυναστείαν κατακτήσασθαι πάλιν*.[6] Со ова несомнено целата аргументација на П. Дероу паѓа во вода; Фарос бездруго бил центар на владението на Деметриј и не можел да склучи сојуз со Рим во 229 г. ст.е.[7] Според тоа, забелешката на Л. Робер мора да се прифати, што пак повторно би значело дека натписот не може да се датира по завршувањето на II Илирска војна. Но, ова е точно само додека се инсистира на формалното значење на *philia kai symmakhia*, односно додека се подразбира официјален сојуз.

Меѓутоа, како што веќе беше напоменато, *symmakhia kai philia*, многу почесто означува само неформално пријателство и ништо повеќе.[8] Тоа што повеќето

---

[1] Robert 1960: 538.
[2] Derow 1991: 267ff.
[3] За контра аргументи со кои всушност се побива тезата на П. Дероу *v.* Eckstein 1999: 403ff.
[4] Robert 1960: 539.
[5] Derow 1991: 265f.
[6] Polyb., v.108.7.
[7] Детална анализа за значењето на оваа реченица во целата дискусија кај Eckstein 1999: 412ff., каде јасно се образложува дека и информациите кај Апијан, што на прв поглед противречат на Полибиј, во суштина може да се објаснат на друг начин.
[8] Heuss 1933: 110; Gruen 1984: 65. За бројни примери каде *philia kai symmakhia* означува само неформално пријателство *v.* Eckstein 1999: 406ff. Matthaei 1907: 185ff., дури претпоставува

историчари ги наведува да помислат дека станува збор за официјален сојуз е фактот што изразот, невообичаено е определен со член (τὴν συμμαχίαν καὶ φιλίαν), како и поради обратниот редослед на зборовите, наместо вообичаеното *amicitia et societas/ philia kai symmakhia*. Што се однесува до обратниот редослед на зборовите, А. Екстин упатува на една реченица кај Ливиј, каде се среќава истата ситуација: *petere regem, ut, quae cum patre suo* <u>*societas atque amicitia*</u> *fuisset, ea secum renouaretur, imperaretque sibi populus Romanus, quae bono fidelique socio regi essent imperanda; se <in> nullo usquam cessaturum officio*.[1] Описот на Ливиј се однесува на преговорите меѓу Антиох IV и Републиката. Меѓутоа, од изворите знаеме дека Антиох IV никогаш не станал официјален сојузник на Рим. Во овој случај очигледно станува збор за дипломатски јазик, со кој пратениците на Антиох IV се обидувале да ја докажат приврзаноста и блискоста на владетелот до Рим, и истовремено да го затскријат фактот што тој не ги исполнил сите услови од мирот што му бил наметнат на неговиот татко.[2] Истото важи и за употребата на членот, за што може да се најдат бројни паралели во наративните извори.[3] Според тоа, овие две невообичаени одлики на целата фраза, воопшто не нè принудуваат да заклучиме дека станува збор за *foedus sociale*. Од друга страна, фактот што Римјаните за прв пат на натписот се споменуваат само како *philoi*, а обновувањето на статусот на *symmakhos kai philos*, е само попатно споменат, но и тоа што Фарос во 229 г ст.е., како центар на владението на Деметриј, не ни можел да има статус на независен римски сојузник, несомнено говорат во прилог на претпоставката дека станува збор само за неформално пријателство.

Од сè што беше кажано, би можело да се донесе следниов заклучок. Во тектот на I Илирска војна, Фарос се предал на Рим со *deditio*, по што, како и во другите случаи, му бил доделен статус на неформален *amicus*, а веднаш потоа му бил доделен на Деметриј како дел од територијата под негова контрола. Во текот на II Илирска војна, градот што претставувал центар на владението на Деметриј, тешко настрадал во борбите, но набрзо бил обновен, а статусот на римски *amicus* му бил обновен. Со оглед на фрагментарноста на натписот, како и на низа други аспекти што никако не можат со сигурност да се разрешат, мора да се истакне дека ваквото решение не може да се

---

дека изразот *philia kai symmakhia* е само официјална титула што Републиката го доделувала на оние што се *amici*. Според него, целосниот израз *symmakhia kai philia* се користи во формални одредби, кога доаѓа до воспоставување, или пак обновување на *amicitia*, додека пак *amicus-philos* се среќава во понеформалните делови од одредбите (како на пример преамбулите и т.н.). Што е уште поважно според него, *philia kai symmakhia* никогаш не се употребува кога станува збор за формален *socius*, односно е ограничена само на оние што се *amici*. Иако ова само го потврдува решението што го застапувам, мора да се потсети колку може да биде опасно да се донесуваат заклучоци врз основа на генерализирање, без при тоа да се води сметка за евентуалните можни исклучоци.

[1] Liv., xlii.6.8.

[2] *v*. ECKSTEIN 1999: 409.

[3] За примери *v*. ECKSTEIN 1999: 409f.

прифати со апсолутна сигурност. Меѓутоа, врз основа на расположливите извори и аргументи во овој момент, несомнено тоа е најприфатливо. Според тоа, и покрај луцидната и привлечна анализа на П. Дероу, на крајот мора да се прифати дека натписот од Фарос во ништо не го менува видувањето за римското присуство во Илирија како што беше образложено на претходните страни.

Со ова може да се приврши анализата на проблемот за римското присуство во Илирија по I Илирска војна. Се разбира, заклучоците што беа понудени на претходниве страни нема да ги убедат сите, и секогаш ќе има историчари што во Рим би сакале да гледаат агресор со импулс за постојано ширење. Меѓутоа, врз основа на изворите што ни стојат на располагање, ваквата слика не би можела да се прифати.[1]

* * * * *

Загрижени од илирската експанзија на југ, Римјаните во 229 г. ст.е., презеле превентивна акција, и по успешното завршување на операциите, повторно се повлекле. При тоа, иако воспоставиле неформални пријателства со низа заедници, во никој случај не би можело да се каже дека тие се нашле под директна власт на Рим.[2] Кога станало јасно дека системот на рамнотежа воспоставен во 228 г. ст.е. е загрозен поради дејствувањето на Деметриј од Фарос, тие уште еднаш се вмешале во состојбите во Илирија, а откако систуацијата била средена повторно си заминале. Дека овие области и заедници влегле во римската сфера на интерес и влијание воопшто не е спорно.[3] Меѓутоа, барем врз основа на изворите што ги имаме на располагање, идејата

---

[1] Уште еден застапник на теоријата за непосредна римска контрола врз илирските заедници е Ferrary 1988: 24ff. Според него, фактот што тие не се споменуваат во договорот меѓу Рим и Ајтолија од 212/211 г.ст.е., како и во мирот во Фојника во 205 г. ст.е. докажува дека тие биле под непосредна римска контрола. Според него потврда за ова е и тоа што во договорот меѓу Ханибал и Филип V Римјаните се окарактеризирани како *kurioi* на ове места. Како што истакнува Е. Груен, ваквиот заклучок претставува претерано легалистичко и техничко толкување на изворите, при тоа истакнувајќи дека во односите со Хелените и воопшто истокот, Рим не се служел само со една генерална, би рекле дипломатска, формула (Gruen 1990: 328). Од друга страна, А. Екстин наведува повеќе примери каде некои сојузници не се наведуваат во повоените договори, или пак при склучувањето на сојузи, при тоа потсетувајќи и дека договорот меѓу Ајтолија и Рим не е целосно сочуван (Eckstein 2008: 49ff.). Што се однесува пак до изразот *kurioi* на договорот меѓу Филип и Ханибал, и А. Екстин и Е. Гурен веруваат дека се работи за анти-римска пропаганда (Gruen 1984: 368 n.46; Eckstein 2008: 55). Исто толку веројатна ми се чини и претпоставката дека станува за неразбирање на состојбите во Илирија од страна на Ханибал, со оглед на тоа што сочуваната верзија од договорот е пунската. Но, дури и да се сфати буквално изразот *kurioi*, се чини методолошки погрешно состојбата од 216-215 г. ст.е., по пристигнувањето на римската ескадра во Јадранот, да се зема како аргумент за состојбите во 228 г. ст.е., по завршувањето на I Илирска војна. Во секој случај, иако на прв поглед мошне сериозни, и аргументите на Ж. Ферари може да се побијат. За заедниците *in dicio* што се споменуваат кај Ливиј (xxvi.24.12), *v.* Petzold 1971: 215.

[2] Дури и натписот од Фарос, недвосмислено покажува дека Парос подразбирал дека Фарос има статус на слободна и независна заедница.

[3] Состојбата соодветно е окарактеризирана како *Machtpolitik* од страна на Petzold 1971: 214f.

за воспоставување на протекторат, или пак директна контрола несомнено е претерана. Но, и без тоа значењето на овие први римски интервенции не смее да се потцени. Полибиј многу убаво го сфатил значењето на I Илириска војна, за понатамошниот тек на настаните во Медитеранот, и не случајно го дефинирал како *epiploke* – поврзување на Рим со истокот. Меѓутоа, тоа не значи и дека поради овие римски акции судирот меѓу Македонија и Рим веќе бил неизбежен. Напротив, како што ќе биде покажано, тоа попрво претставува случајност, што се должела на низа неочекувани случувања. Од исклучителна важност е да се истакне овој аспект, особено при анализата на судбоносните одлуки што Филип ги донел во периодот 217-215 ст.е. Меѓутоа, пред вниманието повторно да биде свртено кон Филип V и состојбите во Хелада и Македонија, останува уште едно прашање што мора да се разгледа за да може правилно да се оцени политиката на младиот македонски крал. Станува збор за проблемот за односите меѓу Рим и Македонија од 229 г. ст.е. до 216 г. ст.е.; односно, дали Рим и Македонија имале какви било односи, а дури и да немале, дали одредени постапки од двете страни навестувале можни непријателства во блиска иднина.

## II. Студената војна

За разлика од претходната глава, каде би можело да се зборува за јасно дефиниран проблем, по прашањето за македонско-римските односи пред I Македонска војна такво нешто нема; попрво станува збор за низа случувања што често се потенцираат од различни историчари, без при тоа повеќето од нив да заземат јасен став за тоа какви биле односите меѓу двете држави. Поради тоа, прво мора да се проанализираат овие настани за кои што некои историчари мислат дека се индикативни за односите меѓу Рим и Македонија, а дури потоа може да се направи обид за градење на една генерална слика. Нормално, некои настани и постапки се земаат како показател за односот на Рим кон Македонија, а други пак за односот на Македонија кон Рим. Затоа, се чини подобро двете прашања да се разгледаат посебно.

### II.1. Рим и Македонија

*Илирските војни.* Веќе од дискусијата во претходната глава, јасно е дека значителен број на историчари ценат дека Римјаните уште од самиот почеток покажувале освојувачки амбиции кон истокот. Според овој пристап би очекувале дека Рим уште пред почетокот на I Македонска војна, веќе покажувал одредено непријателство кон Македонија, која секако би претставувала главна пречка за римското ширење на Балканот.

Така на пример, според М. Оло, големината на војската што Рим ја испратил против Теута веќе е показател за непријателскиот однос на Рим кон Македонија. Според него, големината на римската војска се должела на стравот кај Римјаните од евентуалното вмешување на Македонија, чиј сојузник била Теута.[1] Ваквото толкување почива на претпоставката дека Македонија и Илирија во ова време биле сојузници. Меѓутоа, ваквото замислено сојузништво е дело на современите историчари и никаде не се споменува во изворите.[2] Згора на тоа, како што веќе беше споменато во претходното поглавје, токму во тој период Македонија, по смртта на Деметриј II, минувала низ една мошне сериозна криза и во тој момент никако не би можела да

---

[1] HOLLEAUX 1921: 102 n.3. Иронично, но ваквата претпоставка наоѓа одглас и кај HAMMOND 1968: 6 n.19., кој всушност се обидува да го побие мислењето на М. Оло. Меѓутоа, откако набројува низа аргументи што сосема доволно ја објаснуваат големината на римската војска без при тоа да се земе предвид Македонија, на крајот наведува дека меѓу другото, не треба да се заборави и тоа што Илирите би можеле да се надеваат на помош од своите сојузници во Епир и Македонија. Со тоа, за жал, тој практично се враќа токму на мислењето што се обидува да побие.

[2] Polyb., ii.2.5, единствено вели дека Деметриј II го најмил Агрон за да испрати помош за Акарнанија, без при тоа воопшто да спомне било каков сојуз. Подетално за односите меѓу Илирија и Македонија во овој период *v.* ПАНОВСКИ 2014.

биде закана за римските сили, дури и кога би сакала. Впрочем, токму составот на римската војска – 20.000 пешадинци, 2.000 коњаници и 200 воени бродови, е најдобар показател дека Македонија воопшто не била дел од римските планови и замисли. Имено, како што истакнува П. Дероу, станува збор за стандардна експедициска сила предводена од двајца консули.[1] Ако нешто воопшто изненадува, тоа единствено би можела да биде големината на римската флота.[2] Доколку Римјаните стравувале од вмешување на Македонија, би очекувале токму копнените, а не поморските, сили да бидат дополнително зголемени. Зашто, иако Антигонидите уште од самите почетоци на династијата покажувале голем интерес и активност во поморските потфати, тие секогаш биле насочени во Егејското море, односно источниот дел од Медитеранот. Македонската флота никогаш претходно не дејствувала во Јонското и Јадранското море. Големиот број на воени бродови најверојатно се должи на фактот што Илирите пред сè биле озлогласени по своите гусарски напади, односно по поморската активност; ова е до толку поважно што непосредно пред римската интервенција, Илирите ќе извојуваат поморска победа против здружената ахајско-ајтолска флота. Згора на тоа, флотата несомнено морала да дејствува и како поддршка за копнената војска, односно да дејствува по целото илирско крајбрежје. Земајќи го сето тоа во предвид, може да се каже дека Рим испратил соодветна, но не и претерана воена сила во Илирија.[3] Со оглед на овие аргументи, не изненадува што претпоставката на М. Оло е речиси едногласно отфрлена.[4]

Слично стојат работите и кога станува збор за II Илирска војна. Имено, иако приказот на Полибиј главно е сконцентриран на дејствувањето на Деметриј од Фарос, што и ќе доведе до нова римска интервенција, попатно споменува дека εἰς ἃ βλέποντες Ῥωμαῖοι καὶ θεωροῦντες ἀνθοῦσαν τὴν Μακεδόνων οἰκίαν ἔσπευδον ἀσφαλίσασθαι τὰ πρὸς ἕω τῆς Ἰταλίας πεπεισμένοι καταταχήσειν διορθωσάμενοι μὲν τὴν Ἰλλυριῶν ἄγνοιαν, ἐπιτιμήσαντες δὲ καὶ κολάσαντες τὴν ἀχαριστίαν καὶ προπέτειαν τὴν Δημητρίου[5]. Тргнувајќи од ова мислење на Полибиј, М. Оло претпоставува дека зад обидот да се отстрани Деметриј, повторно се наоѓал стравот од Антигонидите и можната соработка со Деметриј.[6] Меѓутоа, како што веќе беше споменато, главната причина за римската интервенција најверојатно се крие во желбата на Римјаните да си

---

[1] Derow 2005: 53.
[2] Holleaux 1928: 834, не случајно се прашува дали можеби не станува збор за претерување во изворите.
[3] *pace* Hammond 1968: 6.
[4] Се разбира отфрлена во смисла на овој конкретен настан. За оние што веруваат главна цел на Рим уште од самиот почеток била Македонија, накратко ќе стане збор понатаму.
[5] Polyb., iii.16.4.
[6] Holleaux 1928: 848. Прифатено *inter alios*: Wilkes 1992: 162f; Champion 1997: 118; Coppola 1993: 55ff; Ampela 1998: 63.

ја обезбедат задднината пред евентуалниот почеток на уште една војна со Картагина. Дури и да не е така, односно главните римски мотиви да лежеле на друга страна, стравот од Македонија во никој случај не бил од суштествено значење при донесувањето на одлуката да се отстрани Деметриј. Зашто, токму зимата пред римската интервенција, Скердилаида склучил сојуз со Филип и дури бил примен во Хеленската симахија; па сепак, не само што бил поштеден од Римјаните, туку токму по II Илирска војна започнува неговото издигнување меѓу Илирите. Ова е до толку поважно, бидејќи спротивно на повеќето современи историчари, во изворите нема ниту еден недвосмислен податок од кој би можело да се заклучи дека Деметриј бил сојузник на Македонија.[1] Или со други зборови, ако Скердилаида - официјалниот сојузник на Македонија минал неказнето, а во исто време Деметриј – кој несомнено близок, сепак највероjатно немал статус на сојузник – бил поразен и изгонет од Илирија, очигледно е дека римските цели и мотиви мора да се бараат на друго место, а не во замислениот страв од Македонија.

*Римскиот мостобран*. Непријателскиот, односно агресивен однос на Рим против Македонија не се согледува само преку двете војни со Илирите, туку уште поважно, преку римската организација на Илирија. Како што беше покажано, идејата за римскиот протекторат во Илирија веќе не може да се брани и треба да се отфрли. Меѓутоа, без разлика дали ја прифаќаат идејата за римски протекторат или не, повеќе историчари веруваат дека римската организација на Илирија долгорочно била насочена против Македонија.[2] Така П. Дероу, истакнува дека сите римски интервенции против хеленистичките владетели, било да станува збор за Филип V, Антиох III или пак Персеј, започнувале токму од Аполонија и Коркира, додека пак останатите градови испраќале помош во овие судири.[3] Во тој правец, посебно интересен е заклучокот на П. Кабан, кој истакнува дека благодарение на индиректната римска контрола над Партините и Атинтаните, Рим фактички ги надгледувал двата приоди од Јадранот кон исток – долината на Шкумби (што е под контрола на Партините) и средниот тек на Аој (под контрола на Атинтаните), односно приодот кон Епир, а со тоа и кон Тесалија. Заклучувајќи од ваквата организација дека Римјаните очигледно добро ги познавале состојбите во тој дел од Балканот,[4] тој имплицитно ја прифаќа идејата за непријателскиот однос на Рим кон Македонија.

---

[1] *v.* Пановски 2014.
[2] *e.g.* Habich 1997: 189, This „Roman protectorate“ in Illyria served as a kind of bridgehead to the Balkan peninsula at Macedonia’s back, similar to the bridgehead of Saguntum on the border of Carthaginian territory in Spain.
[3] Derow 1991: 267.
[4] Кабан 1996: 198.

Ова се сосема издржани забелешки кои несомнено сведочат за римската агресивност, но само ако однапред се прифати идејата за инхерентниот римски експанзионизам. Доколку овие примери, наместо да се земаат како дел од генералната слика за римската агресивност, се согледаат во контекст на римско-илирските судири, тогаш се наметнува друг заклучок. Во случајот на Коркира и Аполонија, пред сè мора да се истакне нивното значење за одржување на безбедноста околу Отранстските порти, односно токму областа за која Рим и тргнал во првиот судир против Илирите. Од друга страна, со оглед на нивната близина до јужна Италија, воопшто и не изненадува што римските војски најчесто тргнувале токму од таму, што не значи дека тоа била намерата на Рим уште од самиот почеток. Напротив, би можело да се истакне дека првичните римски дејствија во I Македонска војна во суштина биле одредени од акциите на Филип V против Аполонија и Орик, при што римскиот заповедник само одговорил на новонастанатата ситуација.

На сличен начин би можело да се објасни и вклучувањето на Партините и Атинтаните меѓу неформалните римски *amici*. Имено, како што раскажува Полибиј, од мноштвото племиња што побарале пријателство со Рим, само на Атинтаните и Партините им бил доделен ваков статус.[1] На прв поглед ова само го потврдува заклучокот на П. Кабан за тоа дека Римјаните биле сосема свесни за значењето на овие племиња. Меѓутоа, ова повторно подразбира антиципирање на подоцнежните собития од времето на II Македонска војна па натаму. Во 228 г. ст.е., Римјаните имале перфектно логични причини зошто би ги прифатиле овие племиња за пријатели, без при тоа да се инсистира на замислено непријателство кон Македонија. Имено, Партините се наоѓале во задницата на Епидамнос, односно меѓу Епидамнос и Аполонија.[2] Атинтаните пак, најверојатно се наоѓале во задницата на Аполонија и Орик.[3] За да може правилно да се оцени значењето на овие *amicitiae*, прво мора да се потсети на еден заклучок на Е. Бадиан, кој истакнува дека постоењето на „Fahrtgrenze", не подразбира и „Landesgrenze".[4] Со други зборови, забраната за пловење јужно од Лисос, од правен апсект не подразбирала и забрана за навлегување по копно, а со оглед на подоцнежните борби меѓу Скердилаида и Филип во Дасаретија, тоа не ни било можно зашто дел од илирските територии се простирале јужно од Лисос. Со оглед на тоа што, како што беше неколку пати истакнато, главната грижа на Рим во тој момент била безбедноста на Отрантските порти, вклучувањето на Партините и

---

[1] Polyb., ii.11.11.

[2] Детално за Партините кај Polaschek *RE* XVIII.4 (1949): s.v. Parthini, coll. 2029ff.

[3] Во неколку наврати Н. Хамонд ќе се обиде да направи разлика меѓу епирски и илирки Атинтани (Hammond 1967: 600; Id. 1968: 7f.; Id. 1989); што е прифатено и од Eckstein 2008: 53 n.98, со што и неговиот заклучок за значењето на ова племе е проблематичен. Меѓутоа не сум сосема уверен во оваа анализа и го претпочитам толкувањето на Papazoglu 1970: 132ff.; Cabanes 1976: 78ff.; *HCP I*: 163.

[4] Badian 1952: 78f.

Атинтаните било со цел да се осигура безбедноста на Аполонија, но и да се спречи било каков повторен обид на Илирите за ширење на југ.[1]

Сепак, мора да се истакне дека објаснувањето што беше понудено претставува само алтернатива на толкувањето дека Рим уште од самиот почеток покажувал агресивни намери кон Македонија. Со други зборови, иако остава можност за друго толкување, не ја побива идејата за планираното римско ширење на исток. Меѓутоа, дека римските цели во овој период биле мошне ограничени не произлегува од примерите за оние заедници со кои Рим склучил неформално пријателство, туку токму од заедниците со кои не го направил тоа. Во прв ред мора да се истакне примерот на Орик. Имено, Орик располагал со добро пристаниште и со оглед на својата местоположба би претставувал мошне згодна врска меѓу Аполонија и Коркира. Па сепак, од изворите е очигледно дека Орик бил независен во периодот 229-215 г. ст.е., а дури и кога ќе пристигне римската војска во 214 г. ст.е., тоа е на барање на граѓаните на Орик кои биле изложени на напад од Филип V.[2] Сличен е и случајот со Авлон, кој со своето пристаниште би претставувал врска меѓу Орик и Аполонија, но очигледно и по двете војни со Илирите бил оставен независен. Според тоа, доколку Римјаните навистина целеле кон формирање на цврст и сигурен мостобран за понатамошно дејствување против Македонија, тогаш мошне лошо ја процениле ситуацијата, кога дозволиле Авлон и пред сè Орик да останат независни. Меѓутоа, тоа не е сè. Во предвечерието на I Илирска војна и Епир и Акарнанија склучиле сојуз со Илирите. Во таа смисла, доколку Римјаните уште во овој период намислиле наскоро да се пресметаат со Македонија, можеле овие две области да ги третираат како непријателски страни во војната и да воспостават контрола над нив,[3] со што и можностите за директен напад на Македонија несомнено би се зголемиле. Па сепак, Римјаните не презеле ништо во однос на Епир и Акарнанија. Токму воздржаноста на Рим во однос на Епир и Акарнанија е најдобар показател за ограничените цели во војните против Илирите. Доколку се тргне од идејата за долгорочниот план на Рим за потчинување на Македонија, однесувањето и постапките по I Илирска војна се сосема неразумни; но, доколку се тргне од причините и целите на Римјаните при започнувањето на војната против Теута, тогаш тие се сосема разбирливи и одвај би можеле да се оценат како соодветни.[4]

---

[1] *cf*. Badian 1952: 79, 93. Како што истакнува тој, во целата ситуација мора да се води сметка за фактот дека првичниот дипломатски чекор е преземен од Атинтаните и Партините кои барале пријателство со Рим, а не од римскиот конзул.

[2] За статусот на Орик *v*. Badian 1952: 93, кој истакнува дека за разлика од апелот од Аполонија, Орик не се повикал на никакви претходни врски со Рим.

[3] *cf*. Badian 1952: 93, кој во прв ред го истакнува значењето на Хаонија заради одржување на контролата над Атинтанија.

[4] Во слична насока е и заклучокот на Eckstein 2008: 52f. Меѓутоа, поради неговото прифаќање на теоријата на Н. Хамонд за постоењето на илирски и епирски Атинтани, дел од примерите

*Римската дипломатија*. Уште еден настан за кој што некои историчари веруваат дека е показател за римското непријателство кон Македонија е пратеништвото испратено кај Хелените по завршувањето на I Илирска војна. Имено, по постигнувањето на договорот со Теута, консулот Постумиј испратил пратеници кај Ахајците и Ајтолците за да ги објаснат причините за римското преминување преку Јадранот и војната во Илирија. Откако дале преглед на римските постигнувања и на одредбите од мировниот договор, тие си заминале. Истата година, овој пат Сенатот[1] испратил уште едно пратеништво во Коринт и Атина и во таа прилика на пратениците им било дозволено да учествуваат на Истамските игри.[2]

Според повеќе историчари, фактот што пратеништвата биле испратени во Ахаја и Ајтолија, кои биле во војна со Македонија, и во Атина која штотуку се ослободила од македонската контрола, а при тоа не биле испратени и во Македонија, Епир и Акарнанија, е јасен знак за непријателските намери на Рим.[3] За да може јасно да се разреши ова прашање, мора да се расчлени на неколку посебни проблеми; односно посебно да се разгледаат пратеништвото кај Ахајците и Ајтолците; пратеништвото во Коринт и Атина; и прашањето за изоставувањето на Македонија, Епир и Акарнанија.

Што се однесува до Ахајскиот и Ајтолскиот сојуз, иако нивниот сојуз против Деметриј II веќе постоел само на хартија,[4] нема сомневање дека во времето на

---

што тој ги наведува се крајно проблематични. Исто така, фактот што Рим не влегол во дипломатски односи со Дасаретите не може да се прифати како доказ за римската воздржаност. Имено, наспроти неговото верување дека Дасаретите во тоа време се наоѓале под контрола на Ардиаите, очигледно е дека барем дел од областа била под македонска контрола (Кабан 1996: 198). Имено во текот на борбите против Скердилаида, пред да навлезе на илирска територија, Филип прво ги преосвоил местата во Дасаретија што привремено му ги одзел илирскиот династ. Од друга страна, исто така е очигледно дека дел од областа и онака бил под илирска контрола: πλὴν ὅ γε Φίλιππος στρατεύσας ἀνεκτήσατο μὲν τὰς προειρημένας πόλεις, κατελάβετο δὲ τῆς μὲν Δασσαρήτιδος Κρεώνιον καὶ Γεροῦντα, τῶν δὲ περὶ τὴν Λυχνιδίαν λίμνην Ἐγχελᾶνας, Κέρακα, Σατίωνα, Βοιούς, τῆς δὲ Καλοικίνων χώρας Βαντίαν, ἔτι δὲ τῶν καλουμένων Πισαντίνων Ὀργησσόν (Polyb., v.108.8). *cf. HCP I*: ad loc.; Hammond 1972: 94f. Земајќи ја предвид катастрофата од крајот на владеењето на Деметриј II и преокупираноста на Досон пред сè со состојбите на Пелопонес, може со сигурност да се претпостави дека ваквата ситуацијата во Дасаретија во времето на Филип V постоела уште од времето на неговите претходници. Навистина, Досон им нанел тежок пораз на Илирите, меѓутоа, од приказот во изворите очигледно е дека станува збор за одбранбена, а не освојувачка војна од македонска страна. Според тоа, со оглед на фактот што Дасаретија во тој момент била поделена меѓу Македонија и Илирија, Рим и да сакал не можел да склучи договор.

[1] Полибиј вели Ῥωμαῖοι, меѓутоа и во овој случај се мисли на Сенатот (Holleaux 1921: 114 n.2).

[2] Polyb., ii.12.4-8; Zon., viii.19.

[3] Harris 1979: 137f.; Hammond 1968: 9; Беликов 2003: 49; Habicht 1997: 184f., иако порезервиран, сепак претпоставува дека целта била да се стекне одобрување за новонастанатата ситуација во Илирија, од непријателите на Македонија.

[4] *cf.* Walbank 1988: 335, The battle of Paxos (229) was the last joint operation of the Achaean and Aetolian Leagues etc...

римското пратеништво тие сè уште биле во војна со Македонија.[1] Меѓутоа, во целиот случај мора да се води сметка за тоа дека не станува збор за пратеништво испратено од Сенатот - што е неопходност доколку сакаме да го земеме како показател за расположението во Рим – туку непосредно од консулот што се наоѓал во Илирија.[2] Според тоа, ова пратеништво не може да се земе како показател за намерите на Сенатот, туку само за проценката на консулот за состојбите на теренот. Дури и во тој случај, не е потребно да се придава анти-македонски контекст на целата случка. Имено, не треба да се заборави дека токму Ахајскиот и Ајтолскиот сојуз, во изминатите две години (неуспешно) војувале против Илирите и нивното навлегување во Епир и Акарнанија, каде и сојузите (особено Ајтолскиот сојуз) имале свои цели и планови. Во таа смисла, Постумиј веројатно оценил дека е полезно да се известат овие сојузи за мотивите и намерите на Рим при вмешувањето во Илирија; и дека целта не била Македонија, туку да не се дозволи сојузите погрешно да ги протолкуваат постапките на Рим, а со тоа и евентуално да дојде до проширување на конфликтот на една територија каде Римјаните, барем во дадениот момент, немале долгорочни интереси. Се рабира, ова не значи дека во целата постапка немало и пропаганден елемент, но ништо од тоа што го дознаваме од изворите не ни дава за право тоа да го протолкуваме како чекор насочен против Македонија. Како што заклучува Ф. Волбанк, целта на пратеништвото делумно била формална, односно римската интервенција да се прикаже како заштита на *ius gentium* против илирската *παρανομία*.[3] За ефемерниот карактер на пратеништвото говори и фактот што по заминувањето на римските пратеници, онтактите не биле продолжени.[4]

Уште полесно е да се покаже дека пратеништвото до Атина и Коринт немало никакви политички импликации. Пред сè, во тој период Коринт бил дел од Ахајскиот сојуз, односно не бил во состојба да води сопствена и независна политика.[5] Од друга страна, иако токму во тој период Атина успеала конечно да си ја купи слободата, нема

---

[1] Иако во основа се сложувам со аргументацијата и заклучоците на Сивкина 2007: 196ff., таа несомнено не е во право кога инсистира дека до 228 г. ст.е. активните воени дејствија меѓу Македонија и сојузите завршиле (Сивкина 2007: 197). Навистина, што се однесува до Ахајскиот сојуз, судирите веќе завршиле а Ахајците полека се свртувале на проблемот со Спарта; меѓутоа барем колку што може да се заклучи од изворите, формален мир воопшто не бил постигнат, односно барем технички, Македонија и Ахаја сè уште биле во војна. Од друга страна, како што беше прикажано во претходното поглавје, токму во 228 г. ст.е. доаѓа до жестоки судири меѓу Антигон Досон и Ајтолците во Тесалија и средна Хелада.

[2] Правилно истакнато од Сивкина 2007: 198. *contra* Harris 1979: 138 кој инсистира дека пратеништвото било одобрено од Сенатот. Меѓутоа, доколку е тоа така, зошто тоа не е споменато и од Полибиј? Што е уште поважно, доколку првото пратеништво било одобрено од Сенатот, не е јасно зошто имало потреба и од второ. Доколку станувало збор за одлука на Сенатот, пратениците несомнено би заминале и за Коринт и Атина, наместо потоа повторно да се испраќаат нови пратеници, по одлука на Сенатот, во овие градови.

[3] *HCP I*: 166; Gelzer 1933: 132.

[4] *cf.* Holleaux 1921: 113ff.

[5] *HCP I*: 166.

никаков сомнеж дека уште од Ламиската и Хремонидовата војна, таа веќе не била ни второстепена сила, а уште помалку сила за чии интереси би требало да се води сметка. Ова пратеништво веројатно било мотивирано од две причини. Прво, поради несомнено големиот углед на овие градови како културни центри, но веројатно уште поважно поради нивната трговска моќ. Се разбира, за угледот на Атина како културен центар, воопшто и не треба да се зборува; а веројатно треба да се спомене и дека уште од VI век ст.е. атичките вази се среќаваат во голем број во Рим.[1] За угледот што го уживала Атина меѓу Римјаните најдобро говори измислената епизода за римската комисија што заминала во Атина за да ги проучува законите на Солон, како подготовка за донесувањето на Законикот на XII таблици. Според Зонара, во оваа прилика Атинците склучиле *philia* со Римјаните, кои добиле атинско граѓанско право и им било дозволено учество во Елевсинските мистерии, меѓутоа сосема е јасно дека станува збор за аналистичко претерување.[2] Дека ништо позначајно не било постигнато најдобро може да се согледа од фактот што во 200 г. ст.е., иако веќе под притисок на македонските сили, атинскиот прием на римските пратеници бил прилично студен и резервиран, и било неопходно да интервенира Атал, пред Атинците да одлучат отворено да влезат во војна со Филип. Што се однесува пак до Коринт, иако несомнено далеку од угледот на Атина, сепак имал многу подлабоки и потрајни врски со хеленските градови во јужна Италија и Сицилија, а меѓу другото бил и метропола на Сиракуса – најважниот римски сојузник во I Пунска војна; а можеби и поважно, метропола на бројни колонии токму на илирското крајбрежје. Според тоа, нема никаква причина во ова пратеништво да се бара некаков доказ за анти-македонското расположение во Рим; едноставно станувало збор за посета на два града со огромно културно и економско влијание.[3]

Фактот пак што римските пратеници воопшто и не заминале за Македонија, Епир и Акарнанија, попрво зборува за внимателниот пристап и ограничените цели на Рим. Имено и Епир и Акарнанија биле илирски сојузници, додека пак Македонија, иако не формално, сепак била во блиски односи со Илирите. Во оваа прилика, испраќањето на пратеници токму во овие држави, за да се објави победата над Теута попрво би можело да биде сфатено како навреда, и со оглед на крутиот дипломатски

---

[1] Во средината на V век ст.е. доаѓа до драстично намалување на бројот на атички вази, но трговските врски почнале да оживуваат с. 400 ст.е. (Cary & Scullard 1975: 48, 64).
[2] Zon., viii.19. Иако Bengtson 1971: 33ff., се обидува да ја одбрани автентичноста на оваа информација, повеќето научници со право ја отфрлаат како аналистичко преувеличување и измислица (Holleaux 1921: 117 n.1; Niese 1899: 285 n.4; *HCP I*: 166). De Sanctis 1917: 438 n.98, пак верува дека едноставно станувало збор за доделување на *proxenia*; додека пак Habicht 1997: 184 n.41, без никаков коментар само ја пренесува информацијата.
[3] Beloch 1925: 667; Сивкина 2007: 197f.

јазик во овој период, било можно дури да доведе и до ескалација на ситуацијата.[1] Напротив, фактот што Римјаните не презеле ништо против овие држави, иако во случајот на Епир и Акарнанија тоа би било сосема разбирливо, само уште еднаш потврдува колку биле ограничени нивните интереси на Балканот во овој период.

На крајот, при анализата на овие две пратеништва мора да се води сметка за примитивната структура на меѓународната дипломатија во антиката,[2] зашто дипломатските мисии имале епизоден карактер, а системот на постојано претставништво не бил познат.[3] Едно изолирано пратеништво во никој случај не можело да доведе до воспоставување на постојани контакти, а уште помалку пак да биде основа за формирање на еден, во конкретниов случај, анти-македонски блок.

Напротив, доколку Рим уште од 228 г. ст.е. планирал да го уништи македонското кралство, тогаш токму таа година ја пропуштил најдобрата прилика. Од една страна, Антигон Досон бил зафатен со борите против Ајтолија за контрола на Тесалија; Дарданците, иако потиснати, во никој случај не биле одлучувачки поразени; додека пак Ахајскиот сојуз, иако веќе свртен кон случувањата во Спарта, технички сè уште бил во војна со Македонија. Во таква ситуација, пристигнувањето на повеќе од 20.000 римски војници на сцената, несомнено би го ставило Досон во катастрофална позиција. Без разлика на неговите војнички способности, тој никако не би можел да излезе на крај со Дарданците, Ајтолците, Ахајците и Римјаните. Со други зборови, доколку Римјаните уште од самиот почеток сакале да ја уништат Македонија, тоа можеле да го постигнат многу полесно и побрзо во 228 г.ст.е., наместо подоцна да водат три војни со Филип и Персеј. Фактот што тоа не се случило е најдобар показател дека Рим во тој момент воопшто и не размислувал за Македонија, а со тоа и теоријата за анти-македонскиот карактер на двете пратеништва и дефинитивно паѓа во вода.

До прв официјален контакт меѓу Македонија и Рим доаѓа дури во 217 г. ст.е., кога едно римско пратеништво пристигнува кај Филип со барање да го предаде Деметриј од Фарос.[4] Според Н. Хамонд, Филип го одбил барањето бидејќи такво нешто било понижувачко и би можело да се побара од римски клиент.[5] Слично и В. Адамс, тргнувајќи од изразот *deposcare*,[6] заклучува дека барањето било искажано на премногу директен и навредлив начин, и затоа Филип го игнорирал.[7] Ваквото толкување е непотребно и во суштина погрешно. Деметриј секако бил persona non grata во Рим, и за

---

[1] Како што на пример се случило при средбата на Корункариите и Теута. Иако причините за I Илирска војна се подлабоки, нема сомневање дека убиството на еден од пратениците претставувало дополнителен мотив за римската интервенција.
[2] Садыков 1994: 33.
[3] Садыков 1994: 32ff.; Сивкина 2007: 198.
[4] Liv., xxii.33.3.
[5] Hammond 1988: 392.
[6] legati et ad Philippum Macedonum regem missi ad deposcendum Demetrium Pharium.
[7] Adams 1993: 42, кој пратеништвото погрешно го датира зимата 218 г. ст.е.

Римјаните било сосема природно да се обидат да издејствуваат негово испорачување. Ова било до толку поважно, зашто пратеништвото кај Филип доаѓа по поразот кај Трасименското езеро и истовремено било дел од пратеништвото до Пинес од кого се барало да ја исплати заостанатата отштета, или пак да предаде заложници доколку сака продолжување на рокот. Дека станувало збор за мерка на претпазливост, но и на предупредување, говори и тоа што во тој период биле испратени пратеници и кај Лигурите, Инсубрите и Боите. Римската постапка е сосема разбрилива – по поразите кај Тикинин, Требија и особено Трасименското езеро, неопходно било да покажат, во овие зони што очигледно ги сметале за нестабилни, дека римските интереси не смее да се игнорираат.

Несомнено ова е прв знак на нервоза кај Римјаните во однос на Македонија. Меѓутоа, и овој пат значењето на случката не смее да се преценува. Филип го прифатил Деметриј, кој од своја страна имал бурно минато со Рим, почнувајќи како соработник, за на крајот да стане главен непријател. Ако ништо друго, било неопходно да се испита расположението кај Филип и да се процени дали тој претставува потенцијална закана за состојбите во Илирија. Што се однесува до атмосферата и дискусијата во текот на средбата, со исклучок на единствената реченица кај Ливиј, не знаеме ништо повеќе и се чини избрзано, врз основа на еден збор да се тврди дека Римјаните зазеле тврд и навредлив став. Но, дури и да било така, со оглед на тоа што не постоел установен дипломатски кодекс, тоа воопшто не изненадува. Од бројните прикази на дипломатски средби од овој период, јасно е дека текот и тонот на дискусијата често зависел токму од карактерот на говорниците; меѓутоа, ниту Римјаните, а уште помалку пак Филип не биле познати по својата трпеливост и вештина при ваквите средби. Со оглед на поводот, би можело да се каже дека како за прв контакт, средбата минала токму како и што би можело да се очекува. Ништо не било постигнато, меѓутоа, нема показатели да се помисли и дека која било од двете страни покажала знаци на непријателство. Римјаните едноставно биле алармирани од потенцијалната опасност од Деметриј, кој со помош на Филип, би можел да се обиде да ги наруши односите во Илирија, и ништо повеќе од тоа.

## II.2. Македонија и Рим

Развивајќи го толкувањето за римските намери на истокот во овој период, М. Оло меѓу другото претпоставил и дека појавата на новиот моќен фактор во Илирија не само што претставувал пречка за македонските амбиции во регионот, туку и победата

над Теута била навреда за Македонија, со оглед на македонско-илирскиот сојуз.[1] Ако се земе предвид огромниот авторитет и влијание на М. Оло, не изненадува што оваа теорија била речиси општо прифатена.[2] Во основа, дури и оние што не веруваат во освојувачките амбиции на Антигонидите кон Илирија, прифаќаат дека римскиот протекторат претставувал постојан извор на иритација во Пела.[3] Меѓутоа, ваквата реконструкција почива на низа погрешни толкувања и претпоставки, и поради тоа мора целосно да се отфрли.

*Илирското прашање.* Првиот и основен проблем со ваквото толкување е тоа што подразбира дека контролата над Илирија била од витално значење за Македонија. Веројатно најдалеку во овој правец оди Џ. Фајн кој истакнува дека контролата или барем пристапот до Илирија била од суштествено значење за просперитетот на Македонија, а Антигонидите барале слободен пристап до Јадранското море.[4] Првиот дел од толкувањето претставува лично мислење што не почива на ниту еден аргумент. Ниту на економски, ниту пак на стратешки план, Илирија немала многу што да понуди. Напротив, доколку некоја соседна земја била од суштествено значење за просперитетот на Македонија, тоа во прв ред би била Тракија. Затоа и не изненадува што уште Филип II, а подоцна и Филип V, систематски ќе водат освојувачки војни во Тракија.

Навистина, судбината на македонскот кралство уште од самите почетоци била врзана со Илирите, но тоа секогаш биле погранични борби, што повремено прераснувале во сериозни судири, но никогаш не резултирале со македонски обиди да се покори Илирија.[5] Во основа надоврзувајќи се на толкувањето на Џ. Фајн, и К. Чемпион истакнува дека уште освојувањата на Филип II претставувале преседан за македонските претензии во Илирија,[6] за што се повикува на сведоштвото на Исократ.[7] Исократ.[7] Нема сомневање дека од сите македонски владетели Филип II е најуспешниот при справувањето со Илирите, и единствен кој го проширил македонското кралство во тој правец.[8] Меѓутоа, дури и да претпоставиме дека во памфлетот на Исократ нема претерувања за обемот на освојувањата во Илирија,[9] и тој истакнува дека Илирите што живееле крај Јадранското крајбрежје не биле под

[1] Holleaux 1928: 828ff., 837ff.
[2] *inter alios*: Fine 1936: 24; Champion 1997: 120.
[3] *e.g.* Hammond 1988: 383f., кој ја истакнува потенцијалната опасност од Рим и стравот во Македонија од евентуален таков развој.
[4] Fine 1936: 31.
[5] *cf.* Greenwalt 2010: 281.
[6] Champion 1997: 120.
[7] Isok., *Phil.*, 21.
[8] Полезен преглед за македонско-илирските односи во времето на Филип II кај Greenwalt 2010: 289ff.
[9] *cf.* Dell 1970a: 122.

контрола на Филип II.[1] Потврда за ова е и фактот што и Таулантите, кои живееле во близината на Епидамнос, во 335 г. ст.е. биле слободни.[2] Според тоа, дури и ако се прифати толкувањето на К. Чемпион за традиционалните македонски аспирации во Илирија што би почивале на освојувањата на Филип II, тие не би се однесувале и на оној дел од Илирите што се нашле во римската сфера на влијание.

Всушност, големо прашање е дали воопшто може да се зборува за традиционални македонски аспирации во Илирија. Имено, по смртта на Филип II, единствено Касандар ќе се обиде, само за момент успешно, да ги стави под своја контрола Епидамнос и Аполонија.[3] По неговиот неуспех, ниту еден македонски владетел, барем колку што може да се осознае од изворите, не презел освојувачки походи во Илирија и кон Јадранското море воопшто.[4] Ова е сосема разбирливо, зашто, како што заклучува Р. Ерингтон, Пиндоскиот масив претставувал таква пречка, што сите обиди на Македонија за непосредна контрола на соседните области биле вперени кон југ, север и исток, но никогаш кон запад.[5] Впрочем соочени со нови проблеми, и владеејќи со неспоредливо послаба држава од онаа во времето на Филип II, Антигонидите ќе се задоволат со тоа контролата и одбраната од Илирите да ја препуштат на епирската монархија.[6] Според тоа, претпоставката дека римската организација во Илирија во суштина се судирала со македонските интереси може да се отфрли.

*Антигон Досон и Рим.*[7] Тоа што римската организација во Илирија не се судирала со традиционални македонски интереси во регионот, не значи и дека македонскиот политички врв не бил загрижен за развојот на настаните и појавата на нова голема сила во непосредна близина на Македонија.[8] За тоа што лично мислеле Антигон Досон и неговите соработници, се разбира не можеме да дознаеме. Затоа, мора да се испита дали постапките на Досон може да ги откријат неговите намери кон Рим.

---

[1] Isok., *Phil.*, 21: Τοῦ δ' Ἰλλυριῶν πλήθους πλὴν τῶν παρὰ τὸν Ἀδρίαν οἰκούντων ἐγκρατὴς καὶ κύριος γέγονεν.
[2] *cf.* GRIFFITH 1979: 472 n.3.
[3] За борбите меѓу Касандар и Главкија *v.* Diod., xix.67.6-7., 70.7., 89.1-2. КАБАН 1996: 108ff.
[4] *cf.* DELL 1970a: 120ff.; ECKSTEIN 2008: 63f. На почетокот на III век ст.е. Деметриј Полиоркет за момент ќе ја преземе контролата над Коркира, но како и повеќето негови планови и овој нема да вроди со позначителни резултати. Впрочем, свртувањето на Полиоркет за миг кон јадранското крајбрежје попрво треба да се поврзе со неговите борби против Пир, а не со некакви илирски планови. *v.* WEHRLI 1969: 176ff.
[5] ERRINGTON 1989: 94. *cf.* BICKERMAN 1952: 21; CARY 1932: 406.
[6] DELL 1967a: 99.
[7] Во анализата на овој проблем го следам DELL 1967a, со чии заклучоци целосно се согласувам.
[8] *e.g.* HAMMOND 1968: 9.

Ако Антигон Досон стравувал од евентуален напад од Рим, или пак обратно – ако го презирал римското присуство во Илирија и сакал да го елиминира „римскиот мостобран“, би очекувале барем некои од неговите постапки директно да се однесуваат на оваа територија. Во првите две години од своето владеење, тој и да сакал, едноставно не можел да посвети внимание на илирското прашање. Со оглед на неговата преокупираност прво со одбивањето на дарданската навала, а потоа и со протерувањето на Ајтолците од Тесалија, не би ни можело да се очекува Досон веднаш да го сврти вниманието кон Илирија, и состојбата воспоставена од Рим. До 227 г. ст.е., овие почетни проблеми биле надминати и во голема мера задоволително разрешени, така што Антигон Досон, доколку сакал, конечно можел да се сврти кон Илирија. Па сепак, не само што Досон не се вмешал во Илирија, туку напротив презел потфат во сосема друг правец.

Се разбира, станува збор за поморската експедиција во Карија, која го окупирала поголемиот дел од 227 г. ст.е.[1] Значењето на кариската експедиција, како показател за односот на Досон кон Рим не смее да се потцени и тоа од два аспекти. Пред сè, Антигон Досон секако не би си дозволил со дел од војската да замине за далечната Карија, ако стравувал од евентуален напад од Рим,[2] туку напротив, би очекувале да се посвети на зацврстување на северната и западната граница. Во таа смисла, индикативно е што токму на север и на запад Досон посветил далеку помалку внимание одошто на Хелада и на Егејот. Ова пак нè доведува до вториот аспект за значењето на кариската експедиција.

Дури и за момент да заборавиме на римското присуство во Илирија, со оглед на неодамнешната забрзана експанзија на Илирите на југ, Досон секако би бил принуден да остане во Македонија и будно да ја следи ситуацијата на западната граница. Се разбира, истото се однесува и на неговата политика во Хелада и војната со Клеомен III. Доколку Илирите продолжеле непречено да се шират на југ, Досон веројатно би бил принуден да ја одбие понудата од Ахајскиот сојуз за интервенција на Пелопонес и попрво би се свртел кон спречување на понатамошната илирска експанзија. Зашто, иако првото вмешување на Илирите на југ било токму на повик на Деметриј II, фактот што и Епир и Акарнанија – области каде Македонија традиционално имала свои интереси и ги сметала за своја сфера на влијание – влегле во сојуз со Теута, мора да бил прифатен со незадоволство во Пела.[3] Во тие услови, ако не дошло до првата римска интервенција против Теута, сосема е веројатно дека наскоро ќе избиела војна

---

[1] За експедицијата во Карија *v.* Le Bohec 1993: 327ff.; Bengtson 1971: 3ff.; Walbank 1988: 343ff. Иако точната година кога Досон заминал за Карија не може со сигурност да се утврди, старата претпоставка дека станува збор за 227 г. с.т.е. е најверојатна.
[2] Dell 1967a: 100.
[3] *cf.* Dell 1967a: 98; *contra HCP I*: 158.

токму меѓу Илирите и Македонија. Според тоа, Х. Дел несомнено е во право кога истакнува дека успесите на Досон при консолидацијата на Македонија и македонските позиции во Хелада во голема мера се должат токму на римската интервенција, со што илирската агресија веднаш била запрена.[1] Во таа смисла, со оглед на катастрофалната ситуација на северната граница и бунтот на Тесалија, римската интервенција секако била среќна околност што му ја олеснила задачата на Досон.

Ваквото толкување на Х. Дел своевремено го критикува Н. Хамонд, кој истакнува дека мора да се направи разлика меѓу колатералната добивка – односно ослабнувањето на Илирите, и конечниот ефект – односно позиционирањето на една и неспоредливо помоќна држава во непосредна близина на Македонија.[2] Дури и да го оставиме настрана фактот што забелешката на Н. Хамонд во голема мера се должи на погрешната претстава за природата на римското присуство, и на проблематичното лоцирање на Атинтаните, суштината на неговата забелешка несомнено е издржана. Но, токму кариерата на Досон е најдобар доказ дека тој навистина не придавал големо значење на римското присуство, зашто во ниту еден момент од своето дејствување тој не презел очигледни чекори за зацврстување на македонската позиција наспроти Рим. Во таа смисла, посебно е индикативен случајот со Атинтанија, која како што беше кажано, во овој период имала склучено неформално пријателство со Рим. Ако Досон стравувал од Рим и евентуалната улога што Атинтанија со своите приоди би ја играла во судирот, чудно е што тој воопшто не се обидел да го смени статусот на оваа област, особено што во тоа време ќе ја создаде и Хеленската симахија, во која ќе бидат вклучени токму Епир и Акарнанија.[3]

Мора да се признае дека на прв поглед, како забелешка за ваквото толкување би можело да се истакне дека со оглед на војната против Клеомен III од 224 до 222 г. ст.е., Досон и да сакал едноставно немал време и можност да се посвети на илирското прашање. Но, подеталната анализа на собитијата го потврдува токму спротивното. Имено, Досон е тој што се упатил на Пелопонес и по успешниот пробој кај Коринт во 224 г. ст.е., ја држел иницијативата во свои раце. Со други зборови, текот и темпото на војната биле диктирани токму од Антигон Досон, а не од Клеомен III. Фактот што тој проценил дека може да посвети три бојни сезони на справувањето со Клеомен III и организацијата на Хеленската симахија, недвосмислено укажува дека во тој момент Досон воопшто не стравувал за состојбите во Илирија, ниту пак покажувал амбиции да го ликвидира римското присуство. Ова е до толку поважно, зашто од 225 до 222 г. ст.е.,

[1] DELL 1967a: 100.
[2] HAMMOND 1968: 10 n.34.
[3] DELL 1967a: 100.

Рим ќе биде вплеткан во еден сериозен судир со Келтите во Италија.[1] Ако Досон имал намера да ги потисне Римјаните од Илирија, тогаш ја пропуштил најдобрата можност токму во овој период. Со оглед на тоа што за разлика од својот претходник, и особено својот наследник, Антигон Досон бил мошне претпазлив и промислен владетел, кој во никој случај не би ја жртвувал сигурноста на Македонија заради евентуалните придобивки на Пелопонес, овој момент не треба да се потцени. Според тоа, очигледно е дека конечниот ефект од I Илирска војна, односно позиционирањето на Рим во Илирија, не му задавало грижи на Досон во текот на неговото владеење.

Единствена постапка на Досон за која би можело евентуално да се дискутира и да се сфати како обид да се разнишаат римските позиции во Илирија, е зближувањето, односно сојузот со Деметриј од Фарос.[2] Па сепак, дури ни ова зближување меѓу Досон и Деметриј од Фарос не треба да се сфати како чекор насочен против Рим. Пред сè, од изворите воопшто не е сигурно дека Деметриј и официјално станал македонски сојузник, напротив се чини поверојатно дека во најдобар случај бил македонски *xenos*.[3] Но, дури и за момент да се допушти дека тој навистина бил сојузник на Македонија, тоа повторно не би требало да се сфати како анти-римски чекор. Дека тоа не било така сфатено ниту од Римјаните, говори и фактот што, Скердилаида, кој во тоа време имал договор со Филип V и бил примен во Симахијата, воопшто не настрадал во текот на II Илирска војна; напротив, токму по пребегнувањето на Деметриј од Фарос доаѓа до издигнување на овој династ.

Какво било личното видување на Антигон Досон за римското присуство во Илирија, никогаш нема да дознаеме – можеби го презирал и би сакал да го елиминира, можеби бил рамнодушен и бил задоволен што Рим барем привремено ги скротил илирските налети. Тоа што е јасно е дека во текот на целото свое владеење, тој не презел ниту еден чекор што непосредно бил насочен против Рим. Напротив, тој ја вложил сета енергија пред сè на возобновување и зацврстување на македонските позиции во Хелада. Очигледно тој оценил дека илирското прашање, какви и да биле неговите намери за тој регион, едноставно не е од приоритетно значење.

*Филип V и Рим.*[4] Со оглед на тоа што првите три години од своето владеење Филип V ги минал во борба против Ајтолците и нивните сојузници, јасно е дека немал многу време и можности за евентуално делување против Рим. Па сепак, М. Оло наоѓа

[1] Полибиј дава мошне сликовит приказ за паниката што завладеала меѓу Римјаните кога огромното мноштво Келти одеднаш продрело во Италија (ii.23.-31). *cf.* STAVELEY 1989: 433ff; *HCP I*: 195ff.

[2] *e.g.* HOLLEAUX 1928: 845; HAMMOND 1968: 12.

[3] Детално за статусот на Деметриј од Фарос ПАНОВСКИ 2014.

[4] Во анализата и заклучоците за поединечните епизоди главно го следам FINE 1936, иако не се сложувам со неговиот генерален заклучок дека Филип не презел ништо против Рим затоа што очекувал поповолна прилика, односно избувнувањето на II Пунска војна.

неколку настани за кои што смета дека би требало да се поврзат со политиката на Филип V кон Рим. Така на пример, тој смета дека гусарскиот налет на Деметриј од Фарос и Скердилаида во 220 г. ст.е., со што фактички била погазена забраната за пловидба јужно од Лисос бил поттикнат токму од Филип; и дека во бунтот против Рим тој ја имал подршката на македонскиот крал.[1] Ваквата теорија се заснова на анализата на Полибиј, според кого *πάσας δ᾽ ἔχοντα τὰς ἐλπίδας ἐν τῇ Μακεδόνων οἰκίᾳ διὰ τὸ συμπεπολεμηκέναι καὶ μετεσχηκέναι τῶν πρὸς Κλεομένη κινδύνων Ἀντιγόνῳ, πορθεῖν μὲν καὶ καταστρέφεσθαι τὰς κατὰ τὴν Ἰλλυρίδα πόλεις τὰς ὑπὸ Ῥωμαίους ταττομένας, πεπλευκέναι δ᾽ ἔξω τοῦ Λίσσου παρὰ τὰς συνθήκας πεντήκοντα λέμβοις καὶ πεπορθηκέναι πολλὰς τῶν Κυκλάδων νήσων.*[2] Очигледно е дека станува збор за лична проценка на Полибиј, што не се темели на некој факт или аргумент, што веднаш нè тера да бидеме внимателни колкаво значење ќе припишеме на оваа забелешка. Згора на тоа, да се прифати анализата на М. Оло значи да се бара во изворот многу повеќе од тоа што навистина пишува. Зашто дури и Полибиј едноставно вели дека Деметриј сета своја надеж ја полагал во домот на Антигонидите; при тоа не се споменува никаков сојуз, или пак план за заедничко дејство или поттик што дошол од Филип V. Со други зборови, многу поважно од тоа што Полибиј го заклучува, е тоа што Полибиј воопшто и не го споменува. Со оглед на посебното задоволство на Полибиј во секоја прилика да ги оцрни Антигонидите и особено Филип V, неговиот молк во оваа прилика е од одлучувачко значење. Ако имало некакви индикации дека Деметриј дејствува според инструкции или пак охрабрувања од Филип, тој несомнено тоа би го прокоментирал на долго и широко. Згора на тоа, Џ. Фајн во анализата на овој проблем, докажува дека нема причина и не е веројатно дека Филип V стоел зад постапките на Деметриј во 220 и 219 г. ст.е.[3] Како дополнителен аргумент за ваквото толкување, М. Оло го наведува фактот што во 220 г. ст.е., Филип се наоѓал во Епир, каде и го пресретнале ахајските пратеници со барање Месенија да биде примена во Симахијата, што според него би требало да се поврзе со походот на Деметриј и Скердилаида.[4] Претпоставката се темели на приказот на Полибиј, кој вели *Οἱ δ᾽ Ἠπειρῶται καὶ Φίλιππος ὁ βασιλεὺς ἀκούσαντες τῶν πρέσβεων τοὺς μὲν Μεσσηνίους εἰς τὴν συμμαχίαν προσέλαβον κτλ.*[5] Меѓутоа, како што истакнува Џ. Фајн, иако изразот би можел да биде сфатен дека Филип навистина се наоѓал во Епир, тоа не може со сигурност да се тврди; а дури и да бил таму, со оглед на тоа што неговата мајка била од Епир, што Епир бил членка на

[1] HOLLEAUX 1921: 141ff.
[2] Polyb., iii.16.3.
[3] FINE 1936: 31ff.
[4] HOLLEAUX 1921: 141.
[5] Polyb., iv.16.1.

Симахијата и фактот што македонските владетели секогаш посветувале посебно внимание на состојбите во Епир, неговото присуство може да се протолкува на повеќе начини без при тоа да се инсистира дека има некаква врска со походот на Деметриј и Скердилаида.[1]

Исто така, идејата дека Филип можеби ги избрал Епир и Акарнанија како поле за дејствување во 219 г. ст.е. затоа што стравувал од потенцијален напад од Рим не делува мошне убедливо.[2] Напротив, во претходниот дел беше понудено објаснување со кое акциите на Филип во 219 г. ст.е., може да се сфатат исклучиво во контекст на Сојузничката војна.[3] Истото важи и за претпоставката дека сојузот меѓу Филип и Скердилаида бил насочен против Рим.[4] Со оглед на тоа што за сојузот меѓу Филип и Скердилаида подетално ќе стане збор понатаму, во ова прилика доволно е да се истакне циничната забелешка на Џ. Фајн кој заклучува дека by allying himself with Scerdilaïdas Philip was indulging in offensive tactics against the Romans no more than were the Aetolians when they were co-operating with the Illyrian in 220.[5]

За крај, на кратко мора да се спомене и одлуката на Филип V да го прифати Деметриј по поразот во II Илирска војна. Оваа постапка е протолкувана од некои историчари како очигледен знак дека Филип отворено бил непријателски настоен кон Рим; а при тоа Н. Хамонд се чини оди најдалеку кога вели дека сојузот со Деметриј и подоцна неговото прифаќање од Филип претставувало почеток на студената војна меѓу Рим и Македонија.[6] Несомнено оваа постапка можела да биде сфатена како провокација во Рим, и пратеништвото што барало испорачување на Деметриј секако говори во овој правец. Меѓутоа, тоа не значи и дека така била сфатена ниту пак замислена од страна на Филип V.[7] Едноставно станувало збор за старата пракса на одобрување прибежиште на пријател, а како што беше споменато, најверојатно и *xenos* на домот на Антигонидите. Секако кога Лисимах го примил Птолемај Кераун не планирал да му објави војна на Птолемај I. Што е уште поиндикативно, ниту Антиох III ниту Прусија I не планирале да започнат војна со Рим кога му одобриле азил на Ханибал.[8] Овој пример е посебно значаен со оглед на тоа што станува збор за, барем во во очите на Римјаните, најголемиот непријател што некогаш истапил против Рим. Напротив, Антиох III го примил Ханибал токму во мигот кога водел прилично тешки и заплеткани преговори со Рим. Доколку може да се забележи дека тој на крајот и ќе се судри со Рим и во ниту еден момент не ни помислил да попушти пред римските

---

[1] Fine 1936: 38f; *HCP I*: 463.
[2] *e.g.* Fine 1936: 34ff; Holleaux 1921 146; Hammond 1988: 375f.
[3] *pace* Сивкина 2007: 202.
[4] Holleaux 1928: 848, 851f.
[5] Fine 1936: 38.
[6] Hammond 1968: 12; Holleaux 1921: 143f.
[7] *cf.* Errington 1990: 191.
[8] *v.* Hoyos 2003: 203ff.

барања, истото не би можело да се каже и за Прусија I, кој во тоа време војувал со римскиот штитеник Евмен. Да се претпостави дека со прифаќањето на Ханибал Прусија отворено истапувал против Рим би било бесмислица – тој едноставно решил да го искористи талентот на славниот војсководец во тековната војна. Според тоа, ниту оваа постапка на Филип не може да се земе како јасен знак за неговите намери да тргне против Рим.

* * * * *

Од сè што беше кажано, би можело да се заклучи дека и покрај толкувањата на голем дел од современите научници, теоријата за римското непријателство кон Македонија уште од I Илирска војна не почива на ниту еден недвосмислен и директен доказ. Напротив, сите постапки на Римјаните во периодот 229-217 г. ст.е. покажуваат дека тие воопшто не покажувале никаков интерес за Македонија и Хелада, а дури и во Илирија нивните цели биле мошне ограничени. По двете интервенции против Илирите, римската војска се повлекла и не било преземено ништо што би можело да создаде немир и непријатност во Пела. Откако ги дисциплинирале Илирите, Римјаните си заминале при тоа преземајќи само најнеопходни и базични чекори за стабилизирање на ситуацијата, без при тоа воопшто да се впуштат во заплетканите состојби што во тоа време владееле во Хелада.

Од друга страна, ниту постапките на Антигон Досон, ниту пак на Филип V во првите години од своето владеење не покажуваат дека тие биле посебно загрижени, а уште помалку пак решени да го ликвидираат римското присуство во Илирија. Антигон проценил дека непосредните македонски приоритети лежат на југ и токму во Хелада го минал вториот дел од своето владеење, иако токму во периодот 225-222 г. ст.е. му се укажала можност за интервенција против Рим; додека пак Филип V целосно се посветил на зачувување и зацврстување на постигнувањата на Досон.

Така, во периодот 229-217 г. ст.е., на Балканскиот полуостров настанала една мошне интересна ситуација, при што интересите на две големи сили биле на патот да се вкрстат. Но, фактот што 12 години не само што не дошло до никакви провокации, туку едноставно двете страни меѓу себе се игнорирале покажува дека и Рим и Македонија во тоа време имале други приоритети, а интересот едни за други немал улога во нивната надворешна политика. Затоа, се поставува прашањето дали ваквата состојба навистина може да се нарече студена војна, со оглед на современиот контекст и асоцијација што воопшто не наликувал на односот меѓу Рим и Македонија во овој период.

Сепак, само три години подоцна, Рим и Македонија за прв пат ќе се судрат. Меѓутоа, целта со досегашната анализа беше да се покаже дека причините за овој прв судир меѓу двете сили не треба да се бара во некои веќе традиционални политики, или пак латентно непријателство што постоело уште од I Илирска војна. Напротив, станува збор за сплет на низа околности и случајности за кои сега ќе стане збор.

# (НЕ)ПРОМИСЛЕНАТА АВАНТУРА

## I. Свртувањето на запад

Пред речиси еден век Џ. Бјури го истакна значењето на случајноста во историските процеси. Иако ваквото толкување на историјата не наиде на одобрување меѓу современите историчари, ми се чини дека ова попрво се должи на погрешното сфаќање за тоа што големиот ирски историчар навистина сакал да го истакне.[1] Имено, не станува збор за тоа што би можело да се нарече катадневна, или банална случајност, иако верувам дека и за ова би имало што да се каже, туку за „конвергенција на процеси независни еден од друг“.[2] Поедноставно кажано, тоа што Џ. Бјури го истакнува како клучен историски феномен се историските процеси чии причини и текови немаат никаква меѓусебна поврзаност, а сепак поради низа околности на крајот се вкрстуваат.[3] Верувам дека, доколку има пример од историјата на кој би можел да се примени пристапот на Џ. Бјури, тоа несомнено е 217 г. ст.е. Имено, токму во таа година доаѓа до битката кај Трасименското езеро, со што станало јасно дека Ханибал е дојден за да остане сè до конечната победа, а Римјаните нема да можат така лесно да излезат на крај со него; битката кај Рафија, по што Антиох III барем привремено ќе мора да се откаже од аспирациите на сиро-палестинското крајбрежје и да се посвети на средување на состојбите во своето кралство, додека пак внатрешната криза во кралството на Лагидите ќе стане се поочигледна и посериозна; и мирот во Навпакт, со што Филип, иако не успеал да извојува одлучувачка победа над Ајтолците, сепак конечно добил одврзани раце за да развие сопствена надворешна политика. Инетерсно е што доколку само еден од овие три настани, што инаку немаат никаква меѓусебна поврзаност, се случел неколку години порано или пак подоцна, текот на историјата веројатно би бил многу поразличен. Како што ќе се покаже, битката кај Трасименското езеро нема да има одлучувачко влијание врз понатамошниот тек на II Пунска војна. Што се однесува пак до битката кај Рафија, многу потешко е да се претпостави понатамошниот тек на настаните ако победел Антиох III – дали тоа би било увод во целосно покорување на Египет, или пак само на сиро-палестинското крајбрежје и мало-азиските поседи на Лагидите, што можеби би довело до експанзија на Антиох III кон запад многу порано одошто навистина ќе се случи.[4] Но, како што ќе покаже понатамошниот тек на

---

[1] Извонредна анализа на историскиот метод на Бјури дава Goldstein 1977.

[2] A chance may therefore be defined as *the valuable collision of two or more independent chains of causes* – “valuable” meaning that it is attended with more or less important consequences (Bury 1930a: 61).

[3] It is clear that the whole history of man has been modified at every stage by such contingencies… (Bury 1932: 303f.).

[4] Евентуалната експанзија на запад кон Мала Азија и Тракија преземена во овој период, односно во текот на II Пунска и I Македонска војна, веројатно би вродила со многу потрајни резултати за Антиох III и би му овозможило подобро да ги подготви своите територии за

настаните, од сите настани во 217 г. ст.е., најважен бил мирот во Навпакт, од едноставна причина што сега пред Филип V се отворале низа можности за развивање на нова надворешна политика. Единственото прашање што се поставувало е на која страна ќе се сврти младиот крал. Ова пак, повторно нè враќа на приказот на Полибиј со кој беше започнат овов труд.

### I.1 Трасименското езеро и мирот во Навпакт

*Поставување на сцената.* По неуспешниот обид да го пресретне Скердилаида кој неодамна ги заробил македонските бродови на Левкада, Филип се упатил кон Аргос за да ги проследи Немејските игри. Додека ги следел натпреварите, пристигнал гласник од Македонија за да му јави дека Ханибал постигнал блескав успех и сега господари со отворениот простор во Италија. Филип веднаш се консултирал со Деметриј од Фарос и при тоа го замолил никому да не кажува ништо за оваа вест. Деметриј пак од своја страна го поттикнувал кралот да ја заврши војната со Ајтолците и да се подготви за освојување на целиот свет, што и онака најмногу нему му доликува.

Поведен од ваквиот совет, Филип по консултации со пријателите, одлучил да го игнорира пратеништвото од неутралните држави и да започне непосредни преговори со Ајтолците. Откако двете страни се улогориле во близината на Навпакт, биле разменети низа пратеништва по што станало јасно дека и Ајтолците се желни за мир. Во таа прилика и Агелај го изговорил славниот говор во кој ги повикувал Хелените на сложност и го поттикнувал Филип наместо кон Хелада, своите амбиции да ги сврти кон Италија. Задоволен од текот на настаните, Филип го прифатил мировниот договор.

Вака во основа изгледа приказот на Полибиј за овие судбоносни месеци.[1] Меѓутоа, се чини дека дури и хронолошката рамка за редот на настаните е проблематична. Имено, битката кај Трасименското езеро се биела околу 8 мај (21 јуни според римскиот календар),[2] за што Филип дознал по цели два месеци (со оглед на тоа што Немејските игри најверојатно се одржувале во јули).[3] Дека Филип дознал за ваков значаен настан дури по цели два месеци се чини сомнително. Дури и да се прифати претпоставката дека Немејските се одржале кон крајот на јуни, што од два месеци пренесувањето на веста би било скратено на месец и половина во најдобар случај,

---

евентуален судир со Рим. Иако во тие услови, не може ни да се претпостави каква би била политиката на Филип V и како би се одвивале односите меѓу Македонија, Рим и Селевкидите.

[1] Polyb., v.101.4.-105.1. *HCP I*: ad loc.

[2] Derow 1976: 275f. (9 мај); Briscoe 1989: 49 (8 мај).

[3] *HCP I*: 412. Меѓутоа, според пресметките на Derow 1976: 277, Немејските игри во 217 г. ст.е. најверојатно се одржувале кон крајот на јуни. За редоследот на месецеите во аргоскиот календар, *v.* Samuel 1972: 90.

интервалот повторно се чини предолг.[1] Згора на тоа, како што забележува де Санктис, чудно е што Филип, кој се наоѓал во Аргос, дознал за битката од гласник од Пела, а не преку Сиракуса или пак Тарент.[2] Според него, Филип знаел за исходот на битката уште од претходно, но дури тогаш добил детален извештај за нејзиниот ток.[3] Со оглед на сите хронолошки потешкотии во овој случај, ваквото компромисно решение е можеби и најдобро.

Меѓутоа, дури и ваквата реконструкција фрла голем сомнеж врз целиот приказ на Полибиј, при што не може да се исклучи можноста дека тој намерно ги синхронизира овие настани. Ваквата постапка би била мотивирана од две причини. Пред сè, секој што барем малку се занимавал со Полибиј добро знае за значењето и улога на *symploke* во делото на овој историограф. Со оглед на тоа што Полибиј ја зема 217 г. ст.е. за почеток на *symploke*, сосема е возможно дека тој намерно така го претставил редот на настаните за уште повеќе да го потенцира значењето, но и да го оправда почетокот на *symploke* во 217 г. ст.е.[4] Ова пак води кон вториот мотив на Полибиј. Имено, според него, токму одлуката на Филип, кога разбрал за битката кај Трасименското езеро, да се сврти на запад е моментот кога доаѓа до проткајување на собитијата во Хелада, Италија и Либија.[5] Според тоа, за Полибиј е од исклучителна важност одлуката на Филип за склучување на мир со Ајтолците да ја поврзе со битката кај Трасименското езеро. Не само за да го оправда почетокот на *symploke*, туку исто толку важно, уште еднаш да го покаже карактерот на Филип V и особено на неговиот кобен советник – Деметриј од Фарос.[6]

*Деметриј и Агелај*. Непотребно е да се истакне дека поради ваквите хронолошки потешкотии, на приказот на Полибиј мора да му се пристапи со голема внимателност и доза на сомничавост. Кога би било тоа сè, можеби и би можело да се прифатат заклучоците на Полибиј. Меѓутоа, неговиот приказ на средбата меѓу Филип и Деметриј, и говорот на Агелај уште повеќе упатуваат дека ахајскиот историограф во овој случај си дозволил фактите да бидат водени од неговите толкувања и заклучоци, наместо обратното. Имено, како што вели самиот Полибиј, веста за битката кај

[1] Дека Филип дознал за битката во јуни е прифатено од ECKSTEIN 2008: 78.
[2] Според WALBANK 1940: 64 гласникот од Пела бил еден од неколкуте што биле задолжени да го известуваат кралот за настаните во Италија. Во тој случај големата временска дистанца станува уште понелогична, ако станува збор за посебна мрежа на гласници задолжени исклучиво за состојбите во Италија. Во основа целата претпоставка на Волбанк може да се отфрли од причина што во тој период авторот го прифаќал старото датирање на битката кај Трасименското езеро во јуни, со што и хронолошките проблеми во приказот на Полибиј би биле надминати.
[3] DE SANCTIS 1917: 120.
[4] *cf.* DEROW 1976: 276f. n.36. За *symploke* *v.* WALBANK 1975.
[5] Polyb., 5.105.4. *HCP I*: ad loc.
[6] HAMMOND 1988: 387f., секако е во право кога ја истакнува слчичноста во улогите меѓу Деметриј од Фарос и Мардониј кој го заведува и го води на погрешен пат младиот Ксеркс.

Трасименското езеро Филип ја споделил само со Деметриј при што σιωπᾶν παρακελευσάμενος.[1] Барањето на Филип се чини сосема неразумно; зашто една работа било да се затворат портите на Коринт за да се сокрие неговото пристигнување зимата 219 г. ст.е., а нешто сосема различно да се сокрие веста за големиот римски пораз од сите. Дури и да станувало за тајна порака и во прв момент само Филип да знаел за битката, што како што видовме делува мошне неверојатно, пелопонеските градови, а во прв ред Коринт имале вековни врски со градовите од Сицилија и јужна Италија. Според тоа, не е веројатно дека, дури Филип и да дознал пред сите други, веста наскоро не се раширила меѓу Хелените. Се чини дека главната цел на Полибиј е одлуката за свртувањето на запад целосно и исклучиво да му се припише на Деметриј, кој според понудениот приказ бил единствениот што бил запознаен со состојбите во Италија, додека сите останати живееле во изолација и незнаење, а со тоа и не би можеле да се поврзат со западната политика на Филип.[2]

Ова пак нè доведува до следната нелогичност во приказот на Полибиј. Имено, доколку навистина станувало збор за таен состанок одржан меѓу Филип и Деметриј, како воопшто Полибиј ја дознал содржината на разговорот? Деталите од тој разговор секако не биле ниту запишани, ниту пак споделени со останатите – инаку што би била поентата на таен состанок.[3] Според тоа – или воопшто не станувало збор за таен состанок па повеќе луѓе биле запознаени со содржината на разговорот, или пак Полибиј ја измислил целата содржина на тајниот разговор. Второто се чини многу поверојатно, но како и да е, целиот приказ уште еднаш покажува дека кога станува збор за Македонија и особено Филип V, анализите на Полибиј се, најблаго кажано, крајно проблематични и несигурни.

Од ова произлегува дека описот на средбата и содржината на разговорот сочувани кај Полибиј немаат апсолутно никаква историска вредност и иако кажуваат многу за методите и „непристрасноста“ на ахајскиот историограф, не ни кажуваат ништо за мотивите и целите на Филип. Дека станува збор за реконструкции и толкувања на самиот Полибиј, што не се темелат на факти и на тоа што навистина било изречено во таа пригода сведочи и говорот на Агелај, одржан во текот на

---

[1] Polyb., v.101.7.
[2] Се прашувам колку ваквиот приказ на Полибиј се должи не само на желбата да се оцрнат Филип и особено Деметриј, туку и да се заштити неговиот херој Арат. Имено, Арат секако немал амбиции и желба да го вмеша Ахајскиот сојуз во евентуална војна во Илирија. Меѓутоа, како што беше прикажано во претходниот дел, македонското присуство во Ахаја и на Пелопонес генерално, станувало сè поголемо, а со тоа и поопасно за независноста на Ахајците. Во ситуација кога барем во дадениот момент Македонија и Симахијата имале очигледна предност над Ајтолците, не е тешко да се замисли како опортунистичкиот и превртлив Арат би го охрабрил Филип да се сврти на запад само за да го отргне неговот внимание од Пелопонес. Впрочем дека и Арат посакувал мир во дадениот момент сведочи и Полибиј (v.102.3).
[3] HAMMOND 1988: 387.

преговорите во Навпакт. Како што истакнува Полибиј, од сите преписки и размени на пратеништва единствено што е вредно за споменување од токот на преговорите е говорот на Агелај.[1]

Ова не е соодветна прилика детално да се навлегува во проблемот за автентичноста на говорот – проблем што заслужува посебен труд. Доволно е да истакнам дека овде е прифатено мислењето дека станува збор за говор што главно произлегува од перото на Полибиј.[2] Доказ за ваквиот заклучок е анализата на заклучоците и пораките изнесени од Агелај, и уште поважно, нивната споредба со советот на Деметриј. Имено, во својот говор Агелај изнесува неколку заклучоци и забелешки: Хелените мора да престанат со меѓусебните војни и да се обединат заради заедничка одбрана од барбарите; доколку е тоа невозможно како долгорочно решение, барем за момент да сопрат со борбите и да водат сметка за големата војна што во тој момент се води на запад, зашто победникот во таа војна воден од своите амбиции, порано или подоцна, ќе се сврти и кон Хелада; оваа порака посебно се однесува на Филип, кој треба да престане да ги истоштува Хелените, со што ги прави лесен плен за напаѓачот, а напротив, да води сметка за сите нив како да се дел од неговото тело и да се грижи за безбедноста на секој дел од Хелада како да е дел од неговите поседи; зашто со таквата политика тој ќе ја стекне нивната благонаклоност и соработка, со што и неговите непријатели ќе бидат многу повоздржани во нивните планови против него; доколку пак копнее за освојувања и битки, нека го сврти вниманието кон запад и војната во Италија, и трпеливо чекајќи го вистинскиот момент да се вмеша во борбата за светска власт, зашто времињата не се несоодветни за такви амбиции; но во секој случај да ги одложи недоразбирањата со Хелените за некои подобри времиња, и да се сврти кон многу поитниот проблем, инаку ќе ја загуби и способноста самиот да одлучува со кого да војува; доколку не го направи тоа, и дозволи „облакот од запад“ да се спушти врз Хелада, сите заедно ќе ја загубат способноста за водење на сопствена политика.[3] Ова биле пораките што, според Полибиј, Агелај ги изнел во својот говор во Навпакт. Во основа ове заклучоци и согледувања може да се поделат во три групи: прво, Агелај повикува на мир и единство пред заканата што доаѓа од Картагина или пак Рим; второ, посебно се повикува Филип да го преземе водството и грижата за сите Хелени и нивната безбедност; трето, се поттикнува младиот крал на внимателно и правовремено вмешување во војната меѓу Рим и Картагина и борбата за светска доминација. Споредбата со советот што Деметриј му го дал на Филип е индикативна. Според него, Хелада веќе и онака му се потчинува на Филип – Ахаја поради сојузот и членството во Симахијата, а Ајтолците поради сè што ги снашло во војната; затоа

[1] Polyb., v.103.8-9.
[2] *v.* Дополнување (1).
[3] Polyb., v.104.

Филип мора да се посвети на Илирија, како на отскочна даска за преминот во Италија, а потоа да се вмеша во борбата за светска власт, што најмногу му прилега токму нему.[1]

Со исклучок на првиот аспект во говорот на Агелај, односно повикот за единтво, сличностите во советите на Деметриј и Агелај се очигледни. Јасно е дека советот на Деметриј е со многу поагресивен тон во однос на советот на Агелај, но на крајот и двајцата советуваат подготовка и правовремено вмешување во борбата за светска власт.[2] Сличностите несомнено не се производ на случајност туку, резултат на размислувањата, односно перото на Полибиј.[3] Ова станува до толку поочигледно доколку се земе вториот аспект од говорот на Агелај, што е сосема несоодветен и нелогичен за конкретната прилика. Имено, Деметриј можеби и го убедувал Филип дека Хелените ќе останат покорни – едни поради слабост други поради членство во Симахијата. Но, кога Агелај го повикува Филип εἶναι δὲ φυλακήν, ἐὰν ἀφέμενος τοῦ καταφθείρειν τοὺς Ἕλληνας καὶ ποιεῖν εὐχειρώτους τοῖς ἐπιβαλλομένοις κατὰ τοὐναντίον ὡς ὑπὲρ ἰδίου σώματος βουλεύηται, καὶ καθόλου πάντων. τῶν τῆς Ἑλλάδος μερῶν ὡς οἰκείων καὶ προσηκόντων αὐτῷ ποιῆται πρόνοιαν, несомнено станува збор за антедатиран и *post festum* совет на самиот Полибиј. Зашто ниту еден ајтолски државник, без разлика колку бил одлучен да склучи мир, не би си дозволил пред целата јавност и среде преговорите, кога секој аргумент и контра-аргумент имаат огромно значење за завршниот договор, фактички да го повика Филип да ја преземе, макар индиректно контролата над цела Хелада, а со тоа и над Ајтолија. Можеби според Полибиј токму тоа бил правецот во кој Филип би требало да делува во тој период, но тоа никако не би можело да биде мислењето и на еден истакнат ајтолски државник, кој своевремено бил меѓу водачите на воената странка. Без разлика колку сакал постигнување на мир, и можеби бил загрижен за исходот на војната меѓу Рим и Картагина, Агелај никако не можел да биде расположен да ја стави Ајтолија во подредена и полузависна положба во однос на Македонија.

Дека во овој случај си имаме работа пред сè со толкувањата и сфаќањата на Полибиј, најдобро сведочи приказот на истите настани кај Јустин: „Додека овој (*sc.* Филип) го правел тоа, Деметриј, кралот на Илирите, кој неодамна бил победен од римскиот конзул Паул, дошол кај него со усрдни молби, жалејќи се на насилствата на Римјаните, кои, незадоволни со пределите на Италија, обземени од бесрамна надеж да завладеат со целиот свет, водат војни со сите кралеви. Така тие, откако ја зеле власта

[1] Polyb., v.101.8-10.
[2] *contra* WALBANK 1940: 66, кој истакнува дека и покрај сета фразеологија, завршната порака на Агелај е Филип да не се фрли брзоплето и без размислување во војната против Рим. Ова несомнено е точно, но станува збро за разлики во нијанси не во суштина – брзоплето или не, Агелај го повикува Филип да се подготви за војната и борбата за светска власт.
[3] *v.* Дополнување (2).

над Сицилија, Сардинија, Хиспанија, и најсетне над цела Африка, презеле војна со Пуните и Ханибала; дека и нему му објавиле војна, не поради друго, туку само затоа што граничи со Италија; како да не е допуштено да има ниеден крал покрај нивните граници. Но и самиот тој (Филип) треба да се пази, зашто колку неговото кралство е посилно и пославно, толку Римјаните ќе му бидат полути непријатели. Покрај ова, тој му изјавил дека ќе му го отстапи нему своето кралство, што го зазеле Римјаните, зашто ќе му биде помило да гледа дека во неговата земја владее негов сојузник, а не непријател. Со ваквиот говор го наговорил Филипа, да ја напушти борбата со Ајтолците и да им објави војна на Римјаните, зашто сметал дека таму ќе има помалку работа бидејќи веќе слушнал дека Римјаните се победени од Ханибала кај Трасименското езеро. Затоа, за да не биде принуден истовремено да води повеќе војни, тој склопил мир со Ајтолците, и тоа не божем сака да војува на друго место, туку дека води сметка за мирот во Грција, за која, тврдел, дека „никогаш не била во поголема опасност.“ Имено, „бидејќи на Запад се издигнале две нови држави, онаа на Пуните и онаа на Римјаните, нив само едно ги задржува да не нападнат на Грција, а тоа е што сè уште водат меѓу себе војна за превласт; оној што ќе победи, веднаш ќе премине на исток.“[1]

Очигледно е дека Јустин, односно Помпеј Трог ползувал извор што во некои клучни точки се согласува со приказот на Полибиј – значењето на битката кај Трасименското езеро, клучната улога на Деметриј од Фарос, и одлуката на Филип поради западната политика итно да ја прекине војната со Ајтолците. Но, истовремено и се разидува со Полибиј и тоа во некои навистина значајни работи, со што и сликата за Филип и Деметриј е далеку попозитивна. Прво, Рим е претставен како постојаниот и незаситен агресор, за чие дејствување Филип постојано мора да води сметка. Во таа смисла, плановите на Филип за освојувања во Илирија не се резултат на непровоцирана агресија, туку попрво претставуваат преемптивен удар врз Римјаните, додека овие се зафатени со Ханибал. Понатаму, конспиративната атмосфера прикажана кај Полибиј во овој случај ја нема – никаде не се споменува дека разговорот меѓу Филип и Деметриј бил зад затворени врати. Уште поинтересен е податокот дека Деметриј бил подготвен територијата со кој некогаш владеел да му ја препушти на Филип. На прв поглед ваквото ветување делува нелогично и неверојатно – зошто, доколку не можел да ја трпи индиректната римска контрола, Деметриј сега би ја прифатил македонската? Па сепак, не треба да се заборави дека во овој момент Деметриј бил прибегар кај Филип, кој освен своето искуство во Илирија, и личните способности, и немал баш многу што да му понуди на кралот. Во такви услови, не делува неверојатно ако Деметриј прифатил и само да биде локален управник на Филип

[1] Just., xxix.2. Превод Љ. Басотова 2000.

во Илирија. Индиректна потврда за ваквата реконструкција е договорот меѓу Филип и Ханибал. Имено, иако се потенцира дека Рим ќе се повлече од оние места што ги контролира,[1] никаде не се споменува и дека на Деметриј ќе му бидат вратени териториите што своевремено ги контролирал. Напротив, единствената одредба од договорот што директно се однесува на Деметриј, предвидува враќање на неговите пријатели што во тоа време биле во Рим.[2] Очигледно формирањето на династеја под непосредна и независна контрола на Деметриј не ни била предвидена. Меѓутоа, бидејќи нема други докази со кои би можела да се поткрепи ваквата реконструкција, заклучокот и импликациите не смее да се одведат предалеку.

Од друга страна, дефанзивниот карактер на политиката на Филип уште подобро се согледува од фактот што славните зборови за единство и мир меѓу Хелените, и опасноста од облакот што се крева на запад, Јустин не му ги припишува на Агелај, туку на македонскиот крал. Колку и да важи за неверодостоен и немарен историограф, дури ни Јустин не бил до толку неписмен за погрешно да сфати дека Филип, а не Агелај ги изрекол тие зборови; особено што се чини дека Помпеј Трог точно ги пренесувал информациите од своите извори,[3] што е причина повеќе за жалење што не знаеме кој бил неговиот извор за овој дел.[4] Во секој, случај тоа секако не бил Полибиј. Ова е до толку поинтересно што, во дадените околности, делува многу пологично и поверојатно говорот да е изречен од Филип, или некој од македонските претставници, а не од Агелај.

Се разбира ова не значи дека верзијата на Јустин треба да се прифати во целост наместо онаа на Полибиј. Со оглед на угледот на Полибиј, но и фактот што живеел многу поблиску до времето на опишаните настани, освен доколку не се најде неспорен доказ за супериорноста на приказот кај Трог за овие собития, приказот на Полибиј мора да добие предност; до толку повеќе што во приказот на Јустин има и очигледни

---

[1] За оваа формулација *v.* поглавјето за римската контрола во Илирија.
[2] Polyb., vii.9.14. *HCP II*: ad loc.
[3] Alonso-Núñes 1987: 70.
[4] Иако старата идеја дека Трог го ползувал речиси исклучиво делото на Тимаген од Александрија веќе е отфрлена (A. J. Spawforth, *OCD*3, s.v. Pompeius Trogus), а за секоја книга користел посебен извор(и) (Alonso-Núñes 1987: 61) ми се чини дека за овој конкретен дел Тимаген останува најверојатен извор. Имено, претходно посочениот исечок од Јустин, несомнено има анти-римски карактер. Во одредена смисла и Трог во прологот покажува анти-римски приказ на настаните (*cf.* Philippus cum Illyriis et Dardanis et rursus Aetolis bello congressus est adiuvantibus Aetolos Romanis; од што се добива впечаток дека Римјаните се вмешале во војната меѓу Филип и Ајтолија, а не дека Филип ги нападнал Римјаните, по што овие склучиле сојуз со Ајтолците). Ова сосема соодветствува на Тимаген, кој бил познат по своите анти-римски гледишта и на крајот бил протеран од Август токму поради неговата искреност. *cf.* Seneca, *Ad. Luc.*, 91.13: Timagenes, felicitati urbis inimicus, aiebat Romae sibi incendia ob hoc unum dolori esse, quod sciret meliora surrectura quam arsissent.

фактографски грешки.[1] Но, тоа и не беше целта при споредбата на двата прикази; впрочем колку што е едниот анти-македонски, толку другиот е анти-римски. Кој приказ и да се претпочита, историчарот е соочен со очигледни проблеми што произлегуваат од пристрасноста на историографите. Тоа што беше важно да се истакне е фактот дека постоела и традиција различна од онаа што ја пренесува Полибиј, и понаклонета на Филип.

Мора да се истакне дека, ако навистина станува збор за конструкција на Полибиј, тој имал повеќе причини за ваквото свесно искривување на фактите. На теоретско рамниште, ваквиот приказ на настаните е важен за Полибиј од две причини. Прво, го оправдува неговиот избор и толкување за тоа кога започнува *symploke*, зашто ако мирот во Навпакт и мотивите на Филип немаат врска со битката кај Трасименското езеро, неговиот (и онака проблематичен) избор станува уште посомнителен и потешко би можел да се брани. Второ, фактот што Филип се повел по советите на Деметриј и Агелај, ја потврдува тезата на Полибиј за слабоста и ранливоста на младите владетели кои не само што се импулсивни и нетрпеливи,[2] туку често претерано се изложени на советите на своите повозрасни соработници.[3] Иако мора да се признае дека истата ситуација може и обратно да се протолкува – односно дека Полибиј нуди ваква реконструкција на постапките на Филип токму поради неговото лично убедување за младите владетели и евентуалната мисловна состојба на кралот.[4]

Меѓутоа, најважниот и најсилен мотив кај Полибиј говорот на Агелај да го пренесе така како што го пренел е поракатa што произлегува од неговите зборови. Како што заклучува Полибиј, Ὁ μὲν οὖν Ἀγέλαος τοιαῦτα διαλεχθεὶς πάντας μὲν παρώρμησε τοὺς συμμάχους πρὸς τὰς διαλύσεις, μάλιστα δὲ τὸν Φίλιππον, οἰκείοις χρησάμενος λόγοις πρὸς τὴν ὁρμὴν αὐτοῦ τὴν ἤδη προκατεσκευασμένην ὑπὸ τῶν τοῦ Δημητρίου παραινέσεων.[5] Мора да се признае дека приказот на настаните од моментот кога Филип дознал за битката кај Трасименското езеро, па сè до овој заклучок на Полибиј, е мајсторки конструиран. Целиот приказ е исполнет со клучни и драматични моменти и делува толку убедливо на прво читање, што читателот лесно може да ги пропушти импликациите од овој едноставен и навидум очигледен заклучок. Имено, доколку се прифати гледиштето на Полибиј и се земе предвид неговото сфаќање за слабостите на младите владетели, произлегува дека не само Филип и особено

[1] Деметриј е наречен крал на Илирите, а уште поочигледно, Јустин вели дека Римјаните веќе ја покориле цела Африка, што се разбира е смешно со оглед на тоа што II Пунска војна штотуку започнала.
[2] Примери за карактерот на младите владетели и државници според Полибиј кај CHAMPION 1997: 124.
[3] Polyb., vii.14.6; xxxii.5.7-9. *v.* ECKSTEIN 1995: 140ff; PÉDECH 1964: 237f.
[4] Вакво толкување дава CHAMPION 1997: 124f.
[5] Polyb., v.105.1.

Деметриј, туку и Агелај играл клучна улога во одлуката на младиот крал да се сврти кон запад. Се добива впечаток дека Филип, иако веќе поведен од зборовите на Деметриј, сè уште не бил сосема убеден дека треба да се склучи мир. Но, благодарение на Агелај, чии зборови оставиле силен впечаток врз сите, а особено врз Филип (μάλιστα δὲ τὸν Φίλιππον), конечната одлука била донесена. Доколку сè уште имало барем тронка сомнеж кај Филип, таа била надмината токму благодарение на Агелај. Така Полибиј постигнува две главни цели. Имено, не треба да се заборави дека како членки на Симахијата, во текот на I Македонска војна, Ахајците ќе војуваат на страната на Филип против Рим и неговите сојузници; додека пак напротив, Ајтолците ќе бидат единствената значителна сила во Хелада што ќе застане на страната на Рим. Но, благодарение на ваквиот лукав приказ, крунисан со заклучокот за значењето на говорот на Агелај, Полибиј перверзно ги менува улогите на двата сојузи – наспроти мирољубивите Ахајци,[1] токму секогаш агресивните и грабежливи Ајтолци го дале завршниот импулс во одлуката на Филип да тргне против Рим.[2] Со тоа Полибиј прави очајнички обид да ги ослободи од било каква вина Ахајците, а напротив уште еднаш да ги оцрни омразените Ајтолци.

Се разбира, до времето кога Полибиј пишувал, мирот во Навпакт бил веќе далечно минато и заклучоците не би можеле да имаат непосредно влијание врз современата политика. Но, како прониклив и способен државник, кој имал можност од прва рака детално да се запознае со обичаите и менталитетот на Римјаните, Полибиј секако бил свесен за импликациите од овие случувања, без разлика за тоа кога тие се случиле. Иако Полибиј истакнува дека неговото дело пред сè е наменето за Хелените,[3] свесен е дека најмногу ќе биде читано од Римјаните.[4] Впрочем, кај идните поколенија, Полибиј ќе остави многу поголем впечаток и ќе ужива поголем углед меѓу

---

[1] Во таа смисла индикативен е почетокот на следната глава: Ἀχαιοὶ μὲν οὖν ὡς θᾶττον ἀπέθεντο τὸν πόλεμον, στρατηγὸν αὑτῶν ἑλόμενοι Τιμόξενον, ἀναχωρήσαντες εἰς τὰ σφέτερα νόμιμα καὶ τὰς διαγωγάς, ἅμ᾽ Ἀχαιοῖς δ᾽ [καὶ] αἱ λοιπαὶ πόλεις αἱ κατὰ Πελοπόννησον, ἀνεκτῶντο μὲν τοὺς ἰδίους βίους, ἐθεράπευον δὲ τὴν χώραν, ἀνενεοῦντο δὲ τὰς πατρίους θυσίας καὶ πανηγύρεις καὶ τἄλλα τὰ πρὸς τοὺς θεοὺς παρ᾽ ἑκάστοις ὑπάρχοντα νόμιμα. (Polyb., v.106.1-2).

[2] Со ова фактички и еден од најважните аргументи за прифаќање на автентичноста на говорот на Агелај паѓа во вода. Имено, WALBANK 1972: 69 n.11, се прашува зошто, доколку станувало збор за говор измислен од Полибиј, тој би му го припишал на Агелај, иако неговиот презир и непријателство кон Ајтолците е добро познат факт. Но, колку и да изгледа панхеленски по својата содржина, нема сомнеж дека главната цел е да се покаже дека говорот е во суштина повик за војна против Рим. Така, и мотивот на Полибиј станува сосема јасен.

[3] Polyb., i.3.3-8; ii.35.9-10. За повеќе примери *v.* WALBANK 1972: 4f. n.19.

[4] Polyb., xxxi.22.8. PÉDECH 1964: 566, оваа реченица ја зема како показател дека Полибиј ги имал токму Римјаните на ум како главна читателска публика. Но, WALBANK 1972: 4 n.18, убедливо го побива ваквото толкување. За други примери каде Полибиј упатува на римските читатели *v.* WALBANK 1972: 3f.

римските, а не хеленските автори.[1] Според тоа, воопшто не е тешко да се замисли дека при донесувањето на овој заклучок, Полибиј на ум ги има токму римските читатели, кои многу полесно и подобро би ја сфатиле поентата што тој сакал да ја постигне.

По сето ова, се чини дека од целиот приказ на настаните и толкувањата понудени од Полибиј, може да се задржи само основната рамка. Филип во некој момент, што не може поточно да се прецизира, дознал за битката кај Трасименското езеро. Во таа прилика најверојатно прво се посоветувал со Деметриј од Фарос, што е и сосема разбирливо. Без разлика какви биле плановите на Филип во однос на Илирија, тој секако бил свесен за римското присуство, и не е веројатно дека целосно ги игнорирал тамошните случувања, а со тоа и текот на II Пунска војна. Во таа прилика сосема е природно што прво се посоветувал со Деметриј, кој од сите негови советници имал најголемо и непосредно искуство за состојбите во Илирија, и бил единствениот што непосредно соработувал со Римјаните, а потоа и војувал против нив.[2] Дали навистина станувало збор за тајна средба, и доколку било така, што било речено никогаш нема да дознаеме. Наскоро бил склопен и мирот во Навпакт со што завршила Сојузничката војна. Нема сомневање дека во таа прилика и Агелај го одржал знаменитиот говор; но каква била содржината на говорот не е сосема јасно. Можеби имало повик на единство, можеби присутните биле и предупредени за потенцијалната закана од запад; но многу понесигурно и посомнително е дека тој отворено го повикал Филип да се подготви за вмешување во војната меѓу Рим и Картагина и да ја преземе грижата за сета Хелада. Во овој момент, барем според расположливите извори, ми се чини неодговорно да се оди подалеку од ова. Ставовите и толкувањата на Полибиј можеби се смислена пропаганда, можеби се резултат на неговиот методолошки приод и искрени уверувања. Иако одговорот на ова прашање е од големо значење за тоа како ќе се сфати Полибиј како историограф, реално нема значење при проучувањето на политиката на Филип V – пропаганда или искрена верба, односно убеденост, приказот не почива на неспорни факти што со сигурност би можеле да се прифатат.

*Мотивите на Филип.* Со оглед на сè што беше кажано, очигледно е дека на приказот кај Полибиј на овие судбоносни месеци мора да му се пристапи со исклучителна сомничавост и внимателност; односно не може да се земе како автентичен, а уште помалку одлучувачки аргумент при обидот да се одгатнат мотивите на Филип V. Врската меѓу битката кај Трасименското езеро и мирот во Навпакт, што на

---

[1] K. Ziegler, *RE* XXI.2, s.v. Polybios, coll. 1572-4; Marincola 2001: 148f. Секако најпознат пример за угледот што Полибиј го уживал меѓу Римјаните е изјавата на Кикерон: sequamur enim potissimum Polybium nostrum, quo nemo fuit in exquirendis temporibus diligentior (Cic., *De re pub.*, ii.27).

[2] *cf.* Hammond 1988: 388.

прв поглед делува толку очигледно и убедливо, изгледа дека повеќе се должи на толкувањата на Полибиј, одошто на фактите.

На крајот, дури и во целост да го прифатиме приказот на Полибиј, повторно се поставува едно сериозно прашање – во колкава мера Деметриј и Агелај биле во состојба да влијаат врз младиот крал. Зашто како што заклучува Ф. Волбанк, иако во текот на кариерата на Филип неколку советници очигледно се истакнуваат во одреден период и често може да се поврзат со одредени нови потфати, тешко е да се одреди во колкава мера тие влијаеле врз Филип, а во колкава биле само негови соработници. Од сè што знаеме за Филип, тоа што е сигурно е дека не одава впечаток на неспособна и ранлива марионета што лесно паѓа под туѓи влијанија.[1] Според тоа, тешко е да се одреди колку мислењата на Деметриј и Агелај играле улога во постапките на кралот. Филип секако бил доволно способен и амбициозен и самиот да ја конципира надворешната политика на Македонија. Згора на тоа, не делува многу веројатно дека само една година откако успеал да се ослободи од мислењата и советите на најистакнатите соработници на Досон, Филип лесно би си дозволил веднаш да падне под влијание на друг соработник.

Според тоа, дури и безрезервно да се прифати приказот на настаните кај Полибиј, останува сериозен сомнеж што се однесува на неговите заклучоци. Не само што не може да се одреди со сигурност што точно рекле Деметриј и Агелај, туку не може да се оцени ниту колкаво влијание извршиле нивните совети. Сето ова фрла голема сенка врз теоријата дека мирот во Навпакт бил инспириран од битката кај Трасименското езеро. А ако тоа не е доволно за да се раскине оваа причинско-последична врска, тогаш мора да се упати на една информација кај Ливиј, што се чини дека пречесто е игнорирана од современите историчари. Зашто според римскиот историограф, in hanc dimicationem duorum opulentissimorum in terris populorum omnes reges gentesque animos intenderant, inter quos Philippus Macedonum rex eo magis quod propior Italiae ac mari tantum Ionio discretus erat. is ubi primum fama accepit Hannibalem Alpes transgressum, ut bello inter Romanum Poenumque orto laetatus erat, ita utrius populi mallet uictoriam esse incertis adhuc uiribus fluctuatus animo fuerat. postquam tertia iam pugna,[2] tertia uictoria cum Poenis erat, ad fortunam inclinauit legatosque ad Hannibalem misit.[3] Како што истакнува Е. Груен, Ливиј не е автор што би ги минимизирал грандиозните планови на македонскиот крал,[4] и затоа неговото мислење не смее да се

[1] WALBANK 1940: 261ff.
[2] Теоретски, би можело да се каже дека Ливиј на ум ја има битката кај Трасименското езеро, доколку судирите кај Тикинин и Требија се земат како први две битки. Меѓутоа, фактот што Ливиј истакнува дека по битката Филип испратил пратеништво кај Ханибал неспорно докажува дека станува збор за битката кај Кана.
[3] Liv., xxiii.33.1-4. Значењето на овој приказ со право е истакнато единствено од GRUEN 1984: 374.
[4] GRUEN 1984: 374.

игнорира. Сличен приказ наоѓаме и кај Јустин: Igitur Philippus, cum iterato uictos a Poenis Romanos didicisset, aperte hostem se his professus naues, quibus in Italiam exercitum traiceret, fabricare coepit.[1] Очигледно обата историографи ползувале аналистички извор различен од Полибиј. Зашто речиси веднаш потоа даваат толкување за намерите и плановите на Филип и за содржината на сојузот меѓу Филип и Ханибал што очигледно нема апсолутно никаква подлога. Споредбата е мошне интересна – од една страна Полибиј, кој подоцна дава приземен приказ на настаните, но и официјалната верзија на договорот меѓу Филип и Ханибал, верува дека Филип уште од 217 г. ст.е., уште по битката кај Трасименското езеро бил решен да се судри со Римјаните; од друга, некој аналистички извор, очигледно и очекувано непријателски настроен кон Филип кој ги преувеличува плановите на македонскиот крал и содржината на договорот, но сепак неговото приближување кон Ханибал, односно против Рим го става една година подоцна, по битката кај Кана.

Со оглед на останатите слабости во приказот на Полибиј, и неговиот презир кон Антигонидите и посебно Филип V, како и потребата да се оправда почетокот на *symploke* во 217 г. ст.е., верувам дека мора да се претпочита заклучокот на аналистот, кој исто така е непријателски настроен кон Филип; какви и да биле намерите на Филип во 215 г. ст.е., во 217 г. ст.е. тој сè уште не бил сигурен која страна ќе надвладее, односно дека судбината на Рим веќе е запечатена.

Поради тоа, приказот на Полибиј и дефинитивно не може да се земе како показател за плановите и мотивите на Филип при постигнувањето на мирот во Навпакт. Напротив аргументите наведени во претходниот дел – истоштеноста на завојуваните страни, стратешкиот ќор сокак во кој западнале, критичната состојба во Тесалија за која и двете страни биле посебно загрижени, биле факторите што влијаеле врз одлуката на Филип да ја запре војната. Нема сомневање дека 217 била година од судбоносно значење, но не поради причините што Полибиј ги наведува. Зашто ниту еден од трите клучни настани – битките кај Трасименското езеро, кај Рафија и мирот во Навпакт, не биле поврзани, ниту пак непосредно довеле до проткајување на настаните во Азија, Хелада и Италија. Значењето произлегува од фактот што сосема случајно се случиле истовремено, а со тоа била поставена подлогата за понатамошното преклопување на овие процеси. Тоа не значи дека од тој момент војната меѓу Рим и Македонија била неизбежна, но со оглед на дејствувањето на Филип по јонското крајбрежје станала многу поверојатна.[2] Сцената речиси била подготвена, но сè уште недостасувал катализаторот – завршниот импулс што конечно ќе доведе до првиот

---

[1] Just., xxix.4.1.
[2] *cf*. Errington 2008: 182.

судир меѓу Македонија и Рим. Очекувано, тој произлегол од областа што од секогаш претставувала извор на неприлики и проблеми за Македонија – Илирија.

## I.2. Скердилаида

*Скердилаида до 219 г. ст.е.*[1] Илирскиот династ Скердилаида за прв пат во изворите се споменува кога во 230 г. ст.е. ги предводи илирските засилувања против Епирците и учествува во битката против нив.[2] Можеби станува збор за брат на Агрон, или пак негов зет, а во секој случај, веројатно член на кралското семејство.[3] Во текот на I Илирска војна, Скердилаида воопшто не се споменува. Според тоа би можело да се заклучи дека иако тој не застанал отворено на страната на Рим, како што направил Деметриј од Фарос, сепак не дал ниту активна подршка на Теута. На тој начин, тргајќи им се од патот на Римјаните, минал неказнето низ турбулентните настани во 229 г. ст.е.[4]

Каква била неговата судбина во следната деценија и со какви проблеми се соочил не се знае. Меѓутоа, очигледно е дека успешно ги надминал и ја зацврстил својата позиција. Зашто кога во 220 г. ст.е. се вклучува во поморскиот поход на Деметриј, тој учествува со 40 лемби.[5] Со оглед на тоа што Деметриј, кој во тој момент е на врв на својата моќ, учествува со 50 лемби,[6] може да се заклучи дека до 220 г. ст.е., Скердилаида е вториот најмоќен човек во Илирија. По неуспешниот напад на Пилос, Деметриј заминал за Кикладите, а Скердилаида со своите лемби, на повик на Амина, кралот на Атаманија,[7] со кого имал некаква семејна врска (κηδεστής), се укотвил во Навпакт, и склучил договор со Ајтолците за заеднички напад на Ахајскиот сојуз.[8] Меѓутоа, иако нападот бил успешен и пропратен со разурнување и собирање на голем

---

[1] За кариерата на Скердилаида *v.* Fiehn *RE Supp.* V (1931): s.v. Skerdilaïdas, coll. 978-9.
[2] Polyb., ii.5.6.
[3] Кабан 1996: 190; Lenschau *RE* XXI.1. (1951): s.v. Pleuratos, col. 238; *HCP I*: 156. Меѓутоа Шашел Кос со право истакнува дека доколку Скердилаида бил брат на Агрон, најверојатно тој, а не Теута би го добил регентството над Пинес. Затоа таа ја остава отворена и можноста дека тој воопшто и не бил поврзан со кралското семејство, туку бил крал на Лабеатите (Šašel Kos 2002: 146f., 150).
[4] *v.* Дополнување (3).
[5] Polyb., iv.16.9.
[6] Polyb., iv.16.8.
[7] Скердилаида и Амина(ндер) биле во некаква роднинска врска, со оглед на тоа што Полибиј истакнува дека Скердилаида бил κηδεστής, што е уште една потврда за високиот статус што го уживал. *v.* Šašel Kos 2002: 148.
[8] Polyb., iv.16.9-11. Генерално е прифатена претпоставката дека Amyna е скратена форма од Amynander кралот на Атаманија чија кариера е добро позната. Меѓутоа како што истакнува Ф. Волбанк (*HCP I*: ad loc.), Аминандар не се споменува претходно во делото на Полибиј, па не може да се исклучи можноста дека станува збор за неговиот претходник.

плен,[1] Скердилаида бил извисен, зашто Ајтолците не му го дале договорениот дел. Затоа, воопшто не изненадува што многу брзо тој ќе ја смени страната.

*Филип и Скердилаида*. Со своите постапки во 220 г. ст.е., Скердилаида отворено се ставил на страната на непријателите на Филип и Симахијата. Меѓутоа, ова не се должело на некакво традиционално непријателство кон Македонија, или пријателство со Ајтолија, ниту пак на некакви политички сфаќања и убедувања. Тој едноставно оценил дека во дадениот момент, соработката со Ајтолија му нуди подобри можности за плен и финансиска добивка;[2] оцена што наскоро ќе се покаже погрешна. Затоа, кога кога Филип му пристапил на Скердилаида зимата 220/19 г. ст.е., не било потребно многу да го убедува илирскиот династ да ја смени страната. Меѓутоа, овој пат не станувало збор за едноставен договор за соработка и делба на пленот. Овие фактори, како и желбата да се одмазди на Ајтолците кои го изиграле во последната бојна сезона, несомнено играле огромна улога во одлуката на Скердилаида да му се придружи на Филип. Скердилаида се обврзал да испраќа 30 лемби како помош за Филип, кој пак во замена се обврзал да му исплаќа по 20 таланти годишно за услугите.[3] Но, освен овие одредби што се однесувале на непосредните воени дејствија, двете страни се обврзале на дополнителни обврски, што покажува дека Скердилаида не ја прифатил понудата на Филип само поради финансиската добивка.[4] Имено, било договорено Филип да му помогне на Скердилаида во борбата против непријателите во Илирија, додека пак од своја страна илирскиот династ се приклучил на Симахијата.[5]

Веќе беше објаснето дека овој договор не треба да се зема како показател за непријателските намери на Филип кон Рим. Напротив, станува збор за една мошне мудра и промислена одлука на Филип преку вклучувањето на Скердилаида во Симахијата да се обезбеди македонската граница кон Илирија. Во тоа време Деметриј од Фарос, кој бил во пријателски односи со Македонија, бил најмоќниот династ во Илирија. Меѓутоа, како што покажале настаните од 222 г. ст.е., тоа не било доволно за да се обезбеди стабилноста на северната граница. Згора на тоа, од илирските напади предводени од Скердилаида во 230 и 217 г. ст.е., може да се заклучи дека тој ја контролирал територија низ која воделе приодите во Епир и Македонија.[6] Одлуката

[1] Пленот бил дополнително зголемен зашто тие по уништувањето на Кинајта го ограбиле храмот на Артемида близу Клејтор (*v.* Walbank 1933: 121f.).
[2] *cf.* Кабан 1996: 204.
[3] Кабан 1996: 204, крајно несмасно македонските финансиски обврски ги нарекува данок, иако само неколку редови понатаму сосема правилно заклучува дека исплатата од 20 таланти треба да се сфати како еден вид финансиска гаранција и исплата на дел од идниот плен. Веројатно подучен од искуството со Ајтолците, Скердилаида не сакал повторно да биде изигран.
[4] *contra* Кабан 1996: 204.
[5] Polyb., iv.29. *HCP I*: ad loc; Coppola 1993: 85.
[6] *cf.* Šašel Kos 2002: 147.

пак Скердилаида да се вклучи во Симахијата е показател дека Филип се обидувал да најде долготрајно решение за илирското прашање; зашто не само што било очигледно дека ослабениот Епир веќе не е во состојба да го контролира тој дел од границата, туку со вклучувањето на младата епирска република во Симахијата, било повеќе од веројатно дека ако дојде до напад од Илирија, Епирците ќе го повикаат токму Филип на помош. Затоа вклучувањето на Скердилаида во Симахијата не само што претставувало каква таква гаранција (во секој случај подобра отколку само договор за заедничко дејствување против Ајтолија) за стабилноста на македонската граница, туку ја отстранувало и опасноста од илирски напад во Епир, исто така членка на Симахијата; а со тоа и можноста Филип да мора да интервенира во Епир во случај на евентуален илирски напад. Така, во тој момент Филип бил во пријателски односи со двајцата најмоќни династи во Илирија, што ветувало стабилност на северната граница, но и можност за значителна поморска помош против Ајтолците. Од друга страна, договорот не бил ништо помалку полезен и за Скердилаида. Имено, уште од времето на Теута очигледно е дека дури и најмоќните династи во Илирија имале постојани проблеми со локалните владетели (πολιδυνάσται).[1] Во таква ситуација, помошта од најмоќниот владетел на Балканот при справувањето со овие полидинасти би била од непроценливо значење за Скердилаида.[2]

Станувало збор за договор што на долги патеки потенцијално би можел да биде од огромна корист и за Филип и за Скердилаида. Но, како што често се случува, договорот никогаш вистински не заживеал, зашто веќе во 218 г. ст.е. обајцата не успеале да ги исполнат обврските. Од една страна, Скердилаида испратил само 15 лемби наместо договорените 30 зашто во тој момент се соочувал со проблеми токму со локалните династи.[3] Од друга, ова имплицира дека и Филип не му испратил помош на Скердилаида токму кога овој се соочувал со внатрешни проблеми. Очигледно и двете страни се обврзале на работи што реално не биле во состојба да ги исполнат. Со оглед на ваквата ситуација, сосема очекувано Филип и Скердилаида повторно ќе се најдат на спротивните страни.

И покрај сѐ, Филип изгледа се обидувал да го одржи договорот во живот, зашто барем дел од договорената сума му била исплатена на Скердилаида,[4] иако овој испратил само 15 лемби. Но, за Скердилаида ова не било доволно. По втор пат во рок од три години тој не го добил договорениот дел од пленот, а истовремено не добил

---

[1] Овој поим се споменува единствено кај Полибиј (v.4.3). Иако станува збор за *hapax legomenon*, се чини емендацијата е сигурна. *v. HCP I*: ad loc.
[2] *cf.* Кабан 1996: 237 n.76; Fine 1936: 37.
[3] Polyb., v.4.3. Кабан 1996: 207.
[4] Според Полибиј: Ἅμα δὲ τοῖς προειρημένοις Σκερδιλαΐδας, νομίζων ὑπὸ τοῦ βασιλέως ἀδικεῖσθαι διὰ τό τινα τῶν χρημάτων ἐλλείπειν αὐτῷ τῶν κατὰ τὰς συντάξεις ὁμολογηθέντων, ἃς ἐποιήσατο πρὸς Φίλιππον κτλ. (v.95.1).

никаква помош од Филип во борбата со локалните противници. Дополнителна причина за заладувањето на односите веројатно бил и фактот што Деметриј од Фарос сега бил еден од највлијателните советници на Филип, што никако не можело да му се допаѓа на Скердилаида. Едно било кога обајцата независно владееле со своите делови од Илирија и биле пријатели на Филип, а нешто сосема различно кога Деметриј го загубил својот дел и пребегнал кај Филип. Скердилаида кој лично го познавал Деметриј, можел со право да стравува за својата иднина во случај Деметриј да успее да го наговори Филип да интервенира во Илирија.[1]

Така, во 217 г. ст.е., Скердилаида испратил 15 лемби во гусарски поход по бреговите на Хелада. Меѓу другото тие заробиле и четири бродови од флотата на Филип, што се укотвиле на Левкада. По тоа се упатиле кон Малеа од каде постојано ги напаѓале трговските бродови.[2] Одговорот на Филип бил преспор и кога тој конечно испратил 50 бродови во потера по лембите на Скердилаида, тие веќе биле заминати.[3] Иако политичките импликации од постапките на Скердилаида потенцијално биле мошне штетни за Филип, во стратешка смисла во тој момент тие не претставувале сериозна закана. Но, по враќањето во Македонија откако бил склучен мирот во Навпакт, тој открил дека Скердилаида не се ограничил на гусарски напади.

Имено, додека Филип сè уште бил окупиран со завршните операции во Хелада и преговорите во Навпакт, Скердилаида навлегол во Пелагонија каде го освоил Писајон, потоа се префрлил во Дасаретија, каде со разни ветувања и закани, успеал да освои неколку градови, вклучувајќи ги Антипатреја, Хрисондион и Гертунт, по што продолжил да ги пустоши околните области во Македонија.[4] Според М. Оло, во преземањето на овој разурнувачки напад, Скердилаида бил поттикнат од Рим.[5] Меѓутоа, не само што нема никаков показател во изворите за да се поткрепи ваквото толкување, туку со оглед на римската преокупираност со Ханибал тоа не ни делува веројатно. Ако Римјаните навистина биле загрижени за состојбите на Балканот, тие можеле да го помогнат Ајтилскиот сојуз и со тоа да ја одолговлечат Сојузничката војна.[6] Доколку пак не сакале директно да се вмешаат во Хелада, секако можеле да се обидат порано да го привлечат Скердилаида на своја страна и да го поттикнат да го

---

[1] *cf.* ERRINGTON 1989: 95, „it was scarcely in his interest that Demetrius be restored to Illyria, should Philip have this in mind etc."; Исто така, Р. Ерингтон претпоставува дека барањето за екстрадиција на Деметриј можеби било делумно мотивирано од советите на Скердилаида. КАБАН 1996: 210, од друга страна претпоставува дека дипломатските односи меѓу Скердилаида и Рим датираат од 217 г. ст.е., токму од периодот на пратеништвата кај Филип и Пинес.
[2] Polyb., v.95.1-4.
[3] Polyb., v.101.1-2, 4.
[4] Polyb., v.108.1-2.
[5] HOLLEAUX 1928: 854f. Прифатено inter alios WALBANK 1940: 68; CABANES 1976: 250; FINE 1936: 39.
[6] BADIAN 1952: 88

нападне Филип.[1] Напротив, А. Екстин е сосема во право кога истакнува дека станува збор за уште една кавга типична за анархичните односи што владееле меѓу Македонија и Илирија.[2]

Во секој случај, штом се вратил во Македонија, Филип веднаш ја собрал војската и преминал во напад.[3] Брзото склучување на мирот во Навпакт, а со тоа и појавата на Филип со главнината од македонската војска, очигледно претставувало изненадување за Скердилаида, кој не бил во состојба да пружи енергичен и ефикасен отпор. Филип не само што веднаш ги вратил под своја контрола загубените градови, туку преминал и во офанзива, при што освоил повеќе градови во Дасаретија и во областа околу Лихнидското езеро,[4] и навлегол на територијата на Калојкините и на Писантините.[5] Според Полибиј, Филип перзел ваков енергичен контра-напад на поттик на Деметриј, зашто проценил дека за неговите планови за напад на Италија, прво мора да ја среди ситуацијата во Илирија.[6] Очигледно токму ова толкување стои зад мислењето на Шашел Кос дека Филип тргнал против Скердилаида на поттик на Деметриј.[7]

Не само што ваквото толкување е проблематично со оглед на вроденото непријателство на Полибиј кон Македонија, туку е и неприфатливо од едноставна причина што покажува комплетно неразбирање на задачите и приоритетите на македонските владетели. Не случајно бројни историчари во повеќе прилики истакнуваат дека за еден македонски крал, сигурноста на северната граница секогаш била приоритет. Бездруго на Филип, кој во 219 г. ст.е. ги прекинал операциите во Хелада поради веста за претстоен напад од Дарданија, а во 217 г. ст.е. ја отпочнал бојната сезона со поход кон Билаѕора, не му бил потребен советот од Деметриј за да

---

[1] Според HOLLEAUX 1928: 855, Римјаните станале свесни за опасноста од Филип предоцна, кога веќе било јасно дека Сојузничката војна се ближи кон својот крај. Меѓутоа, до тој момент како што веќе беше кажано, ниту Досон пред него, ниту Филип не презеле никаков чекор што би можел да се протолкува како анти-римски. Згора на тоа, склопувањето на мирот во Навпакт одело прилично брзо, а само кусо време пред тоа немало никакви индикации дека војната наскоро ќе заврши. Во конфузијата што настанала по битката кај Трасименското езеро, тешко е да се замисли како Римјаните успеале толку брзо да дознаат дека Сојузничката војна е пред крај и да го поттикнат Скердилаида да премине во напад. Напротив, се добива впечаток дека и Скердилаида бил изненаден од брзото појавување на Филип, односно бил изненаден од мирот во Навпакт.

[2] ECKSTEIN 2008: 73 n.200. Теоријата на М. Оло е отфрлена и од GRUEN 1984: 374; HAMMOND 1968: 15f. n.54; BADIAN 1952: 88f.

[3] GRUEN 1984: 375 претпоставува дека токму нападот на Скердилаида била главната причина за брзото склопување на мирот во Навпакт. Иако теоријата е привлечна, сепак не може да се прифати бидејќи од приказот на Полибиј е сосема јасно дека Филип дознал за нападот на Скердилаида дури откако се вратил во Македонија. Од друга страна грабнувањето на четирите брода и гусарските напади тешко дека би биле доволна причина за склопување на мир.

[4] Полибиј во приказот прави разлика меѓу Дасаретија и областа околу Лихнидското езеро.

[5] Polyb., v.108.8. За топографските проблеми поврзани со оваа кампања *v.* HAMMOND 1966: 43ff., 53; ID. 1972: 94f.

[6] Polyb., v.108.3-7.

[7] ŠAŠEL KOS 2002: 150.

сфати дека мора итно да ја разреши ситуацијата по неочекуавниот упад на Скердилаида. Фактот што Филип не се ограничил на одбранбени мерки, односно само со повторно освојување на загубените градови и преминал во жесток напад може сосема логично да се објаснат од аспект на традиционалната македонска политика и потребите на кралството.

Всушност, одметнувањето на Скердилаида го исправило Филип пред сериозни стратешки, но и политички проблеми. Од стратешки аспект, Филип во никој случај не можел да дозволи Скердилаида, кој во тоа време е најмоќниот династ во Илирија и ги контролира приодите кон горномакедонските области, но и кон Епир, да мине неказнето. Една ограничена и дефанзивна интервенција, без при тоа да се навлезе на територијата на Скердилаида, во никој случај не би била доволна гаранција за безбедноста на горна Македонија. Било повеќе од јасно дека ако сака мир и стабилност на северната граница, Филип ќе мора одлучно да интервенира и да ја покаже македонската надмоќ и при тоа да му нанесе доволно тежок удар на Скердилаида за овој добро да размисли пред повторно да ја нападне Македонија.[1] Со други зборови, тој никако не смеел да дозволи понатамошно јакнење на и онака најмоќниот династ во Илирија,[2] кој очигледно бил непријателски расположен. Одвај една деценија претходно, Илирите, меѓу чии водачи бил токму Скердилаида, покажале колку може да бидат опасни и за Епир и Акарнанија – области каде Македонија имала традиционални интереси. Затоа за Филип било неопходно да го потисне Скердилаида колку што е можно повеќе.

Од друга страна, и политичките импликации не биле ништо помалку сериозни. Имено, во овој случај не станувало збор за едноставен раскин меѓу двајца привремени соработници здружени од економски причини, или пак заради борба со заеднички непријател. Скердилаида бил член на Симахијата и со своето одметнување поставувал многу опасен преседан. За Филип било неприфатливо да го игнорира фактот дека една членка на Симахијата не само што се одметнала, туку и се дрзнала да тргне против хегемонот. Со оглед на тоа што во последната војна на виделина испливале сите слабости во организацијата, за него било до толку поважно да ја покаже својата одлучност цврсто да ја одржи контролата над Симахијата, особено што држењето на некои од членките и онака било сомнително. Одметнувањето на Скердилаида за Филип било во суштина исто што и одметнувањето на Тасос од Делоскиот сојуз во 465 г. ст.е. Очекувано, Атина реагирала жестоко на бунтот на Тасос.[3] Во случајот на Филип

[1] *cf.* Кабан 1996: 210.
[2] *v.* Кабан 1996: 208f.
[3] *v.* Meiggs 1972: 80, 83ff., 90. За условите што Атина ги наметнала на Тасос по неуспехот на бунтот Thuk., i.101.3. Hornblower 1991: ad loc.

тој имал и причина повеќе за интервенција, со оглед на тоа што Скердилаида ја нападнал Македонија.

Според тоа, и во овој случај толкувањето на Полибиј може слободно да се игнорира. Филип имал повеќе од доволно причини за да интервенира на начинот на кој го направил тоа, без при тоа да се претпоставува дека во заднина стоел Деметриј и плановите за светска власт. Потребата да се заштитат горна Македонија и Епир, но и да се одржи угледот на кралот како хегемон на Симахијата, бил главниот мотив за жестоката и одлучна реакција на Филип.

*Аполонија*. По успешниот контра-напад, бидејќи се ближела зимата, Филип ја распуштил војската.[1] Меѓутоа, тој мора да бил свесен дека флотата, а не копнената војска е најважниот дел од силите на Скердилаида. Сѐ додека тој не бил способен да ги спречи гусарските налети на илирскиот династ, придобивките на копно би биле од сомнително значење; особено што први на удар секако би се нашле токму Епир и Акарнанија. Филип кој и самиот неодамна ја употребил флотата токму за вакви молскавични налети, секако бил свесен за потенцијалната штета што флотата на Скердилаида би можела да ја нанесе, ако дозволи таа да дејствува непречено. Затоа, зимата 217-216 г. ст.е. тој наредил да се изградат 100 лемби, задача што им била доверена на Илирите.[2]

До летото 216 г. ст.е. флотата била подготвена. Минувајќи преку Еврип и покрај Малеа, флотата се укотвила близу Кефаленија и Левкада. Тука Филип за момент запрел, зашто прво сакал да дознае каде била римската флота. Кога му било јавено дека римската ескадра е укотвена во Лилибај, се охрабрил и продолжил кон Аполонија.[3] Но, токму кога се приближувал кон устието на Аој, морнарите ги фатила паника, зашто се раширила веста дека некои римски пентери се наоѓаат кај Региј и пловат кон Аполонија со цел да му се придружат на Скердилаида. Изненаден и испаничен, Филип веднаш дал наредба за повлекување и запловил кон Кефаленија.[4] Тоа што на Филип не му било познато е дека Скердилаида, вознемирен од веста дека во Македонија се подготвува флота од лемби, веднаш ги информирал Римјаните и побарал помош. Како одговор на овој повик, 10 пентери од флотата во Лилибај биле издвоени со задача да ја испитаат ситуацијата.[5]

---

[1] Polyb., v.108.9.
[2] Polyb., v.109.3. Šašel Kos 2002: 150, претпоставува дека станува збор за оние Илири што своевремено биле под контрола на Деметриј. Во кое бродоградилиште била изградена флотата не е познато; Касандреја е можеби најверојатниот кандидат со оглед на тоа што подоцна тоа ќе биде главното бродоградилиште на Филип (*HCP I*: 633).
[3] Polyb., v.109.5-6.
[4] Polyb., v.110.1-5.
[5] Polyb., v.110.8-9.

Според Полибиј, „да не се испаничел и да не се дал во безумно бегство, тогаш Филип лесно ќе завладеел со Илирија бидејќи сите планови и подготовки на Римјаните биле насочени кон Ханибал и битката кај Кана и веројатно ќе ги заробел и бродовите. Но возбуден од споменатата вест се повлекол во Македонија, навистина, без да претрпи било каква штета, но и без да постигне било што славно.“[1] Несомнено ваквата, сосема очекувана, осуда на Филип се должи на фактот што Полибиј по кој знае кој пат погрешно ги толкува намерите на македонскиот крал и претерано ја поедноставува ситуацијата. Нема потреба да се сомневаме дека Филип навистина го фатила паника, но одлуката да се повлече била исправна и од воен и од политички аспект. Зашто, како што истакнува Н. Хамонд, Филип пред сè не знаел точно колку бродови брои римската ескадра; уште поважно, постоела реална можност тој да биде отсечен од своите линии на комуникација доколку римската ескадра се усидри на Коркира; згора на тоа, тој несомнено имал ограничени залихи на располагање, а немал ниту една база во близина каде би можел да дочека засилувања; а можеби најважно, иако станувало збор само за 10 пентери, доколку дошло до спојување на римската и флотата на Скердилаида, Филип секако би бил во мошне неповолна позиција.[2] Во ситуација кога имало толку непознаници и реална можност да биде принуден да ја ризикува целата флота под крајно неповолни услови, без можност за повлекување во случај на пораз, Филип несомнено донел правилна одлука.

Но, прашањето што е многу поважно да се одговори е кои биле целите на Филип при преземањето на овој потфат. Се разбира, доколку го следиме Полибиј, непосредната цел била Илирија, што би послужило како отскочна даска за инвазијата на Италија.[3] Клучот во целиот проблем, барем како што е формулиран од современите историчари, се крие во прашањето дали Филип навистина имал намера да ја освои Аполонија. Иако историчарите се поделени по прашањето дали Филип навистина планирал инвазија на Италија или не, речиси сите се согласуваат дека целта била Аполонија, а следствено и римскиот протекторат во Илирија.[4] Напротив, само малкумина веруваат дека Филип воопшто немал намера да ја нападне Аполонија.[5] Според Е. Бадиан, сосема е можно дека главна цел на Филип бил Скердилаида, но со оглед на нападот на Орик и Аполонија во 214 г. ст.е., неговите планови биле антедатирани од историографите. Сепак, како што со право истакнува Ф. Волбанк,

---

[1] Polyb., v.110.10-11.
[2] HAMMOND 1988: 392f. Педесетина лемби на Скердилаида и десетте римски пентери и тоа како би биле еднакви, ако не и надмоќни во однос на 100 лесни и кршливи лемби на Филип.
[3] Polyb., v.108.4.
[4] *e.g.* римскиот протекторат: КАБАН 1996: 210; FINE 1936: 39; HAMMOND 1968: 16f., 21; ERRINGTON 1989: 95f.; BICKERMAN 1952: 21. Увод во инвазија на Италија: HOLLEAUX 1930: 117f.; WALBANK 1940: 69 (порезервирано, иако подоцна се чини е поуверен во оваа идеја – *HCP I*: 632f.); ECKSTEIN 2008: 81.
[5] BADIAN 1952: 89; ADAMS 1993: 46.

иако ваквата теорија не е невозможна, сепак не може ниту да се докаже.[1] Од друга страна, В. Адамс го свртува вниманието на фактот што изразот καὶ προῆγε ποιούμενος τὸν πλοῦν ὡς ἐπ' Ἀπολλωνίας[2] сам за себе не мора да подразбира дека Филип имал непријателски намери кон Аполонија. Иако толкувањето не е невозможно, истовремено истиот израз може да се сфати како имплицитна потврда дека Филип навистина тргнал токму против Аполонија; а ваквите филолошки игри не може да нѐ одведат далеку. Со оглед на тоа што Филип не ни добил прилика да го спроведе својот план, врз основа на расположливите извори не може со апсолутна сигурност да се каже што била неговата непосредна цел; но врз основа на приказот на Полибиј земен во целина, се чини дека тој навистина тргнал против Аполонија.[3]

Меѓутоа, мора да се истакне дека фактот што Филип (најверојатно) тргнал против Аполонија не е доказ дека тој планирал војна со Рим, а уште помалку пак да се истовари во Италија. Впрочем ова толкување на Полибиј одвај и би заслужувало да се коментира, ако не беше прифатено од такви еминентни историчари како што се М. Оло и Ф. Волбанк. А. Екстин ја потврдува теоријата, истакнувајќи дека Филип веќе и онака имал репутација на заповедник подготвен на големи ризици; дека теоријата за рамнотежа на силите не била водечка идеја во хеленистичкиот свет како што своевремено се мислело; дека идејата за светска доминација била длабоко вкоренета во домот на Антигонидите, кои се претставувале како директни наследници на Аргеадите, односно Филип II и Александар III.[4] Нема никакво сомневање дека заклучоците на А. Екстин по овие прашања се апсолутно точни. Целата кариера на Филип е исполнета со потфати што често би можеле да се окарактеризираат како големи ризици; рамнотежата на силите меѓу големите монархии во хеленистичкиот период не произлегувала од некој општо признат и прифатен принцип, туку попрво од немоќта на било која од монархиите да го зададе завршниот удар на своите непријатели – хеленистичкиот свет бил исто толку суров и неумолив како и останатите периоди од историјата;[5] Антигонидите иако по смртта на Деметриј Полоркет веќе немале доволно средства да се борат за светска власт, никогаш не ја напуштиле таа идеја.[6]

---

[1] *HCP I*: 632f.
[2] Polyb., v.109.6.
[3] *cf.* Polyb., v.110.1: ἤδη δὲ συνεγγίζοντος αὐτοῦ τοῖς περὶ τὸν Ἀῷον ποταμὸν τόποις, ὃς ῥεῖ παρὰ τὴν τῶν Ἀπολλωνιατῶν πόλιν, ἐμπίπτει πανικὸν παραπλήσιον τοῖς γινομένοις ἐπὶ τῶν πεζικῶν στρατοπέδων. Со оглед на тоа што пристаништето на Аполонија не лежи на брегот, туку во внатрешноста по течението на Аој, очигледно доколку немал намера да го нападне градот, Филип не би имал никаква причина воопшто да плови кон устието на реката.
[4] *v.* ECKSTEIN 2008: 81
[5] *v.* ECKSTEIN 2006: ch.4; *cf.* AGER 2005.
[6] *v.* WALBANK 1993.

Кога би можел целиот проблем да се сведе на теоретска дискусија, аргументите на А. Екстин несомено би биле мошне убедливи, ако не и одлучувачки. Меѓутоа, тука станува збор за конкретна ситуација, со конкретни постапки и дејствија. Поради тоа, колку и да мора да се земат предвид теоретските анализи и размислувања, анализата мора да започне и да заврши со конкретните настани и факти,[1] а во овој случај фактите зборуваат нешто сосема друго.

Зачудува што токму поклониците на Полибиј целосно игнорираат еден податок токму кај овој историограф. Имено, самиот Полибиј истакнува дека Φίλιππος δὲ κατὰ τὴν παραχειμασίαν ἀναλογιζόμενος ὅτι πρὸς τὰς ἐπιβολὰς αὐτοῦ χρεία πλοίων ἐστὶ καὶ τῆς κατὰ θάλατταν ὑπηρεσίας, καὶ ταύτης οὐχ ὡς πρὸς ναυμαχίαν - τοῦτο μὲν γὰρ οὐδ᾽ ἂν ἤλπισε δυνατὸς εἶναι, Ῥωμαίοις διαναυμαχεῖν - ἀλλὰ μᾶλλον ἕως τοῦ παρακομίζειν στρατιώτας καὶ θᾶττον διαίρειν οὗ πρόθοιτο καὶ παραδόξως ἐπιφαίνεσθαι τοῖς πολεμίοις.[2] Полибиј, кој се чини често ги занемарува практичните последици и проблеми ако се во спротивност со неговите претпоставки и толкувања, воопшто не се ни потрудил да ги сфати импликациите од сопствениот заклучок. Нема дилема дека лембите биле извонредно брзи, а со тоа и погодни за изведување на неочекувани и брзи напади. Меѓутоа, како Полибиј, а со него и сите историчари што го прифаќаат неговото толкување, замислувал Филип да се истовари во Италија без претходно да обезбеди контрола на морето? Дури и да претпоставиме дека Фили би успеал одненадеж да се истовари на италско тло – што потоа? Без контрола над морските патишта, тој не би можел да добива ниту намирници, ниту засилувања, а уште полошо, во случај на пораз не би имал никаква можност за повлекување. Згора на тоа, со која војска Филип планирал да ја оствари својата грандиозна замисла? При походот во 216 г. ст.е., тој со себе водел веројатно приближно 5.000 војници.[3] Овие сили одвај би биле доволни за опсадување на некој град, а во никој случај и за освојувачки дејствија во Илирија, а не станува ни збор за Италија. Ако Филип со само 5.000 војници имал намера да ја освојува Илирија, тогаш тој не бил стратег подготвен на големи ризици, туку наивен дилетант. Уште поважно, Филип очигледно располагал барем со одреден број на тешки бродови, кои во комбинација со лембите ако ништо друго би биле

[1] *cf.* мудрата забелешка на Bury 1930: 38, The types and general forms of development which the sociologist attempts to disengage can only assist the historian in understanding the actual course of events. It is in the special domains of economic history and *Kulturgeschichte* which have come to the front in modern times that generalisation is most fruitful, but even in these it may be contended that it furnishes only partial explanations. The truth is that Darwinism itself offers the best illustration of the insufficiency of general laws to account for historical development.
[2] Polyb., v.109.1-2.
[3] *v.* Дополнување (4).

порамноправен противник на римските пентери.[1] Фактот што Филип воопшто не ја зел предвид употребата на овие тешки бродови, ниту пак наредил изградба на нови (доколку проценил дека во моментот нема доволно бродови од тој тип), е мошне силен показател за тоа која била вистинската цел на неговиот поход од 216 г. ст.е.[2] Имено, за истоварување во Италија би му било неопходно не само пристаниште на источната страна на Јадранското или Јонското море, туку и соодветно пристаниште во Италија. Во ситуација кога не биле воспоставени никакви контакти со Ханибал, Филип можел само да сонува дека ќе заземе соодветно пристаниште во Италија само со своите 100 лемби. Ова пак нѐ доведува до веројатно наслабата точка во целата теорија – целосното игнорирање на Ханибал. Доколку и може да му се прости на Полибиј што од желбата да го потенцира своето видување за Филип и неговите планови сосема заборавил на сите практични пречки што го чекале кралот, истото не може да се каже за современите историчари. Несфатливо е како точно тие замислуваат дека Филип, како независна и трета страна имал намера со својата војска да се истовари во Италија и истовремено да се фати во костец не само со Римјаните, туку и со Ханибал, кој во тој момент ја командувал најмоќната војска во Медитеранот. Дали ќе стоел настрана и ќе чекал Рим и Картагина меѓусебно да се истоштуваат при тоа надевајќи се дека тие ќе го игнорираат неговото присуство, или пак можеби сонувал за некаков тробој од типот на добриот лошиот и грдиот!?[3]

Не само проблемите што стоеле на патот на Филип, туку и фактот што тој не презел ништо во подготовка за нивно надминување, било на дипломатски или пак на воен план, повеќе од јасно сведочат дека тој во ниту еден момент не помислувал да се истовари во Италија. Тој можеби навистина сонувал за светска власт како што вели Полибиј, иако се прашувам како дознал што точно сонувал Филип, но соништата се едно, а постапките нешто сосема друго. Тоа што е очигледен и недвојбен факт е дека Филип во ниту еден момент не презел ништо што би можело да се протолкува како чекор во правец на истоварување и освојување на Италија.

Според тоа како се поставени работите, се чини дека целта на Филип навистина бил „римскиот протекторат“. Ако тој немал никакви планови за напад на Италија, а

---

[1] При обидот да го стигне Скердилаида во 217 г. ст.е., Филип употребил 12 катафракти, 8 афракти и 30 лесни бродови (хемиоли). Ова во секој случај не била целата флота со која располагал, туку најверојатно станува збор за бродовите закотвени на Халкида и во поблиските пристаништа. Доколку располагал барем уште со половина од овој број на катафракти, оваа флота во комбинација со лембите би можела да се надева на успех против една мала римска ескадра.

[2] Со право потенцирано од Adams 1993: 45. Според Walbank 1940: 69, Филип не можел да си дозволи изградба на флота од тешки бродови поради финансиските проблеми со кои постојано се соочувал. Иако е неспорно дека тој постојано имал финансиски проблеми, фактот што претходната година не само што имал на располагање одреден број катафракти туку и ги употребил, покажува дека ако ништо друго, можел да ги употреби бродовите што ги имал на располагање.

[3] *cf.* оправданите забелешки на Hammond 1968: 16 n.56.

истовремено навистина имал намера да ја освои Аполонија, тоа е единствениот логичен и веројатен заклучок што останува. Па сепак, верувам дека примарната цел на Филип во 216 г. ст.е. бил Скердилаида. Клучот за правилно разбирање на целата ситуација се крие во прашањето за природата на римското присуство во Илирија во периодот по I Илирска војна. Имено, како резултат на поедноставувањето (или пак комплицирањето, зависно од кое гледиште) на прашањето за римското присуство во Илирија, се чини дека и проблемот за мотивите на Филип во 216 г. ст.е. неизбежно и непотребно е искомплициран. Имено, речиси сите историчари без исклучок, при анализата на дејствата на Филип тргаат од добро утврдениот и општо прифатен факт за постоењето на римски протекторат во Илирија. Дури и Е. Бадиан, кој како што беше кажано, ги зададе првите сериозни удари на ова толкување тргнува од сопствениот концепт за клиентските односи меѓу Рим и некои заедници, со што во суштина, барем кога станува збор за мотивите на Филип, не си остава многу место за различно толкување и е принуден да се потпре на сомнителниот аргумент дека Филип воопшто не тргнал против Аполонија. Па сепак, како што беше покажано во претходното поглавје, постоењето на римскиот протекторат не може да се поткрепи од изворите и попрво е резултат на несреќниот избор на зборови на М. Оло. Рим имал неколку *amici* на другата страна од Јадранскиот брег и ништо повеќе.

Ова пак ни овозможува да ги согледаме постапките на Филип од еден различен аспект. Веќе беше кажано дека Филип најверојатно навистина тргнал против Аполонија, но што со тоа? Аполонија не била ниту римски сојузник, ниту пак римски поданик. Од друга страна, доколку Филип планирал долготраен ангажман против Скердилаида, неопходно било да контролира најмалку едно пристаниште од каде би можел да ги започнува своите дејствија.[1] Со оглед на мошне поволната стратешка положба на Аполонија, и особено што пристаништето се наоѓало во внатрешноста, што значи дека тој подобро би можел да ја заштити својата флота, воопшто не изненадува што Филип одлучил своите операции против Скердилаида да ги започне токму со напад на овој град. Меѓутоа, тоа што мора да се истакне е дека со оглед на неформалните односи меѓу Рим и Аполонија, нема потреба нападот (односно планот за напад) на Филип да се протолкува како непријателски чекор директно насочен против Републиката.

Изгледа дека дури ни Римјаните оваа акција на Филип не ја протолкувале како очигледен анти-римски чекор. Имено, од Ливиј дознаваме дека на патот кон Ханибал, Ксенофан бил пресретнат од римска патрола и одведен кај преторот Валериј Лајвин. Ксенофан успеал да се извлече со изговор дека всушност патува кон Рим, со цел да склучи сојуз меѓу Филип и Римјаните, а воодушевениот Лајвин му дозволил да

[1] *pace* HAMMOND 1968: 17 n.59.

го продолжи својот пат.[1] Иако епизодата е најверојатно аналистичка измислица, сепак е важна бидејќи овозможува да согледаме какво било римското видување за дејствата на Филип во 216 г. ст.е. Имено, доколку нападот, односно обидот за напад, на Аполонија бил протолкуван како отворен и недвосмислен непријателски акт, ниеден римски читател не би можел да поверува во приказната дека Лајвин навистина се надевал на сојуз со Филип.[2]

Според тоа, врз основа на расположливите извори и непосредните дејства на засегнатите страни, би можело да се заклучи дека иако Филип навистина планирал напад на Аполонија, тоа попрво претставувало увод и стратешка и логистичка неопходност за понатамошна борба против Скердилаида, а не за војна против Рим. Затоа, одлуката на Филип да се повлече веднаш штом разбрал за приближувањето на римската ескадра, можеби не била мотивирана само од воени, туку и од политички причини – во тој момент тој едноставно не сакал да влезе во судир со Рим.

Се разбира, ваквиот заклучок не смее да се одведе во спротивната крајност. Филип не бил ниту наивен, ниту неинформиран владетел,[3] кој без размислување и под влијание на Деметриј од Фарос тргнал да ја освојува Илирија, без при тоа воопшто да ги земе предвид можните последици. Напротив, фактот што тој пред воопшто да се упати кон Аполонија чекал известување за положбата на римската флота, јасно покажува дека тој бил сосема свесен за тоа дека неговите акции ќе го одведат во области што влегувале во римската сфера на интерес. Но, и ова не значи дека тој планирал или пак очекувал војна со Рим.[4] Неговата постапка во основа не била ништо поразлична од случаите кога Деметриј II и Антигон Досон склучувале сојузи со одредени градови на Крит, што традиционално влегувал во лагидската сфера на влијание; од експедицијата на Антигон Досон во Карија, на територија што претходно била во селевкидската сфера на влијание; и особено од освојувањата на Антиох III по 200 г. ст.е. на градови и територии што до неодамна му припаѓале на Филип V. Ниту еден од овие случаи не довел до отворена војна меѓу засегнатите страни. Едноставно станувало збор за типично однесување во хеленистичкиот период, кога една држава го искористувала моменталното слабеење на друга држава и навлегувала на територии што претходно влегувале во нејзината сфера на интереси или контрола. Со оглед на презафатеноста на Римјаните со Ханибал, особено по поразот кај Трасименското езеро, Филип сосема очекувано претпоставил дека тие нема да бидат во можност да интервенираат во Илирија, каде и онака воопшто не ни имале ниту еден директен поданик.

---

[1] Liv., xxiii.33.6-8.
[2] *cf.* Gruen 1984: 375 n.92; Eckstein 2008: 84.
[3] *v. Syll.*$^{3}$ 543 за степеност на информираност и познавање на римската историја.
[4] *v.* Gruen 1984: 375.

Исто така, ова не значи и дека Филип неочекувано и несреќно бил втурнат во војна против Рим само заради проблемот со Скердилаида. Нападот од Скердилаида претставувал почетниот импулс и повод, но со оглед на подготовките и понатамошните дејствија, нема сомневање дека Филип планирал, ни повеќе ни помалку, освојување на Илирија. Колку ова се должело на советите и влијанието на Деметриј од Фарос не може со сигурност да се каже. Меѓутоа, фактот што и по 214 г. ст.е. кога Деметриј загинал, Филип ги продолжил операциите во Илирија со несмален интензитет, упатува на заклучок дека без разлика кој бил иницијаторот, тој целосно ја прифатил оваа идеја.[1]

Во основа, тој се обидувал да го постигне тоа што само за миг му успеало на Касандар, кој сепак по претрпените порази мудро се повлекол. За тоа кои биле мотивите што го воделе Филип кон започнување на една нова и нетрадиционална политика кон Илирија, може само да се спекулира. Колку и да претставувал закана, Скердилаида бил само дел од проблемот и не е веројатно дека тоа е единствената причина за отпочнувањето на една нова и ризична политика.[2] Можеби Филип оценил дека дошол мигот за конечно и дефинитивно разрешување на проблемот со Илирите, кои толку долго им задавале непријатности на македонските владетели. Ова е можеби до толку поверојатно ако се земе предвид дека дотогашниот пристап и на Деметриј II, и на Антигон Досон и на самиот Филип не вродил со мир и стабилност на илирската граница. Напротив, бидејќи Римјаните одлучиле да не воспостават директна и цврста контрола, состојбата во Илирија станала уште похаотична, при што секој династ кој бил во можност, водел своја засебна политика. Во такви околности, дури и да сакал, Филип не можел по дипломатски пат да го разреши илирскиот проблем.

Исто така, се чини веројатно дека одредена улога играла и личната амбиција, односно желбата да се надмине неговиот славен претходник Филип II, кој како што е добро познато му бил идол и се обидувал да го подражава.[3] Имено, и покрај сите

---

[1] Како показател за тоа дека илирската програма била прифатена пред сè во корист на Деметриј од Фарос се зема една одредба од договорот меѓу Филип и Ханибал каде се истакнува дека териториите што своевремено ги контролирал ќе му бидат вратени на Деметриј (Polyb., vii.9.14). Меѓутоа, во овој случај станува збор за небрежно читање на изворот, што за жал е прифатено од повеќето современи историчари. Полибиј едносатвно вели ἀποδώσουσι δὲ καὶ Δημητρίῳ τῷ Φαρίῳ τοὺς οἰκείους πάντας, οἵ εἰσιν ἐν τῷ κοινῷ τῶν Ῥωμαίων; а ова не ни дава за право да сфатиме дека подразбира и враќање на териториите што своевремено тој ги контролирал. Со други зборови, оваа клаузула од договорот не може да се земе како показател за тоа дека било планирано Деметриј повторно да добие независна власт во Илирија. *cf. HCP II*: ad loc.; Badian 1952: 87.

[2] Errington 1990: 191, со право се прашува, дури и ако Рим воопшто не бил дел од целиот проблем, колку овој пристап на Филип бил оправдан со оглед на големите ризици и потешкотии што му стоеле на патот.

[3] Интересот за Филип и Александар, иако делумно се должел на официјалната политика на Антигонидите, кои тврделе дека се во сродство со Аргеадите (*v.* Edson 1934), во случајот на Филип V несомнено се должел и на личната заинтересираност за животот на неговиот славен истоименик. Фотиј забележува дека во текот на војната против Рим, Филип подготвил скратено

успеси, Филип II никогаш не успеал, зашто најверојатно не се ни обидел, да ги стави под непосредна контрола Илирите што живееле на крајбрежјето. Да се постигне нешто што не му пошло од рака на ниту еден македонски крал, вклучувајќи го и големиот Филип II, секако би претставувало триумф достоен за младиот крал кој веќе ги докажал своите таленти во текот на Сојузничката војна. Во секој случај, без разлика кои биле мотивите на Филип, тоа што произлегува релативно јасно од неговите постапки во овој период е дека неговата цел била Илирија,[1] а не само териториите под римско влијание. Ваквата цел несомнено би го принудила Филип да ги освои, па дури и да го започне своето освојување токму од овие територии; но повторно, тоа не било од причина што тие влегувале во римската сфера на влијание, туку поради нивната стратешка важност за понатамошната експанзија во Илирија. Поедноставно кажано, териториите на римските *amici* не биле цел на Филип поради фактот што тие биле римски *amici*, туку поради тоа што контролата над нив била неопходна заради експанзијата во Илирија. Во таа смисла, елиминацијата на римското влијание во Илирија би било спореден ефект од освојувачките планови на Филип, а не и главна причина за отпочнувањето на новиот пристап.

Непотребно е да се каже дека ваквата реконтрукција во голема мера е исто толку субјективна, а со тоа и отворена на критики, колку и секоја друга понудена претпоставка за плановите и мотивите на Филип. Впрочем една од најтешките и најнесигурни задачи во историјата е да се одгатнат личните мотиви од кои биле водени личностите. Па сепак, ми се чини дека во целиот проблем еден интересен факт е целосно игнориран, а тоа е судбината на Партините и Атинтаните во овој период. Имено, доколку Филип се стремел единствено кон елиминација на римското присуство на Балканот, со оглед на стратешката важност на Партините и Атинтаните при евентуалната заштита на државата од напад од север или запад, би очекувале да ги отпочне своите освојувања токму во овие области. Затоа и не изненадува што кога конечно ќе започне првата војна со Рим, Филип многу брзо ќе дејствува токму во тие краишта. Фактот што тој прво решил да се впушти во една поморска кампања, несомнено покажува дека првата цел не биле Римјаните, против чија флота тој бил сосема немоќен, туку Скердилаида и неговите опасни лемби.

Доколку понуденава реконструкција е точна, тогаш и сликата за Филип V суштествено се менува. Некој би можел да забележи дека разликите се минимални и

---

издание од историјата на Теопомп, во кое биле содржани сите податоци за владеењето на Филип II (*Bibl.*, p.121a.35).

[1] Дури и Полибиј јасно кажува дека непосредната цел на Филип била освојувањето на Илирија (Polyb., v.108.4). Се разбира тој тоа го толкува како резултат на влијанието на Деметриј од Фарос, и како прв чекор во борбата за светска власт. Меѓутоа, фактот што толкувањата на Полибиј се искривени поради неговата субјективност и омраза кон Филип и Деметриј, не значи и дека неговиот основен заклучок не е точен.

повеќе се прашање на нијанси, а не на суштина. Навистина, никој не може да одрече дека Филип навистина бил агресивен и воинствен владетел со изразени експанзионистички планови. Па сепак, голема е разликата меѓу Филип кој небрежно и избрзано ја фрлил Македонија во војна против Рим; и Филип, кој се стремел кон освојување на Илирија, пред сè поради зачестените проблеми на границата и потенцијалната опасност од Скердилаида. Всушност, со оглед на зголемената агресивност на Илирите во последната деценија, и фактот што римските интервенции не само што не ставиле крај на ваквото однесување, туку поради одлуката да не воспостави директна контрола, само внеле дополнителен хаос во целата ситуација, агресивното решение на Филип веројатно и не е толку несфатливо како што би можело да изгледа на прв поглед.

Но, плановите и замислите се една работа, а практичното исполнување нешто сосема друго. Проблемот се појавил кога спротивно на очекувањата, Римјаните покажале дека сепак не се до тој степен незаинтересирани за состојбите во Илирија. Испраќањето на само 10 пентери секако е знак за желбата на Рим да се инволвира што е можно помалку во Илирија, особено во момент кога Ханибал бил на врвот на својата моќ. Но, Филип тоа веројатно не го сфатил така. Од негова гледна точка станало јасно дека не само освојувањето на Илирија, туку и борбата со Скердилаида ќе предизвика реакција во Рим. Иако војната сè уште не била неизбежна, интересите на двете држави сè повеќе непосредно се вкрстувале. П. Кабан со право заклучува дека „овој неуспешен поход означува вистински пресврт во македонската надворешна политика, што станува анти-римска.“[1] И навистина, нема да мине долго време пред Филип конечно да го преземе одлучувачкиот чекор што и дефинитивно ќе го смести во таборот на римските непријатели.

Иронијата и трагедијата во целата ситуација е во тоа што дејствијата на Филип, а со тоа и војната со Рим, во голема мера се резултат на римската одлука да не се воспостави директна и цврста контрола над областите во кои дејствувале легиите во претходната деценија. Би можело да се претпостави дека во тој случај, ниту Деметриј и потоа Скердилаида не би ја имале таа слобода на дејствување, а и Филип не би се осмелил толку лесно да се впушти во војна против Римјаните. Но, така како што стоеле работите, ситуацијата во Илирија била мошне нејасна и можела да се протолкува на повеќе начини – за Римјаните, двете интервенции и фактот што биле склопени неформални пријателства со низа заедници во Илирија, веројатно бил доволно јасен показател дека тие области ги сметаат за своја сфера на интерес и влијание, каде нема да дозволат издигнување на друга сила; за Филип пак, фактот што Римјаните се повлекле без при тоа да оставаат гарнизони или барем јасно дефинирани формални

[1] Кабан 1996: 210.

односи со споменатите заедници, бил јасен показател дека Илирија е ничија земја, каде слободно може да си ја проба среќата. Иако, како што наскоро ќе биде покажано, одговорноста на Филип за избувнувањето на првата војна со Рим во никој случај не смее да се маргинализира, сепак истовремено се добива впечаток дека една од главните причини се крие во различниот светоглед на Филип од една, и Римјаните од друга страна.

## II. I Македонска војна[1]

Иако од своја страна Филип се потрудил да избегне директен судир со римската флота, а римскиот одговор бил мошне благ и ограничен, станувало јасно дека неизвесната ситуација во Илирија полека се движи кон ескалација. Ова се должело на фактот што младиот крал и покрај неуспехот во 216 г. ст.е., не бил подготвен да се откаже од своите амбиции во Илирија. Од современа дистанца Филип би можел да се обвини што, наместо да се задоволи со тоа што избегнал војна со Рим и да се посвети на други проблеми, тврдоглаво опстојувал на плановите за освојување на Илирија, со што, како што ќе покажат настаните, ја запечатил судбината на своето кралство. Но, ваквата критика е издражана само од денешен аспект. Иако за момент избегнал судир со Рим и иако станало јасно дека Римјаните се подготвени доколку е неопходно да интервенираат, со оглед на состојбата во Италија, Филип немал причина да верува дека Римјаните ќе бидат во можност да испратат сериозна воена сила. Имено, иако немаме директни информации, се чини дека воден од настаните во Италија, Филип проценил дека дури и да дојде до војна со Рим, ризикот за Македонија и неговите илирски планови би бил минимален. Зашто, токму во 216 г. ст.е., кај Кана Ханибал им го нанел најтешкиот пораз на Римјаните во II Пунска војна, и доколку му веруваме на Ливиј, дури по оваа битка Филип проценил дека Рим е на раб на пораз.[2] Овој пат, пред да премине во офанзива, Филип се потрудил да преземе и дипломатски чекори со што би му била олеснета задачата, па така, во 215 г. ст.е., склучил сојуз со Ханибал.

*Месенија.*[3] Иако спаѓаат во истата година, ми се чини дека пред вниманието целосно да биде свртено кон сојузот со Ханибал и војната со Рим, полезно би било прво да се спомене, тоа што ќе се покаже како последна интервенција на Филип во Хелада, а при тоа Рим да нема никаква улога во неговите постапки.

---

[1] Ниту еден антички извор овој судир не го нарекува I Македонска војна. Напротив, војната што во современата наука се нарекува II Македонска, кај Флор (i.23) е забележана како bellum Macedonicum primum. Иако Ливиј споменува започнување на војна со Филип во 215 г. ст.е., не дава и официјално име на војната. Според тоа Bickerman 1945: 137 n.1, веројатно е во право кога претпоставува дека македонската интервенција попрво била сфатена како дел од II Пунската војна. *contra* Eckstein 2008: 93 n.57, кој претпоставува дека војната би била наречена bellum Macedonicum или bellum adversus Philipum. Меѓутоа, изворите што ги наведува се однесуваат на II Македонска војна, за која нема сомнеж дека била наречена bellum Philippicum. Иако овој проблем попрво може да се сфати како академска педантерија што не менува многу, верувам дека именувањето на војната не е безначајно при обидот да се одгатне видувањето на современиците. Во секој случај, традиционалниот наслов I Македонска војна го задржувам за да се одбегнат непотребни компликации и нејаснотии во текстот.

[2] Liv., xxiii.33.4. *cf.* Just., xxix.4.1. *v.* Дополнување (5).

[3] Извори за оваа епизода се Polyb., vii.10-14, viii.8; Plut., *Arat.*, 49.2-51.2.

Имено, најверојатно во 215 г. ст.е.,[1] набрзо по склучувањето на сојузот со Ханибал, во Месенија дошло до внатрешни немири и борба меѓу владеачката групација и народните маси. Во таа прилика и Филип, како хегемон на Симахијата, и Арат се упатиле кон градот, но кралот пристигнал еден ден порано и почнал да ги поттикнува и двете страни да заземат одлучен и цврст став кон противниците. Како последица на тоа, во градот дошло до вооружени судири што резултирале со масакрирање на владеачката групација заедно со околу 200 нивни подржувачи. Дури следниот ден во градот пристигнале Арат Постариот и Арат Помладиот, кои веднаш го искажале своето незадоволство од развојот на ситуацијата, при што особено Арат Помладиот си дозволил мошне остро да му се обрати на кралот. Филип мирно ги примил навредите од Арат Помладиот и потоа во придружба на ахајските државници се упатил кон Итома, за да принесе жртви. Во оваа прилика доаѓа до последната дискусија меѓу Деметриј од Фарос и Арат Постариот. Имено, Деметриј го поттикнувал Филип да остави гарнизон во цитаделата, и со тоа да ја зацврсти контролата над Пелопонес, додека пак Арат, чиј совет на крајот и надвладеал, го советувал да се потпре на добрата волја на жителите.

За момент слогата меѓу Филип и Арат повторно била воспоставена, но тоа било само привид. Според Плутарх, од тој период Арат почнал да се повлекува и да го избегнува дворот на Филип, а ова станало сосема очигледно кога ја одбил поканата да го придружува кралот во походот против Аполонија.[2] Се разбира ваквото видување се должи на пристрасноста на Полибиј, кој несомнено го преувеличувал влијанието и угледот на Арат. Вистината е дека по пресметката со старите советници, значењето и влијанието на Арат несомнено опаднале и дури и тој навистина да ја одбил поканата од Филип, ништо не упатува на заклучок дека кралот бил нешто посебно вознемирен од тоа.

Меѓутоа, работите во Месенија очигледно не се одвивале така како што Филип се надевал. Тој се чини сфатил дека го прифатил погрешниот совет и сега бил решен да ја поправи грешката. Затоа го испратил Деметриј да се обиде со ноќен и неочекуван напад да ја освои цитаделата. Меѓутоа, не само што нападот пропаднал, туку во битката загинал и Деметриј,[3] неговиот најважен советник во изминатите неколку години. Кога станало јасно дека не може да ги освои градот со цитаделата, Филип

---

[1] За датумот *v.* WALBANK 1940: 299f; *HCP II*: 56f. HAMMOND 1988: 396, претпочита да го датира првиот инцидент во 214 г. ст.е., што исто така не може да се исклучи. Прашањето е оставено отворено кај NIESE 1899: 471 n.2 и HOLLEAUX 1921: 197 n.4.

[2] Plut., *Arat*., 51.1.

[3] Polyb., iii.19.11. Збркан приказ на нападот кај Paus., iv.29.1-5, 32.2. Верзијата сочувана кај Апијан (*Ill*., 8) и Зонара (viii.20) за смртта на Деметриј по враќањето во Илирија во обид повторно да ја преземе власта може слободно да се игнорира.

презел еден разурнувачки поход низ Месенија во кој ништо не било поштедено.[1] Како резултат на тоа, месенските власти го свртеле грбот на Филип и Симахијата и наскоро склучиле сојуз со Ајтолците.[2]

Ваков бил епилогот од последната интервенција на Филип во Хелада, пред проблемот со Рим да го заземе централното место во неговата политика.[3] Иако сами за себе последиците од интервенцијата долгорочно не се од голема важност, сепак некои аспекти од епизодата залужуваат да бидат продискутирани. Прво, од приказот, таков каков што е кај Полибиј и Плутарх, се стекнува впечаток дека Филип во обид да ги освои симпатиите на народните маси, одлучил да ги жртвува интересите на владеачкиот слој. Ваков е барем заклучокот на Ф. Волбанк, во чие дело провејува идејата за Филип кој од пријател и заштитник на владеачките слоеви, постепено се придвижувал кон народните маси, за во некоја смисла да заврши како екстремен демагог.[4] Меѓутоа, приказот за тоа како Филип тајно ги поттикнувал двете страни на меѓусебна борба е мошне сомнителен. Н. Хамонд дава мошне веројатна претпоставка дека народните маси претпоставиле дека Филип доаѓа на помош на владеачкиот слој и токму тоа ги предизвикало на брза и насилна реакција.[5] Како што истакнува, со оглед на чувствителноста на месенското прашање и сè посилното незадоволство во Ајтолија од мирот во Навпакт, не е веројатно дека Филип би сакал дополнително да ја искомплицира ситуацијата во Месенија, а со тоа и да создаде повод за евентуално избивање на нова војна во Хелада.[6] Што е уште поважно, во анализа на повеќето познати епизоди од владеењето на Филип, Е. Груен убедливо докажува дека кралот не водел доследна демагошка политика, туку опортунистички неговите одлуки биле донесувани врз основа на моменталната ситуација.[7] Во таа смисла, погрешно би било во кариерата на Филип да се бара некаква постепена, но постојана преобразба од заштитник на владеачките слоеви во екстремен демократ.

Вториот мошне интересен аспект од овој инцидент е тоа што, барем според Полибиј, токму од овој момент доаѓа до *metabole*, односно целосна преобразба во карактерот на Филип, кој од миленик на Хелада, ќе стане еден од најомразените и

---

[1] *v.* Walbank 1940: 78 n.4.
[2] Polyb., ix.30.6. Иако Полибиј зборува за сојуз во контекст на настаните од 210 г. ст.е., сосема е можно тој да бил склучен некое време претходно. *v. HCP II*: ad loc. Но, *v.* Grainger 1999: 302, кој со право истакнува дека ниту еден извор не ја поткрепува претпоставката дека сојузот бил склучен набрзо по пустошењето на Месенија.
[3] Анализа на оваа епизода кај Freeman 1893: 444ff. (главно бескорисен со оглед на тоа што авторот во потполност го следи прегледот на Полибиј); Holleaux 1930: 120ff.; Walbank 1940: 72ff., 77ff.; *HCP II*: 57, 59f.; Hammond 1988: 396ff.
[4] Walbank 1940: *passim*; *cf. HCP II*: 57.
[5] Hammond 1988: 396f.
[6] Hammond 1988: 397.
[7] Gruen 1981.

најсурови тирани.[1] Непотребно е да се каже дека оваа слика за Филип што провејува низ делото на Полибиј е крајно субјективна и најблаго кажано, проблематична. Ваквиот приказ за промената во карактерот на Филип не е мотивирана исклучиво од презирот и омразата на Полибиј кон македонскиот крал, туку веројатно уште повеќе од потребата истовремено да се заштити и воздигне Арат. Зашто од една страна, се истакнува позитивниот ефект од влијанието на Арат врз Филип, а од друга се заштитува, зашто тој не соработувал и не го советувал крволочниот тиранин во што Филип подоцна ќе се преобрази, туку кроткиот и мошне надежен млад крал. Се разбира само по себе ова не значи дека заклучокот на Полибиј не е возможен или пак погрешен, но сепак принудува на секоја епизода каде гневот и суровоста на Филип доаѓаат до израз да се приоѓа одделно без однапред да се зема предвид анализата на ахајскиот историограф. Во таа смисла, Н. Хамонд е сосема во право кога истакнува дека осудата на Полибиј и Плутарх во основа е беспредметна, со оглед на тоа што масакрот врз владеачкиот слој во Месенија бил извршен од народните маси, а не од Филип.[2] Впрочем, доволно е да се потсети на примерите на крајна суровост при граѓанските пресметки во полисите прикажани во делото на Тукидид, за да стане јасно дека Месенците можеле и без било каков поттик од Филип да се пресметаат меѓу себе. Во таа смисла, инцидентот во Месенија е само уште еден во низата примери за жестокоста на внатрешните борби што биле карактеристични низ целата историја на Хелада.

Со оглед на употребената терминологија, како уште еден пример за промената во карактерот на Филип е пустошењето на Месенија, најверојатно во 213 г. ст.е.[3] Постапката ја осудуваат и М. Оло и Ф. Волбанк, иако се разбира, повеќе од практични и политички причини одошто од морални како што прави Полибиј.[4] Според Ф. Волбанк, иако мора да се остави место за претпоставката дека Полибиј дава претерана и преувеличена слика за постапките на Филип, сепак неодамнешните сериозни неуспеси - катастрофата кај Аполонија и Орик, како и смртта на верниот Деметриј - воедно и први во владеењето на младиот крал, создале гнев и фрустрација што ги истурил врз Месенците. Како што ќе покажат постапките на Филип во 202-200 г. ст.е., тој навистина покажувал невообичаена суровост и одмаздољубивост кога неговите планови завршувале со неочекуван неуспех и доколку тоа би било сè што може да се каже за овој инцидент, овој заклучок би можел да се прифати. Меѓутоа, дури и

[1] Polyb., vii.13.6-7. *HCP II*: ad loc. Plut., *Arat*., 49.1., 51.3-4.
[2] HAMMOND 1988: 397.
[3] Polyb., viii.8.4. *v. HCP II*: ad loc.; WALBANK 1940: 78 n.4.
[4] HOLLEAUX 1930: 122f.; WALBANK 1940: 78f.

Полибиј е принуден да признае дека некои историографи всушност ја одобрувале и бранеле одлуката на Филип.[1]

Всушност, поведени од анализата на Полибиј, современите историчари и овој пат проблемот го лоцираат на погрешно место. Имено, пустошењето на Месенија очигледно е одговор на неуспешниот напад на Деметриј и веројатно политичкото свртување на Месенија кон Ајтолија. За жал, изворите не даваат детали за состојбите во Месенија по инцидентот на Итома, така што тешко е да се каже кои биле причините што го навеле Филип да го одобри нападот на Деметриј. Се разбира, сосема е возможно дека станувало збор за погрешна политичка процена, но исто така е возможно дека новата владеачка групација уште од самиот почеток била про-ајтолски ориентирана. Ова станува до толку поверојатно ако е точна претпоставката дека Филип, при првата интервенција доаѓал на помош на актуелната владеачка група, која на крајот, како што се покажало, бил немоќен да ја заштити. Во ситуација кога воинствената странка во Ајтолија повторно била во издигнување,[2] и сеќавајќи се дека политиката на попустливост во Спарта пред почетокот на Сојузничката војна, имала ефект целосно спротивен од посакуваниот, сосема е возможно Филип да проценил дека е неопходно да ја преземе контролата на Итома. Како што кажав, ова се само спекулации и со оглед на молкот во изворите, ништо не може со сигурност да се заклучи. Меѓутоа, со оглед на целосната посветеност на плановите во Илирија, и склучувањето на сојузот со Ханибал, одлуката да се освои Итома на препад несомнено била мотивирана од силни причини и проценки, за нас веќе непознати, а не од едноставна превртливост и корумпираност на кралот.

Според тоа, без разлика кои биле причините, по неуспехот на Деметриј маските несомено биле фрлени и Филип пристапил кон отворена агресија.[3] Во таа смисла и одбраната на Филип од некои историографи станува многу појасна. Како што заклучува Н. Хамонд, пустошењето на непријателската територија била вообичаена појава во војните во Хелада со векови, а во оваа прилика Филип очигледно ја третирал Месенија како непостојан и нелојален сојузник.[4] Ваквото однесување на Филип е до толку поразбирливо доколку се потсети не само на примерот на Спарта, туку и на однесувањето токму на Месенците во Сојузничката војна. Имено, како што веќе беше прикажано, токму месенското прашање било јаболкото на раздор што директно ќе доведе до избувнување на Сојузничката војна. Во таа прилика и Ахаја и Македонија се

---

[1] Polyb., viii.8.4. Се разбира, според Полибиј овие автори не ни заслужуваат да се наречат историографи, туку попрво автори на панегирици (viii.8.5-6). Меѓутоа, со оглед на пристрасноста на Полибиј кога е во прашање Филип и воопшто состојбите на Пелопонес, неговиот заклучок нема посебна тежина.
[2] *cf.* Holleaux 1930: 119; Walbank 1940: 72f.
[3] Теоријата на Полибиј (viii.8.2) дека и по нападот на Деметриј, Филип верувал дека Месенците му биле благонаклонети е апсурдна.
[4] Hammond 1988: 397.

судриле со Ајтолците поради барањето на Месенија да биде вклучена во Симахијата; но кога веќе започнала војната, тие одбиле да земат активно учество сè додека не бидат исполнети одредени гео-стратешки предуслови. Ваквото однесување секако не давало повод за доверба во Месенците. Згора на тоа, само неколку години по нападите од Скердилаида, опасноста од своеволно отцепување на уште една членка на Симахијата секако била преголем ризик за Филип да го игнорира. Земени од овој апсект, постапките на Филип се многу поразбирливи и се далеку од едно ирационално, бесно и неоправдано однесување. Навистина, на крајот тие нема да вродат со плод, но ако ништо друго, како и во случајот на Скердилаида, Филип покажал дека нема намера пасивно да гледа од страна и да толерира отцепување на членките на Симахијата.

Како продолжение и епилог на оваа епизода може да се земе смртта на Арат во 213 г. ст.е. Изолиран и отфрлен од Филип, умрел убеден дека е жртва на младиот крал. Иако му бил приреден херојски погреб, а неговата смрт била оплакувана од Ахајците,[1] неизбежен е впечатокот дека на крајот неговата политика претрпела целосен неуспех, а тој од поборник и борец за ослободување на Хелада од Антигонидите завршил како отфрлен лакеј на македонскиот крал. За својата судбина тој можел да се обвинува само себе си и никој друг, зашто во момент кога значителен дел од Ахајците биле подготвени да преговараат со Клеомен III, желбата за власт и зачувување на постојниот поредок надвладеале кај Арат, кој поради тоа бил принуден судбината на сојузот да ја стави во рацете на Антигон Досон. Без разлика на сите панегирични обиди на Полибиј да се оправдаат постапките на Арат и истовремено да се докаже дека тој играл клучна улога во кроењето на македонската политика на Пелопонес, нема сомневање дека од моментот кога Антигон Досон стапнал на полуостровот, ахајскиот државник станал само уште еден советник на македонскиот крал и ништо повеќе од тоа.

Наскоро по неговата смрт умрел и неговиот истоимен син, по што Филип ја одвел неговата жена Поликратеја во Македонија. Се разбира веднаш почнале да кружат гласини дека таткото и синот биле отруени од Филип, што со оглед на одведувањето на Поликратеја и не изненадува.[2] Па сепак, со оглед на подоцнежната репутација на Филип и непријателскиот однос на Полибиј, во ситуација кога нема повеќе информации, најдобро е ова прашање да се остави отворено. Ова не значи дека Филип можеби не бил одговорен за нивната смрт, но исто толку е веројатно дека тие умреле од природни причини.

---

[1] Polyb., viii.12.7-8.
[2] Polyb., viii.12; Plut., *Arat.*, 52, 54; Liv., xxxii.21.23. Како што заклучува Hammond 1988: 398 n.1., редоследот на настаните кај Ливиј покажува дека Филип ја одвел Поликратеја по смртта на Арат Помладиот.

## II.1. Филип и Ханибал

*Ксенофан.* Иако овие случувања на Пелопонес не биле безначајни,[1] сепак последиците бледнеат во споредба со една друга случка од 215 г. ст.е. Тешко може да се најдат слични примери низ историјата, каде случајноста одиграла толку значајна улога, како во овој инцидент, а последиците биле толку кобни за македонскот кралство, а со тоа индиректно и за сиот хеленистички свет. Секако, станува збор за заробувањето на атинецот Ксенофан Клеомахов, пратеникот на Филип, и картагинските пратеници. Случката е детално раскажана од Ливиј.[2] Веќе беше споменато дека, барем според Ливиј, Ксенофан еднаш бил заробен од римските патроли, но успеал да се извлече со тоа што изјавил дека всушност оди во Рим со цел да понуди сојуз со Филип. Откако на овој начин го измамил Валериј Лајвин, минувајќи низ Кампанија, Ксенофан стигнал до Ханибал, кој ја прифатил понудата на Филип.[3] Останувало само уште кралот да го ратификува сојузот. Затоа, при враќањето Ксенофан бил придружуван од картагинските пратеници Гисгон, Магон и Бостар. Во почетокот сѐ течело според планот и пратениците успешно стигнале до бродот што бил сокриен близу храмот на Јунона Лакинија. Но, кога бродот се упатил кон отворено море, наеднаш бил забележан од римските бродови што патролирале по брегот на Калабрија. Откако увиделе дека обидот да ги избегнат римските бродови нема изгледи за успех, пратениците се предале. Ксенофан уште еднаш се обидел да ја искористи истата итрина, и иако за момент се чинело дека ќе успее, облеката и акцентот на картагинските пратеници конечно го откриле нивниот идентитет. Да бидат работите уште полоши, наскоро било откриено и писмо од Ханибал наменето за Филип. Тогаш Римјаните конечно ги сфатиле намерите и целите на македонскиот крал.

*Одредби и значење.* На наша среќа, одредбите од договорот се сочувани кај Полибиј, кој ги пренесува *verbatim*.[4] Каде Полибиј успеал да го види договорот не е до крај јасно, но тоа на крајот и не е толку важно.[5] Врз основа на јазикот и

---

[1] Дека значењето на овие настани не треба да се преценува говори и фактот што некои историографи воопшто и не ги спомenale во своите прикази (Polyb., viii.8.3).
[2] Liv., xxiii.33-34.9.
[3] Од приказот на HALLWARD 1930: 61, се стекнува впечаток дека авторот претпоставуа дека сојузот бил склучен на иницијатива на Ханибал. Сличен став своевремено имал и HOLLEAUX 1921: 182 n.4, иако подоцна го менува мислењето и иницијативата му ја доделува на Филип (HOLLEAUX 1930: 119). Како што истакнува WALBANK 1940: 71 n.4, сојузот бил толку корисен и за двете страни, што тешко е да се каже кој бил иницијаторот.
[4] Polyb., vii.9. Верзиите сочувани кај Liv., xxiii.33.9-12; App., *Mak.*, 1; Zon. ix.4.2-3, очигледно се преувеличани и не заслужуваат ни малку внимание. *v.* ERRINGTON 1989: 97f.
[5] Повеќето историчари претпоставуваат дека станува збор за копијата што Римјаните ја заплениле од Ксенофан, меѓутоа ERRINGTON 1989: 96, веројатно со право се прашува дали можеби не станува збор за копија од договорот што Римјаните ја нашле во 168 г. ст.е. во кралската архива, а Полибиј ја видел благодарение на пријателството со Скипион Ајмилијан.

фразеологијата, очигледно е дека станува збор за превод на пунската верзија од договорот.[1] Што се однесува пак до содржината, Ф. Волбанк несомено е во право кога заклучува дека, значењето на документот попрво лежи во тоа што не е споменато.[2] Тоа што веднаш паѓа во очи е дека во договорот нема конкретни одредби за непосредно содејство. Имено, по првичната инвокација на божествата,[3] најголемиот дел од договорот се состои од одредби вообичаени при склучување на секој сојуз – наведување на членките опфатени во сојузот, генерални одредби за ненапаѓање и меѓусебна искреност, и договор за взаемна помош во случај на војна на еден од потписниците со некоја трета страна. Дури кон крајот се споменуваат неколку одредби што се однесуваат на тековната војна меѓу Рим и Картагина, и евентуалната улога на Филип во конфликтот.

Првата одредба се однесува на статусот и евентуалната улога на Филип во војната: ἔσεσθε δὲ καὶ ἡμῖν <σύμμαχοι>[4] πρὸς τὸν πόλεμον, ὅς ἐστιν ἡμῖν πρὸς Ῥωμαίους, ἕως ἂν ἡμῖν καὶ ὑμῖν οἱ θεοὶ διδῶσι τὴν εὐημερίαν. βοηθήσετε δὲ ἡμῖν, ὡς ἂν χρεία ᾖ καὶ ὡς ἂν συμφωνήσωμεν.[5]

Како што може да се забележи, оваа одредба,[6] единствена во целиот договор што се однесува на тековната војна, се состои од два дела: прво, дека Филип и неговите сојузници ќе бидат сојузници на Картагина, односно Ханибал,[7] во војната против Рим; и второ, предвидува можна непосредна соработка во текот на војната. Посебно значење има вториот дел, околу кој очекувано се понудени различни толкувања. Така, Б. Нисе и Г. де Санктис, веруваат дека оваа одлука не подразбира и испраќање на македонски сили во Италија.[8] Од друга страна, иако прифаќа дека одредбата е мошне неодредена и празна, А. Екстин истакнува дека тоа не ја исклучува и евентуалната

---

[1] Јазична анализа на договорот кај Bickerman 1944.
[2] Walbank 1940: 71. Анализа на договорот кај Holleaux 1930: 119f.; De Sanctis 1917: 407; Niese 1899: 467; *HCP II*: 42ff.; Errington 1989: 97f.; Hammond 1988: 393f.; Bickerman 1952.
[3] За листата на божества наведени во заклетвата, *v.* Barré 1983.
[4] За прашањето дали треба да се прифати формата ἔσεσθε, наместо ἔσεσθαι, и дали е неопходно додавањето на σύμμαχοι, *v.* *HCP II*: ad loc; Bickerman 1944: 100, кој истакнува дека емендациите се непотребни, зашто иако конструкцијата делува невообичаено за старогрчкиот јазик, во основа станува збор за невешт превод на пунскиот израз.
[5] Polyb., vii.9.10-11.
[6] Според Hallward 1930: 62 n.1, во македонската верзија од договорот паралелната клаузула би се однесувала на условите под кои Ханибал би преминал на Балканот за да му помогне на Филип. Ваквото толкување не е многу веројатно, зашто како што истакнува Ф. Волбанк (*HCP II*: 55), во тој случај таквата одредба несомнено би била вклучена и во пунската верзија. Напротив, со оглед на крајно скромниот придонес од македонска страна, се чини многу поверојатно дека за своите услуги Филип би бил компензиран од страна на Ханибал во текот на евентуалните преговори со Рим.
[7] Bickerman 1952, прилично убедливо докажува дека договорот го обврзувал лично Ханибал како заповедник на картагинската војска во Италија, но оваа заклетва најверојатно не била обврзувачка и за картагинската држава.
[8] Niese 1899: 467 n.3; de Sanctis 1917: 407.

инвазија на Италија од страна на Филип.[1] Во одредена смисла и двете гледишта не се докрај точни. Имено, од стриктно формален аспект, би можело да се каже дека нападот на Италија од страна на Филип, барем теоретски не е сосема исклучен; но, истовремено, мора да се истакне дека и не е многу веројатен и што е уште поважно би се случил само на повик на Ханибал.[2]

Фактот што во ниту една одредба конкретно не се дефинира непосредната соработка во текот на војната, сосема јасно покажува дека ни едната ни другата страна серизоно не размислувале за евентуално испраќање на македонски сили во Италија. Ваквата навидум изненадувачка ситуација се должи на две важни причини. Прво, како што заклучува Е. Бикерман, иако сојузници, Ханибал воопшто не бил заинтересиран и всушност не би ни сакал да добие непосредна македонска помош во Италија, зашто на тој начин би дозволил вклучување на Македонија во тоа што тој го сметал за своја ексклузивна сфера на интерес и влијание. Згора на тоа, евентуалното учество на македонски сили во операциите во Италија, би го трансформирале Филип од секундарен и пасивен сојузник во активен, со што и неговите права и улога при евентуалните мировни преговори несомнено би пораснале, односно тој би ја испуштил можноста самостојно да ја конципира политиката кон Рим.[3] Со оглед на сите жртви и сета енергија што ги имал вложено, ваквиот пристап на Ханибал е повеќе од разбирлив и очекуван. Ова пак не доведува до втората важна причина зошто со договорот не се конкретизирани евентуалните заеднички акции. Имено, со оглед на развојот на настаните и низата тешки порази што Римјаните ги претрпеле, очигледно е дека и Филип и Ханибал очекувале дека војната би можела да заврши во секој момент. Ова објаснува зошто повеќе внимание во договорот е посветено на повоената ситуација, а војната одвај попатно е спомената.[4]

Според тоа, иако не може да се каже дека со договорот целосно се исклучува можноста од испраќање на македонски сили во Италија, генералниот тон од договорот и неодреденоста на условите под кои би дошло до непосредна соработка, несомнено упатуваат на заклучок дека ни Филип ни Ханибал сериозно не размислувале за оваа можност. Според тоа, Ф. Волбанк секако е во право кога истакнува дека оваа клаузула не е од суштествено значење за договорот.[5] Целиот проблем правилно е сублимиран од од В. Адамс: The first thing to note is that no specific part of the treaty requires Philip to come to Italy, and it is clear that no such plans had been made as yet for the future. In fact, neither side ever invoked and probably never intended to invoke the mutual aid clause. The

---

[1] ECKSTEIN 2008: 85. *cf.* *HCP II*: 55.
[2] Правилно истакнато од Ф. Волбанк (*HCP II*: 55).
[3] BICKERMAN 1952: 15.
[4] Како што заклучува BICKERMAN 1952: 15, Hannibal, thus, paradoxically stipulated a general alliance for the future, but only a limited help for the present war.
[5] *HCP II*: 55.

rhetoric involving the invasion of Italy by Philip becomes *leitmotif* in Livy (used in the Second and Third Macedonian Wars as *casus belli* as well) and amounts to annalistic hysteria.[1]

Работите стануваат уште појасни од следната клаузула во договорот, според која во случај на мировни преговори, Ханибал се обврзува да ги заштити интересите на Македонија.[2] Ова потврдува дека картагинскиот војсководец немал никаква намера и интерес да дозволи Филип да прерасне во активен чинител при преговорите – за македонските интереси ќе се погрижи самиот Ханибал во мирот што ќе им го наметне на Римјаните. Што се однесува до конкретните услови, тие се мошне ограничени и се состојат од три одредби: прво, на Римјаните ќе им биде забрането да поведат војна против Македонија; второ, веќе нема да господарат со Коркира, Аполонија, Епидамнос, Фарос, Димале, Партините и Атинтаните;[3] и трето, пријателите на Деметриј ќе бидат ослободени.

Што се однесува до првата одредба, нема многу што да се каже - Филип едноставно се обидувал правовремено да се заштити од евентуално возобновување на римската агресија. Втората одредба е многу поинтересна, зашто покажува дека дури и во 215 г. ст.е., непосредните стратешки цели на Филип не биле областите и заедниците под римско влијание. Се разбира, во комбинација со првата одредба, очигледно е дека Филип барал, а Ханибал прифатил, потврда дека овие области влегуваат во неговата сфера на влијание, а со тоа и одврзани раце да се справи со нив како што самиот ќе одлучи.[4] Па сепак, барањето Рим да ги напушти своите пријатели на брегот, а при тоа да се не бара истите веднаш да му бидат предадени на Филип е мошне индикативно. Тој очигледно се надевал на искоренување на римското влијание од овие области, додека пак нивното освојување не било од примарно значење во блиска иднина. Доколку е ова точно, тогаш оваа одредба е уште еден индиректен показател дека за Филип, главната цел сè уште бил Скердилаида, а со договорот едноставно се надевал даке ќе добие гаранции за римско немешање во борбата со илирскиот владетел.[5]

Па сепак, токму врз основа на оваа клаузула, А. Екстин заклучува дека со договорот било предвидено на Деметриј да му бидат вратени поседите што ги загубил по II Илирска војна.[6] Вакво нешто воопшто не се споменува во текстот. Ова станува до толку појасно доколку се земе следната клаузула што се однесува токму на Деметриј:

---

1 ADAMS 1993: 48.
2 Polyb., vii.9.13-14.
3 μηδ᾽ εἶναι Ῥωμαίους κυρίους Κερκυραίων μηδ᾽ Ἀπολλωνιατῶν καὶ Ἐπιδαμνίων μηδὲ Φάρου μηδὲ Διμάλης καὶ Παρθίνων μηδ᾽ Ἀτιντανίας. За објаснување на ваквата формулација, *v.* претходното поглавје. *cf.* ERRINGTON 1989: 97.
4 *v.* Дополнување (6).
5 *cf.* ADAMS 1993: 50.
6 ECKSTEIN 2008: 84. *cf.* WALBANK 1940: 71.

ἀποδώσουσι δὲ καὶ Δημητρίῳ τῷ Φαρίῳ τοὺς οἰκείους πάντας, οἵ εἰσιν ἐν τῷ κοινῷ τῶν Ῥωμαίων.[1] Клучниот збор во целата реченица несомнено е οἰκεῖος, а прашањето е како точно да се сфати оваа придавка. Иако придавката може да има и значење на „личен имот/посед", таквата можност е исклучена во овој случај, зашто кога има такво значење придавката секогаш е во среден род,[2] а во конкретнава реченица очигледно е во машки. Од друга страна, истата придавка понекогаш има исто значење и со ὑπήκοοι и(ли) ἀρχόμενοι, односно може да има значење на поданик.[3] Мора да се признае дека во конкретнава реченица земена одделно од останатиот текст, ваквото значење е исто толку веројатно и логично, и се чини дека токму така е сфатено од Ј. Кромајер.[4] М. Оло Оло го отфрла ваквото толкување, но неговата аргументација дека нема ништо невообичаено во структурата на реченицата, па затоа нема ни потреба οἰκεῖος да се сфати како што предлага Ј. Кромајер,[5] воопшто не е убедлива. Според тоа, доколку толкувањето на Ј. Кромајер е точно, тогаш и заклучокот на А. Екстин несомнено е правилен. Во тој случај, токму договорот меѓу Филип и Ханибал е најдобар доказ за огромното влијание на Деметриј од Фарос над младиот крал, но и за амбициите на Филип. Но, убеден сум дека тоа не е така, а οἰκεῖοι најверојатно се однесува на пријателите и домашните на Деметриј кои очигледно биле интернирани по поразот и пребегнувањето на Деметриј кај Филип.[6] Верувам дека главниот аргумент зошто не може да се прифати претпоставката на Ј, Кромајер, а со тоа и на А. Екстин се крие во претходната реченица. Имено, меѓу заедниците чиј иден статус не е дефиниран, а едноставно се истакнува дека римското влијание (односно контрола доколку се следи фразеологијата од договорот) ќе биде искоренето, се споменуваат и Фарос и Димале. Меѓутоа, од изворите е сосема јасно дека токму Фарос и Димале биле главните бастиони на Деметриј, кој сета надеж за успех против Рим ја темелел токму на одбраната на овие градови. Според тоа, доколку се прифати толкувањето на Ј. Кромајер, последната реченица, во одредена мера е контрадикторна со претходната, и секако претставува непотребно комплицирање и обременување на договорот. Ако е предвидено дека Деметриј ќе ги добие назад поседите што своевремено ги контролирал, зошто истите се споменуваат во двете клаузули? Сосема е јасно дека во случај ако Фарос и Димале му припаднат на Деметриј, римското влијание би било

[1] Polyb., vii.9.14.
[2] *v. LSJ*[9], s.v. οἰκεῖος, 3.
[3] Papazoglu 2007 [1967]: 38.
[4] Kromayer 1909: 245.
[5] Holleaux 1921: 184 n.1.
[6] Bickerman 1952: 16, претпоставува дека станува збор за заложници земени по крајот на војната, но како што истакнува Ф. Волбанк, ваквата постапка не се споменува во изворите (*HCP II*: 55; Badian 1952: 87).

елиминирано, а соодветно би било непотребно истото да се истакне во претходната реченица. Затоа ценам дека наместо непотребно комплицирање, многу подобро и пологично е да се задржи очигледното значење на реченицата; односно дека станува збор за пријатели и роднини на Деметриј што биле одведени во Италија по завршувањето на II Илирска војна. Според тоа, и мислењето на А. Екстин мора да се отфрли. Со договорот се предвидува елиминирање на римското присуство во Илирија, и враќање на пријателите на Деметриј, но ништо повеќе од тоа.

Последните одредби од договорот се однесуваат на повоената ситуација, а очигледна е замислата офанзивниот сојуз, по завршувањето на војната да се трансформира во дефанзивен сојуз, при што меѓусебната помош би била обврзувачка не само во случај на евентуален напад од Рим, туку и од било која трета страна што не е вклучена во сојузот, односно веќе не е сојузник на еден од двата главни потписници.[1]

Бидејќи станува збор за автентичен документ, постигнат токму во критичните години, кога, како што ќе се покаже подоцна, се одлучувала судбината на Македонија, договорот е посебно важен при обидот за одгатнување на непосредните цели и намери на Филип. Како што можеше да се забележи, главнината од договорот се однесува на повоената ситуација, и во таа смисла попрво претставува рамка врз основа на што би можело да дојде до меѓусебна соработка.[2] Со оглед на моменталната состојба на теренот ова и не изненадува – по поразите кај Трасименското езеро и особено кај Кана, веројатно сите очекувале дека Рим наскоро ќе капитулира; ретко кој можел да помисли дека вистинското одмерување на силите тек допрва започнува.

Во таа смисла, барањата, односно условите на Филип, делуваат изненадувачки ограничени, особено ако се земе предвид тврдењето на Полибиј дека тој сонувал за светска доминација. Според Ф. Волбанк, минималните барања на Филип се должеле на фактот што во 216 г. ст.е. дошло до радикално и дефинитивно поместување во односот на силите – по фијаското кај Аполонија од една, и огромната победа на Ханибал кај Кана од друга страна, веќе никако не можело да стане збор Филип да биде рамноправен учесник во војната во Италија.[3] Ваквиот заклучок делува мошне разумно и прифатливо, но само под услов ако ја прифатиме идејата на Полибиј дека Филип бил опседнат со светска доминација и големи освојувања по примерот на Алескандар III. Меѓутоа, како што веќе беше покажано на претходните страни, ваквото мислење на Полибиј е најблаго кажано дискутабилно, а сосема веројатно и погрешно; напротив, постапките на Филип може да се сфатат и на друг начин, а неговите амбциозни планови во Илирија да се припишат на неочекуваното избувнување на непријателства со Скердилаида.

---

[1] Polyb., vii.9.15-17. *HCP II*: ad loc.
[2] Errington 1989: 97.
[3] Walbank 1940: 71.

Вака сфатен, договорот со Ханибал, наместо сведоштво за промената на силите во 216-215 г. ст.е., попрво може да се земе како уште еден аргумент во корист на претпоставката дека во целиот овој период непосредната цел на Филип бил Скердилаида.[1] Барањата на Филип биле крајно скромни, и тоа до степен што тој воопшто и не инсистирал на доделување на одредени територии. Во основа, суштината на договорот е дефинирање и меѓусебно признавање на сферите на интерес и на дејствување,[2] и ништо повеќе од тоа. Со оглед на ограничените придобивки, од денешен аспект би можело да се каже дека Филип постапил крајно избрзано и непромислено, зашто свесно се впуштал во огромен ризик, без при тоа да инсистира на поконкретни и поголеми придобивки. На ваквата евентуална осуда би можеле да се дадат две сериозни забелешки.

Прво, доколку ја отфрлиме теоријата за *idée fixe* кај Филип за светска доминација, придобивките од договорот се многу позначителни одошто изгледа на прв поглед. Пред сè, тој се заштитувал од евентуална римска интервенција, односно војна со Рим во Илирија, до која би можело да дојде доколку Рим и по II Пунска војна бил доволно моќен да тргне во освојувачка војна.[3] Следствено, добивал одврзани раце за дејствување во Илирија, односно против Скердилаида, кој бил непосредната закана што Филип се трудел да ја елиминира. Уште поважно, со постигнувањето на овој договор, Филип всушност ја спречувал можеби најопасната опција во моментот, а тоа е токму Ханибал да ја преземе улогата на Рим на Јадранот. Имено, доколку се земе предвид вековното непријателство меѓу Картагина и Хелените и нивната борба за трговски патишта, можноста Ханибал наскоро да стане неоспорен господар на западното крајбрежје од Јадранското и Јонското море, при што низа хеленски полиси со свои интереси токму во тој регион би се нашле под негова заштита, мора да делувала мошне загрижувачки за Филип. Своевремено Картагина се впуштила во војна против Рим токму поради контрола на Месена и месенскиот проток; која била гаранцијата дека еден ден во блиска иднина прашањето за отрантските порти нема да доведе до слична ситуација? Ваквата можност била до толку позастрашувачка бидејќи во тој момент се чинело дека Ханибал е непобедлив и ништо не може да му застане на патот.[4] Според тоа, благодарение на сојузот со Ханибал, Филип не само што се

[1] *cf.* ADAMS 1993: 49, кој истакнува дека дури и во 214 г. ст.е., односно по постигнувањето на договорот со Ханибал, Рим сè уште не бил дел од стратешките размисли на Филип.
[2] WALBANK 1940: 72; ADAMS 1993: 48f.
[3] *v.* Дополнување (7).
[4] Овој аспект од договорот со право е истакнат и проанализиран од ADAMS 1993: 48f.

обезбедувал од евентуален судир со Рим, туку и од можноста местото на Рим да го заземе, во тој момент, многу поопасната Картагина.[1]

Според тоа, одлуката да се постигне договор со Ханибал не само што не може да се оцени како избрзана, туку напротив, мора да се окарактеризира како мудар дипломатски чекор, со кој по мала цена, Филип добивал признание и потврда на ексклузивитет во Илирија. Трагедијата за Филип и Македонија е во тоа што ниту тој, а веројатно ниту било кој друг, во тој момент не можел да сфати дека Ханибал ја загубил војната уште при донесувањето на судбоносната одлука да се избегне римската војска во близината на Рона, а со тоа и да се изложи Хиспанија на римска инвазија. Филип се обложил на погрешната страна, и за таа одлука набрзо ќе плати огромна цена, но со оглед на ситуацијата во 215 г. ст.е. неправедно би било да се обвини за ваквата одлука. Како што заклучува Е. Бикерман: If Rome had concluded the peace with her conqueror in 215, posterity would have lauded to the skies the diplomatic genius of Philip - provided, of course, that Hannibal, on this occasion, should have kept his part of the bargain. Nothing, indeed, is more fascinating than history that did not happen. But in the spring of 215, nobody, not even the young P. Cornelius Scipio, could see the coming glory of Zama through the night of Time.[2]

## II.2. Офанзивата во Илирија

*Римскиот одговор*. Современите научници ја имаат слободата да дискутираат и да се препираат околу прашањето за целите и мотивите на Филип; но во 215 г. ст.е., ваквиот пристап претставувал луксуз што Сенатот никако не можел да си го дозволи. Од нивна гледна точка, без никаква провокација и причина, Филип V, решен да ја искористи моментална слабост на Римјаните, отворено застанал на страната на нивниот смртен непријател. Угледот и способностите на младиот крал секако не им биле непознати, исто како што секако биле свесни дека тој владее со земјата од каде пред одвај нешто повеќе од еден век Александар III тргнал да го освои истокот. Колку сенаторите искрено верувале во можноста од истоварување на Филип во Италија не може да се каже,[3] но во секој случај, сосема разбирливо, биле одлучни ништо да не препуштат на случајот. Мерките што ги презеле се јасен показател за тоа дека сенаторите правилно ја оцениле состојбата и евентуалната можност од истоварување

[1] ADAMS 1993: 49, Philip must have thought that he was defusing two potentially dangerous situations: a Roman resurgence in the Adriatic; and Hannibal's recognition of the same situation and thus the preclusion of any immediate future conflict over these spoils.

[2] BICKERMAN 1952: 23.

[3] Ливиј дава мошне реалистичен приказ на атмосферата во Сенатот, кога се дознало за сојузот меѓу Филип и Ханибал: cum eodem fere die litterae legatique Romam uenissent et percontatione facta dicta cum scriptis congruerent, primo grauis cura patres incessit, cernentes quanta uix tolerantibus Punicum bellum Macedonici belli moles instaret. (xxiii.38.5).

на Филип во Италија. Имено, флотата во регионот била двојно зголемена и сега броела 50 пентери, со седиште во Брундисиј, а истовремено и да се испитаат можностите за отпочнување на воени дејствија со цел, доколку се покаже дека Филип навистина планира истоварување во Италија, да биде задржан на другата страна од Јарданското море.[1]

Според А. Екстин, овие мерки се показател дека заканата од Филип била проценета како мошне сериозна и реална.[2] Од друга страна Р. Ерингтон истакнува дека станува збор за разумна, одмерена и скромна реакција, што е сосема во согласност со тоа што сенаторите го дознале од договорот меѓу Филип и Ханибал; сликата за паниката и стравот од пристигнувањето на Филип во Италија попрво се должи на аналистичката верзија од договорот, што нема многу допирни точки со автентичниот документ.[3] Иако во суштина проценката на Р. Ерингтон би можела да се прифати, сепак не смее да се оди во другата крајност и да се помисли дека во Рим воопшто не била земена во предвид можноста од македонски напад. Целосно екипираната флота од 50 пентери би броела вкупно околу 20.000 војници и морнари. Со оглед на критичната фаза од војната во Италија, и тоа само една година по катастрофата кај Кана, овие мерки не би можеле да се оценат како скромни, особено што во тој период и пунската флота била мошне активна во западниот Медитеран, па овие бродови секако можеле да се употребат и на друго место.[4] Но, истовремено не треба да се заборави дека по Кана, Ханибал практично господарел со отворената територија, особено во јужна Италија, така што засилувањето на флотата во Брундисиј, веројатно колку што се должело на стравот од Филип, исто толку се должело и на потребата да се заштитат клучните градови во јужна Италија. Во секој случај, стационирањето на 50 пентери во Брундисиј бил сосема соодветен и доволен чекор за обезбедување на Италија од евентуален напад од Филип.[5]

*Фијаското во 214 и копнената офанзива.* Иако подготвени активно да одговорат доколку се покаже дека Филип навистина планира напад на Италија, Римјаните очигледно сѐ уште не сакале дополнително да го провоцираат кралот,[6] туку

---

[1] Liv., xxiii.38.6-13.
[2] Eckstein 2008: 85, кој се повикува на Badian 1958: 56. n.4. Меѓутоа, забелешката на Е. Бадиан всушност се однесува на состојбите во 212 по падот на Лисос и заробувањето на Дамип. За овој настан *v*. Дополнување (9).
[3] Errington 1989: 97f.
[4] *v*. Steinby 2007: 115ff.
[5] Edwell 2011: 326, The discovery of the treaty between Philip and Hannibal had to be dealt with but the practical Roman response of not overreacting to it served Rome well in the context of the broader conflict with Carthage and Hannibal.
[6] *cf*. Badian 1958: 55f. Во таа смисла, доколку Римјаните посакувале поактивно да ги спречат плановите на Филип, какви и да биле тие, многу поефикасно и пологично би било да ја

едноставно ги исчекувале неговите следни постапки. Со оглед на амбициите и енергичноста на Филип, воопшто не изненадува што Римјаните не морале многу да чекаат;[1] веќе во 214 г. ст.е. Филип повторно се појавил со својата флота, сега зголемена на 120 лемби.[2] Дека овој пат Филип многу посериозно ја сфатил тежината на потфатот говори и тоа што истовремено со флотата, кралот лично ги предводел и копнените сили кои преку Епир, се вклучиле во нападот на градот.[3] Бидејќи Аполонија пружила пожесток отпор од очекуваното, а на Филип му било неопходно пристаниште за да ја заштити флотата, неочекувано го нападнал и освоил Орик со што конечно се здобил со добро пристаниште. По овој успех, тој повторно го свртил вниманието кон Аполонија.

Токму во моментите кога изгледало дека ризикот се исплател, а Филип е на дофат на целосен успех, како одговор на барањата за помош од Орик, Лајвин на чело на својата флота, засилена со дополнителни копнени сили,[4] го минал отрантскиот проток. Малубројниот гарнизон во Орик веднаш бил совладан, по што Лајвин успеал да провлече 2.000 војници во Аполонија. Благодарение на овие засилувања, граѓаните на Аполонија презеле неочекуван ноќен напад, при што Македонците претрпеле сериозни загуби,[5] а истовремено ги загубиле и опсадните справи. Веднаш потоа, во обид да го спречи повлекувањето по морски пат, Лајвин ја префрлил флотата кон устието на Аој, со што Филип сосема неочекувано се нашол блокиран од море, а при тоа му се заканувала и опасност да биде отсечен и од копнените врски со Македонија и Епир. Во такви услови, тој одлучил да ја запали сопствената флота, и по копнен пат да се повлече во Македонија. Иако во приказот на Ливиј има преувеличувања, особено што се однесува до македонските загуби, исходот и последиците се очигледни – Филип претрпел одлучувачки пораз и на копно и на море, со што и можноста за зацврстување на крајбрежјето на јужна Илирија дефинитивно пропаднала.[6]

Лајвин од своја страна, одлучил да ја мине зимата во Орик,[7] а идната година неговиот imperium бил продолжен, со тоа што како провинција му биле доделени Македонија и Хелада.[8] Па сепак, и покрај успехот од 214 г. ст.е., и доделувањето на

---

стационираат флотата во Аполонија, или пак Коркира, а не во Брундисиј. И навистина, по борбите во 214 г. ст.е., Лајвин заедно со својата флота ќе презими во Орик.

[1] *v.* Дополнување (8).

[2] За борбите околу Аполонија и Орик, и *v.* Hammond 1988: 395f.; Walbank 1940: 75f.

[3] Plut., *Arat.*, 51.1. *v.* Hammond 1988: 395 n.4.

[4] Дека Лајвин располагал со дополнителни копнени сили, а не само со војниците што служеле на бродовите, сведочи приказот на Ливиј, кој истакнува дека quod longae naues militum capere non poterant (xxiv.40.5). *contra* Holleaux 1921: 187 n.2, кој се сомнева во постоењето на оваа legio classica.

[5] Според Ливиј (xxiv.40.14), загинале приближно 3.000 Македонци, а уште поголем број биле заробени. Иако овие бројки делуваат сомнително, со оглед на тоа што Филип веднаш одлучил да се повлече, очигледно загубите навистина биле сериозни.

[6] Hammond 1988: 396.

[7] Polyb., viii.1.6; Liv., xxiv.40.17.

[8] Liv., xxiv.44.5.

Македонија и Хелада како провинција на Лајвин, очигледно е дека за Сенатот, војната со Филип и понатаму претставувала само спореден фронт, што не е од суштествено значење во војната против Ханибал.[1] Ова најдобро се гледа од фактот што Лајвин, иако добил поголеми овластувања во поглед на територијата каде би требало да дејствува, не добил дополнителни засилувања.[2] Во дадениот момент целта очигледно била да се контролира, а не да се порази Филип. Затоа и не изненадува што и покрај неуспехот во 214 г. ст.е., и во следните години иницијативата му била препуштена на македонскиот владетел.[3]

Филип пак, по втор пат претрпел неуспех во своите поморски потфати, овој пат со сериозни човечки и материјални загуби. И во двата случаи неуспехот се должел на тоа што тој воопшто не предвидел реакција од Рим и римската флота, а цената за неговата погрешна проценка ја платила војската и особено флотата наменета за дејствување на Јадранот, која по 214 г. ст.е. престанала да постои. Ако овој сериозен превид, со оглед на политичката ситуација и непосредните планови на Филип, е во голема мера разбирлив кога станува збор за дејствувањето во 216 г. ст.е., истото не би можело да се каже и за катастрофата од 214 г. ст.е. Дека Филип бил свесен за опасноста од римска интервенција сведочи фактот што походот го презел дури кон крајот на бојната сезона, односно во август.[4] Тој очигледно будно ја следел ситуацијата во Италија,[5] па сепак на крајот се решил да преземе голем ризик и да тргне против Аполонија, иако било очигледно дека Римјаните немаат намера да капитулираат, и уште поважно, сега имале стационирано флота токму со цел да ги следи движењата на Филип. Дали Филип добил погрешни информации за состојбата во Италија, или пак едноставно го загубил трпението и се одлучил на преголем ризик, веројатно никогаш нема со сигурност да дознаеме; но, тоа што е очигледно е дека во секој случај станува за сериозен превид на Филип.[6]

---

[1] *cf.* GRUEN 1984: 377.
[2] Liv., xxiv.44.5. Лајвин бил еден од тројцата заповедници што таа година не добиле засилувања. Другите двајца биле Квинт Мукиј кој на Сардинија располагал со две легии и Гај Терентиј кој со една легија бил стациониран во Пикенум. Лајвин исто така располагал со една легија. Постоењето на оваа legio classica е оспорено од HOLLEAUX 1921: 187 n.2, но се чини успешно одбрането од DE SANCTIS 1917: 317ff., 249 n.80, 250 n.83, 411; а прифатено *inter alios* HALWARD 1930: 76; WALBANK 1940: 75.
[3] *cf.* GRUEN 1984: 375.
[4] WALBANK 1940: 75 n.4.
[5] Според HAMMOND 1988: 395, нападите на Коркира и на Аполонија биле резултат на договорот за соработка со Ханибал, односно истовремен напад на римските сили во регионот. Се разбира, ваквото толкување не може со сигурност да се отфрли, меѓутоа истовремено недостасуваат непосредни показатели за такво нешто. Како што беше објаснето, нападот на Коркира најверојатно никогаш не се ни случил, додека пак нападот на Аполонија не е истовремен со првиот обид на Ханибал да го освои Тарент, туку уследил по неуспехот на картагинскиот војсководец.
[6] *v.* WALBANK 1940: 76f.

Со оглед на целосниот неуспех на неговата поморска програма, не изненадува што Филип наскоро го сменил приодот кон Илирија, па од 213 г. ст.е. неговите акции главно се насочени кон внатрешноста, каде можноста од римска реакција била неспоредливо помала, ако не и невозможна со оглед на силите со кои располагал Лајвин. За жал, изворите за походите на Филип во 213 и 212 г. ст.е. се мошне фрагментарни и при тоа не може со сигурност да се каже ниту која операција во која бојна сезона би тербало да се датира.[1] Меѓутоа, сосема е јасно дека станува збор за низа успешни операции со кои Филип ги ставил под своја контрола Атинтаните,[2] Партините, го освоил Димале,[3] ја зацврстил контролата над Дасаретија,[4] а круна на целиот поход било брилијантното освојување на Лисос, со што и целиот регион околу Скодра потпаднал под македонска контрола.[5]

Така, во смо две бојни сезони Филип не само што успеал да потчини значителен дел од заедниците што влегувале во римската сфера на интерес, туку, што е можеби и поважно, целосно го изолирал Скердилаида од римските упоришта во Орик и Аполонија, а благодарение на освојувањето на Лисос се чини ја добил и поддршката од значителен дел од Илирите.[6] Уште поважно, со освојувањето на Лисос се создавале и нови можности за поконкретна соработка со Картагина. Се разбира, не станува збор за евентуално истоварување на Филип во Италија, иако токму оваа можност е истакната од Ливиј, а прифатена од некои современи научници.[7] Сепак, како што истакнува Ф. Волбанк, со оглед на логистичките проблеми, за такво нешто никако не би можело да стане збор сè додека римските пентери господареле со морето, а Филип воопшто не располагал со флота.[8] Навистина, изгледа дека тој почнал да гради нова флота во Лисос,[9] но дури и тоа да е точно, секако станувало збор за лемби, а не за тешки катафракти. Според тоа, и овој пат флотата на Филип била наменета за борба на Јадранот. Шансите за успех овој пат би биле поголеми не само затоа што Филип сега располагал со стратешки погодно пристаниште, туку и затоа што би можел да се надева на евентуална помош од картагинската флота.[10] Се разбира, лембите сами за себе и понатаму не би можеле да претставуваат закана за римската флота, но во

[1] *v.* Niese 1899: 474; Holleaux 1921: 199; Walbank 1940: 80f., 300; *HCP II*: 6, 90.; May 1946: 48ff.; Hammond 1988: 398f.; Will 1982: 85ff.
[2] Liv., xxvii.30.13, xxix.12.13.
[3] Liv., xxix.12.3, 12.13.
[4] Polyb., viii.14b.
[5] Приказ на операциите и освојувањето на Лисос кај Polyb., viii.13-4. *HCP II*: ad loc. За обемот на македонските освојувања во Илирија *v.* Hammond 1988: 399f., 409f. (но за неговиот главен аргумент, односно скровиштето од Селце, *v.* Дополнување (21)) Според Ливиј (xxvii.30.14), Филип во тој период бил господар на Ардиеите, но тоа секако е претерување.
[6] Wilkes 1992: 167.
[7] Liv., xxiv.13.5. *cf.* Niese 1899: 475; Holleaux 1930: 123; Eckstein 2008: 87. Badian 1958: 56.
[8] Walbank 1940: 81f.; Errington 1989: 98; Id. 1990: 193f.
[9] Hammond 1988: 399.
[10] Walbank 1940: 82.

соработка со картагинската флота, која сега исто така би можела да го користи Лисос како база за заеднички операции, работите би изгледале мошне поинаку. Според тоа, барем во 212 г. ст.е. се чинело дека Филип е многу блиску не само до остварување на целосна победа над Скердилаида и освојување на Илирија, туку во случај на помош од Картагина и до искоренување на римското присуство на Јадранот. Но, ваквата соработка, што била предуслов за конечната победа над римската флота во Јадранот, никогаш не се остварила. Ова во одредена мера се должело на фактот што токму во 213-212 г. ст.е., пунската флота била целосно преокупирана со одбраната на Сиракуса и обидот повторно да се стекнат упоришта на Сицилија,[1] што за Картагинците било неспоредливо поважно одошто да се интервенира во Јадранското и Јонското море. Втората и поважна причина е тоа што се покажало дека временската рамка за евентуалната соработка е извонредно мала. Имено, иако во моментот веројатно не било очигледно, позицијата на Филип всушност била многу покревка одошто на прв поглед изгледало, а поради тоа наскоро ќе ја загуби иницијативата во војната.

## II.3. Ајтолската војна[2]

*Неочекуваниот сојуз.* Во текот на 213-212 г. ст.е., Римјаните само пасивно можеле да ги набљудуваат успесите и одлучното напредување на Филип во Илирија. Со оглед на ограничените сили со кои располагал, Лајвин веројатно и не можел да постигне ништо позначајно. Меѓутоа, развојот на ситуацијата исто така ги принудувал Римјаните што е можно поскоро да преземат мерки за да го спречат ширењето на Македонија. Како што веќе беше споменато, дури и освојувањето на Лисос не значело дека Филип наеднаш е подготвен за да му се придружи на Ханибал во Италија; тој можел да ги контролира сите пристаништа, но сè додека не располагал со моќна флота што би можела да се соочи со римската, нападот на Италија не доаѓал предвид. Но, само затоа што Италија, барем од тој правец, во моментот била безбедна, не значи дека освојувањата на Филип не загрозувале други римски интереси во регионот. Пред сè, било очигледно дека ако притисокот врз Скердилаида наскоро не биде намален, постои реална опасност Рим да го загуби единствениот активен сојузник на Балканот. Ова од своја страна го повлекувало прашањето за тоа колку долго Рим може да стои пасивно на страна, без при тоа да не го загуби кредибилитетот на голема сила, способна да ги брани сопствените интереси и своите сојузници.[3] И можеби најважно,

[1] За активностите околу Сиракуса и воопшто на Сицилија, *v.* STEINBY 2007: 121ff.
[2] Меѓу современиците во Хелада, овој судир бил сфаќан одделно од судирот меѓу Мекедонија и Рим, и бил наречен bellum Aetolicum (Liv., xxvii.30.4., 30.10; xxviii.7.14).
[3] *cf.* ERRINGTON 1989: 98. За важноста што Римјаните го придавале на претставувањето и одржувањето на угледот на Рим како голема воена сила, *v.* KALLET-MARX 1995: 87f., 93f.

благодарение на продорот во Илирија, Филип бил на чекор од исполнување на тоа против што Римјаните воопшто и се впуштиле своевремено во I Илирска војна – создавање на моќна држава во внатрешноста, што истовремено има пристап и до пристаништата, односно може да дејствува и на Јадранското море.[1]

Во таа смисла, би можело да се каже дека по првичните налети на Филип, заради заштита на сопствените интереси во регионот, а не безбедноста на Италија,[2] Римјаните одлучиле одбранбениот и пасивен однос, да го заменат со поактивна и поагресивна политика. Бидејќи главнината од римските сили била врзана во војната со Ханибал што во тоа време беснеела во Италија, Хиспанија, но и на островите, било јасно дека Римјаните мора да најдат сојузник што ќе го понесе товарот на војната со Филип. Единствената држава способна да влезе во отворена војна со Филип и веќе традиционално анти-македонски настроена секако била Ајтолија. Затоа и не изненадува што веќе во 212 г. ст.е., Лајвин отпочнал тајни преговори со сојузот.[3] Иако агресивната и анти-македонска групација била во издигнување во Ајтолија,[4] изгледа дека во прв момент Ајтолците се сомневале во способноста на Рим да испрати соодветни сили за војната против Филип.[5] Меѓутоа, со победите на Сикилија, каде Сиракуса конечно била освоена, и успешното завршување на опсадата на Капуа, се чини угледот на Рим како воена сила во доволна мера бил поправен за Ајтолците конечно да ја прифатат понудата за сојуз.[6]

Одредбите од договорот се сочувани кај Ливиј,[7] а дополнети со фрагментарниот натпис од Тиреон во Акарнанија,[8] откриен кон средината на минатиот век. Иако има повеќе нејаснотии во формулацијата на договорот, при што не е сосема јасно значењето на одредбите, тоа не е од суштествено значење за проблематиката опфатена во овој труд.[9] Поради тоа, во оваа прилика доволно е да се наведат одредбите од договорот, без при тоа да се дава детална анализа на секоја клаузула. Најважна одредба секако била обврската на Ајтолскиот сојуз веднаш да отпочне со воени

---

Генерално за важноста од одржување на статусот и угледот на една држава како голема воена сила способна да ги брани своите интереси, особено во еден анархичен систем, *v.* Eckstein 2000: 876ff.

[1] Gruen 1984: 377f.

[2] *v.* Дополнување (9).

[3] Liv., xxv.23.9; xxvi.24.1.

[4] За состојбите и внатрешната политика во Ајтолскиот сојуз во периодот 217-211 г. ст.е. и мотивите за прифаќање на сојузот со Рим, *v.* Grainger 1999: ch. 15, чија анализа и заклучоци секогаш мора да се земаат со голема доза на резервираност. *cf.* Eckstein 2002: 272f.

[5] *cf.* Walbank 1940: 83.

[6] de Sanctis 1917: 414; Hammond 1988: 400.

[7] Liv., xxvi.24.7-15.

[8] *IG* IX. I$^2$. 2. 241.

[9] За детална анализа на договорот и разликите меѓу верзијата на Ливиј и онаа зачувана на натписот, *v.* Badian 1958a; McDonald 1956; *HCP II*: 162f., 179f., 599ff.; *HCP III*: 779, 789; Gruen 1984: 17ff.; Will 1982: 87ff. За датирање на договорот есента 211 г. ст.е., *HCP II*: 11ff. *cf.* Walbank 1940: 301ff.

дејствија против Филип, при што Римјаните се обврзувале како помош да испратат најмалку 25 пентери; Римјаните од своја страна се обврзувале да им помогнат на Ајтолците да ја освојат Акарнанија; градовите на север до Коркира,[1] освоени од Римјаните ќе им припаднат на Ајтолците, додека пак подвижниот имот, вклучително и луѓето и животните ќе го задржат Римјаните; градовите пак што ќе бидат освоени заеднички исто така ќе им припаднат на Ајтолците, но во овој случај пленот ќе биде поделен меѓу сојузниците; градовите пак што ќе им се придружат на сојузниците без да бидат освоени, може да му се приклучат на Ајтолскиот сојуз, под одредени услови; одредени пријатели и сојузници[2] на потписниците може да се вклучат во војната против Филип; доколку еден од сојузниците постигне мировен договор со Филип, со мирот мора да биде опфатен и вториот сојузник.

Од одредбите на договорот сосема јасно произлегува желбата на Рим што е можно помалку да се инволвира во балканските состојби, а истовремено и целосното отсуство на желба за нови територијални придобивки. Во таа смисла, договорот со Ајтолците е во согласност со дотогашната римска политика на Балканот уште од времето на I Илирска војна. Напротив, очигледно е дека главната цел на Ајтолците при склучувањето на сојузот е проширување на државата, на сметка на сојузниците на Филип, што е и овозможено со низа одредби од договорот. Од римска страна пак, главната причина несомнено била стратешка – односно да се задржи Филип во Хелада, со што би се спречило неговото понатамошно јакнење во Илирија и на јадранското крајбрежје. Меѓутоа, деталните одредби за поделбата на пленот упатува и на тоа дека Римјаните биле мошне заинтересирани за стекнување на економска добивка, и ако ништо друго, барем да се покријат трошоците за тековните активности.[3] активности.[3] Истовремено, токму овие одредби, и римското однесување при освојувањето на градовите, биле од голема штета по римскиот углед,[4] што е уште еден показател дека барем во дадениот момент, Римјаните немале амбиции за долготрајно инволвирање во Хелада.

---

[1] Иако ова географско ограничување се споменува кај Ливиј, но не и на натписот од Тиерон, најверојатно би требало да се прифати како автентична одредба од договорот, со оглед на тоа што е сосема во согласност со дотогашната римска политика да не се дозволи создавање на моќна држава во близината на Отрантските порти. Римјаните секако немале намера да дозволат моменталната закана од Филип едноставно да биде заменета со потенцијална закана од Ајтолскиот сојуз кој во текот на војната би можел да се прошири токму во тие области. *v.* Gruen 1984: 378. Како што истакнува Errington 1989: 100, ограничувањето не значело дека воените активности не би можеле да се прошират и на областите северно од Коркира, туку дека Римјаните не сакале да се обврзат и овие области да им ги предадат на Ајтолците. *cf.* McDonald 1956: 154f.

[2] Елида, Спарта, Атал од Пергам, Скердилаида и Плеурат.

[3] Errington 1989: 101; Harris 1979: 207.

[4] Crawford 1992: 60.

Поради сето ова, А. Екстин оценува дека римските цели биле дефанзивни, односно да се задржи Филип во Хелада.[1] Ваквата оценка во одредена мера е правилна и логична. Но, прашање е дали одлуката да се склучи сојуз со Ајтолците во целост може да се окарактеризира како дефанзивна. Се разбира, Римјаните не планирале целосно да го поразат Филип, ниту пак да освојат нови територии, а уште помалку освојување на Македонија. Во таа смисла, римскиот став несомнено е дефанзивен. Меѓутоа, до 212-211 г. ст.е., било повеќе од јасно дека без моќна флота, заканата од Филип е речиси непостоечка – тој можел да освојува и да ја шири својата држава во внатрешноста, но истовремено можел и само да го набљудува развојот на настаните во Италија, без да биде во можност директно да се вмеша. Всушност, прашање е дали тој воопшто можел да ги загрози дури и Аполонија и Орик каде била стационирана римската флота, а да не зборуваме и за Коркира и останатите острови.[2] Во таа смисла, дефанзивните мотиви на Рим не се сосема доволни за да се објасни одлуката да се склучи сојуз со Ајтолија.[3] Обврската да се помогне на Ајтолија во освојувањето на Акарнанија, како и плановите за заедничко освојување на градови несомнено покажува еден далеку поагресивен елемент во римската политика. Во крајна линија, дури и мотивот да се заштитат интересите на Скердилаида, и сопствените интереси околу Орик и Аполонија не би можеле да се окарактеризираат како целосно дефанзивни – Римјаните биле подготвени да ги штитат своите интереси во областите што ги сметале за своја сфера на влијание, но не заради безбедноста на Италија, туку едноставно заради самиот концепт дека тоа била нивна сфера на интерес, каде никој друг немал право да интервенира. Во крајна линија, А. Екстин можеби е во право кога претпоставува дека одлуката за сојуз со Ајтолија во одредена мера се должела на желбата на Римјаните да му се одмаздат на Филип со тоа што ќе му го приредат истото што тој им го приредил кога склучил сојуз со Ханибал.[4] Се разбира, би било погрешно ваквиот пристап да се окарактеризира како експанзионистички, но веројатно не би биле далеку од вистината доколку се дефинира како дефанзивно мотивирана агресивност.

Во Рим, договорот бил ратификуван дури во летото 209 г. ст.е. Кои биле причините за ваквото збунувачко доцнење не е јасно,[5] и тоа во крајна линија и не е

---

[1] Eckstein 2008: 99.
[2] *cf.* Harris 1979: 207.
[3] Harris 1979: 207.
[4] Eckstein 2008: 89.
[5] Според Badian 1958a: 206ff., доцнењето се должело на римската процедуралност. Од друга страна, Errington 1989: 100, претпоставува дека Сенатот инсистирал Лајвин лично да ја аргументира одлуката за склучување на сојуз што и не носел којзнае какви придобивки за Републиката. Дека договорот, а со тоа и конкретните одредби што и не биле баш во корист на Рим, бил постигнат на иницијатива на Римјаните сведочат и латинизмите во грчкиот текст на натписот (McDonald 1956: 153f.; *BE* 1965: 114f.).

толку важно, зашто сојузниците веднаш по потпишувањето во 211 г. ст.е. стапиле во акција. Ајтолците веднаш се впуштиле во ограбувачки поход на Тесалија, додека пак Лајвин го освоил Закинт, а потоа заеднички ги освоиле Ојниада и островот Насос. Овие успеси несомнено биле мрачен предвесник за проблемите и искушенијата што го очекувале Филип.

*Филип во дефанзива.*[1] Договорот меѓу Лајвин и Ајтолците практично го ставил Филип пред свршен чин. Во новонастанатата ситуација, тој имал две можности – или да ја продолжи офанзивата во Илирија, но при тоа да ризикува да ги загуби позициите и влијанието во Хелада, или пак, барем привремено да се откаже од понатамошни освојувања на север, и уште еднаш да се посвети на состојбите на југ. Во суштина ова и не бил никаков избор – ниту еден македонски владетел, вклучувајќи го и Филип, не би си дозволил да го загуби тоа за што неговите претходници, уште од времето на Филип II, постојано се бореле. Со оглед на завојуваните страни, било очигледно дека тежиштето на воените дејствија повторно ќе биде во истите области каде претходно се водела Сојузничката војна. Но овој пат ситуацијата суштествено се разликувала од онаа во 220 г. ст.е. Пред сè, како резултат на катастрофата кај Аполонија во 214 г. ст.е., Филип не располагал со флота, чие дејствување се покажало толку важно во претходната војна. Напротив, благодарение на присуството на 25 римски пентери, контролата на морето сега била во рацете на неговите непријатели. Поради ова, било јасно дека во претстојниот судир, Филип нема да ја има онаа слобода на маневрирање и изведување на неочекувани напади, што се покажало одлучувачко во Сојузничката војна; згора на тоа, исто така било јасно дека во оваа војна одржувањето, односно пробивањето на копнени врски со сојузниците во Хелада ќе биде од далеку поголемо значење.

Исто така, овој пат Филип веќе бил во отворена војна со Скердилаида, така што би можело да се очекува Илирите да ја искористат неговата ангажираност на југ и да упаднат во областите во северна Македонија. Токму поради тоа, македонските операции во 211 г. ст.е. главно биле сконцентрирани на обезбедување на северната граница. Филип ги отпочнал операциите со напад на Аполонија и Орик, чија околина ја опустошил; веднаш потоа молскавично се пробил во Дарданија, каде ја освоил Синтија,[2] со што приодот кон Македонија за Дарданците бил затворен; од тука, сосема неочекувано се појавил во јужна Македонија, и кај Темпе оставил силен гарнизон од 4.000 војници; за веднаш потоа да се префрли во Тракија, каде ги нападнал Мајдите и

---

[1] За детален приказ за воените дејствија во периодот 211-206 г. ст.е., *v.* WALBANK 1940: 84ff., 304ff. *cf.* HAMMOND 1988: 401ff.; WILL 1982: 89ff.
[2] *v.* Дополнување (10).

ја освоил Јамфорина – нивниот главен центар.[1] Така во еден молскавичен поход, Филип барем привремено ги обезбедил и северната и јужната граница на Македонија. Успесите во тековната бојна сезона биле заокружени со херојската одбрана на Акарнанците, кои во изминатите години се покажале како најверни сојузници на Филип.[2]

Следната година, тежиштето на војната се префрлило во средна Хелада, каде Филип од една страна, се обидувал да пробие алтернативен пристап до Пелопонес, а Римјаните и Ајтолците од друга се обидувале да го спречат во намерата, што може да се согледа од фактот што главниот напад бил упатен против Антикира, која по краток отпор се предала.[3] Ова не го поколебало Филип кој продолжил со пробивот на југ сè до Ехинос, што започнал да го опсадува.[4] Во оваа прилика дошло до првиот посериозен судир меѓу Филип и здружените римско-ајтолски сили,[5] кои се обидувале да го деблокираат градот. Филип успеал да го одбие налетот на непријателите и наскоро градот паднал.[6] Пред да се врати во Македонија, се чини успеал да ја освои и Фалара, пристаништето на Ламија.[7]

Во меѓувреме, Римјаните ја освоиле Ајгина и по вообичаениот суров третман на населението, ја предале на Ајтолците, кои пак набрзо за 30 таланти ја продале на Атал.[8] Но, и покрај тоа, несомнено тековната година минала релативно поволно за Филип, чиј пробив во средна Хелада, иако постепен сепак бил успешен и му отворал низа можности за следната година.[9]

*Критичните години*. Фактот што Филип, иако се соочувал со бројна коалиција на непријатели, бил во состојба не само да ја задржи иницијатива на копно, туку и да постигне низа успеси несомнено се должела на две главни причини. Пред сè, на пасивноста на Сулпикиј Галба, кој можеби веќе не располагал со соодветно бројна

---

[1] Liv., xxvi.25.1-9.
[2] Соочени со налетот на целата ајтолска војска под команда на Скопас, Акарнанците положиле заклетва да се бранат до последен човек, и откако испратиле повик за помош до Филип, со сите расположливи сили тргнале во пресрет на ајтолските сили. Збунети од ваквата одлучност, Ајтолците за момент запреле со напредувањето, а откако дознале дека Филип неочекувано се приближува и веќе се наоѓа во Дион, одлучиле да се повлечат. Драматичен приказ на настаните кај Liv., xxvi.25.10-17.
[3] Liv., xxvi.26.1-3.
[4] За позицијата на Ехинос, *v.* *HCP II*: 183.
[5] Според Errington 1969a: 167, Сулпикиј Галба, наследникот на Лајвин (кој во меѓувреме бил избран за конзул и ја напуштил Хелада) располагал само со поморските сили на италските сојузници (socii navales), бидејќи во меѓувреме Сенатот му наредил да ги распушти легионерите, кои се вратиле во Италија. *cf.* Walbank 1940: 88. *contra* *HCP II*: 183. *v. infra* и Дополнување (15).
[6] Polyb., ix.41-42.4. *HCP II*: 183ff.
[7] Можно е Фалара да била освоена и следната 209 г. ст.е *cf.* Grainger 1999: 323.
[8] Polyb., ix.42.5-8. Не може со сигурност да се утврди дали Ајгина била освоена пред или по борбите кај Ехинос.
[9] *v.* Walbank 1940: 89.

копнена војска за да може поенергично и поефикасно да му се спротистави на Филип; но во голема мера и на тоа што состојбата на Пелопонес била релативно мирна, па тој не морал да издвојува дел од својата војска, ниту пак да ги менува своите главни планови, за да ги помага секогаш ранливите Ахајци.

Меѓутоа, веројатно секому му било јасно дека ваквата состојба нема да потрае. Зашто веќе во 210 г. ст.е., уште пред да замине за Италија, Лајвин заедно со Ајтолците успеале да ги убедат Елидјаните, Месенците и Спартанците да се вклучат во војната.[1] Да бидат работите уште полоши, фактот што Ајгина му била продадена на Атал, кој наскоро бил избран и за стратег на Ајтолскиот сојуз, недвосмислено укажувал дека наскоро и тој има намера да се вклучи во војната.[2]

И навистина, на почетокот на следната бојна сезона, притиснати од двојниот напад на Маханида од Спарта и на Ајтолците, Ахајците веднаш побарале помош од Филип, кој одговорил на повикот. Во обидот да се пробие на југ тој бил пресретнат од ајтолските сили предводени од Пирија, засилени со одреди на Атал и 1.000 римски војници[3] пратени од Сулпикиј Галба. По две битки во кои им нанел значителни загуби на противниците, Филип ги принудил ајтолските сили да се повлечат во Ламија, а тој се упатил кон Фалара.[4]

Во тој момент[5] кај Филип пристигнало првото пратеништво од неутрални држави[6] кои се надевале да стават крај на Ајтолската војна.[7] Филип ја прифатил понудата, по што било договорено триесет дневно примирје, со цел одржување на

[1] Polyb., ix.28.-39.
[2] *v.* Дополнување (11).
[3] Се чини дека во овој случај не станувало збор за регуларни легионери, туку за војници што служеле во римската флота (Liv., xxvii.30.2. mille ferme ex Romana classe), што е во прилог на претпоставката дека Сенатот во 210 г. ст.е. навистина наредил повлекување на легионерите од источната војска.
[4] Liv., xxvii.29.9.-30.3.
[5] Liv., xxvii.30.4-5. ова пратеништво погрешно го датира во 208. Ова е резултат на тоа што настаните што Полибиј ги опишувал за 209 и 208 г. ст.е., кај Ливиј се пренесени во 208 и 207 г. ст.е. *v. HCP II*: 15; DE SANCTIS 1917: 443; ECKSTEIN 2002: 273 n.16.
[6] Во 209 г. ст.е. пратеници испратиле Родос, Птолемај IV, Хиос. Како застапник на интересите на Ајтолците, дошол и Аминандар од Атаманија. Како што истакнува ECKSTEIN 2002: 274, присуството на Аминандар укажува на тоа дека неутралните пратеници прво се упатиле кај Ајтолците, а потоа кај Филип.
[7] Изворите со коментар за обидите на неутралните држави да воспостават мир меѓу Филип и Ајтолците се собрани кај AGER 1996: no. 57. За детална анализа *v.* ECKSTEIN 2002, кој се чини убедливо докажува дека неутралните држави пред сè биле заинтересирани за склучување на мир меѓу Македонија и Ајтолија, при што интересите на Рим не биле земени предвид, со што ја потврдува тезата на HOLLEAUX 1921: 35ff., 74f. Напротив, изгледа дека дури и неутралните држави ја осудувале одлуката на Ајтолците да влезат во сојуз со Рим. Можеби при преговорите во 208 г. ст.е. било замислено вклучување на Рим, но дури и оваа претпоставка воопшто не е сигурна. Единствено за 207 г. ст.е. во изворите недвосмислено се кажува дека било замислено и Рим да биде опфатен со мировниот договор, но по одбивањето на Галба, делегатите се свртиле против Рим. Најважните трудови за овој проблем и искажаните заклучоци се наведени кај ECKSTEIN 2002: 269 n.3.

официјална конференција во Ајгион. По краток престој на Евбоја[1] со цел да се зацврсти одбраната, Филип се упатил во Аргос за да ја прослави аргивската Хераја, по што се упатил во Ајгион. Иако обидот на неутралните држави имал ваков ветувачки почеток, преговорите пропаднале во моментот кога се дознало дека Атал се укотвил на Ајгина, а Сулпикиј Галба во Навпакт. Охрабрени од ваквиот развој, Ајтолците наеднаш истапиле со барања за територијални отстапки од Филип, што веројатно никој не би очекувал тој да ги прифати и со тоа преговорите фактички пропаднале.[2]

Откако го напуштил собирот, Филип оставил 4.000 војници во Ахаја, а во замена позајмил пет брода. Целта очигледно била да се поврзе со Бомилкар, чија флота исповила од Тарент; истовремено очекувал пристигнување и на неколку бродови од Прусија. Дали со овие сили тој се надевал да ја скрши поморската доминација на Рим, не може со сигурност да се утврди,[3] од едноставна причина што Бомилкар, откако се приближил до Коркира, неочекувано се повлекол.[4] Исто така, и бродовите на Прусија воопшто не се ни појавиле на сцената.

Поради тоа, Филип се повлекол во Аргос, каде ги прославил Немејските игри.[5] Меѓутоа, набрзо бил принуден да замине од Аргос, зашто во меѓувреме, Галба исповил од Навпакт и почнал да го пустоши крајбрежјето меѓу Коринт и Сикион. Со нему вообичаената брзина, Филип успеал да ги пресретне Римјаните, кои изненадени од нападот, претрпеле сериозни загуби и биле принудени да се повлечат на

[1] Одбранбените подготовки на Евбоја, јасно покажуваат дека Филип, дури и во случај на мир со Ајтолците, очекувал продолжување на војната против Атал и Рим. *v.* Eckstein 2002: 275f.
[2] Ахајците да го вратат Пилос на Месенија, а Филип да ја врати Атинтанија на Рим, и Скодра и Ардиеите на Скердилаида и Плеурат. *v.* Дополнување (12).
[3] Liv., xxvii.30.16. Hammond 1988: 403 n.5, ја отфрла оваа можност, што според него е фантазија произлезена од перото на Ливиј. Walbank 1940: 90, го остава прашањето отворено; додека Steinby 2007: 151, го прифаќа толкувањето понудено од Ливиј.
[4] Движењето и однесувањето на Бомилкар е крајно загадочно. Без разлика дали ќе се прифати претпоставката на Ливиј за плановите на Филип да се предизвика римската флота, некаква заедничка акција најверојатно била договорена. Зашто, како што истакнува Steinby 2007: 151, заминувајќи за Коркира, Бомилкар ги оставил крајбрежјето на јужна Италија, и особено Тарент незаштитени, и токму отсуството на пунската флота ќе го олесни падот на овој исклучително важен град. Бомилкар, без разлика какви биле неговите способности, секако не би презел таков ризик доколку претходно некаква заедничка акција и цел не биле договорени со Филип. Според Holleaux 1921: 240f. n.2., токму придвижувањето на Бомилкар кон Хелада била главната причина што Галба се појавил релативно доцна во бојната сезона; но, кога разбрал за опсадата на Тарент, тој се повлекол и откако не успеал да го деблокира градот се упатил или кон некое од картагинските пристаништа во Magna Graecia, или пак заминал за Африка. Со оглед на состојбата на изворите, ваквата реконструкција делува најлогично.
[5] Полибиј (x.26), следен од Ливиј (xxvii.31; xxxii.21, 24) вообичаено дава непријателски приказ за однесувањето на Филип за време на престојот во Аргос, што го карактеризира како скандалозно и развратно. Меѓутоа, фактот што Филип веднаш бил подготвен да реагира на нападите на Галба укажува дека колку и да си дозволил да се препушти на задоволствата, тоа не било во толкава мера за да ги занемари своите должности. Исто така, заклучокот дека со ваквото однесување го предизвикал непријателството и презирот на жителите на Аргос очигледно е погрешен, зашто дури и во текот на II Македонска војна, кога било јасно дека Филип е во мошне критична ситуација, токму Аргос заедно со Мегалопол ќе останат верни на сојузот со Македонија. *cf.* Walbank 1940: 91. *HCP II*: 230f.

бродовите.[1] По завршувањето на прославите во Аргос, Филип придружуван од ахајската војска упаднал во Елида. Борбите биле водени со променлив успех, но иако успеал да се стекне со богат плен, Филип на крајот морал да се повлече без да ја постигне главната цел – освојувањето на Елида, што претставувала главен центар од каде Ајтолците дејствувале на Пелопонес.[2]

Главната причина поради која морал да ја прекине кампањата на Пелопонес била веста дека некој Аероп, успеал да го поткупи заповедникот на Лихнид и освоил делови од Дасаретија, а истовремено и Дарданците се подготвувале да се вклучат во нападот. Затоа, Филип оставил 2.500 војници[3] како подршка за Ахајците, а со главнината итно се повлекол кон Македонија. Кога пристигнал во Деметријада десет дена подоцна, се покажало дека неговиот најголем страв се исполнил, зашто и Дарданците, охрабрени од веста дека кралот загинал,[4] се впуштиле во поход во Македонија и се пробиле во Орестида.[5] Кога сфатиле дека кралот не само што е жив туку и се враќа во Македонија, тие веднаш се повлекле, при тоа собирајќи огромен плен и приближно 20.000 заробеници.[6]

Земено во целина, и покрај ветувачкиот почеток, бојната сезона од 209 г. ст.е., главно минала во разочарувања за Филип. Успешниот пробој во средна Хелада бил запрен во голема мера бидејќи самиот се чини помалку наивно очекувал успех во преговорите; фактот што ниту пунската ниту битинската флота воопшто не се ни појавиле веројатно било најголемото разочарување; на Пелопонес пак, иако успеал да собере голем плен, неспорно е дека борбите се воделе со променлив успех, односно не било постигнато ништо позначајно за потиснување на Ајтолците во тој правец; и секако најпоразително од сè било тоа што недвосмислено се покажало дека и покрај сите напори на Филип, и контролата над Билазора и +Синтија+, северната граница и

[1] Liv., xxvii.31.1-3. Во текот на борбите Филип бил фрлен од својот коњ, по што удрил во дрво, а ударот бил толку силен што неговиот шлем бил преполовен (xxvii.33.2).

[2] Кампањата започнала успешно, со победа во еден коњички судар на реката Ларис (Liv., xxvii.31.11; Plut., *Philop*., 7.6-7; Paus., viii.49.7). Но, тоа што на Филип не му било познато е дека Галба успеал да испрати 4.000 војници како засилување во Елида. Кога веќе разбрал за ова, било предоцна да се повлече од градот, и лично го предводел нападот, но бил фрлен од коњот, при што околу кралот (доколку му веруваме на Ливиј, односно Полибиј) се развила жестока борба од хомеровски тип, а тој продолжил да се бори како пешадинец. Кога станало јасно дека позицијата е неодржлива, Филип бил принуден да се повлече. Дека не станувало збор за сериозен пораз говори фактот што по само неколку дена успеал да го освои утврдувањето Фиркос (Liv., xxvii.32.7).

[3] Најверојатно со помош од овој одред Ахајците успеале да ги поразат Елидјаните и Ајтолците во Месенија (Liv., xxvii.33.5).

[4] Според Ливиј (xxvii.33.2) откршениот дел од шлемот на Филип по некоја случајност завршил во рацете на Скердилаида, кој веднаш препознал за чија опрема станува збор. Токму поради тоа се раширила веста дека Филип е мртов.

[5] *v*. Дополнување (13).

[6] Just., xxix.4.6. Walbank 1940: 92, претпоставува дека бројот на заробеници што го дава Јустин е претеран. Hammond 1988: 404 n.2, од друга страна остава можност дека бројката е веродостојна со оглед на тоа што кај овие народи преземањето на разурнувачки походи при што главната цел е собирање на што е можно повеќе заробеници, е вообичаена пракса.

понатаму била мошне ранлива, а Македонија го претрпела најсериозниот упад уште од последните години од владеењето на Деметриј II.

*Неочекувани успеси*. Меѓутоа, можеби најсериозниот удар и најголемата причина за загриженост бил фактот што станало сосема јасно дека во тој момент, со оглед на тоа што сите негови непријатели конечно започнале со активни и агресивни дејствија, Филип во целост ја загубил иницијативата. Од една страна, се очекувал напад од Илирите, Дарданците и Мајдите на север; што од друга страна го оневозможувало целосно да се посвети на состојбите во средна Хелада, каде Ајтолците дополнително ги утврдиле Термопилите; а истовремено не можел ни да си дозволи долготрајно ангажирање против северните соседи, зашто морал да води сметка за тоа дека во секој момент може да пристигнат повиците за помош од неговите сојузници во Хелада.[1]

И навистина, пролетта 208 г. ст.е., во Деметријада на собир на делегатите од Симахијата, сите членки побарале помош од Филип. Иако тој веднаш на сите им ветил помош, реално, во дадениот момент не можел многу да постигне. Откако испратил засилувања на Пепарет, Евбоја и Бојотија,[2] главнината од војската ја стационирал во Скотуса,[3] а самиот со избрани одреди се сместил во Деметријада.[4] Главниот адут на Филип во оваа ситуација, бил детално разработениот систем за сигнализирање со центар на планината Тисајон,[5] благодарение на што се надевал дека ќе биде во можност брзо да реагира на секој непријателски напад.[6]

Филип не морал долго да чека за да види дали овој систем на сигнализирање е соодветен одговор за непријатната стратешка позиција во која се наоѓал. Имено, здружената римско-пергамска флота, благодарение на предавство од внатре, успеала да го заземеОреј на Евбоја; а иако Халкида го издржала нападот, наскоро бил освоен и Опунт; по што Галба се вратил во Ореј, додека Атал останал во Опунт каде безгрижно го средувал стекнатиот плен. Тоа што тој не го знаел е дека во моментот кога Халкида

---

[1] *v.* Polyb., x.41. *cf.* WALBANK 1940: 93f.; HAMMOND 1988: 404.

[2] Засилувањето на одбраната во овие области била реакција на можниот напад од здружената пергамско-римска флота.

[3] *v.* WALBANK 1940: 93f. По распуштањето на делегатите, Филип се обидел да ги пресретне Ајтолците кои имале средба со римските делегати во Хераклеја, но бидејќи задоцнил, преку Скотуса се вратил во Деметријада. Во текот на римско-ајтолската средба во Хераклеја повторно се појавиле и делегатите од неутралните држави, кои се обидувале да посредуваат за постигнување на мировен договор. Иако генерално се зема дека составот бил идентичен со тој од претходната година, поверојатно е дека во 208 г. ст.е. делегати испратиле Родос, Птолемај и (најверојатно Хиос), но не и Атина (ECKSTEIN 2002: 281 n.4). Но, со оглед на тешката стратешка ситуација на Филип, делегатите веднаш биле препратени кај македонскиот крал без при тоа Ајтолците да се обврзат на било што.

[4] Според WALBANK 1940: 94, Деметријада била избрана како главен центар зашто Филип стравувал од ајтолски налет во Македонија.

[5] За Тисајон *v.* *HCP II*: 258.

[6] Polyb., x.42.7. *HCP II*: ad loc.

била нападната, благодарение на системот на сигнали, Филип веднаш дознал за тоа и ја повел целата војска на југ. Благодарение на неговото брзо движење, ги пробил ајтолските одбрани кај Термопилите[1] и минувајќи речиси 100 километри во еден ден стигнал во Елатеја. Од тука, изненадно навалил врз пергамските сили, кои воопшто не биле свесни дека Филип е во близина и биле неподготвени за неговиот напад; а за тоа каква конфузија настанала најдобро говори тоа што Атал одвај успеал да се извлече жив.[2] Иако Филип бил разочаран што Атал успеал да му се провлече низ прсти, нема никаков сомнеж дека целиот поход од Скотуса до Опунт претставувал спектакуларен успех, со што уште еднаш била докажана неспорната супериорност на македонската војска во однос на останатите сили во Хелада. Што е уште поважно, се покажало дека оваа победа на Филип претставува клучен момент и пресвртница во војната, зашто набрзо по катастрофата кај Опунт, поради нападите на Прусија врз Пергам, Атал бил принуден да се врати во Мала Азија. Така, иако Прусија не успеал да му испрати засилувања на Филип претходната година, сепак се покажал како многу покорисен сојузник од Ханибал.

По овој успех, Филип дејствувал во Локрида и Фокида со цел да ги утврди сопствените комуникации со Пелопонес, но истовремено и да ги пресече комуникациите меѓу Ајтолците и римската флота; а иако операциите не минале без неуспеси, се чини дека тој сепак успеал да ја стави под своја контрола Епикнемидска Локрида.[3] По враќањето во Елатеја,[4] повторно примил повик за помош од Ахајците кои во тоа време војувале со Маханида, па веднаш се упатил кон Пелопонес, но по пристигнувањето се покажало дека интервенцијата е непотребна, зашто Спартанците веднаш се повлекле кога разбрале дека кралот се приближува.

Понесен од овие успеси Филип се одлучил на еден мошне ризичен чекор, со тоа што и наредил на својата мала флота од 7 пентери и 20 лемби да се пробие до Коринт. На негова среќа, операцијата била успешно спроведена, и откако бродовите се провлекле покрај римската флота, биле префрлени преку Истам, со што Филип повторно имал контрола над Коринтскиот залив.[5] Причината што Филип го презел овој потфат била веста дека Бомилкар повторно се приближува и е во близина на Ојниада. Но, и овој пат Бомилкар се повлекол пред да дојде до спојување на двете флоти.[6] По ова разочарување Филип присуствувал на собирот на делегатите на

---

[1] *cf.* Front., *Strat.*, i.4.6, што најверојатно се однесува на овој настан. *v.* Niese 1899: 487 n.2.
[2] Liv., xxviii.7.1-8; Polyb., xi.7.1; Dio. xvii.57-8.
[3] Walbank 1940: 95f.
[4] Во Елатеја Филип бил пресретнат од неутралните делегати, но по големите успеси во текот на годината, овој пат тој одбил понатамошни преговори.
[5] Liv., xxviii.7.17-18, 8.8.
[6] Бомилкар запловил кон Хелада кога разбрал дека римската флота се префрлила во Егејското море, но кога разбрал дека комбинираната римско-пергамска флота исповила од Ореј, веднаш се повлекол. Steinby 2007: 152ff., со право се сомнева во приказот, односно причините што

Симахијата, каде ги истакнал сите свои успеси, и несомнена супериорност на копно.[1] Веднаш потоа, во придружба на Никија, стратегот на Ахајскиот сојуз и шест ахајски бродови ја нападнал Еритра во Ајтолија и се вратил со значителен плен.

По овој краток поморски препад, Филип на чело на флотата исповил од Кенхреа, ја обиколил Атика и се истоварил на Евбоја, ја посетил Халкида, и откако ја средил ситуацијата во Ореј, заминал во Деметријада.[2] Овој пркосен потфат бил уште еден показател за пасивноста на римската флота, па дури и Ливиј (Полибиј) е принуден да истакне дека Филип nauigans inter medias prope hostium classes.[3] Сфаќајќи дека можноста од спојување со пунската флота е речиси невозможна, наредил во Касандреја да се започне со изградба на 100 тешки бродови.[4] Во преостанатиот дел од бојната сезона, Филип повторно ги нападнал Дарданците.

Со оглед на тоа во каква положба се наоѓал на почетокот на бојната сезона, Филип со полно право можел да биде презадоволен од текот на настаните – Ајтолците биле поразени кај Термопилите, Атал кај Опунт, по што и се повлекол од Хелада, северните соседи останале неактивни, а срекниот исход на поморскиот потфат и пловидбата од Кенхреа до Халкида само докажале дека Римјаните не ја водат војната со посебна заинтересираност. Навистина, ниту еден од овие успеси немал одлучувачки карактер,[5] но ако ништо друго уште еднаш докажале дека Филип е способен да ги заштити сопствените и интересите на сојузниците во Хелада,[6] дека на копно е неспорно супериорен[7] и уште поважно иницијативата повторно била во негови раце.

Во меѓувреме Галба за момент се разбудил од вообичаената апатичност и есента истата година успеал да го освои и ограби Диме, еден од најважните ахајски градови.[8]

---

Ливиј ги наведува за одлуката на Бомилкар да се повлече, но не дава и можно објаснување, што со оглед на информациите што се на располагање и онака би било беспредметно.

[1] Liv., xxviii.8.2-5. *v.* Дополнување (14).

[2] Liv., xxviii.8.11.-13.

[3] Одважноста на Филип во преземањето на оваа акција е до толку повпечатлива, ако се земе предвид дека токму во тој период Галба бил стациониран на Ајгина.

[4] Liv., xxviii.8.14. Според Holleaux 1921: 244 n.2., Филип ја донел оваа одлука како резултат на тешкиот пораз што Бомилкар се чини го претрпел од Лајвин летото 208 г. ст.е. (името на картагинскиот заповедник не се споменува, но аргументите на Оло се чинат мошне убедливи). За поморските битки во 208 и 207 г. ст.е. *v.* Steinby 2007: 126ff.

[5] *cf.* Liv., xxviii.8.1. за фрустрираноста и разочараноста кај Филип што не успеал да им нанесе одлучувачки пораз на непријателите.

[6] Liv., xviii.8.14: res in Graecia tranquillas et profectio Attali fecerat et in tempore laborantibus sociis latum ab se auxilium.

[7] *cf.* Liv., xxviii.8.2-5., каде Филип, во говорот пред делегатите на Симахијата меѓу другото истакнал дека неговиот главен проблем не е да ги порази непријателите, туку да успее да ги стаса, зашто на прviот контакт со неговата војска, тие веднаш се повлекувале.

[8] Liv., xxxii.21.28, 22.10; Paus., vii.17.5. Подоцна Филип наредил сите граѓани на Диме што биле заробени и продадени во ропство, а можело да се пронајдат, да бидат откупени и вратени во родниот град (Liv., xxxii.22.10). За датирањето на освојувањето на Диме *v.* Walbank 1940: 98 n.1; Holleaux 1921: 232 n.1. *contra* Hammond 1988: 406f. кој освојувањето на Диме го датира во 207 г. ст.е. Меѓутоа, неговото датирање се темели на прифаќањето на податокот дека во 207 г. ст.е. во Хелада пристигнале големи римски засилувања и дека падот на Диме бил дел од походот во кој бил освоен и Амбрак. Ваквата реконструкција е неприфатлива, а податокот дека во Хелада

Истовремено и Маханида ја освоил Тегеа,[1] така што за момент се чинело дека Филип повторно ќе биде принуден да ита на помош на Ахајците. За негова среќа, по освојувањето на Диме, Галба се вратил на вообичаената пасивност, додека пак со изборот на Филопојмен, кој спровел внатрешни реформи во сојузот,[2] по долго време Ахајците конечно биле способни сами да ги бијат сопствените битки. Како што истакнува Ф. Волбанк, иако долгорочно ваквиот чекор кон независност и воено јакнење на Ахајците прераснал во важна причина за растурање на Симахијата, во дадениот момент претставувал добредојдено олеснување за и онака оптоварените сили на Филип.[3]

*Крајот на Ајтолската војна*. Главна карактеристика за следните две години е комплетната пасивност, или подобро кажано отсутност на Римјнаните,[4] па воопшто не изненадува што Филип продолжил да реди успеси, чие поточно датирање е невозможно, па дури и не може да се каже кој настан во која година да се датира.[5] Во секој случај, почетокот на крајот за Ајтолците претставувал падот на Закинт, што Филип успеал да го освои во 207 г. ст.е. Истата година и Филопојмен на чело на новата ахајска војска успеал да го порази Маханида, при што овој го загубил и животот.[6] Со принудното заминување на Атал претходната година, и сега со загинувањето на Маханида, на Ајтолците не им преостанувало ништо друго освен да испратат очајнички повик до Римјаните за итни засилувања. На нивна несреќа, Римјнаните не презеле ништо,[7] а по победата над Хаздрубал, кога текот на војната и дефинитивно се свртел против Ханибал, се чини дека тие биле уште помалку заинтересирани за состојбите во Хелада.

Истата година повторно се појавиле делегатите на Птолемај, Хиос, Митилена и Аминандар од Атаманија, и најверојатно Родос[8] кои уште за време на пролетното панајтолско собрание, се обиделе да посредуваат во склучување на сеопфатен мир,[9] но

---

дејствувала бројна римска војска или е дело на некој аналист кој се обидувал да го обели образот на Римјаните, или пак резултат на хронолошка мешаница кај Апијан. *v. infra*.

[1] За тоа дека и нападот на Маханида треба да се датира истата есен *v.* WALBANK 1940: 98 n.2.

[2] За воените реформи на Филопојмен *v.* ANDERSON 1967; ERRINGTON 1969: 62ff.

[3] WALBANK 1940: 98.

[4] Liv., xxix.12.1: Neglectae eo biennio res in Graecia erant. *v.* Дополнување (15).

[5] За различни решенија за главните хронолошки прашања *v.* DE SANCTIS 1917: 430, 444; WALBANK 1940: 98f., 305f. (кои и освојувањето на Закинт и походот на Термон ги датираат во 207 г. ст.е.), *contra* HAMMOND 1988: 405ff.; OOST 1957: 4 (кои походот на Термон го датираат во 206 г. ст.е. и чија хронологија ја земам за нешто поверојатна).

[6] Polyb., xi.11-18. *HCP II*: ad loc.

[7] *v.* Дополнување (16).

[8] Родос не се споменува кај Апијан, но доколку Трасикрат навистина бил од Родос, тогаш и оваа година делегатите од Родос биле присутни.

[9] Главен извор за преговорите во 207 г. ст.е. е Апијан (*Mak.*, 3.1), чиј приказ е крајно проблематичен. Не само во претходните поглавја, туку токму и во овој дел има сериозни фактографски грешки, а што е уште позагрижувачко, не е исклучено дека станува збор за

обидот пропаднал бидејќи Галба, кој се противел на постигнување мир, ги саботирал преговорите и го убедил Сенатот да се прекинат преговорите. На есенската Термика, преговорите повторно биле обновени, но овој пат во исклучително анитримско расположение, најдобро засведочено во говорот на Трасикрат.[1] Иако се чинело дека условите се поволни за склучување на мир, од некоја причина, што за жал не се споменува во изворите, преговорите и овој пат пропаднале.

Очигледно, и покрај сите неуспеси и удари што ги претпеле, Ајтолците сè уште не ги напуштала волјата да ја продолжат борбата. Најверојатно имајќи го токму овој факт во предвид, Филип одлучил да им зададе удар што конечно ќе ги убеди дека понатамошното давање на отпор е бесмислено. Затоа, пролетта 206 г. ст.е.,[2] на Аминандар му го отстапил Закинт, а во замена добил дозвола со својата војска да мине низ Атаманија.[3] Преку Атаманија, Филип неочекувано се пробил во Ајтолија и по втор пат го ограбил и опустошил Термон, при тоа уништувајќи сè што било поштедено при претходното освојување. Овој поход конечно го скршил отпорот на Ајтолците,[4] кои на есенската Термика,[5] (веројатно) со посредство на неутралните делегати,[6] склучиле мир со Филип. Иако одредбите од договорот не се зачувани, основниот принцип најверојатно бил признавање на моменталниот status quo.[7] Мировниот договор ги опфаќал Филип и Симахијата од една и Ајтолците и нивните сојузници – Спарта, Елида и Месенија од друга страна.

---

намерно извртување на фактите за да се подобри римскиот углед. Од друга страна, се чини дека приказот барем делумно се базира на Полибиј, така што не може во целост да се игнорира (Eckstein 2008: 105). Преговорите се споменуваат и кај Dio., xvii.58; Zon., ix.11. Детална анализа на преговорите во 207 г. ст.е. кај Eckstein 2002: 284ff.

[1] Говорот на Трасикрат е сочуван кај Polyb., xi.4-6. За детална анализа *v. HCP II*: ad loc.; Pédech 1964: 268f. Иако потеклото на Трасикрат никаде не е наведено, од содржината на самиот говор се чини веројатно дека станува збор за делегатот од Родос. *v.* Eckstein 2002: 288 n.66. Волбанк (*HCP II*: 275), иако прифаќа дека делегатот најверојатно е од Родос, признава дека аргументите за ваквата идентификација не се премногу убедливи. Од друга страна, Errington 1969a: 167, несомнено е во право кога вели дека аргументите за ваквата идентификација ни од далеку не се убедливи и истакнува дека исто толку е веројатно да станува збор за делегатот на Птолемај. И Champion 2004: 56, истакнува дека идентификацијата воопшто не е сигурна.

[2] Oost 1957: 4.

[3] Oost 1957: 3f., најверојатно е во право кога претпоставува дека ваквата радикална промена во позицијата на Аминандар не била резултат на рамноправен договор, туку дека Филип од позиција на неспорна надмоќ му го наметнал на владетелот на Атаманија. Според ваквото толкување, отстапувањето на Закинт се должело на фактот што Филип, свесен за својата инфериорност на море се сомневал дека долгорочно ќе биде во можност да го задржи островот, па оценил дека е мала цена за да се ублажи фактот што договорот му бил наметнат на Аминандар.

[4] *v.* Дополнување (17).

[5] Иако некои современи историчари претпоставуваат дека мирот бил склучен на пролетната Панајтолика, се чини дека ова датирање не остава доволно време за договорот меѓу Филип и Аминандар, и потоа походот на Филип на Термон. Затоа ја прифаќам претпоставката на мнозинството историчари дека мирот сепак бил склучен на есенската Термика. За природата на ајтолските собранија, *v.* Larsen 1952.

[6] *v.* Дополнување (18).

[7] *v.* Дополнување (19).

Со тоа завршило и второто одмерување на силите меѓу Филип и Ајтолците, овој пат со уште поубедлива победа на кралот. Тој не само што уште еднаш докажал дека ниту една сила во Хелада не може да се мери со македонската војска, туку и постигнал значителни успеси во Тесалија и средна Хелада, каде македонската позиција била дополнително зацврстена; а поразот што Ајтолците и нивните сојузници го претрпеле бил поголем одошто во 217 г. ст.е.

*Крајот на I Македонска војна*. Но, во очите на Филип, најголемата придобивка веројатно се состоела во тоа што конечно се ослободил од војната во Хелада, и по шест години повторно бил во можност да се сврти на север. Ова било до толку поважно зашто со победите кај Метаур во Италија (207) и Илипа во Хиспанија (206), исходот од II Пунска војна веќе бил јасен, а единствено било прашање на време кога Ханибал и Картагина ќе бидат принудени да капитулираат. Поради тоа, било поважно од кога и да е, Филип да биде слободен да дејствува на север, не само за да ги продолжи успесите од 213-212 г. ст.е., туку уште поважно, да може да се соочи со евентуалната војска што Републиката, по пребродувањето на последната криза во 207 г. ст.е., секако била во можност да ја испрати.[1]

Со оглед на тоа што мирот со Ајтолија бил постигнат кон крајот на бојната сезона, не е веројатно дека Филип имал доволно време за веднаш да дејствува во Илирија.[2] Во секој случај, набрзо се покажало дека одлуката на Филип да склучи мир со Ајтолија пред да успее да го зададе смртниот удар е сосема на место, зашто на почетокот на 205 г. ст.е. Сенатот префрлил 11.000 војници[3] и 35 пентери во Епидамнос, под команда на Семпрониј Тудитан.[4] Сенаторите се чини конечно сфатиле дека предолго ги занемариле состојбите во Хелада и сега биле подготвени да испратат позначителна војска како доказ за нивната посветеност на борбата против Филип.

Силите со кои располагал Тудитан несомнено биле несоодветни за тој самостојно да ја продолжи војната,[5] но тоа не ни била замислата; главната цел била да се демонстрира доволно посветеност за повторно да се поттикнат Ајтолците да се вклучат во војната. И покрај тоа, Тудитан ја презел иницијативата, и откако поттикнал бунт кај Партините и нивните соседи, почнал да го опсадува Димале.[6] Но, ослободен од обврските кон сојузниците во Хелада, Филип сега бил во можност поагресивно да одговори на предизвикот и со засилен марш се појавил пред Аполонија, чија околина почнал да ја пустоши. Поради тоа, Тудитан се повлекол во Аполонија, а легатот

[1] *v*. Дополнување (20).
[2] WALBANK 1940: 305.
[3] 10.000 пешадинци и 1.000 коњаници.
[4] Изворите за дејствувањето на Тудитан во 205 г. ст.е. се собрани во *MRR I*: 303.
[5] *cf*. HOLLEAUX 1921: 285.
[6] Liv., xxix.12.3.

Лајториј со дел од војската и 15 бродови го испратил во Ајтолија. Но, бидејќи се покажало дека Ајтолците не може да се разубедат, двете страни западнале во пат позиција. Од една страна Тудитан не се осмелувал со силите што му биле на располагање да се судри во отворена битка со Филип, кој пак од своја страна, бидејќи не располагал со флота, немал изгледи да ја освои Аполонија.

Полека и на двете страни им станувало јасно дека продолжувањето на војната е бесцелно. Благодарение на мудрата одлука на Лајвин, Филип ја пропуштил можноста за непречено ширење во Илирија во годините кога II Пунска војна влегувала во критичната фаза; од друга страна, во ситуација кога Римјаните се подготвувале за завршната фаза од II Пунска војна, односно нападот во Африка, продолжувањето на војната против Филип, без помош од Ајтолците, претставувало непотребно оптоварување на човечките и материјални ресурси.[1]

Првиот чекор го презеле Епирците,[2] чија економија се чини посебно страдала поради војната. Иницијативата наишла на поволен прием кај завојуваните страни, па Филип и Тудитан конечно се сретнале во Фојника, главниот град на Хаонците. Преговорите минале без поголеми проблеми бидејќи и двете страни биле заинтересирани за приврштување на војната. Одредбите во договорот се однесуваат единствено на состојбите во Илирија,[3] што е и единствената област каде македонските и римските интереси директно се вкрстувале. Било одлучено Филип да ги предаде Партините и Димале, како и градовите Баргулум и Евгениум,[4] но доколку Сенатот одобри (како што и направил) да ги задржи Атинтаните. Бидејќи останатите области освоени во периодот 213-212 г. ст.е. не се споменуваат, се претпоставува дека тие му биле препуштени на Филип.[5]

Ливиј дава листа на сојузници на двете страни што биле допишани во договорот (*foederi adscripti*): на македонската страна тоа биле Прусија од Битинија и членките на Симахијата (Ахаја, Бојотија, Тесалија, Акарнанија и Епир), додека пак на римската страна биле Атал од Пергам, Плеурат, Набид од Спарта, Елида и Месенија, а

---

[1] *cf.* ERRINGTON 1989: 104.
[2] Меѓу научниците нема согласност за тоа дали Епирците зеле активно учество во војната или пак биле неутрални. *v.* HAMMOND 1967: 610 n.2; *HCP II*: 177f.; CABANES 1976: 254ff. Проблемот се состои во тоа што од една страна, во изворите Епирците недвосмислено фигурираат меѓу сојузниците на Филип; но од друга, во текот на целата војна нема податоци за операции во Епир, што е изненадувачки со оглед на позицијата на Епир. Згора на тоа, кога Акарнанците се одлучиле на очајнички отпор против ајтолската војска, воено неспособниот дел од населението го испратиле токму во Епир. Според тоа, претпоставката дека Епирците издејствувале некаков неформален договор за неутралност не може да се отфрли.
[3] Liv., xxix.12.13-15.
[4] Овие два града не се споменуваат на друго место, а иако нивната локација не е позната, најверојатно се наоѓале во областите каде дејствувал Тудитан во 205 г. ст.е. ERRINGTON 1989: 104, претпоставува дека станува збор за утврдувања што Тудитан ги зазел во текот на својата камапања. Но, доколку е тоа така, зошто воопшто имало потреба да се споменат во договорот?
[5] *v.* Дополнување (21).

можеби и Илиј. Иако во листата е вклучена и Атина, во овој случај најверојатно станува збор за подоцнежно вметнување од страна на некој аналист.[1]

Последниот проблем на кој на кратко мора да се посвети внимание е прашањето за намерите на потписниците, односно дали станувало збор за мировен договор што и двете страни го земале како дефинитивна разрешница на војната, или пак само како можност да се земе здив пред следната пресметка. Што се однесува до Филип, неговата политика и активности во следните неколку годнини, односно целосното свртување на исток и кон Егесјкиот басен, покажуваат дека во суштина ценел дека проблемот со Рим е разрешен, па и тој и Римјаните може да продолжат по својот пат без при тоа да се очекуваат сериозни недоразбирања и конфликти. Што се однесува пак до Римјаните, прашањето не е толку едноставно, за што сведочи и разединетоста меѓу современите историчари. Според едни, Римјаните го потпишале договорот со искрени намера да се зачува мирот, без да планираат да пресметка со Филип во иднина.[2] Како што истакнува Ф. Волбанк, како што се појавиле во Хелада, тие така и си заминале, без било какви територијални или економски амбиции, и без било каква намера да се вратат во иднина.[3] Според други пак, Римјаните единствено сакале да добијат на време додека не расчистат и дефинитивно со Ханибал, пред да ги израмнат сметките со Филип и да му наплатат за подмолниот сојуз од 215 г. ст.е. со смртниот непријател на Републиката.[4] И двете страни имаат неколку аргументи што даваат тежина на нивните заклучоци и тоа во суштина не изненадува. Тоа што изненадува е што сите овие големи историчари, заборавиле еден едноставен и очигледен факт, што и самите во повеќе прилики го потенцирале при анализата на други собитија. Тоа е дека Сенатот, според својот состав и начин на функционирање не претставувал монолитно тело со секогаш идентични гледишта, сфаќања и можни решенија. Одлуките што се донесувале не ретко не биле директно инспирирани од контретните проблеми, туку од многу подлабока поделеност во самиот Сенат, каде личните амбиции и интересите на политичката групација на која припаѓале имале многу позначајна улога.[5]

Според тоа, да се каже дека Римјаните немале никакви задни намери при потпишувањето на мирот во Фојника, и воопшто немале намера да му се реваншираат на Филип, би било исто толку погрешно како и да се тврди дека за нив мирот во Фојника претставувал само краток одмор пред конечно да се расчисти и со Филип. Не

[1] *v.* Дополнување (22).
[2] *e.g.* Walbank 1940: 105; Holleaux 1921: 286ff.; Gruen 1984: 381f. n.131; Eckstein 2008: 114f.
[3] Walbank 1940: 105.
[4] *e.g.* Baldson 1954: 32f.; Harris 1979: 207ff.; Errington 1989: 106; Derow 2003: 58.
[5] Иако понекогаш дава претерано схематизиран преглед на групациите и превирањата во римската политичка елита, прегледот на Scullard 1951, и понатаму е од огромна вредност при анализата на римската политка во овој период. Исто така, иако кратка, и анализата на Astin 1968, е од голема полза за разбирање на начинот на кој се донесувале одлуките во Републиката.

се сомневам дека дел од сенаторите секако посакувале пресметка со Филип, особено оние што служеле во оваа војна, каде лишени од адекватни средства не можеле да постигнат ништо позначајно, а со тоа и да се изборат за триумфи и зголемување на сопствениот углед и позиција во склоп на римската елита. Најдобар показател за тоа е што Галба ги одбил обидите за медијација и го саботирал собирот во 207 г. ст.е., и што Тудитан се согласил на преговори дури откако станало јасно дека Ајтолците немаат намера повторно да се вклучат во војната. Од друга страна, за оние што главно се бореле во Италија, Хиспанија и на крајот во Африка, балканското боиште веројатно никогаш не било ништо повеќе од иритација и одвлекување на вниманието и на силите. Поголемиот дел од нив веројатно воопшто и не размислувале за Филип, а уште помалку пак планирале некаква одмазничка војна.

* * * * *

Како ќе продолжат односите меѓу Рим и Македонија, не зависело само од нивните директни односи и постапки, туку и од постапките и решенијата на сите засегнати фактори во регионот. Во таа смисла, договорот во Фојника можел но и не морал да претставува основа за долготраен мир меѓу Рим и Македонија. Како што ќе се покажат настаните, на крајот ова второво ќе биде точно, но тоа не значи дека почетоците на следниот судир меѓу Рим и Македонија лежат во договорот во Фојника. Но, тоа е веќе прашање што излегува од границите на овој труд.

Во секој случај, со договорот во Фојника завршило првото одмерување меѓу Филип и Рим. Мора да се признае дека навистина е тешко да се оцени степенот на успех што Филип го постигнал во оваа војна. Како што изјавил германскиот генерал Фалкенхајн по победата кај Горлице (1915 г.), „секоја победа на источниот фронт е безначајна ако е постигната по цена на ослабнување на нашите позиции на западниот фронт.“ Веројатно не би било далеку од вистината доколку се претпостави дека и Филип имал слично мислење за исходот од војната. Навистина, во Хелада тој уште еднаш ја покажал својата супериорност, и иако на почетокот се наоѓал во стратешки незавидна позиција, на крајот успеал да ги совлада сите непријатели и благовремено да ги помогне своите сојузници и уште повеќе да ја зацврсти својата позиција со средна Хелада и Тесалија. Но, војната во Хелада неспорно му била наметната од страна на Лајвин. Филип ниту бил подготвен ниту пак посакувал нов судир на југ и бил принуден да интервенира само затоа што било неопходно да се заштити наследството за кое толку многу се бореле неговите претходници.

Уште поважно, успесите на југ биле постигнати на сметка на плановите на север, каде по 212 г. ст.е. Филип во целост ја загубил иницијативата. Кога по

завршувањето на Ајтолската војна тој конечно повторно бил во можност да се сврти на север, веќе било предоцна. Навистина со мирот во Фојника, тој задржал дел од териториите освоени во 213-212 г. ст.е., но тоа ни од далеку не било во оние размери што ги имал на ум во 216 г. ст.е. Згора на тоа, среќниот исход од војната бил постигнат по цена на огромни напори и веројатно на оптоварување на македонската војска до крајни граници; па дури и тоа главно било постигнато благодарение на римската пасивност. Во таа смисла, колку што исходот бил поволен на југ, толку бил разочарувачки на север, и покрај сите човечки и материјални жртви.

Веројатно и на личен план Филип бил разочаран од развојот на настаните. Иако современиците биле импресионирани од неговата енергичност и одлучност, па и од личната пожртвуваност, резултатот од сиот тој напор бил, во најдобрај случај, скромен. Како што беше кажано, кога завршила Сојузничката војна, Филип сѐ уште бил помлад од Филип II и Александар III пред воопшто да стапат на престолот. Дванаесет години подоцна, веќе бил на иста возраст со Александар III кога овој по своите неверојатни успеси умрел. Да бидат работите уште полоши, додека Филип бил преокупиран со оваа, на крајот, бесцелна војна, неговиот современик Антиох III во спектакуларен источен поход го обновувал кралството на Селевкидите, и наскоро го добил епитетот Големиот крал. Навистина, наскоро ќе се покаже дека походот на Антиох повеќе бил спектакуларен одошто суштествено полезен за кралството, но тоа веројатно не ја намалувала горчината кај македонскиот крал кој загубил цела деценија од својот живот во постојана потера на непријателите, без при тоа да постигне успеси што би се мереле со оние на Антиох III.

Па сепак, на крајот ако ништо друго, Филип можел да биде задоволен што по релативна мала цена успеал да се извлече од II Пунска војна и да се ослободи од римската закана. Конечно, по речиси десет години, тој повторно имал слобода на маневрирање и слобода да одлучи во кој правец ќе ја насочи својата енергија – дали кон стабилизирање и консолидирање на сопствената држава што по речиси 20 годишно непрекинато војување несомено имала потреба од одмор, или пак ќе се обиде загубените години забрзано да ги надополни со освојувања во некој друг дел од Балканот и Егејот.

## *(1) Хермократ и Агелај*

Mørkholm 1967; Id. 1974; Hammond 1988: 389f. *contra HCP I*: 629; Walbank 1972: 69 n.11; Deininger 1973; Pédech 1964: 506. Најважен труд за овој проблем што се појави последниве децении секако е оној на Champion 1997, кој заклучува дека би било погрешно говорот да се оквалификува како измислица и лага, туку се темели на личните обзервации, сфаќања и методологија на Полибиј. Не само што не сум сосема убеден од овој заклучок, туку дури и да се прифати, тежината на заклучокот е во однос на историскиот пристап на Полибиј; додека пак што се однесува до содржината и историската вредност на тоа што Агелај го рекол, несомнено станува збор за измислица. *cf.* de Sanctis 1934: 108f., кој ги истакнува сличностите во говорите на Агелај и Хермократ во 424 г. ст.е. (Thuk., iv.59-64; *v.* Hornblower 1996: 220ff.). На ваквиот заклучок Ф. Волбанк (*HCP I*: 629) одговара дека сличностите би можеле да се објаснат со тоа што станувало збор за слични ситуации, без при тоа да се претпостави дека станува збор за реторска композиција на Полибиј. Ваквиот одговор зачудува, зашто и покрај некои површни сличности, двете ситуации суштествено се разликувале. Имено, во 217 г. ст.е., и покрај сите спекулации и претпоставки, факт е дека ниту Рим, ниту Картагина во тој момент не преземале ниту еден чекор против Хелените во Хелада. Напротив, уште во 425 г. ст.е., една атинска ескадра веќе активно дејствувала во јужна Италија, при што дошло и до еден ограничен судир со сиракуската флота, а следната година таа била засилена и со ескадрата на Евримедонт и Софокле, што пристигнала подоцна од планираното поради случувањата кај Пилос и во Коркира. Според тоа, наспроти состојбата во 217 г. ст.е., кога целите и намерите на Рим и Картагина биле само предмет на спекулации, атинските намери во 424 г. ст.е. веќе биле очигледен факт. Згора на тоа, заклучокот на двајцата говорници е во суштина различен; наспроти Хермократ, кој заговарал една чисто „сицилиска“ и во основа дефанзивна политика, што се споредува со Монровата доктрина во САД во XIX век (Bury & Meiggs 1975: 293), заклучната порака на Агелај е за внимателна офанзива што би била преземена во погоден момент. Според тоа, со оглед на тоа што ниту околностите, ниту пак суштината на говорите не е слична, се поставува прашањето зошто би имало толку слични елементи во говорите на Хермократ и Агелај. Од друга страна, иако очигледно бил запознаен барем со теоретските делови, на прв поглед изгледа дека Полибиј немал големо познавање за наративните делови во делото на Тукидид (Hornblower 1996a: 60f.). Ова се чини се потврдува и од фактот што кога го критикува Тимај за неговата верзија на говорот на Хермократ, Полибиј воопшто не го истакнува фактот што таа верзија воопшто не наликува на онаа забележана кај Тукидид (Polyb., xii.25k.5-11; детална анализа на говорот на Хермократ кај Тимај, и критиките на Полибиј кај Baron 2013: 180ff.). Меѓутоа, мора да се земе предвид и фактот што Полибиј не го пренесува говорот на Тимај seratim; напротив, како што истакнува Ф. Волбанк (*HCP II*: 401), Полибиј е прилично селективен, што и му овозможува одредени communes loci извлечени од говорот кај Тимај и без соодветен контекст да ги претстави како смешни. Според тоа, не може со сигурност

да се одреди целосната содржина на говорот на Хермократ кај Тимај (*cf.* BARON 2013: 185 n.61). Всушност, К. Барон истакнува дека со оглед на сличностите во говорот, но и условите во кои е одржан и настаните што претходеле, верзиите кај Тукидид и Тимај се разликуваат од аспект на тоа што точно двајцата историографи одбрале да потенцирааат во целата ситуација, а не толку во прегледот на фактите (BARON 2013: 182, 200). Тој несомнено со право заклучува дека голем дел од овие разлики може да се објаснат со фактот што наспроти Тукидид, Тимај пишува првенствено од сицилиска перспектива, поради што и одредени настани се потенцирани и поврзани различно од тие кај Тукидид (BARON 2013: 182). Со оглед на сето тоа, претпоставката дека Полибиј не бил запознаен со верзијата на Тукидид, губи голем дел од својата убедливост; Полибиј не го споменува Тукидид од едноставна причина што верзиите кај атинскиот историограф и Тимај во суштина и не се разликувале колку што изгледа на прв поглед. Згора на тоа, острицата на нападот на Полибиј се состои во обвинението дека Тимај измислувал и фалсификувал факти. Затоа и не изненадува што тој воопшто и не го споменува Тукидид – таквата евентуална споредба во основа би го негирало токму главното обвинение на Полибиј; доколку и покрај сите разлики меѓу Тимај и Тукидид, нивните верзии во основа биле слични, тоа би значело дека Тимај сепак не го измислил говорот. Според тоа, фактот што Полибиј не се повикува на Тукидид, би можел да се земе како доказ дека тој не бил запознаен со неговата верзија; но исто толку веројатно би можело да се земе како доказ и за тоа дека напротив, сосема свесен за приказот на Тукидид, тој одлучил да го изостави, за неговиот напад на Тимај да изгледа поверојатен и поубедлив.

*(2) Агелај и Деметриј*

HAMMOND 1988: 387. *contra* WALBANK 1972: 69 n.11. Според Ф. Волбанк, сличностите би можеле да се објаснат на повеќе начини, вклучувајќи ја и можноста дека Деметриј, преку Клеоник од Навпакт, извршил влијание врз Ајтолците и предлозите што тие ги изнеле. Како што тој признава, станува збор само за хипотеза што не може да се поткрепи со ниту еден доказ. Но, токму ваквите хипотези на истакнати и влијателни историчари во белешки се посебно опасни зашто лесно може потоа да го најдат патот во делата на подоцнежните научници, при што од хипотези лесно стануваат општо познати факти. Така на пример CHAMPION 1997: 119, вели „It is possible that Demetrius relayed Philip’s western plans to the Aetolian peace party, despite the Macedonian king’s imperative of silence.“ Така, кога една хипотеза изнесена во забелешка наеднаш е веројатност, станува збор за сериозен и квалитативен скок во толкувањето. Затоа е неопходно да се расчисти со оваа хипотеза. За Деметриј, кој само од неодамна влегол во најтесниот круг на кралски советници, ваквиот чекор би претставувал извонреден ризик – не само што тој ја игнорирал наредбата на кралот да молчи за тоа што го дознал, туку и влегол во директна комуникација со непријателот. Со оглед на тоа што само една година претходно Мегалеа бил осуден токму поради предавничката преписка со Ајтолците, делува неверојатно дека Деметриј би се изложил на истиот ризик и грешка. Уште поважно, за да може да се прифати оваа претпоставка, прво мора без резерва да се прифати претпоставката дека советот на Деметриј е автентичен. Со други зборови, едната претпоставка се користи како аргумент за

да се поткрепи втората, за потоа оваа да се искористи како аргумент за првата. Пристапот е интересен и имагинативен, но методолошки апсолутно неприфатлив. Ова е до толку позначајно, зашто како што веќе беше кажано, Полибиј немал никаков начин и пристап да дознае што било кажано меѓу Филип и Деметриј. Според тоа, доколку разговорот меѓу Филип и Деметриј е дело на Полибиј, и не се темели на фактите, а истовремено споделува низа значајни карактеристики со говорот на Агелај, многу е поверојатно дека и говорот произлегува од перото на Полибиј, наместо обратното.

*(3) Скердилаида и нападот во 222 г. ст.е.*

Coppola 1993: 128, претпоставува дека Скердилаида можеби бил меѓу оние што во тоа време му пристапиле на Рим. Иако од изворите е јасно дека тој немал официјален договор со Рим, претпоставката сама за себе не е невозможна. Меѓутоа, Šašel Kos 2002: 148f. несомнено оди предалеку кога врз основа на претпоставката дека тој соработувал со Римјаните, претпоставува дека токму Илирите на Скердилаида се одговорни за големиот напад на Макаедонија во 222 г. ст.е. што го принудило Антигон Досон итно да се врати од Пелопонес. Ова на индиректен начин претставува воскреснување на старата претпоставка на Дројзен дека зад илирскиот напад од 222 г. ст.е. можеби се крие Рим (Droysen 1885: 584 n.1). И претпоставката дека Рим стои зад илирскиот напад, и дека Скердилаида бил предводник не делуваат мошне веројатно. Што се однесува до идејата дека Рим е одговорен за нападот, Holleaux 1928: 843 n.1. со право истакнува дека ако Римјаните ги поттикнале Илирите на напад зашто во тоа време биле загрижени за тамошните состојби, тогаш не може да се објасни нивната незаинтересираност за постапките на Деметриј и фактот што одлучиле да интервенираат против него дури во 219 г. ст.е. Од друга страна, доколку Скердилаида го предводел нападот, тогаш чудно е што Полибиј не го споменува тоа, со оглед на тоа што тој секако знае за Скердилаида и повеќе пати го споменува во своето дело. Напротив, фактот што при описот на оваа инвазија тој само ги нарекува *Illyrioi* (Polyb., ii.70.1., 6), без при тоа да посочи барем од каде доаѓале, попрво упатува на заклучок дека станувало збор за спонтан обид да се искористи долгото отсуство на кралот од Македонија.

*(4) Силите на Филип во 216 г. ст.е.*

Бројката од околу 5.000 војници е предложена од Holleaux 1921: 176 n.1., што е прифатено inter alios од Walbank 1940: 69; Hammond 1988: 392. Од Полибиј дознаваме дека капацитетот на една лемба бил приближно 50 членови (ii.3.1). Меѓутоа две години подоцна, при нападот на Аполонија Филип имал *lembi biremes* (Liv., xxiv.40.2). Според Hammond 1988: 395, најверојатно станува збор за лемби со двајца веслачи на едно весло, со што и капацитетот на лембата би бил двојно зголемен. Навистина, за походот од 216 г. ст.е. Полибиј споменува само лемби. Меѓутоа исто така е очигледно дека Филип не претрпел никакви загуби во таа ситуација и не гледам причина зошто од почеток би градел нова флота од лемби, како што на пример претпоставува Hammond 1988: 395. Според тоа, доколку станува збор за истата флота, војската би броела околу 10.000. Меѓутоа, не смее да се заборави дека немаме доволно

информации за да кажеме што точно означува поимот *lembus biremis* – дали двајца веслачи на едно весло, весла распоредени на две нивоа, без при тоа да се инсистира на зголемување на капацитетот, или пак двојно повеќе весла распоредени на две нивоа. За разните варијанти во дизајнот, вооружувањето и екипирањето на лембите *v.* CASSON 1995: 125ff.

### *(5) iterato uictos*

Liv., xxiii.33.4. *cf.* Just., xxix.4.1. Во македонскиот превод, изразот Igitur Philippus, cum iterato uictos a Poenis Romanos didicisset etc., е преведен „Филип, кога разбрал дека Римјаните и по втор пат во битка се победени од Пуните итн.“ Кога ова би било точно, тогаш според Јустин, Филип одлучил да застане на страната на Ханибал по битката кај Требија, или поверојатно Трасименското езеро (зависно од тоа дали Тикинин ќе се вброи како регуларна битка; Ливиј вели postquam tertia iam pugna, што покажува дека ни тој не го вбројува судирот кај Тикинин како регуларна битка). Меѓутоа, несомнено станува за грешка во преводот со оглед на тоа што во продолжение Јустин вели дека Филип веднаш испратил пратеништво кај Ханибал, а тоа се случило дури по битката кај Кана. Впрочем, адвербот iterato, истовремено може да значи и „повторно“ (*v. OLD* s.v. *iterato*), што е соодветното значење во овој контекст: „Филип, кога разбрал дека Римјаните повторно се поразени од Пуните итн.“

### *(6) Римските amici во договорот со Ханибал*

*contra* ECKSTEIN 2008: 84, според кого со оваа одредба споменатите заедници би му припаднале на Филип. Несомнено ова претставува претерано слободно толкување на текстот. Би можело да се каже дека со оглед на развојот на ситуацијата, и односот на силите на теренот, овие заедници му биле препуштени на Филип, но никако и да се тврди дека тие му биле недвосмислено доделени со одредбата од договорот. Од друга страна, Ф. Волбанк, истакнува дека иако идниот статус на споменатите заедници не е дефиниран, Филип секако се надевал дека до потпишувањето на мирот, веќе ќе ги има ставено под своја контрола (*HCP II*: 55). Се рабира, ваквото толкување не може да се исклучи, меѓутоа повторно мора да се истакне дека од самиот договор очигледно е дека и двете страни очекуваат скорешен крај на војната. Во тие услови, зачудува што Филип, во очекување во секој момент да дознае дека Рим капитулирал, не побрзал со освојувањето на заедниците што му биле подостапни, а со тоа и полесни за освојување, како што се Партините, Атинтаните, и Димале. Па сепак, тој повторно се нафатил со неспоредливо поризичниот потфат за освојување на Аполонија, а можеби претходно и Коркира. Ваквото однесување не делува многу разумно доколку се претпостави дека Филип брзал да освои што е можно повеќе од споменатите заедници пред постигнувањето на мировен договор меѓу Рим и Ханибал.

### *(7) Опасноста од Рим во случај на пунска победа*

На прв поглед ова можеби делува наивно и смешно, зашто по евентуалниот пораз во II Пунска војна, Римјаните никако не би биле во можност да интервенираат во Илирија. Меѓутоа,

токму примерите на Картагина по I Пунска војна, а подоцна и на Филип по II Македонска војна, најдобро покажуваат дека зависно од конечниот исход и одредби од мировните договори, дури и поразените страни сè уште имале капацитет за освојувачки војни. Ова било до толку поважно за Филип бидејќи со евентуален пораз од Картагина, Рим би морал својата шанса да ја бара на исток. Најдобар показател дека станувало збор за ситуација што и Филип и Ханибал ја земале за сосема возможна е одредбата за меѓусебна помош во случај на нова војна со Рим. Во тој контекст, токму тука лежело значењето на Филип во повоената ситуација, барем кога станува збор за Илирија и Балканот воопшто. Тој би ја имал улогата што подоцна Римјаните ќе му ја доделат на Масиниса во Африка, односно би служел како брана и гаранција против евентуалното ширење, а со тоа и консолидирање на Рим на истокот.

### *(8) Нападот на Коркира во 215 г. ст.е.*

Зонара (ix.9.2) и Апијан (*Mak.*, 1) споменуваат напад на Коркира во 215 г. ст.е. Автентичноста на приказот е прифатена *inter alios* од NIESE 1899: 468; GEYER *RE* XIV.1 (1928), s.v. Makedonia cols. 747-8; HAMMOND 1988: 395 n.2; ECKSTEIN 2008: 86 (резервирано). Приказот е отфрлен од HOLLEAUX 1921: 185 n.1, кој верува дека станува збор за дублет на експедицијата од 216 г. ст.е., што е прифатено и од WALBANK 1940: 299, кој ја истакнува спротивноста меѓу овие два прикази и изјавата на Ливиј (xxiii.39.4) дека Филип, поради заробувањето на пратениците, не знаел кои се одредбите од договорот и затоа не можел да преземе ништо сè додека летото не изминало. Овој аргумент би бил уште позначаен доколку зад Ливиј стои приказот на Полибиј, но тоа за жал не може со сигурност да се утврди. Според Ф. Волбанк станува збор за аналистички извор, додека пак според Н. Хамонд, изворот е Полибиј. Иако не може да се донесе заклучок со сигурност, следната реченица кај Ливиј: tantum nauis una capta cum legatis momenti fecit ad dilationem imminentis Romanis belli, несомнено наликува на честите дигресии и коментари на Полибиј за значењето на *Tykhe*, и овој аспект со право е истакнат од Н. Хамонд, со чиј заклучок, барем во поглед на изворот на Ливиј се согласувам. Но, ако било што, тогаш овој заклучок уште повеќе ја истакнува спротивноста меѓу приказите на Апијан и Зонара од една, и Ливиј (односно Полибиј) од друга страна. Згора на тоа, приказот на Зонара очигледно е преземен од аналистички извор и ја рефлектира хистеријата меѓу аналистите за опасноста од македонски напад на Италија. Имено, според него, Коркира била само попатна дестинација на Филип, кој всушност се упатил кон Италија. Ова јасно покажува дека приказот на Зонара нема никаква вредност. Од друга страна, според Апијан, Филип разгневен од заробувањето на пратениците, ја нападнал Коркира бидејќи таа била сојузник на Рим. Меѓутоа, како што беше истакнато во неколку наврати, Рим во тоа време немал ниту еден официјален сојузник на истокот. Згора на тоа, индикативна е и изјавата на Ливиј, кој за настаните во 214 г. ст.е. вели eadem aestate et cum Philippo rege, quod iam ante suspectum fuerat, motum bellum est (xxiv.40.1). Се разбира, станува збор за борбите околу Орик и Аполонија, меѓутоа, доколку се земе предвид римската интервенција во 214 г. ст.е. околу овие градови, се поставува прашањето, зошто Лајвин не реагирал претходната година при нападот на Коркира, или доколку не бил подготвен, зошто тоа не го сторил на почетокот на 214 г. ст.е. Зашто стратешкото значење на

Коркира за одбраната на Италија не е ништо помало од она на Орик и Аполонија; напротив, како што истакнува HAMMOND 1988: 394, контролата на Коркира бил еден од предусловите за евентуално испраќање на македонски сили во Италија. Според тоа, доколку Филип навистина ја нападнал Коркира и дури успеал да ја освои (како што мисли HAMMOND 1988: 395 n.2), зачудува што овој потфат, што би бил можеби најсилниот аргумент за желбата на Филип што е можно побрзо да се вклучи во војната, не е подетално прикажан во античките извори, а во прв ред кај Ливиј.

*(9) Дамип Лакедајмонецот и падот на Тарент*

Според BADIAN 1958: 56, клучниот настан што ги поттикнал Римјаните да побараат сојуз со Ајтолците е заробувањето на Дамип Лакедајмонецот, кој од Сиракуса бил испратен кај Филип (Liv., xxv.23.8). Меѓутоа, Ливиј не соопштува од која причина Дамип се упатил кај Филип; а дури и да се претпостави дека целта била да се побара помош од кралот, тоа повеќе зборува за очајната ситуација во која западнала Сиракуса, одошто за плановите на Филип (*cf.* WALBANK 1940: 82). Бадијан исто така го прифаќа и толкувањето на Ливиј дека една од главните причини поради кои Ханибал бил решен да го освои Тарент е желбата да се освои пристаниште каде Филип би можел да се истовари (Liv., xxiv.13.5). Дури и за момент да се заборават сите практични потешкотии за евентуалното преминување на Филип во Италија, толкувањето на Ливиј е крајно нелогично. Тарент ниту лежи наспроти Хелада (како што истакнува Ливиј), ниту пак е мошне погоден за евентуалното префрлување на Филип. Доколку Ханибал сакал да обезбеди соодветно пристаниште, каде Филип со леснотија би можел да се истовари, тогаш тој бездруго би го насочил сето свое внимание и енергија кон Брундисиј, а не Тарент. Напротив, стратешкото значење на Тарент е неспоредливо поголемо доколку се земе предвид линијата Картагина-Сикилија-јужна Италија, односно воспоставувањето на директна врска со Картагина. И навистина, по неуспешниот обид да се донесат засилувања во Сиракуса, Бомилкар со својата флота се упатил токму кон Тарент. Според тоа, кога Ханибал се обидувал да се стекне со стратешки важно пристаниште, тоа го правел со цел да отвори комуникација со Картагина, а не со Македонија. *contra* FRONDA 2011: 255, кој исто така го прифаќа толкувањето на Ливиј. Дека важноста на Тарент пред сè лежела во комуникацијата со Картагина говори и фактот што по падот на Тарент, Ханибал за прв пат признал дека во тој момент со расположливите сили не е во можност да завладее со Италија (Plut., *Fab.* 23.1). HOYOS 2003: 145, можеби е во право кога истакнува дека ваквото признание веројатно се должи на депримираноста на Ханибал по падот на градот, но дури и да е така, контекстот и импликациите од признанието се јасни. Во таа прилика Ханибал секако не мислел на евентуалната помош од Македонија, туку секако од засилувањата што би ги очекувал од Африка. За можниот триаголен сообраќај Картагина-Сиракуса-јужна Италија *v.* STEINBY 2007: 122f.

*(10) Синтија*

Проблемот со убикацијата на Синтија останува неразрешен. Целата ситуација непотребно дополнително е искомплицирана со тоа што повеќето современи историчари (e.g.

NIESE 1899: 478 n.3; DE SANCTIS 1917: 418 n.54; WALBANK 1940: 85 n.4) овој град го поистоветуваат со Синтија што се споменува кај Стефан Бизантиски (Steph. Byz., s.v. Σιντία). Меѓутоа, како што PAPAZOGLU 1969: 117, со право укажува, градот што се споменува кај Стефан Бизантиски се наоѓа во источна Македонија (*cf.* HAMMOND 1972: 198 n.2) и поради тоа ја зема како сосема возможна претпоставката дека станува збор за грешка во текстот на Ливиј (xxvi.25.3) и наместо Dardanorum urbem Sintiam, би требало да пишува Dardanorum urbem finitimam. Во секој случај, со оглед на тоа што Билазора била во македонски раце, а Дарданците во овој период соработувале со Илирите, дарданскиот град би требало да се локализира некаде на западната граница на Пелагонија, на патот што од тетовската област водел во Македонија (PAPAZOGLU 1969: 117); слично и HAMMOND 1988: 401, градот го лоцира во близината на Гостивар.

### *(11) Вклучувањето на Атал*

Не може со сигурност да се каже кои биле мотивите што го навеле Атал да се вклучи во војната. Според WILCKEN *RE* II.2. (1896), s.v. Attalos (9), col. 2163, Атал бил загрижен и стравувал од евентуалните источни планови на Филип. Според DE SANCTIS 1917: 415f., главниот мотив бил тоа што Антигонидите биле традиционални сојузници на Селевкидите. Сепак, најверојатно е толкувањето дека откако Антиох III успеал да го совлада Ахај, сигурноста на Пергам за момент била обезбедена, но тоа истовремено значело и дека плановите за ширење во Мала Азија се исто така неостварливи, барем во блиска иднина. Поради тоа Атал одлучил да се сврти на запад, а тоа неизбежно значело и судир со Филип. HOLLEAUX 1921: 204ff. Истовремено, како што истакнува WALBANK 1940: 83 n.1, фактот што Филип и Прусија влегле во сојуз зацврстен со брак (најверојатно) меѓу Прусија и Апама, сестрата на Филип (Polyb., xv.22.1; *HCP II*: ad loc; SEIBERT 1967: 116), претставувал дополнителна причина за непријателството на Атал. KOSMETATU 2003: 163, се чини зазема компромисен став, при што истакнува дека Атал навистина го свртел своето внимание кон Хелада, но тоа било мотивирано од стравот од сојузот меѓу Филип и Прусија.

### *(12) Ајтолската неискреност*

HAMMOND 1988: 403, претпоставува дека во оваа ситуација Филип бил изигран, односно дека Ајтолците воопшто и не планирале да склучат мир, туку целта била да се добие на време додека не пристигнат флотите на Атал и Галба. Ваквиот заклучок не е невозможен, но како што беше споменато Филип и онака се подготвувал за продолжување на војната против Рим и Атал, така што веројатно и не бил посебно изненаден од пристигнувањето на нивните флоти. Од друга страна, присуството на Аминандар можеби упатува на заклучок дека во тој момент Ајтолците навистина се поколебале и биле подготвени да склучат мир. Со оглед на успесите на Филип во претходната година, и особено на двете неодамнешни победи кај Ламија, при што ниту Галба ниту Атал сè уште не се појавиле на бојната сцена, не е неверојатно да се замисли дека во тој момент Ајтолците, изолирани и во суштина принудени на постепено повлекување, искрено размислувале за прекин на војната. Се разбира, појавата на Атал и Галба веднаш го смениле нивното расположение. GRAINGER 1999: 325, со нему карактеристичната пристрасност, условите понудени од Ајтолците ги карактеризира како умерени, и претпоставува дека тие

очекувале Филип да ги прифати, односно вината за прекинот на преговорите ја префла на Филип и неговите сојузници. Воопшто не ми е јасно како може ваквите услови да се опишат како умерени, особено во ситуација кога во изминатите две години во судирите со Филип, Ајтолците ределе само неуспеси.

*(13) Argestaeus campus*

Според Ливиј (xxvii.33.1) Dardanos in Macedoniam effusos Orestidem iam tenere ac descendisse in Argestaeum campum. Точната локација на оваа рамница не може со сигурност да се утврди. *v.* LEAKE 1835: 122; NIESE 1899: 488 n.4; HAMMOND 1972: 110; PAPAZOGLU 1988: 237. Тоа што во секој случај е сосема јасно е дека рамницата се наоѓа во Орестида, *contra* DONEV 2012: 220, кој ја лоцира по течението на Вардар. Меѓутоа, тој иако се повикува на римски извори, всушност не наведува ниеден пример. Ова толкување всушност се заснова на анализата на ЈОСИФОВСКА-ДРАГОЈЕВИЋ 1965: 132ff., која Argestaeus campus го поврзува со ἡ τῶν Ἀργεσταίων πόλις, град што несомнено се наоѓал по течението на Вардар, и претпоставува дека кај античките автори Орестида можеби имала пошироко значење и можеби ја опфаќала областа и на средното течение на Вардар. Колку што ми е познато, Ливиј е единствениот што го споменува Argestaeus campus; а од неговиот приказ сосема е очигледно дека главниот налет на Дарданците бил во Орестида. Од друга страна, без разлика како Орестида била дефинирана кај останатите автори, кај Ливиј околината на Стоби (во чија близина според ЈОСИФОВСКА-ДРАГОЈЕВИЋ 1965: 132, се наоѓал Аргос во Пајонија) е именувана како дел од Пајонија (xxxiii.19.3; xl.21.1; xlv.29.14. *cf.* xxix.53.14). Според тоа, идејата дека средниот ток на Вардар можеби бил вклучен во Орестида губи секакво значење – Ливиј, нашиот единствен извор за Argestaeus campus, прави јасна разлика меѓу Орестида и Пајонија, каде се наоѓал овој Аргос. Згора на тоа, течението на Вардар несомнено било заштитено благодарение на тоа што Билазора била во македонски раце; а дури и да се дозволи дека Дарданците успеале да се провлечат покрај Билазора, тешко е да се замисли како успеале и успешно да се повлечат иако биле оптоварени со огромниот плен, доколку нивната маршрута била по течението на Вардар, односно во непосредна близина на главното македонско упориште на север. Напротив, од приказот на Ливиј е очигледно дека станувало збор за координирно дејствување на Аероп во Дасаретија, а Дарданците во Орестида, и тешко е да се поверува дека тие од таму успеале да се пробијат сè до вардарската долина. *cf.* PAPAZOGLU 1969: 118, која со право истакнува дека Дарданците упаднале во Орестида или преку Пелагонија и Линкос или пак преку Лихнидос (што со оглед на проблемите со Аероп во Лихнид и Дасаретија ми се чини како поверојатна варијанта). Според тоа, нема никаков сомнеж дека Argestaeus campus се однесува на Argos Oresticon, а не за Аргос во Пајонија. За Аргос во Пајонија, *v.* PAPAZOGLU 1988: 311f.

*(14) Ветувањата на Филип*

На истиот собир на Симахијата, Филип одлучил на Ахаја да и ги препушти Хераја и Трифилија, а на Мегалопол да ја врати Алифејра (Liv., xxviii.8.6). Вообичаено се претпоставува

дека Ливиј тука погрешно го пренел приказот на Полибиј, и дека Филип всушност ветил дека ќе ги отстапи овие места, а тоа не го сторил сè до 199 г. ст.е., односно цела деценија подоцна (*e.g.* WALBANK 1940: 97, 148; HOLLEAUX 1921: 228 n.1). Основа за ваквото мислење е тоа што Ливиј истакнува дека во 199, за да ја зацврсти лојалноста на Ахајците, Филип одлучил да ги врати споменатите места (Liv., xxxii.5.5). Од друга страна, како што заклучува HAMMOND 1988: 405 n.1., што воопшто можел Филип да добие со тоа што би ветил нешто што и онака немал намера да го исполни; и што е уште поважно, ниту Ливиј ниту Полибиј, чие непријателство кон Филип е добро познато, на ниедно место не го обвинуваат за дволичност и одолговлекување по ова прашање. Според тоа, изгледа дека проблемот за тоа што точно било договорено во 208 г. ст.е., и што точно пишувало кај Полибиј, е далеку од разрешен.

*(15) Повлекувањето на легијата*

Според RICH 1984: 153ff. *apud* ECKSTEIN 2002: 284 n.52, дури по кампањата од 208 г. ст.е. Сенатот одлучил да ја повлече легијата што дејствувала во Хелада уште од пристигнувањето на Лајвин. Со оглед на тоа што Галба своевремено оставил дури 4.000 војници во Елида, ова датирање за повлекувањето на легијата делува нешто поверојатно, и делумно ја објаснува целосната пасивност во следните две години. Друга значајна причина за неактивноста барем во 207 г. ст.е. веројатно бил стравот од пристигнувањето на Хаздрубал во Италија (HAMMOND 1988: 406). Меѓутоа, со оглед на тоа што битката кај Метаур е биена на 22 јуни 207 г. ст.е. (HOYOS 2003: 149), останувал уште значителен дел од годината за флотата да може да преземе акции во Хелада. Според тоа, повлекувањето на легијата (доколку навистина се случило во оваа година) делува како позначаен фактор за римската неактивност.

*(16) Римските засилувања во 207 г. ст.е.*

Според App., *Mak.*3.1. по неуспехот на првите преговори во 207 г. ст.е. Сенатот испратил 11.000 војници како помош за Ајтолците. Со помош на овие сили, Ајтолците успеале да ја освојат Амбракија, но Филип набрзо успеал да ја преосвои. Овој приказ е прифатен од HAMMOND 1988: 406f. и RICH 1984: 143f. *apud* ECKSTEIN 2008: 105 n.107. Рич погрешно ја датира експедицијата во 206 г. ст.е., меѓутоа од приказот на Апијан, недвосмислено произлегува дека овие операции се одвивале во периодот меѓу двата обиди за преговори во 207 г. ст.е. Но, тоа и не е толку важно, зашто целиот приказ на Апијан мора да се отфрли, зашто во целост се коси со заклучокот на Ливиј: neglectae eo biennio res in Graecia erant. itaque Philippus Aetolos desertos ab Romanis, cui uni fidebant auxilio, quibus voluit condicionibus ad petendam et paciscendam subegit pacem (xxix.12.1); Philippus Aetolos nequiquam opem Romanorum implorantes depopularetur (xxxii.21.17). Ваквиот приказ на Ливиј е важен и мора да добие предност во однос на приказот на Апијан од две причини. Прво, јасно е дека изворот што го ползувал за овие настани е Полибиј, чиј приказ, барем кога станува збор за настаните во Хелада мора да се претпочита во однос на аналистите; второ и можеби поважно, самиот Ливиј е познат како историограф склон да ги преувеличува римските успеси и да го прикажува римското однесување во многу попозитивно светло одошто навистина било. Според тоа, доколку Ливиј го прифатил приказот

на Полибиј, што не само што не е ласкав и позитивен во однос на Римјаните, туку напротив, крајно негативно се отсликува на римскиот углед и особено римската *fides*, очигледно прифатил дека фактите се јасни и недвосмислени. Дека Ливиј бил свесен за овој проблем може да се заклучи од тоа што тој со претерување истакнува дека римските засилувања итале на помош на Ајтолија, но пристигнале непосредно по постигнувањето на мирот меѓу Филип и Ајтолија. Но, без разлика дали мировниот договор меѓу Филип и Ајтолија бил постигнат на пролетната Панајтолика или пак (поверојатно) на есенската Термика, тоа се случило во 206 г. ст.е., додека пак римските засилувања пристигнале дури во 205 г. ст.е.; така што очигледно е дека Ливиј туку неоправдано и претерано го скратува времето меѓу македонско-ајтолскиот мир и пристигнувањето на римските сили, со цел колку што е можно да се обели образот на Рим. Идејата пак на Хамонд, дека римските сили само кратко време дејствувале пред да се вратат во Италија нема никаква логика и со право е критикувана од Eckstein 2008: 105 n.105. Според тоа, без разлика дали Апијан ползувал некој аналист кој свесно ги извртел фактите за да докаже дека Рим сепак испратил помош во Ајтолија, или пак ја помешал хронологијата па пристигнувањето на Семпрониј Тудитан во 205 г. ст.е., по грешка го сместил во 207 г. ст.е., приказот е бескорисен а податокот погрешен.

### *(17) Походот на Термон*

App Liv., xxxvi.31.11: eam mercedem Amynandro dederat, ut per Athamaniam ducere exercitum in superiorem partem Aetoliae liceret, qua expeditione fractis animis Aetolos compulit ad petendam pacem. Според Hammond 1988: 407 n.2. приказот се однесува на походот во 207 г. ст.е. Иако не е неверојатно дека Филип презел два походи во Ајтолија, (како што претпоставуваат Niese 1899: 495, 500 и Hammond 1988: 406 n.1), не изгледа многу веројатно дека на два пати го освојувал и разрушувал Термон. И во приказот на Ливиј не се споменува конкретно Термон, но фактот што овој поход уследил по договорот со Аминандар, и резултирал со дефинитивно кршење на вољата кај Ајтолците да ја продолжат војната, ми се чини јасно упатува на заклучок дека станува збор за походот од 206 г. ст.е. Од друга страна, мора да се признае дека Хамонд секако е во право кога истакнува дека superiorem partem Aetoliae, најверојатно е превод за τὴν ἄνο Αἰτωλίαν, што би значело дека походот се одвивал во брдскиот дел од Ајтолија, а не низинскиот, каде се наоѓал и Термон.

### *(18) Неутралните делегати во 206 г. ст.е.*

Иако повеќето современи историчари прифаќаат дека неутралните делегати повторно учествувале во преговорите во 206 г. ст.е., тие заклучокот го засноваат на втората медијација кај App., *Mak.*, 3.1. (Walbank 1940: 99; Holleaux 1921: 254f.; Hammond 1988: 407). Меѓутоа, тука е прифатен заклучокот дека втората медијација кај App., *Mak.*, 3.1. се однесува на вторите преговори во 207 го с.т.е., а дека учеството на неутралните делегати во 206 г. ст.е. може да се заклучи врз основа на App., *Mak.*, 4., каде се споменува улогата на Родос при склучувањето на мирот; а доколку Родос учествувал, нема причина да не се претпостави дека и останатите

делегати учествувале при преговорите. *v.* Eckstein 2002: 292f. n.81. (Екстин погрешно го вбројува и Errington 1989: 103, меѓу историчарите што го земаат App., *Mak.*, 3.1., како доказ за учеството на неутралните делегати во 206 г. ст.е. Меѓутоа, Ерингтон не наведува извор за заклучокот дека тие учествувале во преговорите во 206 г. ст.е., додека App., *Mak.*, 3.1., го наведува како извор за преговорите во претходната година).

*(19) Ветувањата на Филип во 206 г. ст.е.*

Главниот проблем во врска со овој договор се однесува на прашањето дали Филип навистина ветил дека на Ајтолците ќе им ги предаде Ехинос, Фтиотидска Теба, Лариса Кремасте и Фарсала, што се заснова на некои подоцнежни брања и тврдења на Ајтолците. Изворите и мислењата на современите историчари детално се проанализаирани кај Walbank 1940: 99ff. кој заклучува дека иако овие градови Филип најверојатно навистина ветил дека ќе ги предаде на Ајтолците, воопшто немал намера да го исполни договорот. Меѓутоа, Fine 1932: 150 n.118, апсолутно е во право кого потенцира дека во тој момент Филип бил во толку надмоќна позиција што тешко е да се поверува дека би се одрекол од овие градови, макар и воопшто да немал намера да го исполни ветувањето. Се чини дека проблемот настанува од тоа што дел од современите историчари на ова прашање му пристапуваат претерано легалистички и формално, при тоа давајќи преголема тежина на ајтолските барања. Како што вели Fine 1932: 149f., ајтолските барања воопшто не почивале на некој оправдан аргумент. Напротив, се чини дека Grainger 1999: 335f., е сосема во право кога претпоставува дека со договорот од 206 г. ст.е. Ајтолците всушност морале да го признаат правото на Филип на контрола над овие градови. Според него, подоцнежните барања на Ајтолците попрво почивале на барањата на протераните жители на овие градови кои се засолниле во Ајтолија, и со тоа давале одредена валидност на ајтолските барања.

*(20) Избрзаниот мир*

*cf.* Walbank 1940: 101f., кој со право ги отфрла критиките на de Sanctis 1917: 431, според кого за Филип ќе било подобро доколку ја продолжел војната со Ајтолија сѐ до конечната и одлучувачка победа. Во основа нема сомнеж дека ваквиот исход би бил несомнено пополезен, меѓутоа во предвид мора да се земат два фактори што во суштина ја оправдуваат одлуката на Филип да склучи мир. Прво, во текот на целото владеење, Филип никогаш не покажал посебно големи амбиции за освојувања во Хелада јужно од Тесалија – како Сојузничката, така и Ајтолската војна му биле наметнати; првата фактички од Арат, кој заради ахајските интереси ја испровоцирал Ајтолија во погрешен момент; а втората од мудрата политика на Лајвин, така што за него било олеснување што се ослободил од иритирачкиот судир што воопшто и не го посакувал и што го спречувал да ги продолжи дејствијата на север. Второ, Филип не можел да знае до кога ќе трае римската пасивност во Хелада, а токму на тој фактор почивале повеќето негови успеси во текот на војната. Според тоа, доколку одлучел да ја продолжи војната, Филип ризикувал значителните придобивки и успеси од последните две години да бидат доведени во прашање во случај ако Рим активно се вклучи во судирот. Впрочем отпорот што Ајтолците ќе го

пружат во текот на војната со Антиох III, покажува дека иако неколку пати сериозно поразени од Филип, инсистирањето на целосна победа би било далеку потешко одошто може да изгледа.

*(21) Лисос*

Посебно е проблематично прашањето за судбината на Аридеите и особено Лисос. Имено, тие не се споменуваат во договорот од 205 г. ст.е., што е зачудувачки со оглед на тоа што уште на конференцијата во Ајгиј, Ајтолците побарале Филип да се повлече од Лисос и да ја препушти контролата над Ардиеите (Liv., xxvii.30.13). Со оглед на тоа што во тој момент Римјаните очигледно биле крајно заинтересирани за состојбата во Илирија, се поставува прашањето, што се сменило за тие да не се споменат при преговорите во Фојника? Gruen 1984: 381 n.130, истакнува дека во случај Филип да бил принуден да се повлече од Лисос и околината на Скодра, римските извори тоа секако би го споменале. Според него, доколку Филип сѐ уште ја контролирал оваа територија, Римјаните можеби воопшто не биле во можност да инсистират тој да се повлече. Со оваа претпоставка Груен всушност си противречи самиот на себе, зашто тој, со право истакнува дека римската активност во I Македонска војна се интензивира токму по падот на Лисос (*v. supra*). Според тоа, доколку Филип бил волен и оценил дека е мудро да ги предаде поблиските Партини и Димале, секако Римјаните можеле барем да се обидат да го убедат да се повлече и од Лисос и околината. Меѓутоа, прашањето е дали Филип воопшто сѐ уште ги контролирал овие области. Проблемот главно се врти околку монетите од скровиштето во Селце (*IGCH* 560), каде меѓу другото има и монети на Скодрините, со типични македонски прикази и симболи (македонски штит со ѕвезда со волутни зраци во средината; коза, молња). Според Evans 1880: 269ff., овие монети биле емитирани во периодот кога овој регион бил под македонска контрола. Ова толкување е отфрлено од May 1946: 49f., кој истакнува дека бронзеното монетоковање на Филип започнува дури по 186 г. ст.е. Ова датирање на бронзените серии со право е критикувано од Hammond 1988: 409f., кој истакнува дека Филип емитирал бронзени монети во текот на целото свое владеење. Иако Хамонд е во право, проблемот е што бронзените серии на Филип се толку бројни, што тешко е да се изгради прецизна хронологија – само за периодот до 197 г. ст.е. идентификувани се 14 серии на бронзени монети (Mørholm 1991: 136). Ако може било каква тежина да се даде на предложените хронологии, се чини дека во периодот до 201 г. ст.е., иако на бронзените монети на Филип се среќаваат бројни прикази и симболи - Зевс, Персеј, Херакле, итн. (*v.* Драганов 2001: nos.721-727), карактеристичниот приказ на штит со ѕвезда со волутни зраци се среќава дури по 187 г. ст.е. (Драганов 2001: no. 737). Доколку оваа поделба е точна (а мора да се признае дека во тоа не можеме да бидеме сигурни), тогаш во периодот на македонска контрола би очекувале прикази на Зевс, Персеј, Херакле итн., но не и на штитот со ѕвезда. Според тоа, иако генералниот заклучок на Меј за бронзените монети на Филип не е точна, барем што се однесува до сериите на штит со ѕвезда со волутни краци, се чини дека неговата забелешка не може лесно да се отфрли. Што е уште поважно, Хамонд воопшто и не се обидува да одговори на вториот и многу посериозен аргумент на Меј, кој истакнува дека сличностите меѓу монетите на Скодрините и Гентиј се толку големи, што не е веројатно дека се одделени со значителен временски интервал. Ова му

било сосема јасно и на Еванс, кој поради тоа почетокот на владеењето на Гентиј го датирал околу 197 г. ст.е., но од изворите е сосема јасно дека Плеурат владеел најмалку до 189 г. ст.е., а веројатно и подолго зашто Гентиј за прв пат се споменува дури во 181 г. ст.е. Според тоа, иако од монетите не може да се донесе цврст заклучок за тоа до кога Филип ги контролирал Лисос и околината, се чини дека аргументите одат нешто повеќе во корист на теоријата на Меј. Овој заклучок веројатно може дополнително да се аргументира и со литерарните извори. Имено, дури и да прифатиме дека Римјаните во 205 г. ст.е. не биле во можност да инсистираат Филип да се повлече од Лисос, тоа секако можеле да го направат во 198 и особено 197 г. ст.е., по битката кај Киноскефала (Gruen 1984: 381 n.130). Уште поважно, доколку Лисос и околината биле под македонска контрола сè до II Македонска војна, би очекувале барем дел од римските легии да дејствуваат токму во тој регион; но во изворите не се споменува нешто такво. Според тоа, со голема доза на резерва, го прифаќам толкувањето дека до мирот во Фојника, Филип веќе немал контрола над Лисос (*cf.* Кабан 1996: 215, кој пак се чини оди во другата крајност па претерува во определбата на територијата под контрола на Скердилаида и Плеурат; *cf.* Šašel Kos 2002: 152). Ако е тоа точно се поставува прашање, кога Македонците се повлекле од овие области. Очигледно повлекувањето мора да се датира во периодот 209-206 г. ст.е. (односно меѓу конференциите во Ајгиј и Фојника). Со оглед на развојот на настаните, периодот од крајот на 209, до крајот на 208 г. ст.е. се чини најверојатен. Токму во тој период и May 1946: 50ff., го датира повлекувањето на македонските сили. Иако се согласувам со заклучокот на Меј, причините што тој ги наведува не делуваат многу убедливо. Имено, според него, примарното стратешко значење на Лисос било во погодноста на пристаништето за соработка со картагинската флота, а кога станало јасно дека до таква соработка нема да дојде, Филип оценил дека е попрактично да се повлече (*cf.* Gruen 1984: 381 n.130, кој има слично мислење и истакнува дека дури и да ја задржал контролата над Лисос, Филип во меѓувреме го загубил интересот за тој регион). Нема сомневање дека за Филип Лисос бил важен како место од каде би можела да започне соработката со пунската флота; дека не го загубил интересот за овој регион во целост дури и по крајот на војната сведочи тоа што некаде во периодот 204-202 г. ст.е. успеал да ја прошири својата власт врз области, што Римјаните подоцна инсистирале тој да ги напушти (*v. infra*). Меѓутоа, Лисос истовремено бил важен и за одржувањето на македонската контрола над околната територија. Згора на тоа, како што веќе беше покажано, дури во 207-206 г. ст.е. станало јасно дека Филип не може да очекува помош од пунската флота; а до тој момент воените дејствија веќе до тој степен се одвивале во корист на Филип што немало никаква потреба тој да се повлекува од било каде. Од друга страна, по кризата на северната граница кон крајот на 209 г. ст.е., кога дел од Дасаретија се нашла под контрола на Аероп, а Орестида била прегазена од Дарданците, сосема е можно Филип да проценил дека одржувањето на гарнизон во далечниот Лисос е многу ризично и во крајна линија непотребно. Од една страна, во дадениот момент, постоела опасност да ја загуби контролата над териториите неопходни заради одржување на контакт со гарнизонот во Лисос, а од друга, кога за следната (208) година се очекувале напади од Атал, Галба, Ајтолците, Дарданците, Тракијците и Илирите, на Филип несомнено му бил потребен секој расположлив војник, така што одржувањето на гарнизон во далечниот Лисос делувало непрактично и бесмислено.

Според тоа, иако од погрешни причини, Меј веројатно е во право кога претпоставува дека Филип се повлекол од Лисос и околината набрзо по конференцијата во Ајгиј. Ова датирање можеби може да помогне и во расветлувањето на проблемот за римската неактивност по 208 г. ст.е. Имено, доколку римската одлука за повлекување на легијата од Хелада навистина е донесена во 208 г. ст.е., тогаш на прв поглед таа е несфатлива, зашто било јасно дека војната влегува во одлучувачката фаза и дека по поразот и повлекувањето на Атал, на Ајтолците им е потребна помош повеќе од кога и да е. Меѓутоа, како што беше истакнато, римското активирање започнува дури во 212-211 г. ст.е., откако Филип го освоил Лисос, па постоела можност за создавање на моќна држава во внатрешност на Балканот, која имала пристап до Јадранското море – нешто што Римјаните биле решени да спречат по секоја цена. Но, доколку Филип навистина се повлекол од Лисос во овој период, тогаш римското однесување станува сосема јасно. Главната цел во вмешувањето во Хелада не била да се порази Филип, туку да се спречи неговото понатамошно ширење во Илирија, а тоа сега очигледно било постигнато. Затоа и Римјаните ги препуштиле Ајтолците на сопствената судбина – за нив главната цел веќе била остварена, а понатамошниот тек од војната не бил од голем интерес. Во таа смисла и пристигнувањето на Тудитан не било со цел да се продолжи војната со Филип до конечниот пораз на Македонија, туку да се спречи кралот да ги продолжи операциите во Илирија, што толку успешно ги водел во 213 и 212 г. ст.е. Кога станало јасно дека за такво нешто Римјаните ќе мора да ангажираат далеку поголеми сили, тие претпочитале набрзина да склучат мир. Филип се чини задржал дел од териториите што ги освоил во Илирија, но Лисос и околината не биле дел од нив.

(22) *foedera adscripti*

Liv., xxix.12.14. Проблемот со списокот на *adscripti* е проанализаиран од речиси секој историчар што обработува некој аспект овој период, и би било непотребно оптоварување во оваа прилика да се наведуваат сите тие дела. Вклучувањето на Елида, Месенија и Набид од Спарта, на прв поглед може да делува изненадувачки со оглед на тоа што овие држави очигледно биле дел од мировниот договор во 206 г. ст.е., зашто во 205 г. ст.е. не се споменуваат никакви операции на Пелопонес (*cf.* HOLLEAUX 1921: 261ff., кој истакнува дека овие три држави во никој случај не би можеле самостојно да ја продолжат војната против Филип и Симахијата). Со оглед на тоа, WALBANK 1940: 103f. n.6, заклучува дека и овие три пелопонески држави се дополнително вметнати зашто тие очигледно не можеле два пати да склучуваат мир со Филип. Првата забелешка за ваквото толкување е *cui bono*? Ако мотивите за вметнувањето на Илион и Атина се прилично јасни, каква била користа од вметнувањето на Спарта, Елида и Месенија, кои не играле никаква улога при избувнувањето на II Македонска војна. Всушност, сосема е логично овие три држави да побарале да бидат вклучени во мирот во Фојника, иако несомнено биле дел од договорот во 206 г. ст.е., зашто токму во оваа војна најдобро се покажала неспособноста на Ајтолија да ги заштити нивните интереси, а со оглед на очигледниот пораз во Ајтолската војна, не било веројатно дека во скоро време ќе биде во можност да води поактивна политика на Пелопонес. Според тоа, за нив веројатно било исто толку важно да бидат вклучени

и во мирот во Фојника, а со тоа да го имаат и Рим како гарант за сопствената безбедност. Од друга страна, иако овие три држави имале потпишано сепаратни договори со Рим во текот на I Македонска војна (*HCP II*: 516), тие не биле потписници на првичниот договор меѓу Рим и Ајтолија со кој се забранувал сепаратен мир со Филип, така што Римјаните веројатно и немале причина да бидат толку гневни кон нив, како што биле кон Ајтолскиот сојуз. Детална анализа на овој проблем кај Badian 1958: 57ff., со чии заклучоци во целост се согласувам (*cf.* *HCP II*: 516f., каде Волбанк практично се повлекува од ставовите искажани во 1940). Проблемот со Илион и Атина не е до толку едноставен. Што се однесува до Атина, иако повеќето историчари ценат дека станува за подоцнежно вметнување од некој аналист, има и такви кои ја бранат автентичноста на списокот. Така на пример, поаѓајќи токму од логиката при одбраната на присуството на Елида, Спарта и Мсенија, Errington 1969: 105, претпоставува дека Атина веројатно се плашела од агресивната политика на Филип и поради тоа се надевала дека со вклучувањето во договорот во Фојника, ќе си обезбеди барем номинална заштита од Рим. Меѓутоа, случајот на Атина не е идентичен со оној на Елида, Месенија и Спарта, зашто за разлика од овие три држави што веќе биле докажани и активни непријатели на Македонија, Атина внимателно ја бранела својата неутралност уште од 229 г. ст.е. Згора на тоа, атинските делегати се појавуваат на преговорите во 209 г. ст.е., на кои, како што беше покажано, не било замислено и вклучување на Рим. Според тоа, попрво би можело да се каже дека Атинците иако во таборот на неутрални држави, во основа веќе делувале спротивно на римските интереси. Заклучокот на Ерингтон дека Атинците се вклучиле во преговорите во 209 г. ст.е. од страв од агресијата на Филип не делува логично. До тој момент Филип не покажал никакви амбиции за ширење во Хелада, а уште помалку пак за освојување на Атина (*cf.* Ferguson 1911: 243, 248f. кој потсетува дека во текот на Сојузничката војна на Филип му биле изгласани почести и подигната статуа зашто во текот на војната ја почитувал неутралноста на Атина, иако таа одржувала мошне блиски врски со Лагидите. Згора на тоа, Атина ја докажала својата неутралност кога во текот на пресметката со старата гарда, одбила да му пружи заштита на Мегалеа); а доколку Атинците стравувале од освојувачките планови на Филип, зошто воопшто би посакувале мир меѓу него и Ајтолците, кои во тој момент биле единствена сила што му стоела на патот на македонскиот владетел? Тоа што биле дел од неутралните делегати секако не им гарантирало и заштита од која било од завојуваните страни. Згора на тоа, со освојувањето на Ајгина и продажбата на Атал, Атинците веројатно имале повеќе причини да стравуваат од Пергам одошто од Филип. Според тоа, доколку Атина воопшто фигурирала како *adscriptus* на договорот во Фојника, попрво би можело да се очекува таа да биде вклучена на македонската, а не на римската страна. Но, воопшто и нема потреба од вакви спекулации, зашто од изворите повеќе од јасно е дека до 201 г. ст.е., немало никакви дипломатски односи меѓу Атина и Рим – дури и по пристигнувањето на римската делегација во Атина, неопходно било посредувањето на Родос и Атал за Атинците отворено да застанат на страната на Рим против Филип. Згора на тоа, во текот на дипломатската предигра пред почетокот на II Македонска војна, до самиот крај Филип ја бранел својата позиција дека тој не нарушил ниту една одредба од договорот во Фојника, а во тоа тврдење не му противречел ниту еден од римските делегати. Со оглед на македонските напади во Атика во 201 и 200 г. ст.е., доколку Атина била *adscriptus* во Фојника,

ваквото тврдење на Филип би било апсурдно, а римските делегати несомнено веднаш би ја искористиле приликата да посочат дека кралот навистина прекршил одредба од договорот. Но, токму нападот на Филип на Атика во 201 г. ст.е., овозможува да се открие причината зошто Атина дополнително била вметната во листата на *adscripti*. Имено, на формално рамниште, Рим немал апсолутно никаква причина и изговор за отпочнување на војната. Според тоа, со подоцнежното вметнување на Атина, најверојатно Валериј Антија нашол пригоден изговор дека интервенцијата против Филип сепак била законски оправдана, зашто тој прв нападнал потписник на договорот во Фојника (*v.* HABICHT 1997: 195f. кој истакнува дека Валериј Антија исто така ги фалсификувал и одредбите од мирот во 196 г. ст.е., со тоа што навел дека на Атина и биле доделени Лемнос, Имброс, Делос и Скирос. Сето ова очигледно било направено со цел да се истакне врската меѓу Рим и Атина, односно уште повеќе да се зајакне идејата дека токму (оправданата) одбрана на Атина била главната причина за римската интервенција против Филип во 200 г. ст.е.). Според тоа, вметнувањето на Атина во списокот на *adscripti* може без поголемо двоумење да се отфрли како аналистичка пропаганда. Прашањето не толку јасно кога станува збор за Илиј. Нема сомнеж дека споменувањето на Илиј е со цел да се истакне тројанското потекло на Римјаните. Но, со оглед на римското однесување во текот на војната, тешко е да се замисли дека во тој момент тие биле посебно заинтересирани за промовирање на своето тројанско потекло (*contra* GRUEN 1990: 32); а дури и да е тоа така, HABICHT 1997: 196 n.5, секако е во право кога истакнува дека ниту еден монарх во хеленистичкиот свет не би дозволил град што се наоѓа под негова контрола, да биде наведен посебно како независна страна. Меѓутоа, ми се чини дека на проблемот можеби му се приоѓа од погрешен аспект. Прва работа што мора да се истакне е дека иако традицијата за тројанското потекло на Римјаните е популаризирана дури во I век ст.е., (во овој период неспоредливо попопуларен и позастапен е митот за Ромул и Рем како основачи на Рим), таа сепак не е непозната (*v.* ERSKINE 2001: 15ff.). Значи и овој факт попрво говори во прилог на тоа дека Римјаните не би биле посебно заинтересирани за вклучување на Илион во списокот на *adscripti*. Второ, зошто воопшто се инсистира на тоа дека токму Римјаните инсистирале на такво нешто? Имено, како што истакнува BIKERMAN 1932: 278ff., (*cf.* GRUEN 1984: 21 n.40) праксата на вметнување меѓу потписниците на мировен договор на трета и дотогаш неутрална страна е всушност карактеристика на хеленистичката дипломатија. Впрочем и истакнувањето на *syngeneia* меѓу две страни е принцип добро засведочен во хеленистичкиот период (ERSKINE 2001: 163ff.). А овој принцип хеленистичките држави многу брзо го приспособиле и при контактите со Рим, како што меѓу другите сведочи и познатиот натпис од Лампсак (196 г. ст.е.) за пратеништвото на Хегесија; каде се истакнува *syngeneia* меѓу Лампсак и Рим (*Syll.*³, 591, l.18-19: διότι σ[υγ]/[γενὴς ὢν κα]ὶ φίλος ὁ δῆμος (sc. Лампсак) τοῦ Ῥωμαίων δήμου); за останатите слични примери *v.* ERSKINE 2001: 168ff.). Доколку сега се потсети дека Илиј во никој случај не би можел да биде вклучен без согласноста на Атал, ми се чини дека станува појасно на чија иницијатива градот би бил вклучен меѓу потписниците на мирот. Мотивите на Атал се сосема јасни – иако моментално во мирни односи со Антиох III, со оглед на желбата на селевкидскиот владетел да го возобнови кралството на Селевк I, било прашање на време кога и Атал ќе се најде на удар; од

друга страна тој веќе бил нападнат и од Прусија, сојузникот на Филип; додека без никаква провокација самиот се вклучил во војната против Филип, и сега со право можел да стравува од евентуалната одмазда на македонскиот крал; згора на тоа Атал не бил ниту во добри односи со Родос. Според тоа, пергмаскиот владетел од сите страни бил опколен од активни или потенцијални непријатели, а списокот на можни сојузници (особено по поразот на Ајтолија) бил сè покус. Во такви услови, за Атал било неопходно што е можно поцврсто да се поврзе со Рим (*cf*. KERTÉSZ 1993: 674ff.). Меѓутоа, со оглед на римската незаинтересираност за состојбите на Балканот, а и да не зборуваме за Мала Азија, и особено ако се земе односот кон Ајтолците кои сурово и пресметано биле препуштени сами на себе во борбата против Филип, за Атал било неопходно колку што е можно повеќе да ги истакне не само сличностите и заедничките интереси во надворешната политика, туку дури и заедничкото потекло, сè со цел што е можно повеќе да се изрази блискоста меѓу Рим и Пергам. Оваа културолошка блискост ќе биде потврдена и следната година кога токму со помош на Пергам, Римјаните ќе успеат да ја пренесат Magna Mater од Мала Азија во Рим. Сè разбира ништо од ова не докажува дека Илиј навистина фигурирал меѓу потписниците, но бездруго аргументите во овој случај се далеку посилни отколку во случајот на Атина. Според тоа, доколку Илиј навистина бил вклучен меѓу *foedera adscripti*, за што мора да се признае, нема ниту еден конкретен аргумент (освен се разбира листата кај Ливиј), но истовремено ниту еден особено силен аргумент за да се отфрли автентичноста на податокот, тоа најверојатно било направено на поттик на Атал.

# PHILIPPUS FURENS

## I. Источната криза

Со оглед на вложениот напор, потрошеното време, големите жртви и крајното напрегање на расположливите средства, мирот во Фојника несомнено претставувал горчливо разочарување за Филип. И покрај сите локални успеси, големите цели зацртани цела деценија претходно останале неостварени. Иако успеал да задржи дел од освоените територии, идејата за целосно покорување на Илирија веќе била неостварлива, барем не без отворен и долготраен судир со Римјаните, кои покажале дека немаат намера да му го препуштат регионот без борба.

Па сепак, имајќи ја предвид опасната коалиција што во еден момент била организирана против него, тој можел да биде задоволен што, ако ништо друго, на крајот успеал да се извлече од овој долг и непријатен конфликт без посериозни последици. Со оглед на тоа што крајот на Ханибал веќе бил на повидок, ако тврдоглаво инсистирал на продолжување на војната во Илирија, Филип ризикувал набрзо да остане единствениот активен непријател на Рим, а во тој случај и релативно пасивниот однос на Сенатот најверојатно би се сменил. Според тоа, Филип покажал доволно мудрост кога по цена на своите амбиции и соништа успеал да обезбеди релативно добри мировни услови.[1]

*Рамнотежа на силите.* Иако (најверојатно) непланирана, дополнителна и ништо помалку значајна придобивка од мирот во Фојника било тоа што Филип сега бил во можност сето свое внимание да го сврти кон Егејот и на истокот, каде на повидок биле значајни и радикални промени во политичката состојба.[2] Имено, како што беше споменато, речиси седумдесетина години хеленистичките држави функционирале во еден систем на непостојана и непријатна рамнотежа на силите. Непостојана и непријатна, зашто

[1] *cf.* HOLLEAUX 1930: 137.

[2] Се разбира, ова не значи дека приликите на истокот биле меѓу мотивите на Филип при постигнувањето на мирот во Фојника. Како што беше покажано, тој имал повеќе од доволно причини за да посакува крај на војната со Рим. Впрочем и источната криза ќе ескалира дури во 204 и 203 г. ст.е. Попрво станува збор за уште еден пример за историска случајност, односно преклопување, што овој пат ќе има уште поголеми последици. *contra* HOLLEAUX 1930a: 143, кој претпоставува дека Филип, при склучувањето на мирот делумно бил мотивиран од желбата да му се застане на патот на Антиох III. Како што ќе биде покажано, стравот од Антиох навистина играл значајна улога во формулирањето на источната политика на Филип. Меѓутоа, со оглед на состојбата на теренот, нема никаков сомнеж дека Филип увидел дека понатамошната борба за Илирија вклучува бројни ризици и опасности, а шансите за целосен успех од ден на ден сè повеќе се намалувале. Се разбира, сосема е можно, па и веројатно, дека веќе во 205 г. ст.е. погледот на Филип полека се свртувал кон истокот, но воопшто не се соменевам дека главната и примарна причина за мирот во Фојника бил стратешкиот ќор сокак, од кој немало излез.

рамнотежата на силите не произлегувала од некој општо прифатен и признаен принцип, туку била резултат на релативната моќ, односно немоќ на големите монархии, од кои ниту една не располагала со доволно средства за да нанесе одлучувачки и смртоносен удар на некоја од останатите монархии. Со други зборови, судирите меѓу големите монархии, па дури и меѓу помалите држави, биле исто толку жестоки и сурови како и сите други во антиката. Фактот што и покрај тоа трите главни монархии сè уште опстојувале попрво се должел на тоа што секоја од нив имала одредени предности, но истовремено и слабости во однос на ривалите.[1]

Благодарение на ваквиот однос на силите меѓу големите монархии, второстепените држави, како што на пример биле Родос, Пергам, Битинското кралство, како и Ахајскиот и Ајтолскиот сојуз, имале слобода на маневрирање и дејствување, односно слобода за водење на независна надворешна политика. Според тоа, евентуалното нарушување на рамнотежата, ги засегало не само големите монархии, туку и помалите држави. Затоа, во случај на криза, логично било да се очекува општа анархија и радикално престројување, при што учество би зеле сите политички фактори во хеленистичкиот свет.[2] Се разбира, овој и онака кревок систем можел да опстои само додека трите големи хеленистички монархии биле во можност да ја задржат внатрешната стабилност и способноста за активна надворешна политика; ако една од нив западнела во криза, постоела опасност сиот систем да се распадне.

*Египетското прашање.* Во овој период главниот збор несомнено го воделе Лагидите, чии први тројца владетели, и покрај повремените неуспеси, па дури и сериозни порази, со мудра надворешна политика успеале да ја одржат позицијата на првенство меѓу трите големи монархии.[3] На почетокот на владеењето на Птолемај IV изгледало дека Лагидите ќе ја задржат водечката позиција меѓу ривалите. Зашто, и покрај сите проблеми во почетната фаза од IV Сириска војна, Птолемај IV на крајот сепак успеал да му нанесе одлучувачки

---

[1] *cf.* WALBANK 1993: 1723 n.9.
[2] За системот на рамнотежа во хеленистичкиот период како резултат на слабостите на монархиите, а не како прифатен и признаен принцип во надворешната политика *v.* WALBANK 1993: 1722f.; AGER 2003; ECKSTEIN 2006: ch.6. За милитаристичкиот карактер на големите монархии, односно за вродениот притисок врз секој владетел преку нови освојувања да ја докаже својата вредност во споредба со своите претходници *v.* AUSTIN 1986.
[3] Краток преглед за главните правци во надворешната политика на Лагидите дава Polyb., v.34; *HCP I*: ad loc. Детален преглед со одлична анализа кај WILL 1979: 153ff.; *cf.* WALBANK 1981: 101ff.; ERRINGTON 2008: 157ff.

пораз на Антиох III во славната битка кај Рафија.[1] Меѓутоа, изгледа дека Птолемај IV, за разлика од своите врсници Антиох III и Филип V, немал поголеми амбиции, ниту пак желба за војнички живот, па по склучувањето на мир, се повлекол во Египет и во следните години главно се трудел да ја држи државата понастрана од било какви воени ангажмани. Затоа и не изненадува што Полибиј ценел дека токму Птолемај IV, кој ги претпочитал секојдневните задоволства наместо грижата за државата, е одговорен за опаѓањето на меѓународната позиција на Лагидите.[2] Иако не е сосема јасно дали, и колку, е оправдан заклучокот на Полибиј,[3] очигледно е дека по IV Сириска војна, активната надворешна политика на Лагидите е во постојано опаѓање.

Без разлика во колкава мера ова опаѓање се должело на пасивноста на Птолемај IV, нема сомнение дека главната причина за изненадувачкото и забрзано распаѓање на лагидската држава се должело пред сѐ на внатрешните немири што ескалирале *c.* 206 г. ст.е.[4] Имено, според Полибиј, иако во дадениот момент полезна, одлуката околу 20.000 Египјани да се вооружат и тренираат како фалангити во пресрет на битката кај Рафија, долгорочно се покажала како кобна за Лагидите.[5] Дискутабилно е колку е издржан заклучокот на Полибиј. Имено, се чини дека водачите на востанието навистина биле дел од новиот војнички слој;[6] меѓутоа, М. Ростовцев несомено е во право кога истакнува дека востанието пред сѐ имало социјално-економски карактер, односно не станувало збор за народно востание против македонската окупација.[7] Во таа смисла воопшто и не изненадува што до првиот бунт против власта на Лигидите доаѓа по III Сириска војна, кога заради финансирање на операциите, Птолемај III дополнително економски го оптоварил египетското население.[8] Тоа што на крајот востанието добило народен карактер се должи на фактот што токму египетското население се наоѓало на дното на општественото скалило. Дури подоцна отпорот попримил народен карактер, кога преминал во отворено востание.

Иако во почетокот не станувало збор за организиран отпор, туку попрво за несистематски и спонтан израз на незадоволство низ целата држава,[9] набрзо

---

[1] За IV Сириска војна *v.* WILL 1982: 26ff.; *HCP* I: 585ff.; HÖLBL 2001: 128ff; BEVAN 1927: 224ff. За битката кај Рафија Polyb., v.79-87; *HCP I*: ad loc.
[2] Polyb., v.34.
[3] *cf.* HÖLBL 2001: 133. WALBANK 1979: 183f.
[4] За големото востание во Египет *v.* HÖLBL 2001: ch.5.
[5] Polyb., v.107.1-3.
[6] HÖLBL 2001: 154.
[7] ROSTOVTZEFF 1941:709ff.
[8] *P. Haun.* 6.1. ll.14-17. Just., xxvii.1.9; Porph., *FGrH* 260F 43. HÖLBL 2001: 49.
[9] PRÉAUX 1936.

ситуацијата станала толку сериозна што и Филип и Антиох, најверојатно во 213 г. ст.е. му понудиле помош на Птолемај IV.[1] Ситуацијата ескалирала кога во 206 206 г. ст.е., по првичните успеси, бунтовниците за фараон го избрале Хервенефер (Хиргонафор), кој во Теба бил крунисан според египетските обичаи.[2] Со тоа започнала сурова и беспоштедна војна низ Египет,[3] што траела цели 20 години.[4]

Ситуацијата уште повеќе се влошила кога во 204 г. ст.е., Птолемај IV неочекувано умрел, а бил наследен од својот шест годишен син.[5] Веројатно уште уште поголема загуба за лагидската држава била смртта на Сосибиј, извонредно вештиот политичар кој уживал голем углед уште од времето на Птолемај III (кога бил свештеник на култот на Александар), а имал клучна улога во водењето на политиката уште од почетокот на владеењето на Птолемај IV и всушност бил најзаслужен за победата во IV Сириска војна.[6] Со неговата смрт започнува долготрајна борба на дворот, со што државата на Лагидите ќе западне во уште подлабока криза.[7]

Така, почнувајќи од 216 г. ст.е., а особено по 206, односно 204 г. ст.е., државата на Лагидите запаѓала во сѐ посериозна криза, од која во суштина кралството никогаш и нема да закрепне. Како последица на тоа, и кревкиот систем на рамнотежа меѓу големите сили почнал да се распаѓа. Кризата што го зафатила сиот хеленистички свет била до толку посериозна, зашто токму

---

[1] Polyb. xv.20.1. Претпоставката дека понудата била дадена во 213 г. ст.е. е на Hölbl 2001: 154. Со оглед на тоа што Антиох III наскоро ќе замине за горните сатрапии, а Филип ќе мора сите сили да ги напрегне во борбата против Рим, Ајтолија и нивните сојузници, 213 г. ст.е. делува најприфатливо. *contra* Walbank 1940: 112, кој оваа понуда ја датира непосредно пред смртта на Птолемај Филопатор.
[2] Хервенефер владеел до 200 г. ст.е., а бил наследен од Анкхвенефер (Хаонофрис), кој владеел до задушувањето на востанието во 186 г. ст.е. *v.* Clarysse 1978.
[3] Иако центарот на востанието бил во горен Египет, востаничките активности достигале сѐ до Делтата. Од друга страна, лагидските сили задржале одредени упоришта и во горен Египет. Како што истакнува Hölbl 2001: 154, станувало збор за герилска војна, за која силите на Птолемај IV не биле подготвени и навикнати.
[4] Главнината на востаничките сили била поразена во август 186 г. ст.е., кога бил заробен и Анкхвенефер, но дејствијата продолжиле во Делтата и следната година, кога конечно со лукавство биле заробени водачите. *v.* Walbank 1980.
[5] За датумот кога умрел Птолемај IV и разликите меѓу египетските документи и приказот на Полибиј *v.* Walbank 1936, кој сепак се чини претпоставува преголем временски интервал од смртта на Птолемај IV (август-септември 204 г. ст.е.), до крунисувањето на Птолемај V (август-септември 203 г. ст.е.), кога конечно се дознало за смртта на Филопатор. Подоцна и тој ја претпочита теоријата дека Епифан бил крунисан во периодот март-септември 204 г. ст.е (*HCP II*: 435ff., 482). Последниот документ датиран според владеењето на Филопатор е од 22 јули 204 г. ст.е., меѓутоа, бидејќи неговата смрт некое време била криена (Just. xxx.2.6-7), можно е до тогаш тој веќе да бил умрен. Од друга страна, првиот документ датиран според владеењето на Епифан е од 8 септември 204 г. ст.е. *v.* Hölbl 2001: 149f. n.38; Bikerman 1940. *cf.* Briscoe 1966: 98ff.; Abel 1967; Walbank 1972: 111 n.75.
[6] *v.* Geyer *RE* (1927), s.v. Sosibios (3), coll. 1149-1152.
[7] *v.* Hölbl 2001: 134ff.

Лагидите, имајќи ја функцијата на постојана брана за евентуално преголемото засилување на Селевкидите, а во помала мера и на Антигонидите,[1] претставувале носечки столб на системот на рамнотежа. Имено, иако и Лагидите - секогаш подготвени да ја искористат слабоста кај останатите држави за да ја зголемат и зацврстат сопствената надворешна позиција - биле исто толку агресивни и воинствени како и Селевкидите и Антигонидите, сепак се добива впечаток дека во одредена мера повеќе од останатите се труделе да се задржи постојната ситуација. Ова и не изненадува, ако се земе предвид дека благодарение на политиката на првите двајца владетели, и особено што преминот на власта од Птолемај I на Птолемај II минал без посериозни проблеми, Лагидите релативно рано ги оствариле главните стратешки цели при позиционирањето во однос на останатите монархии.[2] Впрочем, токму благодарение на овој, за нијанса порезервиран пристап на Лагидите, системот на рамнотежа на силите опстанал и во претходните децении, кога и Антигонидите и Селевкидите минувале низ сериозни кризи. Според тоа, веројатно не е големо изненадување што големата криза што ја зафатила државата на Лагидите, наскоро се прелеала врз сиот хеленистички свет, и на крајот резултирала со распад на системот на рамнотежа.

*Враќањето на Антиох III*. Тоа што големата криза во Египет во почетокот не оставила поголеми последици на глобално ниво, се должело на фактот што и Филип V и Антиох III биле презафатени во други области за да можат веднаш да ја искористат слабоста на Лагидите. Зашто, додека Филип бил целосно окупиран од војната против Рим и Ајтолија, Антиох III се обидувал да ја возобнови власта и авторитетот на Селевкидите во горните сатрапии. Имено, благодарение на пасивноста на Птолемај IV, Антиох III добил доволно време и маневарски простор за да се посвети на стабилизирање и зацврстување на селевкидската држава во која центрифугалните елементи зеле замав во последните децении.

По дебаклот кај Рафија, во 216 г. ст.е. Антиох III се свртел против својот вујко Ахај, кој речиси независно управувал со селевкидските територии во Мала Азија; а војната конечно завршила во 214 г. ст.е., кога Ахај бил заробен при

[1] ECKSTEIN 2008: 125.

[2] Исклучок во ваквата политика е Птолемај III, кој покажал далеку поголеми амбиции во текот на III Сириска војна. Меѓутоа, дури и тој мора да бил свесен дека неговите освојувања во Сирија и Вавилонија се од привремен карактер и дека нема средства за трајно да ги задржи. Според тоа, дури и неговите привремени освојувања попрво сведочат за тоа дека дури и ресурсите на Лагидите не биле бескрајни.

обидот да избега од Сардис каде бил опсаден.[1] По овој успех, за управник на малоазиските поседи бил поставен способниот и верен пријател Ѕевксид Кинагов,[2] кој ќе остане на оваа функција сѐ до крајот на селевкидското присуство во Мала Азија.

По овој успех, Антиох најпрво ја средил состојбата во Арменија (212 г. ст.е.), кога Комагена и северна Арменија биле ставени под директна контрола.[3] Откако во следните две години биле извршени сите неопходни подготовки, во 209 г. ст.е., од Медија[4] го започнал својот славен поход на исток. Главните операции биле водени против Арсак II, владетелот на Партите; и Евтидем, владетелот на Бактрија; по што Антиох III преминал во Индија, каде склучил договор со локалниот владетел Софагасен.[5] Походот завршил во 205 г. ст.е., кога Антиох пристигнал во Селеукија на Тигар,[6] а веќе пролетта 204 г. ст.е. се наоѓал во Бабилон.[7] За резултатите, односно последиците од овој поход на Антиох, нема согласност меѓу современите научници. Без да навлегувам во дискусија, само ќе истакнам дека го прифаќам мислењето на оние кои оценуваат дека во суштина реалните постигања на Антиох биле минимални.[8] Навистина, и Арсак и Евтидем формално ја прифатиле надмоќната позиција на Антиох, но тоа е сѐ; селевкидската власт номинално била обновена, но дефинитивното отцепување на горните сатрапии само за момент било успорено, а во никој случај и запрено.

Но, тоа и не толку важно за нашиов проблем. Зашто, како што истакнува Џ. Лернер, големата иронија е во тоа што токму походот на истокот, каде во суштина не постигнал ништо позначајно, на Антиох му донел огромен углед на запад,[9] за што сведочи дури и заклучокот на Полибиј.[10] Впрочем, од Апијан дознаваме дека токму по овој поход поданиците започнале да го нарекуваат Μέγας Ἀντίοχος;[11] а набрзо потоа ја зел и титулата *basileus megas*.[1]

---

[1] За војната против Ахај *v.* Ma 1999: 59ff.; Will 1982:23ff., 49ff.; Errington 2008: 173ff.; *HCP II*: 93ff.; Magie 1950: 9ff.; Bevan 1902: ch.16.
[2] *v.* Grainger 1997: 122f., s.v. Zeuxis; Tataki 1998: 317 s.v. Ζεῦξις Κυνάγου.
[3] Sherwin-White & Kuhrt 1993: 190ff. *cf. HCP II*: 98ff.
[4] Just., xli.5.7.
[5] Lerner 1999: ch.3; Sherwin-White & Kuhrt 1993: 197ff; Ma 1999: 64f.; Cary 1932: 70ff.; *HCP II*: 231ff., 261ff., 312ff; Bevan 1902: ch.17.
[6] Errington 2008: 178.
[7] Ma 1999: 64.
[8] *e.g.* Lerner 1999: 52; Green 1990: 295f.; Will 1982: 348.
[9] Lerner 1999: 52.
[10] Polyb. xi.34.16.
[11] App., *Syr*.i.1. Информацијата на Апијан се потврдува и од епиграфските извори, при што најраниот натпис каде се споменува Антиох Велики датира од 202 г. ст.е. (Ma 1999: no.9; *cf.* no.10).

Така, сосема случајно и без било каква директна врска, токму во моментот кога ескалирала внатрешната криза во Египет, на сцената се вратил Антиох III, сега наоружан со застрашувачкиот углед заработен со „големите успеси“ во горните сатрапии; а речиси во исто време и Филип, кој можеби го немал угледот на Антиох, но секако важел за извонреден и непредвидлив стратег, конечно ослободен од војната со Рим, можел слободно да се вмеша во целата ситуација. Сцената подготвена, главните актери присутни; трагедијата можела да започне.

[1] Проблемот со употребата на *megas* и *basileus megas* детално е проанализиран од Ma 1999: App.4. Тој заклучува дека многу почесто се среќава титулата *basileus megas*, што Антиох започнал да ја употребува дури по победите во Којле Сирија во 200 г. ст.е. Зашто идеолошкото значење на оваа титула било „господар на Азија“, па според тоа претставувала директен одговор на претензиите на Лагидите, односно не произлегувало од успесите во горните сатрапии, туку од потиснувањето на Лагидите од сиро-палестинското крајбрежје. Всушност, изгледа дека некаде во периодот 201-197 г. ст.е., варијантата Антиох Велики била отфрлена, а на нејзино место во употреба е само „великиот крал“.

## II. Игра на сенки

Периодот од мирот во Фојника до почетокот на II Македонска војна, е веројатно најбурниот и по многу нешта најзагадочен од целата кариера на Филип V. Иако генералниот правец на неговата политика е релативно јасен, непосредните замисли и цели често се предмет на дискусии и разидувања меѓу современите научници. Ова во прв ред несомнено се должи на фрагментарноста на делото на Полибиј; згора на тоа, субјективноста и нетрпеливоста на ахајскиот историограф често оставаат место за сериозен сомнеж во неговите анализи и проценки; од друга страна френетичното дејствување на Филип во овој период внесува дополнителни потешкотии во обидот да се исцртаат непосредните цели во неговата стратегија; ова особено важи за операциите во клучната 201 г. ст.е., кога дури и редоследот на настаните сè уште не е точно утврден; конечно, фактот што на крајот времето истекло, па тој и немал можност да ги спроведе своите планови во целост секако е уште една важна пречка. Поради сето ова, најмногу што може да се постигне е да се даде преглед и анализа на главните токови, додека пак за непосредните дејствија и цели на Филип може само да се спекулира.

Што се однесува до причините што го одвлекле вниманието на Филип на исток, односно кон Егејскиот басен, тие се релативно очигледни. Пред сè, имајќи ја предвид сè посериозната криза во Египет, јасно е дека еден амбициозен и воинствен владетел како Филип - секогаш подготвен да ја искористи секоја прилика за проширување на својата држава - во никој случај немал намера да ја пропушти приликата што се укажала како резултат на слабоста на Лагидите. Исто толку важна причина секако бил мотивот да се запре непреченото зајакнување и проширување на Антиох III. Плановите и амбициите на селевкидскиот владетел биле до толку поголема причина за загриженост, зашто Антиох уште од почетокот на своето владеење не само што не криел, туку напротив, отворено покажувал дека негова главна цел е комплетно територијално возобновување на селевкидското кралство какво што било во времето на основачот Селеук I.[1] Но, во моментот кога умрел, Селеук I, благодарение на победата кај Корупедион, фактички бил господар и на териториите што влегувале во состав на кралството на Лисимах; а тоа ги вклучувало не само Тракија, туку и Македонија и Тесалија. Според тоа, доколку му се остави доволно време и простор, теоретски Антиох би можел во иднина да претендира не само на Тракија, каде македонските владетели веќе

[1] *cf.* BICKERMANN 1932.

традиционално имале свои интереси, туку и на самата Македонија.[1] Според тоа, не само освојувачките амбиции, туку и итната потреба да се заземе што е можно подобра дипломатска и стратешка позиција во однос на Антиох, едноставно го туркале Филип кон Егејскиот басен.[2] Причина повеќе за свртувањето на истокот секако бил и фактот што во тој регион Римјаните немале никакви традиционални и непосредни интереси, така што Филип можел да очекува дека тие нема да се вмешаат во неговите потфати. На крајот, свртувајќи се кон Егејот, Филип едноставно ја продолжувал традиционалната политика на Антигонидите во регионот, што датирала уште од времето на основачот на династијата, Антигон Едноокиот, кога под негово покровителство и контрола бил формиран којнонот на Островјаните.[3] Дека Филип бил сосема свесен за традиционалната политика на Антигонидите кон Егејот, сведочат и неговите активности на Делос.[4]

*Северната граница*. Колку и да посакувал што е можно побрзо да се вклучи активно на истокот, на Филип му било јасно дека во тој момент, веднаш по мирот во Фојника, сепак не е подготвен за такво нешто. Меѓу другото, неопходно било повторно да се зацврсти и колку што е можно подобро да се обезбеди северната граница. Ова било до толку поважно, бидејќи било сосема веројатно дека источниот потфат ќе го одалечи Филип, заедно со главнината од војската, од Македонија. Токму поради тоа, годината по Фојника тој ја минал во походи на север.

За жал, поради фрагментарноста на изворите, тешко е да се утврди точниот редослед на настаните и конкретните области каде се одвивале операциите. Тоа што може со сигурност да се заклучи е дека тој дејствувал

---

[1] Токму наследното право на Тракија, што произлегувало од победата кај Корупедион ќе биде еден од главните аргументи на Антиох во дипломатското надмудрување со Римјаните (*v. supra*). Не се сомневам дека во нешто поразлични услови, Антиох би го искористил истиот аргумент и како оправдување за освојување на Македонија.

[2] *cf.* Berthold 1984: 109; Walbank 1940: 108, кој освен горенаведените причини, исто така истакнува дека дополнителен мотив била личната љубомора кон далеку поуспешниот селевкидски владетел.

[3] *cf.* Walbank 1982: 228; Errington 2008: 194.

[4] Уште во првите години од своето владеење, следејќи го примерот на Гоната и Деметриј II, на Делос го установил празникот *Philippeia* (*terminus ante quem* е 216 г. ст.е. Bagnall 1976: 155; Reger 1994: 61.); некаде во тој период (*cca*. 210 g. ст.е.) ја изградил и импресивната стоа (колонадата била преку 70 метри долга), по главниот пат по кој доаѓале посетителите (*IG* XI.4. 1099: βασιλεὺς Μακεδόνων Φίλιππος βασιλέως Δημητρίου Ἀπόλλωνι [ἀνέθηκεν]). Фактот што еден од (планираните) ефекти од стоата било затскривањето на стоата на Атал, што се наоѓала од спротивната страна на патот, како и тоа што стилот на градбата покажува поголеми сличности со оние од 230-те години, почетокот на изградбата веројатно би требало да се датира по вклучувањето на Атал во I Македонска војна. *v.* Vallois 1923: 154ff.

против сите традиционални непријатели на северната граница. Така, во еден извадок од xiii книга на Полибиј, кај Стефан Бизантиски, се споменуваат неколку градови, племиња и области во Тракија – Адрана, Кабиле и околните Асти, Дигерите и Аресовата рамнина.[1] Како што заклучува П. Делев, очигледно станувало збор за обемни операции во источна Тракија.[2]

Се разбира, при обидот за зацврстување на северната граница, Филип никако не можел да ги занемари и Дарданците, особено откако во текот на I Македонска војна се покажало дека ниту Билазора не е доволна одбрана на земјата. Така, Диодор споменува дека во голема битка Филип извојувал победа против Дарданците, кои загубиле приближно 10.000 војници.[3] Доколку бројката не е претерана од историографите, тогаш Филип навистина им нанел катастрофален пораз.[4]

Во споменатата листа кај Полибиј, се споменува и градот Мелитуса во Илирија.[5] За жал, ова е единствено споменување на градот, така што не само што е невозможно да се претпостави можната локација, туку тешко е да се одреди и контекстот во кој е споменат. Па сепак, и во овој случај со голема доза на веројатност може да се претпостави дека станува збор за операции преземени од Филип.[6] Дека во овој период Филип дејствувал и против Илирите сведочи и една реченица кај Полибиј, што непотребно е искомплицирана од современите историчари. Имено, во текот на преговорите во 198 г. ст.е., меѓу другото, Фламинин побарал Филип τοὺς δὲ κατὰ τὴν Ἰλλυρίδα τόπους παραδοῦναι Ῥωμαίοις, ὧν γέγονε κύριος μετὰ τὰς ἐν Ἠπείρῳ διαλύσεις.[7] Според М. Оло, во овој случај, μετά значи „en vertu et à la suite de“,[8] односно станува збор за местата што Филип ги добил согласно мирот во Фојника, а не места што

---

[1] Polyb., xiii.10.5-10.
[2] Делев 2004: 290; *HCP II*: 423; Niese 1899: 571 n.2. *v. Дополнување (1).*
[3] Diod., xxviii.2.
[4] Papazoglu 1969: 119, остава место и за можноста дека оваа битка се случила во текот на I Македонска војна. Ова го заснова на аргументот дека Хераклејд (кој е всушност главната тема на поглавјето) бил во македонска служба уште од 209 г. ст.е., така што не може да се исклучи и интервенција во Дарданија токму во овој период. Меѓутоа, не може со сигурност да се утврди точно кога Хераклејд стапил во служба на Филип (*v. supra*). Но, тоа што е поважно е дека контекстот во кој е споменат Хераклејд очигледно се однесува на годините по Фојника, зашто во претходната глава Диодор зборува за активностите на Дикајарх во служба на Филип. Згора на тоа, приказот на Диодор изгледа дека се заснова на Полибиј, а од неговиот опис (xiii.4.4-5) изгледа речиси сигурно дека за прв пат го споменува Хераклејд дури во XIII книга, а во оваа книга се опфатени настаните од 206/5 и 205/4 г. ст.е. Според тоа, иако предлогот на Папазоглу не е невозможен, посредните докази сепак упатуваат на тоа дека станува збор за кампања против Дарданците по мирот во Фојника.
[5] Polyb., xiii.10.11.
[6] *cf. HCP II*: 423.
[7] Polyb., xviii.1.14.
[8] Holleaux 1921: 278 n.1; Id. 1930a: 156 n.1.

освоил по мировниот договор. Со други зборови, Филип воопшто не дејствувал во Илирија по мирот во Фојника.[1]

Благодарение на огромниот авторитет на М. Оло,[2] ова толкување своевремено било прифатено,[3] сè додека Е. Бадиан и Ц. Балдсон, речиси истовремено убедливо не го побијат.[4] Како што истакнуваат обајцата, ваквото решение, издвоено од останатиот дел од текстот не е невозможно.[5] Меѓутоа, кога ќе се земе предвид продолжението на реченицата, ὁμοίως δὲ καὶ Πτολεμαίῳ τὰς πόλεις ἀποκαταστῆσαι πάσας, ἃς παρῄρηται μετὰ τὸν Πτολεμαίου τοῦ Φιλοπάτορος θάνατον, значењето на μετά станува сосема очигледно. Во овој случај μετὰ τὸν Πτολεμαίου τοῦ Φιλοπάτορος θάνατον, секако не би можело да значи „согласно смртта на Птолемај Филопатор".[6] Така, земени заедно, значењето на двата дела од реченицата е сосема јасно: „да ги предаде местата во Илирија со кои загосподарил по мирот во Епир; а исто така и на Птолемај да му ги врати сите градови што ги грабнал по смртта на Птолемај Филопатор." Според тоа, текстот на Полибиј е сосема јасен,[7] а целиот проблем произлегува од обидот на современите научници изворот да се протолкува на начин што би соодветствувал на нивните сфаќања и толкувања на настаните.[8] Значи, Филип навистина дејствувал и во Илирија, но во кои области и против кого, за жал не може да се утврди.[1]

---

[1] Според Оло, ὧν γέγονε κύριος има значење на „што ги задржал", а не „што ги освоил". Меѓутоа, неговото решение се темели на заклучокот дека Полибиј не го употребува перфектот за минато свршено време, што не е точно. *v.* BALDSON 1953: 163 n.5.

[2] Решението е всушност на ZIPPEL 1877, 73 но главно било игнорирано сè додека не било прифатено од Оло.

[3] *e.g.* WALBANK 1940: 160 n.4. Подоцна го менува мислењето и го прифаќа толкувањето на Бадиан и Балдсон (*HCP II*: 551).

[4] BADIAN 1952: 91f. n.102; BALDSON 1953: 163f.

[5] За ваквото значење *v.* *LSJ*⁹, s.v. μετά (C III). Меѓутоа, μετὰ како прилог за време со акузатив несомнено има значење на „по, потоа".

[6] Паралелизмот меѓу двата дела од реченицата е јасно изразен со ὁμοίως.

[7] Кога Ливиј би бил малку повнимателен при преведувањето на Полибиј проблемот веројатно не би ни постоел. Но, како и во повеќе други прилики, и овој пат ја промашил (или намерно изврти?) суштината на реченицата на Полибиј. Имено, преводот на реченицата на Полибиј гласи restituenda Romanis ea Illyrici loca quae post pacem in Epiro factam occupasset, Ptolomaeo Aegypti regi reddendas urbes quas post Philopatoris Ptolomaei mortem occupauisset (xxxii.33.3-4.). Дискутабилниот дел од реченицата очигледно правилно е преведен (post pacem in Epiro factam occupasset), но бидејќи παραδοῦναι го преведува со restituenda, со што и значењето суштествено се менува, би било неодговорно текстот на римскиот историограф да се земе како аргумент во целата дебата.

[8] Обидите на OOST 1959, да го одбрани толкувањето на Оло воопшто не се убедливи, а неговите забелешки задоволително се одговорени од BADIAN 1960. Проблемот произлегува од тоа што и Балдсон и Бадиан и Ост, како и Оло пред нив, погрешно ги протолкувале импликациите од овие акции на Филип, па и му даваат претерано значење на овој податок. Најдалеку секако оди BADIAN 1960: 182 кога вели Seldom,

Иако изворите се крајно скудни, нема сомнеж за резултатите што Филип ги постигнал во текот на оваа северна кампања во 204 г. ст.е. Зашто, без разлика како ќе се протолкуваат неколкуте фрагменти што ни стојат на располагање, една работа е сосема јасна – во текот на целата источна кампања, на северната граница владеел мир. Ова е до толку позначајно ако се земат предвид проблемите на Филип во втората половина од 201 г. ст.е., кога бил блокиран во Баргилија и бил принуден зимата 201/200 да ја мине во Карија. Ако се земат предвид последните дваесетина години, кога заминувањето на македонските кралеви само до Хелада, било доволна причина за масовни напади на северната граница, мирната состојба во периодот 203-199 г. ст.е. е јасен показател дека во текот на кампањата во 204 г. и (најверојатно) 203 г. ст.е.[2] Филип постигнал значителни успеси на север.[3]

*Дикајарх.* Обезбедувањето на северната граница не била единствената причина поради која што Филип не можел уште во 204 г. ст.е. активно да се вмеша во Егејскиот басен; зашто, за такво нешто му била потребна флота и, во случајот на Македонија уште поважно, било потребно да се најми екипаж за бродовите.[4] Поради тоа, во 204 г. ст.е.[5] во тајност[6] се договорил со ајтолскиот

---

surely, even in the paucity of sources to which the student of ancient history becomes accustomed, has so much depended upon the meaning of a preposition. Импликациите всушност се неспоредливо поскромни *v. Дополнување (2)*.

[1] Dell 1977: 308, претпоставува дека станува збор за дејствија во околината на Атинтанија. За мислењето на Балдсон и Бадиан *v. Дополнување (2)*.

[2] *cf.* Walbank 1940: 306. Со оглед на тоа што Филип дејствувал и во Илирија, и Дарданија и источна Тракија, сосема е веројатно дека сите овие акции биле распределени во две бојни сезони. Од друга страна, спектакуларната балканска кампања на Александар III во 335 г. ст.е. е доказ дека не било невозможно во една бојна сезона да се дејствува и во Тракија и во Илирија (а на крајот и во Хелада). Иако Филип V во никој случај не би можел да се споредува со Александар во поглед на неговите заповеднички способности, сепак, бројните кампањи во Сојузничката и I Македонска војна покажуваат дека ако ништо друго, изведувањето на брзи и неочекувани напади на мошне одалечени места била негова главна карактеристика, во што барем делумно наликувал на славниот освојувач. Па сепак, овие напорни и далечни акции обично биле преземани во критични ситуации, што не било случај и во периодот меѓу двете војни со Рим. Според тоа, распоредувањето на кампањите во две бојни сезони сепак делува поверојатно.

[3] *cf.* Walbank 1940: 112.

[4] *v. Дополнување (3)*.

[5] Иако речиси сите научници договорот со Дикајарх го датираат во 204 г. ст.е., Reger 1994: 61; Brulé 1978: 44ff., претпочитаат да го датираат во 205 г. ст.е. Со оглед на тоа што во 205 г. ст.е., Филип сè уште бил зафатен со завршните операции против Рим, а потоа и со преговорите во Фојника, ваквото датирање не делува многу веројатно. Имено, дури и договорот да е постигнат кон крајот на 205 г. ст.е. (секако во првата половина од годината Филип не би ризикувал еден ваков потфат сè додека не бил сигурен дека војната со Рим и дефинитивно е завршена), главните операции на Дикајарх несомнено започнале во 204 г. ст.е.

[6] Walbank 1940: 109, претпоставува дека тајноста на договорот била неопходна зашто Филип не можел, како владетел на Македонија, отворено да се впушти во гусарски

гусар Дикајарх, кој со дваесет бродови што му ги дал Филип, добил задача да ги напаѓа и ограбува градовите на Хелеспонт, Кикладските острови, а истовремено и колку што е можно да ги помага сојузниците на Крит кои во тој момент војувале против Родос.[1] Ако му веруваме на Полибиј, Дикајарх го надминал дури и Филип во своето незаконско и безбожно однесување, па дури и на секој остров каде ќе стапнел, им подигал жртвеници на *Asebeia* и *Paranomia*.[2] Невозможно е да се открие колку вистина има во ова тврдење на Полибиј. Фактот што во овој приказ добил можност да ги нападне своите две омилени жртви – Филип од една, и Ајтолците од друга страна – секако не влева многу доверба во неговата веродостојност.[3] Во секој случај, иако нема детали за акциите на Дикајарх, тој очигледно бил мошне успешен во походот,[4] и до почетокот на 203 г. ст.е., од добиениот плен Филип можел да почне да ја опремува флотата.[5]

## II.1. Филип и Родос

*Критската војна.* Истата година кога е постигнат мирот во Фојника, избила така наречената Критска војна.[6] Имено, по делумното повлекување на Лагидите од Егејот, и свртувањето на Македонија во времето на Деметриј II и Досон пред сѐ кон состојбите на Балканот, товарот на одржување на редот и трговијата во Егејското море паднал на Родос. Но, како резултат на кризата во последните децении од III век ст.е., но и поради тоа што веќе немало доминантна сила во Егејот, изгледа дека гусарските активности биле во пораст,

---

активности, што не доликувале на неговата позиција. Меѓутоа, постапките на Филип во периодот 202-200 г. ст.е., покажуваат дека тој баш и не бил премногу загрижен за својот углед и впечатокот што го оставал пред јавноста. Според тоа, ми се чини поверојатно дека тајноста на договорот се должела на фактот што во тој момент, Филип се трудел да ги сокрие своите идни планови кон Егејскиот басен и со тоа да ги држи потенцијалните противници во неизвесност. Ова било од посебна важност кога станувало збор за Родос, зашто Филип секако можел да претпостави дека било каква отворена акција против Кикладите и особено Хелеспонт ќе предизвика реакција од родоската флота (*cf.* BERTHOLD 1984: 109 n.17).

[1] Polyb., xviii.54.8. Детален приказ на активностите на Дикајарх кај HOLLEAUX 1920a.

[2] Polyb., xviii.54.9-10.

[3] *v.* одличните коментари на DE SOUZA 1999: 82.

[4] Diod., xxviii.1: οὗτος δὲ κατὰ τὰς ἐντολὰς τοὺς μὲν ἐμπόρους ἐλῄστευε, τὰς δὲ νήσους λεηλατῶν ἀργύριον εἰσεπράττετο.

[5] HOLLEAUX 1921: 285 n.5. За мислењето дека средствата му биле неопходни за да започне со изградба, (а не екипирање) на флотата, *v. Дополнување (3)*. Иако успешен, Дикајарх не останал долго во служба на Филип, и веќе во 204 или 203 г. ст.е., заминал за Египет, каде му се придружил на Скопас (*v. HCP II*: 625f.).

[6] Diod., xxvii.3; *Syll.*[3] 567, 673. Детална анализа на војната кај BRULÉ 1978: 29ff; *cf.* DE SOUZA 1999: 80ff.; MIJNSBRUGGE 1931: 65ff. BRULÉ 1978: 56, почетокот на војната го датира една година порано.

а голема улога играле градовите на Крит, така што Родос бил посебно заинтересиран за состојбите на островот.[1] Конкретните околности и причини што довеле до избувнување на војната не се сосема јасни, но се чини дека меѓусебната борба на градовите на Крит, постепено ги вовлекла и нивните сојузници во судирот што потоа ескалирал.[2] Која била улогата, и во колкава мера Родос од една, и Филип од друга страна, биле одговорни за почетокот на војната, не може со сигурност да се каже.[3] Во секој случај, Филип бил принуден, ако ништо друго, барем индиректно да интервенира. Со оглед на тоа што уште во 217 г. ст.е. бил избран за *prostates* на Критскиот којнон,[4] интервенцијата на Родос мора да ја сфатил како директен напад на неговите сојузници, односно обид за намалување на македонското влијание на островот. Ако се земе предвид дека и двете завојувани страни на Крит прземале гусарски напади,[5] тој секако имал право да биде сомничав во однос на плановите и амбициите на Родос. Но, за него, веројатно многу поважно одошто одбрана на честа и угледот, било да се помогнат сојузниците на Крит пред сè за да се задржи родоската флота окупирана во тамошната војна, и по можност да се намали нејзината моќ. Во тој правец, и со оглед на подготовките за активно вклучување во Егејот, Критската војна не била толку важна заради заштита на сојузниците, туку попрво како уште една можност да се нанесе штета на Родос; така што кога cca. 200 г. ст.е., војната завршила со победа на Родос,[6] чие влијание на островот значително се

---

[1] Родос одржувал блиски врски со дел од критските градови, особено Кносос уште од крајот на IV век ст.е. *v.* DE SOUZA 1999: 81.
[2] DE SOUZA 1999: 81.
[3] MIJNSBRUGGE 1931: 65; BRULÉ 1978: 44 (*cf.* WALBANK 1982: 228), прифаќаат дека одговорноста лежи кај Филип. ERRINGTON 1989a: 244; BERTHOLD 1984: 107, од друга страна, почетоците на конфликтот ги припишуваат на гусарските активности на критските градови, што од своја страна резултирало со директна интервенција на Родос, што потоа било искористено од Филип да се вмеша во судирот. Во секој случај, нема показатели дека надворешните сојузници директно се судриле на Крит.
[4] Polyb., vii.11.9. Меѓутоа, Полибиј несомнено го преувеличува влијанието на Филип на Крит, зашто некои градови и понатаму влегувале во лагидската сфера на влијание, додека пак други и понатаму одржувале блиски врски со Родос. *v.* *HCP II*: ad loc.
[5] WALBANK 1982: 228.
[6] Дека на крајот Родос успеал да надвладее сведочи сојузот склучен меѓу Родос и Хиерапитна (*Syll.*$^3$ 581), еден од најважните градови во анти-родоската коалиција. Иако со една клаузула се уточнува дека во случај на војна меѓу Родос и некој сојузник на Хиерапитна, градот не е обврзан да испрати помош ако Родос е агресорот (ll.35-40), нема никаков сомнеж дека Родос е доминантната страна во договорот. Иако до тогаш Филип веќе бил инволвиран во многу посериозни судири, а и новата војна со Рим била на повидок, овој договор секако бил непријатен удар за него, со оглед на тоа што Хиерапитна имала договор со Антигонидите уште од времето на Досон, а Филип секогаш покажувал посебна чувствителност кога станувало збор за заштита на областите и градовите што ги наследил од своите претходници. Сличен договор како оној со Хиерапитна, во ова време Родос склучил и со градот Олонт.

зголемило,[1] тоа и не било од големо значење за Филип, кој во меѓувреме бил целосно окупиран од други настани.

*Хераклејд*. Во тој правец делувал и Хераклејд од Тарент, кој откако успеал да ја загуби довербата и на Ханибал односно Тарентинците, а потоа и на Римјаните, пребегнал на дворот на македонскиот крал, и во овој период се јавува како главна личност меѓу советниците на Филип.[2] Ако му веруваме на Полибиј, овој Хераклејд бил најподлиот и најнеморален злосторник, кој се стекнал со толку големо влијание кај Филип, што со своите постапки речиси бил најголемиот виновник за конечниот пад на македонската монархија;[3] а според Диодор, токму на негов поттик во овој период биле елиминирани петмина водечки Македонци и советници на кралот.[4] Колку има вистина во овие обвинувања не може да се каже. Тоа што е јасно е дека Хераклејд навистина се појавува како најблизок соработник на Филип во следните неколку години.[5] Затоа и не изненадува што токму Хераклејд ја има клучната улога во обидот на Филип да ја уништи родоската флота.

Имено, Хераклејд се појавил на Родос со изговор дека го напуштил кралот, а како потврда за тоа, наританите им покажал писмо во кое Филип им ветувал помош на сојузниците на Крит. Откако на овој начин ја стекнал довербата на жителите на Родос, Хераклејд ги запалил родоските складишта и пристаништа, при што 13 од нив, заедно со сите бродови биле целосно уништени, по што побегнал.[6] Прашање е колку доверба треба да се има во овој приказ.[7] Ако се земе предвид напорот на Филип барем во тој момент неговите планови и постапки да останат тајни, не делува многу веројатно дека тој би ризикувал отворена војна со Родос, уште во 204 г. ст.е., кога неговата флота ни

---

[1] Нумизматичките сведоштва за засиленото влијание на Родос се проанализирани кај Hackens 1970. Интересно е што истовремено и Атал успеал да се здобие со одредено влијание на Крит во овие години, за што сведочат и договорите со градовите Лато и Мала (Ducrey & van Effenterre 1969).

[2] Изворите за кариерата на Хераклејд кога бил во служба на Филип се собрани кај Le Bohec 1985: 108f. (no.9). Кога точно Хераклејд пребегнал кај Филип не може со сигурност да се каже. На еден натпис се споменува некој Хераклејд кој бил македонски наместник во Фокида (*Syll.*³ 552). Доколку станува збор за истиот Хераклејд, тогаш тој бил во служба на македонскиот крал веќе во 209 г. ст.е. (*HCP II*: 417; Le Bohec 1985: 109); меѓутоа идентификацијата не е сигурна (*cf.* Schoch *RE Supp.* (1924), col. 729, s.v. Herakleides (36a), кој го отфрла предлогот).

[3] Polyb., xiii.4.

[4] Diod., xxviii.2.

[5] *v. Дополнување (4).*

[6] Polyb., xiii.5.1-6; Polyaen., v.17.2. (базиран на Полибиј).

[7] Автентичноста на приказот е прифатена од *inter alios* Holleaux 1920a: 237 n.2; Walbank 1940: 111; Berthold 1984: 109f; отфрлена од Niese 1899: 572 n.2; de Souza 1999: 81 n.135; Errington 2008: 194; Hammond 1988: 411 е резервиран и го остава прашањето отворено.

приближно не била подготвена за акција.[1] Сепак не сум убеден дека епизодата е целосно измислена, односно иако толкувањето и заклучоците се сомнителни, фактите веројатно се точни – дури ни Полибиј, односно неговиот извор не би измислиле дека Хераклејд бил на Родос во време на пожарот, ако било јасно дека тоа не е точно. Според тоа, изгледа дека Хераклејд се наоѓал на Родос кога, случајно или не, избил пожар во пристаништето, но во тој момент не било сосема јасно кој бил одговорен; а кога подоцна тој се појавил како еден од заповедниците на флотата на Филип, Родос го обвинил и за пожарот.[2]

*Casus belli?* Тргнувајќи од претпоставката дека Филип ја предизвикал Критската војна, П. Бриле се прашува дали некоја конкретна постапка на Родос го предизикало непријателството на Филип, зашто, ако се земе предвид родоската медијација во I Македонска војна, се наметнува заклучок дека до тој момент односите меѓу двете држави биле релативно пријателски; или пак, Филип уште од 205 г. ст.е. едноставно планирал напад на Родос, што конечно и се остварил во 201 г. ст.е.[3]

Врз основа на расположливите извори, може да се заклучи дека навистина, барем од времето на Досон, односите меѓу Македонија и Родос биле пријателски. Показател за односите меѓу двете држави во прв ред е прилично големата донација на Досон и Хрисеида по големиот земјотрес на Родос.[4] Кон

---

[1] WALBANK 1940: 111 истакнува дека Филип во суштина можел да се огради од дејствувањето на Хераклејд и да негира дека е автор на писмото што го покажал Хераклејд пред пританите и со тоа да избегне отворено кршење на мирот. Меѓутоа, до тој момент Хераклејд бил познат соработник на кралот, така што оправдувањето на кралот, какво и да било тоа, веројатно би убедило малкумина. Се разбира, главното прашање е дали Филип оценил дека предизвикувањето на гнев, сомнеж и непријателство кај Родос во овој момент се исплател. Ако ово лукавство било спроведено во 202 г. ст.е., кога тој веќе бил подготвен за акција, можеби би било поверојатно; но во 204 г. ст.е., кога тој не бил подготвен веднаш да ја искористи слабоста на Родос, односно имало доволно време за родоската флота да се опорави, пред и самиот да исплови со својата флота, ако ништо друго делува како непотребен ризик. Но, Филип бил познат по преземањето на ризични потфати, па мора да се признае дека овој аргумент и не е баш убедлив, така што во крајна линија прашањето мора да се остави отворено.

[2] *cf.* ERRINGTON 2008: 194.

[3] BRULÉ 1978: 44; WALBANK 1982: 228.

[4] Polyb., v.89.6-7. *v. HCP I*: ad loc.; ECKSTEIN 2008: 192. Меѓутоа, претпоставката на Екстин Екстин дека донацијата на Досон била пред сѐ наменета за обнова на родоската флота е крајно дискутабилна. Имено, проблемот се состои во тоа како ќе биде сфатен изразот σφηκίσκος, односно дали станува збор за дрво наменето за изградба на бродови, или пак на објекти. Заклучокот на Екстин се заснова на претпоставката на Волбанк дека во овој случај σφηκίσκος и στρωτήρ, се однесуваат на дрва наменети за изградба на бродови. Но, како што истакнува MEIGGS 1982: 145, ваквото значење би било мошне невообичаено и во случајот на σφηκίσκος, ова би бил единствениот пример каде се однесува на дрво за изградба на бродови, а не на објекти (*cf. LSJ*[9] ss.vv., στρωτήρ, σφηκίσκος); и со право заклучува, дека сѐ додека не се најдат уште примери со вакво

истиот заклучок води и фактот што иако операциите на Досон во Карија се одвивале во непосредна близина на територии што влегувале во родоската сфера на интерес, Родос воопшто не интервенирал. Очигледно водечките личности во Родос оцениле дека активностите на Досон не претставуваат закана за родоските интереси.[1] Коректните односи биле задржани и во првите години од владеењето на Филип V, кој позитивно рагирал на една делегација испратена од Родос, и тоа на сметка на Олимпих, македонскиот наместник во Карија.[2]

Но, тоа е сѐ и не треба да се оди подалеку во заклучоците, а родоското посредување во I Македонска војна не смее да се прецени, зашто во крајна линија, Родос дејствувал пред сѐ во своја корист. Тоа што родоските и македоските интереси во тој момент се поклопиле не значи и дека двете држави биле во пријателски односи.[3] Најдобар показател за ова е родоското посредување во текот на Сојузничката војна. Имено, токму во тој период Филип и Родос на два пати се нашле во спротивните табори; прво на Крит, каде Родос и Ајтолците го подржувале Кносос, наспроти коалицијата на градови подржана од Филип и Симахијата;[4] а истата година, иако токму Родос се борел против Деметриј од Фарос кој крстарел по Кикладите, илирскиот династ бил пријателски прифатен и врбуван од Таврион. Несомнено станува збор за индиректен судир и значењето на инцидентите не смее да се прецени, но истовремено тие покажуваат дека односите меѓу Родос и Македонија и не биле толку пријателски[5] како што мислат некои историчари. Па сепак, тоа не го спречило Родос да се обиде да посредува во Сојузничката војна, ниту пак било причина за Филип да го одбие овој обид – Родос пред сѐ воден од своите економски и во одредена мера стратешки интереси,[6] бил исто толку

---

значење, решението на Волбанк не би требало да се прифати. Според тоа, и претпоставката на Екстин треба да се отфрли – односите меѓу Македонија и Родос биле доволно коректни за Досон да понуди значителна донација, но не и до толку блиски за конкретно да помогне во обновувањето на родоската флота.

[1] Eckstein 2008: 192. Меѓутоа, се чини дека Екстин го преценува обемот и карактерот на кариската експедиција на Досон. Згора на тоа, во предвид мора да се земе и фактот што токму некаде во овој период Родос бил погоден од разурнувачкиот земјотрес (228 г. ст.е. според Екстин); така што во тие услови, тешко дека Родос, дури и да сакал, би можел да преземе нешто позначајно против Антигон.

[2] Спорот бил меѓу Олимпих и Јасос, чии жители побарале помош од Родос, од каде потоа била испратена делегација кај Филип. Детална анализа на овој настан кај Meadows 1996.

[3] *contra* Eckstein 2008: 193, кој го преценува значењето на фактот што сепаратниот мир меѓу Филип и Ајтолија бил и во интерес на Македонија и на Родос.

[4] Како што истакнува Berthold 1984: 102 n.2, токму како реакција на засилувањата испратени од Филип на Крит, Родос ја испратил ескадрата на Полемокле на Кносос.

[5] *cf.* Ager 1991: 15 n.20: Potential Macedonian interests in Caria dating from the expedition of Doson in 227, as well as Macedonian involvement in Crete, hostile to Rhodes' ally Knossos, were probably both causes for concern to Rhodes.

[6] Berthold 1984: 103; Ager 1991.

заинтересиран за постигнување на мир како и Филип кој воопшто и не го посакувал судирот со Ајтолците во тој момент.

Примерот од родоското посредување во текот на Сојузничката војна покажува дека посредувањето во текот на I Македонска војна не може да се земе како аргумент за постоење на пријателски односи меѓу Родос и Филип. Зашто и овој пат, разбирливо, Родос дејствувал пред сè тргнувајќи од сопствените економски и стратешки интереси. Дека Родос воопшто не бил загрижен за интересите на Филип, па дури и на Ајтолците, сведочи и фактот што првите обиди за посредување датираат дури од 209 г. ст.е. – сè додека операциите биле ограничени на Илирија, западна Хелада и Јонското, односно Јадранското море, Родос воопшто не бил диреткно засегнат, односно заинтересиран за завршување на војната. Но, со проширувањето и продлабочувањето на конфликтот, не само економските, туку и стратешките интереси на Родос биле доведени во прашање, а при тоа, заканата од евентуално претерано зајакнување на Филип и не била главната причина за загриженост, иако и оваа можност несомнено имала значајна улога во одлуката да се посредува. Како што вели Ливиј (базиран на Полибиј): ibi de Aetolico finiendo bello actum ne causa aut Romanis aut Attalo intrandi Graeciam esset;[1] односно, без разлика колкава била загриженоста од јакнењето на Филип, за Родос многу поважно било да се спречи навлегувањето на Рим, а уште повеќе на нивниот сосед Атал, во Хелада. Ваквиот став овозможува и да се сфати зошто до првите обиди за посредување дошло дури во 209 г. ст.е. – главната цел од стратешки аспект несомнено била да се ограничини дејствувањето и зајакнувањето на пергамските позиции во Хелада и Егејот воопшто; додека пак од економски, вмешувањето на Атал носел дополнително компплицирање, а со тоа и нарушување на трговијата во Егејот, особено по 208 г. ст.е., кога Прусија ќе ги нападне пергамските територии со што постоела опасност и од нарушување на трговијата и во регионот на Понт.[2] Според тоа, Родос не интервенирал заради некакво пријателство или интерес за Македонија, туку пред сè поради сопствените грижи и интереси.

Тоа што и овој пат, како и во текот на Сојузничката војна, крајните цели на Родос и Филип се поклопиле, не значи и дека односот меѓу нив бил посебно пријателски. Напротив, од тоа малку што го дознаваме од изворите, попрво би можело да се заклучи дека и покрај коректните односи на почетокот на владеењето на Филип, кај двете страни постепено растела сомничавоста и иритацијата. Од аспект на Родос тоа несомнено пред сè се должело на

[1] Liv., xxvii.30.10; *cf.* Polyb., x.25.5; App., *Mak*., 3.1.
[2] BERTHOLD 1984: 105f.; AGER 1991: 17.

континуираното влијание на Филип на Крит. Од аспект пак на Филип, главниот извор на иритација не лежел во родоските врски и интереси на Крит, што и онака датирале уште од крајот на IV век ст.е., туку попрво во родоската агресивна дипломатија во далечната Карија. Имено, случајот со Јасос покажува дека на почетокот на своето владеење, Филип ги наследил упориштата што Досон ги стекнал во текот на Кариската експедиција. Меѓутоа, во периодот до 201 г. ст.е., кога Филип ќе се појави во Карија, од македонската контрола во овој регион очигледно не останало ништо. Иако од изворите е невозможно со сигурност да се утврди што точно се случувало во Карија во овој период, се чини прилично јасно дека значителна улога во опаѓањето на македонското влијание имала токму дипломатската активност на Родос.[1] Доколку е ова точно, тогаш Филип несомнено имал причина за сомнеж и недоверба кон Родос.

Сѐ додека бил окупиран прво со Сојузничката, а потоа и I Македонска војна, тој и немал голем избор и можности за интервенција во Карија; но по Фојника, состојбите драстично се промениле и тој конечно можел да се сврти кон Егејот и во таа смисла судирот со Родос и не изненадува премногу. Се разбира, ова е само една страна од приказната; од другата, би можело да се истакне дека без разлика на претходните односи, тргнувајќи од своите идни планови и амбиции, Филип секако морал да очекува судир со Родос. Со оглед на традиционалната родоска политика на одржување на релативен мир и особено на рамнотежа на силите во Егејот,[2] но и традиционалното пријателство со Лагидите, Филип мора да бил свесен дека неговите планирани освојувања (во голема мера на сметка на Лагидите), порано или подоцна ќе го одведат во судир со Родос; па затоа уште од 204 г. ст.е. се обидувал да ги поткопа родоските воени, а во прв ред поморски, потенцијали.

Затоа, верувам дека нема потреба да се бара некој конкретен инцидент што би послужил како *casus belli* – веќе подолго време односите меѓу Филип и Родос се засновале на сомничавост, меѓусебна недоверба и подржување на спротиставени страни на Крит. Сѐ додека Филип бил окупиран со настаните на запад, опасноста од ескалација на ова затскриено непријателство била минимална. Но, по мирот во Фојника, кога тој и дефинитивно се свртел кон Егејот и започнал со изградба на флота, веројатно било само прашање на време

---

[1] MA, DEROW & MEADOWS 1995: 77f.; MEADOWS 1996: 263ff.

[2] За ваквиот принцип и пристап на Родос во надворешната политика најдобро говори фактот што, иако традиционален сојузник на Лагидите, во текот на II Сириска војна ќе застане на страната на Селевкидите во моментот кога се чинело дека лагидската контрола и влијание во Егејот стануваат претерано силни.

кога ќе дојде до отворен судир со Родос, а ескалацијата несомнено била забрзана со неговите агресивни планови.

## II.2. Злосторничкиот пакт

*Филип и Египет.* Додека Филип ја осигурувал северната граница, ја подготвувал флотата и веќе индиректно дејствувал против Родос, изгледа дека од Египет дошла понуда за династички брак меѓу шестгодишниот Птолемај и некоја ќерка на Филип.[1] Во меѓувреме, Филопатор умрел, а наскоро по него и Сосибиј, кој бил иницијаторот за приближувањето кон Македонија.[2] Во тие услови, меѓу останатите пратеништва,[3] Агатокле го испратил Птолемај, синот на Сосибиј, во Пела, со задача да се забрзаат преговорите и да добие ветување за помош во случај на напад на Антиох во Којле Сирија.[4]

Иако Птолемај бил примен срдечно и со сите почести, Филип и понатаму одбивал отворено и дефинитивно да се изјасни за понудата од Александрија.[5] Изгледа дека Филип во моментот се двоумел и се обидувал да добие на време, што со оглед на заплетканата состојба воопшто и не изненадува. Од една страна, истапувањето во заштита на Епифан, особено ако тоа било зацврстено и со династички брак, секако отворало низа можности за Филип, па дури можеби и некакви територијални концесии; но, ова несомнено би го вмешало во судирите меѓу Лагидите и Селевкидите, и големо прашање било колку можните придобивки од сојузот со Епифан се исплателе за да се впушти во војна со Антиох. Од друга страна, неодамнешните активности на селевкидскиот владетел покажувале дека Антиох нема намера да се задоволи со успесите постигнати при источната „анабаса“, туку дека и понатаму цели кон целосно обновување на кралството на Селевкидите во обемот од времето на Селеук I. Иако Филип во никој случај не смеел да допушти такво нешто, очигледната

---

[1] Претпоставката произлегува од Polyb., xv.25.13: τά τε περὶ τῆς ἐπιγαμίας συνθησόμενον. Иако некои историчари претпочитаат ἐπιγαμίας да го емендираат во ἐπιμαχίας, аргументите на Holleaux 1921: 79 n.1. во одбрана на оригиналниот текст се мошне убедливи и одлучувачки. Понудата најверојатно би требало да се датира кон крајот на владеењето на Филопатор (*cf. HCP II*: 484).

[2] *cf.* Walbank 1940: 112.

[3] Пелоп бил испратен кај Антиох со задача да го предупреди да ги почитува одредбите од мирот по Рафија; додека пак Птолемај од Мегалопол бил испратен во Рим за да ја објави смената на власт во Египет и стапувањето на Епифан на престолот и веројатно да укаже на неодамнешните активности на Антиох во Мала Азија (*cf.* Hölbl 2001: 135).

[4] Polyb., xv.25.13: Πτολεμαῖον δὲ τὸν Σωσιβίου πρὸς Φίλιππον τά τε περὶ τῆς ἐπιγαμίας συνθησόμενον καὶ παρακαλέσοντα βοηθεῖν, ἐὰν ὁλοσχερέστερον αὐτοὺς Ἀντίοχος ἐπιβά ληται παρασπονδεῖν.

[5] Птолемај ќе биде задржан во Пела сѐ до есента 202 г. ст.е. *cf.* Polyb., xvi.22.3; *HCP II*: ad loc.

слабост на Лагидите не ветувала значителна помош во евентуалниот судир со Антиох. Поради тоа, најсигурен приод за Филип во дадениот момент било едноставно да го исчекува понатамошниот тек на настаните, пред и дефинитивно да заземе став во поглед на Епифан и Антиох.

*Антиох во Мала Азија*. Ако се земат предвид традиционалните односи меѓу Селевкидите, Лагидите и Антигонидите во текот на III век ст.е., предлогот за династички брак е јасно сведоштво за тоа колку сериозно властите во Александрија ја сфатиле кризата и ранливата надворешна позиција на Египет, односно непосредната опасност од Антиох. Па сепак, по враќањето од источната „анабаса“, наместо кон Којле Сирија, Антиох се свртел кон Мала Азија[1] и веќе зимата 204 или најдоцна пролетта 203 г. ст.е.,[2] го минал Таурос. Дали веќе се впуштил во напади на лагидските поседи кога кај него пристигнал Пелоп не е сосема јасно.[3]

Центарот на селевкидските активности во овој период биле Карија и соседната Јонија.[4] Во Карија, Ѕевксид успеал да ги освои Амизон, Алабанда, Алинда, и Миласа. Иако очигледно станувало збор за систематски напор да се освои Карија, крајбрежниот дел не бил опфатен во операциите на Ѕевксид.[5] Паралелно со дејствувањето на Ѕевксид, Антиох дејствувал во Јонија, каде на сметка на Атал, го освоил Теос, а најверојатно и Лебед и Колофон.[6] Очигледно Антиох се обидувал колку што е можно повеќе да ја искористи прилично хаотичната состојба во Мала Азија за да ја обнови селевкидската власт, при што не се ограничувал само на напади на градови под лагидска контрола. Напротив,

---

[1] Ваквата одлука можеби се должела и на бунтовите во Фригија и Лидија. Меѓутоа, тие се споменуваат само во писмото на Антиох до Ѕевксид, што е зачувано единствено кај Joseph., *AJ*, 12.147-53, чија автентичност се доведува во прашање. Преглед на мислењата кај Ma 1999: 367.

[2] Ma 1999: 66.

[3] Антиох бил во Мала Азија кога кај него пристигнал Пелоп - εἰς τὴν Ἀσίαν πρὸς Ἀντίοχον τὸν βασιλέα, при што Азија во овој случај не се однесува на внатрешноста на континентот, туку на Мала Азија (Ma 1999: 66 n.51). Одговорот на прашањето дали Антиох веќе се впуштил во напади на лагидски поседи и дали за тоа бил известен Пелоп кога се упатил кај кралот, зависи од тоа како ќе се сфати изразот ὁλοσχερέστερον (*v.* *HCP II*: 484).

[4] Приказ на активностите на Антиох со исцрпна анализа на епиграфските извори кај Ma 1999: 65ff.

[5] Со оглед на близината до Миласа, особено изненадува фактот што Евром останал надвор од селевкидска контрола. Според Ma 1999: 68, ова се должи на фактот што Филип и Антиох во меѓувреме го постигнале злогласниот договор.

[6] Некои историчари, тргнувајчи од *OGIS* 219, претпоставуваат дека Антиох во овој период го зазел и Илиј. Меѓутоа, „Антиох, синот на Селевк“ што се споменува на натписот најверојатно е Антиох I, а не Антиох III (иако и оваа можност не може со сигурност да се исклучи). *v.* Ma 1999a.

доколку новото толкување на еден натпис од Амизон е правилно,[1] лагидските поседи воопшто и не биле главна цел на Антиох. Но, тоа и не е толку важно.

Од аспект на Филип, многу поважно е што меѓу другото, Ѕевксид делувал и во области што претходно, во времето на Досон и првите години од неговото владеење, биле под македонска контрола. Сѐ разбира, Антиох во секој случај можел да посочи дека пред да бидат македонски, тие области влегувале во состав на селевкидското кралство – впрочем и Олимпих своевремено бил наместник на Селевк II;[2] но тоа би било мала утеха за Филип. Тој мора да увидел дека како резултат на активностите на Антиох, нивните интереси сѐ повеќе се вкрстуваат,[3] а со оглед на планираната експанзија во Егејот, несомнено проблемот уште повеќе би се продлабочил.

*Злогласниот договор.* Така, Филип бил исправен пред сериозна дилема. Од една страна бил Епифан, односно неговите старатели, кои иако активно се подготвувале за одбрана на сопствените територии, голема надеж во борбата против Антиох полагале токму во помошта од Филип. Од друга бил Антиох, кој понесен од стекнатата слава и углед по источната „анабаса“ бил одлучен да ја возобнови селевкидската власт во Мала Азија и Којле Сирија, секако главно на штета на Лагидите. Во средина бил Филип, кој иако несомнено бил иземритиран па и загрижен од непреченото зајакнување на Антиох, барем во воена смисла не можел да очекува корист од сојузот со сѐ понемоќниот Египет. Според тоа, иако вообичаено современите историчари истакнуваат дека Филип играл двојна игра и се обидувал да добие на време и истовремено да ја задржи слободата на дејствување,[4] неговата позиција всушност била многу потешка одошто изгледа на прв поглед. Тој несомнено играл двојна игра, но изборот и не бил толку едноставен – експанзијата на Антиох кон запад секако морала да се запре, и во таа смисла, сојуз со Лагидите несомнено би бил полезен, но во моментот тој ни приближно не располагал со доволно средства за да го предизвика Антиох во Мала Азија, а уште помалку пак во Сирија така што дури и отворено да застанел

[1] *RC* no.38. Наспроти традиционалното мислење дека Амизон во овој период бил под лагидско влијание, Ma, Derow & Meadows 1995, претпоставуваат дека, како резултат на распадот на македонската власт во Карија, градот всушност бил независен. Аргументите на Eckstein 2008: 154f., во одбрана на традиционалното мислење не се до крај убедливи.
[2] *Labraunda*, nos. 5, 31.
[3] Меѓу другото, во тој период Антиох посредувал во склучувањето на мир меѓу Родос и некои од градовите на Крит – активност што во секој случај се косела со амбициите и плановите на Филип.
[4] *e.g.* Holleaux 1930a: 150f.; Walbank 1940: 112ff.

на страната на Епифан, не би можел многу да стори.[1] Од друга страна, доколку отворено ја одбиел понудата, ризикувал властите во Александрија во состојба на очај на крајот да склучат сојуз со Антиох, што би било катастрофално за надворешната позиција на Македонија.[2]

Од своја страна, и Антиох веројатно не се чувствувал многу пријатно во однос на Филип. Македонскиот крал не располагал ни приближно со такви средства како Антиох, но бил познат како агресивен, одважен и способен владетел, кој по мирот во Фојника веројатно ќе си ја проба среќата на исток. Во такви услови, ако евентуално дојде до македонски напад во Мала Азија, тој не би можел да ја искористи моменталната слабост на Лагидите и конечно да ја постигне дамнешната желба на сите селевкидски владетели – освојување на целото сиро-палестинско крајбржје.[3] Така, кон крајот на 203 г. ст.е. политичката состојба во хеленистичкиот свет станала крајно нестабилна и комплицирана.

Гордиевиот јазол конечно бил пресечен зимата 203/2 г. ст.е., кога Антиох му пристапил на Филип со понуда за заеднички напад на Египет. Со тоа фактички го ставил пред свршен чин – времето за заткулисни игри и двојна дипломатија завршило, зашто, ако ја одбиел понудата на Антиох, Филип практично отворено се изјаснувал за Епифан. Со оглед на воената немоќ на Лагидите, не изненадува што Филип одбрал да ја прифати понудата на Антиох – од двете понудени можности, тој ја избрал посилната страна, што истовремено му гарантирало и дека ќе може да ја отпочне егејската кампања без да стравува од селевкидска интервенција.[4]

*Историчност*. Некои историчари не веруваат дека договорот воопшто и постоел. Така, според Д. Меги, станува збор за родоска пропаганда, што Полибиј ја презел од родоските историографи што ги користел;[5] додека пак според Р. Eрингтон,[6] станува збор за локален договор меѓу Филип и Ѕевксид, чие значење потоа било преувеличано.

Иако обајцата нудат низа аргументи што не се сосема неубедливи, сепак се чини дека нема основа целосно да се отфрли автентичноста на договорот. Зашто, во текот на кампањата во Мала Азија во 201 г. ст.е., по нападот на

---

[1] WALBANK 1965: 263f. *contra* MA 1999: 85, кој ја преценува моќта на новата флота што ја градел Филип.
[2] WALBANK 1940: 113.
[3] *cf.* HOLLEAUX 1930a: 150; MA 1999: 74ff.
[4] HAMMOND 1988: 412.
[5] MAGIE 1939.
[6] ERRINGTON 1971; ID. 1986. Во постоењето на договорот се сомневаат *inter alios* и BADIAN 1958: 64 n.3; WARRIOR 1996: 16f.; *cf.* HARRIS 1979: 213 n.2.

Пергам, ἀποπεσὼν δὲ καὶ ταύτης τῆς ἐλπίδος, καὶ παραγενόμενος εἰς Ἱερὰν κώμην, διεπέμπετο πρὸς Ζεῦξιν, παρακαλῶν αὐτὸν σῖτον χορηγῆσαι καὶ τὰ λοιπὰ συμπράττειν κατὰ τὰς συνθήκας. ὁ δὲ Ζεῦξις ὑπεκρίνετο μὲν ποιεῖν τὰ κατὰ τὰς συνθήκας, οὐκ ἐβούλετο δὲ σωματοποιεῖν ἀληθινῶς τὸν Φίλιππον.[1] Според Д. Меги, ништо од ова не докажува постоење на договор меѓу Филип и Антиох, а однесувањето на Ѕевксид е во секој случај неразбирливо, а вината веројатно треба да се префрли на Полибиј, чија веродостојност во овој случај е сомнителна.[2] Ваквиот заклучок делува по малку произволен – дури и да се дозволи дека приказот на Полибиј не е сосема веродостоен, и дека однесувањето на Ѕевксид е неразбирливо, останува фактот дека Филип побарал (и добил ограничена) помош κατὰ τὰς συνθήκας. Доколку немало никаков договор меѓу кралевите, врз основа на што воопшто Филип барал помош? Всушност и подоцна, иако резервирано, Ѕевксид уште еднаш ќе му испрати намирници на Филип.[3] Д. Меги како контра-аргумент го истакнува однесувањето на Филип во подоцнежната фаза од походот, кога на удар се нашле дури и некои селевкидски територии;[4] меѓутоа, од контекстот очигледно е дека до тој момент ситуацијата на Филип станала крајно проблематична, така што овие напади биле преземени пред сè заради обезбедување на намирници.[5] Впрочем, главниот проблем во толкувањето на Д. Меги веројатно произлегува од претпоставката дека договорот меѓу кралевите бил склучен *bona fide*. Меѓутоа, од Полибиј дознаваме дека ἔτι γὰρ αὐτῶν παρασπονδούντων μὲν ἀλλήλους κτλ.,[6] што и не изненадува многу. Ако се тргне од овој правец, тогаш и и барањето на Филип и однесувањето на Ѕевксид стануваат многу појасни. Филип побарал помош кога веќе се нашол во крајно критична ситуација, а Ѕевксид немал намера да помогне повеќе од тоа што било неопходно според договорот.

Згора на тоа, на еден неодамна откриен натпис во близината на Баргилија, меѓу другото се споменува и дека: „кога изби војна меѓу кралот

---

[1] Polyb., xvi.1.8-9.
[2] Magie 1939: 39.
[3] Polyb., xvi.24.6.
[4] Polyb., xvi.24.7. Maggie 1939: 41.
[5] Најдобро сведоштво за проблемите на Филип секако е Polyb., xvi.24.9: Πολύβιος δ᾽ ὁ Μεγαλοπολίτης ἐν τῇ ις′ τῶν ἱστοριῶν “Φίλιππος” φησὶν “ὁ Περσέως πατήρ, ὅτε τὴν Ἀσίαν κατέτρεχεν, ἀπορῶν τροφῶν τοῖς στρατιώταις παρὰ Μαγνήτων, ἐπεὶ σῖτον οὐκ εἶχον, σῦκα ἔλαβε. διὸ καὶ Μυοῦντος κυριεύσας τοῖς Μάγνησιν ἐχαρίσατο τὸ χωρίον ἀντὶ τῶν σύκων. *HCP II*: ad loc. *cf*. Eckstein 2008: 166ff.; Ma 1999: 75.
[6] Polyb., xv.20.6.

Антиох и кралот Птолемај кој сега владее, силите испратени од кралот Антиох ги заседоа ...са и Тодаса, пред Теангела да му биде препуштена на Антиох од кралот Филип“.[1] Врз основа на овој натпис се чини дека постоењето на договорот веќе не би требало да се доведува во прашање.

Но, доколку овој натпис го докажува постоењето на договорот, сепак не ја побива во целост и теоријата на Р. Eрингтон дека станува збор за локален договор. Зашто, за жал, на натписот не се споменува контекстот во кој Филип му ја предал Теангела – можеби тоа било во согласност со договорот со Ѕевксид, можеби Филип, доведен во очајна ситуација поради недостигот на намирници го предал градот во замена за помош, како што направил и во случајот со Магнесија и Миунт.[2] Генерално, критиката на теоријата на Р. Eрингтон се сведува на тоа дека Ѕевксид, како сатрап, немал толку широки овластувања за да може независно да се договара со Филип.[3] Меѓутоа, низа натписи откриени во последниве неколку децении покажуваат дека Ѕевксид не бил обичен сатрап; туку бил одговорен за сите селевкидски поседи во Мала Азија[4] и уживал голема независност при водењето на надворешната политика,[5] при што некои од неговите одлуки имале и сериозни надворешни последици, особено во односите со Родос.[6]

Па сепак, како што истакнува А. Екстин, ова едноставно докажува дека претпоставката на Р. Eрингтон веќе не може да се оспорува со сега застарениот аргумент за ограничените овластувања на Ѕевксид, што од друга страна не

[1] Blümel 2000: 94ff., ll.10-13. Корекции во читањето кај Wiemer 2001. *v*. Dreyer 2002; *BE* (2001) no.409; *BE* (2002) no.392; *BE* (2003) no. 479.

[2] Eckstein 2008: 173 несомнено е во право кога го потенцира фактот што на натписот од Баргилија никаде не се споменува Ѕевксид, а Филип му го предава градот директно на Антиох. Меѓутоа, не сум до крај убеден како што е Екстин, дека тоа е недвосмислена потврда за договорот меѓу Филип и Антиох. Зашто, дури и да постоел таков договор, што во крајна линија и верувам дека е точно, не е многу веројатно дека еден релативно неважен град како Теангела би бил директно споменат во одредбите. Со други зборови, без разлика на фразеологијата, поверојатно е дека станува збор за одлука донесена на теренот, и во договор со Ѕевксид, а не директно со Антиох, кој во тоа време бил во Којле Сирија. Иако ценам дека е поверојатно дека ваквата соработка со Ѕевксид била во рамките на веќе постигнатиот договор со Антиох, мора да се признае дека со натписот не се побива целосно теоријата на Eрингтон.

[3] *e.g*. Berthold 1975/6: 100f.; Id., 1984: 110 n.3; Gruen 1984: 387 n.163.

[4] Ma 1999: no.29, ll.3-5: Ζεῦξίς τε ὁ ἀπολελειμμένος ὑ/πὸ τοῦ βασιλέως Ἀντιόχου ἐπὶ τῶν ἐπιτάδε/τοῦ Ταύρου πραγμάτωγ.

[5] Ma 1999: no.29 (договор за пријателство и воен сојуз меѓу Ѕевксид и граѓаните на Евром); Ma 1999: no.30 (сојуз меѓу Евром и Антиох, што бил договорен преку Ѕевксид); Ma 1999: no.31 (сојуз меѓу Хераклеја на Латмос и Селевкидите, што бил склучен во директни преговори со Ѕевксид без било какво вмешување на Антиох). Врз основа на овие натписи, можно е и договорот со Амиѕон (*RC* 38= Ma 1999: no.5) да бил постигнат во директни преговори со Ѕевксид (Ma, Derow & Meadows 1995: 73f.).

[6] *v*. Eckstein 2008: 171.

значи и по автоматизам дека неговата теза е точна.[1] Од своја страна, тој се обидува да го докаже постоењето на договорот тргнувајќи пред сè од информациите кај Полибиј, прашањето за веродостојноста и квалитетите на ахајскиот историограф, и постапките на Филип и Ѕевксид во тој период,[2] при што повеќето од неговите аргументи не се премногу убедливи, зашто во крајна линија ми се чини дека Екстин има многу повеќе доверба во Полибиј, одошто заслужува ахајскиот историограф.[3] Со други зборови, во конкретниов случај, верувам дека авторитетот на Полибиј може да се земе само како дополнителен, но не и клучен аргумент во решавањето на проблемот.

Но, и покрај тоа, верувам дека договорот меѓу Антиох и Филип е реалност, а не плод на родоската пропаганда, или пак преувеличување на некаков локален договор меѓу Филип и Ѕевксид. Ваквиот заклучок произлегува од движењето и активностите на Антиох, односно Ѕевксид во и по 203 г. ст.е. Имено, како што веќе видовме, 203 била година на систематски напор за освојување на Карија, и во помала мера Јонија. Но, токму кога крајбрежните градови му биле на дофат на Ѕевксид, селевкидската активност во регионот запира, при што посебно е индикативен примерот на Евром. Навистина, од 202 г. ст.е. напорите на Антиох ќе бидат насочени кон сиро-палестинското

[1] ECKSTEIN 2008: 172.
[2] ECKSTEIN 2008: 172ff.
[3] Посебно сомнителен делува заклучокот дека Полибиј, со оглед на тоа што често ги критикува Антистен и Ѕенон, и при тоа ги истакнува нивните недостатоци, не би дозволил да биде заведен од нивните прикази, особено што користел повеќе извори за овој период, вклучувајќи и некои што биле добро запознаени со состојбите во Македонија. Сето ова *prima facie* делува мошне убедливо, но доволно е само да се посочи описот на битката кај Хиос за веднаш да стане јасно колку ваквите заклучоци може да бидат заводливи, а сепак погрешни; зашто нема сомнеж дека и покрај сите критики и свесност за недостатоците на родоските историографи, при описот на битката кај Хиос Полибиј ползувал токму родоски извор и дава еден крајно проблематичен и сомнителен приказ и оцена за исходот од битката (*v. supra*). Ништо поубедлив не е ни приговорот дека, иако теоретски возможно, не е веројатно дека Филип би се понижил до тој степен за да склучи договор со еден службеник, без разлика колку високо се наоѓал во селевкидската хиерархија. Згора на тоа, тој истакнува дека сите претходно наведени примери докажуваат дека Ѕевксид имал овластување да преговара и да се договара со градови, но ништо не упатува на заклучок дека имал право да преговара и со владетели. Ваквиот тип на преговори секогаш бил ограничен само на највисоко ниво - односно крал со крал. Иако има одредена издржаност во заклучокот, примерот на Филип и Скердилаида повторно нè предупредува дека генерализирањето може да биде опасен метод на заклучување, и дека исклучоци секогаш постојат. Зашто, во времето кога Филип склучил сојуз со Скердилаида, овој не само што не бил владетел (во тоа време тоа бил Пинес), туку не бил ниту најмоќниот династ во Илирија (во тоа време Деметриј од Фарос). Очигледно, политичките и стратешки мотиви надвладеале кај Филип, па овој си дозволил да се „спушти“ на ниво да преговара и да склучи сојуз со еден обичен илирски династ. Впрочем, од чисто легалистички апсект, ниту несреќниот сојуз со Ханибал не е ништо поразличен. Ханибал несомнено уживал посебна позиција во картагинската држава, но технички не бил на исто рамниште со кралот на Македонија. Ова е до толку поважно, зашто како што беше споменато, договорот го обврзувал Ханибал, но не и Картагина, каде македонските пратеници најверојатно никогаш не ни заминале.

крајбрежје во обид да се искористат неприликите во Александрија за конечно да се освојат териториите на кои што Селевкидите претендирале уште од времето на основачот на династијата. Овој развој секако може да се прифати како делумно објаснување за намалувањето на активностите во Мала Азија, но само како делумен, зашто Ѕевксид несомено и понатаму располагал со доволно војска, ако ништо друго тогаш барем да го заврши освојувањето на Карија.[1] Згора на тоа, во текот на егејската кампања на Филип, Ѕевксид не презема ниту еден обид за освојување на преостанатите лагидски поседи на малоазискиот брег, иако Антиох веќе бил во војна со Лагидите. Всушност, селевкидското напредување во Мала Азија систематски продолжува дури во 197 г. ст.е., односно по битката кај Киноскефала. Ваквиот развој делува мошне нелогично и неразбирливо доколку станувало збор за локален договор постигнат дури кога Филип се појавил во Мала Азија (односно 201 г. ст.е.), и не дава одговор на прашањето зошто Ѕевксид не го продолжил напредувањето барем во 202 г. ст.е. Според тоа, верувам дека Џ. Ма е сосема во право кога ваквиот прекин на селевкидската експанзија во Мала Азија го поврзува со договорот меѓу кралевите.[2]

Врз основа на ваквото однесување на Антиох и Ѕевксид, може да се наведат уште неколку аргументи во корист на постоењето на договорот. Прво, тука е натписот од Баргилија. Како што веќе беше споменато, поради тоа што го немаме контекстот во кој Филип одлучил да го предаде градот, овој натпис сам за себе не може да се земе како одлучувачки аргумент. Но, истовремено, мора да се истакне и дека најлогично и најверојатно е да се стави во контекст на запирањето на селевкидската експанзија во Карија, и уште повеќе, спорадичната соработка со Ѕевксид, што се темелела и произлегувала од договорот меѓу кралевите. Второ, како што истакнува А. Екстин, доколку договорот никогаш не ни постоел, тогаш навистина изненадува што ниту Филип, ниту Антиох никогаш не се обиделе да ги демантираат гласините. Аргументот не е сосема убедлив, и може да се изнајдат низа причини зошто кралевите не го демантирале. Па сепак, во контекст на останатите аргументи веројатно оди барем малку во прилог на одбрана на историчноста на договорот. Трето, контекстот и местото каде Полибиј го споменува договорот. Имено, начинот на кој е споменат во XVI книга, несомнено упатува на заклучок дека Полибиј веќе претходно го споменал и (најверојатно) дал детална анализа на

[1] *contra* ERRINGTON 2008: 196.
[2] MA 1999: 75f.; HÖLBL 2001: 136.

конкретниот договор.[1] Всушност, Ф. Волбанк мошне убедливо докажува дека договорот детално бил проанализиран во XV книга, и според тоа, барем Полибиј го датирал во 203/2 г. ст.е.[2] Од друга страна, за да се прифати претпоставката на Р. Ерингтон треба да се претпостави дека договорот бил постигнат во 201 г. ст.е. Според тоа, ако го следиме Ерингтон, треба да претпоставиме дека не само што Полибиј бил заведен од родоските историографи, туку и го антедатирал договорот во 203/2 г. ст.е. Ваквото решение делува несмасно и неубедливо. Која била причината, односно потребата за такво нешто? Ако станувало збор за намерна измислена пропаганда, зарем не би било пологично родоските историографи барем делумно да ја засноваат на вистина, односно на договорот во 201 г. ст.е., наместо самите да ја комплицираат работата со тоа што би измислиле нов договор во 203/2 г. ст.е. Четврто, во 201 г. ст.е., и Филип и Антиох навистина истовремено ќе ги нападнат Лагидите. Се разбира, секогаш мора да се води сметка за можноста дека станува збор за случајност; но во конкретнава ситуација, и врз основа на претходно споменатите аргументи, тоа делува речиси невозможно. Напротив, фактот што Ѕевксид не побрзал да освои што е можно повеќе лагидски територии пред тие да станат жртви на Филип неспорно сведочи дека меѓу двете страни постоел некаков договор.[3]

На крајот, треба да се спомене уште еден аргумент, кој е можеби клучен во целата дискусија, а зачудувачки никој до сега не го споменал. Имено, по заминувањето на Птолемај, синот на Сосибиј, од Пела,[4] изгледа дека преговорите за династички брак никогаш не биле обновени. Ако се претпостави дека Филип и Антиох не постигнале никаков договор, овој факт е мошне неразбирлив. По внимателните дипломатски интриги и задкулисно дејствување, не изгледа многу веројатно дека Филип би ја започнал својата кампања, без претходно да се договори со Антиох или пак Птолемај. Иако и двете можности криеле и одредени опасности и ризици, во секој случај истовремено нуделе и несомнени предности. Според тоа, во таа комплексна и нејасна ситуација, Филип на крајот секако би избрал една од двете понудени можности. Ако веќе не можел да се договори со Антиох, најверојатно би ја прифатил понудата од Александрија, ако ништо друго барем како потенцијална опасност, односно кочница за напредувањето на селевкидскиот владетел, кој во

[1] *v.* убедливата аргументација на Eckstein 2008: 173.
[2] *HCP II*: 472f.
[3] *cf.* Eckstein 2006: 273.
[4] Polyb., xvi.22.3. Птолемај најверојатно се вратил во Египет околу 202/1 г. ст.е., а во секој случај, пред Филип отворено да ги нападне лагидските поседи. *v. HCP II*: ad loc.

тој случај би морал внимателно да размисли пред да преземе директен напад на Египет, кој фактички би бил под заштита на Македонија. Дури и би можело да се спекулира дека токму ваквата можност, односно опасност, на крајот и го поттикнала Антиох да му пријде на Филип. Според тоа, верувам дека фактот што преговорите не само што не вродиле со плод, туку по заминувањето на Птолемај воопшто и не биле продолжени, е важен аргумент во одбрана на историчноста на договорот меѓу Филип и Антиох. По склучувањето на договорот, Филип веќе немал ни потреба, а реално ни можност да истапи како заштитник и сојузник на Лагидите.

Според тоа, аргументите во одбрана на историчноста на договорот меѓу Филип и Антиох, барем врз основа на изворите со кои располагаме во моментов, изгледаат мошне силни и убедливи. Сопирањето на селевкидската експанзија во Карија и воопшто по малоазиското крајбрежје, прекинот на преговорите меѓу Филип и Александрија за династички брак, истовремениот напад на лагидските поседи во 201 г. ст.е., како и низа посредни показатели, потврдуваат дека во 203/2 г. ст.е., Филип и Антиох навистина постигнале некаков договор за заеднички напад на Лагидите.

Впрочем изгледа дека токму договорот со Филип и му овозможил на Антиох мирно да се сврти кон Којле Сирија, без да стравува за состојбите во Мала Азија. Зашто, како што истакнува М. Оло, во 203 г. ст.е. токму Филип бил големата непознаница – извор на немир за Антиох, а надеж за Александрија.[1] Ова од друга страна овозможува да се сфати и зошто дури во 202 г. ст.е. ја започнал офанзивата против Лагидите во Којле Сирија. Зашто, сè додека не бил сигурен во идните планови на Филип, не можел да ризикува да се впушти во војна за Колје Сирија со главнината од силите, а при тоа да ја изложи Мала Азија на потенцијална опасност од македонскиот владетел. Дури кога бил постигнат договорот со Филип, сигурен дека овој нема намера да интервенира на страната на Лагидите, конечно се свртел кон главната цел – сиро-палестинското крајбрежје.

*Одредби*. Многу потешко е да се утврдат конкретните одредби и целите во договорот. За ова прашање меѓу современите историчари нема согласност, што е за очекување со оглед на тоа што тој дел од Историјата на Полибиј е во мошне фрагментарна состојба, додека пак подоцнежните извори даваат

[1] HOLLEAUX 1930a: 148.

различни и спротиставени информации.[1] Од сите автори, единствено кај Полибиј и Апијан нешто поконкретно се споменуваат одредбите. Според Апијан, „Се зборувало дека Филип и Антиох, кралот на Сирија, се договориле меѓу себе, при што Филип би му помогнал на Антиох во освојувањето на Ајгипт и Кипар, со кои во тоа време владеел Птолемај IV наречен Филопатор, кој сè уште бил момче; додека пак Антиох би му помогнал на Филип во освојувањето на Кирена, Кикладските острови и Јонија.[2] На прв поглед од приказот на Апијан би можело да се заклучи дека станува збор за јасни и логични одредби што и онака би можеле да се очекуваат од договорот. Меѓутоа, веродостојноста на приказот мора веднаш да се доведе во прашање, со оглед на очигледната грешка што наместо Птолемај V Епифан, Апијан вели дека договорот бил насочен против Птолемај IV Филопатор.[3] Ако се земат предвид и другите фактографски грешки во истата глава,[4] станува јасно дека сведоштвото на Апијан е мошне проблематично и мора да се ползува со огромно внимание; но истовремено не треба и да се отфрли *a priori*, зашто кај Апијан важни и точни информации, преземени од извори независни од Полибиј, често се измешани со погрешни прикази. Се разбира, проблемот е да се одреди кои припаѓаат во првата, а кои во втората група. Тоа што се чини дека би можело да се земе со прилична доза на веројатност е дека со договорот јасно било одредено кои територии кому ќе му припаднат, а истовремено била предвидена и непосредна воена соработка.

Во случајот на Полибиј, проблемот е од сосема различен карактер. Имено, анализата на договорот, што Полибиј секако ја дал, не е зачувана и најверојатно била дел од XV книга од Историјата.[5] Единствено во III книга на едно место Полибиј вели: „На ова, ќе го надоврзам приказот на немирите во Египет, и како по смртта на кралот Птолемај (IV), Антиох и Филип склучувајќи договор за поделба на териториите со кои владеел неговиот син, се впуштиле во злосторнички потфати; при што Филип посегнал по +Ајгипт+, Карија и Самос, а Антиох по Којле Сирија и Фојникија.“[6]

---

[1] Договорот меѓу кралевите се споменува кај: Polyb., iii.2.8, xv.20, xvi.1.8-9, xxiv.6; App., *Mak*., 4.1; Just., xxx.2.8; Trog., *Prol*., xxx; Porph., *FGrH* F 45; Joann. Antioch., *FHG* IV, 54 (конфузно, па наместо Антиох, вели Селевк); Liv., xxxi.14.5.

[2] App., *Mak*., 4.1.

[3] Дека станува збор за сериозна грешка, а не обид за датирање на договорот во времето на Птолемај IV, сведочи тоа што владетелот на Египет е наречен дете. Тоа би можело да биде само Птолемај V.

[4] Според Апијан, Филип го освоил и Хиос што секако не е точно.

[5] *v*. *HCP II*: 472f.; Eckstein 2008: 172f.

[6] Polyb., iii.2.8.

Првиот проблем во оваа информација на Полибиј е прашањето за κατ᾽ Αἴγυπτον. Станува збор за уште еден пример каде современите историчари, во обид да ги адаптираат изворите за да соодветствуваат на нивните толкувања, создале проблем што всушност не постои. Имено, тргнувајќи од претпоставката дека целосното уништување на лагидската монархија не било предвидено со договорот, уште Г. Нибур предложил κατ᾽ Αἴγυπτον да се емендира во κατ᾽ Αἴγαιον,[1] израз што би се однесувал на Кикладите, што потоа, без дискусија речиси едногласно е прифатена од сите подоцнежни историчари. Па сепак, емендацијата е непотребна и треба да се отфрли. Пред сè, треба да се истакне дека во сите сочувани ракописи од делото на Полибиј, формата е κατ᾽ Αἴγυπτον.[2] Со оглед на тоа што станува збор за девет манускрипти, односно најмалку три различни традиции,[3] веќе овој факт би требало да биде доволен за да се задржи оригиналниот текст.

Индикативно е тоа што двајцата најголеми авторитети за овој период – М. Оло и Ф. Волбанк уште одамна ја отфрлиле емендацијата, врз основа на фактот што κατ᾽ Αἴγαιον е крајно несмасен израз за означување на Кикладите, со оглед на тоа што кај Полибиј овој израз го означува самото Егејско море, но не и островите.[4] Но бидејќи не го аргументирале детално својот став, нивното мислење неоправдано било занемарено.[5] Дури неодамна А. Екстин, со детална анализа докажа дека тие биле во право. Тргнувајќи од нивните забелешки, тој истакнува дека освен едногласноста во манускриптите, изразот κατ᾽ Αἴγαιον во целото дело на Полибиј се среќава само еднаш и тоа со значење на Егејско море; додека пак за Кикалдите секогаш се користи изразот αἱ νῆσοι.[6] Згора на тоа, како што истакнал уште П. Педеш, повеќе примери покажуваат дека Полибиј навистина верувал дека крајната цел на Филип е освојувањето на

---

[1] Niebuhr 1820/21: 106.
[2] Pédech 1954: 391.
[3] Eckstein 2008: 139. Детален преглед на манускриптите кај Moore 1965: ch. 2, *Index I* (со листа на сите манускрипти).
[4] Holleaux 1899: 37 n.2; *HCP II*: 472; Walbank 1981: 102. Во одбрана на оригиналниот текст застанува и Pédech 1954; Id. 1964: 110 n.54. Во случајот на Оло не помогнало и тоа што тој предложил емендација κατ[ὰ Κίον]. Ваквиот предлог делува уште помалку убедливо од оној на Нибур; па со детална и убедлива анализа е побиен од Pédech 1954: 391ff., кој истакнува дека (1) Киос воопшто не е толку значаен како што се на пример Самос или пак Карија за да биде поединечно споменат; (2) Киос немал никакви врски со Лагидите, така што споменувањето на ова место би било несоодветно со оглед на тоа што темата е договорот меѓу Антиох и Филип против Птолемај V; (3) κατὰ Κίον палеографски воопшто не наликува на κατ᾽ Αἴγυπτον и би било тешко да се најдат аргументи за една таква грешка.
[5] *cf.* Eckstein 2008: 140 n.81.
[6] Eckstein 2008: 139f.

Египет,[1] така што оригиналниот текст не е контрадикторен со генералната анлиза на Полибиј. Затоа и нема никаква причина за емендирање на текстот – според Полибиј, Филип посегнал по Египет.

Но, сега се поставува прашањето колкава е вредноста на овој опис кај Полибиј. Зашто, при споменатиот опис, Полибиј не ги наведува одредбите од догворот, туку конкретните лагидски територии што Антиох и Филип ги нападнале.[2] Нема сомневање дека Полибиј верувал во намерата на Филип да го нападне Египет. Според него, по битката кај Ладе Филип пропуштил единствена можност да заплови за Александрија.[3] Заклучокот е исто толку погрешен и нереален како и критиката за однесувањето на Филип во 216 г. ст.е. кај Аполонија, но тоа и не е важно за овој проблем; тоа што е важно е дека критиката насочена кон Филип е уште еден доказ дека Полибиј навистина верувал дека главната цел на кралот бил Египет. Но, ако Полибиј како фактографски извор со право ужива углед на мошне веродостоен историограф, истото не може да се каже и кога станува збор за неговите анализи, толкувања и заклучоци. Фактот што централно место во целиот приказ зазема токму Филип, е причина повеќе за внимателност. Најдобар пример за ова е анализата на политиката и амбициите на Филип по завршувањето на Сојузничката војна. Имено, Полибиј инсистира дека Филип тежнеел кон светска власт и вмешување на војната во Италија. Тоа што е важно во случајот е не само што ниту една постапка на Филип не го потврдува гледиштето на Полибиј, туку фактот што тој пред себе го имал и договорот меѓу Филип и Ханибал, од кој сосема јасно се согледуваат ограничените цели на кралот. Според тоа, кога станува збор за неговите толкувања, на Полибиј му се придава поголемо значење одошто заслужува, особено кога станува збор за Македонија.[4]

А. Екстин се обидува да го одбрани толкувањето на Полибиј на две рамништа. Прво, посочува дека самиот Полибиј често ја истакнува важноста на проучување на официјални документи, односно договори; како и фактот што Полибиј инсистира дека е главен авторитет за периодот 204-201 г. ст.е., за чие проучување располагал со бројни и различни извори, при што сите детално ги проанализаирал.[5] Импликацијата е дека станува збор за совесен и компетентен историограф, кој посветувал посебно внимание на проучување на различните

---

[1] PÉDECH 1954: 393; ECKSTEIN 2008: 140f.
[2] ERRINGTON 1971: 338ff.; *HCP III*: 764.
[3] Polyb., xvi.10. *cf.* *HCP II*: ad loc.; ECSKTEIN 2008: 140f.
[4] Одлична анализа на односот на Полибиј кон Македонија кај WALBANK 1970.
[5] Polyb., iii.21.8-10, xvi.14-20.

извори, и според тоа е веродостоен извор.[1] Заклучокот не е сосема убедлив – ако ако примерот со договорот меѓу Филип и Ханибал и политиката на Филип во тој период е показател дека Полибиј знаел да прочита повеќе од тоа што навистина имало во официјалниот извор, тогаш приказот на битката кај Хиос е показател дека без разлика на својата ученост и начитаност, Полибиј сепак потклекнал пред родоската пропаганда и ја преувеличал родоско-пергамската победа. Според тоа, само затоа што Полибиј вели дека посветил посебно внимание на некој документ, или пак инсистира на сопствената стручност и авторитет по одредено прашање, не значи и дека тоа е сосема точно. Само затоа што бил добар теоретичар не значи и дека секогаш ги исполнувал критериумите што самиот ги наметнува.[2] Кога би било сочувано целото дело, или барем одредбите од тајниот договор, би можеле многу поправедно и објективно да го оцениме и ставот на Полибиј. Но, за жал случајот не е таков, а врз основа на тоа што е сочувано, одбраната на А. Екстин не е многу убедлива, барем кога станува збор за довербата што треба да ја имаме во ахајскиот историограф.

Истовремено, А. Екстин го брани толкувањето на Полибиј и врз основа на тоа што, од една страна, острицата на нападот на Филип во Мала Азија навистина била насочена кон лагидските поседи, а од друга, со оглед на политичките услови, не е неверојатно Филип да планирал директен напад на Египет.[3] Што се однесува до првиот дел од аргументацијата, тука нема ништо спорно, и воедно тоа е добро познат факт; но вториот дел воопшто не е убедлив. Иако мора да се признае дека тој не е неубедлив кога докажува дека нападот на Египет не е до толку невозможен како што би можело да изгледа, само затоа што нешто не е невозможно не значи и дека е веројатно. Напротив, ако се земе предвид бројноста на флотата со која располагал Филип во 201 г. ст.е., верувам дека може со сигурност да се отфрли идејата дека таа година планирал напад на Египет. Зашто пред битката кај Хиос, неговата флота, засилена со лагидските бродови заробени на Самос, броела 53 полиери и 150 лемби; со ваков состав и големина, оваа флота одвај била способна да се бори за доминација во Егејското море. Ако на ова се додаде фактот дека тој не располагал со ниту една единствена база на јужниот брег од Мала Азија од каде би можел да дејствува во Египет, а згора на тоа и Кипар сè уште бил под лагидска контрола,[4] станува

[1] Eckstein 2008: 137f.
[2] *cf.* von Wilamowitz-Moellendorff 1908: 15, The many words which Polybius devotes to his own method and to the criticism of Ephorus and Timaeus are at bottom as banal as Lucian's essay on the writing of history. Заклучокот е можеби претеран и поедноставен, но не е толку далеку од вистината како што би можело на прв поглед да изгледа.
[3] Eckstein 2008: 141ff.
[4] *pace* Hammond 1988: 416.

сосема јасно колку во суштина обидот на А. Екстин да докаже дека нападот на Александрија бил возможен, е неуверлив и неверојатен.

Во крајна линија, сите овие шпекулации во основа не допринесуваат за расветлување на проблемот со тајниот договор меѓу Филип и Антиох. За жал, преголем дел од аргументациите се темелат на претпоставки, лични убедувања и индиректни докази за да може да се заклучи било што со сигурност. Врз основа пред сѐ на Апијан и Полибиј, и попатните информации кај останатите историографи, ценам дека со сигурност може да се донесат само неколку заклучоци: не само што била договорена поделба на лагидските поседи, туку замислено било и целосно уништување на лагидската држава,[1] и била договорена меѓусебна соработка. Подалеку од ова, врз основа на расположливите извори не може и не треба да се оди.

[1] *v.* Дополнување *(5)*.

## III. Големата офанзива

Без разлика кои биле конкретните одредби од договорот со Антиох, Филип мора да сфатил дека времето за подготовки и интриги истекува. Со оглед на тоа што Антиох веќе и отворено покажувал дека има намера до крај да ја искористи кризата во Египет што сѐ повеќе се продлабочувала, ако не стапи веднаш во акција, Филип ризикувал сиот плен да му го препушти на Антиох и со тоа не само да стане излишна страна во договорот, туку и да ја пропушти можноста да ја унапреди и зацврсти надворешната позиција на Македонија. Затоа, во 202 г. ст.е. одлучил да излезе од сенката и агресивно да се впушти во остварување на своите планови во Егејскиот басен.[1]

### III.1. 202 г.ст.е.

*Хелеспонт и Пропонтида.* Иако договорот со Антиох бил насочен против Египет, во 202 г. ст.е. Филип сѐ уште не бил подготвен за отворен раскин со Лагидите,[2] особено што ефикасноста на неговата нова флота воопшто не била испробана и докажана. Затоа, воден делумно од стратешки, а делумно и од дипломатски причини,[3] одлучил во тој момент да дејствува на еден навидум

[1] Детален наративен приказ на активностите на Филип во периодот 202-200 г. ст.е. кај Walbank 1940: 114ff. *cf.* Will 1982: 121ff.; Hammond 1988: 412ff.; Errington 1990: 196ff.; de Sanctis 1923: 6ff.; Holleaux 1930a: 151ff.; Niese 1899: 580ff.

[2] Дека во 202 г. ст.е. тој сѐ уште не сакал отворено да ги покаже своите непријателски планови кон Египет, покажува фактот што Ајнос и Маронеја не биле нападнати, иако тој дејствувал токму по трако-македонското крајбрежје.

[3] Колку властите во Александрија биле свесни за опасноста што доаѓа од Македонија не може да се каже, иако се добива впечаток дека неговиот напад во 201 г. ст.е. бил неочекуван. *P. Tebt.* 8 (низа апстракти на писма од диојкетот до локалните лагидски намесници, меѓу кои и оние на Лезбос и во Тракија) би бил јасно сведоштво за неподготвеноста на властите за одбрана од Филип, но за жал папирусот не може со сигурност да се датира. Имено, на папирусот се споменува четврта година од владеењето на некој од Лагидите (името на владетелот не е наведено). На основа на палеографијата, папирусот се датира кон крајот на III век ст.е., што секако може да се поткрепи и со фактот што лагидските поседи во Тракија датираат од времето на III Сириска војна, што завршила во 241 г. ст.е. (односно во петата година од владеењето на Птолемај Евергет). Според тоа, во предвид доаѓаат единствено Филопатор (219/8) и Епифан (202/1). Ако станува збор за Епифан, тогаш властите во Александрија навистина немале поим за идните намери на Филип. Но, проблемот е што ова не може со сигурност да се докаже. Имено, Fraser 1953: 91f. n.5, тргнувајќи од името на Калимед, кој се споменува и како заповедник на Ајнос кога градот ќе биде освоен од Филип (Liv., xxxi.16.4), папирусот го датира во 202 г. ст.е. Од друга страна, Bagnall 1975: 179ff., врз основа на името на Хипомедон, кој исто така бил лагидски заповедник во регионот, а во 219 г. ст.е. веќе имал преку педесет години, претпочита да го датира во 219/8 г. ст.е. Иако не може да се донесе дефинитивен заклучок, се чини дека аргументите на Багнал се нешто поубедливи, а со тоа и папирусот не би можел да се земе како показател за лагидската неподготвеност.

далечен и спореден фронт и на чело на новата флота се упатил кон Хелеспонт и Пропонтида.

На европската страна биле освоени Лисимахеја[1] и Перинт (кој што бил принуден да го раскине сојузот со Бисант),[2] кои изгледа воопшто и не пружиле отпор.[3] По овие уводни успеси, Филип се префрлил на азиската страна, каде бил освоен Халкедон.[4] Потоа, во соработка со Прусија, ги освоил Киос[5] и Мирлеја,[6] чии жители ги продал во ропство, а градовите толку темелно ги ограбил и разрушил, што, ако му веруваме на Полибиј, дури и Прусија кому му припаднале, бил мошне изиритиран и незадоволен.[7]

Ако суровиот третман на овие два града не бил доволен за да го шокира јавното мнение, тогаш односот кон последната жртва во текот на кампањата во 202 г. ст.е. бездруго бил кобен за угледот на Филип. Имено при враќањето од Хелеспонт, Филип се укотвил на Тасос, со кого имал пријателски односи. Жителите му одговориле на Метродор – генералот на Филип, дека се согласуваат да му го предадат градот, ако се обврзе да ги ослободи од данок и од поставување на гарнизон и да им дозволи да управуваат според сопствените закони. Метродор објавил дека кралот ги прифаќа условите, по што изгледа дека Филип бил пуштен во градот, но сепак предавнички го освоил.[8] Најверојатно со освојувањето на Тасос завршила кампањата во 202 г. ст.е.[9]

---

1 Polyb., xv.23.8-9. *SEG* 38.603.

2 Polyb., xviii.2.4, 44.4.

3 Во целата ситуација одредена улога веројатно играл и стравот од напад од тракиските племиња. Окупацијата на Лисимахеја Филип подоцна ќе ја правда токму со потребата да се заштити градот од тракиските напади (Polyb., xviii.4.6). Несомнено станува збор за прикладен изговор, меѓутоа дека станувало збор за реална опасност сведочи и фактот што по евакуацијата на македонскиот гарнизон од Лисимахеја во 199/8 г. ст.е., градот бил уништен од Тракиците. За притисокот од Тракиците во овој период *v.* Bengtson 1962.

4 Polyb., xv.23.9.

5 Polyb., xv.21; Strabo, xii.4.3.

6 Strabo, xii.4.3; Hermippus Berytius, *FHG* III, 51 frg.72.

7 Polyb., xv.23.10. Градовите подоцна ќе бидат преосновани од Прусија како Апамеја (Мирлеја) и Прусија (Киос). *v.* Cohen 1996: 392f. (Мирлеја), 405f. (Киос).

8 Polyb. xv.24.1-3. За жал приказот на Полибиј завршува со јавното одобрување на одговорот на Филип, а понатамошниот дел од текстот е изгубен. Меѓутоа, дека градот бил освоен нема сомневање, зашто на почетокот на приказот Полибиј истакнува дека Филип ги поробил жителите. *cf.* Liv., xxxiii.30.3., каде од Филип се бара меѓу останатите градови да го ослободи и Тасос.

9 Не е исклучено дека во текот на оваа кампања бил освоен и Лемнос, но тоа не може со сигурност да се потврди. Со оглед на тоа што Лемнос не се споменува меѓу „жртвите“ на Филип, можно е Лемнос да бил под македонска контрола уште од претходно. *v.* *HCP II*: 611. За писмото на Филип до атинските клеруси во хефајстија на Лемнос, *v.* Fraser & McDonald 1952. (За жал како што заклучуваат авторите, од писмото не може да се извлечат било какви заклучоци за политичката состојба на Лемнос).

*Цели и мотиви*. Според Полибиј, оваа кампања била само увод во повторниот обид на Филип да завладее со светот.[1] Се разбира, како по обичај, Полибиј ги преувеличува амбициите на македонскиот крал, и нема потреба да се придаде големо значење на неговата проценка. Па сепак, ова толкување на Полибиј повлекува едно важно прашање – дали кампањата на Филип во 202 г. ст.е. треба да се сфати одделно, како потфат сам за себе, или пак е дел од некаков систематски план за освојувања во Егејот. Се разбира двете можности не се меѓусебно исклучиви, но за да може да се зборува за генералниот план на Филип, прво ќе мора да се прикажат и активностите во 201 и 200 г. ст.е., така што тоа прашање го оставам за понатаму, а во оваа прилика се задржувам на непосредните цели.

Меѓу градовите што Филип ги освоил во текот на 202 г. ст.е., Лисимахеја, Халкедон и Киос биле сојузници на Ајтолскиот којнон,[2] па често се истакнува дека во одредена мера кампањата била насочена против Ајтолците.[3] Ова се разбира не е исклучено, но со оглед на стратешката важност на Лисимахеја и Халкедон, попрво се добива впечаток дека нивното освојување било дел од планот на Филип да се утврди на теснеците. Фактот што овие градови биле поврзани со Ајтолците секако била причина повеќе за задоволство кај Филип, но не и главната причина поради која биле освоени. Киос пак, како што веќе беше споменато, и онака му припаднал на Прусија, така што и во овој случај ајтолскиот елемент играл споредна улога.

Ф. Волбанк исто така го потенцира фактот што дејствувањето на Филип наликува на она на неговиот славен претходник и идол, со речиси идентичен ефект во Атина.[4] Ова е несомнено точно, но освојувањата на Филип II што биле неспоредливо поситематични и траеле низ текот на целото негово владеење, биле преземени и условени од комплетно различната меѓународна позиција на Македонија во тоа време. Во таа смисла, походот против Бисант и Перинт пред сè се поврзува со неговата политика кон Атина.[5] Од друга страна, походот на Филип V не може да се стави во контекст на систематско освојување на тракомакедонското крајбрежје, барем не во 202 г. ст.е. Фактот што ниту Ајнос ниту Маронеја воопшто и не биле нападнати покажува дека целта не било трако-

---

[1] Polyb., xv.24.6: τὸ δ᾽ ἐπιβαλλόμενον τοῖς μεγίστοις καὶ περιλαμβάνοντα ταῖς ἐλπίσι τὴν οἰκουμένην.

[2] Овие градови веројатно имале договор за сојуз и *isopoliteia* (а не *sympoliteia*). Кога точно бил склучен договорот не може со сигурност да се каже, но најверојатно изгледа датирањето во текот на I Македонска војна. *v. HCP II*: 477ff., de Sanctis 1923: 6 n.14.

[3] *e.g.* Errington 1990: 196; Walbank 1940: 114. *cf.* Will 1982: 122.

[4] Walbank 1982: 230. *cf.* Errington 1990: 196, 198.

[5] За тракиската политика на Филип II *v.* Griffith 1979: 264ff., 281ff., 379ff., 554ff.

македонското крајбрежје, туку конкретно и во прв ред контрола на теснеците и Пропонтида, што се потврдува и со тоа што Филип под своја контрола го ставил и Халкедон.[1] И при преземањето на активностите во Азија се чини дека Филип бил воден како од краткорочни (непосредни), така и од долгорочни цели и мотиви. Непосредната цел очигледно била да се здобие со значителен плен, пред сè неопходен заради одржување на флотата.[2]

Тоа што Филип во текот на целата кампања одбирал исклучиво „лесни“ цели, каде било очигледно дека нема да се сретне со сериозен отпор покажува дека тој имал уште една цел, што во изворите воопшто и не се споменува, а тоа е потребата да се испроба новата флота;[3] односно да се овозможи на војската да стекне искуство во преземањето на вакви комбинирани потфати, што секако било неопходно пред да се впушти во позначителни акции низ Егејот. Ова било до толку поважно ако се земе предвид дека од последната позначителна поморска акција на Антигонидите минал четврт век, а од последната голема поморска битка на македонската флота повеќе од четириесет години. Според тоа, испробувањето и увежбувањето на новата флота било исто толку важно, колку и воспоставувањето на македонско присуство на теснеците.

Во таа смисла, Филип можел да биде задоволен од резултатите постигнати во текот на кампањата – флотата се стекнала со неопходното искуство, македонското присуство на теснеците било обновено, а истовремено бил освоен и значителен плен, во прв ред од Мирлеја и Киос.

*Реакции*. Тргнувајќи од Полибиј,[4] современите историчари често истакнуваат дека нападите врз мали и независни градови, а уште повеќе бруталниот однос кон Мирлеја и Киос, ги шокирало Хелените, чиј гнев и презир Филип, на сопствена штета, ги потценил.[5] Во одредена мера ваквиот

---

[1] За прашањето дали мотивите на Филип во прв ред биле стратешки, или пак политичко-економски *v. supra*.
[2] *cf*. WALBANK 1982: 230.
[3] Големината на флотата во текот на кампањата во 202 г. ст.е. не се споменува во изворите. Како што истакнува WALBANK 1982: 229, со оглед на тоа што Филип не претрпел загуби во текот на оваа кампања, може да се претпостави дека била слична со онаа што ќе ја употреби следната година; со тоа што може да се претпостави дека во 202 г. ст.е. флотата била нешто помала (главно во бројот на полиерите), зашто во 201 г. ст.е., Филип ќе ја засили сопствената флота со лагидските бродови што ќе ги заплени на Самос.
[4] Polyb., xv.22.1-3.
[5] *e.g*. HOLLEAUX 1930a: 151; WALBANK 1940: 115; HAMMOND 1988: 413. Според TARN 1930: 44, уништувајќи ги овие градови Филип всушност водел психолошка војна, во што всушност го следел примерот на Рим. Ова е веројатно до одредена мера точно. Меѓутоа, со оглед на тоа што и Мирлеја и Киос му припаднале на Прусија, постапките на Филип попрво наликуваат на оние на Ајтолците (и Илирите) при нивните разбојнички походи, кога главната цел било обезбедување на што е можно поголем плен. Се рабира, двете

заклучок е веројатно точен. Па сепак, ако се земе предвид изненадувачката лојалност на поголем дел од сојузниците во текот на II Македонска војна,[1] каква штета и да претрпел угледот на Филип, политичките последици очигледно биле помали одошто би можело да се претпостави.

Многу поважни биле реакциите од ривалите и потенцијалните противници. Ајтолците очигледно биле гневни што Филип освојувал градови што биле нивни сојузници, но реално не можеле да се надеваат дека самите би можеле да го предизвикаат. Затоа, изгледа дека испратиле пратеништво до Рим, со молба за помош; но Сенатот само ги потсетил дека тие самите го прекршиле претходниот договор кога склучиле сепаратен мир со Филип и затоа немаат што да бараат од Римјаните.[2] За Филип, ваквиот одговор мора да бил големо олеснување, но истовремено и потврда дека сè додека се држи настрана од областите каде и Римјаните имаат традиционални интереси, Сенатот нема да интервенира. Со други зборови, ако ајтолското пратеништво навистина се случило во 202 г. ст.е., тогаш одговорот на Сенатот на индиректен начин претставувал дополнителен поттик за Филип да продолжи со спроведувањето на својот план.[3] Меѓутоа, значењето на римскиот одговор во контекст на плановите на Филип, не смее да се преценува од едноставна причина што не може со сигурност да се каже дали ајтолското пратеништво било испратено во 202 или пак 201 г. ст.е.[4]

Однесувањето на Родос од друга страна, било многу поодлучно и заканувачко. Ова се должело пред сè на фактот што Филип дејствувал во области каде Родос имал традиционални трговски интереси, па според тоа, паѓањето на теснеците под македонска контрола никако не можело да му одговара на Родос.[5] Чашата била прелеана кога обидот на родоските пратеници да интервенираат во корист на Киос, фактички бил игнориран од Филип.[6] ὁ δὲ

---

цели не се исклучиви и можно е и двете да играле голема улога во одлуката целосно да се ограбат и разрушат двата града. Ова било до толку поприфатливо, зашто во основа било на сметка на Прусија, кој потоа ги добил градовите. Напротив, кон градовите што потпаднале под македонска власт, пристапот на Филип очигледно бил мошне дипломатски и воздржан. *v. infra*.

[1] *v.* Дополнување *(6)*.

[2] Liv., xxxi.29.4; App., *Mak.*, 4.2. BADIAN 1958a: 208ff., ја отфрла историчноста на пратеништвото и заклучува дека станува збор за аналистичка измислица, но неговите аргументи не се мошне убедливи и не изненадува што ретко кој го прифаќа неговиот заклучок. Преглед на аргументите и мислењата кај ECKSTEIN 2008: 211ff.

[3] *cf.* WALBANK 1940: 117.

[4] *v.* Дополнување *(7)*.

[5] *cf.* BERTHOLD 1984: 112f.

[6] Додека траела опсадата, за да добие на време, Филип испратил пратеник на Родос за да ги увери во неговата добронамерност. Но, додека тој зборувал пред собранието, стигнала веста за судбината на Киос (Polyb., xv.22.3-23.4).

τῶν Ῥοδίων δῆμος ἀπὸ ταύτης τῆς ἡμέρας ὡς περὶ πολεμίου διελάμβανε τοῦ Φιλίππου, καὶ πρὸς τοῦτον τὸν σκοπὸν ἐποιεῖτο τὰς παρασκευάς.[1] Дали Родос во оваа прилика и формално му објавил војна на Филип и не е толку важно;[2] очигледниот заклучок што Филип несомнено го донел е дека Родос нема да толерира понатамошна експанзија во Егејот. Со оглед на тоа што Филип и Родос фактички биле во задкулисна војна веќе неколку години, ваквиот развој ниту бил големо изненадување, ниту пак сериозна пречка за понатамошните планови. Сè додека Родос бил изолиран во борбата против Филип, тој немал причини за голема загриженост.

Според тоа, реакцијата на главните политички фактори во регионот била охрабрувачка – Ајтолците не се осмелиле да преземат ништо конкретно, Родос се подготвувал, но политички изолиран сам за себе и не претставувал голема закана. Останатите релевантни држави не преземале ништо – Пергам, омеѓен од сојузниците на Филип делувал немоќно, Птолемај (односно советниците на момчето) немале никаква претстава што ги чека, а Антиох, обврзан со договорот и зафатен со Којле Сирија, без разлика дали бил задоволен или не од активностите на Филип,[3] секако немал намера да интервенира.

## III.2. 201 г. ст.е.

Со оглед на успесите во текот на 202 г. ст.е., и очигледната пасивност на потенцијалните противници, Филип оценил дека е време за проширување на активностите. Колку оваа одлука се должела и на фактот што Антиох во меѓувреме започнал со офанзивни дејствија во Којле Сирија, не може со сигурност да се утврди.[4] Во секој случај, Филип мора да бил свесен дека

[1] Polyb., xv.23.6.
[2] Eckstein 2008: 191, најверојатно е во право кога истакнува дека ова не значи и официјална објава на војна (како што често се мисли), до која дошла дури следната 201 г. ст.е. Меѓутоа, исто така не би требало ниту да се потцени оваа информација, како што тој прави во одредена смисла, преку споредбата со односот на Ајтолците. Зашто, за разлика од Ајтолците, Родос почнал со подготовки соодветно на дадената ситуација. Според тоа, иако толкувањето на Екстин е од формален аспект точно, оние историчари што веруваат дека Родос му објавил војна на Филип по падот на Киос (*e.g.* Errington 1989a: 252; Berthold 1984: 112; Ager 1991: 20) во суштина се исто толку во право.
[3] Holleaux 1930a: 151, претпоставува дека Антиох бил иразитиран од фактот што Филип активно соработувал со Прусија, кој бил природен непријател на Селевкидите, и што ја освоил Лисимахеја, на која и самиот претендирал. Претпоставката е веројатно точна, но Антиох секако бил свесен за династичките врски меѓу Филип и Прусија уште кога го постигнал договорот во 203/2 г. ст.е. Што се однесува пак до Лисимахеја, тој можел да претпостави дека со оглед на договорената поделба, постои реална можност градот да падне под македонска контрола.
[4] Офанзивата на Антиох најверојатно започнала во 202 г. ст.е. Иако за жал нема детали за операциите во таа година, изгледа дека освојувањето на Дамаск (Polyaen., iv.15) би

евентуалната брза победа на Антиох против Египет, ќе го направи меѓусебниот договор излишен, што секако било причина повеќе да побрза со освојувањето на териториите што му следувале според одредбите. Ова било до толку поважно зашто внатрешната криза во Египет сѐ повеќе се продлабочувала, при што особено била жестока борбата за регентството.[1] Во такви услови, прашање било уште колку долго лагидските сили ќе бидат во можност активно да му се спротиставуваат на Антиох.

Големата кампања на Филип во 201 г. ст.е. што го опфатила целиот Егејски басен се одвивала во три главни фази: уводна, кога Филип прокрстарил низ Кикладите и потоа го освоил Самос; втора фаза, што го опфаќа периодот на најжестоките борби со Родос и Пергам; и завршна, кога Филип се сконцентрирал на освојувања во Карија.

*Кикладите и Самос*. На почетокот на годината, откако ја собрал целата флота засилена и со сојузнички сили,[2] Филип се упатил кон Кикладите, меѓу кои Андрос и можеби неколку други острови[3] биле под македонска контрола уште од времето на неговите претходници. Какви биле активностите, односно мерките што Филип ги презел во оваа прилика, не е познато. Единствено е јасно дека го освоил Парос,[4] каде бил оставен гарнизон што бил доволно силен за да одолее на нападите од Родос.[5]

---

требало да се датира во текот на оваа кампања (Hölbl 2001: 136). За V Сириска војна *v.* Will 1982: 118ff.; *HCP II*: 523 (за главните хронолошки проблеми).

[1] Hölbl 2001: 135f.

[2] Учеството на сојузнички сили во акциите се потврдува од приказот на загубите во битката кај Хиос, зачуван кај Полибиј (xvi.7.6). Дали и App., *Mak.*, 4.1. е сведоштво за собирање на сојузнички сили (како што мисли Hammond 1988: 413) не е до крај јасно. Според Апијан: Φίλιππος μὲν τῶν ὑπηκόων τοῖς ἐπὶ θαλάσσης στόλον ἐπαγγείλας. Информацијата ми се чини проблематична од две причини; прво, нема сомнеж дека главнината од флотата била подготвена во Македонија, а не од сојузниците, односно поданиците; второ, прашање е кои се овие крајбрежни поданици, освен ако не станува збор за неодамна стекнатите Лисимахеја, Халкедон и Перинт. Всушност, целиот израз има призвук на римските *socii navales*, што би било несоодветно за Македонија и односот со нејзините сојузници, односно поданици. Според тоа, ми се чини можно да станува збор за аналистичка контаминација, а во суштина станува збор за наредбата на Филип за започнување на изградба на флотата во македонските крајбрежни градови.

[3] Сирос, Кимолос и Китнос. *v.* Reger 1994: 48ff., 64. Тој се сомнева дали и онака ограничената контрола на овие острови продолжила по смртта на Антигон Гоната. Меѓутоа, со оглед на тоа што Андрос и Китнос во текот на II Македонска војна имале силни македонски гарнизони, а истовремено не се споменуваат меѓу жртвите на Филип (за разлика од Парос), сосема е веројатно дека овие острови останале под македонска контрола, или барем под силно македонско влијание.

[4] Liv., xxxi.31.4. (каде Парос се наведува меѓу останатите жртви на Филип) *cf.* *IG* XII.5. 125 (мошне оштетен и за жал сега загубен натпис, на кој се споменува освојувањето на Термон).

[5] Liv., xxxi.15.8.

Филип очигледно се задржал на Кикладите мошне кратко време, зашто тие и не биле главната цел на неговиот напад таа година, туку само послужиле како почетна точка за активностите во Мала Азија. Имено, следејќи го „островскиот пат“,[1] од Кикладите се упатил кон Самос, во тоа време една од главните поморски бази на Лагидите, каде била стационирана бројна флота.[2] Очигледно несвесни за намерите на Филип, локалните лагидски заповедници не успеале да ја подготват одбраната и Самос паднал под македонска контрола,[3] а во градот бил поставен гарнизон. Освојувањето на Самос претставувало огромен успех за Филип и тоа од неколку причини. Пред сè, со овој неочекуван удар и заробувањето на лагидската ескадра стационирана на Самос, тој практично ја неутрализирал лагидската флота, односно опасноста од активен отпор на Лагидите во источниот Егеј.[4] Второ, благодарение на извонредната географска положба на островот, пред Филип се отварале можности за дејствување и на север и на југ долж крајбрежјето, но истовремено и за напад директно на областите насрпоти Самос.[5] Трето, бидејќи Самос бил извонредно важна поморска база на Лагидите, Филип заробил толку многу бродови (делумно размонтирани), што иако дел од нив (заедно со екипажите)[6] бил вклучен во неговата флота, не можел сите да ги екипира и подготви за акција.[7] Со оглед на тоа што Филип очигледно не располагал со премногу полиери, ваквото засилување секако било добредојдено.

*Теофилиск.* Единствената негативна страна од овој потфат било тоа што, со нападот на Самос, по неколку годишно маневрирање, Филип конечно и отворено истапил против Лагидите.[8] Само за себе ова и не претставувало

---

[1] За употребата на овој поморски пат, *v.* Hdt., vi.95.2 (движењето на Датис и Артаферн); Thuk., iii.29 (пелопонеската флота што во 427 г. ст.е. се упатила кон Митилена). *cf.* ORMEROD 1924: 19f.
[2] *cf.* Polyb., v.35.11. Кон крајот на III век ст.е. главната поморска база веројатно била Тера (BAGNALL 1976: 132ff.), што не значи и дека Самос ја загубил стратешката важност (SHIPLEY 1987:190).
[3] App., *Mak.*, 4.1. Polyb., xvi.2.9.
[4] *cf.* SHIPLEY 1987: 193.
[5] За извонредното стратешко значење на Самос *v.* SHIPLEY 1987: 199ff. *cf.* HASLUCK 1910/11: 169, кој ја опишува судбината на жителите на Самос, кои толку често биле жртви на гусарски напади токму поради мошне поволната положба на островот, што во втората половина на XV век масовно се одселиле на Хиос.
[6] Египетските морнари се споменуваат во битката кај Хиос (Polyb., xvi.7.6. За одбрана на оригиналното τῶν δ᾽αἰγυπτίων, наместо вообичаената емендација τῶν δ᾽ ὑπεναντίων, *v.* *HCP II*: ad loc; HOLLEAUX 1921: 187ff.).
[7] Polyb., xvi.2.9.
[8] HOLLEAUX 1930a: 153, претпоставувал дека не станувало за отворена агресија, туку дека Филип пристигнал како пријател на Лагидите; па иако бил принуден да го опсади градот, тоа повеќе се должело на отпорот од локалното население, кое се плашело да не претрпи судбина слична на Тасос. Ваквото толкување, во разни варијанти, но со ист

посебен проблем, зашто со оглед на договорот со Антиох, директниот напад на лагидските поседи бил само прашање на време. Впрочем, опасноста од лагидски одговор веќе била отстранета токму со освојувањето на Самос. Од друга страна, ако се земе предвид однесувањето на сите засегнати страни во претходната година, Филип секако можел да очекува одговор од Родос, но ништо повеќе од тоа. Родос во никој случај не можел да биде задоволен со евентуалното зацврстување на Филип во Мала Азија и очекувано било дека на крајот и отворено ќе се впушти во војна со него. Но, без сојузници опасноста од Родос не била сериозна пречка за Филип. Без разлика колку била опасна и способна, препуштена сама на себе, родоската флота не претставувала преголема закана.

Тоа што Филип не успеал да предвиди е дека нападот на Лагидите, односно отворената агресија во Мала Азија на крајот ќе доведе до соработка меѓу Пергам и Родос, кои традиционално имале проблематичен однос.[1] Според Полибиј, за заедничкото дејствување на Пергам и Родос најзаслужен бил родоскиот наварх Теофилиск, кој уште од самиот почеток се залагал за активен отпор против Филип: νῦν δ᾽ ἐκεῖνος ἀρχὴν πολέμου ποιήσας ἠνάγκασε μὲν τὴν αὑτοῦ πατρίδα συνεξαναστῆναι τοῖς καιροῖς, ἠνάγκασε δὲ τὸν Ἄτταλον μὴ μέλλειν καὶ παρασκευάζεσθαι τὰ πρὸς τὸν πόλεμον, ἀλλὰ πολεμεῖν ἐρρωμένως καὶ κινδυνεύειν.[2] Од приказот на Полибиј очигледно е дека Атал и онака веќе се подготвувал за војна, што и не е изненадување, ако се земе предвид дека веќе во 202 г. ст.е. Филип дејствувал во области каде и Атал имал свои интереси. Но, исто така е очигледно и дека во тој момент, Атал сепак сè уште не бил целосно подготвен за да истапи против Филип. Можеби одлуката да се вклучи во војната

---

заклучок дека и по освојувањето на Самос, Филип имал пријателски однос со Лагидите е прифатено од повеќе историчари, *inter alios* Magie 1939: 38f.; McDonald & Walbank 1937: 186 n.41; Walbank 1940: 117f. (но подоцна го менува мислењето во *HCP II*: 506); Hammond 1988: 413f.; Berthold 1976: 101 n.22. Толкувањето на постарите автори делумно може да се објасни со фактот што само дел од натписот на кој се споменуваат борби бил познат во тој период; меѓутоа, истото не може да се каже и за трудовите по 1957, кога и останатиот дел од натписот бил објавен, со што и станало јасно дека борбите не се во контекст на освојување на Самос од страна на Филип, туку напротив, борбите на жителите за да се избрка гарнизонот на Филип и повторно да се воспостави лагидска контрола: ἔν τε τῆι ἀποκαταστά/σει τῆς πόλεως εἰς τὰ τοῦ βα[σιλέ]ως Πτολεμαίου πράγμα/τα γινομένων τραυματιῶ[ν π]ολλῶν ἐν ταῖς τῶν ἄκρων/ πολιορκίαις καὶ ταῖς καθ᾽ ἡμέρ[αν] συμπλοκαῖς κτλ. (*IG* XII.6. 1.12 ll.25-28). Според тоа, дури и ако се остават на страна проблематичните информации кај Ливиј (xxxi.31.4) и Апијан (*Mak.*, 4.1), сведоштвото од натписот не остава место за никаков сомнеж – освојувањето на Самос бездруго значело објава на војна. *cf.* Will 1982: 127; Shipley 1987: 192f.; Eckstein 2008: 151ff.

[1] За непријателските односи меѓу Родос и Пергам до 201 г. ст.е., *v.* Starr 1938: 65f. *cf.* Berthold 1984: 115; Eckstein 2008: 195ff.

[2] Polyb, xvi.9.4.

токму во тој момент делумно се должела на убедливоста на Теофилиск; но несомнено главна причина била опасноста од евентуалното зацврстување на Филип во Јонија на сметка на Лагидите, зашто во тој случај, Атал би се нашол во мошне непријатна стратешка положба. Од една страна на север и онака граничел со Прусија, неговиот постојан непријател и сојузник на Филип; од друга, ако Филип се утврдел во Јонија, откако веќе теснеците делумно ги ставил под своја контрола, Атал би бил опколен од речиси сите страни од Филип и Прусија. Поради тоа, неопходно било да се спречи ваквата можност и на крајот Атал одлучил да се вклучи во војната на страната на Родос. Како што ќе се покаже, оваа одлука ќе биде од пресудно значење за понатамошниот тек на дејствијата.

*Хиос*. Освојувањето на Самос претставува завршница на уводните операции во 201 г. ст.е., но истовремено и почеток на големите активности во Мала Азија и источниот Егеј во оваа бојна сезона. Како што беше споменато, операциите во Мала Азија може да се поделат на две главни фази – борбата против Пергам и Родос, и освојувањата во Карија, со кои што и завршува кампањата во 201 г. ст.е. Овие операции очигледно биле детално прикажани од Полибиј во XVI книга од *Историите*, но за жал оваа книга е фрагментарно зачувана. Иако приказите за некои од најважните операции се делумно зачувани (пустошењето на Пергам, битката кај Хиос, дел од операциите во Карија, индиректно и битката кај Ладе), контекстот најчесто недостасува. Поради ова, невозможно е со сигурност да се утврди редоследот на настаните, односно на битките кај Хиос, Ладе и нападот на Пергам, што пак од друга страна оневозможува да се одгатнат мотивите и целите на Филип во оваа фаза од кампањата.

Сепак, врз основа на расположливите извори, поверојатно изгледа дека по освојувањето на Самос, Филип се упатил кон Хиос.[1] Според некои историчари, причината за ваквото придвижување на север била желбата на Филип да го спречи спојувањето на родоската флота (јужно од Хиос) со флотата на Атал и останатите сојузници (северно од Хиос).[2] Оваа претпоставка не делува многу убедливо и тоа од две причини. Прво, ако Филип, кој бил стациониран на Самос, сакал да го спречи спојувањето на двете флоти, тоа можел многу полесно да го изведе ако тргнел или против Атал на север, или пак против Родос на југ, наместо да презема опсада во која не само што брзиот успех не бил

[1] *v.* Дополнување *(8)*.
[2] *e.g.* Berthold 1984: 117; Hammond 1988: 414.

загарантиран, туку и значел дека ќе ја загуби мобилноста, а со тоа и иницијативата во претстојните операции. Второ, и уште поважно, ако Филип веќе бил свесен за непријателските намери на Родос и Атал, најголемата грешка што би можел да ја направи е да започне опсада на било кој град, бидејќи со тоа би бил принуден дел од екипажот да го употреби во копнените операции, а со тоа и значително да ја намали ефикасноста на сопствената флота. Со други зборови, заради потенцијалното освојување на Хиос, ризикувал да ја изложи на удар скапоцената флота, што во тој момент, со оглед на опсадата, не би била во полн состав и би се наоѓала во мошне ранлива позиција. Напротив, од приказот на Полибиј се добива впечаток дека Филип бил изненаден од развојот на настаните и се обидел по секоја цена да избегне директен поморски судир со здружената непријателска флота. Според тоа, ми се чини поверојатно дека во моментот кога Филип ја започнал опсадата на Хиос, тој не бил свесен дека Родос и Пергам планираат здружено да му се спротистават.

Всушност, целта во обидот да се заземе Хиос најверојатно била да се отвори логистичка линија кон трако-македонското крајбрежје, а со тоа и алтернативен приод кон Мала Азија; зашто контролата на Самос му овозможувала приод кон Мала Азија само преку „островскиот“ пат, односно од запад, но не и од север. Но, жителите на Хиос пружиле многу пожесток отпор одошто Филип очекувал и опсадата изгледа се одолжила.[1] Да бидат работите уште полоши, на сцената наскоро се појавила и здружената флота на Пергам, Родос, Бизант, и Кизик и Кос (како родоски сојузници).[2] Со оглед на традиционалното непријателство меѓу Пергам и Родос, ваквиот развој претставувал големо изненадување за Филип. Изгледа дека Атал, конечно ја сфатил сериозноста на ситуацијата, и поттикнат од Теофилиск, одлучил веднаш да се вклучи во војната против Филип.

Вклучувањето на Атал, и пристигнувањето на здружената флота кај Хиос, од корен ја изменило стратешката позиција на штета на Филип. Соочен со побројната флота на непријателите, Филип од опсадувач полека станувал опсаден.[3] Свесен дека располага со помал број на катафракти,[1] одлучил

---

[1] Polyb., xvi.2.1-2; Plut., *Mor*., 245C. Дека опсадата траела подолг период, произлегува од приказот на Полибиј, според кого ἔτι γὰρ αὐτὸν ἤλπιζον οἱ περὶ τὸν Ἄτταλον προσκαρτερήσειν τῇ τῶν μετάλλων κατασκευῇ. Според Плутарх, Филип им ветил слобода на сите робови во Хиос ако тие ги предадат своите господари; но Волбанк (*HCP II*: 504), цени дека станува збор за апокрифна приказна. Дали и приказот на Front., *Strat*., iii.9.8., се однесува на опсадата на Хиос не е сосема јасно. Со оглед на тоа што се стекнува впечаток дека опсадата во овој случај била успешна, одговорот попрво би бил негативен.

[2] *HCP II*: 505.

[3] Polyb., xvi.2.1.

забрзано да се повлече до Самос. Иако за момент изненадени од ваквиот чекор, Теофилиск и Атал исполовиле и се дале во потера по Филип и набрзо успеале да го стигнат. Сфаќајќи дека не може да им побегне на непријателите, Филип ѝ наредил на флотата да се сврти и да се впушти во битка.

Бидејќи Атал и Теофилиск не исполовиле истовремено, се развила конфузна битка, во две посебни зони – десното македонско крило[2] се судрило со Атал, а левото со родоската флота, а Филип со неколку бродови се повлекол на малите острови што се наоѓале во средина меѓу двете крила.[3] Изгледа дека некое време се водела изедначена борба, но како минувало времето, сè поочигледно било дека македонската флота ќе загуби и на двете крила. За среќа на Филип, токму во моментот кога ситуацијата на неговото десно крило станала критична, понесен од успехот, Атал се дал во потера на еден македонски брод. Филип забележал дека Атал премногу се одалечил од главнината на флотата, па на чело на четири пентери, три хемиоли и сите расположливи ламби, исполовил против Атал и неговите три брода. Сфаќајќи дека е отсечен од главнината од флотата, Атал се дал во бегство и откако се истоварил на брегот, заминал за Еритра. Овој неочекуван пресврт резултирал со повлекување на пергамската флота од битката.[4] Истовремено левото македонско крило, и покрај сиот отпор, полека попуштало под налетите на родоската флота и неспоредливата родоска вештина. Но, благодарение на повлекувањето на пергамската флота, македонските бродови постепено и поединечно почнале да се извлекуваат од борбата со родоската флота и да се придружуваат на останатата флота. Родосјаните, откако заробиле колку што можат повеќе бродови, се повлекле кон Хиос,[5] со што фактички и завршила битката.

Очекувано, и двете страни прогласиле победа – Филип врз основа на тоа што останал на попориштето на битката[6] и што го потиснал Атал, а Родос врз

---

[1] Флотата на Филип се состоела од 53 катафракти, мал број на афракти и приближно 150 ламби и *pristeis*; додека пак здружената пергамско-родоска флота броела 65 катафракти, 9 трихемиоли и 3 триери (Polyb., xvi.2.9-10). Иако Филип располагал со една декера, и најмалку по една (или повеќе) енера, хептера и хексера и најмалку две октери, главнината од флотата била составена од тетрери и пентери. Пергамско-родоската флота имала тетрери и пентери. *v. HCP II*: 505.

[2] Пред наредбата за свртување ова изгледа било левото крило на Филип. Полибиј во текот на целиот приказ (односно и во фазата кога Филип се обидувал да побегне) го нарекува десно крило и со тоа создава непотребна збрка во и онака конфузниот развој на настаните. *cf. HCP II*: 504. Обид за објаснување на постојаната употреба на лево и десно крило во описот, кај Roussel 1969: 340f.

[3] За текот на битката *v.* Polyb., xvi.2-6. Детална анализа кај Walbank 1940: 122f.; *HCP II*: 503ff.; Murray 2012: 209ff. *cf.* Roussel 1969: 339ff.; Hammond 1988: 414f.

[4] Polyb., xvi.6.1-11.

[5] Polyb., xvi.6.12-13.

[6] Филип се укотвил кај ртот Аргенон.

основа на тоа што Македонците претрпеле неспоредливо поголеми загуби.[1] Според Полибиј, и Филип бил свесен дека доживеал пораз, зашто следниот ден, кога здружената пергмско-родоска флота повторно исповила за да ја продолжи битката, македонската флота не го прифатила предизвикот, па сојузниците се повлекле кон Хиос.[2] Па сепак, оценката на Полибиј не може да се прифати безрезервно. Имено, исходот од битката може да се оцени според два критериуми – загубите на двете страни и тактичката ситуација по битката, при што и во двата случаи анализата на Полибиј е подложна на сериозни забелешки.

Што се однесува до загубите, според Полибиј, Филип загубил 28 катафракти, 3 афракти и речиси половина од лембите; додека здружената пергамско-родоска флота загубила 8 катафракти и една трихемиола.[3] Што се однесува пак до човечките загуби, Родос загубил 60, Атал 70, а Филип 3000 Македонци, 6000 веслачи,[4] а 2000 Македонци и сојузници биле заробени, како и 600 Египјани.[5] Ако овие бројки се веродостојни, тогаш Филип навистина претрпел катастрофален пораз.

Па сепак, мора да се споменат неколку елементи кои фрлаат сериозен сомнеж врз списокот на загуби кај Полибиј. Дури и да се дозволи дека сојузничката флота загубила само неколку полиери, човечките загуби ни приближно не соодветствуваат на такви загуби. Имено, една родоска пентера потонала со сиот екипаж, а најголемиот дел од екипажот на командниот брод на Теофилиск исто така загинал; додека во пергамската флота ако ништо друго, сите епибати на бродот на Дионисодор (исто така пентера) се удавиле.[6] Според Полибиј, римската квинкверема имала капацитет од околу 300 веслачи и 120 епибати.[7] Секако, мора да се води сметка дека имало разлики во дизајнот, но капацитетот веројатно не бил значително помал.[8] Според тоа, пергамско-

---

[1] Polyb., xvi.8.1-2. *OGIS* 283 (посвета на Атал на пленот од битката кај Хиос на Sевс и Атена).
[2] Polyb., xvi.8.4-5.
[3] Polyb., xvi.7.1-4. Од поголемите полиери, Филип ја загубил адмиралската декера, една енера, две октери (една потопена, а другата заробена), една хептера, и една хексера. *v.* *HCP II*: ad loc.
[4] Посебното броење на Македонци и веслачи покажува дека македонските војници се бореле како поморска пешадија, но не биле користени и како веслачи.
[5] Polyb., xvi.7.5-6.
[6] *HCP II*: 509.
[7] Polyb., i.26.7.
[8] Coates 2004: 138f., претпоставува дека зависно од дизајнот, пентерата имала капацитет од 70 до 120 епибати, додека пак тетрерата околу 75. Ако римската хексарема била слична во дизајнот на хеленистичката пентера, како што претпоставува Coates 2004: 139, тогаш веројатно би можело да се претпостави дека хеленистичката пентера всушност имала и поголем капацитет - хексаремата на Калигула имала околу 400 веслачи (Plin., *NH*, 32.4). Навистина, според Плиниј станува збор за квинкверема, но

родоските загуби би биле најмалку околу 1000 епибати и веслачи. Во споредба со 130 жртви што Полибиј ги наведува, разликата е огромна. Од друга страна, според листата кај Полибиј, и воопшто од приказот на битката, може да се заклучи дека Филип воопшто не се здобил со родоски или пергамски заробеници. Меѓутоа, подоцна, при описот на преговорите во 198 г. ст.е., кога следел друг извор, меѓу другото Полибиј забележува дека Атал барал да му бидат вратени заробениците од битката кај Хиос.[1] Како што заклучува Ф. Волбанк, со оглед на тоа што не е многу веројатно дека Филип би трошел време во спасување на пергамски екипаж, фактот што тој имал заробеници од битката кај Хиос, покажува дека тој заробил повеќе од трите празни бродови на Атал.[2]

Според тоа, без двоумење може да се заклучи дека здружената пергамско-родоска флота претрпела далеку поголеми загуби одошто може да се претпостави од приказот на Полибиј. Ова и не изненадува ако се земе предвид дека главните извори на Полибиј биле родоските историографи.[3] Впрочем дури и Полибиј бил свесен за недостатоците на Ѕенон и Антистен; не само што тие биле претерано субјективни во поглед на Родос, па поразот кај Ладе го прикажале како победа, туку дури и при опис на настани што немале допирни точки со Родос, тие правеле сериозни грешки и превиди.[4] Значи родоската и пергамската флота претрпеле далеку посериозни загуби, но дали тоа значи дека и загубите во македонската флота не биле до толку катастрофални?

Според Р. Бертхолд, иако не можеме да бидеме сигурни, загубите на сојузниците несомнено се минимизирани, но напротив, македонските загуби делуваат прилично реалистично.[5] Овој заклучок го базира на тоа што Полибиј неколку пати ги критикува приказите на Ѕенон и Антистен, што покажува дека тој бил свесен за нивните недостатоци, па според тоа и ги користел со посебно внимание. Со други зборови, Полибиј не би си дозволил да биде заведен од приказот на Ѕенон и Антистен. Според Бертхолд, загубите се до толку поверојатни ако се земе предвид несомнената супериорна вештина на родоските морнари, што и се отсликува во фактот што Филип претрпел двојно повеќе загуби против помалата родоска флота, одошто против пергамската.

---

MURRAY 2012: 265, веројатно е во право кога претпоставува дека станува збор за хексарема.

[1] Polyb., xviii.2.2; 6.3; 8.10.

[2] *HCP II*: 510.

[3] *v.* ULRICH 1898: 36ff.

[4] Polyb., xvi.14-15 (претераната пристрасност во описот на битката кај Ладе); xvi.16-17 (грешки на Ѕенон во описот на походот на Набид во Месенија); xvi.18-20 (контрадикции во приказот на битката кај Панион).

[5] BERTHOLD 1975: 158f., 162.

Аргументите не се до крај уверливи и во суштина Бертхолд си противречи на себе си, зашто иако (правилно) прифаќа дека загубите на сојузниците се минимализирани, изгледа не сфаќа до крај дека токму тој податок во целост го побива неговиот главен аргумент. Јасно е дека Полибиј бил свесен за недостатоците на Ѕенон и Антистен; но исто така, токму од листата на загуби станува јасно дека и покрај тоа, понекогаш тој сепак (не)свесно си дозволувал да биде заведен од нивниот пристрасен преглед на настаните. Тоа што е важно е дека не станува збор за две различни места каде Полибиј се повикува на родоските историографи, туку за еден и ист список (освен ако не претпоставиме дека загубите на Македонците биле преземени од некој друг извор, што не многу веројатно). Според тоа, ако ништо друго, фактот што загубите на сојузниците се минимизирани, остава место за сомнеж и понатамошна анализа на прашањето за загубите на Филип.

Проблемот всушност се состои од две прашања – прво, колкави биле навистина загубите на Филип во бродови и екипаж, и второ, каков бил односот на загуби меѓу двете страни. Се разбира, врз основа на расположливите извори не може да се донесе сигурен и дефинитивен заклучок. Па сепак, верувам дека некои аспекти може да помогнат да се изгради барем една генерална слика.

Првата работа што мора да се истакне е дека ударниот елемент во родоската тактика бил славниот *diekplous*,[1] маневар што своевремено бил препознатлив белег на атинската флота во нејзиниот златен век.[2] Меѓутоа, свесен за родоската супериорна вештина, Филип успеал да го ограничи ефектот од овој маневар, бидејќи меѓу големите полиери поставил повеќе лемби кои го оневозможувале целосното спроведување на *diekplous*, особено во втората, и клучна фаза од маневарот, кога и требало да се зададе главниот удар на непријателскиот брод.[3] За тоа колку бил ефикасен овој одбранбен метод сведочи фактот што од овој период, помалите бродови станале составен дел од античките флоти.[4] Според Полибиј, родоските заповедници применувале и уште еден убинствен маневар, па при директниот судар ги потопувале прамците

[1] Tarn 1930: 146.
[2] Lazenby 1987, докажува дека овој маневар не секогаш претпоставувал синхронизирано дејствување на целата флота, туку исто така можел да биде преземен и од поединечни бродови.
[3] Polyb., xvi.4.4-15.
[4] Tarn 1930: 147f. Посебно интересно прашање, што верувам дека заслужува посебен труд, е тоа во колкава мера, оваа нова тактика на Филип се должела на иновациите на Пир, а подоцна и Досон кај Селасија, кои за да ја зголемат мобилноста, односно да ја заштитат линијата на тешката пешадија, меѓу фалангитите (а во случајот на Досон, пелтастите) поставувале одреден број на лесна пешадија. Индикативно е што во текот на кампањите на Филип, токму пелтастите (односно елитната тешка пешадија во времето на Антигонидите) често дејствуваат заедно со лесната пешадија.

од своите бродови, така што примале удар во делот од трупот што е над вода, а истовремено на непријателскиот брод му задавале удар во делот под вода.[1] Како точно бил изведуван овој маневар не е сосема јасно,[2] но тоа во крајна линија и не е толку важно, зашто и Полибиј признава дека тој ретко бил користен бидејќи родоските заповедници генерално се труделе да избегнат директен судар – тие и понатаму најмногу се потпирале на изведување на *dieklous* и (најверојатно) *periplous*, и токму така му нанеле најголеми загуби на Филип.[3]

Но, сега се јавува еден проблем што изгледа не е земан предвид при анализата на битката кај Хиос. Имено, по победата кај кипарска Саламина, Деметриј одвлекол 80 „уништени" бродови на Птолемај, кои биле полни со вода; а исто така ги извлекол и своите 20 „уништени" бродови, кои откако биле поправени биле вратени во употреба.[4] Тоа што е важно е дека главнината од флотата и на Птолемај и на Деметриј била составена од тетрери и пентери.[5] Тргнувајќи од овој приказ, В. Мареј доаѓа до заклучок дека тетрерите и пентерите, дури и кога биле онеспособени и се полнеле со вода, сепак и понатаму плутале на водната површина.[6] Се разбира, ова не значи дека тетрерите и пентерите биле неуништливи; меѓутоа покажува дека дури и онеспособени, било потребно значително време за тие да потонат.[7]

Овој заклучок повлекува низа прашања, што значително може да ја сменат вообичаената слика за битката кај Хиос. Пред сѐ, покажува дека бројката на загинати македонски војници е сомнителна. Зашто, дури и на онеспособена полиера, епибатите очигледно и понатаму можеле да пружаат отпор. Полибиј признава дека родоските бродови избегнувале директен судар со македонските, токму поради тоа што се плашеле од директна борба гради в гради со македонските војници, кои вообичаено биле супериорни во ваков тип на битка.[8]
битка.[8] Со други зборови, онеспособувањето на една полиера не значело по автоматизам и загуба на сиот екипаж. Напротив, како што може да се забележи од прикаот на Полибиј, во некои случаи откако некоја полиера би била опколена, целиот екипаж навистина загинувал; но во некои случаи, на помош

[1] Polyb., xvi.4.11-12.
[2] *v.* Tarn 1930: 146f.
[3] Polyb., xvi.4.13-15.
[4] Diod., xx.52.6.
[5] Diod., xx.49.2; 50.2.
[6] Murray 2012: 254.
[7] Јасно сведоштво за тоа дека полиерите не тонеле така лесно е борбата на Атал против една македонска октера. Имено, дури и откако Атал му задал на противничкиот брод директен удар во делот од трупот што се наоѓал под вода, се развила долга и жестока борба, и дури откако трупите на Атал успеале да ја совладаат македонската посада, бродот конечно бил потопен (Polyb., xvi.3.1-2).
[8] Polyb., xvi.4.13.

на оштетените бродови им пристигале други бродови и не ретко го менувале токот на борбата. Се разбира, црпејќи од родоски извори, Полибиј пред сѐ е фокусиран на борбите од страната на сојузниците, па и примерите се однесуваат на успесите на родоските и пергамските заповедници; но не гледам причина зошто истото не би важело и за македонските бродови.

На крајот, фактот што било потребно подолго време за полиерите да потонат, покажува дека ако ништо друго, екипажите имале време да ги напуштат бродовите. Впрочем, еден од најважните аспекти, ако не и најважен, при постигнувањето на победа во една поморска битка, била способноста на една од страните да остане на местото на битката, пред сѐ заради спасување на морнарите кои ги напуштиле оштетените бродови.[1] Во тој контекст, од посебна важност е фактот што токму Филип, а не родоската и пергамската флота, останал на местото на битката. На овој важен момент повторно ќе му се навратам и во понатамошната анализа. Во овој случај, тоа што е важно е дека токму Филип, а не неговите противници, бил во можност следниот ден да плови низ „остатоците" од бродовите, односно тој бил во можност да трага по преживеани морнари; а како што може да се забележи од битката кај Аргинуските острови, понекогаш можело да станува збор и за значителен број на преживеани. Ова може да се поткрепи и со приказот на Полибиј. Имено, следејќи ги своите родоски извори, тој заклучува дека следниот ден Филип пловел низ кршот од уништени бродови и ги собирал телата на Македонците но не и на непријателите, што уште еднаш покажува колку било значајно да се остане на боиштето и по битката. Според Полибиј, односно Ѕенон и Антистен, Филип вака постапил од желба да ја прикаже битката кај Хиос како македонска победа, со цел да го засили моралот на своите војници, кои биле крајно деморализирани по катастрофата претходниот ден.[2] Приказот нема никаква логика – како тоа Филип замислувал да го зголеми моралот на своите војници со тоа што ќе плови низ кршот и мноштвото тела на загинатите соборци? Напротив, постапката би била само контрапродуктивна, и на крајот и Полибиј вели дека Македонците и Филип откако ја виделе страшната сцена, уште повеќе западнале во очај (*diatrope*).[3] Дека Филип бил славољубив и горделив владетел нема никаков сомнеж. Но, тој бил премногу искусен војник за до толку погрешно да ја процени ситуацијата и да предизвика уште поголема деморализација со тоа што ќе плови низ остатоците од битката. Паралелата со

[1] Се разбира најпознат пример за ова е судењето на атинските заповедници кои не успеале да ги спасат морнарите по битката кај Аргинуските острови.
[2] Polyb., xvi.8.1-4.
[3] Polyb., xvi.8. 6-9.

Киноскефала во овој случај е посебно илустративна, зашто по катастрофата во 197 г. ст.е., не само што Филип не побарал дозвола да ги собере телата на загинатите, туку и со години ги оставил на бојното поле, сѐ додека еден негов ривал, години подоцна, во обид да ја стекне наклоноста на Македонците не ги закопал, што пак само создало гнев и презир меѓу народот.[1] Според тоа, очигледно е дека станува збор за родоска пропаганда, и обид да се прикаже катастрофалната состојба во македонската војска по битката. Многу пологично и поедноставно е да се претпостави дека Филип се вратил на боиштето пред сѐ во потрага по преживеани морнари. Тоа што Полибиј споменува само тела на загинати, не значи, па дури и делува невозможно дека немало преживеани. Колкав бил нивниот број е друго прашање, што за жал е невозможно да се одговори.

Според сѐ што беше кажано, верувам дека има мошне силни аргументи за да се претпостави дека загубите на Филип биле помали одошто наведува Полибиј. Нема сомнеж дека станувало збор за сериозни загуби – наспроти традиционалниот начин на поморска борба каде главната цел била онеспособување на непријателскиот брод, самиот начин на борба што го преферирале Македонците, односно качување на непријателскиот брод и директна борба со непријателските епибати, бил гаранција за поголеми загуби.[2] Може да се претпостави дека особено големи загуби претрпеле екипажите на лембите, кои се чини свесно биле изложени на ризик со цел да се заштитат големите полиери. Најверојатно големи загуби претрпеле и веслачите на полиерите.[3] Но, истовремено, ваквиот тип на борба подразбирал и поголеми загуби и меѓу родоската и пергамската флота, до толку повеќе што следниот ден сојузниците не биле во можност да ги бараат преживеаните. Според тоа, што се однесува до човечките загуби, иако големи, тие биле помали одошто изгледа на прв поглед, додека пак од друга страна загубите на сојузниците биле неспоредливо поголеми одошто наведува Полибиј. Со други зборови, односот

---

[1] Liv., xxxvi.8.3-5.
[2] Меѓутоа *v.* MURRAY 2012: 168ff., кој предупредува дека овој заклучок не смее да се води предалеку, односно да се поедноставува до степен да се претпостави дека Македонците и Римјаните биле способни само за освојување на непријателските бродови со директен напад. *contra* TARN 1930: 145.
[3] Во списокот на Полибиј односот на загинати Македонци наспроти морнари е еден спрема два. Ниту тој, ниту родоските историографи не можеле со сигурност да ги утврдат загубите на непријателот, а уште помалку пак колкав дел од нив биле Македонци, а колкав веслачи. Попрво изгледа дека станува збор за генерализација, врз основа на искуството од вообичаениот сооднос на загубите во поморски битки. Со оглед на тоа што соодносот во екипажот на една стандардна пентера бил еден спрема три, претпоставката дека веслачите трпеле поголеми загуби делува логично.

на загуби меѓу двете страни неспорно бил помал одошто може да се заклучи од списокот кај Полибиј.

Сличен е и проблемот со загубите во бродови. Според Полибиј, Филип загубил 24 полиери, три трихемиоли и околу 65 лемби.[1] Згора на тоа, родоската флота му заробила две тетрери и седум лемби.[2] Според тоа, по битката кај Хиос, Филип располагал со само 28 катафракти (вклучително и трите заробени од Атал), главнината од афрактите и околу 75 лемби. Ако бројките на Полибиј се веродостојни, тогаш Филип загубил приближно половина од својата флота, што навистина претставувало катастрофа. Па сепак, и во овој случај има повеќе причини за сомнеж во издржаноста на списокот. Истите аргументи што беа споменати при анализата на загинати морнари може да се применат и во овој случај и затоа нема потреба повторно да се наведуваат. Меѓутоа, се чини дека при анализата на загубите, современите историчари не зеле предвид еден важен факт, а тоа е изборот на зборови на Полибиј.

Имено, тој речиси исклучиво го употребува глаголот διαφθείρω, што навистина, најчесто има значење на „уништувам/пустошам“ и слично. Интересно е што и Диодор, во претходно споменатиот извадок, исто така исклучиво го користи истиот глагол. Во сите преводи глаголот е преведен со значење на потонати/уништени бродови, па поради тоа, В. Мареј на пример, е принуден на еден контрадикторен заклучок дека *„Fours” were lightly ballasted (as were “fives”) and floated when “sunk*“.[3] Меѓутоа, кога се однесува на бродови, а особено во пасивна форма (како што е најчесто и во приказот на Диодор и на Полибиј), глаголот почесто има значење на „онеспособувам“.[4] Ако се земат предвид приказите на Диодор и Полибиј, убеден сум дека во конкретните случаи, треба да се претпочита токму ова значење на глаголот.[5] Меѓу другото, ваквото значење е и многу посоодветно во случајот со описот кај Диодор, па

---

[1] Polyb., xvi.7.1-2.

[2] Уште Ulrich 1898: 39, забележал дека списокот на Полибиј не е целосен, во споредба со приказот на самата битка, така што во завршната пресметка не се вбројани неколку бродови што очигледно биле заробени. *cf. HCP II*: ad loc.

[3] Murray 2012: 254.

[4] *LSJ*[9], s.v. διαφθείρω.

[5] При описот на битката Полибиј речиси исклучиво го користи глаголот διαφθείρω, но при завршното набројување на загубите претрпени во борбата против Атал го употребува φθείρω, чие значење е ограничено на „уништувам“, а не и на „онеспособувам.“ Но, дека во овој случај двата глаголи имаат идентично значење покажува тоа што токму во истиот список, по наведувањето на загубите против Атал означени со φθείρω, Полибиј ги наведува и загубите претрпени во борбата со Родос, а овој пат го користи глаголот διαφθείρω. Згора на тоа, наспроти загубите на Филип, загубите на Атал се означени со глаголот καταδύω, чие значење е неспоредливо поконкретно.

наместо да се претпоставува уништени, односно потопени бродови, што Деметриј потоа ги одвлекол, а дел од нив и оспособил за понатамошна употреба, поедноставно и пологично е да се претпостави дека станува збор за онеспособени, односно оштетени бродови. Се разбира, ова не значи дека употребата на глаголот треба да се ограничи само на ваквото значење.[1] Но, фактот што διαφθείρω, истовремено може да значи и „уништувам“ и „онеспособувам“ отвара една сосема нова димензија во проблемот за загубите на Филип во битката кај Хиос. Зашто, двосмисленоста на глаголот не дозволува со сигурност да се уточни колку бродови на Филип навистина биле потопени, а колку биле онеспособени, а уште помалку пак колку од нив можеле да се поправат и повторно да се вратат во употреба.

Ова пак од своја страна повторно нѐ навраќа на фактот што токму Филип, а не пергамската и родоската флота, бил тој што идниот ден пловел меѓу остатоците од бродовите. Ако се земе предвид постапката на Деметриј по битката кај кипарска Саламина, не е тешко да се сфати дека, освен што бил во потрага по преживеани морнари, Филип истовремено ги одвлекувал и оние онеспособени бродови што евентуално би можеле да се поправат и повторно да се стават во употреба. Според тоа, имајќи ги предвид изворите на Полибиј, не само што има место за сомнеж дали Филип навистина загубил толку многу бродови, туку дури и да е точен бројот, со оглед на двосмисленоста на διαφθείρω, тоа не значи и дека сите тие биле потопени.[2]

Така, што се однесува до прашањето за загубите на Филип во битката кај Хиос, може да се заклучи дека и човечките и материјалните загуби биле помали од тоа што го наведува Полибиј. За жал, не само што не може со сигурност да се каже колку помали, туку нема никаква основа ниту за претпоставки. Ова пак води кон вториот дел од проблемот – односот на загуби меѓу спротиставените страни. Пред почетокот на битката, силите биле приближно изедначени – сојузниците располагале со нешто повеќе полиери, но Филип имал далеку повеќе афракти и лемби. Од списокот кај Полибиј произлегува дека по битката односот на силите драматично и одлучувачки се променил во корист на сојузниците, чии здружени сили би располагале со околу 60 полиери, наспроти Филип кому му преостанале само околу 28.[3] Навистина, од претходната расправа јасно е дека списокот на Полибиј е сомнителен, но не е јасно во

[1] Впрочем и при наведувањето на родоските загуби Полибиј го користи истиот глагол, а од претходниот опис на битката очигледно е дека тие биле потопени.
[2] Се разбира ова се однесува само на полиерите. Малите и кршливи лемби секако веднаш тонеле.
[3] *HCP II*: 509.

колкава мера отстапува од реалните бројки. Со други зборови, Филип претрпел помали загуби од наведеното, но не знаеме колку помали; и обратно сојузничката флотата претрпела поголеми загуби, но прашање е колку поголеми.

Иако нема директен показател, а со тоа и можност со сигурност да се одговори на ова прашање, сепак верувам дека два важни факти покажуваат дека дури и по битката кај Хиос Филип располагал со доволно сили за да се спротистави на здружената пергмско-родоска флота. Ако се земе предвид однесувањето на Филип во 214 г. ст.е. кај Аполонија, и во 199 г. ст.е. при уништувањето на Тесалија, станува јасно дека, горделив или не, тој јасно можел да препознае кога ситуацијата е безнадежна. Тоа што по битката Филип се укотвил во непосредна близина, кај Аргенон, а следниот ден дури и се осмелил да заплови меѓу остатоците покажува дека ако ништо друго, барем според него, ситуацијата сè уште не била загубена. Згора на тоа, ако односот на силите по битката навистина изнесувал еден спрема два, тогаш одлуката на Филип била извонредно смела па дури и непромислена. Навистина, според Полибиј, следниот ден кога здружената флота исползвила за повторен судир, Филип се воздржал, што и било показател дека тој навистина ја загубил битката.[1] Меѓутоа, не само што ваквиот заклучок залажува, туку во суштина го потврдува токму спротивното. Зашто, треба да се запомни дека битката се развила откако Филип се повлекол во обид да се добере до Самос, во што бил спречен од здружената флота на Пергам и Родос што успеала да го превтаса; односно ако претходниот ден Филип не барал битка, немало никаква потреба да ја бара и следниот, особено што сега патот за Самос му бил отворен, бидејќи здружената флота на крајот се повлекла кон Хиос. Од друга страна, фактот што и сојузничката флота не инсистирала на битка, ниту пак се обидела да го блокира Филип кај Аргенон, покажува дека и родоските и пергамските заповедници не биле сосема сигурни во својата надмоќ, што делува мошне збунувачки ако тие навистина располагале со двојно повеќе полиери. Според тоа, однесувањето на двете страни по битката покажува дека Филип и понатаму бил рамноправен противник на сојузничката флота.

Втората работа што треба да се истакне е понатамошниот тек на операциите во Мала Азија. Имено, дури и да се остави на страна проблемот за редоследот на Ладе, Хиос и нападот на Пергам, неспорен факт е дека Филип на крајот се упатил кон Карија. Ваквото однесување би било крајно неразумно и неразбирливо ако тој претрпел таква катастрофа кај Хиос како што би сакал да

[1] Polyb., xvi.8.4-5.

прикаже Полибиј. Навистина, на крајот од годината тој ќе биде блокиран во Баргилија, но се чини дека и овој факт често погрешно се толкува. Имено, до тој момент флотата на Филип веќе цела година била активна речиси без прекин. Во такви услови јасно е дека дел од бродовите делумно ја загубиле борбената вредност и им била потребна поправка, особено што борот – главниот извор за изградба на бродови во Македонија е посебно подложен на пропуштање на вода и нагризување од инсекти.[1] Згора на тоа, мора да се земат предвид евентуалните евентуалните загуби во текот на копнената кампања, и особено тоа што Филип оставил значителна војска во Карија, доволно силна да им одолее на родоските напади до 197 г. ст.е., односно крајот на II Македонска војна; така што, дури и да располагал со доволно бродови, Филип очигледно веќе не бил во можност сите целосно да ги екипира. Затоа, иако блокадата кај Баргилија нема тежина при анализата на загубите кај Хиос, фактот што Филип проценил дека и по Хиос е доволно силен не само за да продолжи со операции во Мала Азија, туку на крајот и да се упати кон Карија, покажува дека загубите во битката сепак не биле катастрофални. Всушност, ако се земат предвид загубите кај Хиос и воопшто во текот на целата кампања, изненадува тоа што сојузничката флота не се обидела да ја уништи македонската при повлекувањето во 200 г. ст.е.[2] Иако точните загуби никогаш нема да ги дознаеме, верувам дека од сè што беше кажано, може да се заклучи дека и по битката односот на силите не бил драматично изменет. Филип веројатно претрпел поголеми загуби, при што посебно страдале лембите, но тие не биле во толкава мера за да може да се каже дека сојузниците сега биле неспорно супериорни.[3] Според тоа, барем од аспект на претрпените загуби, битката во основа завршила нерешено.[4]

И од стратешки аспект тешко е да се одреди победникот. Зашто, од една страна, сојузничката флота го принудила Филип да ја прекине опсадата на Хиос, што секако претставувало значаен успех; но од друга, не само што не успеала да му ја отсече отстапницата кон Самос, туку и покрај нанесените загуби не успеала да ја уништи македонската флота. За Филип пак, иако појавата на оваа задружена флота претставувала огромно изненадување, што во тој момент го довело во крајно тешка позиција, сепак по цена на сериозни

---

[1] MEIGGS 1982: 424. *cf.* HAMMOND 1988: 416 n.2.
[2] *cf.* TARN 1941: 172, Philip was not blockaded at Bargylia; the allies dared not attack his fleet in its winter quarters; they watched him, but when navigation reopened he just sailed out at his pleasure.
[3] *contra HCP II*: 509.
[4] TARN 1941: 172, најверојатно оди предалеку кога во основа го прогласува Хиос за македонска победа: there is little doubt that Philip knocked Attalus right out for the time being and handled the Rhodians so roughly that at Lade most of their ships ran away (the official report).

жртви успеал да се извлече, и што е поважно, зачувал доволно голем дел од флотата[1] за да може набргу повторно да ја преземе иницијативата. Според тоа, од кој аспект и да се анализира исходот од битката кај Хиос, заклучокот што се наметнува е дека и покрај сета жестина и сериозни загуби на обете страни, во суштина таа завршила нерешено.

*Нападот на Пергам*. Благодарение на ваквиот исход од битката кај Хиос се создала една крајно заплеткана стратешка ситуација, во која изгледа дека Филип се снашол нешто подобро. Имено, иако сојузниците го контролирале протокот кај Хиос, а со тоа и приодот на Филип на север, истовремено тоа значело дека јужниот дел од источниот Егеј му е отворен на македонскиот крал. Со други зборови, ако здружената флота опстојувала на задачата да се блокира пристапот на Филип кон север, тогаш во основа го жртвувала југот, каде лежеле виталните родоски интереси; од друга страна, ако тргнела на југ во заштита на Родос, на напад се изложувал Пергам и околината. Со оглед на тоа што никој не можел да претпостави во кој правец ќе удри Филип, изгледа дека двете страни тргнале да ги бранат сопствените интереси, постапка што со оглед на меѓусебното непријателство во претходните децении воопшто и не изненадува.[2] Тоа била цената што Родос и Пергам морале да ја платат за својот неуспех целосно да ја уништат македонската флота кај Хиос.

Поделбата ја искористил Филип, кој изгледа дека се истоварил некаде во близината на устието на реката Каик,[3] и потоа се упатил кон Пергам, во надеж

---

[1] Во тој контекст интересно е да се истакне дека од описот на битката се стекнува впечаток дека меѓу македонските бродови, најмогу страдале поголемите полиери, односно адмиралската декера, како и енерите, октерите и хептерите. Во науката долго време се води дискусија за борбената вредност на поголемите полиери, односно дали тие биле наменети за поморски акции, или пак пред сѐ за опсади. Иако по потреба овие бродови несомнено биле користени и во поморските битки, изгледа дека (со неколку исклучоци) сепак, тие биле наменети пред сѐ за опсадување на градови. *v.* MURRAY 2012: chs. 3-5. Дека и Филип употребувал дел од флотата при опсадите сведочи и стратегемата зачувана кај Фронтин (iii.9.8). Според тоа, ако главно настрадале поголемите полиери на Филип, тогаш иако флотата ја загубила способноста да игра значајна улога при опсадите, тоа што претставувало окосница на секоја флота – тетрерите и пентерите, биле зачувани во значителна мера; што уште повеќе би го зацврстила впечатокот дека и по Хиос македонската флота сѐ уште била способна за големи поморски акции. За жал, со оглед на тоа што не можеме да утврдиме во колкав процент настрадале тетрерите и пентерите, оваа аргументација мора да остане на ниво на сугестија и ништо повеќе.
[2] *v.* STARR 1938: 67, кој претпоставува дека смртта на Теофилиск кој бил главен водач на здружениот отпор против Филип, претставувала сериозен удар за понатамошната соработка меѓу Пергам и Родос, а одлуката за разделба што од стратешки аспект била сериозна грешка се должела на меѓусебната антипатија.
[3] Итинерарот на Филип не може да се реконструира од изворите. Овде ја прифаќам реконструкцијата на MAGIE 1950: 748f. n.39. *cf. HCP II*: 500; MA 1999: 76 n.89. BERTHOLD 1975: 156f. ја отфрла можноста за поморска акција на Филип врз основа на големите загуби кај Хиос и фактот што следниот ден тој одбил да се судри со сојузничката флота. Ова не е убедливо; што се однесува до загубите веќе беше покажано дека тие биле

дека ќе пристигне пред Атал да се врати.[1] По пристигнувањето на пергамска територија изгледа дека дошло до копнена битка во која Филип им нанел тежок пораз на пергамските сили.[2] Но, и покрај овој успех, Филип не постигнал ништо позначајно, па на крајот и се нашол во мошне неповолна ситуација. Имено, не само што не успеал да го заземе Пергам, што со оглед на извонредно утврдената положба на градот веројатно не ни било главна цел, туку и не успеал да собере намирници, зашто Атал веќе бил подготвен за евентуалниот напад и набрзина ја собрал жетвата.[3] Според Полибиј, разбеснет поради ваквиот развој, Филип се дал на уништување на храмовите и светилиштата околу Пергам.[4] Нема сомнеж дека однесувањето на Филип било невообичаено, но прашање е колку навистина станува збор за излив на бес а колку за водење на психолошка војна. Јасно е дека тој бил склон на неконтролирани изливи на бес, но исто така фактот што Атал немал средства за да го спречи Филип во уништувањето на околината јасно ја покажувал неговата инфериорност во однос на македонскиот крал. Иронијата што токму Никефорионот бил разрушен и ограбен секако не минала незабележано.[5] Во таа смисла, иако несомнено сурово, однесувањето може да се спореди со уништувањето на Термон. Се разбира ако го следиме Полибиј и во двете прилики станува збор за безумни постапки, но како што веќе беше покажано, однесувањето во Термон било многу попресметано одошто може да се заклучи од Полибиј, а барем во одредена мера, истото би можело да важи и во случајот на Пергам.

---

значително помали одошто прикажува Полибиј; фактот пак што Филип одбил да се судри со здружената флота губи секакво значење ако се земе предвид дека во меѓувреме двете флоти се разделиле.

[1] *HCP II*: 500, засновано на не баш јасниот приказ на Diod., xxviii.5: δι' ὀργῆς γὰρ ἔχων τὸν Ἄτταλον, ἐπεὶ τοῦτον οὐ κατέλαβε περὶ τούτους τοὺς τόπους, τὸν θυμὸν εἰς ταῦτα κατετίθετο.

[2] Овој заклучок произлегува од приказот на Полибиј (xvi.1.1) кој вели ὅτι Φίλιππος ὁ βασιλεὺς παραγενόμενος εἰς τὸ Πέργαμον καὶ νομίζων οἷον αὐτόχειρ Ἀττάλου γενέσθαι πᾶσαν αἰκίαν ἐναπεδείκνυτο. MAGIE 1950: 748 n.39. претпоставува дека ова се однесува на битката кај Хиос. Меѓутоа, без разлика на искривената слика за Хиос кај Полибиј, тешко е да се прифати дека Филип бил доволно наивен за да поверува дека неодлучниот исход кај Хиос е доволен за да се исфрли Атал од војната. Затоа многу поверојатна ми изгледа реконструкцијата на WALBANK 1940: 119 n.1 (*cf. HCP II*: 500f.), кој претпоставува дека по истоварувањето на Филип на пергамска територија, Атал испратил војска да му се спротистави што била поразена. Ваквиот пораз секако би го објаснил и фактот што Филип непречено ја опустошил територијата на Пергам без да се соочи со посериозна опозиција.

[3] Polyb., xvi.1.3. Ова меѓу другото покажува дека нападот на Пергам се случил во втората половина на јуни, бидејќи жетвата во северо-западна Анатолија се собира кон крајот на овој месец. *HCP II*: 500.

[4] Polyb., xvi.1.4-6.

[5] *cf.* ERRINGTON 1989a: 253.

Како и да е, од Пергам Филип ја нападнал Тиатејра, а потоа се упатил кон Теба, чија околина била позната по својата плодност.[1] Но, благодарение на подготовките на Атал и во овој случај Филип не успеал да се здобие со намирници, па повторно се свртел на југ и се упатил кон Хиера Коме. Дека проблемот со намирници станувал сериозен сведочи и тоа што токму во оваа прилика, Филип прв пат бил принуден да побара помош од Ѕевксид.[2] Така, иако овој поход уште еднаш ја покажал супериорноста на Филип во однос на Атал, во основа не му донел никакви суштествени придобивки на кралот; а иако се чини дека привремено Атал се повлекол од војната, сепак не бил и дефинитивно поразен и исклучен од неа.

*Ладе*. По неуспешниот напад на Пергам, изгледа дека Филип некаде во близината на Ефес се пробил кон брегот и повторно се придружил на флотата, која во меѓувреме се вратила на Самос,[3] а следна цел на неговиот напад било југозападното крајбрежје на Мала Азија, односно родоските и лагидските поседи во регионот. Сфаќајќи ја сериозноста на заканата од Филип, родоската флота се упатила на север, и иако помалубројна во однос на македонската, сепак се одлучила да го брани приодот кон Милет, чија контрола била предуслов за евентуалното навлегување во Карија и родоската пераја.[4]

Флотите се судриле кај островот Ладе, во близина на Милет.[5] Овој пат победата му припаднала на Филип, но изгледа дека родоските заповедници забележале дека работите не се развиваат поволно, и правовремено се повлекле кон Кос, така што родоската флота не претрпела значителни загуби. Дали загубите навистина биле толку мали – односно само две заробени пентери, не може со сигурност да се каже. Тоа што е јасно од понатамошниот тек на настаните е дека по оваа битка, патот кон Спорадите и Карија му бил отворен на Филип, а родоската флота веќе не се осмелила самостојно да му се спротистави.[6] спротистави.[6] Филип триумфално влегол во Милет, чии граѓани, стравувајќи од напад и свесни дека нема можност за помош од Родос, му изгласале почести не само на кралот, туку и на неговиот најблизок соработник (и наверојатно наварх) Хераклејд.[7] Освојувањето на Милет претставувало значаен успех, зашто заедно

[1] Liv., xxxvii.19.7-8. За итинерарот на Филип, кој прво се упатил на југ кон Тиатејра, а потоа се вратил на север кон долината на Теба (околу 60 до 80 km. северно од Пергам), за на крајот повторно да тргне на југ *v*. *HCP II*: 502.
[2] Polyb., xvi.1.8-9.
[3] *HCP II*: 502f.
[4] Holleaux 1930a: 154; Berthold 1975: 160.
[5] *v*. Holleaux 1921: 194ff.
[6] *v*. Дополнување *(9)*.
[7] Polyb., xvi.15.6.

со градот, Филип сега под контрола ја ставил и најблиската околина,[1] односно конечно се здобил со упориште и мостобран во Мала Азија. По овој успех Филип се упатил кон Спорадите, каде изгледа дека главна цел биле родоските поседи.[2] И овој пат успехот бил само делумен – Кос и Книдос успеале да одолеат на нападите, но Калимнос - во тоа време под контрола на Кос бил освоен, по што заедницата со Кос раскината,[3] а бил освоен и Нисир (што изгледа дека во тоа време бил под родоска контрола)[4] каде Филип повторно ги воспоставил *patrioi nomoi*.[5]

*Карија*. По овој кус препад на Спорадите, Филип се свртел кон Карија и родоската пераја, каде освојувањата биле посистематски. Прв на удар се нашол Принас, а со падот на овој град, наскоро паднала и сета родоска пераја.[6] Потоа се упатил кон внатрешноста каде низа градови потпаднале под македонска контрола – Стратоникеја, Јасос, Панамара, Баргилија, Килдара, Теангела, Хераклеја на Латмос,[7] Евром (во таа прилика преименуван во Филипи) и

---

[1] Walbank 1940: 118; *HCP II*: 512.
[2] *v.* Ma 1999: 77, каде е наведен и епиграфскиот материјал. *cf.* Walbank 1940: 120f., 125
[3] *v.* Thompson 1971: 618f.
[4] По 200 г. ст.е. Нисир несомнено е под родоска контрола. Тоа што не е до крај јасно е дали Нисир бил родоски и претходно. Клучот за разбирање на проблемот е еден натпис во чест на некој заповедник од Нисир, подигнат од неговите внуци (*Syll.*³ 673). Меѓу другото, на натписот се наведуваат и неговите достигнувања: бил стратег во Критската војна, за што му биле изгласани и почести, венец и проедрија, а служел и под родоските наварси Клеонај, Акесимброт и Евдам. Проблемот се состои во тоа што не е сосема јасно за која Критска војна станува збор – за Првата, водена на крајот на III век ст.е., или пак за Втората, во средината на II век ст.е. Изгледа дека повеќето историчари ја прифаќаат втората можност (*v.* Rice 1986: 221ff.), односно дека во времето на македонскиот напад, Нисир бил независен. Но, аргументацијата не е до крај убедлива. Всушност, уште Holleaux 1917: 95ff., претпоставил дека станува збор за хронолошко наведување на должностите на реципиентот, односно дека станува збор за I Критска војна. Оваа претпоставка тргнува од фактот што споменатите родоски наварси биле активни во периодот сса. 201-190 г. ст.е. Од друга страна Rice 1984: 186, го истакнува фактот што статуата посветена на безимениот стратег е потпишана од Епихарм од Соли, чии најрани дела се датираат кон средината на II век ст.е. (Bean 1953: 31). Меѓутоа, не се знае доволно за овој стратег за да може само врз основа на оваа информација да се извлече сигурен заклучок. Исто толку веројатно изгледа натписот и статуата да се подигнати подоцна, но главните дејствија на стратегот да се однесуваат на преодните години меѓу III и II век ст.е. Зашто, како што истакнува Thompson 1971: 617, делува речиси неверојатно дека внуците на овој стратег не успеале да најдат ниту еден повод односно активност во периодот меѓу 190 г. ст.е. и 155 г. ст.е., достојни да бидат споменати на натписот. Според тоа, иако прашањето не може со сигурност да се разреши, датирањето на неговата стратегија во I Критска војна ми изгледа поверојатно; а според тоа и нападот на Филип бил насочен кон уште еден поданик на Родос.
[5] *Syll.*³ 572.
[6] Polyb., xvi.11.2-6; Front., *Strat.*, iii.8.1. *HCP II*: 512f.
[7] Од Хераклеја на Латмос зачуван е натпис на кој се спомenuваат двајца кралски *epistatai* (*SEG* 37.858), кои речиси со сигурност биле поставени од Филип. *v.* Eckstein 2008: 159ff.; Wörrle 1988: 432ff. И во Панамара е засведочен епистат (*I. Stratonikeia* 4). За улогата на епистатите во монархијата на Антигонидите *v.* Hammond 1999, особено

Педаса.[1] По овие значителни успеси, македонската контрола била проширена врз голем дел од Карија, при што била формирана стратегија на чело со стратегот Дејнократ,[2] што се протегала од устието на Мајандар до горниот тек на реката Марсија.[3] За момент изгледало дека и покрај сите непредвидени тешкотии и неуспеси, Филип сепак ќе успее трајно да се утврди во југо-западна Мала Азија.

Но, како и во бројни други прилики, тој уште еднаш ја потценил одлучноста на противниците и изгледа воопшто и не водел сметка за можноста од обновување на соработката меѓу Пергам и Родос. Но, без разлика на меѓусебната антипатија, и Родос и Пергам, откако скапо платиле за одлуката секој да води сметка само за сопствените интереси, повторно ги здружиле силите и успеале да ја блокираат македонската флота во заливот на Баргилија.[4] Уште еднаш Филип морал да ја плати цената за сопствената претерана самоувереност. Не само што ваквата блокада претставувала понижување за амбициозниот крал, туку многу поважно, го ставила пред сериозни логистички проблеми од кои овој пат не можел лесно да се извлече.

Свесен дека не може да ја пробие блокадата на родоската и пергамската флота, Филип бил принуден да ја мине зимата во Карија, каде проблемот со обезбедување на намирници, прв пат забележан по походот на Пергам, стигнал до критична точка. Немоќен да ги обезбеди намирниците неопходни за неговата војка, според зборовите на Полибиј, Филип бил принуден на живот како на волк.[5] Понекогаш со ветувања и молби, а понекогаш со закани и принуда, Филип одвај успевал да ја снабди војската со најнеопходното. Понекогаш дури бил принуден и да ја напаѓа територијата на сојузниците. На крајот, со ваквите мерки одвај успеал да ја мине зимата, пред сè благодарение на помошта од Миласа, Алабанда и Магнезија, а се чини дека и Ѕевксид

372ff.; *cf.* Errington 1990: 232ff. *contra* Hatzopoulos 1996: 381ff., кој претпоставува дека епистатите биле цивилни службеници, а не службеници назначени од кралот.

[1] *v.* Holleaux 1920; Id., 1921a; Ma 199: 77f.; Walbank 1940: 125f.; *HCP II*: 513ff. Кампањата веројатно завршила со освојувањето на Баргилија, каде била доведена и македонската флота (*HCP* II: 529).

[2] Liv., xxxiii.18.6. Dinocrates, regius praefectus etc.

[3] Ma 1999: 78.

[4] Полибиј никаде не споменува дека македонската флота била блокирана; проблемот бил што Филип стравувал од евентуална нова поморска битка против здружената и засилена флота на сојузниците. *v.* *HCP II*: 530. Но ова не ја менува суштината на ситуацијата – поради присуството на пергамската и родоската флота, Филип бил принуден да ја мине зимата во Карија.

[5] Polyb., xvi.24.4.

повторно му испратил нешто помош, но само колку за да не биде обвинет за прекршување на условите од договорот.[1]

Дополнителна причина за загриженост бил фактот што Пергам и Родос во меѓувреме исратиле делегации во Рим, со барање за помош. Поради опасноста од нова војна со Рим, но и од ајтолски напад во отсуство на кралот,[2] неопходно било Филип да се врати во Македонија колку што е можно побрзо. Затоа, кога пловната сезона повторно се отворила на почетокот на 200 г. ст.е.,[3] Филип ги надмудрил своите противници и успеал да се провлече и да исплови кон Македонија,[4] а во Карија оставил значителна сила, очигледно способна да ги брани македонските интереси. Со тоа кампањата во Мала Азија, што му донела неколку значајни победи, но и неколку порази и понижувања, конечно завршила.

*Пред портите на Олимп: привид или реалност?* Од сите планови и кампањи на Филип, веројатно најтешко е да се анализира и оцени онаа од 201 г. ст.е., и тоа од повеќе причини. Пред сè, поради фактот што XVI книга од делото на Полибиј е во фрагментарна состојба, па иако може да се изгради некаква генерална слика за дејствијата, како што веќе беше покажано дури и редоследот на настаните не може да се утврди со сигурност. Згора на тоа, барем од сочуваните делови, може да се забележи дека во прикажувањето на овие настани, Полибиј во голема мера се потпирал на родоските историографи, така што дури и во случај целата XVI книга да била сочувана, ние повторно би ја имале сликата само од едната страна. Трето и можеби најважно, Филип воопшто и немал прилика во целост да го спроведе својот првичен план, зашто со влегувањето на Родос, а особено Пергам во војната, и поразот кај Хиос, приоритетите и целите на Филип несомнено се промениле. Поради сето ова, секоја анализа на дејствувањето на Филип во 201 г. ст.е., и обидите да се оцени

---

[1] Polyb., xvi.24.5-9. За очајната ситуација во која се нашол најдобро сведочи тоа што во замена за смоквите испратени од Магнезија, Филип го наградил градот со тоа што му го доделил Миунт, што бил одземен од Милет. *v*. *HCP II*: 530ff. Подоцна, во осумдесетите години од II век ст.е. Милет и Магнезија воделе војна токму за Миунт. *v*. ERRINGTON 1989b; AGER 1996: 292ff. no.109.

[2] Polyb., xvi.24.2-3. Волбанк е секако во право кога истакнува дека споменувањето на Ајтолците во овој контекст не треба да се поврзува со ајтолската делегација во Рим (*HCP II*: 530f.). Со оглед на тоа што меѓу главните жртви на Филип во претходната година биле токму ајтолските сојузници на Пропонтида, Филип можел со право да стравува дека Ајтолците ќе се обидат да го искористат неговото отсуство во далечната Карија за да се одмаздат. Навистина, веќе во текот на таа година тие го одбиле повикот од Атал да се вклучат во војната против Филип (Liv., xxxi.46.4), но во тоа време Филип сè уште бил мобилен и дејствувал низ Мала Азија (*cf*. BRISCOE 1973: 155); сега, кога бил блокиран во Баргилија, работите несомнено биле сменети.

[3] *HCP II*: 533; TARN 1941: 172.

[4] Polyaen., iv.18.2; Liv., xxxi.14.11. HOLLEAUX 1923: 353ff.; DE SANCTIS 1923: 16 n.44.

успехот или неуспехот, во најдобар случај е само претпоставка. Исто така, мора да се води сметка дека кампањата од 201 г. ст.е., не претставувала цел сама за себе, туку била дел од поголемите замисли и планови на Филип во Егејот, па при обидот да се оценат долгорочните цели, во предвид мора да се земат и операциите од 202 и 200 г. ст.е. Затоа, во оваа прилика се ограничувам само на анализата на непосредните цели на Филип, а за генералниот план ќе стане збор понатаму.

Според А. Екстин, главната цел на Филип несомнено биле лагидските поседи во регионот, при што како доказ наведува седум, а можеби и десет градови што Филип ги нападнал а биле под лагидска контрола или ако ништо друго, под лагидско влијание и во пријателски односи со дворот во Александрија.[1] Иако аргументацијата навидум е мошне уверлива, сепак заклучокот на А. Екстин е далеку од сигурен. Имено, некои од овие градови биле од големо стратешко значење, така што нивното освојување можеби и не мора да се поврзе исклучиво со договорот меѓу Филип и Антиох и поделбата на лагидските поседи.[2] Згора на тоа, со оглед на тоа што дури и редоследот на настаните не е цврсто установен, не може со сигурност да се каже дали некои места биле освоени како резултат на променетите приорити на Филип по влегувањето на Пергам и Родос во војната.[3] Најважно, не треба да се заборави дека често имаме работа со изолирани сведоштва, а во прв ред натписи, чиј контекст не секогаш може јасно да се одреди во смисла на генералната состојба во Мала Азија, односно често не може со сигурност да се утврди кому припаѓал

---

[1] ECKSTEIN 2008: 150ff., кој ги наведува примерите на Самос, Милет, Баргилија, Теангела, Кос, Калимнос, Хераклеја на Латмос; а можеби и Книдос, Хиос и Парос, но и самиот признава дека за последните три случаи сведоштвата не се сосема јасни.

[2] Во прв ред тука мислам на Самос, за чие стратешко значење веќе стана збор; но и на Баргилија, особено ако морското ниво во антиката било повисоко во тој период, така што Баргилија би нудела големо и сигурно пристаниште за македонската флота (*HCP II*: 529); згора на тоа, барањето на родоскиот пратеник во текот на преговорите во 198 г. ст.е., меѓу другите градови Филип да ја врати и Баргилија (Polyb., xviii.2.3), покажува дека градот не бил лагидски, со оглед на тоа што враќањето на лагидските поседи било опфатено со претходно барање (Polyb., xviii.1.14); истото би можело да се каже и за Парос, со чија контрола Филип ја зацврстувал контролата над Кикладите, односно островскиот пат до Мала Азија; Хиос пак од друга страна, како што веќе беше споменато, бил важен зашто за Филип потенцијално отварал алтернативен приод кон југо-западна Мала Азија од север односно, трако-македонското крајбрежје и Пропонтида.

[3] Така на пример, ако битката кај Хиос претходи на онаа кај Ладе, како што е прифатено во овој труд, тогаш нападот на Кос и Калимнос воопшто не мора да се поврзе со блиските односи на Кос со Александрија. Имено, Волбанк (*HCP II*: 505) претпоставува дека меѓу сојузничката флота имало и бродови испратени од Кос (*cf.* Liv., xxxvii.11.13, 22.2, за присуство на бродови од Кос во борбата против Антиох; Polyb., iv.50.5, за учеството на сојузнички бродови во флотата на Родос). Ако е ова точно, иако мора да се признае дека директен доказ нема, тогаш нападот на Кос и Калимнос попрво се должел на нивното учество во битката кај Хиос на родоска страна.

некој град.[1] Според тоа, не сум убеден дека врз основа на расположливите и често спротиставени извори, може да се заклучи дека кампањата на Филип во 201 г. ст.е. била насочена пред сè против Лагидите. Се рабира ова не значи дека лагидските поседи не биле жртви на неговите напади, а уште помалку пак дека тој се воздржувал од такво нешто. Но, истовремено се стекнува впечаток дека нападите на овие места попрво биле во контекст на некои други замисли, па затоа и нема систематичност во освојувањето на лагидските територии. Ова е до толку поинтересно, ако се земе предвид дека активностите на Филип не биле проширени и на Крит, каде Лагидите сè уште имале делумно влијание, и особено на Тера, што сега била главната поморска база за лагидската флота во Егејот, или пак Арсиноја-Метана на Пелопонес, што останала под лагидска контрола до средината на II век ст.е.[2] Дури и освојувањето на извонредно важните Ајнос и Маронеја следната година е попрво дел од генералниот напор на Филип да ја зацврсти контролата на тракo-македонското крајбрежје.

Од друга страна, очигледно е дека ниту Пергам не бил цел на неговиот напад во 201 г. ст.е. и попрво е резултат на вмешувањето на Атал на страната на Родос; односно станува збор за обид со еден неочекуван и брз напад да се исфрли Атал од војната, а откако планот не успеал Филип заминал на југ.[3] Изгледа дека сличен заклучок може да се донесе и за нападот на Филип на Спорадите, каде иако биле постигнати одредени успеси, сепак станува збор за релативно куси активности.

Единствената област каде напорите на Филип се посистематски и каде покажал поголема упорност е Карија, каде впрочем и постигнал најмногу успеси. Ова е до толку поинтересно ако се земе предвид дека инвазијата на Карија уследила по сериозните загуби претрпени кај Хиос.[4] Со оглед на добро засведочената упорност на Филип во обидите да се оствари замисленото и покрај сите пречки и неприлики, што на моменти се граничи со тврдоглавост, се чини најверојатно дека токму Карија и била првичната цел кога на почетокот на 201 г. ст.е., преку Кикладите се упатил кон Мала Азија.[5] Впрочем дека Филип

[1] *v.* Дополнување *(10)*.
[2] *v.* COHEN 1996: 124ff.
[3] *cf.* ERRINGTON 1989a: 213.
[4] Без разлика кој редослед за битките кај Хиос и Ладе ќе се прифати, нема никакво сомнение дека нападот на Карија претставуал завршна фаза од операциите во 201 г. ст.е.
[5] Ако е тоа така, тогаш и односот на Филип кон Родос во годините по мирот во Фојника станува нешто појасен. Зашто, со оглед на родоското влијание и контрола над дел од Карија, јасно било дека било какво директно вмешување во тој регион ќе го одведе Филип во војна против Родос. Па ако во првите две години по Фојника, кога политичката состојба била крајно комплицирана и нејасна, Филип водел сметка сите активности против Родос да се сведуваат на индиректни и неофицијални дејствија; по

имал долгорочни планови во Карија, најдобро сведочи тоа што и по неговото заминување, во новата стратегија била оставена значителна сила под команда на Дејнократ;[1] што би можело да се земе како уште еден пример за тврдоглавоста на Филип, зашто без разлика на големината на војската оставена во Карија, без контрола на Егејот, на што барем во дадениот момент тој не можел да се надева, овие сили практично биле изолирани и препуштени сами на себе.

Ако непосредната цел на Филип навистина било создавање на една македонска стратегија во Карија, тогаш во голема мера планот бил остварен.[2] Навистина, без контрола на морските патишта, оваа контрола била од мало значење; но не треба да се заборави дека Филип воопшто и не добил прилика во целост да го оствари својот генерален план, зашто наскоро, сосема неочекувано ќе ја загуби иницијативата и контролата врз текот на настаните. Според тоа, иако освојувањата во Карија биле несигурни и изложени на напади од Родос, тие сепак не биле незначителни. Сосема различно е прашањето дали овие освојувања ги оправдувале сериозните човечки загуби, но исто така и политичките последици од акциите во Мала Азија и како Филип гледал на тоа. Одговорот на ова прашање повторно зависи од тоа што бил генералниот план на Филип во текот на овие неколку години, за што наскоро ќе стане збор.

Ако на современиот историчар постигнувањата на Филип во 201 г. ст.е. му делуваат сомнително и дискутабилно, изгледа дека истото не може да се

---

склучувањето на договорот со Антиох, тој веќе и отворено не покажувал никакви обѕири кон родоските интереси и политика, како што покажува случајот со Киос. *contra* WALBANK 1982: 230f., кој иако свесен за слабостите на теоријата на Оло, сепак ја прифаќа неговата претпоставка дека како и нападот на Пергам, и оној на родоската пераја барем делумно бил мотивиран од желба за одмазда за нивното вмешување во неговите операции. Меѓутоа, упорноста и фактот што значителна сила била оставена во Карија е јасно сведоштво дека по својот карактер инвазијата на Карија била различна од нападот на Пергам, од каде Филип набрзо се повлекол. Заклучокот пак на самиот Волбанк дека главната цел на Филип била воспоставување на контрола над Кикладите и подоцна стекнување на доволно плен за исплаќање на флотата е уште понеубедлив. Од една страна, Филип се задржал на Кикладите мошне кратко време; од друга, да се претпостави дека Филип потрошил толку време и средства за да подготви една флота само заради Кикладите и собирање на плен заради издржување на истата таа флота најблаго кажано делува крајно нелогично.

[1] Дека станувало збор за значителни сили говори тоа што и покрај сите напори, до 197 г. ст.е. родоските сили, сè уште не успеале целосно да ги потиснат македонските трупи под Дејнократ. *v.* WALBANK 1940: 129, 175; *pace* HOLLEAUX 1930a: 155.

[2] *contra* HAMMOND 1988: 416, според кого постигнувањата во крајна линија биле бескорисни зашто Филип немал контрола над морето. Ваквиот заклучок има две важни слабости – прво, претпоставува дека главната цел на Филип во 201 г. ст.е. била воспоставување на таласократија во Егејот, а многу малку (ако и воопшто било кој) од познатите факти наведуваат на ваков заклучок, и второ, се заборава фактот што Филип никогаш и не добил прилика во целост да го оствари својот план.

каже и за неговите современици. Пред сè, тука е познатиот епиграм на Алкај од Месенија, напишан во овој период:

Μακύνου τείχη, Ζεῦ Ὀλύμπιε· πάντα Φιλίππῳ
ἀμβατά· χαλκείας κλεῖε πύλας μακάρων.
χθὼν μὲν δὴ καὶ πόντος ὑπὸ σκήπτροισι Φιλίππου
δέδμηται, λοιπὰ δ' ἁ πρὸς Ὄλυμπον ὁδός.[1]

Меѓу современите историчари долго време е дискутирано дали станува збор за пофален епиграм во чест на Филип, или пак за жестока иронија во која се исмева македонскиот крал.[2] За А. Екстин, ова прашање не е до толку важно, зашто како и да се сфати, епиграмот сведочи за амбициите на Филип за светска власт.[3] Ова е секако точно, но прашањето е дали епиграмот сведочи за реални постигнувања на Филип, или пак се исмеваат неговите неуспеси и безбожно однесување. Зашто, Ч. Едсон секако е во право кога истакнува дека споредбите со Ѕевс и речиси божествената моќ на Филип се претерувања без преседан кога се однесуваат на смртници. Целта на епиграмот е веројатно да се сврти вниманието кон неговата безбожност, но безбожност што изгледа дека само Ѕевс би можел да ја сопре. Од тој аспект, импликацијата од епиграмот на Алкај е мошне интересна – и покрај непријателството на месенскиот поет кон Филип, дури и тој признава дека македонскиот крал делува речиси непобедливо и на копно, но и на  море. Ова јасно покажува дека според Алкај (ако епиграмот е напишан во 201 или 200 г. ст.е.),[4] ниту проблемите во Баргилија, ниту поразот кај Хиос не претставувале доволно сериозни причини за да се претпостави дека

---

[1] *Anth. Pal.*, ix.518.

[2] Дискусијата по ова прашање има мошне интересен историјат – своевремено EDSON 1934: 214 n.4, верувал дека станува збор за искрено воздигнување на успесите на Филип, додека пак WALBANK 1940: 120 n.5, верувал дека станува збор за иронија. Неколку години подоцна, во низа важни трудови Волбанк (WALBANK 1942; ID. 1943; ID.1944), го менува мислењето и прифаќа дека станува збор за пофален и ласкав епиграм, а до истиот заклучок доаѓа и MOMIGLIANO 1942: 53f. (каде е наведена и постарата литература за ова прашање). Меѓутоа, наскоро токму EDSON 1948, го менува мислењето и во еден извонреден труд мошне убедливо докажува дека сепак станува збор за непријателски епиграм со жестока иронија, заклучок што на крајот го прифаќа и WALBANK 1993: 1773. MA 1999: 79 n.98, не е целосно убеден и сè уште верува дека станува збор за енкомијастички, а не ироничен епиграм. За жал, тој не нуди нови аргументи во целата дискусија.

[3] ECKSTEIN 2008: 81f.

[4] Се разбира, ова е само претпоставка, зашто не го знаеме точниот датум кога е издаден епиграмот, односно подалеку од сса 202-200 г. ст.е., не може да се оди. Меѓутоа, се прашувам дали релативно ограничените активности на Филип во 202 г. ст.е., колку и да биле невообичаени за тој период и посебно сурови, би биле доволна причина за пишувањето на овој епиграм. Напротив, активностите од 201 и 200 г. ст.е. се чинат далеку попосоодветни за една ваква жестока иронија и критика на безбожното однесување на македонскиот крал.

амбициите и средствата на Филип да ги спроведе на дело, се уништени. Се рабира, ова е само едно од можните толкувања на епиграмот, а згора на тоа, овие неколку редови сведочат само за проценката на Алкај, а не и на пошироката јавност. Затоа, колку и да е инструктивен, овој епиграм сам за себе не е доволно силен показател за тоа како потфатите на Филип, односно степенот на успех и неуспех, биле сфатени во тоа време.

Сепак, верувам дека еден друг настан многу појасно и поубедливо покажува дека заканата од Филип била сфатена крајно сериозно од неговите противници. Имено, во екот на егејската кампања на Филип, пратеници од Пергам и Родос пристигнале во Рим, со жалби за повредите и штетите што им ги нанел македонскиот крал.[1] Фактот што Родос и Пергам испратиле делегација во Рим со молба за помош јасно и недвосмислено покажува дека според нивните проценки, и покрај загубите на Филип, тој сè уште претставувал сериозна закана со која не би можеле самите да излезат на крај. Овој заклучок уште повеќе се потврдува со тоа што Пергам и покрај блиските односи со Рим во изминатата деценија сепак немал формален договор на кој би можел да се повика; додека пак Родос во изминатата деценија генерално водел политика што во основа била спротивна на римските интереси. Сојузниците очигледно биле очајни и одлучиле да преземат еден ризичен чекор, за кој ни самите во тој момент не можеле да знаат дека наскоро од корен ќе ја смени политичката слика во хеленистичкиот свет.[2] Пергмаската одлука можеби и не изненадува

---

[1] Liv., xxxi.1.6-3.6; Just., xxx.3.5; App., *Mak*., 4.2; Polyb., xvi.24.3.

[2] За традиционалното толкување на родоските и пергамските мотиви при испраќањето на делегацијата во Рим *v. inter alios* Berthold 1975/6; Id. 1984: 122ff.; Ager 1991: 20f.; Holleaux 1930a: 155f.; Errington 1989a: 254f.; Baldson 1954: 37. *cf.* Derow 1979: 10. Обидот на McDonald & Walbank 1937: 186f., и особено на Eckstein 2008: ch.5, да докажат дека одлуката била мотивирана од тоа што конечно се дознало за договорот меѓу Филип и Антиох не е до крај убедлив. Меѓу другото, ова толкување се заснова на заклучокот дека опасноста за Мала Азија веќе минала, односно дека Филип сам за себе не бил доволна причина за еден таков радикален чекор. Ваквото толкување е точно само како *post festum*, ако се земат предвид настаните во следните години, односно одлучната реакција на Рим. Во 201 г.ст.е ниту Пергам ниту Родос не можеле да си дозволат таков луксуз, во ситуација кога нивните највитални интереси биле загрозени; особено ако се земе предвид дека делегацијата била испратена во екот на македонските активности, пред сојузничката флота да го „блокира“ Филип во Баргилија. Договорот со Антиох сосема логично бил искористен како дополнителен аргумент во обидот да се убеди Сенатот да интервенира, но земено во целост, непосредните родоски и пергамски интереси, сериозно загрозени од Филип, биле водечките мотиви при испраќањето на делегацијата во Рим. Обидот на Eckstein 2008: 220ff., да го поткрепи своето толкување со авторитетот на Полибиј исто така не е убедливо и тоа од неколку причини. Прво, самиот Полибиј не е беспрекорен кога станува збор за објективност, особено кога се однесува на Филип и Антиох; второ, дури и тој навистина да верувал дека договорот меѓу кралевите е клучниот мотив, тоа не значи по автоматизам и дека е во право; трето, неговите главни извори за овие настани несомнено биле пристрасни, така што дури и Полибиј целосно да се ослободи од било каква одговорност за својот приказ, останува отворено прашањето што точно тој нашол во своите извори. Поедноставно кажано,

премногу, но фактот што и Родос оценил дека е време за преземање на еден таков радикален чекор несомнено покажува дека барем за современиците, постигнувањата на Филип биле значителни, и претставувале закана за независноста на двете локални сили.

Според тоа, без разлика како од денешен аспект може да се оцени кампањата на Филип во 201 г. ст.е., очигледно е дека неговите противници процениле дека тој сè уште е сериозна закана. Само настаните од следната година можеле да покажат дали Филип сè уште располага со доволно средства за да ги продолжи агресивните дејствија во Мала Азија, и дали воопшто има таков интерес, или пак има намера да ја насочи својата енергија во друг правец.

## III.3. 200 г. ст.е.

*Атинската провокација*. Уште во текот на 201 г. ст.е. Филип бил соочен со нов проблем во копнена Хелада. Имено, двајца заскитани Акарнанци случајно се вклучиле во поворката што била дел од прославата на Евелсинските мистерии; а кога Атинците го откриле нивниот идентитет, Акарнанците биле погубени.[1] Како одговор, Акарнанците се подготвувале да се одмаздат на Атина, и во таа прилика побарале помош од македонскиот крал. Филип го одобрил нападот и акарнанската војска била засилена со македонски одреди.[2] Војската успешно ја извршила задачата,[3] при што бил собран голем плен.[1] Згора на тоа,

---

Екстин верува многу повеќе во интегритетот на Полибиј, одошто, по мое мислење, заслужува ахасјкиот историограф.

[1] Најверојатно во средината на октомври 201 г. ст.е. *v*. Warrior 1996: 37.

[2] Според Walbank 1940: 129, Филип го одобрил нападот бидејќи бил изиритиран од неуспехот во Мала Азија, па решил својот гнев да го искали врз Атинците. Заклучокот не е убедлив. Прво, редоследот на настаните не е сосема јасен (*v*. следна белешка), така што ако укинувањето на двете антигонидски деми претходело на наредбата, Филип, секогаш чувствителен на наследството, секако оценил дека ваквата провокација не смее да мине неказнето. Но, дури и да се прифати дека укинувањето на демите уследило по нападот (што и делува поверојатно), не смее да се заборави дека низ сите неволји во претходните две децении токму Акарнанците се докажале како најверни македонски сојузници, па Филип не можел да си дозволи да ги игнорира нивните барања. Според тоа, гневен или не, Филип имал сосема доволно политички причини за да го одобри нападот на Атина.

[3] Редоследот на овие настани не е доволно јасен – дел од историчарите го датираат акарнанскиот напад кон крајот на 201 г. ст.е., а дел во 200 г. ст.е., по враќањето на Филип. *v*. Ferguson 1911: 267ff.; Holleaux 1930a: 161; Walbank 1940: 129f.; McDonald & Walbank 1937: 187ff.; Errington 1989a: 257; *HCP II*: 533; Eckstein 2008: 206ff.; Habicht 1997: 194ff.; Warrior 1996: 37ff. Ако поморскиот напад се одвивал истовремено со походот на здружените акарнански и македонски сили (*v*. McDonald & Walbank 1937: 188), тогаш тој би морало да се датира во 200 г. ст.е., зашто наскоро во Атина се појавиле и родоските пратеници и Атал. Од друга страна, ништо не гарантира дека станува збор за истовремени акции, така што и датирањето на нападот во 201 г. ст.е. не може да се исклучи. Па сепак, фактот што Акарнанците биле погубени најверојатно во

во операциите била вклучена и македонската флота (најверојатно делот стациониран во Халкида) која успеала да зароби четири атински бродови, но овие биле спасени од родоската флота, што правовремено пристигнала на помош.[2] Наскоро во Атина пристигнале и Атал и родоски пратеници на кои Атинците им изгласале низа вонредни почести (особено на Атал), и токму на поттик од пергамскиот владетел[3] Атина и отворено застанала на страната на сојузниците и му објавила војна на Филип. Провокацијата била до толку поголема со оглед на тоа што почестите што му биле изгласани на Атал, меѓу кои и создавањето на нова фила наречена Аталида, како и култ на Атал, биле на сметка на Антигонидите, при што двете фили Антигонида и Деметријада биле укинати, а сите антигонидски споменици во градот уништени. Со други зборови, Атињаните истовремено ги осудиле Антигонидите на *damnatio memoriae*,[4] а слични, па дури и поголеми почести му изгласале на пергамскиот владетел.

Може само да се замисли гневот на Филип, секогаш посебно чувствителен кога станувало збор за зачувување на наследството на неговите претходници, кога разбрал за овие одлуки на Атињаните. Но, наспроти загубата на почести што и немале практична вредност, многу поголема причина за сериозна загриженост било тоа што таборот на неговите противници постојано се зголемувал, особено ако непосредно по родоското и пергамското пратеништво, и Ајтолците испратиле делегација во Рим.[5] Ова било до толку повеќе загрижувачки, зашто по објавата на војна, Атињаните исто така испратиле пратеништво предводено од Кефисодор[6] кај Римјаните.

Некои научници мислат дека Филип во основа барал судир со Атина, и на некој начин ја испровоцирал целата криза.[7] Меѓутоа, од изворите е јасно

---

ноември, попрво упатува на претпоставка дека нападот се случил на почетокот на 200 г. ст.е., зашто преземањето на еден таков казнен поход во зима не делува многу веројатно.

[1] Liv., xxxi.14.6-10.

[2] Polyb., xvi.26.9; Liv., xxxi.15.5. *HCP II*: 533, 535f.; McDonald & Walbank 1937: 188f.; Briscoe 1973: 98.

[3] Habicht 1990: 562.

[4] *v.* Dow 1937: 47ff.; Habicht 1997: 197 n.10.

[5] *v.* Дополнување *(7)*.

[6] Paus., i.36. Habicht 1997: 198. Кефисодор прво побарал помош од Атал и Родос, Александрија, Крит и Ајтолците, но откако се покажало дека ниту еден од нив не е во состојба реално да помогне, Кефисодор заминал кај Римјаните. За натписот во чест на Кефисодор (Merritt 1936: 419ff. = *ISE* 33) *v.* Golan 2000.

[7] Особено Ferguson 1911: 268, според кого е незамисливо дека некој не би знаел каде е светото место за Елевсинските мистерии; односно дека станува збор за свесна провокација на Филип. Заклучокот не е убедлив – само затоа што современите научници се толку обземени од Атина, не значи дека тоа било така и во антиката, односно не е тешко да се претпостави дека двајца Акарнанци би можеле случајно да заскитаат во светиот дел; згора на тоа, свесни за светогрдието што го правеле мора да претпоставувале дека има можност да бидат осудени на смрт за својот престап. Без

дека Филип дејствувал на молба од Акарнанците; згора на тоа, фактот што нападите на Атика ги препуштил на локалните команданти покажува дека Атина не била приоритет во неговите стратешки размисли. Во крајна линија, дури и Полибиј, зачуван во верзијата на Ливиј, одговорноста за избувнувањето на војната ја префрла на Атина, при тоа истакнувајќи дека Атињаните постапиле крајно импулсивно и предизвикале судир без доволно добра причина. Ако постоела традиција дека целиот конфликт бил испровоциран од Филип, Полибиј бездруго не би ја пропуштил можноста тоа да го спомене.[1] Друго прашање е дали атинската реакција била толку спонтана како што изгледа на прв поглед, или пак станува збор за понатамошно продлабочување на анти-македонското расположение во градот.[2] Изгледа дека Атињаните процениле дека дошол вистинскиот момент за отворено да изразат поддршка на Лагидите и да се придружат на анти-македонскиот табор.[3] Ако е тоа така, тогаш тие уште еднаш погрешно ја процениле ситуацијата и набрзо се нашле во мошне неповолна позиција, зашто ниту еден од сојузниците не бил во можност да испрати значителна помош за градот што се нашол на удар на македонските сили.

---

разлика колку лојални на Филип, не е веројатно дека тие свесно би заминале во смрт само за да ја испровоцираат Атина. Иако Habicht 1997: 197, не е толку екстремен во своето гледиште, сепак заклучува дека Филип очигледно барал судир со Атина. Прашањето за тоа колку пратеништва Атињаните испратиле во Рим не е до крај јасно. *v.* Eckstein 2008: 209f.

[1] Обидот на Eckstein 2008: 208, да докаже дека ниту Полибиј не верувал дека погубувањето на двајцата Акарнанци е вистинска причина за војната не е мошне убедлив. Иако овој заклучок се темели на паралелата со случајот на Ханибал и опсадата на Сагунт, не смее да се заборави дека во овој случај станува збор за Филип – омилената цел на Полибиј. Изборот на зборови на Полибиј, односно Ливиј, покажува дека ахајскиот историограф не ја оправдувал атинската одлука: contraxerant autem sibi cum Philippo bellum Athenienses haudquaquam digna causa, dum ex uetere fortuna nihil praeter animos seruant. Ако Полибиј верувал дека погубувањето на Акарнанците е само повод, а не и причина за војната, тој несомнено подетално би го образложил тоа, а Ливиј веројатно би го споменал. Вака како што е, ценам дека нема никаков аргумент за да се прифати мислењето на Екстин.

[2] Eckstein 2008: 209, со право го истакнува фактот што уште летото 201 г. ст.е., односно пред акарнанскиот инцидент, Атинците одлучиле филата Птолемаида вонредно и надвор од вообичаениот распоред, да го предводи новиот циклус. Ова несомнено покажува дека во 201 г. ст.е. Атинците ако ништо друго биле подготвени да изразат барем морална поддршка за Лагидите. Оваа фила била установена во 224/3 г. ст.е., односно по ослободувањето на Атина од македонските гарнизони. *v.* Habicht 1992: 76 n.47. Од друга страна, обидот на Екстин да докаже дека укинувањето на антигонидските фили било подолго време планирано не е убедлив. *v.* Pritchett 1954, кој анализира еден недовршен натпис (*IG* II.2362), од што може да се заклучи дека Аталида била установена набрзо по укинувањето на Антигонида и Деметријада.

[3] За блиските врски меѓу Лагидите и Атина сведочи и тоа што cca. 200 г. ст.е., култот на Сарапис бил вклучен меѓу официјалните култови во Атина. *v.* Habicht 1992: 76; Dow 1937.

*Последниот поход на исток.* Во било која друга ситуација, провокацијата од Атина би била само уште еден вообичаен инцидент во бурните односи меѓу градот и Антигонидите. Примарната важност од целата случка е тоа што подоцна токму атинскиот повик за помош римските аналисти ќе го земат како една од клучните причини за одлуката на Сенатот да му објави војна на Филип,[1] но тоа е проблем што излегува од границите на овој труд. Во тој момент атинската провокација не била доволна причина за Филип, колку и да бил бесен и изиритиран, да ги смени стратешките приоритети. Па така, откако му наредил на Никанор да ја нападне Атика, а за наместник на Евбоја го поставил Филокле, повторно се свртел на исток.[2]

Овој пат операциите по трако-македонското крајбрежје биле водени посистематично. Филип тргнал по копно, на чело на околу 2000 пешадинци и 200 коњаници, додека на чело на флотата, чија задача била да се упати кон Маронеја, повторно бил Хераклејд.[3] Одредот од само 2200 војници во секој случај не е доволен за опсежните операции што Филип ги презел во текот на годината.[4] Според тоа, изгледа дека главнината од силите била префрлена со флотата.[5] Први на удар се нашле Ајнос и Маронеја, во тоа време сè уште под лагидска контрола. Маронеја била освоена уште во првиот налет, додека пак пред Ајнос, Филип се соочил со поорганизиран и пожесток отпор, а градот бил освоен благодарение на предавството на лагидскиот заповедник Калимед.[6] По овие успеси, Кипсела, Дориск и Серејон доброволно му се предале на Филип, а нивниот пример го следеле и некои помали градови и утврдувања на Херсонес, вклучувајќи ги и Елајунт, Алопеконес, Калипол, Мадит и Сестос.[7]

Единствено Абидос, на азиската страна од теснеците, пружил долг и жесток отпор. Кога конечно биле пробиени надворешните ѕидини, граѓаните му понудиле на Филип да му го предадат градот во замена за гаранција за безбедно заминување, вклучувајќи ги и војниците од Пергам и Родос, но Филип

[1] *cf.* HABICHT 1997: 195f.
[2] Polyb., xvi.27.1.; Liv., xxxi.16.1-2. *HCP II*: ad loc.; BRISCOE 1973: ad loc.
[3] Liv., xxxi.16.3-4.
[4] *cf.* ДЕЛЕВ 2004: 291.
[5] Ваквата одлука можеби се темели на фактот што анти-македонскиот табор бил во постојан пораст, а со сè поголемата опасност од нова војна со Рим, Филип претпоставил дека нема уште многу време за офанзивни акции и во таа смисла одлучил главнината да ја префрли по море, што несомнено претставувал побрз начин на патување, особено за тешката пешадија. Фактот што пак самиот на чело на одбран одред продолжил по копно веројатно треба да се протолкува како мерка на претпазливост, па во случај ако македонскта флота неочекувано биде пресретната од родоската и пергамската, барем би имала подршка од копното.
[6] Liv., xxxi.16.4. BRISCOE 1973: 100f.
[7] Liv., xxxi.16.5-6. Polyb., xvi.29.3. *v.* HOLLEAUX 1920a: 229; *HCP II*: 539.; BRISCOE 1973: 101. *contra* NIESE 1899: 581, кој претпоставува дека Сестос бил освоен во 202 г. ст.е.

инсистирал на безусловна капитулација. Во тие услови борбата продолжила сè додека бранителите не сфатиле дека никаква помош нема да стигне од сојузниците,[1] односно нема никаква надеж за спас и во таа ситуација одлучиле да си ги одземат животите, но никако да не му се предадат на Филип. Така на крајот, по долги борби и големи жртви, Филип влегол во разрушениот и испразнет град.[2] Како што ќе покажат настаните, освојувањето на Абидос претставува крај на источната експанзија на Филип. Зашто веќе било есен и тој одлучил да се врати назад; но уште пред да стигне до Македонија, до него стигнала судбоносната вест што ќе го принуди да ги напушти сите идни планови – римските легии се истовариле во Аполонија.[3] Времето за освојувања неповратно минало, дошло времето кога Филип ќе мора да се бори за независноста на сопственото кралство.

Со оглед на систематичноста на освојувањата во оваа година, како и фактот што Филип проценил дека не е неопходно лично да се справи со атинската криза, и особено што одлучил да ги игнорира сериозните загуби на Кикладите,[4] очигледно е дека тој придавал огромно стратешко значење на кампањата во 200 г. ст.е.[5] Се разбира, прашањето е која била главната цел. Според Полибиј, операциите во оваа година, и особено опсадата на Абидос, се должеле на желбата на Филип да ги оневозможи Римјаните да се утврдат во тие области; но истовремено и да си обезбеди мостобран во Азија, во случај ако му се укаже прилика повторно да се сврти на исток.[6] Првата претпоставка нема никаква смисла ниту од стратешка ниту од логистичка гледна точка, и Ф. Волбанк најверојатно е во право кога заклучува дека овој фрагмент сочуван кај Суда воопшто и не припаѓа на ова место, односно не се однесува на кампањата на Филип во 200 г. ст.е.[7] Што се однесува пак до втората претпоставка, таа е прифатена на пример од де Санктис, кој мисли дека целта на Филип била во

---

[1] Во текот на целата опсада, Атал испратил само 300 војници, а Родос само една тетрера, иако флотата била усидрена во непосредна близина на Тенед (Liv., xxxi.16.7-8). Не е лесно да се објасни пасивноста на сојузниците во оваа прилика. Според STARR 1938: 67, откако минала непосредната опасност за Мала Азија, антагонизмот и недовербата меѓу Родос и Атал повторно исипливале на површина, поради што тие не успеале координирано да испратат помош за Абидос.

[2] За херојската одбрана на Абидос, *v.* Polyb., xvi.29-34. *HCP II*: ad loc. Ливиј дава скратена верзија (xxxi.17-18) од приказот на Полибиј. *v.* BRISCOE 1973: ad loc.

[3] Liv., xxxi.18.9. BRISCOE 1973: ad loc.

[4] Родоската флота ги освоила сите кикладски острови, со исклучок на Андрос, Парос и Китнос, каде македонските гарнизони успеале да се одржат. Polyb., xvi.25.5-26.

[5] *cf.* ERRINGTON 1990: 199.

[6] Polyb., xvi.29.1-2.

[7] WALBANK 1982: 232. Контекстот попрво би одговарал на уништувањето на Скијатос и Пепарет (Liv., xxxi.28.6), но како што истакнува Волбанк, овој настан бил опфатен во XVII книга на Полибиј, а до X век кога била компилирана Константиновата збирка, таа веќе била изгубена (*HCP II*: 25).

една опсежна копнена кампања да ги порази противниците и на тој начин да ги неутрализира нивните флоти.[1] Но, не само што преземањето на една ваква кампања би го исправило Филип пред потешкотии многу поголеми од оние во 201 г. ст.е., туку, како што истакнува Ф. Волбанк, со овој пристап тој никако не можел да ја неутрализира родоската флота со оглед на очигледниот факт што Родос е остров.[2]

Од друга страна и М. Оло и Ф. Волбанк и (особено) Р. Ерингтон правилно забележале дека во основа изгледа дека станува збор за една дефанзивна кампања,[3] но бидејќи и тие ја земаат оваа кампања оделно од оние во 202 и 201 г. ст.е., нивните заклучоци не се до крај убедливи. Заклучокот дека станувало збор за дефанзивна кампања во основа се чини исправен, но прашањето е дали ова претставува отстапување од источната политика во претходните години, или пак се вклопува во генералниот план на Филип. Освен главната цел на Филип, што изгледа било зацврстување на одбранбената позиција на трако-македонското крајбрежје, дополнителен мотив секако бил и фактот што со контролата на теснеците, Филип можел да го контролира транспортот на житната флота од Црното море, со што ставал дополнителен притисок не само врз Атина, туку и врз низа други хеленски градови што зависеле од увозот на жито;[4] а можеби уште поважно, би бил во позиција сериозно да ја наруши родоската трговија со црноморските области.[5] Според тоа, иако главната цел била зацврстување на македонското присуство и контрола на трако-македонскот крајбрежје и Хелеспонт, истовремено Филип изградил позиција од која што можел сериозно да ги загрозува и виталните интереси на Родос, Атина и цела низа градови во Хелада.

Во таа смисла, походот во 200 г. ст.е. секако бил мошне успешен. Меѓутоа, мора да се истакне дека ова повеќе се должело на неспособноста на Пергам и Родос да ја продолжат соработката, како и на фактот што Римјаните сè

[1] de Sanctis 1923: 34. *cf.* Cary 1932: 188, кој претпоставува дека крајната цел бил Пергам. Меѓутоа, не само што трупите на располагање очигледно не биле доволни за напад на самиот Пергам (слично како и претходната година), туку во тој случај и освојувањето на цела низа градови на трако-македонското крајбрежје е крајно нелогично трошење на време и средства. Со оглед на освојувањата во 202 г. ст.е., Филип секако можел директно да пристапи на опсада на Абидос, ако навистина планирал напад на Пергам.
[2] Walbank 1982: 232.
[3] Holleaux 1930a: 163; Walbank 1982: 232 (со цел да го спречи Антиох да се прошири во западна Мала Азија); Errington 1990: 199 (да го заштити крајбрежјето од евентуални напади на Атал).
[4] Errington 1989a: 259.
[5] *HCP II*: 539. За Родос како клучен фактор во трговијата со жито, *v.* Casson 1954: 171ff. Своевремено Родос и сојузниците војувале против Бисантиј токму заради одржување на отворен и непречен проток на трговијата низ теснеците (Polyb., iv.47). За важноста на црноморскиот регион во родоската трговија *v.* Rostovtzeff 1941: 675.

уште не биле подготвени активно да се вклучат во војната. Според тоа, големите успеси на Филип во 200 г. ст.е. попрво биле резултат на слабоста на неговите противници, а не на некаква дефинитивна надмоќ на македонскиот крал. Напротив, во моментот кога римските легии ќе започнат со активни операции, сета слабост, како и дипломатската и воена изолираност на Филип ќе станат сосема јасни.

### III.4. Неизмерни амбиции и(ли) агресивна одбрана?

За крај останува уште да се проанализира проблемот за генералниот план, односно целите што Филип ги имал пред себе во периодот на источната експанзија. Но, прво неопходно е уште еднаш да се истакне дека сите можни решенија и објаснувања во најдобар случај се само претпоставки што, за жал барем според моментално расположливите извори, никако не може со сигурност да се докажат. Ова се должи не само на фактот што XVI книга од делото на Полибиј не е целосно сочувана, туку уште повеќе поради непланираните проблеми и пречки пред кои бил исправен Филип, по што несомено морал да го менува својот план; а повеќе од било што друго, бидејќи на крајот и не успеал до крај да ги оствари своите замисли, зашто со римската интервенција во 200 г. ст.е., неговата источна политика дошла до неочекуван и дефинитивен крај. Во таа смисла, да се дискутира за дефинитивниот план на Филип V е исто толку неблагодарно, па дури и бесцелно како и дискусијата за плановите на Филип II против Персија.

*Цели и мотиви*. Сосема очекувано, за евентуалните цели и планови на Филип во периодот 205-200 г. ст.е. има речиси исто толку различни мислења колку што има историчари што го истражуваат овој период.

Пред сè, заклучокот дека станува збор за „отворен и бесрамен агресивен империјализам“,[1] не само што повеќе звучи како да е произлезен од перото на некој антички моралист одошто на современ историчар, туку и тешко може да се поткрепи со тоа што може да се извлече од изворите. Се разбира, Филип бил крајно амбициозен и во постојана потрага по нови можности за проширување на своето кралство, при што често не бирал средства и начини за да го постигне посакуваното. Меѓутоа, прашањето е дали во периодот 205-200 г. ст.е. активностите на Филип се резултат на едноставна желба за експанзија и потрага по лична слава, или македонскиот крал, колку и да им звучи на некои

---

[1] Briscoe 1978: 155.

историчари речиси невозможно,[1] сепак имал некаков генерален план. Евентуалниот одговор на ова прашање не смее да почива на некакви теоретски претпоставки за Филип, неговиот карактер и амбиции, туку исклучиво на неговите постапки, при тоа секогаш водејќи сметка за анти-македонскиот карактер на Полибиј и неговите извори.

Првата работа што мора да се истакне е непријателството кон Родос речиси од истиот момент кога бил склучен мирот во Фојника. Ова се чини овозможува да се донесат два заклучоци – прво, дека Филип проценил дека неговите идни планови неспорно ќе го одведат во војна со Родос, па затоа уште од самиот почеток се трудел да ги ослабе воените капацитети на островската република. Веројатно единствена причина што би можела да го наведе Филип на заклучок дека војната со Родос е неизбежна е контролата над Карија, каде во последните децении родоското влијание било во пораст. Ова доведува до вториот заклучок – уште од самиот почеток Филип планирал поход во Карија. Зошто токму Карија? Како што покажува однесувањето на Филип во текот на II Македонска војна, тој не се двоумел да ги предаде териториите што самиот ги освоил, но секогаш до самиот крај се борел да го зачува тоа што го наследил.[2] На почетокот на своето владеење Филип, преку управата на Олимпих, сѐ уште располагал со одредени територии во Карија,[3] но со исчезнувањето на Олимпих од изворите, изгледа дека и македонската контрола во регионот целосно се распаднала, што пак било искористено од Родос.[4]

Зафатен со војните прво против Ајтолците, а потоа и во Илирија и против Рим, во првиот период од своето владеење Филип не можел да го спречи ваквиот развој во Карија. Дури по Фојника, тој конечно можел да се сврти кон исток и да се обиде да го преосвои тоа што во меѓувреме го загубил. Дополнителна причина несомнено било тоа што со контролата над Карија Филип можел директно да му се закани на Родос, чие мешање на Крит, колку и да било неважно од аспект на неговите стратешки приоритети, несомнено претставувало иритација за „хегемонот на Критскиот којнон“. Според тоа, Филип не ја нападнал Карија во 201 г. ст.е. зашто ја добил во спогодбата со Антиох, туку поверојатно таа била вклучена во одредбите токму на барање на македонскиот крал и во суштина претставувало отстапка од селевкидскиот

---

[1] *e.g.* Briscoe 1978: 155, според кого секој обид да се изнајде некаков мотив поврзан со Антиох или пак Рим би претставувал „over-rationalization“.

[2] Liv., xxxii.10.4-6 (во текот на преговорите со Фламинин кај Антигонеја). *cf.* Walbank 1940: 151f.; Briscoe 1973: 187.

[3] *v.* Meadows 1996.

[4] *v.* Ma 1999: 70f.

владетел, чиј наместник Ѕевксид, веќе постигнал значителни успеси до 203 г. ст.е., кога селевкидската експанзија во Карија наеднаш сопира.[1]

Се разбира, не изгледа многу веројатно дека Филип потрошил толку време и средства само заради Карија. Апијан споменува дека со одредбите од договорот било предвидено на Филип да му припадне и Јонија.[2] Ако е тоа навистина така, веројатно би можело да се претпостави дека освојувачките амбиции на Филип во Мала Азија ги надминувале границите на Карија. Во колкава мера скапата поморска програма упатува и на можноста дека во еден момент Филип се надевал да ја возобнови поморската моќ од златниот период на Антигонидите, односно од времето на Деметриј Полиоркет,[3] не може со сигурност да се каже. Фактот што Филип минал само кратко време на Кикладите во 201 г. ст.е., а следната година воопшто и не се ни обидел да ги одбрани од родоските напади поправо зборува против ваквата претпоставка, но мора да се признае дека до 200 г. ст.е., состојбата се сменила во толква мера, што Филип бил принуден во голема мера да ги измени своите приоритети.

---

[1] *contra* ERRINGTON 1990: 198, кој кампањата во Карија попрво ја гледа како стратешки маневар за да се нанесе штета на родоските интереси во регионот. Упорноста и доследноста во текот на операциите во Карија попрво упатува на заклучок дека Филип секако планирал да воспостави македонска власт во регионот. *cf.* WALBANK 1982: 230f.

[2] App., *Mak.*, 4.1. Интересно е што Апијан воопшто не ја споменува Карија.

[3] Како што на пример мисли ERRINGTON 1990: 198. Слично и HAMMOND 1988: 412, кој претпоставува дека главната цел на Филип била правовремено да ги уништи поморските сојузници на Рим, зашто инаку во случај на војна со Рим, Римјаните заедно со нивните сојузници би можеле без проблем да завладеат со Егејското море, а истовремено и да ја отсечат Македонија од житниот пат од Црното море, што би било неопходо во случај ако Филип е принуден да ја регрутира целата расположлива војска. Целата претпоставка тргнува од погрешна анализа на состојбата во 200 и 199 г. ст.е., а не од онаа во 205 г. ст.е., кога Рим воопшто и немал формални сојузници на истокот. Напротив, како што ќе покажат настаните, Филип всушност избегнувал судир со Атал, зашто тоа би претставувало отворено кршење на одредбите од мирот во Фојника, а токму Атал бил единствениот што своевремено соработувал со Рим во текот на I Македонска војна. Згора на тоа, во иститот пасус Хамонд правилно заклучува дека Филип не располагал со доволно војска за истовремено изведување на опсежни поморски и копнени операции. Со оглед на огромните средства што Рим ги вложил во II Пунска војна и големите флоти што биле употребени, (а што несомнено му било јасно и на Филип), колкава можела да биде придобивката од победи против поморските „сојузници“ на Рим, ако римската флота и без нивна подршка несомнено била побројна од македонската. Уште поважно е прашањето за потребата на Македонија од увоз на жито. Навистина, во текот на III Македонска војна, Персеј ќе биде принуден да ја употреби својата мала флота за да ги заштити конвоите од Мала Азија и Црното море штоноселе жито за Македонија (Liv., xliv.28-29). Меѓутоа, не смее да се заборави дека по II Македонска војна, Филип ја загубил Тесалија, што во голема мера ги објаснува и потешкотиите на Персеј во обезбедување на жито. Во 205 г. ст.е., со Тесалија цврсто под македонска контрола, не е многу веројатно дека Филип посебно стравувал од овој проблем, зашто Македонија и Тесалија заедно секако можеле да ги задоволат потребите, без разлика што значителен дел од македонското население би бил во активна служба (особено што изгледа дека Тесалците не биле често употребувани во силите на Антигонидите).

*Промена на планот?* Според тоа, најверојатно изгледа дека во првичниот план на Филип, главна цел биле Карија и веројатно Јонија,[1] а можеби и воспоставување на македонска таласократија во Егејот. Велам првичниот, зашто се чини дека по договорот со Антиох кон крајот на 203 г. ст.е., и приоритетите и целите на Филип се смениле. Ваквата промена може да се утврди на посреден начин, односно преку кампањата во 204 или 203 г. ст.е. против Одрисите. Како што веќе беше истакнато, операциите во Илирија, Дарданија и Тракија веројатно претставувале превентивни акции и подготовка за евентуалното подолго отсуство на кралот. Ако походите во Илирија и Дарданија се сосема логични во овој контекст, истото не може да се каже и за Тракија. Зашто, како што веќе можеше да се забележи, тежиштето на македонските операции во 202 и 200 г. ст.е., било токму трако-македонското крајбрежје и Хелеспонт. Ако Филип и онака планирал долготрајни и систематски операции по трако-македонското крајбрежје, тогаш, која била потребата да троши време и да ги ризикува животите на своите војници во една опсежна операција што во основа би требало да има превентивен карактер, ако и онака планирал долготраен ангажман по крајбрежјето.[2] Згора на тоа, ако пробивот кон теснеците и онака бил меѓу главните цели на Филип уште од самиот почеток, тогаш одложувањето и губењето на две години додека не биде готова новата флота делува крајно неразумно. Зашто, како што покажал уште Филип II век и половина порано, освојувањата по трако-македонското крајбрежје биле сосема возможни и без учество на значителна флота. Но, од друга страна, неспорно е дека во текот на периодот 202-200 г. ст.е., значителен дел од времето Филип ќе мине токму во овој регион.

Очигледно нешто се сменило во толкава мера, што Филип бил принуден значително да го измени првичниот план. Првата можност секако е веста за смртта на Птолемај IV. Меѓутоа, како што претходно беше споменато, смртта на Птолемај IV, односно крунисувањето на Птолемај V, најверојатно треба да се датира во средината на 204 г. ст.е. Ако главната причина за промената во

[1] Со оглед на политичката ситуација во Мала Азија, претпоставката на Shipley 1987: 193, дека Филип планирал да формира стратегија долж малоазиското крајбрежје од Хелеспонт до Карија, не изгледа многу веројатно. Ако ништо друго, тоа би го довело до судир со Атал, а како што веќе беше неколку пати нагласено, Филип се обидувал да избегне такво нешто бидејќи Атал бил *adscriptus* во договорот во Фојника. Второ, големо прашање е дали Филип воопшто располагал со доволно војска за да контролира една толкава страгија, а истовремено да располага и со доволно моќна флота што би гарантирала непречена комуникација меѓу Македонија и малоазиската сатрапија.

[2] Errington 1990: 199, несомнено е во право кога истакнува дека главната цел на Филип било трако-македонското крајбрежје, а не и внатрешноста на Тракија. Меѓутоа, верувам дека ова не го менува донесениот заклучок, зашто Филип во секој случај би бил во непосредна близина, така што нападот на Одрисите повторно не може да се објасни како превентивен.

планот била веста за смртта на Птолемај IV, би очекувале веќе во 203 г. ст.е. Филип отворено да тргне во обновување на македонската контрола долж трако-македонското крајбрежје. Згора на тоа, дури и по постигнувањето на договорот со Антиох, како што веќе беше покажано, лагидските поседи во Егејот биле само дел од целите на Филип, кој покажал далеку поголема упорност и систематичност при операциите околу Хелеспонт и Пропонтида. Во крајна линија, ако токму смртта на Птолемај IV, односно слабоста на Лагидите е главната причина за конципирањето на македонската стратегија во овој период, зошто во 202 г. ст.е. не само што Филип одбрал да дејствува на Пропонтида, туку и во целост избегнувал да ги нападне лагидските поседи, особено Ајнос и Маронеја? Впрочем, како што истакнува Џ. Бриско, само Антиох, но не и Филип, веднаш ќе се впушти во напад на лагидските поседи.[1] Според тоа, иако е сосема можно дека веста за смртта на Птолемај IV довела до одредени промени во планот на Филип, сепак не ја објаснува преокупираноста на македонскиот владетел со трако-македонското крајбрежје и теснеците.

*Заканата од Антиох?* Друга неочекувана промена во овој период е токму појавата на Антиох во Мала Азија во 203 г. ст.е.,[2] и привременото обновување на селевкидската експанзија во Карија и Јонија. Очигледната криза во лагидското кралство, особено по веста за смртта на Птолемај IV, надополнета со појавувањето на Антиох, чии претензии за обновување на селевкидското кралство од времето на Селевк I, создале една сосема нова ситуација во Егејскиот басен. Ако Антиох успеел да ја возобнови селевкидската власт во Мала Азија, а искористувајќи ја и слабоста на Лагидите успеел конечно под своја контрола да го стави сето сиро-палестинско крајбрежје, интересите па дури и сигурноста на Македонија би можеле да бидат доведени во прашање. На прв поглед ваквата претпоставка мора да изгледа мошне неубедливо, па дури и неверојатно. Па сепак, ако ништо повеќе, верувам дека може да се изгради слика за потенцијалната опасност од Антиох и да се поврзе со дејствувањето на Филип во периодот 202-200 г. ст.е.

Заканата што доаѓала од Антиох би можела да се гледа од два аспекти – непосреден и посреден. Непосредната опасност секако произлегувала од евентуалното утврдување на Антиох на Хелеспонт и Тракија. Во таа ситуација, не само што Антиох би ги контролирал теснеците, а со тоа би можел да изврши

---

[1] BRISCOE 1973: 38.
[2] ERRINGTON 1989a: 250, ги датира активностите на Антиох во Мала Азија во 204 и 203 г. ст.е. Тука е прифатено датирањето на MA 1999: 66, според кого Антиох го минал Таурос кон крајот на 204 или на почетокот на 203 г. ст.е.

притисок врз полисите во Хелада, туку истовремено селевкидската власт би се проширила до непосредна и непријатна близина на кралството на Филип. Дека Антиох во секој случај имал планови за обновување на власта во Тракија јасно покажуваат неговите активности во периодот меѓу 196 г. ст.е. и почетокот на војната со Рим.[1] Во таа смисла, посебно е инструктивен одговорот што Антиох им го дал на римските делегати кога овие протестирале за неговите освојувања во Тракија: εἰς δὲ τὴν Εὐρώπην ἔφη διαβεβηκέναι μετὰ τῶν δυνάμεων ἀνακτησόμενος τὰ κατὰ τὴν Χερρόνησον καὶ τὰς ἐπὶ Θρᾴκης πόλεις· τὴν γὰρ τῶν τόπων τούτων ἀρχὴν μάλιστα πάντων αὑτῷ καθήκειν. εἶναι μὲν γὰρ ἐξ ἀρχῆς τὴν δυναστείαν ταύτην Λυσιμάχου, Σελεύκου δὲ πολεμήσαντος πρὸς αὐτὸν καὶ κρατήσαντος τῷ πολέμῳ πᾶσαν τὴν Λυσιμάχου βασιλείαν δορίκτητον γενέσθαι Σελεύκου. κατὰ δὲ τοὺς τῶν αὑτοῦ προγόνων περισπασμοὺς ἐν τοῖς ἑξῆς χρόνοις πρῶτον μὲν Πτολεμαῖον παρασπασάμενον σφετερίσασθαι τοὺς τόπους τούτους, δεύτερον δὲ Φίλιππον. αὐτὸς δὲ νῦν οὐ κτᾶσθαι τοῖς Φιλίππου καιροῖς συνεπιτιθέμενος, ἀλλ' ἀνακτᾶσθαι τοῖς ἰδίοις δικαίοις συγχρώμενος. Λυσιμαχεῖς δέ, παραλόγως ἀναστάτους γεγονότας ὑπὸ Θρᾳκῶν, οὐκ ἀδικεῖν Ῥωμαίους κατάγων καὶ συνοικίζων· ποιεῖν γὰρ τοῦτ' ἔφη βουλόμενος οὐ Ῥωμαίοις τὰς χεῖρας ἐπιβαλεῖν, Σελεύκῳ δ' οἰκητήριον ἑτοιμάζειν.[2] Ваквиот одговор сосема соодветствува на однесувањето и амбициите на Антиох III во текот на неговото владеење, и се сомневам дека овој принцип за прв пат бил истакнат дури на конференцијата со римските делегати, односно дека не му бил познат на Филип. Амбициите на Антиох во Тракија биле до толку поверојатни,

[1] Краток преглед на освојувањата на Антиох во Тракија кај Делев 2004: 293f. Подетален преглед кај Grainger 1996, кој сепак го преценува успехот на Антиох и контролата што ја воспоставил во Тракија, заклучок што го заснова на судбината на римските војски во 190 и по завршувањето на војната. Според него, фактот што војската на Скипион успеала без никаков проблем да мине низ Тракија е сведоштво за цврстината на селевкидската власт во регионот; наспроти судбината на војската на Вулсон што е сведоштво за тоа дека по падот на селевкидските гарнизони во регионот и тракиските племиња повторно биле во налет (342f.). Ваквиот заклучок во целост се коси со приказите од историографите кои даваат перфектно логична причина зошто римските војски минале толку различно при минувањето низ Тракија. Имено, Скипионите биле доволно мудри да ја здобијат довербата од Филип, кој обезбедил сè што било неопходно за нивното минување низ Македонија, но и низ Тракија (Liv., xxxvii.7.8-16; xxxix.28.8-9; App., *Mak.*, 9.5; *Syr.*, 23). Напротив, Вулсон воопшто и не се потрудил да ја обезбеди соработката на Филип (иако подоцна вината ќе биде префрлена токму врз Филип), па затоа претрпел сериозни загуби и загубил голем дел од пленот од Азија при преминот низ Тракија (Liv., xxxviii.41-42). Според тоа, судбината на римската војска во Тракија многу повеќе зависела од Филип, кој очигледно и по Киноскефала задржал дел од угледот и влијанието во регионот, одошто од гарнизоните на Антиох.

[2] Polyb., xviii.51.3-8. *HCP II*: ad loc. *cf.* Liv., xxxiii.40.1-6; xxxiv.58.4-6. Briscoe 1973: ad loc.

зашто изгледа дека дури и по смртта на Селевк I, Селевкидите ако ништо друго покажувале интерес за Хелеспонт.[1]

Евентуалното утврдување на Антиох III во Тракија би имало катастрофални последици за позицијата на Филип, кој наеднаш би се нашол омеѓен од римските интереси на запад и селевкидското присуство на исток, особено ако Антиох навистина планирал да ја издигне Лисимахеја во резиденција на неговиот син и наследник. Односно од првостепена сила на јужниот Балкан, Македонија многу лесно би можела да спадне на регионална сила притеснета од Рим и Антиох, чии материјални и човечки ресурси биле неспоредливо поголеми.[2]

Посредната опасност, што, мора да се признe, не изгледала посебно веројатна во блиска иднина произлегувала од евентуалната селевкидска закана врз самата Македонија. Имено, порано или подоцна, истиот аргумент што Антиох го искористил против римските делегати, би можел да го искористи и против Филип. Зашто, во моментот на смртта на Лисимах кај Куруредион, меѓу другото тој ги контролирал и Пајонија и Македонија, кои што, врз основа на принципот истакнат на конференцијата во Лисимахеја, му припаднале на Селевк I.

Дали Селевк I, бил прогласен за крал на Македонија по битката кај Корупедион не е сосема јасно,[3] но тоа и не е до толку важно. За разлика од римските принципи на надворешна политика, во хеленскиот и хеленистичкиот свет, правото на претензии не произлегувало од окупацијата на одредена територија, туку од директна и одлучувачка победа над претходниот господар на територијата.[4] Навистина, истакнувањето на стари права врз Тракија било неспоредливо различно од истакнувањето на евентуални права врз самата Македонија, со својот регуларно избран крал и династија што веќе 70 години владеела со земјата. Па сепак, не е невозможно да се замисли таков развој на настаните. Зашто, Е. Бадиан сосема правилно предупредува дека ваквите принципи истакнати на конференциите не треба да се толкуваат од стриктен легалистички аспект, особено што во антиката не постоел трибунал што би

[1] Овој заклучок произлегува од сојузот меѓу Антиох и Лисимахеја (*I. Ilion* 45), при што најверојатно станува збор за Антиох I, кој своевремено војувал против северниот сојуз и Антигон Гоната токму во тој регион. *v.* Ма 1999: 266f. *contra* Piejko 1988, кој го датира во времето на Антиох III. Згора на тоа, изгледа дека и Антиох II, одредено време бил активен во Тракија (Тачева 1997: 36f., 41); а подоцна и Антиох Хиеракс ќе се обиде да воспостави своја власт во Тракија. *v.* Делев 2004: 287f.; Grainger 1996: 330.
[2] *cf.* Hammond 1988: 416.
[3] *v.* Heinen 1972: 46ff.
[4] Bickermann 1932: 50ff.; Id. 1985: 124ff. *cf.* *HCP II*: 622.

можел да ја оцени нивната оправданост или неоправданост.[1] Со други зборови, валидноста на еден принцип повеќе зависела од способноста тој да се поткрепи со сила, одошто од некоја општо прифатена меѓународна конвенција. Односно, ако во некој одреден момент Антиох се почувствувал доволно моќен да го предизвика Филип во самата Македонија, колку и да е неубедлив принципот истакнат во Лисимахеја, тој би бил во некоја рака издржан, особено ако Антиох успеел да победи.[2] Според тоа, непосредната закана од Антиох III била многу пореална одошто би можело да изгледа на прв поглед; додека пак посредната, колку и да била неизводлива во блиска иднина, сепак не била до толку невозможна, особено ако Антиох успеел цврсто и трајно да ја стави Тракија под своја контрола.

Дека Филип навистина стравувал од ваков развој на настаните можеби сведочи и еден епиграм, по повод посвета на Хеката на плен стекнат од Одрисите:

Κοίρανος Εὐρώπας, ὁ καὶ εἰν ἁλὶ καὶ κατὰ χέρσον
τόσσον ἄναξ θνατῶν, Ζεὺς ὅσον ἀθανάτων,
Εἰνοδίᾳ τὰ λάφυρ' Ἑκάτᾳ θρασέος Κιροάδα

[1] Badian 1959: 98 n.62.

[2] Иако крајно посредна, се чини дека уште една интересна информација покажува дека ваквите планови не му биле сосема туѓи на Антиох. Станува збор за информацијата дека Антиох планирал да ја направи Лисимахеја кралска резиденција (Polyb., xviii.51.8). Нејасно е зошто Лисимахеја би била кралска резиденција, со оглед на тоа што Тракија се наоѓала на периферијата на огромното селевкидско кралство – претходно вообичаената пракса била владетелот да престојува во Антиохија, а престолонаследникот во горните сатрапии (а во средината на III век, Антиох Хиеракс и подоцна Ахај, кои биле меѓу најблиските роднини на кралот, како посебна област за управување ја добиле Мала Азија). Ценам дека единствениот заклучок е дека Антиох планирал трајно и темелно зацврстување во Тракија, врз чии основи подоцна би можела да продолжи селевкидската експанзија на Балканот. Од друга страна, вреди да се истакне уште една интересна информација, што сепак мора да се признае не е до крај јасна, и од која не може да се извлечат цврсти заклучоци. Имено, Edson 1958, во една одлична анализа докажал дека освен вообичаената дезигнација за селевкидското кралство како Сириско, во изворите често се среќава и *imperium Macedonicum*. Несомнено оваа дезигнација не е дел од официјалните формули, но како што истакнува Едсон, исто така е мошне интересно што слична определба не се среќава и при описот на кралството на Лагидите. На што се темелела ваквата определба не е јасно, но ценам дека ако ништо друго, покажува дека Селевкидите многу повеќе од Лагидите се обидувале да го истакнат своето македонско наследство. Дали тоа произлегувало од принципот дека барем неколку месеци Селевк I технички владеел и со Македонија не може да се каже. Во тој контекст интересен е заклукот на Јустин (xvii.2.5): regnumque Macedoniae, quod Lysimacho eripuerat, [*sc.* Seleucus] cum vita pariter amittit. Очигледно, барем според Јустин, односно Помпеј Трог, со победата кај Корупедион, на Селевк несомнено му припаднала и Македонија. Па сепак, уште еднаш мора да истакнам дека обете забелешки во основа се крајно посредни и не докажуваат апсолутно ништо со сигурност. Но, истовремено верувам дека се важни потсетници, па и предупредувања дека амбициите на Антиох можеби ги надминувале границите на Тракија; но и дека Селевкидите можеби повеќе ја истакнувале врската со Македонија (а во тој контекст и освојувањето на Селевк I) одошто би можело на прв поглед да се заклучи.

καὶ τέκνων καὶ ὅλας γᾶς ἔθετ' Ὀδρυσίδος,
υἱὸς ἐυμμελία Δαματρίου· ἁ δὲ Φιλίππου
δόξα πάλιν θείων ἄγχι βέβακε θρόνων.[1]

Најверојатно епиграмот треба да се датира токму во периодот 204-200 г. ст.е.[2] Во таа смисла, посебно е важен изразот κοίρανος εὐρώπας. А. Момиљано можеби е во право кога претпоставува дека изразот бил искористен под влијание на делото на Теопомп, каде Филип II, големиот идол на Филип V, неколку пати е споменат во контекст на Европа.[3] Од друга страна, неговиот заклучок дека Филип прифатил да биде опишан како „господар на Европа“ за да ги истакне своите претензии и права наспроти Рим се чини не е издржан. Имено, Ф. Волбанк, јасно покажал дека изразот Европа, не секогаш се однесува на целиот континент, туку попрво на Тракија, или областите северно од Хелада.[4] Напротив, до времето на Полибиј, во политички контекст, значењето на Европа не лежело во тоа што опфаќа, туку попрво во тоа што е исклучено од поимот – во прв ред Азија.[5] Затоа, Ф. Волбанк сосема е во право кога се сомнева во заклучокот на Момиљано. Од друга страна, ценам дека и неговиот заклучок не е сосема убедлив. Зашто, според него, целта е да се најави новиот потфат на Филип, кој слично на некои негови претходници, како κοίρανος εὐρώπας се подготвувал да премине во Мала Азија.[6] Ова секако не е исклучено, но во тој случај изненадува што Азија воопшто не се ни споменува на епиграмот, ниту пак преминувањето, односно плановите за освојувања на Филип. Со оглед на ситуацијата во овој период, и особено спротиставеноста, односно ексклузивноста на Европа и тоа што се подразбирало под овој поим од една и Азија од друга страна, верувам дека политичкиот контекст и порака е насочен токму кон Антиох. Зашто, Антиох можел да претендира на возобновување на селевкидското кралство од времето на Селевк I, но наспроти неговите претензии, Филип ја истакнувал својата конкретна контрола и власт токму во тие области, кои како κοίρανος εὐρώπας влегувале во неговата сфера на интерес и контрола.

---

[1] *Anth. Pal.*, xvi.6.
[2] *v.* Walbank 1942: 137f.; *cf.* Дополнување *(1)*.
[3] Momigliano 1942: 56f.
[4] Walbank 1942: 141 ff., каде се наведени бројни примери за ваквото значење на Европа. Во таа смисла посебно е интересен примерот кај Херодот (кај кого се среќаваат обете значења), каде Ксеркс μέλλω ζεύξας τὸν Ἑλλήσποντον ἐλᾶν στρατὸν διὰ τῆς Εὐρώπης ἐπὶ τὴν Ἑλλάδα, ἵνα Ἀθηναίους τιμωρήσωμαι ὅσα δὴ πεποιήκασι Πέρσας τε καὶ πατέρα τὸν ἐμόν (vii.1).
[5] Walbank 1942: 142 и nn.6-7.
[6] Walbank 1942: 143.

*Одбранбена стратегија и освојувања.* Ако на кампањите на Филип им се пристапи од овој аспект, тогаш и промените во првичниот план и фактот што тежиштето на операциите во 202 и 200 г. ст.е. било токму по трако-македонското крајбрежје и Хелеспонт, стануваат многу појасни. По сѐ што беше кажано, речиси и да нема потреба да се објаснува зошто Филип минал толку време токму на трако-македонското крајбрежје и Хелеспонт. Стравувајќи дека Антиох многу брзо ќе успее да го скрши лагидскиот отпор, а со тоа и ќе добие одврзани раце за повторно да се сврти на запад, примарна цел за Филип, било да се осигураат приодите кон Европа, и особено главните упоришта по трако-македонското крајбрежје; односно да му се одземе можноста на Антиох воопшто и да се придвижи кон Тракија, а со тоа и кон Македонија.

Токму поради тоа и кампањата од 202 г. ст.е. ја минал на Хелеспонт и Пропонтида, каде биле припоени Перинт, Лисимахеја и Халкедон - мошне важни стратешки точки за секој што планирал премин од Азија во Европа.[1] Во таа смисла, дури и со уништувањето на Киос и Мирлеја, Филип не само што се стекнал со богат плен, туку истовремено му оневозможувал на Антиох да се зацврсти на Пропонтида, со оглед на тоа што градовите му ги предал на Прусија, до тоа време верен сојузник, и генерално непријателски настроен кон Антиох.[2] Според тоа, со кампањата од 202 г. ст.е., Филип ги поставувал темелите за одбранбената линија на Европа. Имајќи предвид што во тој момент командувал со нова и неискусна флота, не изненадува што освојувањата не биле пообемни и потемелни.[3] Исто така, во тој контекст веројатно поразбирливо е зошто ги поштедил лагидските поседи во регионот, а особено Ајнос и Маронеја, кои биле не само важни стратешки, туку и економски центри.[4] Во тој момент,

[1] Би можело да се забележи дека за одбрана на приодите кон Европа, Бисант имал поголема стратешка важност. Меѓутоа, со припојувањето на Перинт и Халкедон, значењето на Бисант во голема мера било неутрализирано. Згора на тоа, не треба да се заборави дека долготраен сојузник на Филип бил битинскиот владетел Прусија, така што можноста дека Антиох ќе се обиде да премине од Азија во Европа токму преку северниот приод не била многу веројатна, освен ако не бил подготвен на војна и со Битинија.

[2] Битинија никогаш не била цврсто контролирана ниту од Персија, ниту од Александар, а подоцна и Лисимах не успеал да ја покори (HEINEN 1984: 425). Во таа смисла, територијата на Прусија не би влегувала во териториите чие освојување Антиох би можел да го оправда со возобновување на селевкидската територија. Меѓутоа, нема сомнение дека битинскиот крал не би бил посебно среќен ако дојде до целосно обновување на селевкидската власт во Мала Азија, по што тој би бил практично опколен од селевкидски територии.

[3] Ова до некаде можеби се должи и на фактот што иако Антиох веќе продрел во лагидските територии, тој сѐ уште не успеал да извојува одлучувачка победа.

[4] ROSTOVTZEFF 1941: 111.

поважно било да се освојат главните приоди кон Азија, а не трако-македонското крајбрежје.

Мора да се признае дека од овој аспект, кампањата во Карија не се вклопува целосно во одбранбената политика на Филип. Токму поради тоа, Р. Ерингтон, признава дека нема задоволително објаснување за оваа кампања, и претпоставува дека скршнувањето кон Карија можеби било предизвикано од отпорот на Родос.[1] Меѓутоа, ова толкување не објаснува зошто Филип уште од 204 г. ст.е. бил непријателски насторен кон Родос, ниту пак зошто оставил бројна војска во Карија, ако веќе и онака било јасно дека, барем во моментот, не може да ја добие војната против Родос и Пергам, ниту пак зошто, ако веќе единствената цел бил Родос, зошто Филип си дозволил да напаѓа и слободни градови што не биле под родоска контрола.[2] Поверојатно изгледа дека во 201 г. ст.е., новите цели формулирани по договорот со Антиох, делумно се преклопиле со оригиналната програма на Филип за ширење во Егејот. Особено што во текот на 201 г. ст.е. Антиох успеал да освои голем дел од Палестина, а на крајот и Газа,[3] така што изгледало сѐ поверојатно дека војната наскоро би можела да заврши. Ваквиот развој би бил погубен за експанзионистичките амбиции на Филип, зашто големо прашање било дали Антиох ќе го почитува договорот и по евентуалната победа над Птолемај V, односно неговите старатели. Во крајна линија, освојувањата во Карија не се коселе целосно со создавањето на одбранбен појас, зашто на тој начин Филип си обезбедувал мостобран во Мала Азија, а веројатно и поважно, се стекнувал со пристаништа од каде евентуално би можела да дејствува македонската флота, ако Антиох се обидел да го предизвика и на море.[4] Навистина, до тој период Селевкидите не биле посебно познати по амбициозна поморска програма,[5] но тоа во голема мера се должело на фактот што голем дел од главните извори на дрво воопшто и не им биле достапни. Со евентуалното освојување на сиро-палестинското крајбрежје, Антиох секако би бил во можност за кратко време да изгради моќна флота.[6] И

---

[1] ERRINGTON 1990: 198.
[2] *cf.* WALBANK 1982: 230f.
[3] HÖLBL 2001: 136.
[4] Евентуален показател за такво нешто можеби е опсадата на Хиос, што нема многу стратешка логика ако Филип единствено целел кон освојување на Карија. Напротив, како дел од создавањето на еден одбранбен појас што би го држел Антиох на дистанца, значењето на Хиос било далеку поголемо. Зашто, со контролата на Кикладите, островскиот пат и Самос, и пристаништата во Карија, македонската флота би била крајно мобилна, а приодот кон Карија, благодарение на контролата на Хиос би бил отворен не само од запад, туку и од север.
[5] *cf.* MUSTI 1984: 184, кој претпоставува дека создавањето на моќна селевкидска флота уследило дури по битката кај Панион во 200 г. ст.е.
[6] *v.* APERGHIS 2004: 197ff. БИКЕРМАН 1985: 94, претпоставува дека Селевкидите и претходно располагале со извор на квалитетно дрво во Киликија и Сирија. Меѓутоа, во

навистина, кога Антиох конечно ќе се појави во Егејот во 197 г. ст.е., тој веќе ќе располага со значителна флота што до 192 г. ст.е. ќе брои околу 40 катафракти, 60 афракти и 200 транспортни бродови.[1] Меѓутоа, опасноста од една потенцијална поморска програма на Антиох, што во тоа време воопшто и не ни била започната, во никој случај не е соодветно објаснување за големите загуби и речиси ирационалното инсистирање да се опстои на планот да се освои дел од Карија. Така што, земено во целина, изгледа дека кампањата од 201 г. ст.е. пред сè била преземена заради исполнување барем на дел од освојувачките планови на Филип што датирале од периодот пред договорот со Антиох; што сепак не ги исклучува во целост и евентуалните придобивки за зацврстувањето на одбранбената зона.

По делумниот успех во 201 г. ст.е., платен со сериозни загуби, Филип изгледа сфатил дека барем во дадениот момент, нема што да бара во Мала Азија и повторно се свртел кон тракo-македонското крајбрежје и Хелеспонт. Како што веќе беше споменато, овој пат освојувањата биле посистематски и поконкретни и клуминирале со освојувањето на Сестос и Абидос. Не само што Филип создал стабилна и компактна одбранбена линија долж тракo-македонското крајбрежје, туку со контролата на Халкедон, Перинт, Лисимахеја, Сестос и Абидос практично ги затворил приодите кон Европа. Во врска со оваа кампања треба да се истакнат два аспекти. Прво, од брзината на освојувањата се добива впечаток дека Филип бил во трка со времето и претпочитал брзо, а со тоа и понесигурно освојување на тракo-македонското крајбрежје, наместо поспор и потемелен приод. Ова веројатно треба да се припише на радикалните промени во надворешната позиција на Македонија и сè поголемата опасност од војна со Рим, но не поради опасноста од евентуално истоварување на римските легии и сојузниците на исток од Македонија, како што смета М. Оло,[2] туку попрво во

голем дел од III век дел од овие области повремено биле контролирани и од Лагидите (особено во Киликија), така што не е јасно до кој степен Селевкидите можеле да ги експлоатираат овие области. Во крајна линија, до времето на Антиох III, тие и немале потреба од голема флота во источниот Медитеран и Егејското море. За потенцијалите на овие области јасно говори брзината со која Антигон Еднооокиот успеал да изгради бројна и моќна флота (*v.* Billows 1990: 357f.). За најважните области со квалитетни дрвни ресурси во овој период *v.* Meiggs 1982: 132ff.

[1] Liv., xxxv.43.3-4.

[2] Holleaux 1930a: 163. Од стратешки аспект, Римјаните немале многу што да добијат од евентуално истоварување во Тракија, особено во споредба со алтернативата да се пробијат во Хелада. Згора на тоа, логистичката подршка, односно одржувањето на постојана линија на снабдување на војската на исток би било речиси невозможно, особено во зима. Сите овие аспекти несомнено му биле сосема јасни на Филип, кој поради тоа немал многу причини да стравува од римски напад од исток. Втората причина според Оло е одржувањето на копнена врска со гарнизоните во Карија, со оглед на тоа што Филип не можел да се надева да ја предизвика римската флота. Но, практичната вредност од контролата на Абидос во однос на гарнизоните во Карија и не

контекст на опасноста од Антиох. Имено, ако ништо друго Филип веќе морал да смета на веројатноста дека наскоро повторно ќе влезе во судир со Рим, при што несомнено би бил принуден сите расположливи сили да ги сконцентрира на запад; а при тоа немало сомнеж дека Антиох, ако успее да ја заврши војната со Египет, ќе се обиде да ја искористи зафатеноста на Филип за да се впушти во освојување на Тракија. Поради тоа, токму во 200 г. ст.е. било поважно од кога и да е, да ги обезбеди приодите кон Европа, пред да биде принуден целосно да се сврти на запад.

Иако токму во 200 г. ст.е. Филип ќе постигне најмногу успеси, оваа кампања по својот карактер треба да се оцени како дефанзивна, како што заклучиле уште Ф. Волбанк и Р. Ерингтон. Според Р. Ерингтон, главната закана од истокот бил Пергам, и токму во тој контекст треба да се сфати оваа кампања – како заштита на македонските интереси во регионот од секогаш амбициозниот и грабежлив Атал.[1] Иако опасноста од Атал не треба да се потцени, фактот што претходната година тој успеал да го одбрани само Пергам, додека Филип со ограничена копнена војска владеел со отворениот простор, покажува дека Атал, сам за себе не бил посебно сериозна закана за македонските интереси. Заклучокот на Р. Ерингтон произлегува од тоа што тој кампањата од 200 г. ст.е. ја зема одделно од онаа две години претходно, што се надевам дека во доволна мера беше покажано дека е погрешен пристап. Напротив, ако двете кампањи се поврзат, станува јасно дека неговата претпоставка е неодржлива, зашто во 202 г. ст.е. Филип воопшто и не бил во војна со Атал.

Според Ф. Волбанк пак, не е исклучено дека долгорочната цел на Филип била да го спречи селевкидското ширење во западна Анатолија.[2] Ова делува поверојатно, иако големо прашање е дали Филип воопшто располагал со доволно сили за истовремено дејствување и на флотата, и на силите во Карија, и на уште една војска во северо-западниот дел од Анатолија, и колку воопшто било мудро да му се спротистави на Антиох во Мала Азија, прилично далеку од главните бази во Македонија. На крајот, изгледа дека Полибиј не е далеку од вистината, кога заклучува дека Ἵνα, ἐὰν πρόθηται διαβαίνειν αὖθις εἰς τὴν Ἀσίαν, ἐπιβάθραν ἔχοι τὴν Ἄβυδον.[3] За секој што планирал истоварување во Европа, контролата над Абидос била од клучно значење, и во таа смисла,

---

била посебно голема, и тоа не само заради растојанието, туку и поради фактот што меѓу нив се наоѓале токму териториите на Атал.

1 Errington 1990: 199.

2 Walbank 1982: 232.

3 Polyb., xvi.29.2.

опсадата на градот несомнено мора да се сфати во контекст на одбранбената стратегија на Филип. Меѓутоа, исто така мора да се остави место и за можноста дека ако не избиела војната со Рим, а Антиох подолго  останел врзан во војната со Лагидите, Филип можеби планирал некакви активности во Мала Азија во иднина. Но, тоа зависело од развојот на настаните, а како што ќе се покаже, Филип веќе никогаш повторно нема да биде во можност да планира премин во Азија. Но, во моментот, многу поважно било тоа што Филип го затворил приодот кон Европа, и во таа смисла освојувањето на Абидос претставувало врв на одбранбениот аспект во политиката на Филип во периодот 203-200 г. ст.е.

*Неморалноста на Филип.* Пред заклучната анализа на политиката на Филип, сметам дека на кратко треба да се разгледа уште еден аспект од кампањите 202-200 г. ст.е., а тоа е непредвидливото и сурово однесување на кралот. Дека последиците, барем од политички аспект, не биле толку сериозни како што сака да прикаже Полибиј е сосема јасно од однесувањето на сојузниците токму во овој период и во текот на II Македонска војна.[1] Прашањето што се поставува е дали оваа суровост на Филип се должи на неговиот непредвидлив и избувлив карактер, или пак можеби може да се стави во контекст на генералниот план спроведуван во овој период. Во еден мошне впечатлив опис на психолошката состојба на Филип по Фојника, М. Оло го прикажува како огорчен и разочаран владетел, бесен поради пропаста на неговите западни планови; пасивноста на сојузниците кои покажувале знаци на живот само кога доаѓале да го молат за помош; па дури и отпорот меѓу дел од поимотните слоеви во Хелада; и истоштен од долготраниот притисок и напор во I Македонска војна; кој поради тоа ги презирал сите освен Римјаните, кои биле достојни за почит.[2] Слично и Ф. Волбанк заклучува дека поради низа причини, во овој период Филип сѐ почесто не успевал да ги контролира страстите што на крајот го одвело во сериозни грешки во надворешната политика.[3]

Во оваа прилика немам намера да го правдам однесувањето на Филип. Дека неговите постапки често биле сурови и превртливи е очигледно, и тоа не верувам дека било кој би можел да го оспори. Но, прашањата и дилемите за нечија моралност, односно неморалност, воопшто и не спаѓаат во доменот на историчарот – тоа е предмет за етичарите и философите. Попрво на проблемот би му пристапил од друг аспект. Имено, ако однесувањето на Филип се должело на неговата огорченост и неспособност да ги контролира емоциите, разумно е

[1] *v*. Дополнување *(6)*.
[2] Holleaux 1930a: 144f.
[3] Walbank 1940: 135f.

да очекуваме вакво однесување во текот на целата кампања и на различни места, без разлика од нивната стратешка и воопшто географска положба. Но, изненадувачки случајот не е таков. Зашто, најголема суровост Филип покажал кон Киос, Мирлеја и Абидос. Тоа што е заедничко за овие градови е што лежат на Азиската страна на Пропонтида, односно Хелеспонт. Ова е до толку поинтересно ако се спореди со односот кон градовите во Европа, каде покажал сосема различен пристап и кои изгледа дека откако му се предале не претрпеле никаква штета, или барем не во толкава мера за Полибиј, односно Ливиј да се потрудат да споменат.[1]

Верувам дека ова покажува дека сепак не станувало збор за случајни изливи на суровост, туку попрво се должело на смислена политика. Уште В. Тарн претпоставил дека во суштина станува збор за водење на психолошка војна, при што Филип го следел примерот на Римјаните.[2] Впрочем, се чини дека овој пристап и му овозможил на Филип во 200 г. ст.е. да припои цела низа градови, кои без отпор веднаш му се предале. Зашто судбината на Киос и Мирлеја од една, и на Лисимахеја, Перинт и Халкедон од друга, била сериозен потсетник за сите дека подобро е веднаш да се предадат под релативно прифатливи услови, одошто да ризикуваат опсада, при што евентуаллниот неуспех би значел целосно уништување. Според тоа, Филип јасно ја испратил својата порака и тоа на сметка на градови што и онака му ги предал на Прусија.

Во случајот на Мирлеја и Киос дополнителен мотив веројатно бил и економскиот, зашто со уништувањето на градовите и продажбата на населението Филип се стекнал со значителен плен. Случајот пак со Абидос е нешто поразличен, и токму стратешката важност на градот на крајот допринела за тажниот крај на жителите. Имено, не е исклучено, па дури е и веројатно, дека суровоста на Филип во овој случај делумно се должела на неговата иззиритираност од долгиот и одлучен отпор што го чинел многу време и жртви. Но, исто така, сосема е возможно дека со оглед на стратешката важност на Абидос, Филип не сакал да ризикува веднаш по неговото заминување жителите на градот кои пружиле толку жесток отпор, и очигледно биле сојузници на Родос и Пергам, повторно да ја сменат страната – подобро било да се контролира град на духови, одошто да се препушти еден исклучително важен град да заврши во рацете на Атал, или уште полошо, во рацете на Антиох.

---

[1] Исклучок очигледно е случајот со Тасос. Но, како што беше споменато, приказот на Полибиј не е целосен, така што не може со сигурност да се каже што точно се случило во таа конкретна ситуација.

[2] Tarn 1930: 44.

Повторно треба да се истакне дека ова не претставува обид да се оправда од морален аспект однесувањето на Филип; туку попрво да се покаже дека можеби има и друга можност за анализа на овие постапки, освен следењето на Полибиј и неговите инвективи против Филип и неговиот крајно суров карактер. Што се однесува пак до забелешките на Ф. Волбанк, дека примерите на нелојалност и превртливост јасно говорат за моралното опаѓање на кралот,[1] уште претходно В. Тарн дал сосема логичен и прагматичен одговор: But if unorthodox weapons helped you, if it aided your military operations to start a revolution, to employ propaganda (propaganda is not an invention of the twentieth century), to create a combination reaching from Epirus to India, you just did these things as part of the day's work. When somebody put to Antigonus Gonatas the question beloved of later text-book writers: "How should one attack the enemy?" his answer was, "Any way that seems useful".[2]

*Резултати и последици.* Да се оцени успехот, или неуспехот на Филип во овој период е исто толку проблематично колку што е и да се утврдат неговите планови и цели, особено затоа што Филип никогаш не добил можност до крај да го спроведе својот план. Во секој случај, заклучокот што следи тргнува од претпоставката дека кампањите на Филип во периодот 202-200 г. ст.е. пред сè биле преземени со цел да се обезбедат приодите кон Европа и Македонија од потенцијалната закана од Антиох.

Ако се тргне од оваа претпоставка, тогаш очигледниот заклучок е дека Филип во суштина ги постигнал главните цели – трако-македонското крајбрежје, Хелеспонт и Пропонтида биле ставени под македонска контрола, така што Антиох во никој случај не би можел да се надева на брзо и лесно обновување на селевкидската власт во Тракија. Во тој контекст, посебно мора да се истакне дека изборот на градови што Филип ги ставил под своја контрола бил сосема правилен. Зашто, кога Антиох конечно ќе се појави во Европа, а откако по катастрофата кај Киноскефала Филип ќе биде принуден да ги повлече сите свои гарнизони, токму од Абидос ќе премине во Мадит, а веднаш потоа ќе ја освои и Лисимахеја; за нешто подоцна (192-191 г.ст.е.?) да постави селевкидски гарнизони во Ајнос и Маронеја.[3] Дури и кампањата во Карија не била неуспешна, така што Филип се стекнал со важен мостобран во Мала Азија, низа пристаништа што заедно со контролата на Кикладите го штителе односно

[1] WALBANK 1940: 136.
[2] TARN 1930: 44f. Одговорот на Антигон е зачуван кај Stob., iv.13.46: Ἀντιγόνος ἐρωτηθείς, πῶς ἄν τις ἐπιθοῖτο τοῖς πολεμίοις, εἶπεν 'ἢ δόλῳ ἠὲ βίῃ ἢ ἀμφαδὸν ἠὲ κρυφηδόν'.
[3] *cf*. GRAINGER 1996: 331f., 341.

затворале приодот кон неговото јужно крило. Навистина, како што истакнува Н. Хамонд, овие привремени успеси за кратко време ќе се покажат како привиденија.[1] Меѓутоа, мора да се истакне дека ова се должело пред сè на неочекуваната и крајно одлучна римска интервенција, што на крајот ја свела Македонија на нејзините традиционални граници; а очигледно е дека Филип ниту очекувал, а уште помалку пак планирал војна со Рим. Друго прашање е дали Филип ќе успеел да ги задржи освоените територии против Пергам и Родос, или пак против Антиох. Ако кампањата од 200 г. ст.е. е некаков показател, тогаш може да се заклучи дека во моментот кога минала непосредната опасност, сојузот меѓу Пергам и Родос практично се распаднал, а со тоа и нивната способност активно да му се спротистават на Филип. Со други зборови, до моментот на римското истоварување во Аполонија, ништо не укажува дека Филип не бил во можност да ги брани новоосвоените територии.[2]

Според овој критериум, постигнувањата на Филип биле значителни, а кампањата генерално мошне успешна. Но, ова е само едната страна од паричката. Од другата, е фактот што имајќи ја предвид пред сè потенцијалната опасност од Антиох, Филип заборавил на останатите регионални сили, со што на крајот значително придонел во создавањето на една моќна анти-македонска коалиција, која во 201 г. ст.е. му нанела сериозни загуби. Со оглед на тоа што македонските и родоските интереси се вкрстувале на премногу места – Крит, Кикладите и најважно на Хелеспонт, во одредена смисла се чини дека војната со Родос била неизбежна. Или барем се чини дека Филип донел ваков заклучок и уште во 204 г. ст.е. започнал со прикриени дејствија против Родос. Меѓутоа, фактот што воопшто и не го зел предвид евентуалното вмешување на Атал сведочи дека Филип направил сериозна грешка при проценката на ситуацијата во Егејот, и на крајот за тоа ќе плати голема цена. Иронично е тоа што токму со кампањата што попрво претставувала остаток од првичниот план пред 203 г. ст.е., и ја немала таа стратешка важност како оние од 202 и 200 г. ст.е., Филип си создал најмногу проблеми. Ова покажува дека со повнимателен пристап Филип можеби би се поштедил себе си од голем дел од неволјите во кои западнал. Од тој аспект, Филип би можел да се критикува за преземањето на оваа кампања, што и не била од суштествено значење за создавањето на

---

[1] HAMMOND 1988: 416.

[2] Навистина, токму во 200 г. ст.е. Родос ќе ја преземе контролата над најголемиот дел од Кикладите, но со оглед на новиот развој на настаните и потенцијалната војна со Рим, прашање е колкава била стратешката вредност од борбата за контрола на Кикладите, особено што гарнизонот на клучниот Андрос успеал и понатаму да се одржи. Од друга страна, ако римското вмешување веќе не било на повидок, прашање е дали Родос би се осмелил да ги стави Кикладите под своја контрола.

одбранбениот систем на исток. Кампања што се должела на освојувачките амбиции на Филип, кој се чини дека и покрај промените во првичниот план, по инерција продолжил и со плановите за освојувања во Мала Азија.

Но, уште еднаш мора да се истакне дека земено во целина, и покрај сите проблеми, пред вмешувањето на Рим, Филип сè уште ја држел иницијативата во свои раце и можел да се надева на успех. Напротив, се стекнува впечаток дека Филип бил и премногу успешен, што на крајот, во комбинација со веста за договорот со Антиох, во голема мера ќе допринесе за одлуката на Сенатот за испраќање на легиите во Македонија. Од тој аспект, парадоксално е тоа што Филип, во обидот да си создаде маневарски простор подалеку од Рим, со цел да се избегне идна војна со Републиката, со своите постапки, па и успеси, на крајот несвесно и неволно, индиректно допринел токму за избувнувањето на II Македонска војна.

## Дополнувања

*(1) Походот во Тракија 204 г. ст.е.*

HAMMOND 1988: 411, зазема порезервиран став за ова прашање и истакнува дека претпоставката дека Филип дејствувал во Тракија само врз основа на овој список, е во најдобар случај само веројатност. Со оглед на тоа што немаме никаков контекст за овој список, сомнежот на Хамонд несомнено е оправдан. Меѓутоа, возможно е да имаме уште еден податок што би укажувал на опсежни операции во Тракија во овој период. Имено во еден епиграм по повод посвета на божицата Хеката на воен плен, каде Филип е опишан како Κοίρανος Εὐρώπας (за овој израз *v. infra*) се споменува одрискиот владетел Кироада (*Anth. Pal.*, xvi.6). Како што истакнува WALBANK 1942: 138, контекстот во кој се споменати Одрисите, упатува на голема победа извојувана од Филип. Фактот што тој е опишан како господар на Европа, а исто така и на морето и копното, веднаш ја установува 197 г. ст.е., како *terminus ante quem* - по поразот кај Киноскефала, Филип одвај бил господар на сопствената земја. Зашто, иако несомнено станува збор за пропаганда, дури и пропагандата мора да се заснова барем на трошка реалност. По Киноскефала обидот да се претстави Филип како господар на Европа и господар на морето и копното, единствено би можел да изгледа смешен (*cf.* MOMIGLIANO 1942: 56). Според тоа, ценам дека WALBANK 1942: 137f. и MOMIGLIANO 1942: 56 сосема оправдано претпоставувале дека станува збор за алузија на кампањата во 204 г. ст.е. (*cf.* NIESE 1899: 571). Напротив, се чини дека тие дури и непотребно покажале доза на резервираност во однос на датирањето. Имено, доколку *terminus ante quem* е 197 г. ст.е., а врз основа на фромулацијата на првите два стиха тоа е сигурно, тогаш остануваат малку можности за евентуална кампања на Филип во Тракија. Всушност, единствената претходна акција била преземена против Мајдите во текот на I Македонска војна. Навистина, античките историографи генерално се многу слабо информирани и одвај покажуваат некаков интерес за потфатите на македонските владетели на север, па евентуалниот *argumentum e silentio* нема голема вредност во конкретниов случај. Меѓутоа, со оглед на големите војни во кои бил вмешан Филип во првата половина од своето владеење, нема многу место за опсежна и сериозна кампања во Тракија. Така, периодот на Сојузничката војна (220-217 г. ст.е.), и периодот на I Македонска војна (214-205 г. ст.е.) може со апсолутна сигурност да се исклучат. Од друга страна, формулата *terra marique*, го исклучува и периодот 216-214 г. ст.е.; зашто по фијаското во 216 и катастрофата во 214 г. ст.е., тешко дека било кој би го нарекол Филип господар на морето. Со оглед на тоа што од 202 г. ст.е. Филип ќе биде зафатен со поморските кампањи по трако-македонското, а потоа и малоазиското крајбрежје, само 204 и 203 г. ст.е. остануваат како веројатни. Меѓутоа, фактот што листата на географски поими била дел од xiii книга на Полибиј, каде биле

опфатени настаните од четвртата година од 143 Олимпијада, секако укажува на 204 г. ст.е. Иако дел од фрагментите од xiii книга можеби се однесуваат на третата година од Олимпијадата, односно 206/5 г. ст.е. (*HCP III*: 53f.), тоа во никој случај не може да се однесува и на конкретниов фрагмент, со оглед на тоа што во 205 г. ст.е., Филип сè уште бил окупиран со завршните дејствија против Рим, и потоа мирот во Фојника (Делев 2004: 290 непотребно ја остава и 205 како можна година за нападот на Филип). Со оглед на формулата *terra marique*, изгледа дека посветата е направена во 201 г. ст.е., во екот на поморската кампања на Филип (Walbank 1942: 143). Според тоа, уверен сум дека фрагментот од xiii книга на Полибиј и епиграмот во кој се споменуваат Одрисите се однесуваат на истата кампања на Филип во Тракија, што била преземена во 204 г. ст.е.

*(2) Дејствијата во Илирија*

Baldson 1953: 164; Id. 1954: 35; Badian 1952: 91f.; Id. 1958: 62 n.3 (*cf.* Errington 1989a: 245), сакаат оваа информација за дејствувањето на Филип во Илирија да ја поврзат со поплаките на сојузниците во Хелада и испраќањето на римско пратеништво кај Филип во 203 г. ст.е. (Liv., xxx.26.2.-4, 42.2.-10), односно ја земаат како доказ дека Филип ги прекршил одредбите од мирот во Фојника. Доколку е тоа точно, дејствијата на Филип биле насочени против римските *amici* во Илирија. Сама за себе, претпоставката дека зад приказот на Ливиј каде се споменуваат поплаки на сојузниците во Хелада, всушност се кријат акциите на Филип против сојузниците (а всушност *amici*) во Илирија, не е неверојатна. Меѓутоа, приказот на Ливиј за проблемите и размената на пратеништва меѓу Филип и Рим во 203 г. ст.е. е далеку од веродостоен, и во оваа прилика доволно е да потсетам дека Рим во тоа време нема ниту еден официјален сојузник на Балканот, што веднаш нè тера да се сомневаме во приказот на Ливиј. Многу поважно, тоа што и Балдсон и Бадиан во целост го избегнуваат е фактот што, иако очајни да изнајдат повод во 200 г. ст.е. за *bellum iustum*, Римјаните не го обвинуваат Филип за прекршување на одредбите од Фојника. Напротив, Филип до самиот крај инсистира дека сите негови постапки се во согласност со мировниот договор, и ова тврдење Римјаните воопшто и не го оспоруваат (Polyb. xvi.34..1-7; Liv., xxxi.18.1-4). Дури и поважно, ниту во првиот, ниту во вториот ултиматум од Филип не се бара да врати места освоени во Илирија. Според тоа, операциите во Илирија во 204 г. ст.е. не биле вперени против римските *amici* во регионот; очигледно станува збор за операции во области што не биле опфатени со мирот во Фојника, така што и Римјаните немале никаква правна подлога за жалба, или покритие за почетокот на II Македонска војна. *cf. HCP II*: 551.

*(3) Опремувањето на флотата*

Од активностите на Филип во овој период очигледно е дека тој навистина имал итна потреба од финансиски средства заради подготовка на флотата. Од HOLLEAUX 1921: 285 n.5; WALBANK 1982: 229; BERTHOLD 1984: 109, се добива впечаток дека средствата му биле потребни пред сѐ заради изградба на флотата. Меѓутоа, како што е добро познато, Македонија располагала со извонредни дрвни ресурси (GEYER *RE* (1928) s.v. Makedonia, 680, каде се наведени античките сведоштва за македонските дрвни ресурси), меѓу другото и за изградба на бродови (BORZA 1982; ID. 1987: 36ff.); а токму овие ресурси биле под директна контрола на кралот (BORZA 1987: 39ff.; ERRINGTON 1990: 222f.; *cf.* HATZOPOULOS 1996: 434). Според тоа, иако изградбата на една флота несомнено претставувало мошне скап потфат, пред сѐ поради цената на дрвниот материјал (*e.g.* при изградбата на храмот на Асклепиј во Епидаур, *борот* чинел 4390 драхми. *v.* MEIGGS 1982: 424f.), со оглед на ресурсите што директно му стоеле на располагање на Филип, проблемот најверојатно не бил во набавката на дрво. Впрочем, токму во екот на I Македонска војна тој започнал со изградба на 100 големи воени бродови, што покажува дека проблемот не бил ниту во ресурсите, ниту пак во наоѓањето на способни и искусни бродоградители (*cf.* TARN 1941: 172). Меѓутоа, при набројувањето на загубите на Филип во битката кај Хиос, Полибиј (xvi.7.5), прави разлика меѓу Македонците и морнарите (Μακεδόνες μὲν..., τῶν δὲ πληρωμάτων κτλ.), кои според тоа наверојатно не биле Македонци (*cf.* *HCP II*: ad loc.). Информацијата на Полибиј делува мошне логично, зашто за разлика од лембите, каде веслачите можеле и да веслаат и да се борат, на масивните полиери такво нешто било невозможно. Според тоа, ми се чини поверојатно дека главниот проблем на Филип било собирањето средства за да најми доволен број на веслачи. Дека тој се соочувал со недостаток на војници и веслачи говори и фактот што бил принуден во флотата да вклучи и одреден број на сојузници (Polyb., xvi.7.6).

*(4) Хераклејд и Филип*

Кога станува збор за карактерот на Филип и неговите советници, пристрасноста на Полибиј е добро позната, а неговата слика за Хераклејд не е исклучок. Волбанк претпоставува дека Полибиј ползувал некој македонски извор што бил непријателски расположен кон Хераклејд и го презирал поради влијанието што го имал врз кралот. Во секој случај, приказот е крајно тенденциозен, и има бројни елементи на клевета, за што, иронијата да биде поголема, Полибиј го критикува Тимај токму за употребата на такви изрази и прикази (*HCP II*: 418). Но, настрана од субјективноста на Полибиј, неспорно е дека Хераклејд имал клучна улога во овој период, па WALBANK 1940: 109, се прашува во колкава мера тој е одговорен за

одлуката на Филип да се впушти во гусарски активности (т.е. договорот со Дикајарх); и дали зад елиминацијата на советниците се крие несогласување околу предложената политика, или пак едноставно станува збор за борба за влијание кај кралот. Што се однесува до елиминацијата на советниците, со оглед на тоа што се споменува само во една реченица кај Диодор (xxviii.2), и тоа во контекст на оцрнување на Хераклејд, ништо не може да се каже со сигурност. HAMMOND 1988: 411, претпоставува дека елиминацијата на советниците можеби треба да се поврзе со кампањата против Дарданците, кои во 209 г. ст.е., можеби го подржувале Аероп. Ова не е исклучено, зашто се чини дека Аероп се обидувал да ја искористи веста дека Филип е мртов за да се стекне со упоришта во Дасаретија. Дека дошло до некакви внатрешни немири во тој период сведочи и тоа што Зонара (ix.9) ситуацијата ја опишува како *stasis*. Со оглед на тоа што Филип во овој период дејствувал и против Дарданците, а како што беше покажано, и во Илирија, сосема е веројатно дека посветил внимание и на состојбите во Дасаретија, па во таа прилика биле елиминирани и советниците чија лојалност можеби била сомнителна. Меѓутоа, мора да се истакне дека ова е само спекулација и ништо повеќе. Ако се земе предвид манирот во кој Полибиј ја опишува пресметката со Апел и неговата групација, се сомневам дека и во овој случај неговиот приказ бил субјективен, но овој пат на штета на Филип и Хераклејд; врз основа на расположливите извори не верувам дека подалеку од ова може да се оди. Што се однесува пак до прашањето за влијанието на Хераклејд при донесувањето на одлуката на Филип да се впушти во гусарски активности, ова повторно нè навраќа на проблемот за односот меѓу Филип и неговите најблиски соработници и нивното влијание врз него. Веќе во случајот на Деметриј од Фарос споменав дека навистина изгледа дека има некаква врска меѓу издигнувањето на нови советници и започнувањето на нова политика во одредена област, но тешко е да се открие во колкава мера тие директно влијаеле врз оформувањето на новите политики на Филип. Интересно е да се спомене заклучокот на O'NEIL 2003: 517, кој истакнува дека дел од главните советници биле туѓинци, па според тоа не располагале со традиционална поддршка меѓу Македонците, што според него е индикација за слабост кај Филип. Не само што не се согласувам со ваквиот заклучок, туку напротив, ценам дека потпирајќи се на туѓинци, чија позиција во целост зависела од неговата добра волја, Филип всушност се изборил (или барем се обидувал да се избори) за одредена независност од традиционалните македонски советници, чиј авторитет и моќ делумно се потпирале врз врските и влијанието меѓу локалното население. Во таа смисла, попрво изгледа дека и Деметриј од Фарос, и Хераклејд добиле на значење токму во периодите кога Филип развивал нова политика што во голема мера не соодветствувала на македонските традиционални интереси, и со тоа би можело да се очекува да наиде на отпор кај потрадиционалните советници. Ако е тоа така,

тогаш значењето и на Деметриј и на Хераклејд не било во тоа што го поттикнале Филип да развие политика во нови правци, туку попрво во тоа што како советници чија позиција целосно зависела од неговата благонаклоност, биле подготвени и послушни орудија при спроведувањето на новите потфати. Ова може да се поткрепи и со приказот на Полибиј, според кого Ὁ δὲ Φίλιππος Ἡρακλείδῃ μέν, καθάπερ ὑπόθεσιν δούς, ἐπέταξε φροντίζειν πῶς ἂν κακοποιήσαι καὶ διαφθείραι τὰς τῶν Ῥοδίων νῆας, εἰς δὲ τὴν Κρήτην πρεσβευτὰς ἐξαπέστειλε τοὺς ἐρεθιοῦντας καὶ παρορμήσοντας ἐπὶ τὸν κατὰ τῶν Ῥοδίων πόλεμον (xiii.4.1-2). Во крајна линија, врбувајќи го Дикајарх, Филип не постапувал многу поразлично од Гоната кој своевремено го привлекол на своја страна гусарот Амејнија, кој и подоцна останал меѓу неговите соработници; ниту пак од сопствениот татко Деметриј II, кога го најмил Агрон (чии Илири несомнено биле најпознати по своите гусарски потфати) за да им помогне на Акарнанците. Според тоа, одлуката и за впуштање во гусарски потфати, и за испраќање помош на Крит и за отпочнување на дејствија што би му наштетиле на Родос, била донесена од Филип, а Хераклејд само ја спроведувал во дело.

*(5)* Египет во договорот меѓу Филип и Антиох

Идејата дека Египет бил вклучен во договорот меѓу Филип и Антиох долго време е негирана од современите историчари, кои ценеле дека такво нешто не е во согласност со принципот за рамнотежа на силите. Меѓутоа, како што повеќе пати беше нагласено во овој труд, рамнотежата на силите не произлегувала од некакво општо признато и прифатено начело туку од релативната (не)моќ на главните хеленистички држави. Според тоа, ваквото толкување на договорот мора да се отфрли, односно да се остави место за претпоставката дека со договорот било предвидено целосно уништување на лагидската држава, како што претпоставувал Полибиј (xv.20.2; Liv., xxxi.14.5, базиран на Полибиј, *v.* BRISCOE 1973: 94). Но, прашањето што се поставува е кому би му припаднал Египет – на Филип или пак на Антиох. Според Апијан (*Mak.*,4.1), договорено било Египет да му припадне на Антиох, додека пак Филип, меѓу другото би ја добил и Кирена. Проблемот произлегува од тоа што ваквата поделба на прв поглед се коси со приказот на Полибиј, според кого, Филип веќе го нападнал Египет (iii.2.8). Навистина, како што веќе беше споменато, на ова место Полибиј не ги наведува одредбите од договорот, туку конкретните лагидски поседи што се нашле на удар на Антиох и Филип. Но, и покрај тоа, оваа информација јасно се вклопува во генералниот приказ на Полибиј, од каде може да се заклучи дека тој навистина верувал дека Филип планирал напад на Египет (*v.* PÉDECH 1954). Меѓутоа, прашањето е дали е ова доволно силен аргумент за да се прифати дека според договорот, Египет навистина му припаднал

на Филип. ECKSTEIN 2008: 139ff., во една долга расправа, иако заклучува дека судбината на Египет не била точно прецизирана, сепак истакнува дека можноста од македонска инвазија не би смеело *a priori* да се отфрли и дека Филип можеби навистина и се надевал дека ќе успее да се добере до Александрија и Египет. Ваквото толкување во голема мера се заснова на заклучокот на Полибиј, според кого, уште во моментот кога започнале да го парчосуваат кралството на малиот Птолемај V, Филип и Антиох истовремено биле неискрени еден кон друг и ги погазувале одредбите од договорот. Меѓутоа, како истакнал Ф. Волбанк уште претходно (1965: 264), иако Полибиј навистина зборува за παρασπονδήματα (xv.20.6), дискутабилно е дали овој заклучок може да се однесува и на Polyb., iii.2.8., каде такво нешто воопшто и не се споменува. Во крајна линија, тоа и не е главниот проблем. Зашто, прашањето за тоа кому би му припаднал Египет мора да се разгледува на неколку рамништа. Пред сè, мора да се истакне дека со оглед на тоа што станувало збор за таен договор, големо прашање е дали Полибиј некогаш воопшто и бил во можност да ги види конкретните одредби од договорот, како во случајот со договорот меѓу Филип и Ханибал. Ова е до толку поважно зашто одредбите за прв пат во јавност биле изнесени од родоските пратеници, кои секако имале сопствени интереси во целата ситуација, поради што и нивната верзија не може да се прифати безрезервно. Но, се чини дека може да се оди и чекор понатаму во дискусијата. Имено, дури и да се претпостави дека Полибиј навистина го видел договорот меѓу Филип и Антиох, ова не значи и дека безрезервно треба да се прифати неговиот заклучок дека македонскиот крал се стремел кон освојување на Египет. Во таа смисла, споредбата со приказот на Полибиј за амбициите и целите на Филип во Илирија и Италија е посебно инструктивна, зашто и во оваа прилика толкувањата и заклучоците на ахајскиот историограф не само што не соодветствуваат сосема со постапките на Филип, туку и не можат да се поткрепат со одредбите од договорот меѓу Филип и Ханибал, што токму Полибиј го пренесува *verbatim*. Поради тоа, не сум убеден дека само затоа што Полибиј (очигледно) искрено верувал дека Филип планира напад на Египет, треба да се прифати и дека во договорот Египет му припаднал на македонскиот владетел. Од друга страна, се добива впечаток дека прашањето непотребно е испроблематизирано со тоа што во одредена смисла се гради погрешна слика за позициите на Филип и Антиох. Имено, дека ниту Филип би сакал да му го препушти Египет на Антиох, ниту пак Антиох на Филип е сосема логично. Меѓутоа, дел од современите научници изгледа ја преценуваат позицијата на Филип. Зашто, пред постигнувањето на договорот со Антиох, Филип несомнено бил во силна дипломатска позиција, од која можел да изнуди одредени отстапки од Антиох. Но, во моментот кога го склучил договорот со селевкидскиот владетел, Филип фактички го жртвувал својот единствен адут во корист на конкретните придобивки што му биле ветени. Со други зборови, во

замена за можноста од династички брак со Лагидите, Филип добил одврзани раце во крајбрежните делови од Мала Азија и Егејот. Во моментот кога тој и отворено застанал на страната на Антиох, очигледно веќе не можел да се надева на поврзување со Лагидите. Ова јасно покажува дека тој правилно оценил дека во тој момент не располага со доволно воени и материјални средства за да се истовари во Александрија и како сојузник на Лагидите да се вклучи во војната против Антиох. Овој момент не треба да се потцени, зашто јасно покажува дека претпоставката на Екстин, кој постојано инсистира на репутацијата на Филип како на војсководец постојано подготвен на најголеми ризици и сомителни потфати, што во конкретниов случај би било истоварување во Александрија, колку и да е исправна во општи рамки, не може да се прифати во конкретниов случај. Зашто, ако Филип оценил дека не може да дејствува во (или од) Египет дури и како сојузник на Лагидите, тој бездруго заклучил дека евентуалната инвазија на Египет е уште понереална. Според тоа, верувам дека претпоставката дека Египет би му припаднал на Филип треба да се отфрли – кога Полибиј зборува за египетските планови на Филип немаме работа со факти, туку со толкувањата и заклучоците на ахајскиот историограф, а тоа се две сосема различни работи. Од друга страна, делува далеку поверојатно дека Египет му бил доделен на Антиох. Дека Филип би претпочитал Египет да не падне во рацете на Антиох нема сомнеж, меѓутоа исто така е сосема логично дека со исклучок на евентуалниот отворен сојуз со Лагидите, тој практично и не можел да преземе ништо за да го запре селевкидскиот владетел; а дури и брачниот сојуз би бил од сомнителна практична вредност. Згора на тоа, самиот договор нема многу смисла освен ако не се претпостави дека со него било договорено Египет да му припадне на Антиох. Зашто, како што беше покажано, селевкидската експанзија во Мала Азија запира по постигнувањето на договорот, односно станува збор за конкретна отстапка од страна на Антиох. Ако тој и онака планирал само да ги освои лагидските поседи долж сиро-палестинското крајбрежје, каде селевкидските претензии датирале уште од времето на Селевк I, тогаш отстапките кон Филип и не делуваат баш логично. Прифаќањето на македонско зацврстување во Карија и Јонија само заради освојувања на сиро-палестинското крајбрежје ако ништо друго делува како преголема цена. Нему секако не му требала согласност од македонскиот владетел за освојување на територии што Селевкидите од секогаш и ги сметале за свои. Впрочем во сите претходни сириски војни, ниту Лагидите ниту пак Селевкидите не се обидувале директно да ги вмешаат, односно придобијат Антигонидите. Отстапките кон Филип делуваат логично само ако Антиох се стремел кон нешто повеќе од сиро-палестинското крајбрежје, а тоа би можел да биде само Египет, зашто со тоа би дошло до целосно и дефинитивно уништување на системот на рамнотежа, односно директно биле засегнати и македонските интереси. Дека Филип не би можел да биде среќен од таквиот развој е

сосема јасно, но исто така е јасно и дека тој не располагал со доволно средства за да може ефикасно да го спречи Антиох во спроведувањето на овој план и токму поради тоа и на крајот се одлучил за сојуз со Антиох, а не со Александрија – ако веќе не можел да го спречи падот на Лагидите, можел барем да се обиде да извлече што е можно поголема корист од распадот на нивното кралство. Навистина, контролата на Егејот, Карија, Јонија (и можеби Кирена) делува како мала компензација за препуштањето на Египет на Антиох; но ако се земе предвид дека Филип и онака не можел во никој случај да интервенира во Египет, тогаш мора да се заклучи дека тој во основа успеал до максимум да го искористи единствениот дипломатски адут со кој располагал. Според сè што беше кажано, барем во овој случај изгледа дека приказот на Апијан би можел да се претпочита во однос на приказот на Полибиј, особено што во неговата верзија на договорот се споменува и Кирена. Имено, како што е познато, своевремено, кратко време со Кирена владеел Деметриј Убавиот – таткото на Антигон Досон (*v.* TARN 1913: app. ix). Според тоа, Антигонидите, односно Филип имал каква-таква подлога за евентуални претензии врз Кирена, а во секој случај поголеми одошто би можел да има Антиох. Но, на крајот уште еднаш мора да се истакне дека и оваа анализа и заклучок се само претпоставка и ништо повеќе од тоа – со оглед на природата на проблемот и расположливите извори, прашањето за тоа кому што му припаднало според договорот најверојатно никогаш не ќе може со сигурност да се утврди.

*(6) Реакции на сојузниците*

Следејќи ги заклучоците на Полибиј, повеќе современи историчари претпоставуваат дека скандалозното однесување на Филип на крајот го отуѓило од сојузниците и Хелените воопшто, така што на крајот не само што не можел да смета на нивна помош во војната со Рим, туку и го предизвикал нивното непријателство; па во крајна линија токму тоа и им овозможило на Римјаните да се прикажат како ослободувачи на Хелада. *e.g.* WALBANK 1940: 135f.; HAMMOND 1988: 413, 416, 420. Проблемот не е така едноставен и треба да се разгледува постепено. Прво, начелно би можело да се прифати дека со своето однесување Филип всушност отворил простор за Римјаните да се прикажат како ослободители. Меѓутоа, слоганот за ослободување и сл. веќе толку долго бил користен, што сам за себе и не носел некоја посебна предност, барем не во судирот против Филип (мора да се признае дека работите стојат нешто поразлично кога станува збор за војната меѓу Рим и Антиох). Впрочем, речиси до крајот на војната голем дел од Хелените и понатаму ќе останат резервирани. Во борбата за влијание во Хелада, сарисата и гладиусот имале неспоредливо поголема важност одошто празните и веќе со векови употребувани слогани. Во крајна линија, односите меѓу Македонците и Хелените никогаш не се темелеле на пријателство и искрена соработка, туку на пресметливост и

прагматичност. Според тоа, да се претпостави дека Хелените во други услови слепо би го следеле Филип во судирот со Рим е крајно наивно. Секако најасен пример е однесувањето на членките на Симахијата во текот на Сојузничката војна, во времето кога Филип бил „миленикот на Хелада“, па сепак со исклучок на Акарнанците (секогаш загрозени од ајтолската експанзија, па затоа и најверни сојузници на Филип) и Ахајците (директно засегнати, а како што веќе беше прикажано во голема мера и одговорни за избивањето на војната) повеќето членки воопшто и не се вклучиле активно во војната. Во крајна линија, како што покажуваат повеќе примери, изгледа дека ниту заклучокот за отуѓувањето на Хелените од Филип не смее да се генерализира. Пред сѐ, тука е Ахајскиот сојуз, каде токму во 200 г. ст.е., за стратег ќе биде избран Киклијада, истакнат припадник на про-македонската страна (HOLLEAUX 1930a: 163). Згора на тоа, токму есента 200 г. ст.е., едно ахајско пратеништво ќе се обиде да ги убеди родоските државници да склучат мир со Филип. Изгледа дека за момент Родосјаните се двоумеле, но во Родос сѐ уште била присутна римската делегација која јасно ставила до знаење дека мирот со Филип не доаѓа предвид (Polyb., xvi.35.1-2). Очигледно не само што Ахајците не биле посебно згрозени од суровоста на Филип, туку спротивно на веќе јавно објавените римски намери и цели, во последен момент се обиделе да посредуваат меѓу Филип и Родос (*cf.* AGER 1996: 167f. no.61). И подоцна кога Ахајскиот сојуз конечно ќе застане на страната на Рим, од описот на седницата (што траела три дена) и понудените аргументи, повеќе од јасно е дека одлуката се должела пред сѐ на заканата од римската војска и флотата што се наоѓала во близина (во Кенхреа) и уследила по поразот кај Аој Стена (198 г. ст.е.) кога станало повеќе од јасно дека овој пат, Филип нема да може да испрати помош за Ахајците. Што е уште поинтересно, дури и во тие услови Мегалопол, Аргос и Диме остро протестирале и нивниот предлог целото прашање за сојуз со Рим да се тргне од дневниот ред не успеал за само еден глас. Дури откако делегатите од овие градови ја напуштиле седницата, била донесена одлуката за сојуз со Рим (за детали и извори *v.* WALBANK 1940: 157f.). Слично, кога наскоро ахајските сили заедно со Лукиј Фламинин (братот на консулот) и Атал почнале да го опсадуваат Коринт, жителите на градот се собрале околу македонскиот гарнизон и го подржале Андростен, македонскиот заповедник (Liv., xxxii.23) – чудно однесување за луѓе згрозени и отуѓени од Филип. Исто така, изненадува што локалното население не ја искористило можноста да ги отстрани македонските гарнизони од Локрида и Фокида, кои што на крајот мирно ќе се повлечат како една од одредбите од преговорите во Никаја (198 г. ст.е.). Слично и Акарнанците ќе продолжат да се борат на страната на Филип сѐ до битката кај Киноскефала и освојувањето на Левкада од страна на Лукиј Фламинин. Но, неспоредливо најшокантен е примерот со Брахил и состојбите во Бојотија по завршувањето на II Македонска војна. Зашто токму по крајот на војната Брахил –

долгогодишен соработник и пријател на Филип, со традиционални семејни врски со Антигонидите, се вратил во Бојотија, каде веднаш бил избран за бојотарх. Како одговор, про-римската странка, со согласност на Фламинин, ќе го организира убиството на Брахил, што пак ќе доведе до општо безредие, осуда на убиците на Брахил и масакрирање на 500 Римјани (Polyb., xviii.43; *HCP II*: 608f.). Се разбира ова не значи дека врз основа на овие неколку примери може да се генерализира дека Хелените главно го подржувале Филип и тоа воопшто и не беше целта на овој кус преглед. Попрво целта е врз основа на овие примери да се покаже дека не може да се генерализира ниту спротивното, а уште помалку пак без резерва да се прифати приказот и заклучокот на Полибиј за тоа колку шокирани и отуѓени станале Хелените кон Филип поради неговите дејствија во 202-200 г. ст.е.

*(7) Ајтолското пратеништво*

Ајтолското пратеништво во Рим со барање помош за борба против Филип е засведочено кај Ливиј (xxxi.29.4), што очигледно се заснова на приказот на Полибиј (Briscoe 1973: 129) и кај Апијан (*Mak.*, 4.2). На овие информации веројатно треба да се додаде и посредното сведоштво кај Плаут (*Stich.*, 494-504), каде целта на авторот е да покаже дека римската елита повеќе е заинтересирана за состојбите во Хелада и хеленските пратеништва, одошто за проблемите на римските граѓани. Тоа што е важно е дека пратеништвото пристигнало од Амбракија (491), што во тоа време бил дел од Ајтолскиот којнон (детална анализа кај Eckstein 2008: 215f.). Според тоа, нема причина за сомневање во ајтолското пратеништво (*contra e.g.* Badian 1958a: 208ff.). Меѓутоа, проблемот е во тоа кога да се датира ова пратеништво. Ако се следи приказот на Апијан, тогаш пратеништвото би морало да се датира кон крајот на 201 г. ст.е., по пратеништвото од Родос. Меѓутоа, според Holleaux 1921: 293ff., по родоското пратеништво, делува неверојатно дека Сенатот, кога веќе се одлучил на нова војна со Филип, и имал потреба од сојузници во Хелада, би го отфрлил ајтолскиот предлог толку остро. Поради тоа, Оло претпоставува дека редоследот кај Апијан мора да се измени, а ајтолското пратеништво да се датира во 202 г. ст.е., кога Сенатот сè уште не бил заинтересиран за војна со Филип. Несомнено ваквата реконструкција делува мошне привлечно и убедливо, (особено што хронологијата кај Апијан често содржи очигледни грешки), па воопшто и не изненадува што е речиси едногласно прифатена од современите историчари. Па сепак, прашањето е дали овие аргументи се доволно силни за да се инсистира на толку значајна измена во текстот на Апијан. Briscoe 1973: 130, на пример претпоставува дека пратеништвото би можело да се датира и во 201 г. ст.е., но пред пристигнувањето на родоските пратеници; односно иако ја прифаќа можноста за 201 г. ст.е., во суштина ја подржува реконструкцијата на Оло. Меѓутоа, Derow 1979: 7f., со право ја критикува методата со која наративниот извор се преуредува за да одговара на

концептите на современите историчари. Се разбира понекогаш ова изгледа неопходно, но дали текстот на Апијан е до толку нелогичен и контрадикторен за мора да промени редоследот? За да се одбрани текстот на Апијан, неопходно е да се објасни зошто Римјаните го одбиле ајтолскиот предлог во предвечерието на војната со Филип, и зошто одговорот бил толку остар. Што се однесува до првото прашање, Дероу дава одговор што, ако ништо повеќе, е исто толку убедлив како и аргументите на Оло. Имено, тој истакнува дека во оваа војна, за разлика од I Македонска војна, пристапот на Сенатот бил многу поразличен, зашто во овој случај Римјаните се труделе не само да создадат широка коалиција против Филип, туку и да се претставаат како бранители на хеленската слобода. Истовремено, тие добро сфатиле дека нивните активности во I Македонска војна, резултирале со тоа што римскиот углед во Хелада бил на најниско можно ниво (*v.* DEROW 1979: 8 n.22 за извори). Ова во одредена мера се должело не само на римската суровост, туку и на сојузот со Ајтолците чија грабежливост и суровост не биле ништо помали. Во тие услови, прифаќањето на ајтолската одлука би значело сериозно компромитирање на новата римска политика, уште пред да започне војната и пред да биде изградена коалицијата. Згора на тоа, би можело да се додаде дека за Римјаните од огромна важност било да го изолираат Филип од членките на Симахијата, а такво нешто би било невозможно ако стапеле во сојуз со Ајтолците – вечниот непријател на повеќето од членките. Вториот проблем произлегува од остринатa на римскиот одговор. Имено, дури и да се прифати претходно наведеното објаснување, може да се приговори дека Сенатот не морал толку остро да им одговори на ајтолските пратеници и тоа во предвечерието на II Македонска војна. Ова начелно е точно, меѓутоа не смее да се заборави од каде доаѓа информацијата за непријателскиот одговор на Сенатот. Имено, ајтолското пратеништво и римскиот одговор ги споменува токму македонскиот пратеник во ајтолското собрание, кога се обидувал да ги убеди Ајтолците да не се вклучуваат во војната против Македонија. Според тоа DOREY 1960: 9, е сосема во право кога истакнува дека оваа информација и нема посебно голема вредност, зашто несомнено македонскиот пратеник би се обидел да ја преувеличи остринатa на римскиот одговор. Можеби најважниот аргумент за датирање на пратеништвото во 202 г. ст.е. е можниот контекст. Зашто токму во таа година Филип делувал против ајтолските сојузници на Пропонтида, па најлогично би било да се претпостави дека токму во таа прилика Ајтолците испратиле пратеништво во Рим. Со други зборови, ако главниот проблем на Ајтолците биле активностите на Филип во 202 г. ст.е., зошто чекале дури до крајот на 201 г. ст.е. за да испратат пратеништво во Рим? Меѓутоа, работата не е толку едноставна. Имено, евентуалното испраќање на делегација во Рим секако не би минало незабележано кај Филип, чија реакција во таа ситуација не би можела да се предвиди, особено што Ајтолците не биле потписници на мирот во Фојника. Ваквиот чекор би изгледал

посебно ризичен во 202 г. ст.е., кога Филип не бил во отворена војна со ниту една позначајна сила во Егејот. Со други зборови, во случај на негативен одговор од Рим, Ајтолците ризикувале да бидат изложени на гневот на Филип, без при тоа да може да очекуваат помош од било која страна. Од друга страна, 201 г. ст.е., по пратеништвата од Пергам и Родос, ваквиот чекор носел неспоредливо помал ризик, особено што Филип веќе бил целосно зафатен во војната против овие две држави. По жестоките лекции од Филип во текот на Сојузничката и I Македонска војна, Ајтолците изгледа конечно сфатиле дека не е баш мудро да се искушува трпението на македонскиот крал, освен ако околностите не биле крајно поволни. Најдобро сведоштво за ајтолската внимателност е фактот што во 201 г. ст.е. ја одбиле понудата од Атал да се вклучат во војната против Филип, а дури и по започнувањето на II Македонска војна, се држеле резервирано сè до македонскиот пораз кај Отолоб во 199 г. ст.е. Според тоа, датирањето на ајтолското пратеништво во 201 г. ст.е. и не е толку нелогично како што би можело да изгледа на прв поглед. Навистина, може да се забележи дека ваквиот заклучок е спротивен на подоцнежните обиди на римските консули да ги убедат Ајтолците да се вклучат во војната (Derow 1979: 8, со право истакнува дека првиот обид во 200 г. ст.е. воопшто и не е обид, туку дел од патувањето на римските пратеници низ Хелада, при што Ајтолија немала посебна улога, додека пак при преговорите во 199 г. ст.е. очигледно римскиот предлог попрво бил ултиматум одошто понуда; меѓутоа, ако еден натпис за родоско посредување за склучување сојуз меѓу Рим и Ајтолија навистина припаѓа во овој период како што претпоставува Kontorini 1983, тогаш толкувањето на Дероу губи дел од убедливоста). Па сепак, откако веќе започнала војната, а линиите меѓу сојузници, противници и неутрални биле јасно повлечени, Римјаните веројатно можеле поотворено да им пристапат на Ајтолците; така што, иако римските обиди за вовлекување на Ајтолците во војната во одредена мера одат во прилог на датирање на ајтолското пратеништво во 202 г. ст.е., сепак ценам дека сам за себе овој податок (што и онака не е целосно сигурен) не е доволно силен аргумент за да отфрли толкувањето на Дероу, односно да се измени текстот на Апијан.

*(8) Хиос и Ладе*

Очекувано, за ова прашање нема согласност меѓу современите историчари. Од една страна, Б. Нисе и М. Оло, веруваат дека битката кај Хиос претходи на битката кај Ладе;[1] но од друга, де Санктис претпоставува дека битката кај Ладе сепак е прва;[2] а

[1] Niese 1899: 583ff.; Holleaux 1920. Редоследот предложен од Оло, односно Хиос-Ладе-Пергам, е модифициран од Magie 1950: 747ff. n.39, а потоа и подетално образложен од Волбанк (*HCP II*: 497ff.) кои предлагаат Хиос-Пергам-Ладе.
[2] de Sanctis 1923: 10f. n.27.

меѓу подоцнежните историчари нема согласност чија претпоставка да се прифати.[1] Иронично е што оние што се обидуваат да докажат дека битката кај Ладе била прва, главно се водат од аргументите на Ф. Волбанк,[2] иако подоцна токму тој ќе го смени мислењето и ќе стане главен застапник на редоследот Хиос-Пергам-Ладе.

Во својата анализа на проблемот Р. Бертхолд умешно и прилично убедливо успева да го побие најголемиот дел од аргументите на М. Оло, односно Ф. Волбанк, а истовремено нуди два, според него, одлучувачки аргументи за датирање на битката на Ладе пред онаа кај Хиос. Првиот произлегува од еулогиумот на Теофилиск, каде меѓу другото се споменува дека со тоа што исповил на север и го нападнал Филип, Теофилиск ги охрабрил сојузниците, и истоврмено ги принудил и својата држава, и Атал активно да се вклучат во војната.[3] Според Р. Бертхолд, исповувањето на север и нападот врз Филип би можел да се однесува само на битката кај Ладе, со оглед на тоа што кај Хиос родоската и пергамската флота веќе биле здружени, а нападот го започнал Атал. Навистина, тој остава место за можноста дека нападот врз Филип е всушност некој судир за кој немаме сочувани податоци, но при тоа истакнува дека ваквкиот приод е непотребен со оглед на тоа што веќе знаеме за еден судир меѓу Филип и Родос, односно битката кај Ладе.[4] Во основа, ако ништо друго, мора да се прифати дека пристапот на Р. Бертхолд е сосема правилен – наместо да се претпоставуа некаков судир што не е забележан во изворите, подобро би било да се држиме до тоа што го знаеме.

Вториот аргумент на Р. Бертхолд се заснова на анализата на Полибиј за стратешката позиција на Филип по битката кај Ладе, и можностите што се отворале пред него. Имено, според Полибиј, ὅτι μετὰ τὸ συντελεσθῆναι τὴν περὶ τὴν Λάδην ναυμαχίαν καὶ τοὺς μὲν Ῥοδίους ἐκποδὼν γενέσθαι, τὸν δ᾽ Ἄτταλον μηδέπω συμμεμιχέναι, δῆλον ὡς ἐξῆν γε τελεῖν τῷ Φιλίππῳ τὸν εἰς τὴν Ἀλεξάνδρειαν πλοῦν. ἐξ οὗ δὴ καὶ μάλιστ᾽ ἄν τις καταμάθοι τὸ μανιῶδη γενόμενον Φίλιππον τοῦτο πρᾶξαι.[5] Аргументацијата се состои од два дела. Имено уште де Санктис како главен аргумент за датирањето на Ладе пред Хиос го зема фактот што Атал сè уште се немал вклучено во војната. Со оглед на тоа што Атал очигледно учествувал во

---

[1] Мислењата на повеќето историчари се наведени кај Berthold 1975: 151 nn.8-11. *cf.* Will 1982: 126. Меѓу поважните трудови во последниве децении, Hammond 1988: 414ff., Ma 1999: 76f. n.89; ја прифаќаат хронологијата на Оло (односно Волбанк); додека пак Errington 2008: 198ff.; Eckstein 2008: 164 ја следат хронологијата на де Санктис. За тоа колку е нејасна целата проблематика сведочи и тоа што дури и оние што битката кај Ладе ја датираат пред онаа кај Хиос не се согласни по прашањето кога да се датира нападот на Пергам (Ерингтон и Бертхолд го датираат меѓу битките кај Ладе и Хиос, додека пак Екстин по битката кај Хиос).

[2] Walbank 1940: 307f. Во прв ред Berthold 1975, кој е главниот застапник на редоследот Ладе-Хиос.

[3] Polyb., xvi.9.

[4] Berthold 1975: 155.

[5] Polyb., xvi.10.1.

битката кај Хиос, станува јасно дека Ладе претходи на Хиос.[1] Меѓутоа, како што истакнува Ф. Волбанк, συμμιγνύναι исто така може да значи и „се враќам/повторно се вклучувам“.[2] Доколку станува збор за вакво значење, тогаш напротив, токму оваа реченица е аргумент дека битката кај Хиос претходи на онаа кај Ладе. Р. Бертхолд, иако остава место и за толкувањето на Ф. Волбанк, сепак истакнува дека контекстот на целиот приказ попрво упатува на заклучок дека Ладе претходи на Хиос. Зашто, според него, колку и да било опасно и ризично во тој момент Филип да тргне за Александрија, тоа сепак не било невозможно ако Атал сѐ уште се немал вклучено во војната, а Филип не претрпел сериозни загуби кај Хиос. Од друга страна, ако Филип веќе ја загубил битката кај Хиос, анализата на Полибиј е бесмислена. Поради тоа, според него, токму овој аргумент е пресуден за датирање на битката кај Ладе пред онаа кај Хиос.[3] Навистина, на прв поглед аргументацијата делува мошне убедливо. Но, ако се потсетиме дека станува збор за Полибиј, кој во секоја прилика се труди да го прикаже Филип како владетел опседнат со светска власт, не ретко ги игнорира практичните проблеми и веднаш му припишува разни планови на Филип (што може убаво да се забележи при неговата анализа за плановите на Филип во Илирија и желбата за вклучување во војната во Италија), тогаш станува јасно дека аргументот и не е толку убедлив како што изгледа. Всушност, со Атал или без него, анализата на Полибиј во секој случај е бесмислена – без доволно пристаништа на располагање низ источниот Медитеран, и со родоската флота активна во неговата позадина, а да не зборуваме и за главнината на лагидската флота стационирана во Египет и на Кипар, Филип во никој случај не можел ни да помисли да заплови кон Александрија. Според тоа, „одлучувачкиот аргумент“, односно анализата на Полибиј, воопшто и не е некаков аргумент. Кога би можело поточно да се утврди значењето на συμμιγνύναι, работата би била различна, но како што стојат работите, решението мора да се бара на друго место.

Според тоа, иако второв аргумент воопшто не е убедлив, заклучокот што произлегува од еулогиумот на Теофилиск се чини одлучувачки и кога би било тоа сѐ што може да се каже, веројатно би можело (иако со доза на резерва) да се прифати датирањето на битката кај Ладе пред битката кај Хиос. Но, останува уште една информација што мора да се проанализаира. Иако, како што споменав, Р. Бертхолд мошне умешно ги побива повеќето аргументи за датирање на Хиос пред Ладе, кога станува збор за прашањето за македонскиот адмирал во двете битки, неговото решение воопшто не е задоволително. Имено, во битката кај Хиос, македонскиот наварх бил Демократ, кој и загинал во битката.[4] Од друга страна,

---

[1] DE SANCTIS 1923: 10 n.27.
[2] *HCP II*: 497.
[3] BERTHOLD 1975: 155f.
[4] Polyb., xvi.3.6.

исходот од битката кај Ладе, оставил толку силен впечаток врз жителите на Милет, што овие му изгласале победнички венци не само на Филип, туку и на Хераклејд,[1] што упатува на заклучок дека кај Ладе тој бил македонскиот наварх. Со оглед на тоа што Хераклејд останува наварх и во 200 и 199 г. ст.е., може да се претпостави дека тој го наследил Демократ кој загинал кај Хиос. Во тој случај, Хиос би претходел на Ладе.[2] Дури и Р. Бертхолд признава дека ова е најважниот аргумент во корист на датирањето на Хиос пред Ладе.[3] Па сепак, истовремено истакнува дека аргументот не е одлучувачки со оглед на тоа што не можеме да бидеме сигурни дека Хераклејд во тоа време бил наварх, особено што до тој момент Хераклејд фигурира исклучиво како политички авантурист и советник, но нема активна команда. Според него, сосема е возможно дека му бил доделен венец зашто во тоа време било познато дека тој бил најблизок и највлијателен соработник на Филип. Тоа што Хераклејд навистина бил наварх во 200 и 199 г. ст.е. веројатно е резултат на смртта на Демократ.[4] Аргументацијата на Р. Бертхолд воопшто не е убедлива, зашто контекстот кај Полибиј е сосема јасен: ἔτι δὲ τοὺς Μιλησίους, <u>καταπλαγέντας τὸ γεγονός</u>, οὐ μόνον τὸν Φίλιππον, ἀλλὰ καὶ τὸν Ἡρακλείδην στεφανῶσαι διὰ τὴν ἔφοδον.[5] Очигледно е дека венците биле изгласани како последица на исходот од битката кај Ладе, односно Хераклејд добил венец не како соработник и советник на Филип, туку како активен учесник во битката кај Ладе. Со оглед на тоа што Хераклејд ја задржал функцијата и во следните две години, тогаш разумно е да се претпостави дека го наследил Демократ кој загинал кај Хиос. Згора на тоа, се чини дека и самиот Бертхолд не е до крај убеден во сопствената анализа, па на крајот се повикува на стариот аргумент на Ф. Волбанк дека дури Хераклејд и да бил наварх кај Ладе, Филип можел од повеќе причини привремено да го смени, па затоа кај Хиос како наварх се јавува Демократ.[6] Но, ваквата претпоставка е попрво резултат на очај одошто на издржан методолошки пристап. Принципот на кој самиот Бертхолд инсистира, односно дека во еулогиумот на Теофилиск, наместо да се претпоставува судир што не се споменува треба да се подразбере битката кај Ладе, мора да важи и во овој случај – наместо да се претпосатвува некаква причина за евентуалната привремена смена на Хераклејд, најдобро е да се следат фактите – кај Хиос командувал Демократ, а кај Ладе и во следните две години Хераклејд. Впрочем, ако прво е биена битката кај Ладе, каде Хераклејд извојувал победа,

---

[1] Polyb., xvi.15.6.
[2] *HCP II*: 497.
[3] Berthold 1975: 152.
[4] Berthold 1975: 152f. Тој посебно го истакнува изразот οὐ μόνον ... ἀλλὰ καὶ и го зема како потврда дека Хераклејд не бил наварх. Аргументот воопшто не е убедлив – изразот е исто толку соодветен ако Хераклејд бил наварх; зашто не само Филип кој бил владетел, туку дури и Хераклејд иако само наварх, сепак бил награден со венец.
[5] Polyb., xvi.15.6.
[6] Berthold 1975: 153 n.18; Walbank 1940: 308.

зошто воопшто Филип би го менувал победничкиот наварх? Според тоа, Р. Бертхолд не успева да го побие токму клучниот аргумент за датирање на Хиос пред Ладе. Хераклејд бил македонскиот наварх кај Ладе, што со оглед на фактот што останал на истата функција и во следните две години, докажува дека оваа битка е биена по онаа кај Хиос кога загинал Демократ.[1]

Така, се создава една непријатна ситуација, односно дилема – или во одредена мера да се игнорираат информациите од еулогиумот на Теофилиск, или пак од друга да се игнорира фактот што Хераклејд бил македонскиот наварх кај Ладе и ја задржал функцијата до 199 г. ст.е. Мора да се признае дека која можност и да се избере, пристапот е незадоволувачки и остава место за сериозни резерви. Па сепак, верувам дека има уште две информации што не се безначајни при решавањето на овој проблем. Првата произлегува од приказот на Полибиј, а втората од приказот на Апијан.

Според М. Оло и Ф. Волбанк, фактот што Полибиј, при полемиката за битката кај Ладе против Антистен и Ѕенон, не го наведува родоскиот наварх по име, покажува дека тоа не бил Теофилиск и според тоа заклучуваат дека прво е биена битката кај Хиос.[2] Контра аргументот на Р. Бертхолд за овој проблем е крајно неубедлив – според него, Полибиј во оваа прилика полемизира со Антистен и Ѕенон, а не дава детален опис на битката и според тоа името на навархот воопшто не е важно.[3] Навидум логичен заклучок; но за точно да се сфати аргументацијата на М. Оло, неопходно е да се земе контекстот и целта на целиот екскурс:

δῆλον δ᾽ ἔστι τὸ λεγόμενον ἐκ τῶν ἐνεστώτων. ὁμολογοῦντες γὰρ οἱ προειρημένοι διὰ τῶν κατὰ μέρος ἐν τῇ περὶ Λάδην ναυμαχίᾳ δύο μὲν αὐτάνδρους πεντήρεις τῶν Ῥοδίων ὑποχειρίους γενέσθαι τοῖς πολεμίοις, ἐκ δὲ τοῦ κινδύνου μιᾶς νηὸς ἐπαραμένης τὸν δόλωνα διὰ τὸ τετρωμένην αὐτὴν θαλαττοῦσθαι, πολλοὺς καὶ τῶν ἐγγὺς τὸ παραπλήσιον ποιοῦντας ἀποχωρεῖν πρὸς τὸ πέλαγος, τέλος δὲ μετ᾽ ὀλίγων καταλειφθέντα <u>τὸν ναύαρχον</u> ἀναγκασθῆναι ταὐτὸ τοῖς προειρημένοις πράττειν, καὶ τότε μὲν εἰς τὴν Μυνδίαν ἀπουρώσαντας καθορμισθῆναι, τῇ δ᾽ ἐπαύριον

---

[1] Може да се претпостави дека на почетокот на кампањата Филип претпочитал да го назначи Демократ за наварх поради вмешаноста на Хераклејд во палењето на родоските пристаништа. Со оглед на тоа што Филип се обидувал до последен момент да избегне отворен судир за да си обезбеди што е можно повеќе маневарски простор, назначувањето на Хераклејд секако би било непотребна провокација кон Родос; но по битката кај Хиос претпазливоста веќе била излишна, па Филип можел слободно да го назначи Хераклејд за наварх. Ако е тоа така, тогаш токму истакнатата улога на Хераклејд кај Ладе е уште еден показател дека оваа битка следела по онаа кај Хиос. Се разабира, ова е само претпоставка и не може да се земе како дополнителен аргумент, зашто ние едноставно не ги знаеме деталите за внатрешната политика на Филип и односите меѓу македонските првенци.

[2] HOLLEAUX 1920: 245f.; *HCP II*: 497 (кој сепак е порезервиран и истакнува дека сам за себе овој аргумент не е одлучувачки).

[3] BERTHOLD 1975: 153f.

ἀναχθέντας εἰς Κῶ διᾶραι, τοὺς δὲ πολεμίους τὰς πεντήρεις ἐνάψασθαι καὶ καθορμισθέντας ἐπὶ τὴν Λάδην ἐπὶ τῇ 'κείνων στρατοπεδείᾳ ποιήσασθαι τὴν ἔπαυλιν, ἔτι δὲ τοὺς Μιλησίους, καταπλαγέντας τὸ γεγονός, οὐ μόνον τὸν Φίλιππον, ἀλλὰ καὶ τὸν Ἡρακλείδην στεφανῶσαι διὰ τὴν ἔφοδον, ταῦτα δ᾽ εἰρηκότες ἃ προφανῶς ἐστιν ἴδια τῶν ἡττημένων, ὅμως καὶ διὰ τῶν κατὰ μέρος καὶ διὰ τῆς καθολικῆς ἀποφάσεως νικῶντας ἀποφαίνουσι τοὺς Ῥοδίους, καὶ ταῦτα τῆς ἐπιστολῆς ἔτι μενούσης ἐν τῷ πρυτανείῳ τῆς ὑπ᾽ αὐτοὺς τοὺς καιροὺς ὑπὸ τοῦ ναυάρχου πεμφθείσης περὶ τούτων τῇ τε βουλῇ καὶ τοῖς πρυτάνεσιν, οὐ ταῖς Ἀντισθένους καὶ Ζήνωνος ἀποφάσεσι συμφωνούσης ἀλλὰ ταῖς ἡμετέραις.[1]

Како што може да се забележи, критиката на Р. Бертхолд е апсолутно оправдана при првото споменување на родоскиот наварх, зашто навистина станува збор за еден крајно збиен и скратен приказ на битката кај Ладе. Меѓутоа, истото не може да се каже и за второто споменување на навархот. Имено, токму во вториот дел од пасусот лежи острицата на нападот односно критиката на Полибиј. Значењето на полемичкиот аспект, не само кај Полибиј туку и воопшто во античката историографија, никогаш не смее да се потценува.[2] Како што заклучува Н. Милциос, „во основа, за повеќето антички историографи, вклучувајќи го и Полибиј, полемиката претставувала важно средство за само-дефинирање.“[3] Веќе ова само за себе покажува колку важно Полибиј ја сфаќал полемиката против другите историографи, а според тоа и водел посебно внимание во тие прилики. Се разбира, ова не значи дека секој полемички екскурс кај Полибиј има еднаква вредност – неговите аргументи и анализи често се исто толку субјективни, како и приказите на историографите со кои полемизира и ги критикува.[4] Меѓутоа, во овој случај не станува збор за една вообичаена полемика на методолошка основа. Напротив, влогот е многу поголем – на коцка е ставена веродостојноста на Полибиј и неговата верзија на настаните, наспроти онаа на двајцата родоски историографи. Тоа што започнува како уште еден вообичаен методолшки екскурс, кулминира во полемика од огромно значење - кој ја зборува вистината, Полибиј или пак Ѕенон и Антистен? Со други зборови, Полибиј се обидува да докаже дека при анализата на дејствувањето на родоската флота, неговиот приказ е вистинит, наспроти оној на двајцата родоски историографи. Верувам дека токму во овој аспект од приказот лежи (за жал кратката) аргументација на М. Оло – зошто при полемиката со двајца познати родоски историографи, за настани што се однесуваат директно на Родос,

---

[1] Polyb., xvi.15.
[2] *v.* Marincola 1997: 218ff.
[3] Miltsios 2013: 128.
[4] Детално за полемичкиот елемент кај Полибиј *v.* Walbank 1962.

Полибиј не се повикува на Теофилиск.[1] Како водечка личност во отпорот и борбата против Филип, авторитетот на Теофилиск би бил одлучувачки во полемиката, но само ако тој бил авторот на извештајот до булето иританејот. Според тоа, со оглед на огромното значење на целата полемика, фактот што авторот на извештајот до булето и пританејот кај Полибиј само е наведен како *nauarkhos*, иако не докажува, сепак е навистина силна индикација дека Теофилиск не бил заповедник на родоската флота кај Ладе. Р. Бертхолд воопшто и не се ни обидува да го постави, а уште помалку пак да го побие заклучокот на М. Оло, а целиот контра-аргумент го темели исклучиво на тоа дека станува збор за збиен преглед а не детален приказ на битката. Несомнено вешт софистички зафат, но ништо повеќе од тоа. Впечатокот е дека обидот на Бертхолд за маргинализирање на проблемот е неуспешен,[2] а суштината на аргументацијата на Оло останува недопрена.

Од друга страна, тука е и приказот на Апијан: ὅτι μετ' οὐ πολὺ Φίλιππος μὲν τῶν ὑπηκόων τοῖς ἐπὶ θαλάσσης στόλον ἐπαγγείλας Σάμον καὶ Χίον εἷλε καὶ μέρος τῆς Ἀττάλου γῆς ἐπόρθησε καὶ αὐτῆς ἀπεπείρασε Περγάμου, μὴ φειδόμενος ἱερῶν ἢ τάφων, τήν τε Ῥοδίων Περαίαν ἐδῄου, διαλλακτήρων οἱ γεγονότων, καὶ ἑτέρῳ μέρει στρατοῦ τὴν Ἀττικὴν ἐλυμαίνετο καὶ τὰς Ἀθήνας ἐπολιόρκει, ὡς οὐδὲν τῶνδε Ῥωμαίοις προσηκόντων.[3] Веќе на прв поглед станува јасно зошто приказот на Апијан најчесто не се зема предвид при дискусијата за Ладе и Хиос. Не само што има хронолошки грешки, туку дури и во фактографијата има очигледни грешки – иако го опсадил, Филип не успеал да го освои Хиос; а од друга, дел од родоската пераја била и освоена (а не само опустошена). Згора на тоа, очигледно е дека иако приказот на Апијан се заснова на Полибиј, ползувањето е индиректно, со посредство на некој римски аналист. Па сепак, две работи заслужуваат да се споменат. Прво, и помалку важно, прегледот на операциите на Филип делува систематично – Самос, Хиос, напад на Пергам, и на крајот напад на родоската пераја со што имплицитно и битката кај Ладе се сместува по битката кај Хиос и нападот на Пергам. Второ и многу поважно, и покрај фактографската грешка, индикативно е што Хиос непосредно се поврзува со Самос, односно се стекнува впечаток дека опсадата на Хиос уследила набрзо по освојувањето на Самос. Според Бертхолд, приказот нема никакво значење бидејќи Апијан не следи некоја хронологија, туку станува збор за „grammatical convenience“.[4] Заклучокот не е невозможен, но не ниту многу убедлив. Впрочем, дури и да се дозволи дека станува збор само за „погодно изразување“, Апијан сепак имплицира дека битката кај Ладе

[1] HOLLEAUX 1920: 246.
[2] Уште еден показател за обидот на Бертхолд да го маргинализира овој проблем е тоа што, според него, овој аргумент е „quite insubstantial“ (BERTHOLD 1975: 153).
[3] App., *Mak.*,4.1.
[4] BERTHOLD 1975: 157 n.48.

е биена по нападот на Пергам, што повторно е спротивно на предложениот редослед на Бертхолд Ладе-Пергам-Хиос. Несомнено, сам за себе авторитетот на Апијан нема големо значење и убедливост, но замен заедно со останатите аргументи, ако ништо друго треба да се земе во предвид при анализата на проблемот за Хиос и Ладе.

Според сè што беше кажано, од една страна е само еулогиумот на Теофилиск;[1] додека пак од друга, фактот што Хераклејд континуирано бил македонски наварх до 199 г. ст.е., истовремено силно поткрепен и од молкот на Полибиј за идентитетот на родоскиот наварх кај Ладе, и во помала мера приказот на Апијан за операциите во Мала Азија. Поради тоа, ценам дека е подобро да се претпочита фактот, односно командата на Хераклејд, наместо информациите од еулогиумот на Теофилиск, особено ако се земе предвид дека при пишувањето на вакви пофални слова, фактите често и се преувеличуваат.[2] За крај уште еднаш мора да се истакне дека редоследот што претпочитам да го прифатам мора да се земе со доза на резерва – сè додека не се појави некој нов извор што ќе го расветли овој проблем, прашањето за редоследот на Хиос и Ладе несомнено ќе биде подложно на различни толкувања и полемики. Но, така како што во моментов стојат работите, поверојатно се чини дека првата битка е биена кај Хиос.

### *(9) Битката кај Ладе и родоските загуби*

Описот на битката кај Ладе на Полибиј не е сочуван, но главните токови и исходот од битката се јасни од полемиката на ахајскиот историограф против Sенон и Антистен кои се обиделе и оваа битка да ја прикажат како родоска победа (xvi.14.5, 15). Филип успеал да зароби две родоски пентери, а кога уште еден брод бил оштетен и почнал да се полни со вода и набрзина се повлекол од битката, речиси целата флота се дала во бегство, па на родоскиот наварх на располагање му останале само неколку бродови, по што и тој бил принуден да се повлече. Волбанк (*HCP II*: 519) и TARN 1941: 172, претпоставуваат дека станува збор за панично однесување на родоската флота, додека пак BERTHOLD 1975: 160 n.59, се сомнева дека искусните родоски морнари толку лесно би ги фатило паника и попрво во целата ситуација гледа едно некоординирано и невешто повлекување. Аргументот дека искусните родоски морнари не би западнале во паника воопшто не е убедлив,

---

[1] Дури и BERTHOLD 1975: , признава дека за датирање на Ладе пред Хиос има помалку докази одошто за обратната варијанта. Всушност доказите се состојат само од еулогиумот на Теофилиск и анализата на Полибиј за стратешката позиција на Филип по битката кај Ладе, а како што веќе беше покажано, токму тој (за него клучен) аргумент не е издржан.

[2] И Полибиј признава дека енкомијастичките дела не секогаш се веродостоен одраз на настаните: ὑπάρχων ἐγκωμιαστικός, ἀπῄτει τὸν κεφαλαιώδη καὶ μετ᾽ αὐξήσεως τῶν πράξεων ἀπολογισμόν, οὕτως ὁ τῆς ἱστορίας, κοινὸς ὢν ἐπαίνου καὶ ψόγου, ζητεῖ τὸν ἀληθῆ καὶ τὸν μετ᾽ ἀποδείξεως καὶ τῶν ἑκάστοις παρεπομένων συλλογισμῶν (x.21.8).

и во крајна линија приказот на Полибиј е сосема јасен - родоскиот наварх бил принуден да се повлече откако најголемиот дел од флотата побегнал (τέλος δὲ μετ' ὀλίγων καταλειφθέντα τὸν ναύαρχον ἀναγκασθῆναι ταὐτὸ τοῖς προειρημένοις πράττειν). Ова сосема јасно и недвосмислено покажува дека повлекувањето не било наредено од навархот. Од друга страна, фактот што Филип не се ни обидел да ја следи и да ја уништи родоската флота во целост, можеби покажува дека барем, во подоцнежната фаза, повлекувањето било изведено нешто повнимателно и подисциплинирано.

Полибиј посебно го истакнува фактот дека неговиот приказ се темели на официјалното писмо на родоскиот наварх доставено до булето и пританите (xvi.15.8) и во таа смисла делува веродостојно. Меѓутоа, ако во еден официјален извештај не било веројатно дека поразот би бил прикажан како победа, не мора да значи и дека евентуалните загуби не биле минимизирани. Дека родоската флота можеби претрпела поголеми загуби од само два брода говорат неколку факти, кои сепак мора да се признае дека се посредни. Прво, реакцијата на Милет на исходот од битката говори дека станувало збор за пожесток судир одошто би можело да се заклучи од приказот на Полибиј; второ, фактот што Филип по битката непречено прокрстарил по островите и ја нападнал родоската пераја исто така говори дека родоската флота, по битката кај Ладе веќе не можела да се надева на победа против македонската флота без подршка од сојузниците; трето, фактот што родоските пентери биле заробени (*hypokheiroi*), а не потопени, покажува дека како и кај Хиос, и во овој случај битката не се свела на маневарски напади, како што преферирале родоските заповедници, туку и во овој случај Филип успеал да наметне директна борба со префрлање на епибатите на непријателските бродови, а во тие услови, не е лесно да се замисли како родоската флота, која и онака веќе ја губела битката, успеала да се извлече без понатамошни загуби; четврто, во анализата на состојбата по битката кај Ладе, Полибиј истакнува дека родоската флота ἐκποδὼν γενέσθαι (xvi.10.1), што би делувало крајно неразумно и нереално ако флотата загубила само две пентери во битката. Се разбира, ова не значи дека Родос претрпел катастрофален пораз, но остава место за шпекулирање колкави навистина биле загубите во битката. Евентуално поголемите родоски загуби во одредена мера дава одговор и на прашањето зошто здружената флота не се обидела целосно да ја уништи македонската кога оваа била блокирана во Баргилија, и подоцна при повлекувањето кон Македонија.

*(10) Лагидските поседи во Карија*

Ова посебно се однесува на случајот на Милет, за кој ECKSTEIN 2008: 154 претпоставуа дека бил лагидски, врз основа на тоа што пред освојувањето од страна

на Ѕевксид во 203 г. ст.е., Амисон бил лагидски сојузник, што од гео-политчки аспект не би имало никаква смисла освен ако и крајбрежните градови, односно Милет и Хераклеја на Латмос немале слични аранжмани со Александрија. Всушност станува збор за старата реконструкција, односно претпоставка на HOLLEAUX 1920: 256f., што се темели на еден натпис од Амисон, што е писмо на Ѕевксид до жителите на градот, на кој се споменува Птолемај (*RC* 38 = MA 1999: 292ff. no.5). Меѓутоа, неодамна толкувањето беше предизвикано од MA, DEROW & MEADOWS 1995: 76ff., кои се сомневаат дека освојувањето на Ѕевксид било на сметка на Лагидите, а попрво би можело да станува збор за освојување на сметка на Олимпих, односно Антигонидите. Толкувањето не е сосема убедливо и со право е критикувано од ECKSTEIN 2008: 155. Меѓутоа, од анализата на MA 1999: 69ff., очигледно е колку состојбите во Карија во тој период биле несредени, па тој не ја исклучува можноста дека во тоа време голем дел од градовите биле независни, но под одредено влијание на Родос, а овој заклучок не може лесно да се отфрли. Згора на тоа, како што истакнуваат MA, DEROW & MEADOWS 1995: 78f., бидејќи натписот е оштетен на неколку клучни места, контекстот не е доволно јасен за точно да се утврди зошто се споменува Птолемај – дали затоа што договорот меѓу Амисон и Птолемај бил последен пред селевкидското освојување, или пак најрелевантен како пример за идните односи меѓу градот и селевкидскиот намесник, или пак можеби едноставно затоа што службените лица од градот одбрале токму на овој договор да се повикаат при преговорите со Ѕевксид. Иако посреден доказ, во предвид можеби треба да се земе и тоа што со оглед на заплетканата политичка ситуација во 203 г. ст.е., прашање е дали Антиох отворено би тргнал против Лагидите, во ситуација кога договорот меѓу Александрија и Пела сè уште бил возможен, а со тоа и опасноста селевкидскиот владетел да биде принуден на војна на два фронта. Ако Антиох се воздржал од отворен напад врз лагидските поседи пред постигнувањето на договорот со Филип, (што за жал, со оглед на фрагментарните и често нејасни извори не може со сигурност да се утврди), тогаш и освојувањето на Амисон не било на сметка на Лагидите, туку попрво на Родос, чие влијание во Карија било во нагорна линија во тој период. Ако е тоа точно, а уште еднаш мора да се истакне дека изворите не се доволно јасни по ова прашање, тогаш Амисон воопшто и не бил лагидски во овој период, а со тоа и главниот аргумент за претпоставката дека и Милет бил во сојуз со Александрија паѓа во вода. *cf.* BAGNALL 1976: 174f., кој лагидската контрола на Милет ја ограничува на периодот до cca. 260 г. ст.е.

# НЕОСТВАРЕНИТЕ ПЛАНОВИ

Истоварувањето на римските легии во Аполонија есента 200 г. ст.е., односно почетокот на II Македонска војна, што ќе заврши со тешкиот пораз кај Киноскефала, не само што означува крај на источната политика на Филип, туку крај и на било каков план за експанзија и воопшто крај на независната надворешна политика на Македонија. Навистина, Филип ќе се опорави доволно брзо за наскоро да се обиде да ја прошири македонската власт врз дел од Тесалија во текот на војната меѓу Рим и Антиох,[1] а потоа ќе развие и активна политика кон Тракија, каде неговите успеси не биле незначителни.[2] Според тоа, во најширока смисла на зборот, би можело да се зборува и за македонска експанзија по 197 г. ст.е.

Меѓутоа, надворешната политика на Филип по Киноскефала суштествено се разликувала од политиката пред 200 г. ст.е. Ако во првите дваесет години од своето владеење Филип бил во можност да развие независна надворешна политика, истото не би можело да се каже и за периодот по Киноскефала. Зашто по 197 г. ст.е., македонската надворешна политика во најдобар случај би можела да се окарактеризира како полунезависна. Имено, од една страна Филип сè уште имал доволно маневарски простор за да развие надворешна политика независно од Рим; но од друга, успехот или неуспехот на неговите планови, колку што зависел од неговите активности, исто толку, ако не и повеќе, бил условен од вољата на Сенатот, кој секогаш будно ги набљудувал активностите на македонскиот крал и често се вмешувал во настаните во доволна мера за да го оневозможи целосниот успех на Филип; како на пример во Тесалија, каде наскоро бил принуден да се откаже од речиси сите освојувања, а подоцна и познатиот случај со Ајнос и Маронеја, од каде повторно бил принуден да се повлече.[3] Според тоа, верувам дека нема многу да згрешам ако крајот на независната надворешна политика на Филип го датирам во 200 г. ст.е., со падот на Абидос.

Затоа, за крај останува уште на кратко да се разгледаат општите правци на надворешната политика на Филип, и да се најдат причините за неговиот неуспех. Мора да напоменам дека тоа што следува не е генерален заклучок за целото владеење на Филип, односно иако неговата внатрешна политика, како и прашањето за карактерот на кралот ќе бидат споменати, тие не се тема на ова

---

[1] За операциите на Филип во текот на војната против Антиох *v.* WALBANK 1940: 200ff.
[2] ДЕЛЕВ 2004: 294.
[3] За односите меѓу Филип и Рим по 188 г. ст.е., и бројните римски пратеништва и обвинувања против Филип *v.* WALBANK 1940: ch.7, *passim*.

иследување.[1] Ваквиот пристап се должи на фактот што темата на овој труд не е владеењето на Филип земено во целост, односно и од хронолошки и од тематски аспект, се обработува само еден аспект од неговото четириестгодишно владеење. Според тоа, таквиот пристап би бил тематски излишен, а методолошки неоправдан, со оглед на тоа што не само втората половина од владеењето на Филип, туку и неговата внатрешна политика, воопшто не се дел од проблематиката во овој труд.

*Уште одамна, Ф. Волбанк сосема правилно истакна дека поради комплексноста и непостојаноста на историските околности во кои делувал Филип, лесно може да се создаде површен впечаток дека неговата кариера се карактеризира со бесцелност и дисконтинуитет; а единствено откако ќе се надмине конфузијата од детали полека може да се уочат елементите на континуитет.*[2] Ваквиот заклучок несомено е правилен, но истовремено имплицитно нѐ навраќа на онаа непријатна дилема за односот, односно значењето на личноста наспроти историските околности, дилема што често создава непријатно чувство кај историчарите. Непријатно зашто не може едноставно и дефинитивно да се одговори, зашто може да се најдат примери во одбрана и на едниот, и на другиот став. Без разлика на неговата обдареност и сестраност, ако се родел два века порано, Јулиј Кајсар веројатно би имал кариера слична на онаа на Скипион Постариот; од друга страна, без разлика колку надворешните околности навидум биле поволни при издигнувањето на Македонија во најголема сила во втората половина на IV век ст.е., со оглед на сите предизвици и проблеми што морал да ги надмине Филип II, јасно е дека развојот на македонската држава би бил мошне различен, ако наместо овој извонреден дипломат и организатор на македонскиот трон дошол некој друг владетел. Се разбира, ова не е прилика за детална анализа на ова исклучително важно прашање, но со оглед на тоа што главна тема во овој труд е кариерата и политиката на една историска личност, не може ниту во целост да се избегне. Поради тоа, мора да се посвети внимание на овие две меѓусебно поврзани прашања – дали има обединувачки елементи односно елементи на континуитет во политиката на Филип, и ако одговорот е потврден кои биле тие; и второ, во

[1] Одлична завршна анализа на владеењето на Филип и неговиот карактер дава WALBANK 1940: ch.8, чиј приказ мора да се претпочита во однос на оној на HAMMOND 1988: XXX, што на моменти добива премногу апологетски карактер, а на моменти запаѓа во непотребни дигресии што не се однесуваат директно на прашањето за Филип, неговиот карактер и постигнувања.
[2] WALBANK 1940: 258.

колкава мера Филип едноставно ги следел историските токови односно околности, а во колкава самиот се обидел да ги диктира.

*Што се однесува до општите правци на неговата надворешна политика, на прв поглед се стекнува впечаток дека единствениот обединувачки елемент е желбата за постојан експанзионизам, особено на запад и потоа на исток.* Но, вавкиот заклучок попрво произлегува од анализата и приказот на настаните кај Полибиј, а како што повеќе пати беше покажано, кога станува збор за Филип и Македонија воопшто, судот на ахајскиот историограф не треба да се прифаќа безрезервно. Напротив, како што беше покажано во претходните поглавја, сите војни во кои бил вмешан Филип имале далеку посложени причини и поводи одошто би можело да се заклучи од приказот на Полибиј; односно никако не би можеле да се објаснат само со неумерената желба на македонскиот крал за освојувања и желбата за стекнување на лична слава.

Иако Филип несомнено бил подготвен да го подржи Ахајскиот сојуз и со тоа да влезе во војна со Ајтолскиот, причините за Сојузничката војна попрво лежат во политиката на Ахајците и Ајтолците на Пелопонес, и воопшто се резултат на состојбата што настанала благодарение на политиката на Антигон Досон. Од друга страна, иако во спроведувањето на западната политика што на крајот и ќе го одведе во војна со Рим Филип покажал истрајност па дури и тврдоглавост што е дискутабилно колку би можела да се оправда, не треба да се заборави дека овој пристап во основа (и барем во почетната фаза) претставувал реакција на нападите на Скердилаида. Дури и во формулирањето и спроведувањето на источната политика, изгледа дека Филип многу повеќе бил воден од општите прилики во Средоземјето и од потребата да се дефинира и обезбеди македонска зона на влијание и дејствување, одошто од едноставната желба за лични постигнувања и за освојувања.

*Според тоа, би можело да се каже дека првиот и најочигледен елемент на континуитет е секако желбата да се осигураат и зацврстат позициите на сопственото кралство; а како втор елемент што директно произлегува од првиот е бескомпромисната желба да се зачуваат поседите и позициите што ги наследил од своите претходници – пристап на кој што ќе опстојува дури и во текот на II Македонска војна.* Се разбира, поттикот да се обезбедат и исполнат интересите на кралството не ја исклучува и можноста за борба за лична слава, но при тоа мора да се води сметка за тоа кој елемент бил

доминантен при формулирањето на надворешната политика. Во таа смисла, при споредбата со неговите претци Пир и Деметриј Полиоркет, Филип се појавува во едно попозитивно светло во однос на останатите двајца; иако со оглед на речиси злогласната непостојаност на овие двајца, со право може да се постави прашањето колку воопшто овој заклучок може да се сфати како комплимент. Па сепак, очигледно е дека без разлика на своите лични амбиции, Филип не дозволил заради сопствената славољубивост да ги жртвува интересите на кралството – и во Сојузничката војна, и во I Македонска војна, Филип прифатил постигнување на мировен договор иако зацртаните цели, односно целосната победа што несомнено би му донела поголема слава, ни од далеку не биле исполнети.

*Уште една карактеристика на Филип што се провлекува во текот на целото негов владеење е неговата суровост и непочитување на воспоставените норми.* Ако го следиме Полибиј, ова се должи на промената во карактерот на кралот кон полошо (*metabole*), кој од миленик на Хелените на крајот ќе заврши како омразен и осамен тиран, прогонуван од Фуриите како казна за своите злодела.[1] Се разбира голем дел од анализата на Полибиј произлегува не само од неговото непријателство кон Филип, и желбата да се истакне позитивниот ефект од влијанието на Арат врз младиот крал во првите години, туку уште повеќе и од неговите лични сфаќања за моралното опаѓање кај монарсите, и кобното влијание на одредени советници, кои често ги наведувале да направат сериозни грешки што потоа имале катастрофални последици. Без да се впуштам во анализа на ваквиот пристап на Полибиј, доволно е во оваа прилика да се потсети дека во претходните поглавја веќе беше покажано дека за повеќето од овие постапки на Филип може да се најде објаснување каде личната злоба и неспособноста да се контролираат страстите немаат главна улога. Напротив, тоа што е заедничко за повеќето од овие случаи е дека Филип изгледа речиси од самиот почеток на своето владеење се впуштил во еден вид на психолошка војна, каде уништувањето на непријателските градови колку што овозможувало обезбедување на значителен плен, истовремено служело и како средство за поткопување на моралот на противниците и како лекција за потенцијалните непријатели. Впрочем ваквите постапки на Филип, иако можеби невообичаени за овој период, сепак не претставуваат ништо ново во историјата на Македонија и Хелада. Двојното

[1] За промената во карактерот на Филип според Полибиј *v.* ECKSTEIN 1995: 183f., 211f.; WALBANK 1938: 61f.

пљачкање и уништување на Термон бледнее во споредба со судбината на речиси „светата“ Платаја во Пелопонеската војна; односот кон Месенија, која се покажала како проблематичен и неблагодарен сојузник, секако не е ништо полош од односот на Филип II кон неблагодарниот Олинт, или пак Александар III кон Теба; а ако судбината на Киос и Мирлеја делува шокантно, тоа не е ништо пошокантно од судбината на Мелос во текот на Пелопонеската војна. Се разбира, со ова не се обидувам да ги оправдам постапките на Филип од морален апсект, туку попрво да укажам дека во неговото однесување нема ништо посебно ново. Впрочем, Тукидид веројатно би бил многу помалку изненаден и шокиран од неговото однесување одошто е Полибиј.[1] Колку ваквите постапки биле политички продуктивни, или пак штетни е сосема различно прашање.

*Уште еден проблем што сосема накратко мора да се спомене е прашањето за влијанието на соработниците на Филип при формулирањето на надворешната политика; односно дали развивањето на нова политика се должи на замислите на Филип, или пак попрво на влијанието на најважните советници.* Навистина на прв поглед издигнувањето на одредени советници токму во моментот кога била развивана нова активност, односно правец на дејствување делува како повеќе од обична случајност – Арат во текот на Сојузничката војна; Деметриј при формулирањето на илирската политика; и Хераклејд во текот на источната кампања. Па сепак, од сè што беше кажано во претходните поглавја, верувам дека придавањето клучно значење на советниците би било претерано. Пред сè, од тоа што го знаеме за Филип и неговиот карактер, ништо не упатува на заклучок дека тој бил послушно орудие во рацете на влијателни советници.[2] Но, тоа не е сè, зашто подеталната анализа, барем колку што овозможуваат изворите, покажува дека нивното влијание најверојатно и е преценето, а напротив попрво тие се појавуваат како послушни орудија на кралот. Арат секако немал посебно големо влијание врз правецот на дејствување на Филип, а откако послужил во пресметката со Апел и неговата група, забрзано го загубил местото во најтесниот круг околу Филип; Деметриј пак, иако несомнено бил главен советник на Филип во текот на креирањето на

---

[1] Во контекст на овој проблем посебно е интересна забелешката на Tarn 1941: 172, кој со право се прашува како по суровото и бездушно однесување кон Киос, Абидос, а подоцна и Маронеја, Филип воспоставил пријателски односи со Скипион Постариот, кој бил привлечен од неговата *humanitas* и *comitas* (Liv., xxxvii.7.15); пријателство што било продолжено и по заминувањето на Скипион (Polyb., x.9.3., писмо на Скипион до Филип во кое ги опишува своите успеси кај Нова Картагина. *cf. HCP II*: ad loc.). Како што заклучува Тарн, или Филип навистина имал двојна природа, или пак целата вистина за овие настани едноставно не ни е достапна.
[2] *cf.* Walbank 1940: 262f.

западната политика, загинал уште пред почетокот на конкретните и обемни активности на Филип во Илирија; додека пак Хераклејд, ако повнимателно се читаат фрагментите од делото на Полибиј, попрво делува само на послушен спроведувач на вољата на кралот.[1] Според тоа, нема доволно причини креирањето на надворешната политика директно да се поврзува со влијанието на некој конкретен советник – Филип секако бил доволно способен и самиот да ги обмисли овие планови и цели. Тоа што овие советници биле подготвени верно да ги исполнуваат неговите наредби веројатно повеќе се должи на фактот што тие не располагале со традиционална база на моќ и влијание во Македонија, односно нивната позиција целосно зависела од вољата на Филип.

*Можеби најважен елемент што е заеднички за сите потфати на Филип е тоа што на крајот, сите тие во суштина завршиле без успех.* Иако постигнал повеќе успеси во текот на Сојузничката војна, тој не успеал да го скрши отпорот на Ајтолскиот сојуз; во Илирија иако успеал да освои повеќе територии, целта за целосно уништување на државата на Скердилаида ни од далеку не била постигната; додека пак на истокот, иако постигнал неколку спектакуларни успеси, обидот за зацврстување во Мала Азија резултирал со постигања од сомнителна вредност, и тоа по цена на сериозни загуби. Со оглед на несомнено големите воени квалитети на Филип, како и на фактот што командувал со најдобрата војска на Балканот и Егејскиот басен, ваквите резултати делуваат мошне разочарувачки. Па сепак, ваквиот исход, колку што бил условен од развојот на настаните и непосредните одлуки и на Филип и на неговите противници, исто толку зависел и од општите историски прилики и токови.

Што се однесува до Ајтолија, неуспехот на Филип во крајна линија попрво се должел на политиката на неговите претходници, кои воопшто и дозволиле Ајтолскиот сојуз да израсне во сила со која Македонија веќе и не можела во целост да се справи. Почетокот на овој однос секако треба да се бара во одлуката на Кратер и Антипатар по Ламиската војна да тргнат против Пердика пред воопшто и да ги поразат Ајтолците. Ваквиот пристап до крајни граници ќе го спроведе Антигон Гоната, кој за да добие одврзани раце во јужна Хелада и борбата со Лагидите во Егејот, целосно ќе го игнорира ширењето на Ајтолскиот сојуз во средна Хелада. Опасноста од ваквата политика се чини му станала јасна на Деметриј II, кој голем дел од своето владеење ќе мине во војна

[1] Ова би било до толку поверојатно ако Хераклејд навистина бил во служба на Филип уште од 209 г. ст.е.

против Ајтолскиот и Ахајскиот сојуз, но поради сериозната закана на северната граница на крајот ќе претрпи пораз. Дури и Антигон Досон по првичните успеси ќе се задоволи со прифаќање на моменталната состојба и нема да се обиде да ја продолжи војната со Ајтолскиот сојуз. Навистина, овој проблем тој ќе се обиде да го реши преку создавањето на Симахијата, но како што ќе се покаже, ова решение колку што било полезно за Македонија, создало исто толку проблеми. Во тие услови, не изненадува што Ајтолскиот сојуз прераснал во сила што Филип, пред сè благодарение на географските карактеристики на Ајтолија, никако не можел во целост да ја скрши; особено што поголемиот дел од членките на Симахијата, во страв од налетите на Ајтолците, претпочитал да остане настрана и товарот на војната да му го препушти на Филип.

Во Илирија пак, иако во еден момент се чинело дека Филип е блиску до остварување на замислените цели, неговиот потфат уште однапред бил осуден на неуспех, зашто Рим, и покрај пасивноста и привидната незаинтересираност, како што ќе покажат настаните, немал никаква намера да дозволи зацврстување на некоја друга држава во тој регион. Ако Филип се родел две децении порано, ваквиот обид можеби и би можел да вроди со успех, но по двете Илирски војни, текот на историјата речиси незабележливо бил сменет, а Илирија неповратно влегла во римската сфера на интерес. Иронијата е во тоа што токму римската неодлучност за анексија ќе доведе до една прилично анархична состојба што ќе се прелее и во Македонија, по што Филип, откако пропаднале обидите за дипломатско решение со Скердилаида, ќе се одлучи на освојување на Илирија.

И на истокот, иако навидум се добива впечаток дека со слабеењето на Лагидите, околностите му биле наклонети на Филип, ситуацијата во регионот била далеку покомплицирана и криела низа опасности и тоа во прв ред од регионалните сили, кои мошне умешно ги искористувале речиси постојаните борби меѓу Лагидите и Селевкидите. Поради тоа, до времето кога Филип се свртел кон истокот, и Пергам и Родос веќе претставувале значајни регионални сили што не можеле со леснотија да се потчинат.

Во крајна линија, тука е и проблемот со Дарданците, кои од времето на Деметриј II, станале главна закана за безбедноста на северна Македонија. И во овој случај Антигон Досон се задоволил само со половичен успех и не се ни обидел да го реши проблемот до крај. Овој факт не смее да се потцени зашто потенцијалната опасност од дардански напад секогаш била значаен фактор што ги ограничувал можностите на Филип и можеме да претпоставиме, често го принудувала да издвои дел од своите сили заради заштита на северната

граница. Кога тој конечно ќе се обиде да го реши овој проблем со помош на Бастарните, веќе било предоцна.

*На прв поглед ваквиот пристап веројатно делува премногу апологетски.* Иако во одредена мера тоа е веројатно точно – особено во однос на приказот на Полибиј, верувам дека истовремено е и покритичен кон Филип од вообичаеното. За разлика од Полибиј, кој е подготвен одговорноста за значителен дел од одлуките на Филип, а особено оние што ќе имаат катастрофални последици, да ја префрли на неговите советници, овде се брани ставот дека во крајна линија, без разлика на степенот на влијание на советниците, конечните одлуки биле во рацете на Филип. Ова е до толку поважно ако се стави во контекст на прашањето за односот на поединецот наспроти историските прилики. Наспроти Филип од делото на Полибиј, кој е владетел што постојано сонува за лична слава, во овој труд е понудена слика на владетел кој иако навистина крајно агресивен и неретко суров, сепак не ги губи сосема од вид потребите и интересите на своето кралство во време на големи политички превирања и промени што го зафатиле сиот Медитеран. На прв поглед заклучоците повторно може да делуваат премногу апологетски, но впечатокот е лажен. Ако сликата што ја гради Полибиј е точна, тогаш Филип попрво би го вброиле во редот на владетели како неговите претци Пир и Деметриј Полиоркет – талентирани, но немирни и непостојани државници што залудно се обидувале да ги следат стапките на Александар. Какви и да се недостатоците и пропустите на овие владетели, ако ништо повеќе, истражувачот често има чувство на симпатија кон овие заблудени и трагички личности кои бркајќи соништа, ја занемариле реалната состојба на теренот и на крајот не успеале да постигнат ништо позначајно. Да се даде таков заклучок и за Филип веројатно би било премногу лесно и во крајна линија погрешно. Зашто, ако неуспехот на Пир и Деметриј во голема мера може да се објасни токму со нивните карактерни недостатоци, истото не би можело да се каже и за Филип, кој иако споделувал некои од нивните особини, земено во целина имал далеку попрагматичен и реалистичен пристап, а сепак на крајот бил исто толку неуспешен. Прашањето е зошто? Фактот што историските околности и не му биле толку наклонети како што често се мисли не е доволен одговор. Само затоа што историскиот ток не му бил наклонет, не значи и дека во целост ги условил постапките на Филип. Иако несомнено важни, одговорот сепак мора да се бара во однесувањето и одлуките што тој ги носел во конкретните ситуации.

*Сојузничката војна, што избила речиси веднаш по доаѓањето на престолот, претставувала судир што тој во суштина и не го посакувал.* Ако се согледа општата политичка ситуација во Хелада, особено по создавањето на Симахијата, станува јасно дека овој судир бил неизбежен. Како нов хегемон на Симахијата, Филип реално и немал голем избор во целата работа – или, за да ја одржи Симахијата и лојалноста на членките, морал да се бори заради пред сè за интересите на сојузниците (во прв ред Ахајците), или да ги препушти на милоста на Ајтолците а со тоа и да ја признае сопствената немоќ, а со тоа и неспособност да ја извршува функцијата на хегемон. За несреќа на Ајтолците, Филип се докажал како изненадувачки (за својата возраст) способен заповедник, кој успеал да им нанесе низа порази што ќе кулминира со уништувањето на Термон. Но, земено во целина, единствен добитник од целата војна бил лично Филип, кој се докажал пред своите војници, а благодарение на постигнатите успеси успеал и да ги отстрани старите советници на чело со Апел, што му ги оставил Досон. Всушност, од целото владеење на Филип, токму Сојузничката војна делува како негов најголем воен успех. Па сепак, војната во суштина завршила нерешено – Ајтолците биле победени, но во никој случај разбиени и целосно поразени, што јасно може да се согледа од фактот што мирот во Навпакт бил постигнат врз основа на задржување на *status quo*. Ова се должело на повеќе фактори – географските карактеристики на Ајтолија секако играле голема улога, но исто толку бил пресуден и фактот што голем дел од сојузниците останале пасивни гледачи, и во крајна линија, фактот што Филип и покрај сите успеси, едноставно не располагал со доволно сили за да им зададе смртоносен удар на Ајтолците. Ваквиот развој несомено бил причина за загриженост кај хегемонот, но прашање е колку Филип во тој момент успеал да ги согледа проблемите во самата Симахија. Меѓутоа, за Македонија веројатно најтрагичната последица било вклучувањето на илирските династи Деметриј и Скердилаида во војната. Во други услови, последиците веројатно би биле минимални. Но, токму во деценијата пред Филип да дојде на престолот, во Илирија дошло до суштествени промени, што тој, за негова несреќа, не успеал правовремено да ги согледа.

*Римската интервенција во Илирија иако во прв момент минала речиси незабележано во Македонија и Хелада, според подоцнежниот развој на настаните ќе се покаже како настан од извонредно историско значење, зашто во основа претставува предуслов, односно подлога за избувнување на I Македонска војна.* Имено, иако кампањата од 229 г. ст.е. претставувала голем

успех, при што Теута и нејзиното кралство се нашле на милост на Рим, Сенатот, кој немал никаков интерес за експанзија од другата страна на Јадранот, покажал неодлучност, па дури и отпор кон евентуалната анексија на привремено освоените територии. Римските легии, се повлекле од Илирија речиси исто толку брзо како што се појавиле. Иако современите научници често зборуваат за римски протекторат, изворите докажуваат нешто сосема спротивно. Не само што Сенатот не воспоставил протекторат, туку воопшто и не ни склучил формални договори со заедниците по крајбрежјето, а само со неколку воспоставил *amicitia* – загадочен поим што можел да значи многу или малку во зависност од околностите. Ова јасно покажува дека во тој момент Сенатот воопшто и не размислувал за Македонија, а уште помалку пак планирал судир во блиска иднина; а истото може да се каже и за односот на Македонија, особено ако се суди според однесувањето на Антигон Досон, кој во текот на своето владеење не презел ниту еден чекор што би можоле да се протолкува дека е насочен против Рим. Па сепак, само пет години по стапувањето на престолот Филип ќе се најде во судир со Рим.

*Причините за избувнувањето на I Македонска војна се далеку посложени одошто би можело да се заклучи врз основа на приказот на Полибиј*. Дека агресивниот приод, односно политика на Филип бил од огромно значење при избувнувањето на војната нема никаков сомнеж; меѓутоа да се земе ваквата политика како единствена причина значи претерано да се поедностави целата ситуација без при тоа да се земат предвид низ фактори што биле од речиси исто толку големо значење. Пред сѐ, мора да се истакне дека како резултат на римската одлука да се повлечат легиите, илирските династи ја задржале можноста од водење на независна надворешна политика. Проблемот бил во тоа што поради ограничувањата наметнати од Рим по I Илирска војна, а со тоа и неможноста за продолжување на вообичаените гусарски активности, во Илирија растел внатрешниот притисок, што наскоро се прелеал и во Македонија. Во такви услови, Филип прво се обидел да ја разреши ситуацијата со склучувањето на договор и сојуз со Скердилаида – најмоќниот династ во Илирија по II Илирска војна. Но, не само што сојузот бил од краток век, туку заради неисполнувањето на финансиските обврски од страна на Филип, Скердилаида упаднал во Македонија. Ова го поттикнало Филип да преземе контра-офанзива и да го нападне Скердилаида директно во Илирија. Токму во тој момент доаѓа до преклопување на македонските и римските интереси, што набрзо ќе резултира и со избувнувањето на I Македонска војна. Зашто на

изненадување на Филип, и покрај преокупираноста со Ханибал, испраќајќи мала ескадра во Јадранот, Сенатот покажал дека нема намера да дозволи создавање на нова сила на крајбрежјето наспроти Италија. Иронијата е во тоа што ниту Рим, ниту Филип не барале војна, но поради различното сфаќање и концепти, тој погрешно ја проценил ситуацијата, верувајќи дека Илирија е ничија земја. Од друга страна, Сенатот верувал дека ставил доволно јасно до знење дека има интереси во Илирија што ќе ги брани. Според тоа, I Македонска војна произлегла од судирот меѓу Скердилаида и Филип, кој во прв момент изгледа дека воопшто и не размислувал за Рим.

*Одлучувачкиот чекор кон војна бил преземен во 215 г. ст.е., кога Филип склучил сојуз со Ханибал.* Одредбите од договорот, сочувани кај Полибиј, јасно сведочат за ограничените цели на Филип, чии амбиции биле ограничени на Илирија. Од тој аспект може да делува дека одлуката да се постигне договор со Ханибал, а со тоа и да се вклучи во II Пунска војна, претставувала преголем, и во крајна линија непотребен ризик. Кога не би бил проблемот со Скердилаида, таквиот заклучок веројатно би бил издржан. Меѓутоа, од аспект на илирската политика на Филип, а со оглед на римската интервенција во 216 г. ст.е., договорот бил далеку од бесцелен и непотребен. Зашто, не само што Филип се обезбедувал од евентуална реакција од Рим, туку истовремено и од евентуалната можност дека Ханибал по победата би можел да ги наследи римските интереси во регионот. Згора на тоа, не смее да се заборави дека во 215 г. ст.е., победата на Ханибал делувала неизбежно. Впрочем, токму неговиот прадедо своевремено речиси го поразил Рим, иако ниту една од неговите победи не била ни приближно одлучувачка како победите кај Трасименското езеро и Кана што ги извојувал Ханибал. Според тоа, во дадениот момент, дури и ризикот од склучувањето на сојуз со Ханибал не изгледал преголем. Тоа што на крајот Рим триумфирал, е развој што ретко кој можел да го предвиди.

Иако во војна уште од 215 г. ст.е., директните судири меѓу Рим и Македонија биле спорадични и без ангажирање на позначајни римски сили. Токму поради тоа, во првите години од војната Филип ја задржал иницијативата и постигнал повеќе значителни успеси во Илирија што кулминирале со освојувањето на Лисос. Но, тоа се покажало и како крајна граница на македонската експанзија во Илирија. Зашто, благодарение на римската дипломатија, наскоро на сцената стапиле нови противници кои го одвлекле вниманието на Филип кон Хелада.

*Решени да го запрат македонското ширење во Илирија, Римјаните склучиле договор со Ајтолскиот сојуз, со што започнала Ајтолска војна.* Соочен со дилемата дали да ги продолжи активностите во Илирија, или пак да се сврти на југ и да ги заштити македонските интереси во Хелада, Филип го избрал второто. Поради тоа, следните неколку години ги минал главно во борба против римската коалиција во Хелада, кон која се придружил и пергамскиот владетел Атал. По почетната криза, Филип успеал да им нанесе низа порази на сојузниците, а откако и по втор пат го освоил и разрушил Термон, Ајтолците одлучиле да склучат сепаратен мир. Овие успеси несомено ја завцрстиле македонската позиција во Хелада и позицијата на Филип како хегемон на Симахијата, но тие биле постигнати по цена на откажување од освојувачките планови во Илирија. Кога, по склучувањето на мирот со Ајтолија тој конечно бил слободен повторно да го сврти вниманието кон Илирија, веќе и Рим бил во можност да испрати позначителни сили во регионот. Во настанатата пат-позиција и двете страни биле подготвени за мир, што бил постигнат на преговорите во Фојника во 205 г. ст.е. Со оглед на вложените средства, време и жртви, ваквиот исход најверојатно претставувал разочарување за Филип. Зашто, иако успеал да задржи дел од освоените територии, а со тоа и да ја подобри стратешката позиција на Македонија кон Илирија, во суштина илирскиот проблем не бил решен, а Скердилаида, односно Плеурат ја задржале власта и останале потенцијална опасност за Македонија. Истовремено, мирот во Фојника означувал и крај на амбициите на Филип на запад, зашто сега сферите на интерес и влијание меѓу Рим и Македонија биле јасно дефинирани.

*По разочарувачките резултати од западната политика, Филип се свртува кон истокот, каде кризата што го зафатила лагидското кралство отварала низа можности за експанзија на Македонија.* Со таа цел, Филип минува неколку години во подготовки за започнување на поморска кампања во Егејот; подготовки што опфаќале превентивни походи во Илирија, Дарданија и Тракија, но и собирање на средства за екипирање на новата флота, што биле собирани благодарение на гусарските активности на Дикајарх, кој бил во служба на македонскиот крал. Како главен противник во овој период се појавува Родос, кој повеќе од било кој друг се стремел кон зачувување на постоечката ситуација во Егејот, поради што, уште пред да ја започне својата кампања, Филип се обидел да ја ослабе родоската флота и тоа преку испраќање помош на сојузниците на Крит кои војувале против Родос, а можеби и со

испраќањето на Хераклејд со задача да ги уништи родоските пристаништа и бродови.

Но, уште пред да биде подготвен за започнување на кампањата, на сцената се појавил и Антиох III, кој имал исто толку големи амбиции како и Филип, но за разлика од него, имал и поголеми успеси зад себе. Иако ваквиот развој не бил сосема неочекуван, во секој случај дополнително ја искомплицирал и онака заплетканата ситуација. Соочен со дилемата да ги помогне Лагидите против Антиох, или пак заедно со Антиох да го распарчи лагидското кралство, Филип ја избрал втората можност. Ова довело до склучувањето на злогласниот договор меѓу кралевите за распределба на лагидските територии. За жал, од изворите не може со сигурност да се утврдат точните одредби од договорот; но се чини дека во секој случај, било замислено целосно уништување на лагидската држава, при што било предвидено и заедничко дејствување.

*Склучувањето на договор со Антиох не нудел гаранција за долгорочна безбедност за Филип и македонските позиции во Егејот, поради што кога конечно ја започнал својата источна кампања (202 г. ст.е.), неговите активности, колку што биле насочени против Египет, исто толку, ако не и повеќе, биле индиректно насочени против Антиох.* Затоа и не изненадува што две од трите години (202 и 200 г. ст.е.), колку што траела источната кампања, ги минал по трако-македонското крајбрежје и Пропонтида, односно приодите од Азија во Европа. Единствено во 201 г. ст.е., Филип се упатил кон Мала Азија, односно Карија, што најверојатно би требало да се сфати како остаток од првичниот план, што бил создаден пред појавата на Антиох. Иронијата е во тоа што, наспроти кампањите по трако-македонското крајбрежје, каде постигнал значителни успеси, токму во текот на кампањата во 201 г. ст.е. Филип претрпел сериозни загуби, а постигнатите резултати биле од сомнителна вредност. Навистина, во Карија била формирана пространа стратегија, но во ситуација кога Филип немал таласократија во Егејот, овој успех мора да се оцени само како делумен. Згора на тоа, не само што претрпел сериозни загуби во битката кај Хиос, туку поради веќе очигледните амбиции, а истовремено и невнимателната дипломатија, против Филип била формирана коалиција предводена од Родос и Пергам. Како Филип планирал да излезе на крај со новонастанатата ситуација, не може да се каже, зашто во меѓувреме, сосема неочекувано бил соочен со нов проблем. Имено, токму Родос и Пергам испратиле пратеништва кај Сенатот со молба Рим да се вклучи во војната

против Филип. По пристигнувањето на римските легии на Балканот, продолжувањето на источната експанзија не доаѓало во предвид, а Филип морал сите сили да ги сконцентрира за одбрана на сопствената земја.

*Како што може да се забележи, историските околности навистина не му биле наклонети на Филип; но да се земат околностите како главен фактор за неговите неуспеси не само што би било поедноставување, туку и би значело главните причини да се бараат на погрешно место.* Зашто, во крајна линија, ако Филип бил жртва на околностите, тогаш тој доброволно одбрал да биде тоа. Со други зборови, тоа што условите не биле сосема поволни, не значи и дека Филип бил условен да постапи така како што постапил.

Всушност, ако се бара една обединувачка особина во политиката на Филип, тоа секако е неговото постојано потценување на опасностите и предизвиците што стоеле на патот на исполнување на неговите планови. Имено, иако правилно ги проценувал потенцијалните закани за Македонија, истовремено и погрешно ја проценувал ситуацијата на теренот. Во Илирија, не само што го потценил Скердилаида, туку и сосема погрешно ги протолкувал римските интереси во регионот. Навистина, во меѓувреме започнала II Пунска војна, но со оглед на неодамнешната одлучна интервенција на Рим против Деметриј од Фарос, легитимно е да се постави прашањето како точно Филип го замислувал покорувањето на Илирија без интервенција од Рим. Идејата дека Филип очекувал Рим да биде целосно окупиран во војната со Ханибал не е до крај убедлива, ако со земе предвид дека и самиот постојано испитувал каде е римската флота. Со други зборови, бил сосема свесен дека постои реална опасност од вмешување на Рим. Промашувањето е уште поочигледно во текот на источната кампања, каде поради тоа што не презел никакви дипломатски чекори, на крајот морал да се соочи со коалиција што се покажала доволно способна да го запре неговото ширење во Мала Азија. Навистина, договорот со Антиох бил гаранција дека селевкидскиот владетел нема да биде пречка, но истовремено сосема заборавил на регионалните сили и нивните интереси, а во прв ред Родос. Може да се шпекулира каков би бил исходот, ако Филип се обидел најпрво да се договори со Родос, како што подоцна ќе направи Антиох. Згора на тоа, сосема заборавил на Пергам и интересите на Атал. Навистина, Филип и Атал биле непријатели во I Македонска војна, а нивните интереси се вкрстувале во повеќе области, но како што покажува токму соработката меѓу Родос и Пергам, дури и непријателите може да соработуваат барем краткорочно заради заеднички непосредни цели. Запоставувањето на дипломатијата,

односно фактот што воопшто и не се обидел да постигне некаков договор барем со некоја од регионалните сили, Филип наскоро скапо ќе го плати.

*Според тоа, кај Филип може да се забележи отсуство на самовздржаност и чувство да се избере вистинскиот момент за дејствување.* Парадоксално, токму оние карактеристики што го краселе неговиот идол Филип II, отсуствуваат кај Филип V. Скердилаида несомнено претставувал закана, но прашање е дали бил доволно голема закана за да се оправда обидот за освојување на Илирија, а со тоа и да се предизвика Рим. Исто така, иако поради слабеењето на Лагидите и појавувањето на Антиох, било неопходно Филип да се посвети на состојбите на истокот, прашање е дали во тие услови го одбрал вистинскиот пат. Може да се претпостави дека ако Филип се ограничел на активности по трако-македонското крајбрежје, Родос и Пергам воопшто и не би влегле во судир со него, или барем не заеднички. Но, желбата за максимално искористување на моменталната слабост на Лагидите била преголема, а на крајот токму тоа и ќе го соочи Филип со предизвици и проблеми од кои нема да може да се извлече.

Ова е до толку поочигледно ако се земе предвид уште еден елемент што е типичен за сите потфати на Филип, а тоа е неможноста и покрај сите почетни успеси да го зададе конечниот удар. Имено, и покрај сите успеси на крајот тој не можел целосно да ги порази Ајтолците; слично и во Илирија, се добива впечаток дека му недостигала сила за да ја заврши работата; слично и на истокот, тој можел да ја пустоши територијата на Пергам, или да ја освојува родоската пераја, но едноставно не располагал со доволно сили за директно да им се закани. На некој начин, ова нè навраќа на старото прашање за воените потенцијали на Македонија во хеленистичкиот период; односно во колкава мера подоцнежните кралеви морале да ја платат цената на експлоатацијата на човечките потенцијали од страна на Александар III, какви биле загубите во текот на келтската навала, во колкава мера емиграцијата на исток се одразила врз Македонија и тн. Се разбира ова не е прилика за анализа на проблемот. Тоа што е сосема јасно е дека амбициите на Филип ги надминувале неговите средства и можеби токму во тоа и треба да се бара една од клучните причини за неговиот неуспех. Ова е до толку поголема трагедија за Македонија, ако се земе предвид дека во подоцнежните години од своето владеење Филип ќе се покаже како одличен организатор, кој на својот син ќе му остави кралство што и во поглед на финансиите и на човечките ресурси било многу посилно од кралството што самиот го наследил. Но, до тој момент веќе било предоцна.

Може само да се прашуваме како би изгледало владеењето на Филип, ако наместо дури во последната деценија од своето владеење, уште во првите години се посветел на консолидација и зацврстување на Македонија.

КРАТЕНКИ:

| | |
|---|---|
| *ABSA* | *The Annual of the British School at Athens*, 1894-. |
| *AJPh* | *The American Journal of Philology*, 1880-. |
| *AM* | *Archaia Makedonia*, Proceedings of the International Symposia on Ancient Macedonia, Thessaloniki, 1970-. |
| *(B)CAM* | J. ROISMAN & I. WORTHINGTON (eds.), *Blackwell Companion to Ancient Macedonia*, Malden-Oxford-Chichester, 2010. |
| *BCH* | *Bulletin de correspondance hellénique*, 1877-. |
| *(B)CHW* | A. ERSKINE (ed.), *Blackwell Companion to the Hellenistic World*, Malden-Oxford-Victoria, 2003. |
| *CAH* | *The Cambridge Ancient History*. |
| *CAH*² | *The Cambridge Ancient History 2nd edition*. |
| *CPh* | *Classical Philology*, 1906-. |
| *CQ* (n.s.) | *The Classical Quarterly (new series)*, 1907-. |
| *CR* (n.s.) | *The Classical Review (new series)*, 1887-. |
| *Ep. Anat.* | *Epigraphica Anatolica: Zeitschrift für Epigraphik und historische Geographie Anatoliens*, 1983-. |
| *FGrH* | F. JACOBY, *Die Fragmente der griechischen Historiker*, Berlin-Leiden, 1923-1958. |
| *FHG* | C. MÜLLER, *Fragmenta Historicorum Graecorum*, Paris, 1841-1870. |
| *HCP I-III* | F. W. WALBANK, *A Historical Commentary on Polybius*, 3 vols., Oxford, 1957-79. |
| *Historia* | *Historia: Zeitschrift für Alte Geschichte*, 1950-. |
| *JHS* | *The Journal of Hellenic Studies*, 1880-. |
| *JRS* | *The Journal of Hellenic Studies*, 1911-. |
| *LSJ*⁹ | H. G. LIDDELL & R. SCOTT, *A Greek-English Lexicon*⁹, revised and augmented by H. S. JONES & R. MCKENZIE, Oxford, 1996. |
| *MRR I* | BROUGHTON T. R. S., *The Magistrates of the Roman Republic*, vol.1 (509 B.C.-100 B.C.), New York, 1951. |
| *OCD*³ | S. HORNBLOWER & A. SPAWFORTH (eds.),*The Oxford Classical Dictionary*³, Oxford, 1996. |

| | |
|---|---|
| *OLD* | *Oxford Latin Dictionary*, Oxford, 1968. |
| *RE* | A. PAULY, G. WISSOWA, W. KROLL, *Realencyclopädie der classischen Altertumswissenschaft*, Stuttgart, 1893-. |
| *REA* | *Revue des Études Anciennes*, 1899-. |
| *REG* | *Revue des Études grecques*, 1882-. |
| *TAPA* | *Transactions of the American Philological Association*, 1869-. |
| *ZPE* | *Zeitschrift für Papyrologie und Epigraphik*, 1967-. |

## Користена литература:

### 1. Извори:

#### *а) Литературни:*

*Anthologia Palatina*: *The Greek Anthology*, with an english translation by W. R. Paton, 5 vols. (Loeb Classical Library), London-New York, 1920.

Appianus: *Appian's Roman history*, greek text and facing english translation by H. White, 4. vols. (Loeb Classical library), London, 1972.

Athenaei, *Deipnosophistae*, e recognotione A. Meineke, 4 vols., Lipsiae, 1867.

Cassius Dio, *Historiae Romanae*, (TLG).

Cicero Marcus T., *De Republica* (PHI Latin Corpus).

Diodorus Siculus: *Diodorus of Sicily in Twelve Volumes*, greek text and facing english translation by C. H. Oldfather, (Loeb Classical library), London, 1967.

Euripides, *Supplices*, (TLG).

Eutropius, *Breviarum ab urbe condita*, (TLG).

Florus Anius, *Epitomae de Tito Livio Bellorum Omnium Annorum DCC libri duo*, (PHI Latin Corpus).

Flavii Iosephi, *Opera*, recognovit B. Niese, Berolini 1888-1895.

Frontinus, *The Strategems and The Aqueducts of Rome*, latin text and facing english translation by C. E. Benett, (Loeb Classical library), London, 1925.

Herodotus, *Historiae*, (TLG).

Hermippus Berytius, *in FHG*.

Isocrates, *Philippus (orat*. 5), (TLG).

Joannis Antiochiocheni, *in FHG*.

Justinus M. Junianus, Abrégé des *Histoires Philippiques* de Trogue Pompée, texte établi et traduit par Marie-Pierre Arnaud-Lindet (en ligne), 2003.

@ http://www.forumromanum.org/literature/justin/index.html

Livius T., *Ab Urbe Condita*. (PHI Latin Corpus).[1]

Orosius Paulus, *Historiae adversum paganos*, (ed. C. Zangmeister, Leipzig, 1889).

Pausanias, *Graeciae Descriptio*, recognovit F. Spiro, Lipsiae, 1903.

Photius, *Bibliotheca*, (TLG).

Plautus Titus M., *Stichus*, (PHI Latin Corpus)

Plinius Secundus, *Naturalis Historia*, (TLG).

Plutarch: *Plutarch's Lives*, greek text and facing english translation by B. Perrin, 11 vols. (Loeb Classical library), London, 1914-6.

Plutarch: *Plutarch's Moralia*, greek text and facing english translation, 16 vols., (Loeb Classical library), London, 1986.

[1] Со оглед на тоа што едициите на текстот на Ливиј најчесто опфаќаат само по неколку книги, во оваа прилика би претставувало оптоварување да се набројуваат сите изданија. Списоци на најважните изданија се дадени во сите преводи што ги наведувам во следниот оддел.

Polyaeni, *Strategematon libri octo*, ex recensione E. Woelfflin, iterum recensvit I. Melber, Lipsiae, 1887.

Polybius, *Historiae*, edidit T. Bvettner-Wobst, editio stereotypa editionis, 5 vols. Stvtgardiae, 1963-1995.

Porphirius, *in FGrH*.

Seneca Lucius A., *Epistulae Morales ad Lucilium*, (PHI Latin Corpus).

Stephanus Byzantinus, *Ethica*, (ed. A. MEINEKE, Berlin, 1849).

Stobaeus, *Anthologium* (TLG).

Strabo, *Geographica*, (TLG).

Thucydides, *Historiae*, (TLG).

Zonaras, *Epitome historiarum*, (TLG).

### *а.1) Преводи:*

AUSTIN M. M. (2006): *The Hellenistic World from Alexander to the Roman Conquest (sources in translation)*², Cambridge.

BAGNALL R. S. & DEROW P. (2004): *The Hellenistic period: Historical Sources in Translation*², Malden-Oxford-Victoria.

BURSTEIN S. M. (1985): *The Hellenistic Age from the battle of Ipsos to the death of Cleopatra VII*, Cambridge.

Јустин, *Филиповата историја*, превод Љ. Басотова, Скопје, 2000.

Livy, *Hannibal's War (Books Twenty-One to Thirty)*, translated by J. C. Yardley with Introduction and notes by D. Hoyos, Oxford, 2006.

Livy, *The Dawn of the Roman Empire (books Thirty-One to Forty)*, translated by J. C. Yardley with Introduction and notes by W. Heckel, Oxford, 2009.

Плутарх, *Напоредни животописи: Ликови од историјата на древна Македонија*, превод В. Саракински, коментари Н. Проева, Скопје, 2008.

Полибије, *Историје*, I-II, (предговор, превод и коментар М. РИЦЛ), Нови Сад, 1988.

Polybius, *The Histories of Polybius*, Loeb Classical Library, 6 volumes, Greek texts and facing English translation: Harvard University Press, 1922-1927. Translation by W. R. Paton.

### *б) Епиграфски:*

| | |
|---|---|
| *BE* | *Bulletin épigraphique* |
| *IC* | GUARDUCCI. M., *Inscriptiones Creticae*, 4 vols., Roma, 1935-1950. |
| *IG* | *Inscriptiones Graecae*, Berlin, 1873-. |
| *I. Ilion* | FRISCH P., *Die Inschriften von Ilion*, Bonn, 1975. |
| *ISE* | MORETTI L., *Iscrizioni storiche ellenistiche,* 3 vols, Firenze, 1967-2001. |
| *I. Stratonikeia* | ŞAHIN Ç., *Die Inschriften von Stratonikeia, 3 vols., 1981-1990, Bonn.* |

| | |
|---|---|
| *Labraunda* | McCabe D. F., *Labraunda Inscriptions. Texts and List.* «The Princeton Project on the Inscriptions of Anatolia», The Institute for Advanced Study, Princeton (1991). Packard Humanities Institute CD #7, 1996. |
| *OGIS* | Dittenberger W., *Orientis Graeci Inscriptiones Selectae*, 2 vols, Leipzig 1903-1905. |
| *RC* | Welles C. B., *Royal Correspondence in the Hellenistic Period. A Study in Greek Epigraphy*, London, 1934. |
| *SEG* | *Supplementum Epigraphicum Graecum*, Leiden-Amsterdam, 1923-. |
| Sherk 1969 | Sherk R. K., *Roman documents from the Greek East. Senatus consulta and epistulae to the age of Augustus*, Baltimore, 1969. |
| *Syll.*[3] | Dittenberger W., *Sylloge inscriptionum graecarum*[3], eds. F. H. von Gaertringen, J. Kirchner, H. R. Pomtow & E. Ziebarth, 4 vols., Leipzig 1915-1924. |

*в) Нумизматички:*

Драганов Д. (2001): *Монетите на македонските царе, част 2 (От Филип III Аридей до Персей)*, Ямбол.

Head B.V. (1911): *Historia Numorum. A Manual of Greek Numismatics*[2], Assisted by G. F. Hill, G. MacDonald & W. Wroth, Oxford.

Hill G. F. (1906): *Historical Greek coins*, London.

Mørkholm O. (1991): *Early Hellenistic Coinage. From the Accession of Alexander to the Peace of Apamaea (336-188 B.C.)*, edited by P. Grierson & U. Westermark, Cambridge.

Thompson M., Mørkholm O. & Kraay C. M., *An Inventory of Greek Coin Hoards*, New York, 1973 [*IGCH*].

2. Стручна литература: *

Abel K. (1967): „Der Tod des *Ptolemaios* IV Philopator bei Polybios“, *Hermes* 95: 72-90.

Adams W. L. (1993): „Philip V, Hannibal and the Origins of the First Macedonian War“, *AM* 5: 41-50.

Ager S. L. (1991): „Rhodes: The Rise and Fall of a Neutral Diplomat“, *Historia* 40.1: 10-41.

_____ (1996): *Interstate Arbitrations In The Greek World, 337-90 B.C.*, Berkeley-Los Angeles-Oxford.

_____ (2003): „An Uneasy Balance: from the Death of Seleukos to the Battle of Raphia”, *in (B)CHW*: 35-50.

Alonso-Núñes J. M. (1987): „An Augustan World History: The “Historiae Philippicae” of Pompeius Trogus“, *G&R* (s.s.), 34.1:56-72.

* Трудовите обележани со * не ми беа непосредно достапни; кај оние одредници каде е наведено само името на авторот и насловот на списанието, станува збор за прикази.

AMPELA A. (1998): *Rome and Ptolemaic Egypt: The Development of their Political Relations, 273–80 BC.* Helsinki.

ANDERSON J. K. (1967): „Philopoemen's Reform of the Achaean Army“, *CPh* 62.2: 104-6.

APERGHIS G. G. (2004): *The Seleukid royal economy. The Finances and Financial Administration of the Seleukid Empire,* Cambridge.

ASTIN A. E. (1968): „Politics and Policies in the Roman Republic“, Inaugural Lecture, Queen's University. Belfast.

AUSTIN M. M. (1986): „Hellenistic Kings, War, and the Economy“, *CQ* 36: 450–66.

BADIAN E. (1952): „Notes on Roman Policy in Illyria (230-201 B.C.)“, *Papers of the British School at Rome* 20: 72-93.

_____ (1958): *Foreign Clientelae (264-70 B.C.),* Oxford.

_____ (1958a): „Aetolica.“ *Latomus* 17: 197–211.

_____ (1959): „Rome and Antiochus the Great: A Study in Cold War“, *CPh* 54.2: 81-99.

_____ (1960): „Philip V and Illyria: A Reply“, *CPh* 55.3: 182-86.

BAGNALL R. S. (1975): „Ptolemaic Foreign Correspondence in P.Tebt. 8,“ *Journal of Egyptian Archaeology* 61: 168-80.

_____ (1976): *The Administration of the Ptolemaic possesions outside Egypt*, Leiden.

BALDSON J. P. V. D. (1953): „Some Questions about Historical Writing in the Second Century B. C.“, *CQ* 3.3/4: 158-64.

BALDSON J. P. V. D. (1954): „Rome and Macedon, 205–200 bc.“, *JRS* 44: 30–42.

BARON C. A. (2013): *Timaeus of Tauromenium and Hellenistic Historiography*, Cambridge.

BARRÉ M. L. (1983): *The God List in the Treaty between Hannibal and Philip V of Macedon*, Baltimore.

BEAN G. E. (1953): „Notes and Inscriptions from Caunus“, *JHS* 73: 10-35.

БЕЛИКОВ А. П. (2003): Рим и эллинизм: проблемы политических, экономических и куль-турных контактов, Ставрополь.

BELOCH K. J. (1902): „Das Reich der Antigoniden in Griechenland“, *Klio* 2: 26-35.

_____ (1925): *Griechische Geschichte*², bd.4.1., Berlin-Leipzig.

_____ (1927): *Griechische Geschichte*², bd.4.2., Berlin-Leipzig.

BENGTSON H. (1962): „Neues zur Geschichte des Hellenismus in Thrakien und in der Dobrudscha“, *Historia* 11.1: 18-28.

_____ (1971): *Die Inschriften von Labranda und die Politik des Antigonos Doson*, München.

BERTHOLD R. M. (1975): „Lade, Pergamum and Chios: Operations of Philip V in the Aegean“, *Historia* 24.2: 150-63.

_____ (1975/6): „The Rhodian Appeal to Rome in 201 B.C.“, *The Classical Journal* 71.2: 97-107.

_____ (1984): *Rhodes in the Hellenistic Age*. Ithaca.

BEVAN E. R. (1902): *House of Seleucus,* vol.2, New York.

_____ (1927): *The House of Ptolemy*, London.

BICKERMANN E. (1932): „Bellum Antiochicum“, *Hermes* 67.1: 47-76.

_____ (1940): „L'Avènement de Ptolémée V Épiphane“, *Chron. Ég*.: 124-31.

_____ (1944): „An Oath of Hannibal“, *TAPA* 75: 87-102.

_____ (1945): „Bellum Philippicum: Some Roman and Greek Views concerning the Causes of the Second Macedonian War“, *CPh* 40.3: 137-48.

_____ (1952): „Hannibal's Covenant“, *AJPh* 73.1: 1-23.

_____ (1985): *Государство селекидов*, Москва.

BILLOWS R. A. (1990): *Antigonos the One-Eyed and the Creation of the Hellenistic State*, Berkeley-Los Angeles-Oxford.

BLÜMEL W. (2000): „Ein rhodisches Dekret aus Bargylia“, *Ep. Anat.* 32: 94–6.

BORZA E. N. (1982): „The Natural Resources of Early Macedonia“, *in* W. L. ADAMS and E. N. BORZA (eds.) *Philip II, Alexander the Great and the Macedonian Heritage*, Washington: 1-20.

_____ (1987): „Timber and Politics in the Ancient World: Macedon and the Greeks“,*Proceedings of the American Philosophical Society* 131.1: 32-52.

BOSWORTH A. B. (1988): *Conquest and Empire: The Reign of Alexander the Great*, Cambridge.

BOUSQUET J. (1961): „Inscription hellenistique de Dalmatie“, *BCH* 85: 589-600.

*BRACCESI L. (1977): Grecità adriatica, Bologna.

BRISCOE J. (1966): *CR (n.s.)*: 98-100.

_____ (1973): *A Commentary on Livy, Books XXXI–XXXIV*, Oxford.

_____ (1978): „The Antigonids and the Greek States, 276-196 B.C.“, *in* P. D. A. GARNSEY & C. R. WHITTAKER (edd.), *Imperialism in the Ancient World*, Cambridge: 145-57.

_____ (1981): *A Commentary on Livy: Books XXXIV-XXXVII*, Oxford.

_____ (1989): „The Second Punic War“, *in CAH*² VIII: 44-80.

BRULÉ P. (1978): *La piraterie crétoise hellénistique*, Paris.

BUCKLER J. & BECK H. (2008): *Central Greece and the politics of power in the fourth century BC*, Cambridge.

*BURTON P. (2003): „*Clientela* or *Amicitia*? Modeling Roman International Behavior in the Middle Republic (246–146 bc)“, *Klio* 85: 333–69.

BURY J. B. (1930): „Darwinism and History“, *in* H. TEMPERLEY (ed.): *Selected Essays of J. B. Bury*, Cambridge: 23-42.

_____ (1930a): „Cleopatra’s nose“, *in* H. TEMPERLEY (ed.): *Selected Essays of J. B. Bury*, Cambridge: 60-8.

_____ (1932): *The Idea of Progress*, New York.

BURY J. B. & MEIGGS R. (1975): *A History of Greece*⁴, New York.

CABANES P. (1976): *L'Épire de la mort de Pyrrhos à la conquête romaine (272-167 av J.C.)*, Paris.

_____ (1996): *За Илирите од Бардилис до Гентиј IV-II в. п.н.е.*, Скопје.

CARTLEDGE P. & SPAWFORTH A. (2005): *Hellenistic and Roman Sparta, a tale of two cities*², London-New York.

CARY M. (1932): *A History of the Greek World 323-146 BC*, New York.

CARY M. & SCULLARD H. H. (1975): *A History of Rome*³, New York.

CASSON L. (1954): „The Grain Trade of the Hellenistic World“, *TAPA* 85: 168-87.

CASSON L. (1995): *Ships and Seamanship in the Ancient World*², Baltimore-London.

CHAMPION C. (1997): „The Nature of Authoritative Evidence in Polybius and Agelaus’ Speech at Naupactus“, *TAPA* 127: 111-28.

_____ (2004): *Cultural Politics in Polybius’s Histories*. Berkeley and Los Angeles.

CLARYSSE W. (1978): „Notes de prosopographie thébaine, VII: Hugonaphor et Chaonnophris, les derniers pharaons indigènes“, *Chron. Ég.* 53: 23–53.

COATES J. F. (2004): „The Naval Architecture and Oar Systems of Ancient Galleys“, *in* R. GARDINER (ed.), *Age of the Galley: Mediterranean Oared Vessels since pre-Classical Times*, New Jersey 127–141.

COHEN G. M. (1996): *The Hellenistic Settlements in Europe, the Islands, and Asia Minor*, Berkeley-Los Angeles-Oxford.

*COLIN G. (1905): *Rome et la Grèce de 200 à 146 avant Jésus Christ*, Paris.

COOK J. M. (1946): „Archaeology in Greece , 1945-1947“, *JHS* 66: 108-121.

COPPOLA A. (1993): *Demetrio di Faro*, Rome.

CRAWFORD M. H. (1992): *The Roman Republic*², London.

DEININGER J. (1973): „Bemerkungen zur Historizität der Rede des Agelaos, 217 v. Chr.“, *Chiron* 3 :103-8.

ДЕЛЕВ П. (2004): *Лизимах*, София.

DELL H. J. (1967): „The Origin and Nature of Illyrian Piracy“, *Historia* 16: 344-58.

_____ (1967a): „Antigonus III and Rome“, *CPh* 62.2: 94-103.

_____ (1970): „Demetrius of Pharus and the Istrian War“, *Historia* 19: 30-38.

_____ (1970a): „The Western Frontiers of the Macedonian Monarchy“, *AM* 1: 115-26.

_____ (1977): „Macedon and Rome: The Illyrian Question in the Early Second Century bc.“, *AM* 2: 305-15.

DEROW P. S. (1973): „Kleemporos“, *Phoenix* 27: 118-134.

_____ (1976): „The Roman Calendar, 218–191 bc.“, *Phoenix* 30: 265–81.

_____ (1979): „Polybius, Rome, and the East“, *JRS* 69: 1–15.

_____ (1984): *JRS* 74: 231-35.

_____ (1991): „Pharos and Rome“, *ZPE* 88: 261–70.

_____ (2003): „The Arrival of Rome: From the Illyrian Wars to the Fall of Macedon“, *in (B)CHW*: 51-70.

DE SANCTIS G. (1916): *Storia dei Romani*, vol.3.1., Milano-Torino-Roma.

_____ (1917): *Storia dei Romani*, vol.3.2., Milano-Torino-Roma.

_____ (1923): *Storia dei Romani*, vol.4.1., Torino.

_____ (1934): *Rivista di Filologia e di Istruzione Classica* 62: 108-9.

DE SOUZA P. (1999): *Piracy in the Graeco-Roman World*, Cambridge.

DOMIĆ-KUNIĆ A. (1993): „Gentije – Međunarodni odnosi između Ilirije, Rima i Makedonije uoči Trećeg makedonskog i Trećeg ilirskog rata“, *Opuscula archaeologica* 17.1: 205-51.

DONEV D. (2012): „Campus Argestaeus: a Landscape Frozen in Time (a field report),“ *Haemus* 1: 217-30.

DOREY T. A. (1960): „The Alleged Aetolian Embassy to Rome“, *CR* 10: 9.

DOW S. (1937): „The Egyptian Cults in Athens“, *The Harvard Theological Review* 30.4: 183-232.

DOW S. & EDSON C. F. (1937): „Chryseis; A Study of the Evidence in Regard to the Mother of Philip V“, *HSCPh* 48: 127-180.

DREYER B. (2002): „Der ‘Raubvertrag’ des Jahres 203/2 v. Chr.: Das Inschriftenfragment von Bargylia und der Brief von Amyzon“, *Ep. Anat.* 34: 119-38.

DROYSEN J. G. (1885): *Histoire de l’hellénisme* t.3, Paris.

*DUCREY P. & VAN EFFENTERRE H. (1969): „Traités attalidesavec des cités crétoises“, *Kretika Chronika* 21: 277–300.

ECKSTEIN A. M. (1994): „Polybius, Demetrius of Pharus, and the Origins of the Second Illyrian War“, *CPh* 89: 46–59.

_____ (1995): *Moral Vision in the Histories of Polybius*, Berkeley and Los Angeles.

_____ (1999): „Pharos and the Question of Roman Treaties of Alliance Overseas in the Third Century bc.“, *CPh* 94: 395–418.

_____ (2000): „Brigands, Emperors, and Anarchy“, *Int. Hist. Rev.* 22: 862–79.

_____ (2002): „Greek Mediation in the First Macedonian War (209–205 bc)“, *Historia* 52: 268–97.

_____ (2006): *Maditerranean Anarchy, Interstate War and the Rise of Rome*, Berkeley- Los Angeles-London.

_____ (2008): *Rome Enters the Greek East. From Anarchy to Hierarchy in the Hellenistic Mediterranean, 230-170 BC*, Malden-Oxford-Victoria.

EDSON C. F. E. (1934): „The Antigonids, Heracles, and Beroea“, *Harvard Studies in Classical Philology* 45: 213-46.

_____ (1948): „Philip V and Alcaeus of Messene“, *CPh* 43.2: 116-21.

_____ (1958): „Imperium Macedonicum: The Seleucid Empire and the Literary Evidence“, *CPh* 53.3: 153-170.

EDWELL P. (2011): „War Abroad: Spain, Sicily, Macedon, Africa“, *in* D. HOYOS (ed.), *A Companion to the Punic Wars*, Malden-Oxford: 320-38.

ELLIS J. R. (1994): „Macedonian hegemony created“, *CAH*² VI: 760-790.

ERRINGTON R. M. (1967): „Philip V, Aratus, and the 'Conspiracy of Apelles'“, *Historia* 16.1: 19-36.

_____ (1969): *Philopoemen*, Oxford.

_____ (1969a): *CR (n.s.)*: 165-8.

_____ (1971): „The Alleged Syro-Macedonian Pact and the Origins of the Second Macedonian War“, *Athenaeum* 49: 336–54.

*_____ (1972): *The Dawn of Empire*, London.

_____ (1986): „Antiochos III., Zeuxis und Euromus“, *Ep. Anat.* 17: 1–8.

_____ (1989): „Rome and Greece to 205 bc.“, *in CAH*² VIII: 81-106.

_____ (1989a): „Rome against Philip and Antiochus“, *in CAH*² VIII: 244-89.

_____ (1989b): „The Peace Treaty between Miletus and Magnesia (*I. Milet.* 148)“, *Chiron* 19: 279–88.

_____ (1990): *A History of Macedonia*, Berkeley-Los Angeles-Oxford.

_____ (2008): *A History of the Hellenistic World*, Malden-Oxford-Victoria.

ERSKINE A. (2001): *Troy between Greece and Rome: Local Tradition and Imperial Power*, Oxford.

EVANS A. J. (1880): „On some recent discoveries of Illyrian coins“, *Num. Chron. n.s.* 20: 269-302.

*FERRABINO A. (1921): *Il problema della unità nazionale nella Grecia antica vol. 1 - Arato di Sicione e l'Idea federale*, Roma.

FERGUSON W. S. (1911): *Hellenistic Athens. An Historical Essay*, London.

_____ (1948): „Demetrius Poliorcetes and the Hellenic League“, *Hesperia* 17.2: 112-36.

*FERRARY J. L. (1988): *Philhellénisme et impérialisme: Aspects idéologiques de la conquête romaine du monde hellénistique*, Rome.

FINE J. V. A. (1932): „The Problem of Macedonian Holdings in Epirus and Thessaly in 221 B.C.“, *TAPA* 63: 126-55.

_____ (1936): „Macedon, Illyria, and Rome, 220-219 B.C.“, *JRS* 26.1: 24-39.

_____ (1940): „The Background of the Social War of 220-217 B. C.“, *AJPh* 61.2: 129-65.

FRASER P. M. (1953): *pt.2 in* RÖNNE T. and FRASER P. M., A Hadra-Vase in the Ashmolean Museum, *Journal of Egyptian Archaeology* 39: 84-94.

FRASER P. M. & MCDONALD A. H. (1952): „Philip V and Lemnos“, *JRS* 42: 81-3.

FREEMAN E. A. (1893): *History of federal government in Greece and Italy*[2] (ed. J. B. Bury), London-New York.

FRONDA M. P. (2011): „Hannibal: Tactics, Strategy, and Geostrategy“, *in* D. HOYOS (ed.), *A Companion to the Punic Wars*, Malden-Oxford: 242-59.

GABBA E. (1987): *Athenaeum* 65: 205-10.

GABBERT J. J. (1997): *Antigonus II Gonatas. A Political Biography*, London-New York.

GELZER M. (1933): „Mische Politik bei Fabius Pictor“, *Hermes* 68.2: 129-66.

GOLAN D. (2000): „The Qualified Praise Decree of Kephisodoros and Historiography“, *ZPE* 131: 227-30.

GOLDSTEIN D. S. (1977): „J. B. Bury's Philosophy of History: A Reappraisal“, *The American Historical Review* 82.4: 896-919.

GRAINGER J. D. (1996): „Antiochos III in Thrace“, *Historia* 45.3: 329-43.

_____ (1997): *A Seleukid Prosopography and Gazetteer*, Brill.

_____ (1999): *The league of the Aitolians*, Leiden-Boston-Köln.

_____ (2007): *Alexander the Great Failure. The Collapse of the Macedonian Empire*, London-New York.

GREEN P. (1990): *Alexander to Actium. The Historical Evolution of the Hellenistic Age*, Berkeley-Los Angeles.

GREENWALT W. S. (2010): „Macedonia, Illyria and Epirus“, *in (B)CAM*: 279-305.

GRIFFITH G. T. (1935): *The mercenaries of the Hellenistic World*, Cambridge.

_____ (1979): „part two“ *in* N. G. L. Hammond & G. T. Griffith, *A History of Macedonia,* vol. II, Oxford.

GRUEN E. S. (1972): „Aratus and the Achaean Alliance with Macedon“, *Historia* 21.4: 609-625.

_____ (1981): „Philip V and the Greek Demos“, *in* H. J. DELL (ed.), *Ancient Macedonian* Studies *in Honour of Charles F. Edson*, Thessalonika: 169-182.

_____ (1984): *The Hellenistic world and the coming of Rome*, Berkeley-Los Angeles-London.

_____ (1990): *Studies in Greek Culture and Roman Policy*. Leiden.

_____ (1990a): *CPh* 85.4: 324-29.

HABICHT C. (1990): „Athens and the Attalids in the Second Century B. C.“, *Hesperia* 59.3: 561-77.

_____ (1992): „Athens and the Ptolemies“, *Classical Antiquity* 11.1: 68-90.

_____ (1997): *Athens from Alexander to Antony*, Harvard.

_____ (2006) [1970]: „Epigraphic Evidence for the History of Thessaly under Macedonian Rule“ *in* HABICHT 2006: 59-73.

_____ (2006): *The Hellenistic Monarchies: selected papers*, Ann Arbor.

*HACKENS T. (1970): „L'influence rhodienne en Crète aux IIIe et IIe s. av. J.-C. et le trésor de *Gortyne*, 1966“, *Rev. Bel. Num.* 116: 37-58.

HALLWARD B. L. (1930): „The Roman Defensive“, *in CAH* VIII: 57-82.

HAMMOND N. G. L. (1966): „The Opening Campaigns and the Battle of the Aoi Stena in the Second Macedonian War“, *JRS* 56: 39-54.

_____ (1967): *Epirus*, Oxford.

_____ (1968): „Illyris, Rome and Macedon in 229-205 B.C.“, *JRS* 58.1-2: 1-21.

_____ (1972): *A History of Macedonia,* vol. I, Oxford.

_____ (1988): „parts one & three, & appendices 1, 5, 6, 7“ *in* N. G. L. HAMMOND & F. W. WALBANK, *A History of Macedonia*, vol. III, Oxford.

_____ (1989): „The Illyrian Atintani, the Epirotic Atintanes, and the Roman Protectorate“, *JRS* 79: 11-25.

_____ (1999): „The Roles of the Epistates in Macedonian Contexts“, *ABSA* 94: 369-75.

HARRIS W. V. (1979): *War and Imperialism in Republican Rome. 327-70 B.C.*, Oxford.

HASLUCK F. W. (1910/11): „Depopulation in the Aegean Islands and the Turkish Conquest“, *ABSA* 17: 151-81.

HATZOPOULOS M. B. (1996): *Macedonian institutions under the kings, vol.1 (a historical and epigraphic study)*, Athens.

HEINEN H. (1972): *Untersuchungen zur hellenistischen Geschichte des 3. Jahrhunderts v. Chr. Zur Geschichte der Zeit des Ptolemaios Keraunos und zum Chremonideischen Krieg*, Wiesbaden.

HEINEN H. (1984): „The Syrian-Egyptian Wars and the new kingdoms of Asia Minor“, *in* *CAH*[2] VII.1: 412-45.

HEUSS A. (1933): *Die völkerrechtlichen Grundlagen der römischen Aussenpolitik in republikanischer Zeit*, Leipzig.

HOLLEAUX M. (1899): „Trois decrets de Rhodes“, *REG* 12: 20-37.

_____ (1905): „Sur les assemblées ordinaires de la ligue aitolienne“, *BCH* 29: 362-372.

_____ (1917): „Sur la Guerre Crétoise“, *REG* 30: 88-104.

_____ (1920): „L' expédition de Philippe V en Asie en 201 av. J.-C.“, *REA* 22: 237-58.

_____ (1920a): „L'expédition de Dikaiarchos dans les Cyclades et sur l'Hellespont“, *REG* 33: 223-47.

_____ (1921): *Rome, la Grèce et les monarchies hellénistiques au IIIe siècle avant J.-C. (273-205)*, Paris.

_____ (1921a): „L' expédition de Philippe V en Asie en 201 av. J.-C. (*cont.*)“, *REA* 23: 181-212.

_____ (1923): „L' expédition de Philippe V en Asie en 201 av. J.-C. (*cont.*)“, *REA* 25: 330-66.

_____ (1928): „The Romans in Illyria“, *in CAH* VII: 822-57.

_____ (1930a): „Rome and Macedon: The Romans against Philip“, *in CAH* VIII: 138-98.

_____ (1930): „Rome and Macedon: Philip against the Romans“, *in CAH* VIII: 116-38.

HORNBLOWER S. (1991): *A Commentary on Thucydides* vol.1 (bks. I-III), Oxford.

_____ (1996): *A Commentary on Thucydides* vol.2 (bks. IV-V.24), Oxford.

_____ (1996a): „Introduction: Summary of the Papers; The Story of Greek Historiography; Intertextuality and the Greek Historians“, *in* S. HORNBLOWER (ed.): *Greek Historiography*, Oxford: 1-72.

HOYOS D. (2003): *Hannibal's dynasty: power and politics in the western Mediterranean, 247-183 BC*, New York.

HÖLBL G. (2001): *A History of the Ptolemaic Empire*, London-New York.

HUGHES S. (2008): *After the Democracy: Athens under Phocion (322/1-319/8 B.C.)*, thesis presented for the decree of Doctor of Philosophy of the University of Western Australia.

ЈОСИФОВСКА-ДРАГОЈЕВИЋ Б. (1965): „Прилог локализовања града Аргоса у Пеонији“, *Živa Antika* 15: 117-36.

JUHEL P. & SECUNDA N. (2009): „The agema and ‘the other Peltasts’ in the late Antigonid Army, and in the Drama/Cassandreia Conscription diagramma“, *ZPE* 170: 104-108.

KALLET-MARX R. (1995): *Hegemony to Empire: The Development of the Roman Imperium in the East from 148 to 62 BC*. Berkeley and Los Angeles.

KERTÉSZ I. (1993): „The Attalids of Pergamon and Macedonia", *AM* 5: 669-77.

KONTORINI V. (1983): „Rome et Rhodes au tournant de IIIe. S. av. J.C. d'après une inscription inédite de Rhodes", *JRS* 73: 24-32.

KOSMETATU E. (2003): „The Attalids of Pergamon", *in (B)CHW*: 159-74.

KROMAYER J. (1909): „Hannibal als staatsmann", *Historische Zeitschrift* 103: 237-73.

LARSEN J. A. O. (1935): „Was Greece Free between 196 and 146 bc?", *CPh* 30: 193–214.

_____ (1952): „The Assembly of the Aetolian League", *TAPA* 83: 1-33.

_____ (1958): *CPh* 53.4: 246-51.

_____ (1965): „Phocis in the Social War of 220-217 B. C.", *Phoenix* 19.2: 116-28.

LAZENBY J. F. (1987): „The Diekplous", *Greece & Rome (s.s.)* 34.2: 169-77.

LEAKE W. M. (1835): *Travels in Northern Greece*, vols.1-4, London.

LE BOHEC S. (1985): „Les Philoi des Rois Antigonides", *REG* 98: 93-124.

_____ (1993): *Antigone Dôsôn, Roi De Macédoine*, Nancy.

LERNER J. D. (1999): *The Impact of Seleucid decline on the Eastern Iranian Plateau*, Stuttgart.

LEWIS D. M. (1994): „Sicily 413-368" *in* D. M. LEWIS, J. BOARDMAN, S. HORNBLOWER & M. OSTWALD (eds.), *The Cambridge Ancient History*² VI: 120-55.

MA J. (1999): *Antiochos III and the cities of Western Asia Minor*, Oxford.

_____ (1999a): „Autour du décret d'Ilion en l'honneur d'un roi Antiochos ("OGI" 219/"I. Ilion" 32)" *ZPE* 124: 81-8.

MA J., DEROW P. S. & MEADOWS A. R. (1995): „"RC" 38 (Amyzon) Reconsidered", *ZPE* 109: 71-80.

MAGIE D. (1939): „The 'Agreement' between Philip V and Antiochus III for the Partition of the Egyptian Empire", *JRS* 29: 32-44.

_____ (1950): *Roman Rule in Asia Minor: To the End of the Third Century After Christ*, Princeton.

MARINCOLA J. (1997): *Authority and Tradition in Ancient Historiography*, Cambridge.

_____ (2001): *Greek Historians*, Oxford.

MARTIN G. (2005): „Antipater after the Lamian War: New Readings in Vat. Gr. 73 (Dexippus fr. 33)", *CQ* n.s. 55.1: 301-305.

MATTHAEI L. E. (1907): „On the Classification of Roman Allies", *CQ* 1.2/3: 182-204.

MAY J. M. F. (1946): „Macedonia and Illyria (217-167 B.C.)", *JRS* 36: 48-56.

MCDONALD A. H. M (1956): *JRS* 46: 153-57.

MCDONALD A. H. & WALBANK F. W. (1937): „The Origins of the Second Macedonian War", *JRS* 27: 180–207.

MEADOWS A. R. (1996): „Four Rhodian Decrees: Rhodes, Iasus and Philip V", *Chiron* 26: 251–66.

MEIGGS R. (1982): *Trees and Timber in the Ancient Mediterranean World*, Oxford.

MENDELS D. (1984): „Aetolia 331-301: Frustration, Political Power, and Survival", *Historia* 33.2: 129-80.

MERRITT B. D. (1936): „Greek inscriptions", *Hesperia* 5.3: 355-430.

MIJNSBRUGGE M. VAN DER (1931): *The Cretan Koinon*, New York.

МИКУЛЧИЌ И. (1976): „Убикација на Билазора", *Годишен зборник на Филозофски факултет во Скопје* 2: 149-64.

MILTSIOS N. (2013): *The Shaping of Narrative in Polybius*, Berlin-Boston.

MOMIGLIANO A. (1942): „'Terra Marique'“, *JRS* 32.1/2: 53-64.

MOORE J. M. (1965): *The Manuscript Tradition of Polybius*, Cambridge.

MØRKHOLM O. (1967): „The Speech of Agelaus at Naupactus, 217 B.C.“, *Classica et Mediaevalia* 28: 240-53.

_____ (1974): „The Speech of Agelaus, Again“, *Chiron* 4: 127-32.

MURRAY W. M. (2012): *The Age of Titans: The Rise and Fall of the great Hellenistic Navies*, Oxford.

MUSTI D. (1984), „Syria and the East“, *in CAH*[2] VII.1: 175-220.

*NIEBUHR B. G.(1820/21): Historischer Gewinn aus der armenischen Uebersetzung der Chronik des Eusebius, *Abhandlungen der Königlichen Preußischen Akademie der Wissenschaften zu Berlin; Hist.-philol.*: 37-114.

NIESSE B. (1899): *Geschichte der griechischen und makedonischen staaten seit der schlacht bei Chaeronea*, t.2 (281-188), Gotha.

NORTH J. A. (1981): „The Development of Roman Imperialism“, *JRS* 71: 1-9.

O' NEIL J. L. (2003): „The ethnic origins of the friends of the Antigonids“, *CQ* n.s. 53.2: 510-522.

OOST S. I. (1957): „Amynander, Athamania, and Rome“, *CPh* 52.1: 1-15.

_____ (1959): „Philip V and Illyria, 205-200 B.C.“, *CPh* 54.3: 158-64.

_____ (1975): *CPh* 70.3: 233.

ORMEROD H. A. (1924): *Piracy in the Ancient World*, Liverpool.

ПАНОВСКИ С. (2014): „Македонско-илирските односи кон крајот на III век ст.е.“, *во печат*.

PAPAZOGLU F. (1969): *Srednjobalkanska plemena u predrimsko doba (Tribali, Autarijati, Dardanci, Skordisci i Mezi)*, Sarajevo.

_____ (1970): „Quelques problèmes de l'histoire Épirote“, *Živa Antika* 20: 115-36.

_____ (1988): *Les villes de Macédoine a l'époque romaine*, Athènes-Paris.

_____ (2007) [1967]: „Politička organizacija Ilira u vreme njihove samostalnosti, *in* F. PAPAZOGLU, *Iz istorije antičkog balkana*, Beograd: 30-41.

PÉDECH P. (1954): „Polybiana“, *REG* 67: 391–5.

_____ (1964): *La méthode historique de Polybe*, Paris.

PETZOLD K-H: (1971): „Rom und Illyrien: Ein Beitrag zur römischen Aussenpolitik im 3. Jahrhundert“, *Historia* 20: 199-223.

PIEJKO F. (1988): „The Treaty between Antiochus III and Lysimachia: ca. 196 B.C. (With a Discussion of the Earlier Treaty with Philip V)“, *Historia* 37.2: 151-65.

PRÉAUX C. (1936): „Esquisse d'une histoire des révolutions égyptiennes sous les Lagides,“ *Chron. Eg.* 11: 522-52.

PRITCHETT W. K. (1954): „An Unfinished Inscription, *IG* II2 2362“, *TAPA* 85: 159–67.

_____ (1989): *Studies in Ancient Greek Topography*, part 6, Berkeley-Los Angeles-London.

REGER G. (1994): „The Political History of the Kyklades 260-200 B.C.“, *Historia*: 43.1: 32-69.

RICE E. E. (1984): „New ΝΙΣΥΡΙΟΙ from Physkos (Marmaris)“, *JHS* 104: 184-6.

_____ (1986): „Prosopographika Rhodiaka“, *ABSA* 81: 209-50.

*RICH J. W. (1984): „Roman Aims in the First Macedonian War“, *PCPhS* 210: 126–80.

RICH J. W. (1985): *Liverpool Classical Monthly* 10: 90-6.

ROBERT L. (1960): „Inscriptions hellénistiques de Dalmatie“, *in* L. ROBERT (ed.), *Hellenica: Recueil d'épigraphie, de numismatique, et d'antiquités grecques* XI–XII, Paris: 503–41.

ROSTOVTZEFF M. (1941): *Social and Economic History of the Hellenistic World*, vol.1-3, Oxford.

ROUSSEL D. (1969): „Remarques sur deux batailles navales : Naupacte (429) et Chios (201)“, *REG* 82: 336-41.

САДЫКОВ М. Ш. (1994): „К содержанию понятия «дипломатический кризис» (на примере карфагено-римских взаимоотношений в III в. до н.э.)“, *Методология и методика изучения античного* мира, 1994.

SAMUEL A. E. (1972): *Greek and Roman chronology: calendars and years in Classical Antiquity*, München.

SCHOLTEN J. B. (2000): *The Politics of Plunder: Aitolians and their Koinon in the Early Hellenistic Era 279-217 B.C.*: Berkeley-Los Angeles-London.

SCULLARD H. H. (1951): *Roman Politics*, Oxford.

SEAGER R. (1975): *CR* 25.1: 94-6.

SEIBERT J. (1967): *Historische beiträge zu den dynastischen verbindungen in hellenistischer zeit*, Wiesbaden.

SHERWIN-WHITE A. N. (1980): „Review: Rome the Aggressor?“, *JRS* 70: 177-81.

SHERWIN-WHITE S. & KUHRT A. (1993): *From Samarkhand to Sardis. A new approach to the Seleucid empire*, Berkeley-Los Angeles.

SHIPLEY G. (1987): *A History of Samos*, Oxford.

СИВКИНА Н. Ю (2001): „Должность Тавриона в Эллинской лиге 224 г.до н.э. “, *Античное общество IV @http://centant.spbu.ru/centrum/publik/confcent/2001-03/sivkina.htm*.

_____ (2006): „Полководческие способности Филиппа V в первых кампаниях союзнической войны“*Античный мир и археология* 12: 95-108.

_____ (2007): *Последний конфликт в независимой Греции: Союзническая война 220-217 гг. до н.э.*, Санкт-Петербург.

_____ (2007a): „Иллирийский фактор в римско-македонской «холодной войне»“, *Вестник Нижегородского университета* 1: 196-204.

STARR C. G. (1938): „Rhodes and Pergamum, 201-200 B.C.“, *CPh* 33.1: 63-8.

STAVELEY E. S. (1989): „Rome and Italy in the early third century“, *in CAH*$^2$ VII.2: 420-55.

STEINBY C. (2007): *The Roman Republican Navy. From the 6$^{th}$ century to 167 B.C.*, Helsinki.

ŠAŠEL KOS M. (2002): „From Agron to Genthius: large scale piracy in the Adriatic“, *in I Greci in Adriatico* 1: 137-55.

_____ (2007): „The Illyrian king Ballaeus – some historical aspects“, *in* BERRANGER-AUSERVE D. (ed.), Épire, Illyrie, Macédoine, Clermont-Ferrand: 125-38.

ТАЧЕВА М. (1997): *История на българските земи в древността през елинистическата и римската епоха*, София.

TARN W. W. (1913): *Antigonos Gonatas*, Oxford.

_____ (1928): „The Greek Leagues and Macedonia“, *in CAH* VII: 732-68.

_____ (1930): *Hellenistic military and naval development*, Cambridge.

_____ (1941): *JRS* 31: 172-3.

TATAKI A. B. (1998): *Ancient Beroea: Prosopography and Society*, Athens.

THOMPSON W. E. (1971): „Philip V and the Islanders“, *TAPA* 102: 615-20.

_____ (1989): „Philip V’s Peloponnesian Campaigns in the Social War“, *Rheinisches Museum für Philologie* 132: 141-48.

ULRICH H. (1898): *De Polybii fontibus rhodiis*, Lipsiae.

VALLOIS R. (1923): *Le portique de Philippe*, Paris.

VEYNE P. (1975): „Y a-t'il eu un impérialisme romain?“, *Mélanges de l'Ecole française de Rome* 87.2: 793-855.

ВУЛИЋ Н. (1934): „Први илирски рат“, *Глас српске краљевске академије* 160.(82): 40-53.

WALBANK F. W. (1933): *Aratos of Sicyon*, Cambridge.

_____ (1936): „Aratos' Attack on Cynaetha (Polybios IX, 17)“, *JHS* 56.1: 64-71.

_____ (1938): „ΦΙΛΙΠΠΟΣ ΤΡΑΓΩΙΔΟΥΜΕΝΟΣ. A Polybian Experiment“, *JHS* 58.1: 55-68.

_____ (1940): *Philip V of Macedon*, Cambridge.

_____ (1942): „Alcaeus of Messene, Philip V, and Rome“, *CQ* 36.3/4: 134-45.

_____ (1943): „Alcaeus of Messene, Philip V, and Rome (Concluded)“, *CQ* 37.1/2: 1-13.

_____ (1944): „Alcaeus of Messene, Philip V, and Rome: A Footnote (Continued)“, *CQ* 38.3/4: 87-8.

_____ (1962): „Polemic in Polybius“, *JRS* 52.1/2:1-12.

_____ (1963): „Polybius and Rome's Eastern Policy“, *JRS* 53: 1-13.

_____ (1965): *JRS* 55: 262-4.

_____ (1970): „Polybius and Macedonia“, *AM* 1: 291-307.

_____ (1972): *Polybius*, Berkeley-Los Angeles.

_____ (1975): „Symploke: its role in Polybius' Histories“, *Yale Classical Studies* 24: 197-212.

_____ (1979): „Egypt in Polybius“, *in* J. RUFFLE, G. A. GABALLA & K. A. KITCHEN (edd.), *Glimpses of Ancient Egypt: Studies in Honour of H. W. Fairman*, Warminster: 180-9.

_____ (1980): „The surrender of the Egyptian rebels in the Nile delta (Polyb. xxii.17.1–7)“, *in* *Φιλίας χάριν*: *Miscellanea di Studi Classici in Onore di Eugenio Manni*, vol. VI, Roma: 2187-97.

_____ (1981): *The Hellenistic World*, Glasgow.

_____ (1982): „Sea-power and the Antigonids“, *in* W. L. ADAMS and E. N. BORZA (eds.) *Philip II, Alexander the Great and the Macedonian Heritage*, Washington: 213-36.

_____ (1984): „Macedonia and the Greek Leagues“, *in CAH*² VII.1: 446-81.

_____ (1988): „part two & appendices 2, 3, 4“ *in* N. G. L. HAMMOND & F. W. WALBANK, *A History of Macedonia*, vol. III, Oxford.

_____ (1989): „Antigonus Doson's Attack on Cytinium“, *ZPE* 76: 184-92.

_____ (1993): „Η ΤΩΝ ΟΛΩΝ ΕΛΠΙΣ and the Antigonids“, *in AM* 5: 1721-30.

WARRIOR V. M. (1996): *The Initiation of the Second Macedonian War*, Wiesbaden.

WEHRLI C. (1969): *Antigone et Demetrios*, Genève.

WESTLAKE H. D. (1949): „The Aftermath of the Lamian War“, *CR* 63.3/4: 87-90.

WHITTAKER C. R. (1978): „Carthaginian imperialism in the fifth and fourth centuries“, *in* P. D. A. GARNSEY & C. R. WHITTAKER (edd.), *Imperialism in the Ancient World*, Cambridge: 59-90.

WIEMER H. U. (2001): „Karien am Vorabend des 2. Makedonischen Krieges“, *Ep. Anat.* 33: 1-14.

WILAMOWITZ-MOELLENDORFF U. VON (1908): *Greek historical writing and Apollo - two lectures delivered before the university of Oxford*, Oxford.

WILKES J. J. (1992): *The Illyrians*. Oxford.

WOODHOUSE W. J. (1897): *Aetolia. Its geography, topography and antiquities*, Oxford.

WORTHINGTON I. (2004): „Alexander the Great and the Greeks in 336? Another Reading of "IG" II² 329“, *ZPE* 147: 59-71.

WÖRRLE M. (1988): „Inschriften von Herakleia am Latmos, I: Antiochos III., Zeuxis und Herakleia“, *Chiron* 18: 421–76.

WILL E. (1979): *Histoire politique du monde hellénistique (323~30 av. J.-C.), t.1 De la mort d'Alexandre aux avènements d'Antiochos III et Philippe V*[2], Nancy.

_____ (1982): *Histoire politique du monde hellénistique (323~30 av. J.-C.), t.2 Des avènements d'Antiochos III et de Philippe V a la fin des Lagides*, Nancy.

ZIPPEL G. (1877): *Die römische Herrschaft in Illyrien*, Leipzig.

# СОДРЖИНА

Увод 4

I. Наследство 9

*Македонската позиција пред владеењето на Филип V* (11); *Сојузничката војна* (25); *Судбината на старата гарда* (53); *Мирот во Навпакт* (74)

II. Облакот од запад 86

*Epiploke* (87); *Студената војна* (105)

III. (Не)промислената авантура 124

*Свртувањето на запад* (125); *I Македонска војна* (155); *Дополнувања* (192)

IV. Philippus furens 209

*Источната криза* (210); *Игра на сенки* (217); *Големата офанзива* (244); Дополнувања (301)

V. Неостварените планови 322

Кратенки 338
Користена литература 340